ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“

БОЖИДАР ВИДОЕСКИ

ТЕКСТОВИ
ОД ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Скопје 2000

Редакција:

д-р *Коста Пеев*

д-р *Маријана Киш*

м-р *Убавка Гајдова*

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282(083.76)
821.163.3'282-822

ВИДОЕСКИ, Божидар
Текстови од дијалектите на македонскиот јазик
/ Божидар Видоески. – Скопје : Институт за
македонски јазик „Крсте Мисирков", 2000. –
443 стр. ; 24 см

Предговор: стр. 5–11. – Список на скратенници:
стр. 439–442

ISBN 9989-640-18-1

а) Македонски јазик – Дијалекти – Текстови

СОДРЖИНА

Предговор 5
Дијалектна диференцијација на македонскиот јазик 13
Западно наречје 43
Југоисточно наречје 177
Северни говори 389
Список на скратеници 439

ПРЕДГОВОР

Идејата за подготовка на трудот *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* е создадена како плод на долгогодишната работа врз проектот *Македонски дијалектен атлас* што се работи во Институтот за македонски јазик. Составувачот на овој труд, акад. Божидар Видоески го водеше Проектот триесет и седум години. Неговата организација и реализација се одвиваше во неколку фази: подготвителна, изработка на квестионари (проблемски и тематски) со околу 2500 поими, инструкција за теренска работа, транскрипција, избор на населени места – дијалектни пунктови, работна дијалектна карта со мрежа на пунктовите, теренски испитувања, формирање на картотека со богат дијалектен материјал од околу 350 пунктови од сета етничка Македонија и обработка на дијалектниот материјал (индекси, легенди, карти).

Основниот дијалектен материјал е собиран и сè уште се собира по пат на анкета којашто се врши според тематскиот прашалник, но Б. Видоески беше свесен дека има многу релевантни дијалектни карактеристики коишто тешко се добиваат по пат на анкета. Затоа во неговата програма за собирање дијалектен материјал беше вградена и инструкцијата за собирање дијалектни текстови – продукти на слободното раскажување на информаторите. Ваквата практика, Б. Видоески ја спроведувал уште на самите почетоци на неговите дијалектолошки истражувања на терен, од кога потекнуваат дијалектните текстови што тој ги собрал од Поречието, а кои се објавени во 1950 година во рамките на описот на *Поречкиот говор*. Кон крајот на педесеттите и почетокот на шеесеттите години Б. Видоески веќе ги има објавено трудовите *Кичевскиот говор* (1957), како и

Говорот и топонимијата на кичевските села од тајмишката група (1958), *Кумановскиот говор* (1962) и така расте бројот на монографските описи на македонските говори, како и на дијалектните текстови кои отпрвин, и предимно, Б. Видоески ги користи како фактографски материјал за дијалектолошките студии. Така почнала да се раѓа македонската дијалектна читанка, чие објавување Б. Видоески го планирал уште кога почнал да ги собира првите дијалектни текстови. Ваквата читанка, како што предвидувал авторот, освен дијалектните материјали што тој ги собирал, би содржела и избор на дијалектни текстови и од други собирачи и истражувачи на македонските говори. Така, тој насобрал еден импозантен број од 325 дијалектни текстови од 188 населби од целата етничка Македонија, од кои 112 текстови се од западното наречје, 170 од југоисточното и 43 од северното наречје. Тоа ги надминува рамките и потребите на една дијалектна читанка за студенти, како што била замислена во самиот почеток. Можеме само да жалиме дека Б. Видоески не успеа сам да го подотви уводниот дел на оваа антологија. Единствено тој можеше да подготви најцелосни стручни и полезни упатства што на проучувачот би му ја олесниле работата при читањето и толкувањето на дијалектните текстови. Единствено тој можеше да ни даде потполни и точни информации за текот на целокупната работа врз оваа книга, за мотивите да се направи овој избор и за презентирањето на македонското дијалектно богатство токму на овој начин, како и информации за литературата и увидот во ракописите кои се искористени за создавање на македонската дијалектна читанка. За жал, акад. Видоески не го дочека нејзиното објавување. Поради тоа многу технички одлуки доаѓаат од страна на редакцијата, за кои таа ја презема одговорноста. Една од ваквите одлуки е место *Увод* да ја препечатиме статијата *Дијалектната диференцијација на македонскиот јазик* во која Б. Видоески ги одбележува основните дијалектни групи на македонскиот јазик и нивните носечки карактеристики добиени според специфичниот историски развој. Ја препечатуваме и картата во која Б. Видоески ги означува границите на дијалектите на македонскиот јазик, преземајќи ги и двете работи од тротомното издание на неговиот труд *Дијалектите на македонскиот јазик* (т. 1, 1998; т. 2 и 3, 1999). Сметаме дека овие трудови ќе му бидат соодветен и доволен водич на читателот низ македонските дијалекти, претставени преку текстовите во оваа збирка, и ќе можат правилно да го насо-

чуваат при решавањето на одредени прашања кои ќе се наметнуваат во текот на проучувањето на текстовите.

Едно од прашањата кои бараат посебен редакциски коментар се однесува на разликите во транскрипцијата на дијалектните текстови. Имено, редакцијата одлучи да не врши изедначување на знаците употребени за транскрибирање на дијалектниот материјал, туку да ги презентира текстовите во нивната оригинална верзија. Разликите во транскрипцијата на дијалектните текстови се должат на фактот што во оваа збирка се влезени текстови што ги собирале истражувачи кои потекнуваат од повеќе лингвистички центри и школи, со различни традиции и навики, има и текстови што потекнуваат уште од првата половина на минатиот век, запишувани од етнолози и фолклористи кои не воделе доволно грижа за фонетскиот запис. Треба да се земе, исто така, предвид и фактот дека авторот во текот на својата долгогодишна работа врз дијалектната проблематика ги менувал и усовршувал знаците за транскрипција на дијалектниот материјал.

Редакцијата реши да реконструира и да претстави, по можност, полна информација за изворите на текстовите. За таа цел составивме список на запишувачите и на библиографските податоци за веќе објавените текстови. Од технички аспект, во самата книга, изворите се претставуваат на следниот начин. Под текстот прво е запишано името на информаторот и, во зависност од податоците со коишто располагаме, годината на раѓање или возраста на информаторот. Во заграда следува името на запишувачот и, ако има таков податок, годината во која е запишан текстот. Под оваа информација, ако е текстот претходно објавен на друго место, следува скратеница на соодветната библиографска единица. Скратениците се појаснети во *Списокот на скратници*. И покрај желбата на редакцијата да пренесе што е можно попотполна информација за изворите на текстовите, сепак се соочивме со фактот дека не успеавме да пронајдеме, ниту делумни, податоци за речиси една третина од текстовите.

При дијалектолошките истражувања на одделен говор, вообичаено е, изборот на информаторите да се врши меѓу постарите жители на местото чиј говор се проучува. Тоа се луѓе што се родени во самото место и кои не престојувале подолго време надвор од своето родно место, па затоа одлучивме оваа информација да ја изоставиме. Степенот на образование, исто

така, игра улога при изборот на информаторите, при што предност им се дава на оние помалку образованите. Јасно, сето ова е со цел да се добие информатор, типичен претставник на соодветниот говор, при што надворешните влијанија врз неговиот говор се сведени на минимум.

Проучувачот на овој труд ќе забележи дека кај некои текстови информациите за изворите ќе се потполни. Може да отсуствуваат имињата на информаторите или нивната возраст. Причините за ова се различни. Една од нив е информаторот да не сака да се открие неговиот идентитет, како што е тоа, честопати, случај кога се во прашање информатори кои потекнуваат од Егејска Македонија. Во други случаи, едноставно, запишувачот не ни го соопштува името на информаторот, а во трети, пак, редакцијата не успеала да дојде до комплетните податоци. Што се однесува до библиографските податоци, редакцијата се потруди да ги забележи сите наслови до коишто успеа да дојде, со оглед на расположивата литература. Го користиме поводот да се извиниме на сите информатори, запишувачи и автори на одделни трудови кои учествувале на еден или друг начин во создавањето на оваа збирка, а нивните имиња не се дадени. Забелешките за ваквиот пропуст ги презема редакцијата. Истовремено им се заблагодаруваме на сите од името на авторот и од свое име за отстапеното време и отстапените материјали, со чија помош е создаден и збогатен овој труд.

Како запишувачи на текстовите, покрај Б. Видоески, се јавуваат и неговите постари и помлади колеги и соработници како: Б. Конески, Р. Угринова-Скаловска, М. Конеска, А. Поповски, К. Пеев, О. Иванова, М. Каранфиловски, С. Бојковска, В. Дрвошанов. Така, во оваа антологија се вклучени преку 60 текстови кои се собрани во текот на експлорацијата за *Македонскиот дијалектен атлас*, од кои половината се запишани од акад. Видоески.

Во текот на професорската кариера на Филолошкиот факултет во Скопје, Б. Видоески ги поттикнуваше своите студенти на дијалектолошки истражувања на говорите во нивните родни места. Така, во архивата на *Одделението за дијалектологија на македонскиот јазик* во Институтот за македонски јазик, чиј основач и раководител до крајот на својот живот беше акад. Видоески, се чуваат голем број студентски семинарски работи посветени на говорите од целото македонско јазично подрачје.

Оваа антологија содржи повеќе од 70 текстови собрани по овој пат.

Акад. Б. Видоески монографски ги има опишано говорите од западното и северното македонско наречје. Како што е спомнато во воведниот дел од вториот том на *Дијалектите на македонскиот јазик*, Видоески не го обработил целосно југоисточното наречје. За говорите од Егејска Македонија, Б. Видоески направи описи на повеќе говори од серско-драмско-лагадинското говорно подрачје, а ги обработи и костурските говори. Долновардарските говори, како кукушкиот, еницевардарскиот, мегленскиот и кајларскиот, ги обработиле и монографски опишале неговите помлади соработници.

Треба да се одбележи дека југоисточното македонско наречје, кое во најголем дел го сочинуваат македонските егејски и пирински говори, барале посебен напор и труд од македонските научни работници поради познатите политички прилики на Балканот. За опишување на говорите од Егејска Македонија во најголема мерка е искористено присуството на бегалците од Егејска Македонија во Република Македонија кои дале непроценлив прилог за забележувањето на некои македонски говори кои се наоѓаат пред исчезнување.

Што се однесува, пак, до македонските пирински говори, кои се зборуваат на територија што влегува во составот на Република Бугарија, тука истражувањата за македонските дијалектолози се речиси невозможни. Сепак, користејќи повеќе извори, акад. Видоески ни ги остави монографијата *Петричкиот говор* како база на малешевско-пиринските говори како и монографската обработка на разлошкиот дијалект (*Разлошкиот дијалект во Вуковите записи и денеска*, 1988). Текстовите собрани при сите овие истражувања се вклучени во антологијата. Меѓутоа, поради познатите ограничувања во истражувањата на овие говори, користени се и други извори. За пиринските, но и за егејските македонски говори посебен интерес пројавувале бугарските истражувачи, па во збирката дијалектни текстови Б. Видоески ги има вклучено и текстовите од македонските говори кои се нашле во трудовите на следните бугарски истражувачи: Ј. Иванов, К. Мирчев, Д. Иванов, В. Думев, Б. Шклифов. Потоа во оваа збирка се влезени и народни приказни од македонското говорно подрачје, а се објавувани во различни броеви од софиските *Зборници за народни умотворби и наро-*

дописс во текот на изминатите 100 години, каде како запишувачи се јавуваат: М. Цепенков, К. Шапкарев, Д. Матов, Д. и К. Молерови, Е. Спространов и други. Тука би ги навеле и текстовите од Горно Броди (Серско) како и од Грмен (Гоцеделчевско) кои Б. Видоески ги запишал од ракописи кои се чуваат во софиските библиотеки. Така, антологијата содржи триесетина текстови кои се препечатени од бугарски изданија.

Свое место во книгата *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* наоѓаат и неколку текста од богатата збирка приказни од југоисточна Македонија од С. Верковиќ.

Македонските говори како периферни на јужнословенското гранично јазично подрачје одамна го привлекувале вниманието на странските слависти. Некои од нив оставиле значајни лингвистички трудови и збирки текстови од македонските говори од кои Б. Видоески ги одделил оние на А. Мазон кои содржат текстови од Костурско и Бобошчица (Корчанско) како и текстовите од М. Малецки кои ги презентираат говорите во Сухо и Висока (Солунско). Тоа се записи што потекнуваат од дваесеттите и триесеттите години од овој век. Текстови забележани во втората половина на XX век се оние од Н. Рајтер за говорите во Велешко и Б. М. Гроен за говорот во Дихово.

Акад. Видоески направил избор и од постари црковни текстови запишани на народен јазик, како што се извадоците од *Кониковското евангелие* (Енидевардарско) и *Трлиското евангелие* (Драмско). Антологијава содржи и прилози со речнички материјали од неврокопскиот говор од К. Мирчев и од македонскиот речник од XVI век од Богатско во издание на К. Џанели и А. Вајан.

Во овој лик, како што ја гледаме сега, антологијата на македонските дијалектни текстови е показ за дијалектното богатство на македонскиот народен јазик, а едновремено и доказ за битисувањето на македонскиот јазик, на македонскиот фолклор, како и на македонскиот народ на простори, каде што денес, Македонците се асимилирани.

Дијалектните текстови на Б. Видоески, како што веќе посочивме, имаат разновидна содржина: народни обичаи, легенди, сеќавања, но најголем дел отпаѓа на приказните. Се потврдува една вистина дека јазикот се отсликува, се претставува низ неврзан разговор, низ приказни и аналоген етнографски материјал, многу повеќе отколку низ анкета. Комбинирани, тие две

постапки, даваат импозантен опус, каков што е опусот на Б. Видоески.

Текстовите од дијалектите на македонскиот јазик на акад. Б. Видоески имаат многукратно значење за дијалектологијата, македонистиката и за славистиката, но и за фолклористиката. Тие многу успешно ја надополнуваат неговата монографија во три дела *Дијалектите на македонскиот јазик,* каде што како илустрација се наведуваат дијалектни текстови од дваесет и осум населби.

Ќе завршиме со констатацијата дека монографијата *Дијалектите на македонскиот јазик* и збирката *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* се дел од животното дело на акад. Б. Видоески и ќе истакнеме дека со ова сè уште не завршува претставувањето на неговото грандиозно дело.

Од Редакцијата

ДИЈАЛЕКТНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Македонскиот јазик го зафаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров. Го зафаќа сливот на реките Вардар и Струма и долниот тек на реката Места. На запад тој граничи со албанската јазична територија. Јазичната граница на тој дел во голема мера се совпаѓа со државната граница меѓу Република Македонија и Албанија. Неа ја сочинуваат планинскиот венец Кораб-Дешат-Јабланица, откаде што се спушта на југозападниот дел на Охридското Езеро. На овој дел на албанска страна остануваат триесетина македонски населби во долината на Дрим западно од градот Дебар и во областа Голо Брдо и три села на брегот на Охридското Езеро. Од јужниот брег на Охридското Езеро границата свртува на југоисток и преку планината Галичица се спушта на југозападниот дел на Преспанското Езеро, откаде што продолжува на југ и преку планината Мокра избива на Грамос, југозападно од градот Костур. На овој дел од границата на албанска страна остануваат десетина села на западниот брег од Преспанското Езеро и три села источно и југоисточно од градот Корча.

На југ македонскиот јазик граничи со грчкиот на целиот простор од планината Грамос па до реката Места во Тракија. Јазичната граница на овој дел навлегува значително подлабоко на југ од денешната државна граница меѓу Република Македонија и Република Грција. Македонска реч може да се чуе сè до линијата Грамос-Бер-Солун. Од Солун таа продолжува на исток, па преку областа Богданско, каде што се наоѓаат во словенската лингвистика добро познатите по својот архаичен дијалект селата Сухо и Висока, излегува на реката Места нешто малку североисточно од градот Драма. На исток македонскиот граничи со бугарскиот

јазик. На овој дел имаме природна граница. Неа ја сочинува планинскиот венец Деспат-Рила. Од Рила границата свртува на северозапад нешто малку посеверно од Благоевград (Горна Џумаја) и излегува на државната граница меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија.

На север спрема српската јазична територија јазичната граница се поклопува со денешната граница меѓу Р. Македонија и С.Р. Југославија. И на овој дел имаме природна граница која ја сочинуваат планините Козјак-Руен-Скопска Црна Гора-Шар Планина-Кораб.

Овие се денешните граници на македонската јазична територија. Во минатото македонско словенско население имало далеку по на запад и по на југ од денешните граници. Многу историски извори говорат дека словенско население живеело во Јужна и во Средна Албанија, а на југ во Епир, Тесалија и на сето Егејско крајбрежје. Голем дел од топонимијата во тие области е словенска, особено микротопонимијата. Низ вековите јужната и западната граница сè повеќе се поместувале кон север, односно кон исток на албанска страна, како што било потиснувано македонското словенско население. И тој процес на поместување на македонската етничка граница, респ. и јазичната, трае до најново време, а се врши и денеска.

На македонско-албанското јазично пограничје на еден не многу широк простор на правецот Скопје-Тетово-Дебар-Струга-Поградец-Корча живее мешано население – покрај македонското и албанско – со мајчин јазик албански. Во поголема мера тоа население е билингвално.

Исто така и македонско-грчкото јазично пограничје на широк простор во Егејска Македонија живее мешано – македонско и грчко население. Македонското население превладува по бројот во костурско-леринското и воденско-пазарското подрачје. Во пописните документи од 1951 година на територијата на Грција живееле околу 250.000 Словени, респ. Македонци.

На југозападниот дел на пограничјето со албанскиот и со грчкиот јазик покрај македонското население живеат Грци, Власи и Албанци. Во многу пунктови на правецот Грамос-Рупишта-Негуш-Меглен населението е трилингвално. Македонците покрај својот мајчин јазик говорат и грчки, кој е за нив и службен јазик, и влашки.

Северната јазична граница е релативно стабилна. Разместувањето на населението низ вековите на тој дел се вршело сукце-

сивно и не оставило повидни траги на јазикот. Дијалектот на неколку села во областа Козјак кои се декларирале за Срби не се разликува ниту по една црта од говорот на македонското население.

Македонското население во областа Пиринска Македонија, (околу 180.000 според пописот од 1956), која се наоѓа во составот на Република Бугарија, освен со својот македонски дијалект се служи и со бугарскиот стандарден јазик како службен.

2. Македонскиот јазик генетски спаѓа во јужнословенската група јазици заедно со бугарскиот, српскиот/хрватскиот и словенечкиот. Сите овие јазици ги поврзуваат: развојот на групите **ort*, **olt* во *rat*, *lat*, сп. мак. *расте*, *лакот*, замената на секвенците **tort*, **tert* – **tolt*, **telt* во *trat*, *trět* – *tlat*, *tlět*, мак. *врана*, *брег*, *млеко*, замената на **ę* со *e*, мак. *пет*, резултатите на некои промени сврзани со т.н. втора палатализација на заднојазичните консонанти, консеквентната замена на **kv-*, **gv-* во *цв-*, *sв-*, пред **ě* и **i* од дифтоншко потекло, наставката **оть* во инструменталот кај именките од м. и с. род од старите *о*-основи, сп. стсл. *рабомь*, *сѣломь*, *да* како елемент за граматичка зависност на реченичкиот исказ, во областа на деривацијата развојот на суфиксите со елементот *-ц-*, суфиксите **-al'ьka*, **-ice*, како и редица лексички или лексикализирани особености.

3. Потесна целина во јужнословенската јазична фамилија сочинуваат македонскиот и бугарскиот. Од старите дијалектни особини од српскиот и хрватскиот нив ги диференцираат пред сѐ отворената (ниската) артикулација на вокалите **ě* и **ǫ*. Назалот **ǫ* по испаѓањето на еровите и по деназализацијата негова во македонскиот и во бугарскиот се изедначил со т.н. секундарен ер (*ъ*$_2$)*, сп. мак. *рака* – *магла*, буг. *ръка* – *мъгла* (: срп. *рука* – *магла*). Во бугарскиот јазик и на поширок ареал на македонската јазична територија прасловенските групи **tj*, **dj* се рефлектирале во */шт*, *жд/*, во југозападните македонски говори можеби и во */шч*, *жц/*, сп. мак. диј. *гашти* – *гашчи*, *между* – *межца*, буг. *гашти*, *между* : срп. *кућа*, *међа*.

Во историскиот развиток на Балканскиот Полуостров во македонскиот и во бугарскиот, како и во српскиот торлачки (призренско-тимочкиот) дијалект се развиле ред заеднички иновации под влијание на соседните балкански несловенски јазици. Меѓу

* Овде и во натамошниот текст конвенционалниот назив „секундарен *ъ*$_2$" треба да се толкува како *„секундарно вметната самогласка"*.

поважните заеднички иновации спаѓаат: загубата на квантитетот и старите интонациони разлики, загубата на наследената синтетичка деклинација и преминување на аналитички начин на изразување на именските односи – со предлози и една општа форма (*casus generalis*), сп. *Го виде Марка*, *Му рече на Марка*, *Одев со Марка*, потоа појавата на граматичката категорија определеност која формално се изразува преку посебни членски морфеми, сп. *Го виде човекоѿ*, во македонскиот уште и: *човекон*, *човеков*, аналитичкото степенување на придавките, сп. *ѿодобар*, *најдобар*. Доста заеднички промени овие два јазика, делумно и торлачкиот дијалект, претрпеле и во областа на конјугацијата. Тие го загубиле инфинитивот, кој е заменет со *да*-реченици, а се развиле нови форми со помошниот глагол **xotěti*, сп. мак.: *ќе одам*, *ќе одев*, *ќе сум одел*, итн. Една важна структурна иновација во двата јазика претставува и удвојувањето на објектот, сп. мак. *Го виде човекоѿ*, *Земи ја книѓана*, *Му ја даде книѓаѿа на Петреѿа*.

Овие и уште ред други особини од областа на граматичката структура македонскиот и бугарскиот ги доближиле до несловенските балкански јазици – влашкиот (ароманскиот), албанскиот и грчкиот. Сите тие јазици денеска ја сочинуваат т.н. балканска јазична лига.

Така македонскиот и бугарскиот, кои ја сочинуваат источната подгрупа на јужнословенските јазици, се оддалечувале постепено од западната – српско-хрватско-словенечката подгрупа, која во најголем дел ја сочувала наследената словенска граматичка структура, а повеќето иновациони појави што се развиле на тој терен се од подруг карактер.

4. Во својот историски развој македонскиот јазик доживеал извесен број промени и во контактот со српскиот.

Еден број од најраните иновации настанати на српскохрватскиот ареал се рашириле и на северниот дел од македонската јазична територија. Во еден дел од северните македонски говори **ъ* и **ь* се изедначиле како во спрскохрватскиот дијасистем, сп. *сăн*, *дăн*. На тој терен се вкрстосуваат изоглосите на рефлексите /*у*/ и /*а*/ местото носовката **ǫ*, сп. *рука – рака*, или: *рука*, општата форма *на руку* покрај *на рука*. Место **tj*, **kt'* **dj* во апелативната лексика редовно се јавуваат континуантите /*ќ*, *ѓ*/: *куќа*, *ѿлеќи*, *веѓи*, *чаѓе*. Вокалното **l̥* овде се рефлектирало како во соседните српски дијалекти - во /*у*/ и зад денталите во /*лу*/ во посеверниот појас, одн. во /*лă*/ на другиот терен од северната група, сп. *вук*, *слуза – слăза*, *длуѓо – длăѓо*.

Северните македонски говори со граничните српски дијалекти ги поврзуваат уште цела серија други особености и од областа на граматиката и деривацијата.

Еден дел од тие црти, карактеристични за српското јазично подрачје, навлегле подлабоко на македонската територија. Така, на пример, фонемите /ќ, ѓ/ на местото на *tj, *dj ги среќаваме во ред лексеми и морфеми дури во најјужните македонски говори. Така се случило на македонскиот терен место *tj, *kt' – *dj да се јави двојна замена – со /шт̄-жд/, одн. /шч-жџ/ и /ќ-ѓ/, сп.: *т̄леќи*, *т̄лешка*, *синоќ*, *синошен*, *свеќа*, *свешник*, *меѓа*, *межник*. Некои лексеми, на пр. *веќе*, *среќа*, *несреќа*, *т̄акуѓере*, *с(в)еѓере*, партикулата *ќе*, се рашириле готово на сета македонска јазична територија. Со српското јазично влијание се објаснуваат во македонскиот и преминот на /ч/ во /ц/ во старите групи *čr̥-, *črě-, сп. *црн*, *црт̄е*, *црево*, замената /у/ место *ǫ во одделни лексеми, сп. *куќа*, *суд* и друго, заменката *он*, предлогот *у*.

Како заедничка тенденција на македонскиот и на српскиот се истакнуваат замената на *ě со /е/: *бел*, *леб*, *сено*, и депалатализацијата на консонантите. Веројатно и јотувањето на групите *т̄ј*, *дј*, *нј* би дошло во последнава група појави, сп. *браќа*, *луѓе*, *т̄рње*.

Интересно е да се укаже дека оние црти што се јавиле под влијание на српскиот јазик најдлабоко продреле во македонскиот јазичен ареал по долината на реката Вардар, каде што води и главната комуникација за Солун и Егејско Море.

Влијанието на српскиот јазик врз македонскиот до поголем израз доаѓа од крајот на XIII век, кога границите на српската држава се шират на југ.

Од друга страна и македонскиот во извесна мера повлијаел на граничните српски дијалекти. Како македонизми на призренско-јужноморавското подрачје од српската територија се сметаат: фонетскиот облик на глаголската морфема *-на-* /<*nǫ-/, сп. *т̄аднал*, протетичкото /ј/ пред почетното *у* <*ǫ во примери од типот: *јуже*, *јут̄ак*, *јузал*, тврдиот изговор на /л/ пред задните вокали и пред консонант: *лакат̄*, *лош*, *дал*, испуштањето на вокалите во проклитичките зборови кога следната зборoформа почнува со вокал, сп. *с-изми*, *м-изеде*, *д-умре* (*се изми*, *ме изеде*, *да умре*), заменските клитики *нѐ*, *вѐ*, глаголските форми *са* (во 3. л. мн. од *сум*), *биле*, глаголските морфеми *-(х)мо*, *-(х)т̄е* во аористот – имперфектот, губењето на родовата диференцијација во множината на партиципот: *биле*. Но за разлика од србизмите, кои влегле подла-

боко во јазичната структура на македонскиот, македонизмите во српскиот се задржале на неговата тесна периферија.

5. Македонскиот јазик, од друга страна, развил и ред иновации коишто ја насочувале граматичката структура во поинаков правец, различен од оној по кој одел процесот на бугарскиот ареал. На македонскиот терен се јавува ново иновационо огниште. Македонските иновации се јавуваат скоро паралелно со оние што ги истакнавме како источно-јужнословенски. Тие иновациони појави ја засегаат јазичната структура како целина.

Меѓу најстарите фонетски иновации со коишто се диференцира македонскиот јазичен ареал е замената на јаките ерови: *ъ во /о/, *ь во /е/, сп. *sъnъ > *сон*, *dьnь* > *ден*. Во бугарскиот место *ъ има /ă/, сп. *sъnъ > *са̑н*. Во српскиот/хрватскиот двата ера се изедначиле: *ъ = *ь > /а/ во новоштокавскиот дијалект, сп. *сан*, *дан*. Оваа особина, зародена на македонското иновационо огниште, ја опфатила речиси сета денешна етничка Македонија, со исклучок на еден пограничен појас со српската јазична територија на север и на крајниот југоисток на пограничјето со родопскиот дијалект на бугарскиот јазик. Подоцна таа во одделни морфеми се прошири и подалеку на североисток зафаќајќи и дел од бугарското јазично пограничје.

Во рамките на овој јазичен ареал, зацртан со замената на *ъ и *ь во /о/ и /е/, која е извршена уште во X–XI век, се наслојуваат низ вековите цела редица нови црти, коишто сѐ повеќе и повеќе го оддалечувале од другите иновациони центри на соседните словенски територии. Меѓу поважните иновации спаѓаат – во фонетиката: појавата на протетичко /j/ пред иницијалното *ǫ, односно неговите континуанти, сп. *јаг̄лен* (*јог̄лен*, *јäг̄лен*, *јäг̄лен* во одделни локални говори), изедначувањето на предниот назал *ę со *ě, на пр. *месо* и *мера* (во дијалектите: *мјäсо*, *мјäра*), затврднувањето на старите палатали, со што се отклонила опозицијата по признакот палаталност кај парните палатални консонанти, подоцна загубата на фонемата /х/, нејзината замена со /в, ф/ во западниот дел од јазичната територија, појавата на палаталните консонанти /ќ, ѓ/, јотувањето на консонантските групи *т̄ј*, *дј*, *нј* во /ќ, ѓ, њ/, во граматиката: множинските наставки кај именките *-ови* (*денови*) и *-ања* (со фонетските варијанти *-ина*, *-ијна*), сп. *т̄илиња*, *т̄расиња*, кај глаголите наставките *-ме* во 1 л. мн. кај сите глаголи, сп. *имаме*, *ораме*, *носиме*, *береме*, и *-ле* во множина на *л*-партиципот: *биле*, *зеле*, потоа: испуштањето на помошниот глагол во 3. л. во

перфектот: *тој бил, тие биле*. Важни структурни промени во глаголскиот систем на македонскиот јазичен ареал внесле конструкциите со партикулата 'ќе' и со помошните глаголи 'има/нема' плус глаголската *н/т*-форма во среден род од типот: *имам дојдено, имав дојдено, сум имал дојдено*, негде дури и *бев имал дојдено*, и 'сум' плус глаголската *н/т*-форма од сите глаголи, вклучувајќи ги и непреодните, сп. *сум дојден, бев дојден, сум бил дојден*, итн. Со нивниот развој и вклопување во македонскиот глаголски систем дошло истовремено и до распределба на функциите меѓу новите форми и наследените словенски облици.

Посебен белег на македонскиот јазик му даваат акцентот и структурата на ред синтагми. На македонскиот ареал се оформил нов акцентски систем. Лексичкиот акцент е фиксиран на третата мора во повеќесложните зборoформи, сп. *бр'атучед – брат'учеди – братуч'едиве*. Освен тоа македонскиот акцент има синтагматски карактер. Цели синтагми се потчинуваат под еден акцент, сп. *М'ајка-му толк'у-време не-беше-го в'идела с'ина-си. ●д-пр'ед-врата--му-ја-з'едоа новата-к'ошула*. Во врска со местото на ацентот истовремено треба да истакнеме дека неакцентираните вокали не подлежат на квалитативна редукција со исклучок на еден мал број говори во југоисточна Македонија.

Посебност во македонскиот јазик во однос на околните словенски јазици е и можноста пред глаголот да стојат заменските и глаголските клитики, сп. *Му рече на брат-му, Го викна детето, Сум му бил на свадбата*.

Приведениве јазични особености потекнуваат од едно иновационо огниште и најголем дел од нив останале во рамките на македонскиот јазичен ареал опфаќајќи помала или поголема територија. Нивните изоглоси образуваат затворени линии и имаат приближно ист правец на движење.

Така на денешната македонска јазична територија се оформил еден посебен дијасистем, но кој не ја прекинал врската ни со дијасистемот оформен во рамките на денешна Бугарија, и којшто постојано ги продлабочувал врските со дијасистемот на српскохрватскиот јазичен ареал.

6. Најголем дел од приведените новации, а уште и ред други, се јавиле во резултат на меѓујазичниот контакт на македонскиот со балканските несловенски јазици, а пред сè со балканскиот латински. Балканските јазици влијаеле на два плана. Од една страна тие поттикнувале нови процеси, кои понатаму оделе по свој пат

како што им го одредувал јазичниот систем на македонскиот, одн. микроситемот, ако појавата се вршела во рамките на еден помал ареал на македонскиот дијасистем. Од друга страна, пак, несловенските јазици успорувале некои јазични процеси во граматичката структура.

Како „балканизми“, иновациони појави што се развиле во контактот со балканските несловенски јазици, во науката се прифатени: загубата на синтетичката деклинација, развојот на категоријата определеност кај именските зборови и во врска со тоа појавата на постпозитивниот член, аналитичката компарација, удвојувањето на објектот, модалните глаголски форми со ‘ќе’ и конструкциите со ‘има/нема’ и со ‘сум’ + глаголската *н/ш*-форма. Овие иновации зафатиле поширок ареал на словенскиот Балкан. Повеќето од нив во помала или поголема мера присутни се и во бугарскиот дијасистем, а дел од нив и во торлачките дијалекти на српската јазична територија. Но еден добар дел од нив се задржал на македонскиот терен и длабоко навлегол во структурата на македонскиот јазик. Во западниот и во јужниот регион на македонската јазична територија се затврднале: препозитивната употреба на клитиките, сп. *Го виде Стојана*, *Му рече на Стојана*, *Си го изел лебот*, испуштањето на предлогот *во*, сп. *Ќе одам Битола*, *Отиде Прилеп*, искажувањето на директниот објект со предлогот *на* кај именките што означуваат живо суштество, сп. *Го викна на Марко*, генерализирањето на една кратка заменска форма – дативната за машки и среден род *му* како граматички сигнал за дативниот објект, сп. *Му рече на човекот*, *Му рече на детето*, *Му рече на жената*, *Му рече на жените/децата/мажите*. Многу сличности меѓу западните македонски дијалекти и ароманскиот наоѓаме во употребата на предлогот *од* со посесивно значење, сп. *Куќата од Марка*. На сета западна територија од Гостивар па до Корча и Костур под влијание на назалните сонанти /*м*, *н*/ вокалот /*а*/ се назализирал – *ą*, а потоа се рефлектирал како и стариот назал **ǫ*, сп. *снäга* (< *снага*), *знäм* (*знам*) во горнополошкиот, дебарскиот, охридско-преспанските, одн. *сноґа* во малореканскиот, *снäга* во дримколско-голобрдскиот. На еден тесен појас во југозападна Македонија се загубил *л*-партиципот, а со него и сите сложени форми што се образувале со него (перфектот, плусквамперфектот, потенцијалот). Функциите на тие форми ги презеле соодветните конструкции со ‘има/нема’ и со ‘сум’. Во сушковисочкиот говор место партикулата 'ќе' за футур се употребува обликот *за* : *за носа*. Ред балканизми на македонскиот терен

наоѓаме и во областа на деривацијата, на пр. деминутивно-хипокористичкиот суфикс *-уле*: *дешуле*, *брадуле*, и посебно во лексиката. Сите приведени јазични особености распоредени се на западната и јужната периферија на македонскиот јазик, таму каде што се разграничува тој со албанскиот и со грчкиот, и каде што има и денеска најголема концентрација на ароманско население.

„Влијанието на балканската јазична средина не се огледа само во промените што ги зафатиле од наследениот словенски граматички тип, туку и во одржувањето на поедини негови облици, во случаи каде што имало поклопување со балканските јазици" (Конески, 1960:493). Така се објаснува зачувувањето на аористот и имперфектот, а во западно-македонските говори и дативот кај личните и роднинските имиња од машки и женски род.

7. Иновационите појави што се развиле на македонскиот јазичен ареал не се ширеле подеднакво и сите во еднаков правец.

Еден дел од нив, видовме, ја опфатиле сета македонска јазична територија и станале диференцијални црти на македонскиот по однос на српскиот и на бугарскиот, или само на еден од нив. Таков е случајот со континуантите на еровите.

Друга група иновации зафатиле само дел од македонскиот дијалектен јазик, а во другиот дел сè уште виреат старите особини кои се наоѓаат во отстапување. Тоа значи новиот процес или не завршил, или новата појава во некој микросистем е попречена. Ова се однесува, се разбира, каде што имаме унилатерални иновации и географски тие се опонираат со старите. Старите црти во такви случаи се одржуваат на периферијата. Така, на пример, на западната и јужната македонска јазична периферија сè уште среќаваме примери со запазен назализам, вистина не во првобитниот изговор, место носовките **ę* и **ǫ*, сп. *гранди*, *пенда* – во корчанскиот, *дăмбје*, *чендо* – во сушковисочкиот, во некои пунктови се одржувал широкиот изговор на **ě*: *р'äка* или *рјäка*. Во одделни лексеми се задржало /*ч*/ во секвенци со /**ŕ*/, сп. *чăрпит*, *чăрвец* – *чăрпит*. Во корчанскиот македонски говор, во Јужна Албанија, се пази старата дативна флексивна форма и во еднината и во множината. Таму наоѓаме остатоци од старата промена (деклинација) на членот, сп. *старцатого*, *старцутому*. Единствено во тој говор до денеска се задржала како посебен облик заменката **sь* – *сој*. На поширок ареал во Западна Македонија се среќаваат дативни флексивни форми кај личните и роднинските имиња: *Стојану*, *Марку* // *Марко(в)е*, *Маре* // *Мари*. Кај глаголите се пази наставката *-т* во

3. л. на презентот, во повеќе говори во 1. л. едн. на презентот уште отсуствува наставката *-м*.

Сите приведени црти, и уште цела редица други такви – стари, неизменети, денеска се јавуваат како дијалектна специфика на западните говори и стојат во опозиција со новите особености што се јавиле на нивно место во другите - источните, северните или јужните говори. Такви архаични црти се одржале и на источната периферија, како на пример, слободниот подвижен акцент, фонемата /*х*/, множ. наставки *-ове*, *-е*, *-ета* кај именките од м. и ср. род. Во југоисточните говори се задржала како фонолошки релевантна старата дистинкција по мекост кај консонантите.

Сепак паѓа в очи дека најголем број архаични црти се задржале на пограничјето со албанскиот, влашкиот и грчкиот, каде што има, од друга страна, и најмногу иновации настанати во резултат на меѓујазичниот контакт. Така западните и југозападните, делумно и јужните македонски дијалекти се одликуваат и со најмногу архаизми, а истовремено и со најмногу иновации. На источната страна, на пограничјето со бугарската јазична територија, преминот кон бугарските дијалекти е поблаг.

Кај досега разгледуваниве унилатерални иновации се јавува едно иновационо огниште кое се наоѓа во централните области на македонската јазична територија.

8. Втората група иновациони појави релевантни за дијалектната диференцијација ја сочинуваат т.н. билатерални иновациони појави. Старата особина гине, на нејзино место се јавуваат две нови, се разбира, различни. Такви се, на пример: протетичко /*ј*/ во западните говори и /*в*/ во источните пред рефлексот на почетното **ǫ*: *ј(адица)* : *в(адица)*, *ј(атӣок)* : *в(атӣок)*. Во такви случаи зборуваме за две иновациони огништа. Едното се наоѓа во централната област на западното наречје.

Не ретко се случува на местото на една стара особина во дијалектниот јазик да се развиле повеќе од две нови, кои секоја посебно функционира во својот микросистем. За илустрација да ги земеме, на пример, континуантите на носовката **ǫ*. Таа се дефонологизирала. Во едни региони исчезнала наполно изедначувајќи се со некоја од постојните фонеми: /*а*/ во централните, /*у*/ во северните, /*о*/ во малореканскиот. Во таквите случаи таа можела да помогне само во редистрибуцијата на фонемата со којашто се изедначила, или поточно во која се преточила. Меѓутоа, во повеќе микросистеми **ǫ* ја задржала својата самостојност во однос

на другите вокални фонеми, го изменила само своето качество, а со тоа и своето место во системот. Со други зборови, се измениле нејзините составни елементи – дистинктивните признаци. Така, на македонската јазична периферија ги наоѓаме како континуанти за *ǫ фонемите: /ä/, /ă/, /å/. Тие придонесле за формирање на три нови вокални системи. При вакви, да ги наречеме мултилатерални иновации, имаме повеќекратно теренско опонирање и зборуваме за повеќе микроиновациони огништа во рамките на еден дијасистем. Изоглосите на ваквите иновации во повеќето случаи претставуваат затворени линии. И овие иновациони огништа најчесто се наоѓаат на западномакедонскиот терен.

9. На македонскиот јазичен ареал се изделуваат јасно три поголеми групи говори или наречја: западно, југоисточно и северно.

9.1. Во западното наречје влегуваат говорите на западното пограничје од Шар Планина и границата со српската јазична територија па до јужниот брег на Преспанското Езеро. Источната негова граница од јужниот дел на Преспанското Езеро се движи кон североисток, поминува нешто малку посеверно од градот Лерин и избива на завојот на Црна Река од Пелагонија во Мариовската клисура. Оттука таа продолжува на север по планинскиот венец на Селечка и преку областа Клепа излегува на Вардар нешто малку позападно од утоката на Црна во Вардар. Го сече Вардар и источно од градот Велес сè по левата страна на Вардар продолжува на север, ја сече реката Пчиња кај Катланово, откаде што свртува во лак кон северозапад и излегува нешто малку северно од Скопје. Селата во подножјето на Скопска Црна Гора северно од линијата Арачиново-Радишани-Бардовци остануваат надвор од границите на западното наречје. Северната граница оди приближно по правецот Скопје-Тетово-Шар Планина, каде што се затвора граничниот круг.

Најостра е границата меѓу западното и источното наречје на просторот меѓу вливот на Црна во Вардар па сè до Скопска Црна Гора. На северната страна изразито остра граница има на скопскиот дел, додека во Полог таа нешто се ублажува.

Западното наречје го карактеризираат две групи особини. Од една страна во него се чуваат некои стари црти и тој број расте како што се оди кон западното пограничје спрема албанската јазична територија. Повеќето од нив се од морфолошка природа. Меѓу помаркантните од нив спаѓаат: пазењето на стариот ген.-

акуз. облик во функција на општа форма кај личните имиња од м.р. на консонант, на *-о* и *-е*, сп. *Го виде Стојана*, *Марка*, *Столета*, роднинските: *тетина*, *татка*, *чичета*, и изведените на *-ко* и *-ло* што означуваат лична црта на човекот: *Го викна ґрбла*, *мрсулка* (: ном. *ґрбло*, *мрсулко*). На нешто малку потесен ареал се пази и стариот дативен облик од синтетичката деклинација, исто така кај личните и роднинските имиња од машки род, како и кај имињата од женски род на *-а*, сп.: *Му реков Стојану* / *Илију* / *Марку*, одн. *Маркоту* / *Марко(в)е*, *Марко(в)и*, *Петрету* / *Петру* / *Петре(в)е* / *Петре(в)и*, ж.р. *Јани* / *Јане*, *тетки* / *тетке*. Како релативен архаизам да го земеме и чувањето на членските форми на *-в* и *-н*: *лебов*, *лебон*. На другата територија, ќе видиме, се јавува само членот *-от*. Според тоа западните говори познаваат троен член. Доста добро е запазен и вокативот со флексија: *брате* / *брату*, *зете*, *мажу*, *тетко*, *Ратке*. Кај личните и лично-предметните заменки исто така добро се пази дативниот облик: *мене ми*, *нему му*, *ним/ними им*, *кому*, *некому* итн., како и кај демонстративните: *овему*, *онему*, *овејзе/овејзи* и др. Овде се задржал системот од три вида демонстративни заменки, што е во согласност со три вида членски морфеми. Во вербалната флексија за ова наречје е карактеристична наставката *-т* во 3. л. един. на презентот: *имат*, *носит*. Во 1. л. един. на презентот во повеќето говори отсуствува наставката *-м*: (*ја – јас*) *копа*, *носа*, *бера*.

Изоглосите на споменативе особености одат приближно по означената дијалектна граница, негде наполно се поклопуваат со неа, на северната страна неколку изоглоси (на општата и дативната форма, на тројниот член) ја преминуваат дијалектната граница.

Некои фонетски архаизми: пазењето на фонемата /*s*/, на неизменетото /*ч*/ во групите **čr-*, **črě-*, на крајните групи *-ст*, *-шт*, не се карактеристика на сите западни говори. Тие се јавуваат на еден тесен појас на пограничјето со албанскиот јазик.

Поголем дел од диференцијалните црти на западното наречје се иновации. Меѓу најзначајните дијалектни карактеристики на западното наречје спаѓа местото на акцентот како во одделни зборо-форми, така и во синтагмите. Овде е акцентот фиксиран во повеќесложните зборови на третата мора од крајот. Овој е единствен акцентски модел во словенскиот јазичен ареал. Сп.: *пл'анина – план'ината*, *бр'атучед – брат'учеди – братуч'едите*. Во случаите како *вод'еінца*, *крст'аіца*, *вол'оіте*, секвенците [*аі*, *еі*, *оі*] иако се еднасложни содржат по две мори.

Во ова наречје има широки можности да се образуваат акцентски целости. Именските и глаголските синтагми во обичната реч, кога не се врши посебно маркирање на составните компоненти, најчесто се групираат под еден акцент, сп. *н'а-врата*, *прекул'ивада*, *пр'еку-ден*, *бела-к'ошула*, *зимски-'алишта*, *горн'а-нива*; *го-з'еде* : *не-г'о-зеде*, *не-ќе-го-з'емеше*, *зошто-му-г'о-даде*? Од фонолошките карактеристики посебно се значајни: отсуството на фоменатa /*х*/ и нејзиниот премин во /*в*, *ф*/ на крајот на слогот, сп. *греф*, *моф*, *беф*, *чевли*, *евла*, *бевме* – *бефме*, и загубата на интервокалното /*в*/ и на некои други консонанти. Како последица од оваа појава готово во сите западни говори дошло и до промени во дистрибуцијата на вокалите. Создадени се нови односи меѓу вокалите во рамките на една зборoформа. Настанале бројни секвенци од по два, негде и од повеќе вокали, исти или различни, и како краен резултат настанале серија дифтоншки секвенци од различен вид. Особено на широк терен се јавуваат дифтонзите со /*i̯*/ како втора компонента: [*еi̯*, *аi̯*, *оi̯*, *уi̯*], сп. *леi̯*, *лебоi̯*, *снаi̯*, *муi̯*. Секвенците со еднакви вокали се контрактирале во долги фонови, па така се добил и нов квантитет, кој сè уште нема фонолошка вредност, сп.: *сна*: /< *снаа*/, *не:ста* (< *неста* < *невеста*), *прого:ри* (*прогоори* < *проговори*). И едната и другата појава придонесле за скратување на бројот на слоговите на многу зборoформи. Можноста да се образуваат дифтонзи овозможила да се скратат во ред случаи особено повеќесложните зборoформи, како, на пример, во: *вод'еi̯нца* (< *водеинца* < *воденица*, со извршена метатеза), *пол'оi̯на* (< *полоина* < *половина*), *сур'оi̯ца* (< *суроица* < *суровица*), или споменатите *н'е:ста*, *прог'о:ри* (*невеста*, *проговори*).

Во резултат на општата тенденција да се скратуваат зборовните единици што подлежат на еден акцент, во западните говори широко е распространето испаѓањето на вокалите во клитичките зборови, кога стојат пред зборoформа што почнува со вокал, сп. *г-остаi̯* (*го остави*), *с-утепа* (*се утепа*), *н-угоре* (*на угоре*), *д-оiт* (*да одит*), *ушт-еднаш* (*уште еднаш*).

Ограничувања има како за оваа, така и за горе приведените појави само кога се јавуваат некои фонолошки и семантички пречки.

Од морфолошките релевантни диференцијални особености најмногу доаѓаат до израз во говорниот текст: множинската наставка *-ови* со разновидноста *-оi̯*, сп. *лебови* // *лебоi̯*, личната заменка за 3. лице *тој* (*таа*, *тоа*, *тие*), и кај глаголите: испуштањето

на помошниот глагол во 3. л. на перфектот, формата *се* во 3. л. мн. на през. од 'сум', и посебно развиените конјугации со помошните глаголи 'сум' + *н/ш*-партиципот: *сум дојден*, *бев дојден*, *сум бил дојден*, *бев бил дојден*, 'има' + *н/ш*-партиципот во среден род: *имам одено*, *имав одено*, *сум имал одено*, *бев имал одено*, како и формите со партикулата *ќе* од типот: *ќе одев*, *ќе сум одел*, *ќе бев одел*, и понатаму со конструкциите со 'има': *ќе има(м) одено*, *ќе имав одено*, *ќе сум имал одено*. Овие конструкции со својата честота во употребата и со семантичката разнообразност на западното наречје му даваат посебен белег во однос на другите македонски говори.

Западномакедонското наречје се одликува со богат репертоар на суфикси со деминутивно-хипокористичко значење. Покрај суфиксите: *-е*, *-це*, *-енце*, *-че*, *-иче*, *-ичка*, кои можат да се сретнат и во другите македонски говори, овде особено е продуктивен суфиксот *-уле* со дериватите *-улче*, *-уленце*, *-ичуле*, сп. *брадуле*, *брадулче*, *брадулчуле*, *дешуленце*, покрај *дешенцуле*.

Од синтаксичките особености важни во дијалектното диференцирање на македонскиот дијасистем е местото на клитиките, посебно заменските и глаголските, по однос на глаголот. Во западните говори тие можат да стојат и во препозиција дури и на почетокот на реченицата што не е случај во повеќето источни дијалекти, сп.: *Му рече Сшојану да го чекаш*, *Се фашија под рака*, *Те имам видено*, *Сум рекол нешшо за шебе*.

Изоглосите и на овие појави, како и на претходните, одат во правецот на означената граница, многу од нив на поголем простор и се поклопуваат меѓу себе образувајќи на тој начин еден изоглосен сноп. Само по некоја од нив навлегува подлабоко на исток и на југ, како, на пример, изоглосите на множинската наставка *-ови*, на особеностите од глаголската флексија или на препозитивната употреба на клитиките по однос на глаголот. Тие зафаќаат и еден ареал од јужните говори на источното наречје. Од друга страна изоглосите на третосложниот акцент, на испаѓањето на интервокалното /в/, на синтетичкиот датив кај личните и роднинските имиња и кај личните заменки, на тројниот член и испуштањето на помошниот глагол – подлабоко продреле во северозападните говори.

Единството на западното наречје го разбиваат неколку фонетски особености, меѓу кои како најкарактеристични и најзабележливи се: континуантите на носовката *ǫ и на вокалните *r̥ и

*ḷ, кои многу придонесле во оформувањето на одделни вокални системи, потоа присуството или отсуството на фонемите /ф, s, ц/, фреквенцијата и реализацијата на фонемите /ќ, ѓ/, реализацијата на групите /шт, жд/, во вокализмот реализацијата на неколку вокални групи, особено на /еа/, /оа/, /ое/. Во флексијата одделни локални говори се разликуваат, главно, по наставките за 3. л. мн. на презентот и минатото определено време, по образувањето на партиципите, распределбата на глаголите по конјугациските модели и некои глаголски суфикси.

Според овие црти јасно се изделуваат две говорни групи - една централна и една периферна.

9.1.1. Во *централните говори* (скопско-велешкиот, прилепско-битолскиот и кичевско-поречкиот) *ǫ се рефлектирало во /а/ : *рака*, *пат*, вокалното *ḷ е заменето со секвенцата /ол/ на поголемиот дел: *волна*, *долго*, *солза*, додека /р̥/ ја задржало својата силабична вредност: *врф* – *врот*, *врој*, *прот*, *дрво*. Овие говори имаат петочлен вокален систем /и, е, у, о, а/ + силабемата /р̥/. Во консонантизмот е постигната прилична симетричност. Африкатите имаат оформени корелации: /ц : s/ и /ч : ц/. Фонемите /ќ, ѓ/ имаат релативно широка употреба. Кај денталните сонанти има тенденција да се ликвидира корелацијата по палаталност. Во повеќе локални микросистеми /л'/ се јавува како маргинална фонема, бидејќи се среќава, главно, во туѓи лексеми, додека старото *l' затврднало и се изедначило со /л/, сп. *клуч*, *недела*, *пријател*, но *пел'те*, *тел'*. Само на некои мали ареали /ф/ нема статус на фонема. 3. л. мн. на презентот завршува на *-ат*: *викаат* [*вика:т*], *носат*, 3. л. мн. на аористот и имперфектот завршува на *-а*: *викаа* [*вика:*], *носеа*, *дојдоа*.

9.1.2. *Западните периферни говори* го пазат латералниот палатализиран сонант: *кл'уч*, *недел'а*, *пријател'*. Се чува и старото /s/ пред множинските морфеми, сп. *нose/нosu*, *бубresu*, *белesu*, *попрasu*. Фонемите /ќ, ѓ/ се поретки; место *tj, *dj превладуваат примери со /шт-жд/, одн. /шч-жц/ во малореканскиот, струшкиот, охридскиот. На еден потесен појас се пази /ч/ во групата *чере-*: *черево*, *черепна*, поретко и во групата *чар*: *чарвец*, *чарпит*. На целата западна периферија се пази наставката *-т* во 3. л. едн. на презентот: *имат*, *носит*, а на поголем ареал се употребуваат наставките *-ет* во 3. л. мн. на презентот, сп. *имает* // *имеет* [*име:т*], *носет* // *носе:т*, и *-е* во 3. л. мн. на простите минати времиња, сп. *дојдое*, *имае* // *имее*. Замената на *tj во /шт, шч/ оставила траги

и во фонетскиот облик на наставката за глаголскиот прилог, сп. *викаешти* – во дебарскиот, *викаешчи* во струшкиот, *викаешчем* / / *вике:шчем* во градскиот охридски, *викаешќум* во некои охридски села, и др.

Меѓутоа, на западната периферија носовката *ǫ и вокалните *ṛ и *ḷ немале еднаков развиток во сите локални говори, и тие доста придонесле за дијалектната диференцијација на односнава област.

9.1.2.1. Во *горнополошкиот*, *дебарскиот*, *струшкиот* и *охридскиот*, потоа во *преспанскиот*, *ǫ се рефлектирало во коренските морфеми во /ă/: *зăби*, *мăка*, *рăка*. Во истиот правец одел и развојот на вокалните *ḷ и *ṛ; *ṛ во тие говори дал секвенца /ăр/: *вăрба*, *гăрбаф*, *дăрво*, *ḷ се изменило во /ăл/: *вăлк*, *пăлно*, *сăлsa*. По овој начин во споменативе говори се оформил шесточлен вокален систем во кој вокалот /а/ добил свој парник по степенот на отворот. Во поодделни говори од овој тип има и други разлики. На пример во охридскиот говор кај постарите генерации уште можат да се сретнат случаи со /х/. За него посебно е карактеристична неутрализацијата на изговорот на /а/ и /ă/ во неиницијален нагласен слог, сп. *м'агаре* : *маг'ăрето*. Во него и во струшкиот палаталниот назал се депалатизирал, сп. *војн*, *полина*. Во овие два говора има тенденција и за изделување на палаталноста кај фонемите /ќ, ѓ/, сп. *кујќа*, *л'ујѓе*.

9.1.2.2. Во *дримколско-голобрдскиот говор* од дебарската група *ǫ > /å/, *ṛ > /åр/, *ḷ > /åл/, сп. *рåка*, *пåрсти*, *сåлsa*. Новодобиената фонема /å/, која има ограничена дистрибуција, образува корелација со /а/ по признакот заокруженост.

Истиот овој систем се оформил и на еден мал простор на југоисточниот брег на Преспанското Езеро /преспански *ǫ > å-говор/. Но овде има и вокално /р̥/, зашто во /å/ се рефлектирале само *ǫ и *ḷ, сп. *рåка*, *сåза*, *дåго*, додека силабемата /р̥/ се задржала, сп. *пр̥сти*, *ср̥п*.

9.1.2.3. Посебен развој *ǫ, *ṛ, *ḷ имале и во говорот на неколку села во Струшко – *вевчанско-радошкиот говор*. Во коренските морфеми зад нелабијална согласка *ǫ > /ă/, *ḷ > /ăл/, *ṛ > /ăр/, а зад лабијална согласка се развил лабијален парник /å/, одн. /åл/ и /åр/, сп. *грăди*, *рăка*, *дăрво*, *сăрце*, *гăлтат*, но: *пåт*, *мåка*, *бåрдо*, *вåрба*, *вåлк*, *мåлчит*. Овде имаме и најбогат вокален систем во рамките на западното наречје.

9.1.2.4. Во *малореканскиот дебарски говор* *ǫ се рефлектирало во /о/, додека *ṛ и *ḷ останале неизменети, сп. *рока*, *пот*, *дрво*, *прсти*, *влк*, *влна*, *слза*. Малореканскиот нешто малку отстапува од другите западни говори и во областа на консонантизмот, тој не ги познава звучните африкати *s*, *ц*.

9.1.2.5. Посебен интерес за дијалектолозите побудува говорот на Торбешите (Македонци муслимани) во областа Река, Дебарско. Во говорот на муслиманите во Река за *ǫ, *ṛ, *ḷ има по две вредности во коренските морфеми. Во еносложни и двосложни зборoформи под акцент *ǫ > /å/, *ṛ > /åр/, *ḷ > /åл/, додека во трисложни и повеќесложни зборoформи, и во еносложни и двосложни кога не се акцентирани место *ǫ има /ă/, место *ṛ, *ḷ – /ăр/ и /ăл/, сп. *пăт*, *рăка*, *гăрп*, *вăлк*, *вăлна*, но: *рăката*, *пăтишча*, *дăрвото*, *вăлчица*, *вăлнено*, или: *н'а-пăт*, *н'а-гăрп*, *н'а-кăлк* (Жировница).

Со овие неколку црти во вокализмот западната јазична периферија се раздробила на неколку мали територијални единици. При тоа треба и да истакнеме дека фонемата /å/, која ја констатиравме во неколку дијалектни пуктови, се јавува само на македонско-албанското пограничје.

9.2. Југоисточното наречје зафаќа значително поголема територија. Тоа се шири источно и јужно од погоре означените граници, а на север допира приближно до линијата Велес-Пробиштип, со тоа што на овчеполскиот дел границата со северното наречје е нешто повлечена кон југ готово до Богословец.

За разлика од западното наречје источното е помалку хомогено. Поголем дел од неговите особини, било да се тие запазени стари или се иновации, не претставуваат една компактна затворена целина, како што е случајот со западните говори. Повеќето од старите особини, како што се: системот со слободен акцент, фонемата /х/, множинската наставка *-ове* кај именките, на еден помал ареал и наставката *-е* кај именките од м.р. што завршуваат на мек или некогашен мек консонант, сп. *коне*, *маже*, *крае*, *сел'ане*, и наставката *-ета* кај именките од среден род, сп. *прасета*, *тилета*, издиференцираната множина на *-а* кај именките од машки род: *два*, *пет*, *сто леба*, пазењето на помошниот глагол 'сум' во 3. л. во перфектот, употребата на перфективен презент со повторливо значење, значително поархаичната конјугација по однос на западното наречје земено во целина, потоа структурата на синтагмата, местото на заменските клитики по однос на глаголот, источно-

македонските говори ги поврзуваат во помала или поголема мера со граничните бугарски дијалекти. Овде ги имаме предвид, се разбира, и македонските дијалекти во Пиринска Македонија.

Добар дел од иновационите појави карактеристични за источните македонски дијалекти се среќаваат и во бугарските говори. Така, на пример, протетичкиот глас /*в*/ пред рефлексот на иницијалното *ǫ, сп. *ваглен-вăглен*, појавата на секундарен вокал ъ во групите *цв-*, *св-*, сп. *цафте - цафти*, *самне - савне*, прегласот на *ě во /*а*/ зад /*ц*/: *цал*, *цадило*, *цана*, изедначувањето на општата со номинативната форма кај личните и роднинските имиња, аналитичкото искажување на дативниот однос кај личните заменки: *на мене ми рече*, загубата на членските морфеми на *-в* и *-н*, и уште ред други црти што им се заеднички на источните македонски говори, а истовремено и диференцијални по однос на западните, немаат едно јасно оформено иновационо огниште на македонскиот ареал. Мнозинството и од тие црти зафаќаат поширокиареали и на бугарскиот дијасистем, а дел од нив се протегаат преку Северна Македонија и во граничниот тимочко-јужноморавски дијалект или уште пошироко во источните српски дијалекти.

Во рамките на југоисточното наречје појасно се оцртуваат пет помали дијалектни индивидуалности.

9.2.1. Една поголема целина во рамките на југоисточното наречје чинат *штипско-струмичките говори*, кои го опфаќаат централниот негов дел од Беласица па до границата со северното наречје на север. Главна одлика на тие говори е слободниот парадигматски акцент, сп. *ж'ена-ж'ени-ж'ената-ж'ените*, *б'ерам-б'ереш-б'ере-б'ереме-б'ерете-б'ерат*. Носовката *ǫ овде е заменета со /*а*/ во сите позиции на зборообразувањата, сп. *мака*, *рака*, и оваа црта нив ги поврзува со централниот дел на западното наречје, како и вокалното /*р̥*/. Но тие ја познаваат фонемата /*ă*/, која е добиена како континуант на *l̥, сп. *гăта*, *сăза*, понегде на периферијата и /*ăл*/ : *сăлза*. Во флексијата овие говори ги карактеризираат наставката *-м* во 1. л. ед. на презентот кај сите глаголи: *викам*, *берам*, *носам*, и слевањето на глаголите од *и*-група со глаголите од *е*-група, сп. *береш-носеш*, *бере-носе*.

9.2.2. Најблиску до штипско-струмичките стојат *тиквешко-мариовските* говори. Тие две групи ги поврзуваат континуантите на носовката *ǫ и на вокалните *l̥ и *r̥, сп. *рака*, *сăза*, *прсти*. Меѓутоа, тиквешко-мариовските говори развиле посебен систем на акцентирање. Во нив акцентот не може да стои на крајниот слог

Во зависност од акцентот овие говори можеме да ги поделиме на две подгрупи – солунско-воденска или долновардарска и серсколагадинска.

9.2.4.1. Во *солунско-воденската* (*долновардарската*) има парадигматски акцент, кој претставува продолжување од штипско-струмичките говори, сп. *уфч'ар-уфч'ари-уфч'ариѿе*. Освен тоа овие говори покажуваат посебности и во образувањето на некои форми од глаголската флексија, како, на пример, 2. л. мн. на императивот со наставката *-ејѿе*: *бир'ејѿе*, *нус'ејѿе*, глаголскиот прилог со *-шчимица*, сп. *беґашч'имица*. Процесот на интеграцијата на глаголите започнат во тиквешко-мариовските говори овде ги опфатил и глаголите од *а*-група, и како краен резултат се добил еден заеднички конјугациски модел, сп.: *в'икум*, *б'ерум*, *н'осум* – *в'икиш*, *б'ериш*, *н'осиш* – *в'ике*, *б'ере*, *н'осе*.

9.2.4.2. Во *серско-лаґадинскиѿе* говори, во која група спаѓа и драмскиот, како и гоцеделчевскиот во Пиринска Македонија, сè уште се пази подвижниот акцент, но нешто со поупростен вид алтернации во однос на малешевско-пиринскиот, сп.: *ж'ена* – *ж'ени* : *жен'аѿа* – *жен'иѿе*, како и *бр'ада* – *бр'ади* : *брад'аѿа* – *брад'иѿе*, итн. Освен тоа на теренот на овие говори има и двоен акцент, сп. *ц'ариц'аѿа*, *л'обуд'аѿа*, *ґл'асув'еѿу*. Доста заеднички црти овие говори имаат со соседните родопски дијалекти на бугарскиот јазик, на пример, замената на **ě* со /*а*/, негдегоде со /*ä*/, кои ги палатализираат претходните консонанти, сп. *бр'ак*, *д'ал*, *с'анка*. Место стариот **ъ* овде има континуант /*ă*/ во коренската морфема на целата територија, а во афиксните морфеми само во крајните источни области, сп. *сăн*, *дăш*. Консонантскиот систем во овие говори е значително побогат, зашто диезноста се задржала, во некои случаи се јавила и нова мекост, така што сите тврди консонанти имаат свои палатални корелати. Добро се пази во овие говори и фонемата /*х*/, додека /*ќ*/ и /*ѓ*/ се маргинални фонеми. Во сушко-височкиот говор се пази во акцентиран слог јат /ä/, сп. *сн'äк*, *б'äл*, *м'äсѿо*, *р'äка*. Во него има бројни примери со запазен назализам. Во височкиот говор посебен развој имал и **у*, сп. *бäк*, *бäл*, *räба*, *сäн* (бик, бил, син, риба). Во сите говори од оваа група има многу лексички архаизми, но истовремено нивната лексика е богата и со грцизми и со турцизми.

9.2.5. Посебна дијалектна индивидуалност во југоисточното наречје претставуваат *коѿурско-корчанскиѿе ґовори*. По акцентските особености тие, заедно со леринскиот, се поврзуваат со тик-

вешко-мариовската група, со тоа што на костурскиот терен тенденцијата да се стабилизира акцентот на пенултима е поизразена.

На костурскиот терен се испреплетуваат неколку групи особености. И овде се јавува поголем број запазени архаични црти, како, на пример, остатоци од назализмот, сп. *гр̄ände*, *зäмби*, *дäмбја*. Основна замена за **tj*, **dj*, се консонантските секвенци /*шч*/ и /*жц*/ или само /*ж*/, сп. *свешча*, *лешча*, *межа*, *сажи*, *чужо*. Примери со /*ќ*, *ѓ*/ место споменативе групи се ретки, во јужниот појас и во корчанскиот нив скоро ги нема. Во корчанскиот говор уште се пази под акцент /ä/ место **ě* и **ę*: *бр^{ј}'äк*, *ц̄^{ј}'äна*, *чов^{ј}'äко* (човек), *ч^{ј}äндо*, *гр̄^{ј}'äнда*. Богат репертоар на архаични црти има во флексијата, како, на пример, дативот во еднината и во множината, остатоци од промената на членот, сп. *човекош̄'ого̄*, *човекош̄'ому*, заменката **sь* во формата *соj*, и др.

Посебно на ова подрачје најмногу доаѓаат до израз поновите балканизми, какви што се: губењето на предлогот *во*, употребата на предлогот *на* за изразување на двата објекта, сп. *Го в'иде на ч'овеко*, *Му р'ече на ч'овеко*. Заменските клитики преземајќи ја граматичката функција за објектот ги загубиле во многу случаи признаците за категоријата род и број, сп. *Му р'ече на ч'овеко*, *Му в'икна на ж'ена̄та*, *Му се нал'ѓ̄ши на д'ецит̄е*. Вербалната флексија наполно се балканизирала, зашто со загубата на *л*-партиципот се загубиле сложените форми што се образуваат со него (перфектот, плусквамперфектот, потенцијалот и др.), а нивната функција ја презеле формите со 'има/нема' и со 'сум' + *н*/*ш̄* формата, а модалните значења ги покриваат формите со *ќе*.

Сето костурско-корчанско подрачје го карактеризираат и неколку иновации што останале во рамките на овој терен. Меѓу нив како најкарактеристични ни се предлагаат именските образувања на *-ш̄је* од типот *жен'еш̄је*, *клан'аш̄је*, множинската наставка *-нишча* кај именките од среден род: *морјен'ишча*, *п̄олен'ишча*, во глаголската флексија суфиксите *-в-* и *-ив-* за образување на несвршени од свршени глаголи, сп. *купва*/*купви*, *за'одви*, *на'ожва*/*на'ожви* – *заборав'ива*, *оздрав'ива* и др.

Според рефлексите на **ǫ* и вокалните **r̥*, **l̥*, и на овој терен се изделуваат неколку помали говорни индивидуалности.

9.2.5.1. Со своите архаизми и балканизми посебно се изделува *корчанскиот̄* говор, кој го репрезентираат само две села: Бобошчица и Дреновени. За **ǫ* овде имаме /*а*/ или секвенци со назал /*ан*/ и /*ам*/, последнава пред лабијален консонант, сп. *рака*,

во парадигматските зборoформи. Со пренесувањето на акцентот од ултима на пенултима се добил еден потсистем со подвижен акцент, кој ги опфатил сите двосложни зборoформи што завршуваат со затворен слог, сп. *д'рвар-дрв'ари*, *'елен-ел'ени*, *д'евер-дев'ери*, *з'елен-зел'ена*, *'имал-им'ала*, *н'осен-нос'ена*. Има тенденција акцентот да се стабилизира на пенултима. Овој акцентски модел коегзистира со парадигматскиот акцент кај двосложните и повеќесложните зборoформи кои завршуваат на вокал, респ. отворен слог, и во презентските форми кај глаголите, сп. *'истина-'истината*, *с'абота*, през. *в'икам-в'икаме-в'икате*. Интеграцијата на глаголите од старите *е-* и *и*-групи се извршила на овој терен на подруг начин отколку во штипско-струмичките. Се образувал мешан конјугациски тип, сп. *б'ериш-н'осиш*, *б'ериме-н'осиме*, *б'ерите-н'осите*: 3 л. едн. *б'ере-н'осе*.

9.2.3. *Малешевско-пиринските говори*, кои ја зафаќаат граничната област со бугарската јазична територија, по рефлексот на носовката *ѧ и по вокалното *ĺ исто така претставуваат единство со штипско-струмичките, сп. *рака*, *са̏за*. Исто така тие имаат и вокално /р/: *дрво*, *прсти*. Меѓутоа, во овие говори има два акцентски модели – парадигматски, сп. *б'аба-б'абата-б'аби-б'абите*, кај глаголите: *в'икам-в'икаме-в'икате*, и подвижен. Има неколку типа на подвижен акцент, сп. а) *жен'а-жен'ата-жен'ите* : *ж'ени*, *ребр'о-ребр'ото-ребр'ата* : *р'ебра*, б) *бр'ада-бр'ади* : *брад'ата-брад'ите*, *вак-вци* : *вак'о* : *вац'ите*, *дар-д'арове* : *дар'о-даров'ето*, кај глаголите: *ј'ада* : *јад'еш* – *јад'еме* итн. Малешевско-пиринските говори по однос на штипско-струмичките се поархаични. Кај именската флексија се пазат старите множински наставки *-е* за м. р.: *кон'е*, *дрвар'е*, *прој'ателе*, и *-ета* кај именките од с.р. од типот *тел'е - тел'ета*, *прас'ета*. Кај глаголите се пази старата морфемска динстикција меѓу глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *б'ера-бер'еш*, *н'осан'осиш*. Во фонологијата овие говори ја пазат фонемата /х/, вистина со ограничена дистрибуција; консонантската група /вн/ е неизменета, сп. *равно*, превладуваат примери со /шт, жд/ место *tj, *dj: *каштa*, *гашти* – *вежди*, *сажди*, одн. *кашча*, *вежци* во некои локални говори. Стара појава е исто така прегласот на /о/ во /е/ во членската морфема за м.р. зад некогашните меки консонанти, сп. *кон-к'оне*, *маш-м'аже*, *дрв'ар-дрв'аре*. Појачана е палаталноста на крајното *-т'* (< *-tь) во примери од типот *зеќ*, *пак*. Иновација е палатализацијата на /к,г/ пред предните вокали и на /к/ зад палатален консонант, сп. *рак'ија*, *м'ајка/м'ака*, *сук'ал'ка*.

9.2.4. Една поголема целина во источното наречје претставуваат *јужните дијалекти*, кои го исполнуваат просторот на правецот Кајлар-Воден-Пазар-Солун-Серез-Драма-Гоце Делчев (Неврокоп) и на север допираат до Беласица и Кожув пробивајќи се по долината на Вардар до близу Демир Капија. Рефлексот на носовката *ǫ – /ă/: *рака*, *пăт*, и на вокалнте *r̥, *l̥ – /ăр-рă/ и /ăл-лă/, сп, *прăсти*, *сăрце* – *вăлна*, *слăнце*, овие говори доста рано ги одделиле од централната зона на македонскиот јазик. Но како најмаркантна особина на јужните говири денеска се јавува редукцијата на неакцентираните вокали, која историски исто така се јавила доста рано во средновечјето (XIII в.), и елизијата како краен резултат на редукцијата, која е предизвикана, меѓу другото, и од брзото темпо на говорењето. Отворените вокали /*а*, *е*, *о*/ во тие говори во неакцентиран слог се редуцираат во многу затворени алофони (*ạ*, *ẹ*, *ọ*), а во повеќето локални говори тие и наполно се неутрализираат со соодветните затворени парни фонеми: /*е*/ > /*и*/, /*о*/ > /*у*/, /*а*/ > /*ă*/, сп. *ел'ен* > *ил'ен*, *пек'ол* > *пик'ол*, *гу́штер* > *гу́штир*, *гол'ем* > *гул'ем*, *бог'ат* > *буг'ат*, *чов'ек* > *чув'ек*, *разб'ој* > *răзб'ој*, *раб'ота* > *răб'ота*. Во одделни позиции во зборофор-мите (најчесто пред членските морфеми) редуцираните вокали и наполно се губат, сп. *п'ол'то* – *п'ол'ту* (< *полето*), *д'етто* (*детето*), *н'ифта* (*нивата*), *ж'ента* (*жената*), *răб'отта* (*работата*). Со оваа промена се изменила во многу случаи структурата на зборо-формите. Во ред локални говори многусложните зборови се скратуваат, до колку тоа, се разбира, го допуштаат фонолошките и семантичките услови.

Во непосредниот контакт со грчкиот и со ароманскиот во нив се јавиле, како и во западните и југозападните говори, значително повеќе балкански иновации, и со тоа уште повеќе се оддалечиле од централната група во источното наречје. На ова подрачје значително е поматена кај придавките и заменките разликата меѓу машкиот и средниот род. Почести се во конјугацијата формите со 'има/нема' и со 'сум' + *н/т*-партиципот. Во ек е развојот на т.н. *на*-објект кај личните и воопшто кај одушевените именки, сп. *Гу вид'е на д'етто*. Лексиката на овие говори обилува со грцизми и турцизми. Грчкото влијание се чувствува особено во т.н. службена лексика и службените зборови на граматиката. Од друга страна, пак, овде се задржале и бројни лексеми од словенскиот фонд кои во посеверните дијалекти веќе не се среќаваат. Во одделни пунктови во областа се среќаваат бројни примери со запазен назализам, сп. *мăнч* 'маж', *грăнди* 'гради', *гренда*, *чендо* – во сушковисочкиот говор.

замби, *ѓранди*, место **ṛ* – /*ар*/: *варба*, *парсти*, место **ḷ* – /*ал*/: *вална*, *салза*. Меѓу иновациите него го карактеризираат замената на /*х*/ со /*ј*/ на крајот на слогот во ред случаи, сп. *пр'ајци*, *р'екој*, *рек'ојме*, (*рекох*, *рекохме*), и посебно стабилизираниот акцент на пенултима како завршен резултат од костурско-тиквешката тенденција, сп. *ж'ена-жен'ата*, *планин'ата*, *р'екој-рек'ојме*, и во синтагмите: *мајк'а-ми*, *с'ин-ти* : *син'ови* : *синовит'и-ми*.

9.2.5.2. На поширокатa костурска област **ǫ* и вокалните **ṛ*, **ḷ* се континуирале како во другите јужни дијалекти – во /*ă*/ или /*ăн-ăм*/, /*ăр*/, /*ăл*/: *răка*, *grănди*, *zămби*, *păрсти*, *văлна*.

Во северниот дел на костурското подрачје, на пограничјето со централните говори на еден тесен појас се јавува иницијален акцент, што претставува посебна карактеристика за овој регион, на пример: *пл'анината*, *м'остовите*, и во акцентски целости: *В'икнете-го* (с. Ошчима).

9.2.5.3. Во најјужниот дел на костурското говорно подрачје, во областа Костенарија и во дел од областа Нестрам, носовката **ǫ* се рефлектирала во /*å*/ и во одделни позиции во /*ůн*/ и /*ůм*/: *рůка*, *grůнди*, *зůмби*, додека **ṛ* се развило во двофонемната секвенца /*ер*/, сп. *ѓерне*, *зерно*, *серце*.

Ако треба да се изрази степенот на архаизмите, на грцизмите во лексиката и на балканизмите воопшто, тогаш за овој говор можеме да зборуваме само со *нај*. Во него се пази и фонемата /*х*/, доста е голем бројот и на лексеми со лексикализирана редукција на /*о*/ во /*у*/, поретко и на /*е*/ во /*и*/.

9.3. Третата група ја сочинуваат с е в е р н и т е г о в о р и, кои ја опфаќаат областа на пограничјето со српската јазична територија. Јужната нивна граница допира приближно до линијата Тетово-Скопје-Свети Николе (малку нешто појужно) – Пробиштип. На овој терен се вкрстуваат поголем број изоглоси на појави чие иновационо огниште се наоѓа на српската територија, и на црти зародени на македонскиот јазичен ареал. На северниот дел на областа завршуваат јужните изоглоси на континуантот /*лу*/ место вокалното **ḷ* во позиција зад дентали, сп. *длуго*, *слуза*, *тлуче*, на палаталното /*љ*/: *поље*, *зеље*, *иљ'ада*, наставката *-у* во општата форма кај именките на *-а*: *жену*, *њиву*, наставката *-ога* во заменско-придавската парадигма: *тога*, *њега*, *сăс доброга коња*, потоа множинската наставка *-е* кај именките на *-а*: *куќе*, *убаве њиве*, и глаголските флексивни морфеми *-мо* во 1. л. мн.: *имамо*, *-в* во 3. л. мн. на презентот: *они имав*, *-ше* во 3. л. мн. на аористот: *ре-*

коше, и др. Нешто појужно во правецот што го оцртавме погоре поминуваат изоглосите на континуантот /*ă*/ место *ъ и *ь, сп. *дăш*, *дăн*, рефлексот /*у*/ место носовката *ǫ: *зуби*, *рука* и место вокалното *ł: *вук*, *жӯто*, *кук* и др. Северните говори, како што гледаме, ни се претставуваат како типични преодни говори.

Нивната внатрешна диференцијација во голема мера била условена од соседството на двете други македонски наречја.

Во источниот дел на северните говори (во Кумановско, Кратовско, Кривопаланечко) повеќе се чувствува присуството на источномакедонски особености. Парадигматскиот акцент, употребата на една членска морфема *-ăт̄*, удвојувањето на предлогот *со -сăс*, поствербалната употреба на заменските клитики, и не само тие, северноисточните говори ги доближуваат до источното наречје.

Во западниот дел од северните говори (во скопско-црногорскиот и вратничкиот полошки говор) акцентот е западномакедонски – фиксиран. Во овие говори се губи интервокалното /*в*/, се испушта помошниот глагол во 3. л. на перфектот, се употребува троен член. Реченицӣте можат да почнуваат со кратка заменска форма, сп. *Гу виде женутӯ*, *Га фана пе̄тăлăт̄*.

На полошкиот дел бројот на западномакедонските особини е уште поголем особено на појасот околу градот Тетово.

10. Процесот на дијалектната диференцијација на македонскиот јазик може да се следи уште од XI век. Тој започнува заправо истовремено со појавата на првите иновации. Со дефонологизацијата на ерове̄ите (*ъ, *ь) и со замената на јаките *ъ и *ь во /*о*/ и /*е*/ на северното пограничје и на крајниот југоисток спрема бугарската јазична територија останува еден појас непокриен со новите резултати. Тука започнува веќе формирањето на преодни говорни појаси меѓу македонскиот и бугарскиот на исток и македонскиот и српскиот на север. Тие појави подоцна постепено ќе се пополнуваат со повеќе црти. Во северните говори ќе навлегуваат иновации од север и од југ и тука ќе се вкрстуваат, а на источното пограничје ќе се испреплетуваат изоглоси на појави зародени на бугарските иновациони огништа, а од друга страна на исток ќе продираат црти формирани на македонскиот терен, како што е случајот со континуантот /*о*/ од *ъ во одделни морфеми, или рефлексот /*а*/ за *ǫ, замената на *ě со /е/, депалатализацијата на консонантите, и други, во некои западни бугарски дијалекти.

Како последица на загубата на ерове̄ите внатре на македонската територија се јавиле истовремено две иновации. По испаѓа-

ењето на слабиот *ъ (ь) во групите *cvь-, *svь- во западниот дел на македонскиот ареал сонантот *в*, секако во тоа време уште билабијален, преминува во /у/, додека во источните говори во секвенците *цв* и *св* се развил секундарен вокал, кој ги раздвоил консонантските групи коишто биле тешки за изговор. Така се добиле две вредности: *цу-*, *су-*: *цӯтӣт*, *осунӣт*, во западните, и *цав-*, *сав-*: *цавӣти* – *цавӣте*, *осавне* – *осамне*, во источните. Овие се секако меѓу најстарите диференцијални црти на македонскиот терен.

Во XII–XIII век на македонскиот терен се јавува цела серија промени како во областа на фонологијата, така и во флексијата. Меѓу фонетските промени, кои најмногу оставиле траги на дијалектното дробење на македонскиот јазик, спаѓа, без сомнение, деназализацијата на носовките *ǫ и *ę. Втората се совпаѓа со *ě (= јат), што претставува посебност на македонскиот по однос на бугарскиот, а вокалот *ǫ во разни региони на македонската територија се рефлектира различно: или се задржува неговиот темен изговор – /ă/; *рӑка*, одн. *рӑнка*, каде што се задржал назалниот призвук подолго време (во сушко-височкиот и костурскиот), или се преточува во еден од другите вокали во системот – /а/ на поширок ареал во средишниот дел на Македонија: *рака*, – /о/: *рока* во малореканскиот, – /у/: *рука* во северните, или, пак, таа развила нови дистинкции и дала нови вредности: /å/ – отворено *о*, кое го задржува признакот лабијалност, но се јавува како суштествен по степенот на отворот, сп. *ра̊ка* во дримколско-голобрдскиот и во други пунктови на западната периферија што ги спомнавме порано; /ä/ – отворено *е*, кое има повисок степен на отвор од /а/, но поради тоа што во вокалниот систем на дадениот говор нема друг преден вокал од широкиот отвор повишениот отвор е редундантен. Со новите вокали ниската фонема /а/ добила свои парници и се образувале три нови корелации: /а ~ å/ во едни говори, /а ~ ä/ во други, одн. /а ~ ă/ во говорите каде што се задржал темниот изговор. Во крајна линија место вокалот *ǫ на македонскиот терен сме добиле вкупно девет различни резултати: /ă/, /ăн-ăм/, /а/, /ан-ам/, /å/, /å̊н-å̊м/, /ä/, /о/, /у/.

Во врска со носовката *ǫ има уште две појави релевантни за дјалектната диференцијација. Пред почетното *ǫ се јавиле два протетички гласа: (*ј*) во западниот дел, сп. *ја̄глен*, и /в/ во источниот: *ва̄глен* – *вӑ̄глен*. И второ, од познатото мешање на носовките во западните говори се запазиле траги, сп. *ję > *jǫ: *јӑзик*, *јазик*, *јозик*, *јäзик*, додека во источното наречје место секвенцата *ję* има *(ј)е*, сп. *(ј)език*, *(ј)е̄трва̊*, итн.

Во односниов период – до XIII век во рамките на македонскиот јазик се извршиле уште ред промени и фонетски и морфолошки, кои оставиле видни траги и врз територијалното расчленување негово. Во вокализмот врз дијалектното членење многу придонесле и рефлексите на вокалните *ḷ, *ṛ. Во повеќето говори вокалниот дел на континуантите на *ḷ, *ṛ се совпаднал со рефлексот на *ǫ, така што се ширел бројот на примерите со новите вокални фонеми. Во текстовите од односниов период наоѓаме примери што укажуваат и на редукцијата на неакцентираните вокали, една важна иновација, која ја продлабочила дијалектната диференцијација особено во јужниот дел на македонскиот дијасистем. Најверојатно во тоа време се оформиле во главни црти и акцентските системи во дијалектите. Во консонантизмот започнал процесот на дефонологизацијата на меките парни сонанти и губењето на мекоста воопшто. Бројни иновации се јавиле и во граматичката структура на јазикот. Се забележува тенденција за диференцирање на наставките *-ове* и *-ови* – првата превладува како дативна во западните говори, а втората се наложува во множината, сп. денеска во дебарските говори: *ташко(в)е* (дат.) и *синови* (мн.). Кај глаголите како иновација се оформува наставката *-ме* во 1. л. мн. и *-ле* во множината на активниот партицип: *биле* (: *били* – во источните говори). Во 3. л. едн. почнува да се испушта *-ш*.

Така, кон крајот на XIII век веќе биле оцртани основните дијалектни групи во Македонија. Со подоцнежните иновации процесот на дијалектното членење само се продлабочувал, но во рамките на веќе зацртаните, негде и оформените територијални единици.

Во XIV век, како што спомнавме, се засилува српското јазично влијание со ширењето на српската држава и со поместувањето на нејзиниот центар кон југ, и во резултат на тоа влијание се зацврстуваат фонемите /ќ, ѓ/.

Уште повеќе процесот на дијалектно членење се продлабочува од XVI век, кога започнува во западните и во северните говори дефонологизацијата на /х/ и губењето на ред консонанти во интервокална позиција, меѓу кои особено /в/. Како последица се јавуваат нови односи меѓу вокалите, а како резултат се јавуваат редица дифтоншки секвенци и фонетски долги вокали за кои спомнавме порано. Но сега да истакнеме дека овие нови процеси повеќе го засегнале западното наречје и некои југозападни говори.

По овој начин западните говори се здобиле со нови диференцијални особини и уште повеќе се оддалечиле од источното наречје, но истовремено и во рамките на западното наречје дошло до поголемо диференцирање меѓу пооделни локални говори.

11. Резимирајќи го досега опишаното можеме да ги формулираме следниве констатации.

– Дијалектите на македонскиот јазик се чуваат доста добро. Најдобро дијалектната реч е сочувана во областите под Грција и во македонските оази во Албанија, каде што нормираниот јазик не е во поширока функција. Во Република Македонија во повоениот период, особено во последниве две децении под влијание на литературната норма се забележува во поголемите центри еден виден процес на унификација. Генерациите што завршиле македонски школи во голема мера го владеат литературниот стандард, иако нивната синтакса и лексика сè уште носат белег на родниот дијалект.

– Најголема дијалектна диференцијација има на јужната и западната периферија, на пограничјето со албанскиот, грчкиот и влашкиот јазик. На пограничјето со српскиот јазик бројни дијалектни црти навлегле подлабоко на македонскиот јазичен ареал и се формирал еден појас на типично преодни говори. Преодот меѓу македонскиот и бугарскиот јазик е значително поблаг во однос на северната граница.

– Процесот на дијалектната диференцијација во Македонија започнал уште со првите иновации, кои можат да се следат од XI век наваму. Основните контури на денешните македонски дијалекти доста се видни уште на преломот од XIII во XIV век. Еволуцијата на многу процеси започнати подлабоко во минатото продолжила и подоцна, а некои се наоѓаат уште во тек, уште се незавршени.

– Во голема мера врз дијалектното членење на македонскиот јазик придонесле балканските несловенски јазици, во помала мера и српскиот. Најголема дијалектна диференцијација е извршена во областите со мешано население – македонско и немакедонско, во западна и во јужна Македонија, каде што има најголем степен на интерференција, бидејќи населението во тие краишта е двојазично, негде и тријазично.

– Најдлабоки траги врз диференцијацијата на македонскиот јазик оставил акцентот. Ред дијалектни појави во областа на дијалектниот вокализам се условени од местото на акцентот, на при-

мер, редукцијата на ниските вокали во јужните дијалекти, прегласот на /а/ во /ä/ или /е/, исто така во јужните и во југоисточните дијалекти, реализацијата на јат /ä/ во корчанскиот, сушковисочкиот, гоцеделчевскиот и разлошкиот говор. Во охридскиот и во полошкиот постои разлика во реализацијата на /а/ во зависност од местото на акцентот. Во акцентиран неиницијален слог во тие говори /а/ се неутрализира со изговорот на фонемата /ă/. Во повеќе говори (прилепскиот, дебарскиот, нестрамскиот, серско-лагадинските) под акцент вокалите /е/ и /о/ имаат затворени алофони [ẹ, ọ] а во други говори вокалот /ă/ се изговара во неакцентирана позиција поотворено – [ạ] во северните и во серско-лагадинските. Најверојатно акцентот придонесол и во двојната рефлексација на *ǫ во повеќе западни говори, сп. *рăка*, *пăт* : *обрач*, *попраг*, *желад*. Во реканскиот (торбешки) говор имаме две реализации на континуантите на *ǫ и на вокалните *r̥, *l̥, сп. *пůт*, *пůтот*: *н'а-пạт*, *сůнце* : *н'а-сạнце*, *вůрба* : *н'а-вạрба*.

Вокалните системи на македонскиот доста се зависни и од консонантското соседство. Под влијание на меките консонанти е извршен прегласот на /а/ во /ä, е/ во југоисточните и во некои јужни говори, на пример во корчанскиот, во поограничена мера и во костурскиот. Во вевчанскиот говор (Струшко) зад лабијална согласка носовката *ǫ и вокалните *r̥, *l̥ се рефлектирале, видовме, во лабијализирано /ů/. По испаѓањето на консонантите /х, в, ј/ и некои други во поограничен степен, во интервокална позиција во западното наречје се образувале нови вокални секвенци, потоа се јавиле цела серија дифтонзи [еi̯, аi̯, оi̯, уi̯, – i̯а, i̯е, i̯о, $e^{ä}$, o^{a}, a^{e}; ўа, ўе] се образувале нови фонетски должини [и:, е:, а:, о:], се јавиле промени во структурата на слогот, дошло во ред случаи до скратување на зборформите, сп. *воденица* > *водеинца* > *водеiнца*, *половина* > *полоина* > *полоiна*, *невеста* > *нееста* > *не:ста* > *неста*, *проговори* > *прогоори* > *прого:ри* > *прогори*.

Влијанието на вокалите врз консонантите е доста ограничено. Нешто помалку придонесле за палатализацијата предните вокали, сп. *ракија* : *рак'ија* // *ракија*, *лаги* : *лаг'и* // *лаги*, како и за неутрализација на /л/ и /л'/. Во серско-лагадинските говори пред предните вокали сите тврди консонанти леко се палатализираат.

– Во дијалектните фонолошки системи на македонскиот значително е поголема диференцијацијата на вокалите отколку на консонантите. Побогати се оние вокални системи што се наоѓаат на јазичната периферија, посебно на западната и на јужната на

допирот со несловенските јазици. Во тие системи бројот на вокалите варира од 6 до 8. Најчести промени се вршени кај отворените вокали, на пример, редукцијата во јужните дијалекти.

Разликите во дијалектниот вокализам се доста стари. Погоре спомнавме дека најмногу за промените во инвентарот на вокалните фонеми придонесле назалот *ǫ и вокалните *r̥, *l̥. Место *ǫ наоѓаме цела една редица континуанти /*у*, *о*, *а*, *å*, *ă*, *ä*, *ăн-åм*, *ăн-ăм*/. Исто така и за вокалното *l̥/л̥, *ăл*, *лä*, *лу*, *ал*, *äл*, *åл*, *ол*, *у*, *å*, *ă*/.

Консонантизмот е релативно поустојчив. Кај сонантите промените повеќе биле насочени кон ликвидација на диезноста и тој процес се наоѓа уште во тек во повеќе дијалекти. Кај опструентите повеќе промени се извршиле во потсистемот на африкатите и кај веларите. Кај африкатите изразена е тенденцијата за пополнување на потсистемот (со *ц* и ново *s*, негде и со палаталниот пар *ќ-ѓ*), а кај веларите за упростување на потсистемот (со губењето на *х*). Не е наполно сталожен во некои региони на дијалектниот јазик ни потсистемот на уснените опструенти, бидејќи фрикативното /*ф*/ уште фонолошки не е стабилизирано.

– Дијалектната граматика е нешто поедначена во споредба со фонологијата.

Во именската флексија македонските дијалекти се разликуваат пред сè по однос на формите за изразување на категоријата определеност, по однос на формите за објектот, по некои граматички морфеми и во повеќе случаи по морфонолошки појави. Во дел од источните македонски говори запазени се и акцентски алтернации. Поголема диференцијација покажуваат заменките. Разлики постојат и во инвентарот на формите и на одделни системи, на пример, кај демонстративните заменки и во морфоогијата на личните заменки.

Во глаголската флексија поголема разнообразност наоѓаме во граматичките морфеми, во инвентарот на формите, во однос на дистрибуцијата на старите и новите глаголски форми, особено во партиципските конструкции и форми.

Добар дел од разликите во флексијата се должат на фонетски промени што ги засегнале и флексивните морфеми. Колку далеку можела да се измени морфемската структура во одделни говори поради фонетски процеси најилустративно ни го покажуваат наставките за 1. л. едн. и во множината во сите лица во аористот и имперфектот. Во говорите каде што /*х*/ се загубило или

се изменило во друга фонема, со нејзините промени се менувал и фонемскиот состав на морфемите. Така, на пример, во 1. л. едн. во македонскиот дијалектен јазик ги наоѓаме формите од 'рече': *рекох*, *реко*, *реку*, *рекоф*, *рекок*, *рекој*, онака како што се заменувало /*х*/ – со *ø*, *в-ф*, *ј*, *к*. Меѓутоа, процесот не застанал само на тоа. Поради настанатите омонимии со разни други форми се јавиле верижни промени во кои биле вклучени и други граматички фактори.

Важна улога во глаголската флексија, па и воопшто во граматиката, одиграла аналогијата. По аналогија се создадени во редица дијалекти сума промени.

– Македонскиот јазик силни промени претрпел и во лексичкиот состав, како и во зборообразувањето. Дијалектната лексика особено била подложена на промени и диференцијација под влијание на балканските јазици, пред сè на грчкиот, но особено многу под влијание на турскиот. Некои од иновациите го покриле сиот македонски јазичен ареал, но добар број останал во рамките на одделни локални говори и станал негова карактеристика. Во јужните говори, нешто и во западните, најмногу се напластиле туѓојазичните лексеми. Но од друга страна во тие говори и најмногу се запазиле словенски лексички елементи, кои на другата македонска територија биле истиснати.

Слична е состојбата и во зборообразувањето. Некои суфикси од туѓо потекло станале дијалектна особина на повеќе говори, на пример, *-уле* со дериватите.

1996

ЗАПАДНО НАРЕЧЈЕ

ЦЕНТРАЛНИ ГОВОРИ

СКОПСКО-ВЕЛЕШКИ ГОВОРИ

Скопско

Скопје

Ќел'чо најсилен

Би́ле тро́јца бра́ќа. Е́днијот е-ќе́л'чо. У-некое-се́ло да́леку мно́гу и́мало ла́мн'а. И та́ја ла́мн'а мно́гу па́кос пра́ела, ја́ла лу́ѓе. И тро́јцата бра́ќа се-догово́риле д-и́дат да-ја-те́па͡ат. И тр̥гнал по-ста́риот. И о́дел, о́дел по-пу́т. То́ва би́ло да́леку. Го-сре́тнал не́кој со-си́миди и-му-ви́ка: „Ка́де бре-ју́наче?" Е́, та́му да́леку у-то́ва се́ло и́ма една-ла́мн'а, ќ-и́дам да-ја-те́пам". Е, ко́лку ју́наци оти́доа и на́sат не-се-вра́тија. И-зе́ми о́вој си́мит, изе́ди-го, ако-го-и́зедеш и ќе-ја-у́тепаш ла́мн'ата. И-о́н ја́л, ја́л, не́-можел да-г-у́јзеде. И-му-ви́ка: „Вра́ти-се". А-о́н ви́ка: „Не́, ќе-о́дам ќе-ја-те́пам". И́ кога-о́тишол та́му, прет-ку́ќата и́мало една-ја́бука. И-се-ка́чил на-ја́бу́ката. И-иско́чило ламн'и́чето и-ви́ка: „И́, ма́мо, какоф-сра́шен ју́нак и́ма на-ја́бу́ката". „Ка́ко ги-ја́де, ќе́рко, ја́бу́ките, а́ли со-све-ли́стот, а́ли ѓи-о́дбира?" „Не-ѓи-о́дбира, не́". „Е́, не́-е сра́шен за-на́с, ви́кни-го-ва́му". Коа-го-ви́кнале та́му, и-о́на ту́рила сла́ма да-за́пали о́ѓин да-му-на́праи ве́чера, и́ му-ви́ка: „Наве́дни-се, ју́наче". О́н се-на́веднал и-о́на го-г̊а́лтнала. И-и́сто и-со-фто́ри-јот бра́т та́ка. И-ќе́лчо че́кал, че́кал, бра́ќава ѓи-не́ма. Ќи́нисал да-и́де и-о́н. И-го-сре́тнал симици́јата и-му-ви́ка: „Ка́де, бре-ќе́л-чо?" „Е́, у-то́ва се́ло и́ма една-ла́мн'а, ќ-идам да-ја-у́тепам". „Е́, ка́кви ју́наци оти́доа и-не-се-вра́тија — му-ве́ли симици́јата — па̊д ти́, ќе́лчо, ќе-ја-у́тепаш! Зе́ми овој-си́мит изе́ди-го, ако-г-у́јзедеш ќе-ја-у́тепа-ш ла́мн'ата". О́н зе́л ја́л, ја́л и дру́к по́тражил. И-му-

-ви́ка симиќи́јата: „О́ди, ти́ ќе-ја-у́тепаш“. И пона́таму го-сре́тнал е́ден со-ма́сло, ма́слар би́л. И́-тој му-ви́ка: „Ка́де бре-ќе́л'чо?“ „Е́ — му-ви́ка ќе́л'чо — у-то́ва се́ло и́ма една-ла́мн'а, ќ-и́дам да-ја-те́пам“. „Е́, ка́кви ју́наци оти́доа и не-се-вра́тија, па-се́га ти́, ќе́л'-чо; зе́ми ова-ма́сло изе́ди-го, ако-г-у́јзедеш ќе-ја-у́тепаш ла́мн'ата“. И-о́н ја́л, ја́л, и друга́-мас по́тражил. Пона́таму го-сре́тнал не́кој сос-ме́т. И ме́дот г-у́јзел и-дру́к по́тражил. И о́тишол кај-ла́мн'ата, се-ка́чил на-јабу́ката. Иско́чило ламн'и́чето и-ви́ка: „Е́ ма́мо, ка-коф сра́шен ју́нак и́ма на-јабу́ката“. „Како-ѓи́-јаде, ќе́рко, а́ли со-све-ли́стот, а́ли ѓи-о́дбира?“ „Со-све-ли́стот“, ре́кло де́тето. И-ла́мн'ата ре́кла: „О́пасен-је за-на́с, ќе́рко; Ви́кни-го ва́му“. Ламн'и́чето го-ви́кнало. И-о́на (ла́мн'ата) па́к ту́рила сла́ма, зачу́рела, и-му-ре́кла да-се-на́ведне да-ду́ва. А о́н ѝ-ви́ка: „Е́, ја́-сум го́с, наве́дни-се ти́“. И-о́на коа-се-наве́днала, о́н ја-бу́тнал и ѝ-ѓи-и́звадил бра́ќата жи́ви и им-ви́ка: „Уше́днаш ќе́лчо да-не-ме-ви́кате, за́што ја́ ве-спа́сиф“.

Траја Угринова (Рада Угринова 1960)
Вид 1995б : 57–58

Горно Соње

Среќата се враќа

И́маше еден-чо́ек бо́гат и-с-и́маше една-же́на у́ба̄. И с-и́маше две́ де́чин'а ма́шки. А́ма на-чо́екоф коа-ќе-ле́гне да-спи́је и на-со́нот не́кој-си чо́ек му-до́аѓал и му-ви́кал: прија́теле, у-жи́отот тво́ј и́маш една-сирома́штија го́лема што-не-по́стои, са́мо да́ли са́каш на́-старос да́ли на́-младос? И чо́екоф не́-смеел да-се-ре́ши ни́што. Не́колку ве́чера та́ка му-се-јаву́ело. Еден-де́н чо́екот с-у́вилил, с-у́гајлел и же́ната го-пра́шала: „Мо́ре чо́еку, што-си-с-у́гајлил, што-си-с-у́жалил, и́маме ја́ден'е, пи́ен'е, све́, фа́ла бо́гу? И та́ка чо́екоф ѝ-ре́кол на-же́ната: „Же́но, на́-сон не́кој-си чо́ек до́аѓа и ми-ви́ка та́ка и та́ка... и́маш сирома́штија у-жи́отта тво́ја, да́ли са́каш на́-младос да́ли са́каш на́-старос? И ја́ не́-смеја ни́што д-одго́ора“. И же́ната му-ви́ка: „Чо́еку, ка́жи по́арно се́га на́-младос, све́где мо́ж д-о́диме, слу́ги-ли, мо́мци д-о́диме па́рче ле́п д-изва́диме; кога-ќ-оста́реме ни́кој не-не́-вика ни-за-слу́га ни-за-мо́мок да-би́деме“. И чо́екоф ле́гнал да-спи́је и о́дма му-до́шол чо́екот па́ го-пра́шуе, ре́че: „Што-на́праи ти́?“ И о́вој одго́ори:

„Пóарно нека-би́де се́га него-пóсле“. И чóекоф пóчна да-дáва кóму-ни́ва, кóму ли́вада, кóму водéница, кóму валáјца, кóму óфца, кóму јáгне, кóму пр̀ле, кóму тéле. Нáјпосле му-остáнала уште-ку́ќата и нéа ја-дáл. Коа-ја-прóдал ку́ќата ви́ше не-му-остáнало ни́што нéго. Му-би́ло стрáм ви́ше да-сéди у-сéлото нéгоо, ѝ-ви́ка на жéната: „Áјде спрéмај-се, ќ-óдиме“. И зи́ма што-и́мале, кини́сале пó-пат. Óделе цéл-ден. Вéчерта нáшле некоа-мéана, се врáтиле у-меáната, прáшале меанци́јата штó-има за-јáден'е, за-пи́ен'е. Меанци́јата им-дóнел рáкија, мáнца, лéп, и вечéрале. На-тóј-саат дóјде еден-тр̀гоец со-кóн' и сéднал да-пи́е, и додека-пи́ел свé у-жéната глéдал. По-вечéрата лéгнале да-спи́јат, зáспале, и меанци́јата и́-тој зáспал. Стáнал óвја тргóецот ја-у́крал жéнаа, ја-кáчил нá-кон' и си пóбегнал. Коа-стáна сабáјле сиромáјоф и ја-трáжи жéната, ја-нéма. И го-прáша меанци́јата: „Чи́чко, кáј-е жéнаа?“ И му-ви́ка тóј: „Нé-знам, си́нко, си́гурно ти-побéгнала со-óвја госпóдиноф (тргóецот)“. И чóекоф ви́ше ки́ниса пó-пат, што-нóсеа двáјца тóварот сéга сáм го-нóси. Идéќе стрéтна една-рéка. Рéката непóзната, дáли-е дóбока, дáли-е пли́тка, да-ги-нóси обетé-деца да-не-г-у́дāј. Éното го-зéде, го-прéнесе и се-врáти по-дру́гото, го-зéде, влéзе у-стреѓé-река; коа-влéзе у-стреѓé-река и́злезе еден-вóлк, и го-зéде дéтето, тóа што-бéше на-пéсокта. И тáтко-му од-жáл се-здрáколи и дру́гото му-у́тече от-пóд-мишки. И тóј и́скочи на-пéсокта и глéда гóре-дóле и óпрāј еден-пáт кај-му-óчи глéдаа. А дéтето што-го-зéде вóлкот, и́мало у-бли́зина óфчари, се-збóднале офчáрите и го óтмале дéтето, а дру́гото што-г-óднела вóдата и́злегол некој-водéничар да-нáвраќа вóда и дéтето го-вáтил и си-г-óднел дóма. А тáтко-им óтишол во-нéкое-си сéло и тáмо се-главил гóведар. И тáмо сéдел седумнáесет гóдини (колку-дá-било). И дéцата изрáснале и ги-вáтиле крáлеа гáрда дéцаа. Áма у-тáа дóба би́ло сéлото какó-кај-Дрáчео, а како-Скóпје би́ла престоли́цата. Áма цáрот у́мрел. На-тóј-саат си́те óвја ми́нистри сáкаат сéкој да-би́де цáр и нé-можат да-се-пóгодат. И еден-сáат рéшија ни́кој да-нé-биде óд-ниф, ту́ку кóј ќе-дóјде пр̀ф у-грáдот сабáјле, тóј ќе-би́де цáр, па-мáкар цр̀н Ци́ган дá-е. Áма гоéдароф зéде мóтика и ќе-тр̀ча на пáзар да-трáжи рáбота. И у-тóј мóмент стражáрите го-дóпреле и му-ви́каа: „Зáпри-се, ќе-би́деш цáр“. — „Мóре — ви́ка — истáјте-се, јá се-зáбајф, ќ-óда да-трáжа рáбота“. И ти́ја го-сóбрале, г-отéрале у-влáдата. И тáму му-ви́каа: „Ќе-би́деш цáр“. É, áма пошто-се-смéн'аа цáр, ќе-се-смен'áваа сви́те зáкони. É, áма у-тóј мóмент се-пóгоди óвја тргóецоф ми́нистер, му-ви́ка на цáроф: „Чéстити цáре, јá ќе-сéда óвде петнáесет дéна,

ќе-ту́раме за́кони; же́ната ми-е-са́ма, а не́-смеја да-ја-о́стаја са́ма, ќе-ми-пра́тиш два́јца да-ја-чу́ваа“. И и́спратил два-во́јника да-ја-чу́ваат. Седе́ќи по́чнале да-се-пра́шуат. Е́дниот на-дру́гиот му-ви́ка: „Отка́де-си ти́, дру́гар?“ А о́вја ви́ка: „Не́-знам како-да-ти́-кажа“. А-дру́гиот му-ви́ка: „Како́-може да-не́-знаеш отка́ј-си, што́-си?“ И-то́гај по́чна да-му-ра́справа ка́ко би́л та́тко-му бо́гат, како-и́мале бо́гасто го́лемо, ка́ко на́-сон му-ви́кал не́кој та́ка и та́ка. И по́чна та́тко-ми да-да́ва ко́му ни́ва, ко́му ли́вада, ко́му воде́ница. И тр̀гнавне по́-пат. Не-стре́те една-ре́ка. Та́тко-ми ме-пре́несе и не-стре́те еден-во́лк. Ме́не ме-зе́де во́лкот. И по́чна да-ка́жуе и дру́гиот та́ка. А госпо́ѓата ги-слу́шала од-ба́лкамот и је-пра́тила слуги́нката да-ги-ви́ка војни́ците да-и́дат ка́ј-неа. Ти́ја ви́каа: „Не-сме́еме д-и́деме ми́е“. И ка́жуе на-госпо́ѓата. И госпо́ѓата па́к наре́дуе бе́здруго д-о́дат. И на́јпосле војни́ците зе́доа пу́шките и се-ка́чија кај-госпо́ѓата. И о́на ги-пра́шуе: „Де́, што́-лав си-чи́невте?“ О́ни ѝ-ви́каат: „Ми́е, го́споѓо, си-кажу́евме отка́ј-сме“. И то́гај та́ја усигу́рила рабо́татата дека-се-не́зини де́ца. А́ма на-то́ј мо́мент про́јде некој-при́јател на-госпо́динот и о́тиде му-ка́жуе: „Војни́ците кај-госпо́ѓата чу́до пра́јат“. И о́н му-ка́жуе на-ца́рот ва́ка и ва́ка. И ца́рот наре́дуе војни́ците да-ги-спро́ведат вр̀зани на́сат. А́ма коа-о́тишле та́му, госпо́ѓата не́-даа да-ги-вр̀зат. Ти́е ви́каат: „Ми́е и́маме на́редба от-ца́рот“. О́на ста́нуе, кини́суе со-војни́ците кај-ца́рот. Коа-ви́дел ца́рот, се-ка́ра, ви́ка: „Како́-смееш ти́ да-не́-дааш да-се-вр̀зујат?“ „Како-ќе́-даам, кога-ти́е-се мо́ј че́лат“. Коа-по́чнале да-му-ка́жуат све́ ре́дум, ца́рот ре́кол: „А́јте ка́ј-била оваја ра́бота! А бре-госпо́дине, зар-ти́ ре́че ја́ ќ-у́мира, па ми-ја-у́краде же́ната“. Са́тарот, ку́пче и о́д-балкам! И што-жи́от у́дриле о́тпосле.

Крсто Иваноски (Рада Угринова)
Вид 1995б : 58–60

Нова Брезница

Немушти јазик

И́мало некој-о́вчар во-не́коа пла́нина, и-па́сол о́вците. А́рно пла́нинава се-запа́лила. Пи́штит не́што пред-о́гнот до́бога. При́шол о́вчарот. „Че́кај да-ви́да — ре́кол — што́-пиштит“. Кога-ви́дел, зми́ја пи́штит. Ста́нал је-у́гаснал о́колу зми́јата. Му-ве́лит зми́јава:

„Што-ме-ку́ртули од-о́гнов, што́-сакаш ба́кшиш да-ти-да́?“ „Што́-
-има[т] ти́ ба́кшиш да-ми-да́еш?“ „Са́кај ти́ — ре́кла зми́јата — па-
-ќе-ви́да“. Ре́че о́вчарот: „Ни́што не́јќу дру́го, са́мо ја́зик да-ра́з-
бера ко́е како́-зборит“. Зми́јата ре́че: „Ако-са́каш ја́зик да-зна́еш,
ка́мо в-у́ста да-ти-ду́фна“. „Е не́ — ре́че — ми-ʲе-стра́ф, ќе-ме-
-у́касаш“. „Ако-ти-е-стра́ф, да́ј-го ка́фалот, ни́с-кафал ќе-ти-ду́ф-
на“. И ду́фнала. И ре́че зми́јава: „Ја́ ќе-ти-ка́жа, ќе-зна́еш ја́зик,
а́ма ако-ка́жеш дру́гему, ќе-у́мреш“. И то́ј све́ се́га ра́збират. И
му-ви́кат же́на-му (та́а би́ла од-ја́бана не́где): „Ма́жу, ќе-ме-во́диш
на́-гости кај-та́тка“. „Да-те-во́да“ — ре́че. Спре́мај-ги ко́н'от и
коби́лата, ќе-ги-ја́ваме“. Коби́лата би́ла ждре́бна, же́ната би́ла
тру́дна. Кини́сале да-о́дат. Ко́н'ов за́станал, коби́лаа зами́нала. И
ви́снала коби́лата, ре́кла: „Ти́ две-ду́ши но́сиш, па на́зат о́стана,
а ја́ че́тири но́са, па́ на́прет о́да“. И ма́ж-ʲе ре́кол: „Же́но-бре,
за́при-ја коби́лата“. Та́а ја-за́прела коби́лата. „Сле́зи — ре́че -
от-коби́лата, ка́чи-се на-ко́н'ов“. И же́на-му го-споте́рала да-му-
ка́жет: „Ќе-ми-ка́жеш, ти́ ра́збра не́што“, му-ве́лит та́а. „Не́, мо́ри,
ни́што не-су́-разбрал“. О́тишле, по́сле се-вра́тиле до́ма. Му-ви́кат
же́нава: „Ќе-ми-ка́жеш, ча́јре не́ʲе“. Ма́жот ʲе́-ве́лит: „Ќе-ти-ка́жа,
ама ја́ ќе-у́мра“. „У́мри — му-ве́лит же́наа — ама ќе-ми-ка́жеш“.
„А́рно — ве́лит то́ј. Са́мо ти́ да-за́колеш еден-о́вен, да-сва́риш
пче́ница и ја́ ќе-ле́гна, ќе-у́мира“. А́рно, пе́тело на-ча́сот си-пе́ет,
а пе́сот ви́ет и ви́кат (на-пе́телот му-ви́кат): „Ти́ пе́еш у́ште, а не́-
-знаеш дома́ќинот ќе-ми-у́мрет“. „Ако-е-бу́дала, нека-у́мрет -
му-ве́лит пе́телот. Ја́ седу́мдесет же́ни во́да и мо́жа да-ги-по́вела,
а то́ј е́дна и не́-может да-ʲе-по́велат. Ка́мо да-зе́мет еден-ста́п,
да-ʲе-ви́кнет, да-ʲе-се-изна́тепат у́бō, ме́сото ва́с пци́ да-ви-го-да́дет,
а на́с ко́кошки да-ни-ʲа-на́фрлат пчени́цана што-ʲе-сва́рила же́на-
-му“. Ма́жов слу́шат. И-ʲе-ста́нал со-са́кот, не́колку па́ти ʲе-испро́-
менил у́бō, ме́сото им-го-ту́рил на-пци́те, пчени́цата на-коко́шките.
И та́ка ви́ше не-го-пра́шала же́на-му што-ра́збират то́ј (ма́жот) во-
-ве́кот.

Никола Танасов (Олга Иванова 1964)
Вид 1995б : 60–61

Билимбегово

Дете и мечка

Ѝмало едно-се́ло у-пла́нина. А́ма едно-де́тенце ма́лечко, три--го́дини би́ло, заги́нало у-плани́ната. Ѝшло та́му ва́му, не-мо́жело да-се-вра́ти. На́ишла не́која ме́чка и го-зе́ма де́тето и го-но́си у-пе́штера и го-ту́ра кај-мечи́н'ата. Ма́јка-му на-де́тето го-тра́жила це́ли три́ де́на. На́ишле мандра́ции и ги-пи́тала да́ли ви́деле едно--де́те. О́ни ка́жујат: „Го-ви́довме де́тето, една-ме́чка го-но́сеше и го-ту́ри у-пе́штера". О́ваа са́ма да-и́де не-сме́е и ја́вуе на-во́јската. О́на се-збѝра, и ма́јката ги-во́ди кај-пеште́рата. Поста́иле стра́жа и ќе-па́зат ко́га ќе-и́скочи от-пе́штера ме́чката. Но́ќно вре́ме ме́чката иско́чуе со-мечи́н'ата ра́на да-тра́жи. О́вија влегу́ваат у-пеште́рата и го-зи́мат де́тето, и го-да́ват на-ма́јка-му, на-де́тето. До́шла ме́чката, гле́да го-не́ма де́тето и по́чнала да-го-тра́жи. О́тишла у-бачи́лото и по́чнала да-им-пра́и па́кос, о́вците им-ги-ко́лела. О́ттуа о́вија ја́вуат на-во́јската. До́шле во́јници и ја-че́каат ме́чката. Кога-до́шла, војни́ците ја-ра́ниле и о́на ле́тнала да-бе́га и о́тишла у-пеште́рата. Собали́ната па́ се-и́звлекла да-и́де у-бачи́лото и војни́ците ја-уби́ваат. О́ни ги-зе́мат мечи́н'ата и ги-о́днеле у-живо-ти́н'ата.

Србин Митрески (Божидар Видоески 1950)
Вид 1995б : 61

Велешко

Велес

Таткото и тројцата синови

Е́ден та́тко си-и́мал тро́јца си́нови. Сино́вите ре́кле: „Та́тко, ве́днага са́каме да-не-же́ниш". О́н им-ре́кол: „Зе́мете по-е́дно ста́пче, фрлете од-ри́дот, и-на-ко́ја куќа ќе-ви-па́дне, от-ту́ка не́веста ќе-зе́мете". Фрли ста́риот, у-а́рна ку́ќа му-се-по́годи; фрли сре́ѓниот, и-не́му та́ка, а-на-ма́лиот мо́ре. Два́јцата бра́ќа би́ле сре́ќни, а-во́ј најма́лиов не́среќен. Се́днал на-кра́ј на-мо́рето и-му-ка́жује на-го́спода: „Го́споди, што́ ќе-зе́мам од-мо́ре, це́л све́т да-ми-се--сме́е". Бра́ќата си-ги-зе́доја неве́стите и-се́а ќе-о́дат да-ви́дат шо́ ќе-зе́ме ма́лиот. Оти́доа до-мо́ре и-ги-пу́штија чинге́лите за-со-ни́м не́што да-и́змакнат. Во-мо́рето и́мало една-ма́јка и-ќе́рка. Ма́јката

си-ја-че́шла ќе́рката и-му-ви́ка на-свато́вите: „Кре́ните-си-ги чинге́-лите, не́-сме ста́сани“, а-на-ќе́рка-ѝ ѝ-ви́ка: „Ти́-си, ќе́рко, а́рна и--ја́ те-закӑлнувам и-те-прекӑлнувам со-си́те, ќе́рко, ќе-збо́рујеш, са́мо со-мо́мчето не́-ќе-збо́рујеш, дури-о́н не-те-за́кӑлне: збо́рој, мори-ли́чна, жи́-ти та́тко-ти сӑнцето, ма́јка-ти месечи́ната, бра́ќа--ти sвéздите. Дури-ти́е збо́рови кога-ќе-ги-чу́јеш, то́гаш да-му--прозбо́рујеш, и́наку до-смр́т не́ма му́абет да-му-на́правиш“. Когаѫ ја-изва́дија бра́ќата од-мо́ре неве́стата, сӑнце не́маше, сӑнце о́греа, це́л све́т се-за́чуди на-нејзи́ната ли́чоќа. Се-во́деја три-го́дини; со--си́те збору́јеше, со-ма́ш-ѝ не-збору́јеше. О́н ја-о́стави и-си-зе́де дру́га же́на и-ѝ-ви́ка на-ва́ја: „Шо-и́мав ја́ пр́ва же́на, на-све́та не́маше та́ква“. „Ќе-ме-но́сиш да-ја-ви́дам“, му-ре́че же́на-му. О́н ја-о́днесе кај-пр́вата же́на. Во́ја им-сто́ри здраво́живо, а́рно ама--на-ма́жов па́к не-му-прозбо́руј е. Посе́доја ма́лку и-ста́наја да-си--о́дат. И-им-ви́ка о́на: „Ќе-ру́чаме, по́сле о́дете-си“. Ја-зе́де та́вата, карава́нчето, бра́шното, зе́јтинот и-ќе-пр́жи. И-по́чна да-си-ѓи-бр́ка пр́стите у-бра́шното, па-у-та́вата со-зе́јтин и-од-пр́стите стану́еле ри́би. И-ја-и́спрати слуги́нката со-ба́рдакот на-во́да да-до́несе, пре́сна во́да за-ру́чек. Ма́жов о́тишол по-слуги́нката; се-скри́л о́н у-не́кој ко́ш, а-слуги́нката ќе-пӑлни во́да. А́рно ама-не́-ѝ-да́вале ре́т, и́мало кала́балак. О́на пла́че и-се-мо́ли, и-на-си́ла г'и-и́збутка сто́мните, ама-и-нејзи́ната си-ја-скр́ши. Фа́на да-пла́че. И-ѝ-ви́каат же́ните: „Ќе-те-о́тепа стопа́нката“. А-о́на ре́че: „Ја́ ќе-ја-за́кӑлнам: жи-ти-та́тко-ти сӑнцето, ма́јка-ти месечи́ната, бра́ќа-ти sвéздите. И-о́на со-фӑска не́-ќе-ме-чу́кне“. Ма́жов ја-чу́л кле́твата, ја-за́кӑлна пр́вната же́на, и-та́ја му-прозбо́руј е. И-о́н си-ја-зе́де да-си--жи́вејат, а́ма да-не́-ја-чу́еше кле́твата и-де́н де́неска у́бава же́на не́-ќеш да-и́маше.

Вид 1995б : 62-63

Велес

За вампирот

У-та́ја ку́ќа ка́јшто и́ма ва́мпир не-до́дева — у-то́ва ма́ало, ка́јшто-је, та́му по-ку́ќите до́дева. Зи́мал врчви́чин'а ма́с о́т-куѓи и но́сел у-ку́ќата ка́јшто се́дел. Се-и́с... у-пе́кмезот и ме́дот. Да--си-на́јдел ра́бота, мага́рето го-че́шал у-та́ја ку́ќа, ка́јшто о́тишол, низ-дво́рот го-разо́дуајал или го-ја́ал. „Се-на́сластил како-ва́мпир

на-пе́кмес“, и́ма е́дна ре́ч. На-же́ни каде́лќите им-ѓи-зи́мал, ѓи-вле́кол по-чарда́ците и по-дво́рот, и на-сре́т-соба си-ѓи-навоѓале. „Мо́ри, гле́даӓме на-све́ќата но́ќеска се-трка́лаше кло́пчето, чо́рапот се-вле́чеше и са́ани испревр̀тени наопаку си-ѓи-на́јдоӧме“. Со́фра, си́то, се́ што-му-до́јде до́-рака ќе-ту́ри наопаку и мно́гу дру́зи па́кости пра́ви. У-е́ден пе́телот о́т-куќа му-го-и́звадил о́т-потон и го-о́ставил на-дво́рот, са́кал да-го-о́днесе на-не́каде за́р. Вле́зуе и ф-со́ба, ка́јшто и́ма ма́ш и же́на, и за́-гуша но́ќно вре́ме ѓи-фа́ќал. За-да-не́-идел, на-вра́тата му-ста́виле тр̀н'е. Дру́ѓи-пак и-о́колу ле́глото ста́вале, оти-то-тр̀н' го-стра́ело но́гу. Вампи́рите им-ја-пи́јат кр̀фта на-де́цата от-па́лците на-но́зите од-но́ктите. Ка́јшто и́ма ва́мпир, со-да́јрин'а, со-ќема́нин'а (и та́мбура) му-сви́реле, о́н ќе-до́шол да-и́гра, вампирци́јата ќе-го-у́тепал и пи́хтија кр̀ф ќе-ста́не. Со-вре́ла во́да ќе-го-по́парат да-не-се-повампи́рила кр̀фта. Чу́мата кога-би́ла, ка́жујат ста́ри, мно́гу ва́мпири и́мало — то́гај еѓу́пците се-повампиру́еле. Ва́мпир ќе-те-на́легне кр̀фта да-ти-ја-и́спие, и чо́век у́мира. Не́де Бе́лје о́ткај Ко́јник бе́ше ка́жујал: „но́ќеска е́ден ва́мпир ме-на́легна, та-те́жина, те́жина ври́ у́-мене и не́-можеф да-се-по́мрднам и и́здишам, го-бу́цнаф со-тр̀н' и пи́хтија ста́на“.

(Т. Ецов)
СбНУ 1901 : 278; Вид 1995б : 63

Рудник

Цацо и Дефот

Еден-ма́ш и една-же́на, како-у́мреа, оста́виа три́ де́ца си́раци, цр̀ни сиро́маси, стра́дни за-ле́п. Најма́лиот шчо-бе́ше од-бра́ќата — го ви́каа Ца́цо — се-и́скачи да-са́ка по-тафа́ните некое-па́рче ле́п от-та́тка-си и ма́јка-си. На́јде три́ ср̀па. — „Бра́ту! — ре́че - се́га си-и́маме едно-па́рче ле́п!“ Им-да́де Ца́цо на-бра́ќа-си по-еден-ср̀п — „о́дете-ре́че — по́-мене“. О́деа, о́деа, до́јдоа до-една-ни́ва ста́сана. Си́те ни́ви неста́сани, са́мо ва́ја ста́сана. — „Бра́ту! ре́че Ца́цо — а́јд да-ја-жни́еме ни́вава. А́ма, ако-ви́кне не́кој, да-не-се-одгласу́ете. Три́пати коа-ќе-ви́кне и коа-ќе-до́јде, то́гај да-му-се-одгла́сите“.

По́чнале да-жни́јат. Е́дно наведну́ен'е, една-по́ста исте́ра се́. Како-шчо-жна́ле, и́спаднал Де́фот, — таја́ ни́ва де́фска ни́ва би́ла,

— им-се-про́викнал: „Не́-жнијте та́мо, бре́! Бре́ та́ја-е ни́ва де́фска ни́ва, бре́!“ О́виа си-жни́јат, не-ди́гаат гла́ва. У́шче два́-пати им--ви́кна. На-тре́ќиот па́т Џа́џо се-и́справи. — „Де́фе, де́фе — ре́че — за-ле́бот жни́еме: ако-ни-да́деш едно-па́рче ле́п, ќе-ја́деме, ако--не́, ќе-би́деме стра́дни“. До́јде вре́ме за-ру́чок. Му-да́де Де́фот на--Џа́џа едно-кни́жиче — те́сќере, го-и́спрати при-Дефи́цата да-зе́ме ру́чок. Го-зе́де Џа́џо книжи́чето, коа-за́мина зад-едно-ри́тче, го--о́твори — шчо́ ти-пи́шал Де́фот! — „Де́фице! — ре́че — и́мам а́ргати на́-нива, да-им-на́готвиш ру́чок от-тригоди́шната па́стрма со-ву́лкави цр̀фци, от-тригоди́шниот пе́ксимет со-ву́лкави цр̀фци“. Го-ск̀и́на Џа́џо то́ва кни́жиче, на́пиша дру́го. „Де́фице! — пи́ша — и́мам а́ргати на́-нива, да-им-на́готвиш ру́чок: за́коли една-гу́ска, да-ја-и́спечеш и да-ме́сиш една-по́гача девет-па́ти отсе́ана“. Се--шчу́тка Дефи́цата со-у́мот: „шчо́-е о́ва?“ Ди́п скр̀жаф бе́ше ма́ш--ји, па-се́га — по́гача, гу́ска! Не́ма шчо́ да-пра́ви. За́кла една-гу́ска, ме́си една-по́гача де́вет па́ти отсе́ана, на́готви како-шчо-пи́шеше во-книжи́чето, го-да́де ру́чогот на-Џа́џа. Се-за́чуди Де́фот, не́ма шчо́ да-пра́ви. — „Се́-едно — си-ре́че — дове́чера ќе-ги-на́ранам со-цр̀фци, ќе-ги-и́зедам“. Џа́џо се-се́ќава. Се-приквече́рило. — „До-ве́чера — им-ви́ка Џа́џо на-бра́ќа-си — Де́фот ќе-ни--да́де ве́чера, да-не-ту́рате в-у́ста. Ќе-му-ре́чеме о́ти од-една--не́дела бе́јме гла́дни, беше-ни-у́мрела ма́јка и та́те, па́ као-се-нај́адојме де́неска, за-една-не́дела ќе-ни-др̀жи си́тос.

Ве́черта приго́твила Дефи́цата от-тригоди́шната па́стрма со--ву́лкави цр̀фци, от-петгоди́шниот пе́ксимет со-ву́лкави цр̀фци, при́нела ве́чера. Ѓи-ка́ни Де́фот арга́тите. — „Не́-ни-се-ја́де - ре́коа ви́е — како-у́мре ма́јка-ни и та́тко-ни, ни́е не́-бе́јме нај́адени една-не́дела; де́неска, како-ни-да́де ти́ ле́п, се-нај́адојме, це́ла не́-дела ќе-ни-др̀жи си́тос“.

Но́ќта Де́фот ќе-го-и́зеде Џа́џа и бра́ќа-му. Па-и́мал тро́ица си́нови, и́сту како-ни́х; за-да-го-по́знае Џа́џа и бра́ќа-му-, им-ту́рил на-сино́ви-си на-по́стела по-едно-ја́бако по́злаќно. Џа́џо ста́на, им--ги-зе́де јабо̀ќите, ѓи-ту́ри на-бра́ќа-си, е́дното го-зе́де са́м. Ри́пна Де́фот у-те́мното, ѓи-и́зеде сино́ви-си. Пре́д да-се-о́самне, Џа́џо ѓи--ско́рна бра́ќа-си, и́збега. Е́дно стану́ен'е, Де́фот гле́да, сино́ви--му ѓи-не́ма! Се-се́тил оти-Џа́џо го-и́злагал, се-за́гна да-го-бр̀ка. Ете́-ти-го Џа́џо кај-га́зи ве́ќе ре́ката. Де́фот не́-може да-ста́пи у-во́да, — ќе-у́мре. За-то́ва го-стра́еше да-по́мине преку́-река и као-не-мо́жеше да-го-ва́не Џа́џа, са́мо му-и́звика: „А́ах, Џа́џо!“- ре́че. — „Де́фе, Де́фе — ре́че Џа́џо — ушче-ко́лку ќе-ви́диш о́д--мене!“.

Óткако премúнаа преку-рéката, двóицата брáќа се-раздéлиа со-Ца̑ца̑. — „Истáви-се óд-нас — му-рéкоа — тú-си белáлија чóвек, ќе-си-фáтиме некоја-бéла сó-тебе“. Óттува си-отúдоа óни на--нéкое мéсто, и Ца̑цо си-ќúниса. Дóјде Ца̑цо до-една-тúн'а, се-зáбаца у-тúн'ата и си-го-áшка позлáќното јáбăко, си-úграе. Цáрската ќéрка сéдеше на-пéнцере, коа-го-вúде, го-бéндиса јабăкото и го--прáша Ца̑ца̑: „Од-дéка ти-е-јáбăкото? — рéче: — тáтко-ми сé úма, ама-тáквo јáбăко нéма“. — „Á — рéче Ца̑цо — úмах еден-тóвар, тýку ѓи-рáздадох вéќе“. „Дáј-ми-го мéне јабăкото — рéче цáрската ќéрка — já ќе-те-зéам тéбе“. Ај-го-пóтфрли Ца̑цо јабăкото.

Изутрúната, коа-се-раздéнило, цáрската ќéрка му-рéче на--тáтка-си оти-сáка да-ја-óмажи. Цáрот зáрача, сúте млáди éргени шчо-úма, да-пóминат покрај-пенцерúн'ата, да-си-úзбере ќéрка-му кого-шчо-сáка. Сúте измúнаа, нúкого не-бéндиса цáрската ќéрка. — „Úма-ли ýшче нéкој?“ рéче цáрот. — „Úма ушче-éден, го-вúкаат Ца̑цо, ама-тóј се-бáца у-тúн'ата“. Пóминал Ца̑цо, му-мéтнала цáрската ќéрка јабăкото, óн го-пóдванал: нéго-го бендúсала. Нéма шчо-да-прáви цáрот, кáндисал, напрáвиле свáдбата.

Сéга брáќата на-Ца̑ца̑ му-завúдеа шчо-стáна цáрски зéт, си--мúслат кáко да-го-зáгубат. Отúдоа при-цáрот, му-вúкаат: „Цáре, цáре! тú шчó-имаш?“ — „Кáко шчó-имам? Сé úмам“ — рéче. - „Тú сé úмаш, áма шчо-úма Дéфот едно-сéцаде со-дванáјсет сăнца, со-дванáјсет месéчини, нúкој го-нéма“. — „Áма кóј-може да-го--зéме тóва сéцаде од-Дéфот?“ — рéче цáрот. — „Прáти-го Ца̑ца̑“ — му-рéкоа. Го-вúкаа Ца̑ца̑. „Мóжеш-ли да-го-зéмеш на-Дéфот саца̑дето?“ го-прáша цáрот. — „Ако-мóжам ќе-го-зéмам — рéче — ако-нé-можам, нé-го-зúмам“.

Стојна Рудникова (Димитар Матов)
СбНУ 1891б : 147–148; Вид 1995б : 63–65

Црешнево

Сиромавиот и господ

Си бил некој човек, сиромаф човек. Човекот тој само имал некоје магаре и некоја секира. И тој човекот отишол у бука да си набере дрва. После чукнал на некоја бука и се изјавил од буката госпот. И госпот му рекол на човекот: „Аман, немој да ја сечеш оваа бука! Ќе ти дадам едно магаре. Тоа магаре, да му речеш

'дурдупче' ќе ти сере пари. Ко ќе му речеш 'дурдупче', тој ќе прекрати." И тој човек си го зел магарето и пошол за некој рит и почнал да вика 'дурдупче'. И почнало магарето да сере пари, и после си напълнил човекот капата и џебоите и после си го довел магарето дома. И ф собата почнал да вика 'дурдупче'. ...Отишол нá пазар да си купи нешто. И го врзал (магарето) кај некој магарија друзи. Некој дечишта почнале да викāт 'дурдупче, дурдупче', и магарето почнало да сере пари. И му го сменили на човекот. И отишол човекот, го довел магарето друго. И пошол дома, го наранил ноќта, почнал да вика 'дурдупче, дурдупче', тоа на место да сере пари... му пцисало. Утрото човекот коа ќе види, коа ќе почне да кошка, не може да ја отвори вратата. С'израдује, рекол: „Сега собата е пълна со пари!" Коа ќе види бели пари, си рекол тој: „Пари бели има во собата." Коа ќе види му пцисало магарето. И пак пошол на истата бука со секирата. Чукнал, му рекол госпот: „Аман, немој да чукаш. Ти го сменија магарето. Ќе ти дадам една кокошка. Кокошката, тā на место кокошаница ќе ти носи јајца. И тој си е носил дома, тā носила, носила. После рекол човекот за да сошие гаќи. Е шил човекот гаќи. Тогај на место кокошаница носила јајца, и терезијата ја сменил кокошката. Другата кокошка на место јајца му носила кокошаница. И отишол човекот пак на истата бука. Пак госпот му рекол: „Аман, немој! Тебе кокошката ти ја сменија. Ја сега ќе ти дадам една синија. Синијата да ја чукнеш со лајцата, сѐ што сакаш ќе ти изнесе да јадеш!" И тој си ја зел синијата и лајцата и отишол до некој рит. Почнал да чука, сѐ му изнела, ракија, пил, јал, сѐ, се најал, се напил, и пак отишол човекот дома. И таму со жената пиле, јале. И после по некоја недела го викнал царот да јаде таму. Царот му рекол: „Ќе ми го дадеш синичето." Човекот му рекол: „Не гó давам синичето!" И човекот рекол: „Сѐ што сакаш ќе ти дам, сѐ што си имал." И човекот не гó дава, ама царот пак му го зел. И отишол пак на истата бука. И му рекол госпот: „Тебе и синичето ти го зедоа, ама ја сега ќе ти дам едно дурдупче. Да му речеш 'дурдупче', ќе почне да мава. Ќе ти дадат сѐ." И тој го гонил првен кај магарето, човекот рекол: „Дурдупче." И почнало да мава. Дечиштата рекле: „Аман, нека не мава, ќе ти го дадеме магарето и парите." И после му го дале магарето и парите. Отишол кај терзијата и почнал и му рекол: „Дајтé ми ја кокошката и јајцата!" Тија не ја даале, и рекол: „Дурдупче." И почнало да мава дурдупчето, и мавало, мавало, и рекол терзијата: „Аман, нека не мава, ќе ти ја дадеме кокошката и јајцата." И после тој

рекол 'дурдупче' и се запрело то. Отука пошол кај царот и му рекол: „Дај ми го синичето!" Царот рекол: „Не ти го̀ давам!" Се валил со кучињата. И почнал човекот да вика 'дурдупче'. Она клето мавало и по куќата и по царот, и после викнал, рекол царот: „Аман, нека не мава! Ќе ти дам сѐ, што су јал, ќе ти плата, и синичето ќе ти го дам." После така човекот си станал богат.

момче 14 г. (Н. Рајтер)
Rei 1964 : 248–249; Вид 1995б : 66–67

Мартолци

Имаше еден орач...

Имаше еден орач и ораше. Орачот си донесе семе. Носејќи семе, летнало от небото едно пиле, врр во дисаѓите, му го искӑлва семето. Му го искӑлва семето и рече: „Другиот ден, мајката, семево ми го нема, ми го искӑлва, ми изеде." Е, пойде, значи, ќе го чека пилево другиот ден, фториот ден, ќе го чека. Чекајќи, и пилево озгора врр, во дисајте влезе, и го кӑлва. И орачот дојде, го вана, рече: „Оти го кӑлваш семево?" Рече: „Дај, уште едно семе ќе ми дајш. Утре ќе донесеш, па ќе ти даам друзи шеови. Три семиња ќе ти кӑлвам, три семиња ќе ми дадеш, ја ќе ти даам три шеа." Е отуа, му донесе другиот ден, искӑлва семето и рече: „Само ќе", рече, „ѓурчине, ѓурчине! Кај да су, ќе ти се јава! Ќе се јава и ќе ти даам три шеа." Е, му даде прво една маса — знаеш. И седна, ќе принесе соврата леп, јадење, сѐ. Е, пойду' еден Турчин, му ја зима Турчиноф соврā. Е пойдује: „Ѓурчине, Ѓурчине! Ми е зед' еден Турчин соврата." Зимајк'и, му дава едно магаре, му дава магарето: „Немој", вика, „да му викаш, 'зрр магаре, зрр' оти лошо е." На меана пошол и: „Немој, анци", рече, „да му носиш, да му викаш 'зрр, магаре, зрр', оти лошо е магарето моје. „И овој си пошол у пазарот, значи овија сајбијата на магарево, и овој 'зрр, зрр', и злато. Го сменил магарево, друго магаре на тоа место му тура, исто магаре. Коа го дотерал му рекол: „Зрр, магаре, зрр!" сајбијата, нема злато, не сере, лепешки сере. Е па: „Ѓурчине, Ѓурчине, ти викам нешто!" „Што мѝ викаш?" „Ми зедоа магарето." „Ништо", рече, „ќе ти дадам еден дуртупуз-муртупус. Иди му прво на Турчинот, ќе ти даде!" Пойде на Турчинот: „Немој да му викаш „ага", — ова за маса знаеш — „совра-мовра, оти е лошо ова!" Е овој.....

човек 70 г. (Н. Рајтер)
Rei 1964 : 251

Богомила

Цареа ќерка се бања

Ѝмал некој-цáр една-ќéрка. Ко-се-кáпала ќéрката цéлиот грáт бѝл зáтворен, да-нéма да-се-óди на-рáбота нѝгдека. И-си-бѝл некој-сѝромаф и-тóј ѝмал трѝ-ќерки и-еден-сѝн. Ќéрките дóшло врéме да-се-мáжат. Постáрата је-дáл за-óрел, посрéдната је-дáл за-шт̀рк, а-најмáлата за-ќóс. Мáшкото нáшло от-цáрот ќéрка̀-му слѝка. И-сéга сѝноф óди кај-óрелот, кај-постариóв-зет, и-му-вѝка на-óрелот: „Дали-си-је-вѝдел овá-слика (девóјката)? Óрелот бѝл старéшина на-сѝте óрлите, и-и-прáшал óрлите дали-је-вѝделе нéгде девóјката. Ама-тѝе нѝгде не-је-вѝделе. И-тóј (óрелоф) го-прáќа дéтево кај-другиót-зет, кај-штр̀кот, да-не-је-вѝдел нéгде тóј. И-тóј (штр̀кот) и-сóбрал штркóјте сѝте и-и-прáшал дáли је-вѝделе нéгде девóјката. Éден от-штркóјте је-вѝдел и-му-кáжуе нéму: „је-вѝ-доф“. И-сéга тóј го-прáќа кај-најмалиót зет, кај-ќóсот, тóј да-г-ýчит. Сéга ќóсот ќе-г-ýчит да-се-прáјт пѝле мóмчево, пѝле шáрено, ýбō. Сéга ќе-се-кáпет на-цáрот ќéрка-му. Грáдот се-зáтвора вéќе. И-сéга пóјдуе пѝлето кај-што-се-кáпе на-цáрот ќéрка-му. Тáа се-кáпе, а-тóа óди крáј-неа, чр̀чори, ама-в-рáце не-сé-дава да-го-вáне. И-тáка цéл-ден је-лáгало пѝлето. И-се-стéмнило, си-óтишла ќéрка-му на цáрот дóма, и-му-рéкла на-цáрот: „Тáтко, ýтре пáк ќе-ме-пýштиш да-се-кáпа“. Тóј рéкол: „Нé-може двá-дена грáдот да-бѝде зáтворен“. Áма пá је-пýштил, и-грáдот пá е-зáтворен. И-тáа óтишла да-се-кáпе, и-пѝлето пá крáј-неа цéл-ден. И-нáјпосле је-се-дáло в-рáце, го-вáнала. И-гледáјќи-го пѝлето, тóа пá је-побéгнало на-девóјкава óд-раце. И-тáка цéл-ден, пѝлето избéгало, тáа си-пóшла дóма. Утрéдента пá го-мóли тáтка-си да-је-пýшти на-кáпен'е уште-еден-дéн. И-тóј је-пýштил. Тамáн тáа пóшла да-се-кáпе и-трећиót-ден, пѝлето дóшло пá, тáа го-вáќала и-тóа вéчерта је-се-дáло в-рáце. Тáа го-вáнала пѝлето и-си-г-óднесла дóма кај-тáтко-је да-му-кáже зáшто óдела трѝ-дена на-кáпен'е. Му-напрáјла ка-дóма на-пѝлево кáвес. И-тóа сéга дéн'е пѝле, а-нóќе мóмче, си-óдело кáј-неа. Еден-дéн тáа му-рекла на-цáрот: „Тáте, јá ќе-се-мáжа“, и-му-го-кáжала ергéнчето (пѝлево). И-цáрот рéкол: „Дóбро, áма ако-нáпрāј от-кýќата нéгоа до-нáшава сéто мéрмер да-бѝде, и-да-нáсади сéкакви др̀вја прорóдени“. И-тáа му-рéкла на-дéтево (пѝлево) и-тóа напрáјло сé што-рéкол цáрот. И-пóсле цáрот рéкол: „Да-зáколе уште-ѝл'јада вóла и-од-мéсото нѝшто да-не-óстане, да-нéма трáга óд-него“. Тáа пáк му-рéкла на-ергéнчето, и-тóа стáнало, зáклало ил'јада-вóлои, пóсле и-свѝкал óрлите

се́ да-го-кре́нат. И-ти́е го-кре́нале, ни́што не-оста́нало од-ме́сото. Је-пра́тил ма́јка-му да-о́ди кај-ца́рот и-да-му-ка́же оти-се́ што-на́редил ца́рот, се́ би́ло сто́рено. И-ма́јка-му по́шла кај-ца́рот и-му-ре́кла: „че́стити ца́ре, се́ што-си-на́редил, де́тево мо́е се́ на́прāј". И-то́гај ца́рот им-до́зволил да-си-се-зе́мат ти́е, пи́лево и-ќе́рка-му.

Велика Миланова (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 67–68

ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКИ ГОВОРИ

Прилепско

Прилеп

(Господ и Нојо)

Му-ка́жал Го́спо на-Но́ја, ќе-би́ди по́топ. Но́јо ре́кол: Кога-ќе́-биди по́топо да-зна́м. Кога-ќе́-биди, ко́ᵃ-ќе-ја́диш на-же́лезна си́нија, то́гаш да-се-се́тиш, да-се-се́тиш оти-ќе-би́ди. Ама-да-си-на́прајш ко́рап по́голем, да-зе́миш от-се́ко́ᵃ ли́шка по-две́ да-не-се-за́губи се́мето. Би́ло ле́те, жни́јале. О́згора вр̄ни, о́здола во́да и́звирај. И-кла́ле спро́јте ва́ка, и-скр̄стиле, и-кла́ле ле́б да-ја́дат, и-то́гаш се-се́тиле оти-ќе-би́ди по́топ, како-шо-ре́кол Го́спо. Се-насо́брале от-си́те ли́шки по-две́, по-две́, вле́гле во-ко́рабо и-на-некој-ри́д на́јголем шо-би́л на-све́тот, на́јвисок, та́му ќе-го терал Но́јо. Се-ски́нал пу́сти ко́рап не́где, вле́гло во́да, зми́јата со-опа́шката го-за́тнала. И-ко́ᵃ-и́злегле та́му ве́ќе на-суво, ре́кла зми́јата: от-која крф је-на́јблага о́д-не́ᵃ да-пи́јат. Па-чоечката́-крф би́ла на́јблага. Га́рванот зи́нал да-ка́жи, дури-ре́кол га́, ласту́јцата му-го-ски́нала ја́зико со-клу́нот, о́станал га́врано бе́з-јазик ве́к и-су́т. А-пак-ласто́јцата зе́ла че́с, се́ᵃ за́тоᵃ во-ку́ќа пра́ј се́дела.

Дунавка Конеска (Блаже Конески)
Кон 1949 : 397–398; Вид 1995б : 35

Прилеп

(Мајката го колне сина си)

Една-ма́јка си-го-прико́лнала си́на-си. „Ду́ри — рече — не-
-је́-видиш о́т-крај на́-крај зе́мјава, ко́ските, си́нко, да-не-ти-се-по́чи-
нат“. Се-ми́слел то́ј што-да́-прај, шо-да́-чини, и-о́тишол најо́дзади
о́рлите кај-шо-се-со́брале над-не́ко[а] мр̑ша. Ва́ка и-ва́ка, му-је-ка́жа
ни́м ма́ката сво́ја, и-и-мо́леше да-го-и́звиша го́ре, дури-не-ја́-види
до́-крај зе́мјата. „Ар̑но“ — му-ре́ко[а] о́рлите. Туку-ти́ за́коли една-
кра́ва и-на́полни една-ме́шина во́да. Ко[а]-ќе-ти-поба́раме да-ја́диме,
от-кра́вата да-ни-да́јш, ко[а]-ќе-ти-поба́раме да-пи́јаме, во́да да-ни̯л
да́јш“. Се́ на́прај то́ј та́ка и-о́рлите го-кре́на̄. Ле́тале, ле́тале,
и-на́јпосле му-ре́кле о́рлите на-мо́мчето: „По́гледај се́га до́лу“.
Се-о́пулил то́ј и-шо-ќе-види-една-ка́пина и еден-смо́к се-сви́ткал
околу-капи́ната. Се́га ка́ј-сакаш да-те-пу́шчиме. Да́ли-на-капи́ната,
дали-на-смо́кон. Ако-ме-пу́шчат на-капи́ната — си-ре́кол то́ј со-
-у́мо-ќе-с-и́здраскам. Баре-нека-ме-пу́шча на-смо́кон, ќе-с-о́ткинам. Ко[а]-ти-пу́шчиле, чклу́п во-во́да. Оти-земја̄ се́та со-во́да би́ла
обико́лена.

Дунавка Конеска (Блаже Конески)
Кон 1949 : 398; Вид 1995б : 35–36

Прилеп

От камчиња маџа

О́тишол е́ден спа́ија во-не́кое се́ло и ко́ндисал во-е́дна ку́ќа
на́-конак. Дома́ќинот со-си́те ку́ќни лу́ѓе о́тишол в-по́ле на-ра́бота,
а до́ма беше-оста́иле е́дна ба́ба за-да-ва́рдит ку́ќата. Вре́мето би́ло
за-ру́чек, та по́сакал спа́ијата од-ба́бата ру́чек. Му-ста́вила ба́бата
ржана по́гача и со́лпипер. „По́вели, спа́ио, ле́б и со́л, што-ни-да́л
Го́спот; ако-бе́а неве́стите о́вде, мо́жи да-ти-напра́иа и не́што ру́-
чек, а́ма за-не́кӓсмет оти́доа на-ра́бота“, му-ре́кла. „О́в, мо́ри ба́-
бо, мо́ри ма́јче, а́ми кога-и́мат ржа́н-лебец не́-берам га́јле ја́с
за-ма́нџа и ко́га и́мат ка́мчиња белутра́чиња о́д-ни̯в ја́с мо́жам
да-на́праам е́дна ма́нџа, што пр̑стите да-си-и-и́зеиш от-сла́дина! Ја́
по́јди е́ден ча́с по́надвор, та со́бери тро́а ка́мчиња белутра́чиња
ко́лку е́ден гр̑с и и́зми-ј̨ со-не́колку во́ди, за-да-се-о́чистат у́бао,
по́сле кла́ј̨ во-е́дна та́ва тро́а во́да да-зо́врие и гле́ај се́ир што-

-манџа јáс ќе-ти-нáправм прстите да-си-ѝзеиш.“ Кога-чýла сѝрота бáба от-спаѝјата тóј-збор, отрчала и нáбрала кáмчиња, запáлила óгон и ја-нáтерал бáбата да-дóнесит трóа мáс и трóа брáшно, без-нѝкаква ѓéфа, чýнќи ќе-се-нáучи бáба от-кáмчиња да-прáит мáнџа.

Óпржил спаѝјата éдна кáша и и-тýрил камчѝњата внáтре, се-повáриле мáлку со-кáшата и је-клáл тáвата на-трпеза за-да-рýчаат, а бáбата тýку се-чýдит како-ќé-бидат камчѝњата и како ќе-сé-јадат.

И-вѝкнал на-бáбата спаѝјата за-ѝ-таја да-рýчат мáнџа от-кáмчиња, и со-гóлем кéф бáба сéднала да-јáди. Зáватил спаѝјата да-мáка от-кáшата и негдé-годе си-вáдел по-нéкое кáмче, излѝжи-го чѝнел и óстај-го на-трпеза. Извáила бáба ѝ таја éдно кáмче, вáтила да-го-ѓвáка, ѓвáкала, ѓвáкала, нѝшто жѝво не-мóжела да-го-сóѓвака и-тáја го-остáила на-трпеза и му-рéкла на-спаѝјата: „ó-о-о-в мóре кýтри спáио, дáли вáка ќе-напраéше от-кáмчиња мáнџа, áми за-кáша кóј нé-знаит да-нáправ, камчѝњата и-клáде кóлку за-ýрвокос а нé óти за-да-се-јáдат, за-кóлку да-ми-стóриш мéне пáкос, за-да-си-скршам зáбот. Éте тóј мáрифет ѝмала мáнџата твóја, со-кáмчиња што-ја-нáправ, за-дéка пýсти éден зáб ѝмав ѝ-тој да-го-нéмам, тој-мáрифет ја-наýчи пýстата бáба твóја. И дрýго си-ја-пóарџив мáвџата што-ќе-ја-јáдевме сетá-куќа, éте тој-мáрифет нáучив, спáио мóре“, му-рéкла бáбата налýтена.

(Марко Цепенков)
СбНУ 1892 : 228–229; Вид 1995б : 36–37

Прилеѓ

Мајсторот што го турнал оџакот

Éден мáјстор му-нáправил на-нéкој чóек éден óџак. На-бити-сýање вéчерта вáтил óџакот да-се-навáлуа за-да-пáѓа, и мáјсторот му-óпирал плéќите за-да-го-пóтпират да-не-пáдни. Áрно áма плитáрите тéшќи бѝле и вáтиле да-се-навáлаат, чýнќи нáкриво бéше го-нáправил. Свѝкал по-стóпанот от-кýќата: „éј чóрбаџи, éве óџакот го-нáправив, éла дáј-ми ѓýнлукот, óти ќе-го-тýрнам, вáка да-знáиш.“ — „Áрно, мáјсторе, ќе-ми-ти-плáтам, слéзи дóлу ќе-ми-ти-нáплатам.“ — „Мóре јá óвде ми-нóсиш пáри, јá ќе-го-тýрнам“, му-рéкол мáјсторот. Брé го-мóли стóпанот, брé го-кóли, áрно áма

ма́јсторо не-му-сле́гуал ни́што жи́во и на́јпосле о́двај го-кре́пе и ви́де о́ти ќе-па́ѓат о́ѓако, се-пои́стајл и па́днал. Тиќи му-ре́кол сто́панот: „мо́ре, о́ти го-ту́рна о́ѓакот, ма́јсторе бре́, да-би-а́ир не́-видел?“ — „А́ми коа-ти-ве́лев доне́си-ми ѓу́нлукот о́вдеа, му-ре́кол налу́тено и то́ј на-сто́панот — ти́ и́ч баре не́ќеше да-ме-зна́иш. Лели́ ја́с сум-го-пра́ил, ќе-го-ту́ркам, е́м ќе-го-на́ттуркам.“ Едни́пати и ла́гата по́крива страмо́тата. Са́м ма́јсторот беше-се-по́валил пред-дру́зи ма́јстори, оти та́ка и́злагал.

(Марко Цепенков)
СбНУ 1892 : 228–229; Вид 1995б : 37

Кривогаштани

Една случка на пијаница

Беше-ти-би́л филя́н чо́ек. Ти-и́мал го́лема се́рмија. Сино́јте му-би́ле но́гу рабо́тливи, рабо́теле и-де́н'е и-но́ќе. Ти-се-прибли́жувал Спа́соен. Во-Коре́инца ти-го-пра́еле Спа́соен. Де́нта би́л Спа́соен и чо́екоф се-ка́чил на́-балкан и и-ви́дел лу́ѓето оти-тр̀гнале на́-гости. И-то́ј сле́гол до́лу, го-спре́гнал ко́н'о во-ко́лата и тр̀гнал со-жена́та-си Коре́инца. Фта́сал кај-сва́то, и сва́то но́гу у́бо: го-пре́чекал, Та́му ти-се-на́шле но́гу прија́тели и чи́неле лакр̀дии це́л-ден. Не́кој вла́гале, не́кој изла́гале од-ода́јата, пи́јале, пра́веле ме́зе, и се-приближу́вало вре́ме за-ру́чек. Дру́гите пи́јале саде-до́полу, а филя́н-филя́н ти-пи́јал до́-газер. И-со́брале чаши́ната и-кла́вале ру́чек. Си́те ру́чале, а филя́н-чоек ма́лу ка́снал и не́-можел по́јчке, оти-ти-пи́јал но́гу. Си́те ти-тр̀гнале за-до́ма и домаќи́ните у́бо: и-испра́ќале. И чо́екоф от-Криога́штани по́следен ти-и́злегол о́т-куќа. Го-испра́тиле со-же́на-му Ристе́јца. Е́дно излегу́ван'е от-по́ртата, ти-го-у́дрил ко́н'о со-ка́мшико и то́ј, ко́н'о, ти-бо́днал. По-па́т вр̀вел некој-чо́ек. Чо́екоф от-Криога́штани, пи́јан до́-тука, го-ка́рал за-ма́јка, за-се́стра, вика́јќум колку-што-мо́жел. Чо́екоф што-о́дел по-па́то му-у́дрил едно-ма́:н'е и то́ј ти-па́днал на́-гла: во-ко́лата. Жена́та-му спи́скала и му-ве́лела не́што, а то́ј мр̀морел не́што, и́ пона́таки си-мр̀морел. Ма́лку се-пои́спрајл и сил тр̀гнале на́прет. Ти-се-на́лутил но́гу и го-бо́днал ко́н'о. Ко́н'о ти-би́л ќо́р со-едното́-око и е́дно боди́нан'е, ко́лата се-преја́тила во-е́ндеко. Ту́ка се-на́шле не́кој и ви́деле ка́ко филя́н-филя́н-чоек си-е-о́кршил ра́ката. И ве́днаш го-до́несле Криога́штани, ви́кнале

до́ктур, ви́кнале бр̑за по́мош и го-о́днесле При́леп на-бо́лница. И отко[a]-си-до́шол до́ма, по́јчке не́-пијал, се-опа́метил.

(Стојко Николовски)
Вид 1995б : 37-38

Дебрешше

Мајсторите на Настрадин-оџа

1. Комши́јата е́днуш о́тиде кај-Настради́н-оџа да-му-го-по́сакат мага́рето да-[x]о́јт до-воде́јнца. [x]О́џата му-ре́че: „Не́-јет ту́ка мага́рето, бре-ко́мши“. На-то́а зго́ра мага́рето ри́кна. И комши́јата му-ре́че на-Насради́н-оџа: „О́ти, бре-[x]о́џа, ме-ла́жиш, е́не-го мага́рето ри́кат“. Насради́н-оџа му-ре́кол: „Е́ј се́га не-ме-ве́руаш ме́не, го-ве́руаш мага́рено“.

2. Насради́н-оџа о́тиде е́днаш кај-комши́те да-по́барат ко́тел. И му-да́доа. Свр̑ше рабо́тата и му-го-вра́те ко́телот на-комши́јата и едно-ма́ло ко́тле му-да́де фа́зла. И то́ј (комши́јата) му-ре́че: „О́ти, Насради́н-оџа, ми-го-да́ваш и о́ва ма́лово ко́тле?“ Насради́н-оџа му-ве́лит: „О́ти, о́ти ко́телот ро́де, за́тоа ти-го-да́вам и ко́тлево“. Е́вала, Насради́н-оџа“, му-ре́кол комши́јата. Не-о́тиде два́-дена па́к о́тиде Насради́н-оџа да-го-по́бара ко́телот. И му-го-да́де па́к комши́јата. Го-зе́де Насради́н-оџа ко́телот и си-о́тиде. По́мина ба́ѓи вре́ме а Насради́н-оџа не-го́-носит ко́телов и комши́јава о́тиде да-го-по́барат и му-ве́лит на-Насради́н-оџа: „О́ти не-ми-го́-врате ко́телот?“ Насради́н-оџа ре́че: „Ко́телот у́мре“! — „Ка́ко у́мрел ко́тел, о́ти ва́ка пра́јш?“ му-ве́лит комши́јата. — „Е́, то́а што-се-ра́ѓат и у́мират“ — му-ре́кол Насради́н-оџа.

3. Е́ден о́тиде кај-Насради́н-оџа да-по́бара една-о́ртома: „Ѓа-ми-а-да́јш орто́мата, ќ-о́дам в-ли́ваѓе“. — „Не́ можам да-ти-ја-да́м — му-ре́кол Насради́н-оџа — су́шам бра́шно на́-неа“. „А́-бре Насради́н-оџа, се-су́шело бра́шно на-о́ртома? О́ти ме-ла́жиш? - „Ко-да-не́јќум да-ти-је-да́м, та́ка се-ве́лит“ — му-ре́кол Насради́н-оџа.

4. О́тиде во-едно-ка́фе Насради́н-оџа. А́ма ни́кој не-му́-сторе че́с. Бе́ше и́скинат мно́гу, и ни́кој не-му-с-опулу́аше. Ста́не то́ј, си-о́тиде до́ма, се-о́блече, се-про́мена, го-о́блече па́лтото а́џиско и о́тиде па́ на-ка́фе. Ко-го-ви́доа та́ка и ско́чија: „Бу́јрум Насради́н-оџа“ и зе́доа да-му-нара́чуат ка́фе. Му-го-до́јсоа ка́фето, На-

сради́н-оџа зе-да-пи́јат. И то́ј зе́ми-го фи́л'џанот, ту́ри-го во-ра́каот от-па́лтото". О́ти го-ту́раш ка́фето во ра́каот, ни́е ти-да́ваме да-пи́јаш". — „Ви́е са́јѓија му-пра́јте на-па́лтово — му-ре́чe Насради́н-оџа — не-ми-пра́јте ме́не. Пре́ѓеска кога-бе́ф и́скинат ни́кој не-ми-се-пу́лефте. Ќе́ф му-пра́јте на-па́лтово". И ти́е то́гај се-заќу́теа.

5. Една ве́чер во-комши́те и́мало та́тлија и ра́збрал Насради́н-оџа, и ѝ-ве́лит на-жена́та-му: „На́вечер ко́ј ќе-до́јт за-вечéран'е, ќе-се-ска́раме ни́е два́јца, ти́ ќе-зе́миш да-ви́каш и ќе-по́бегниш кај-на́шиве кај-што-е-татли́јава, ја́ ќе-тр́чам по́-тебе, ти́ о́дма ќе-бе́гаш ка́ј-ними, и по́сле ја́ ќе-до́јдам по́-тебе. Ти́е ќе-ве́лаат што́-јет ова-ѓуру́лтија, те́пан'е, а ја́ ќе-им-ве́лам: дајте́-ми-ја, пуштете́-ми-ја. Ти́е ќе-ми-ре́чат: се́дни, не́-јет у́бō ва́ка да-се-ка́рате. И ја́ ќе-си-се́днам ту́ка. Ти́е ќе-нѐ-ви́кнат да-вечéраме, ќе-се́дниме и́-ние, ќе-си-вечéраме; ја́ ко-ба́ѓи лу́т, до́-мене не́ма да-се́диш". Му-до́јсоа да-вечéрāт и вечéрā. Ја-до́јсоа татли́јата да-ја́дат. И то́гај Насради́н-оџа им-ве́лише: Да-беше-сум-ја-фа́тел — и со-ла́јцата ја́дит та́тлија; ти́е му-се-пу́лат не́му и то́ј пре́д-него го-и́зеде, зе́де да-до́сигат пре́д-ними, ка́жуај и ја́ди, им-је-и́зеде татли́јата, и си-ста́наа, се-поми́реа, си-оти́доа до́ма. И то́гај ѝ-ре́чe на-же́ната: „Ко-ти-ве́леф та́ка да-напра́јме, им-је-и́зедов татли́јата; ако-не-беше та́ка, ти́е не-нѐ-ви́кā.

Исмаил Амшиќ (Божидар Видоески 1950)
Вид 1995б : 38-39

Вранче

Мајсторо што го турнал оџако

Си-би́л еден-чо́ек. То́ј си-на́прајл ма́лечка ку́ќичка. Пу́стите ма́јстори забора́јле да-му-на́пра:т о́џак. Еден-де́н ви́кнал сто́пано еден-чо́ек от-се́лото шо-се-ка́жуал за-ма́јстор. Де́нта то́ј по́чнал да-го-пра́ј о́џако. Се-ски́нал пу́стијо работе́ќум. И ве́черта о́џако би́л го́тоф. А́рно-ама то́ј по́чнал да-се-нава́лува. Се́га шо́-прај ма́јсторо! Се-пу́лил до́лу кај-сто́пано и по́чнал да-ви́ка: „Слу́шај чо́рбаџи, о́џако е-го́тоф. Ка́чи-се го́ре да-ми-го-да́јш а́ко, оти-ќе-го-ту́рнам о́џако". „Мо́ре а́ман ма́јсторе. Сле́зи до́лу, ќе-ти-го-да́м а́ко". „Слу́шај га́зда, и́ли но́си-го а́ко, и́ли го-ту́ркам о́џако". Сто́пано би́л по́стар чо́ек и не́-можел да-се-ка́чи на-ку́ќата. Кога-

-ви́дел ма́јсторо оти-се-нава́лува о́џако, по́чнал да-ви́ка у́ше по́силно по-сто́пано. То́ј са́мо и-со́бирал рамени́ците и го-мо́лел да-сле́зи до́лу. А́ма плита́рите по́чнале да-па́ѓа:. О́џакот се-на́валил, а ма́јсторо не́мало шо-да́-прај, се-тр̀гнал и о́џако па́днал. Та́ка ло́шијо ма́јстор са́кал да-го-скри́е стра́мо, а́рно-ама села́ните ра́збрале со-кого-и́ма:т ра́бота и по́ќе не-го-сме́тале за-ма́јстор.

Ако-е-ви́стина, го́лема ла́га, ки́-знај да́ли о́ва би́ло та́ка, ама се́кој ма́јстор ја-зна́ј прика́знава.

Илија Димоски (Петар Атанасовски)

Битола

Качка Каличка

Си-бе́ше шо-не-си́-беше. Си-бе́ше една-ба́ба и еден-де́до. Си-не́мале де́ца. Си-на́шле едно-чу́пе и му-го-кла́ле името Ка́чка Ка́личка. Еден-де́н де́дото и ба́бата о́ј̣доја цр̀ква и му-ре́кле на-чу́пето да-не-та́рашва ф-ку́ќи, да-се́ди ми́рна дури-да-до́ᵃт. На-ма́нгало и́мало едно-гр̀не со-гра́ да-се-ва́ри. Ка́чка Ка́личка ви́дела на-по́лицата на-síдо едно-ја́болко и се-ка́чила на-сто́лето да-го-зе́ми. Се-сли́знала и па́днала во-гр̀нето со-гра́ и се-попа́рила. Ко-се-вра́тиле ба́бата и де́дото о́т-црква, тро́пале, тро́пале на-по́ртата да-му-о́твори Ка́чка Ка́личка, а́ма ни́кој не-му-о́твори. Ја-скр̀шиле по́ртата и вле́гле до́ма. Че́кале, че́кале да-до́ј̣ чу́пето да-ру́ча̂ат, ама не́-дошло. Се́днале да-ру́ча̂ат. Си-ту́риле гра́ во-па́ј̣нцата да-ја́дат. Ко-си-ту́риле по-фто́р-пат, оти-би́ле но́гу гла́дни, во-па́ј̣нцата шлу́п! па́днала Ка́чка Ка́личка. Фа́тиле да-пла́чат, да-пла́чат и од-жа́л' у́мреле. Кога-слу́шнала ку́ќата, од-жа́л' си-и-исту́рила ѓерами́дите. До́шла стра́чката и ја-пра́шала ку́ќата зо́што и-и́стурила ѓерами́дите. Ку́ќата му-ре́кла: „Ка́ко да-не-и-и́стурам? Не́-зна̣ј̣ш шо-се́-стори? Ка́чка Ка́личка в-гр̀не се-по́пари. Ста́рите пла́каја и у́мреја и е́те ја́с ѓерами́дите.“ Кога-слу́шнала стра́чката, од-жа́л' му-па́днала опа́шката и ле́тнала. О́шла кај-кру́шата и му-ре́кла: „Шо́-е о́ва на́-тебе, са́мо кру́ши ра́ѓаш а не́-зна̣ј̣ш шо-се́-стори?“ Кру́шата ја-пра́шала шо-се́-стори. Стра́чката му-ре́кла: „Ка́чка Ка́личка гр̀не се-по́пари, ста́рите пла́каја — у́мреја, ку́ќата — ѓерами́дите и е́те ја́с опа́шката. „Кога-го-слу́шна то́ᵃ кру́шата и гррр! — си́те кру́ши и-и́стури на́-земи од-жа́л'. По́таму стра́чката ви́дела едно-ба́јче кај-шо-си-па́си тре́ва

и му-ре́кла: „Шо́-праѓш ти́, само-па́сиш, а не́-знаѓш шо-се́-стори?“ И му-ка́жала се́ по-ре́т. То́гај на-ба́јчето од-жа́л' му-се-изро́нале си́те за́би. По́сле стра́чката о́шла цр̏ква кај-шо-пе́ѓше по́по и му-ре́кла: „Ти́, по́пе, само-пе́ѓш, а не́-знаѓш шо-се́-стори?“ И му-ка́зала се́ по-ре́т: „Ка́чка Ка́личка гр̏не се-по́пари, ста́рите пла́каја — у́мреја, ку́ќата ѓерами́дите, стра́чката опа́шката, кру́шата кру́шите, ба́јчето за́бите, а ти́ само-пе́ѓш.“ То́гај по́по си-го-и́звај но́же́то од-ц̏е́бо и тра́к! си-го-пре́сече малио́-прс од жа́л'. О́шол до́ма и попа́јата го-пра́шва зо́што си-го-пре́секол пр̏сто. По́по му-ре́кол: „Е́ ка́ко да-не-си-го́-сечам! Ка́чка Ка́личка гр̏не се-по́пари, ста́рите пла́каја и у́мреја, ку́ќата ѓерами́дите, стра́чката опа́шката, кру́шата кру́шите, ба́јчето за́бите, ја́с пр̏сто, а ти́ са́мо пре́диш.“ То́гај попа́јата како-шо-пре́дела со-фу́рката, ја-зе́ла и ја-скр̏шила на́-две и ја-фр̏лила.

Христина Димоска 75 г. (Божидар Видоески 1970)
Вид 1995б : 39-40

Дихово

(Пашата арамиа)

Ста́на е́дно вре́ме, бе́ше е́ден бек. Му ве́ли а́нката не́го̄: „Бе́гу,“ му ве́ли, „ја(с) са́кам,“ ре́че, „на кона́ците ва́ка о́колу сѐ а́влӣ да на́прајш ви́соки, да не́ ме пу́ли ме́не маш,“ му ве́ли а́нката на бе́го, на Ту́рчино. И тој зе́ма раба́цӣ и ко́ли да но́сат ка́мен и кла́ва ма́јстори, и ди́гна авлӣте то́лку шо кона́ците. До́бро.

Ста́на едно вре́ме, еден де́н бе́го и ви́кна коко́шките: „Пи́ле, пи́ле, пи́ле,“ да и ра́ни та́ка, ко̄ е́те го и пе́тело 'ки́кири, ки́кири', и хоп, а́нката се за́була, си го кла́ј фере́цето на ли́цето. Му ве́ли бе́го: „О́ти, а́нко, та́ка се за́бул'ваш?“ „А́ма пе́тело е ма́ш! Не́ сакам да ми го пу́ли ли́цето ме́не.“ Е, до́бро.

Е́дно у́тро е та́ка, две, пет у́трије, и ра́ни коко́шките и а́нката се за́бул'ва от пе́тело.

Ста́нва, о́вие, бе́го и бего́јте, се собе́рва̄ да пра̄т еден ме́целис. Е, се́га, се фа́л'ат бего́јте: јас ва́ка, јас та́ка. Му ве́ли о́вај бе́го: „Од же́ната мо́ја попо́шќена не́ма,“ му ве́ли, „во ду́њата.“ А е́ден дру́гар не́гоф, на бе́го, шо је зна́ел, оти с и́мала шва́лер а́нката не́го̄, му ве́ли: „Од а́нката тво́ја пораси́пана не́ма.“ „Отка́ј знајш ти?“, ре́че, „од а́нката мо́ја попо́шќена не́ма, от пе́тело се

кри́е!“ „Са́каш, мо́ре, да ви́диш с о́чите?“ „Са́кам.“ „Ќе му ре́чиш та́ка: ‘А́но, о́печ(и) една ко́кошка, да ме́сиш една по́гача, да на́полниш една ка́рта ви́но, и да ми да́јш два а́лишќа, два ко́стуми — а́лишќа да ми да́јш. Ќе зами́ниме, да ре́чиме, од Би́тол’а за Со́лун, на конфере́нциа.’

А́нкава и́спекла ко́кошка, ме́си по́гача, една ка́рта ви́но, му да́ва два ко́стуми — а́лишќа, еден ку́фер и го и́спраќа, а о́вој не́ ој Со́лун, о́ј кај дру́гаро да ви́ди чу́дото од же́ната. Е, се скри́ то́ј кај дру́гаро, ко̄ а́нката преку па́то, низ едно вра́тниче, м(у) о́јде кај шва́леро. „Е,“ му ве́ли на бе́го то́ј дру́гаро: „Бе́гу, ви́де со о́чите тво̄ј шо прај а́нката тво́ја?“ „Јас,“ ре́че, „се ко́леф за а́нката мо́ја да би́ди на о́вај рет“! То́лку да би́ди пушќе́ница!“

Е, до́бро. Се́де та́му еден де́н, два. Ј изе́до̄ коко́шката кај дру́гаро, пога́чата. И си до́јде по два́ дена до́ма. И се́га не му́ вели нӣшќо на а́нката.

Ко̄ едно вре́ме с о́пл’ачка Би́тол’а дуќа́ните, сѐ. Ш(о) и́мало матера́ли по дуќа́ните, сѐ с у́краде. Е, наре́дува вали́ата на суари́те да се пре́треси Би́тол’а, да се на́јдат арами́те, ко́ј се. Е, не́ можат да и на́јдат. О́вај бе́го му ве́ли на вали́ата: „Мо́ре, ва́лиа, да́ј ми ме́не пет, ше́смина суа́рӣ, јас ќ и фа́там арами́те.“

Му да́ва пет, шес суа́рӣ, ка́ко мили́циа. Му да́ва. Ба́ра ту́а Би́тол’а, не́ можи да ва́ти ара́мӣ, и за́минва за О́рит, за Ре́сен. Е, ба́ра и та́му, Ре́сен и О́рит да фа́ти. Ара́мӣ не́ма. С и́ди у́дулу од О́рит. А па́шата ту́рцки со а́скеро и́злегол од Би́тол’а. Ви́каме е́дно ме́сто Бимби́л’-камен. А о́вој бе́го пак со суари́те osгора. И ко шо и́деше о́вој па́шата ту́рцки со а́скеро, па́шата пу́ли мра́ви, и ва́ка, преку ца́дето. И му ве́ли на а́скерот: „За́стани“, ре́че, „та́му да поми́на мра́вите. Та́му се́дна мра́вјалник.“ И ко пу́ли о́вој дру́гио: ви́стина. И му наре́дува на сури́те да се вр̄зи па́шата. Е, го вр̄зва па́шата, го но́си Би́тол’а. Ко пре́тресе во кона́ците не́го̄ј, от це́ла Би́тол’а шо се укра́дило, сѐ е кај па́шата за́јсено.

Му ве́ли вали́ата: „Мо́ре, бе́гу,“ ре́че, „јас на о́вој па́шата сум до́верил др̄жава. По ка́коф на́чин ти го до́фате не́го, то́ј да е арами́ата?“ „Е,“ му ка́жва, „го фа́тиф арами́ата по же́ната.“ „Е, ка́ко по же́ната?“ Му ве́ли: „Ми на́реде ме́не же́ната да на́пра̄м а́влѝ ва́ка, о́колу на о́колу, пови́соки от кона́ците? ‘О́ти, мо́ри же́но, та́ка ми наре́дуваш?’ ‘Да не ме́ пули ма́ш ме́не, да не ме́ види.’ „Јас,“ ре́че, „кла́вам ма́јстори, на́прајф а́влѝ, сѐ, и е́дно у́тро ќе зе́мам да и ра́нам коко́шките. И ра́нам коко́шките, е́те го пе́тело. И та́ја, хоп, се за́буле со фере́цето. И му ве́л’ам: „‘О́ти, же́но,

та́ка?' 'Пе́тело е маш, не́ќам ли́цето да ми го ви́ди.' А́рно, а́ма еден дру́гар мој ко ми ка́за од же́ната тво́ја не́ма пораспушќе́ница! И та́ка же́ната јас је до́фатиф, се пра́еше мно́гу а́ѡиа, о́нака, по́шќена пре́ма пе́тело, а та̄ с и́маше шва́лер. И о́вој па́шата твој," му вели на вали́ата, „си си до́верил во́јска — а́скер, магази́ни, и тој не́ќеше да га́зи на мра́вите, а тој бил најарами́ата!"

Стојче Илиевски 1905 (Б.М.Гроен 1974)
Gr 1977 : 239–240

Диō (Дихово)

Настрадин се лаже

Едно-у́тро вле́гва На́страдин ф-ка́фе и му-ве́ли на-на́родо шо-беше-со́бран ту́ка: „Добро́ утру". И ти́е му-ве́л'ат: „Добре-до́јде, Настра́дине, а́ј изла́жи-нѐ не́шчо". — „Шо-да-ве-и́злажам" - им-ре́кол то́ј — у́мре та́тко-ми, а не́мам па́ри не́-можам да-го--за́копам". — „Ка́ко Настра́дине, ни́е ќе-ти-помо́жиме", и по́чна да-збѝра па́ри. Ри́пна е́ден и фрли една-меѡи́дија, дру́ги ли́ра, ко́ј како-му-се-мо́жи. На́страдин ја-кла́л ра́ката на́-глā, се-ду́ма. Кō-ви́де оти-се-на́полна шами́јата со-па́ри, ста́на, и-со́берва си́те па́ри, ј-о́твора вра́тата и му-ре́че на-на́родо: „Споло́ј-ви, д-о́дам да-го--за́копам се́га та́тка-ми". И се́тне си-о́јде до́ма. Другото́-утро го--че́кā На́страдин да-до́ј на-ка́фе како-се́кој-ден. Кō-гле́дā, шо-ќе́--видат, по́минва та́тко-му на-Настра́дина со-ба́стумо. Кō-го-ви́до[a] та́тко-му на-Настра́дина оти-е-жи́ф, не-е́-умрен, и ти́е но́гу се--зачу́дија. Другото́-утро е́те-го На́страдин кај-и́ди. И ти́е му-ве́л'ат: „А, Настра́дине, ти́ на́м не-и́злага". „А́ми сете́те-се — им-ве́ли На́страдин — шо-ми-ре́коФте кō-вле́гоф ф-ка́фе. Ми-ре́коте да-ве--и́злажам не́шчо, и ја́ска ла́гата си-ја-но́сеф под-ја́зико".

Андон Стојменов (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 41

Диō (Дихово)

Ќита Стеваноска кажува за својата свадба

Пр́во си-се-заса́каме со-мо́мчето и три́ го́дини се-л'у́беме. То́ј ме́не но́гу ме-са́каше. Та́тко-ми не-ме-да́ваше. И се́тне оти-не-ме-да́ваше та́тко-ми, ја́ска и́збегаф. (Оти-бе́ше си́ромаф, за́тоа не-ме-

-да́ваше). Три-ме́сеци ве́нчан'е не-ми-да́ваше та́тко-ми, и бра́ќа-ми до́јдо[a] со-сеќи́рите да-ја-кр̑шат вра́тата за-да-ме-зе́мат на́зат. И ја́ска и́злегоф и му-ве́л'ам: „Врате́те-се на́зат, ту́а ми-би́ла сре́ќата". И та́ка ти́ја си-о́јдō[a] на́зат со-го́лема ѓуру́нтија. Ја́ска си́рота мо́ли, ко́ли, со-го́леми мо́лби и ту́жби па-да-се-ве́нчам. И на-три́те ме́сеци та́тко-ми да́де ве́нчан'е и си-напра́јме сва́дба и ме-ве́нчā. То́гај со-га́јди бе́ше сва́дбата, не́ како-де́неска. Е́те та́ка ја́ска се--ма́жиф. Се́тне ма́жот ми-о́јде во-Фра́нција. Се́да та́мо две-го́дини. А́рно-ама, се-по́боле та́мо, ста́на си-до́јде на́зат. Се́да ту́ва поло́јна го́дина, и́здраве чо́еко и па́к на́зат, се́дум го́дини се́да. На-се́думте го́дини па́к си-о́јде. Ту́ка се́да година́ипол, па́ си-о́јде, па́ го-и́спратиф ја́с ку́тра. И се́га два́есе и че́тири го́дини не́-је-до́јден. И́мам две-де́чин'а, едно-ма́шко и едно́-чупе.

Кита Стеваноска (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 41

Брусник

Кумот бара нунко

Си-би́л еден-си́рома. И́мал но́гу де́ца. И ко-му-се-ро́дило најмалото́-дете, го-пра́тила же́ната ма́жо да-о́ди да-ба́ра ну́нко бо́гат. Му-да́ла та́ја една-по́гача и една-ка́рта ви́но. И до́шол ма́жо на-една-раскр̑сница, и на́шол на-раскрсни́цата еден-чо́јак. И то́ј, чо́јако, би́л но́гу па́рталаф. И му-ве́ли чо́јако на-ма́жо (на-то́ј шо--ка́ни): „Ка́ј-ојш?" То́ј му-ве́ли: „О́дам ну́нко да-ба́рам, а́ма са́кам бо́гат ну́нко". То́ј му-ре́кол: „Е́ве ја́с ќе-до́јда". — „Е́, како-за́-тебе парта́лај и́мам но́гу", и си-за́минал. По́одва та́ка и па́к стре́тит некој-па́рталко. И па́ та́ка, не-го́-кани не́го, туку-ба́ра бо́гат ку́м. О́ди, о́ди, о́ди, па́к ете еден-си́рома. И на́јсетне му-ве́ли не́му: „До́јди в-не́дел'а да-ми-го-кр̑стиш де́тето, твоја́-стреќа ти-би́ло". И ну́нкото о́јде да-спре́ма да́рој. До́јде не́дел'а, о́ди кај-ку́мо и му--го-кр̑сти де́тето. Го-кр̑сти де́тето и си-о́јде. А́рно-ама ну́нкото не--го-пра́шале како́-му-је и́мето. Еден-де́н ма́жо и же́ната си-збо́ра: „Шо-пра́јме ни́е, не-му-го-зна́јме и́мето на-ну́нкото". И еден-де́н та́тко-му на-де́тето, ма́жо, о́ди ќе-го-ба́ра ну́нкото. И му-се-ја́ве ну́нкото, и му-ре́че то́ј на-ку́мо: „О́ј-си-до́ма, и еден-де́н отворе́те--го о́ѿако и ја́ска ќе-ви-пу́шќам една-ска́ла, и по-ска́лата низ-о́ѿако у́гаре да-се-ка́чите и ќе-ме-ви́дите ка́ј-сум". И ку́мо си-о́јде до́ма.

Еден-де́н се-ка́чи ку́мо ни́з-оџак, пу́ли пре́д-него-ма́си и сто́лој наре́дено. Се-пу́ли, та́мо се́ди ну́нкото. И то́ј му-ве́ли: „Ка́ј-си, бре-ку́ме, до́сега те-ба́рам“. — „Е́ве-сум“, му-ре́че ку́мо. На-ма́сата наре́дено се́нешчо, се́ спре́мено. И ну́нкото ста́нал да-до́несе не́шчо за-ја́ден'е и на-ку́мо му-ве́ли: „Ти́ по́чекај о́вде, са́мо не́мој да-се́диш на-сто́ло ја́с шо-се́дам и не́мој да-се-пу́лиш у́долу“. Ну́нкото ста́нал, а ку́мо брго́-брго се́днал на-сто́ло од-ну́нкото и се-о́пул'ва до́лу. И кога-пу́ли-вр̑шат два-вра́ој, вр̑ши е́ден си́рома со-едно-ма́гаре и вр̑ши еден-по́п со три́ ко́н'и. Ѝако по́по вр̑ши со-три́ ко́н'и, па́к од-на-сирома́јо му-кра́ди. И ку́мо зе́мва една-сто́мна и о́дзгора му-е-пу́шча на-по́по и по́по мр̑тоф па́ја. И дур-да-се-вра́ти ну́нкото, брго́-брго ку́мо си-о́ди на-сто́ло не́гоф. Ѝди ну́нкото и се-сме́е, и му-ве́ли на-ку́мо: „А бре́ ку́ме, не-на́прај а́рно. Ја́ска ако-су́м како-те́бе нетр̑пежлиф, се́ тре́ба да-о́тепам. Не-тре́баше да-на́прајш та́ка. Ја́ска и́маф пла́н на-по́по де́цата да-о́дат ка́лфи кај-то́ј со-мага́рето шо-вр̑ши, кај-сирома́јо“.

Велика Ѓоргиоска (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 42

Букō (Буково)

Свадбени обичаи во Буково

Сва́дбата ка́ј-нас за́почва во-че́тврток. Во-четвр̑токо ќе-ме́сат по́гачи и ќе-го-ка́нат побра́тимо и ну́нкото. Во-пе́токо не́ма ни́шчо. Во-сабо́тата ќе-ка́нат по́-куќи, ќе-и́сканат до-ве́черта и си́те ќе-до́ат на́-свадба. Ќе-ме́сат сва́ќа на-ве́черта, ве́нец ќе-му-спле́тат на-неве́стата и ќе-ве́чера, ќ-и́грā и ќе-си-о́ат. Во-неде́л'ата па́ ќе-се-со́берат си́те л'у́ѓето и ќ-о́ат, ќе-а-зе́мат неве́стата откај-ма́јка-је; а́ко-е во-чужѓо́ — се́ѿо, ќ-о́ат со-ко́н'и, ако-је-ф-се́ло пе́ши ќ-о́ат. И ќ-о́ат та́ка, си́те свато́јте и ќе-ја-зе́мат неве́стата, ќе-ја-за́јсат ф-цр̑ква и о́т-црква до́ма кај-мо́мчето. Ќе-си-се́днат до́ма, ќе-ру́чā, па́ ќе-си-ста́нат, ќ-и́грā дур-да-се-сте́мни. Ќе-г-и́спратат ну́нкото и де́веро, ќ-и-да́рва неве́стата шо-и́ма. Во-понде́ѿнико о́да де́стина ду́ши со-сви́рк'и кај-та́тко-ѝ, ќе-ја̄т, ќе-пи́јат, и па́к ќе-си-до́ат кај-зе́то, ќе-му-до́јсат на-зе́то ба́кчиш и на-неве́стата ќе-му-да̄т пе́теѿ или бра́ф, ко́ј како-шо-и́ма.

Велика Трпческа (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 43

Драгош

Цареа ќерка шо не зборвала

Си-би́л еден-ца́р, и́мал една-ќе́рка. А́рно-ама, ќе́рка-му не збо́рвала. До́јде вре́ме, сти́гна ќе́рка-му за-да-се-ма́жи. А́ма ни́кој не-а́-сака. Шо́-прај ца́ро; на́редва до-шо-е-мла́до за-же́нејне да-о́ди кај-ца́ро и да-збо́рва со-ќе́рка-му. И со-ко́го та́ја ќе-про́гори, ќе-му-а-да́ј ца́ро за-же́на. Му-да́шол вре́ме на-се́кој по-три-са̄та да-збо́рва. А́ма ќе́рка-му не́-сака да-збо́рва и не́-се-пули. Си-би́ло едно-де́те сиро́машко, па́село го́еда со-ма́јка-му, и то́а чу́ло оти-кај-ца́ро о́дат за-збо́рва̄. И му-ве́ли на-ма́јка-му: „Й-јас ќ-о́да, ма́јко". — „Не́мој, си́нко, не́мој — му-ве́ли ма́јка-му — ни́е-сне л'у́ѓе сиро́маси, ка́ј ни-а-да́ва ца́ро на́м, па-ба́ш и да-про́гори". Де́т^е^то ќини́сало да-о́ди. О́дило, о́дило, на́близало докај-на-ца́ро ку́ќите, и му-и́злегол е́ден ста́р-чоек на-па́то и му-ве́ли: „Добро́-утро, де́до". „Да́л-ти го́спо до́бро, си́нко. Ка́ј со-здра́вје ќ-о́јш?" И де́т^е^то му-ка́жва: „Ќ о́да кај-ца́ро". Му-ве́ли ста́рио: „Й-јас ќе-до́јда со́-тебе". И ќ-ини́сале да-о́дат за́едно. По-па́то стре́тнале една-го́лема шу́ма и го-загу́биле па́то. Сти́гна̄ до-гра́до на-ца́ро. Ста́рио му-ве́ли на-де́т^е^то: „Ја́с ќе-о́стана о́вде, ти́ ќ-о́јш кај-ца́ро, а́ма — му-ве́ли на-де́тето — е́ве една-сла́мка, кој-ќе-вле́зиш во-о́дајата на-чу́пата кај-шо-се́ди, ќе-ја-пу́шчиш сла́мката на-ќи́лимите и ќе-је-про́гориш на-чу́пата: „Добро́-утро, чу́по. Та́ја ќе-ма̄чи. И ќе-му-збо́рваш на-ќи́лимите". И де́тето та́ка на́прајло. „Добро́-утро, бре-ќи́лими". А ќи́лимите му-ве́л'ат: „Дај-бо́к-добро, си́нко. То́л'ку л'у́ѓе до́јдоа, со́-нас не́ прого́рија". Чу́пата не́-зборва ни́шчо. И му-по́мина вре́мето на-де́т^е^то и о́јде кај-ста́рио па́к. И го-пра́ша ста́рио: „Шо-на́прај, си́нко?" — „Не́-зборва, де́до", му-ве́ли де́т^е^то. „Ќе-о́диш се́га па́к" — и му-да́ва пра́ф — и кој-ќе-о́јш, ќе-вле́зиш во-о́дајата на́тре и ќе-го-ду́ниш пра́о и то́ј ќе-па́дни на-шќи́ците и па́к ќе-про́гориш на-чу́пата „добро́-утро". То́а о́јде кај-чу́пата и је-ве́ли: „Добро́-утро, чу́по". Та́ја ни-гла̄та па́ не-ја-за́врте. Му-ве́ли: „За́шчо не́-зборваш, мо́ри, со́-мене? На-шќи́киве да-му-про́гора ќе-ми-про́горат, а ти́ ма̄чиш". И де́т^е^то му-ве́ли на-шќи́ците: „Добро́-утро, бре-шќи́ци". „Дај-бо́к-добро, си́нко". Е́ве и́ма два́јсе го́дини како-не́-гази ова́-кучка и не-збо́рува со́-нас". И му-по́мина вре́мето на-де́т^е^то за-да-и́злези. О́ди кај-ста́рио, му-ка́жва се́ шо-на́прај. „Уше-е́днаш ќ-о́јш — му-ве́ли ста́рио — и ќе-ре́чиш на-оглеа́лото и то́а ќе́-ти-про́гори, и то́гај та́а ќе-се-сврти ка́-тебе". О́јде де́т^е^то па́ кај-чу́пата и је-ве́ли па́ на-чу́пата: „Добро́-утро". Та́а не-се-о́пул'ва. Се-сврти кај-оглеа́лото

и му-ве́ли: „Добро́-утро“. — „Дај-бо́к-добро; откај-те-до́јсе го́спо да-по́зборва со́-тебе“. И то́гај чу́пата се-свр̑ти ка́ј-него, кај-де́т^с^то, и му-вели: „Шо́-чоек си-ти́ шо-се-збо́рва со́-тебе“. И коа-чу́ стра́жаро на-ца́ро оти ќе́рка-му на-ца́ро про́гори со-де́т^с^то, о́јде и му-ка́жва на-ца́ро. Вле́гва ца́ро и и-на́јде кај-шо-збо́рва̄ чу́пата и де́т^с^то. И му-а-да́е ца́ро ќе́рка-му за-не́веста на-де́тето.

Алекса Чикароски (Божидар Видоески 1960)
Вид 1995б : 43–44

Канино

Ма́чно се-живе́еше по́рано

Ма́чно, си́нко, мно́гу ма́чно се-живе́еше по́рано. Се́га до́душа бо́гато жи́ве^а^т л'у́ѓето. Те́шко се-живе́еше на-старо́-време. А́ бре, воде́јнца не-мо́жеме д-о́еме, бре-зла́тни де́ца, воде́јнца од-остре́чани. О́дваме воде́јнца зго́ра нис-пла́нина по-Борешко́-патче. О́здола не-мо́еше да-по́миниш. Ќе-си-гре́^а^ ја́ска, ма́л бе́ф, десетина-го́дини, де́те, ќе-си-гре́^а^ ва́јќи од-воде́јнца. А́јде, а́јде, кај-наштo-ло́зје ме-пречéка̄ три́ остреча́нчина. То̄ е́дното бе́ше пого́лемо и ми-ве́ли: „О́р кау́р, да́ваш то́^а^ ре́мено-бе?“ „А́-бе, како-да́-дам ре́мено?“ Ри́пна од-ма́гаре, ми-о-зе́де ре́мчето. До́јду ф-се́ло кај-мо́сто — Ве́л'јан го-ви́ка̄ — бог-да-го́-прости, си-гре́ј со-воло́јте о́здола. „О́ти пла́чиш, Ди́ме̄“ — ми-ве́ли. Ја́с му-ка́жвам дека-остре́ќани ми-го-зе́до^а^ ре́мено. „А́у, сја́ ќ-и-по́пра̄“. Се-зду́рна по́-ним и ги-сти́гна“. А́-бе, да́јте-о-ре́мено“ — му-ве́ли. „Не́ма!“ „Не́маш“, ста́по преку-ра́мена, ку́тни-го од-ма́гаре под-ма́гаре. На-дру́гото та́ка. Тре́тото го-фр̑ли ре́мчето, ја́ска си-го-зе́у, а не́му два́-пати едно-по́-едно со-ста́по...

Срѝци

Од лоша крф да не налепиш

Си-би́л некој-чо́јак, и́мал мно́гу ло́ша же́на. И то́ј, чо́јако, не́-можел да-је-тр̑пи и и́збегал о́д-дома. Бега́јќи та́ка се-у́морил и се́днал. По́-него и́дел некој-дру́к чо́јак со-два́-кон'а. Го-ста́сал и му-ре́кол на-чо́јако дру́гио да-се-ка́чи на-ко́н'о да-не́-ојт пе́ш. „А-

-бе-при́јате-л, ка́чи-се на-ко́н'ов да-не́-ојш пе́ш". О́вој се-ка́чил и во-муа́бето му-ра́сказал оти-бе́га од-же́на-му шо-му-би́ла мно́гу ло́ша. О́вој со-ко́н'ите му-ре́кол: „Мо́ре, зе́ми еден-ста́п исте́па-а, па-ќе-ви́диш како-ќе́-стани до́бра". То́ј шо-бе́гал од-же́на-си му-ре́кол: „Гле́дај од-ло́ша кр̄ф да-не-на́лепиш". Се-стемну́вало и заста́нале во-некој-а́н да-ноќу́ва̄. У́трото на-анџи́јата оба́јцата му-пла́тиле за-спа́н'ето и за-по-еден-ко́н' и го-продо́лжиле па́то. По-неко̄-вре́ме о́ној шо-бе́гал од-же́ната ре́кол дека-тре́бе да-свр̄ти по-дру́к па́т и не-му-го́-давал ко́н'о. По́чнале да-се-распра́ва̄ и на́ј-сетне ре́шиле да-о́да̄ на́-сут за-ко́н'о. Се-ва́тиле на́зат и го-зе́ле анџи́јата за-сфе́док. Су́до и-со́слушал сите-тро́јца. Сто́пано на-ко́н'ите ве́лел дека-обата́-кон'а се-не́гој. О́ној шо-бе́гал од-же́на-си ве́лел де́ка еднијо́-кон' е-не́гоф. Анџи́јата ре́кол дека-оба́јцата до́шле со-по-еден-ко́н' и се́кој пла́тил за-својо́-кон' ко-зами́нвеле. По-о́ва су́до до́судил сто́пано да-му-го-пла́ти ко́н'о на-о́ној шо-бе́гал од-же́на-си. То́гај о́вој шо-бе́гал од-же́ната му-ре́кол: „Зе-ми́-си-го ко́н'о, е-тво́ј и-гле́дај од-лоша́-крф да-не-на́лепиш".

-ќе-ми-го ма́чето, да-би-те-изгре́бало?“ И си-продӑлцила воде́ѝнца. Па́к стре́ла уш-е́на ба́ба. — „Кӑде, ќе́рко̄?“ — „Кӑде, кӑде само-ба́бишта по-пӑтоф!“ — ре́кла де́јката. — „А́ј, мор-че́до, се́ни попо́шти-ме ма́лку!“ — „Е́на по́поштиф та́мо, па-се́га и дру́га!“ — „Што́-тӑлчиш, а́-ќерко?“ — „По́штам во́фчишта, гни́дишта, шо-ќе́-тӑлча? — „Е па-на́-ти ено-пе́тле, а́-ќерко!“ А-та́а: „Што-ќе́-ми-го, о́чите ти-и-опре́тало!“ И не-го́-зела пе́тлето. О́тиде воде́ѝнца и је-пу́штила да-ме́лет бра́шно. Се-сте́мнило, и до́шол јӑперот и ви́кат: „О́твори, бе́ла Не́до!“ — „А́-дедо̄, ја́ са́кам а́лишта нӗста што-но́сит!“ О́ѝшол јӑперот, ди́гнал некој-ко́фчек, зе́л а́лишта и се-вра́тил, Не́да му-отво́рила. — „До́несе а́лишта?“ — „До́несоф!“ — „А́ј-се́ди!“ Јӑперот се́на на́-оген'. Та́а го-ви́дела и му-ви́кат на-јӑперот: „Ле́ле̄, де́до̄, коѵка́ѝ но́кти и́маш!“ — „И́мам, ти́ја ќе-те-гре́бат, бе́ла Не́до!“ — „Ле́ле̄, де́до̄, коѵка́ѝ зӑбишта си-и́мал!“ — „Ти́ја ќе-те-ја́дат, бе́ла Не́до!“ Ско́чил јӑперот и је-ра́стегнал бе́ла Не́да, а цре́вата му-и-фӑрлил по-гре́дите. Та́ке јӑперот си-о́тишол, а али́штата оста́нале на-вра́тата. Ма́јка-му че́кат да-до́ет. Не́да не́мат да-до́ет. Цре́вата преку-гре́дата, али́штата на-вра́тата.

Не́-мисли зло́ дру́гему, са́м ќе-го-на́јдеш!

Маноил Дамјаноски 80 г. (Аритон Поповски)
Поп 1970 : 160

Куново

Вӑлк и лисица

И́мало некој-вӑлк и некоа-ли́сица. Се-ста́ѝле за́едно да-о́дат на́-гости. Вӑлкот му-ви́кал на-лиси́цата: „Ќе-те-ја́дам!:“ Тӑ му-ви́кала: „Не́мој, куме-вӑлче, да-ме-ја́деш, ја́ ќе-ти-би́дам ку́ма!“ — „Како-ќе́-бидеш ку́ма?“ — „Та́ке“ — му-ре́кла лиси́цата. По́сле не́јзи му-би́ло стра́ф. На-вӑлкот му-отко́пале една-ду́пка дӑлбока. Му-ту́риле една-ро́гожа зго́ра на-ду́пката и му-ре́кле: „Се́ни по́-таке, куме-вӑлче, на-сто́лчето“. И вӑлкот кога-се́днал, па́днал во-ду́пката у́долу. И то́га му-ре́кол вӑлкот: „А од-бо́га те-на́шло, и́тра ли́сице. Ме-фӑрли ва́ке во-ду́пката!“ — „И́злези, куме-вӑлче, прова́ѵај-се о́нде во-тӑрни́нкине, ќе-ти-про́минет ка-на-рӑчи́цава!“ О́тишол вӑлкот, се-про́ваѵал и се-и́збацкал, и му-ре́кол на-лиси́цата: „О́д-бога да-на́јдеш, кума-ли́ндро, шо-ми-

на́прај о́ва!“ Па́ лиси́цата му-ви́кала: „По́јди, куме-ва̄лче, прова́-ла́ј-се во-пу́здерон ке-шо-те́пкале же́ните ко́ноп.“ И ту́е ва̄лкот се-и́збацкал. И то́ј па́ му-ре́кол: „О́д бога да-на́јдеш, кума-ли́н-дро, шо-ми-на́прај!“ И по́сле ва̄лкот му-ту́рил ена-ста̄пица на-лиси́цата, и та́а се-фа́тила во-ста̄пи́цата. Та́ке и́трата ли́сица се-на́шла стре́де ста̄пица!

Доста Брајкоска 66 г. (Аритон Поповски)
Поп 1970 : 134–135

Балин Дал

За толосумот

Би́л некој-А́врам ста́р и-си-о́дел за-Го́стивар. Ко-се-вра́ќал до́ма, ко-с-и́шол на́горе за-Вру́ток би́ло но́ќе, среде́-полно́ќ. Во-Ра́вен му-и́злегол некој-во́лк и-ко́н'от му-се-до́прел на́па̄та. Се-ста́нал со-задните́-ноги и ко́н'от се-до́прел, ни́како не́-одел за-Вру́ток. Тре́бало да-го-пу́штит кра́јот от-по́јасот за-да-та̄ргнет ко́н'от. И-ко́н'от та̄ргнал и-си-до́шол до-света-Ми́на. Ту́е му-и́злегло пре́д-него едно-ја́ре и-то́а вре́скало. То́ј го-по́вабил и-то́а му-до́шло на́-кон'а. До́-негде си-го-кро́тел, му-ви́кал „ца̄ре, ца̄ре“, са́кал да-го-до́несет до́ма, ми́слел да-не-е-ја́ре. Ко̄-се-при́ближил до-Вру́ток, чи́м кучи́н'ата зала́еле, ја́рето ско́кнало, побе́гнало. То́а да-ти-би́дет толо́сумот. По́сле ко-до́шол докеј-ца-ми́јава, му-и́злегло ту́е пра́се. А́ма то́ј се-се́тил да-е-то́лосум и-г-и́звајл но́жот и-зви́кал о́здола да-го-по́земат ла́ите.

Балин Дол

Свадба

Де́јката кој-ќе-се-ва̄ршит па̄рво пра́ќале стро́јници. Та́ткота и-ма́јката кој-ќе-по́шле стројни́ците ќе-му-ре́кле: „Де́јкава ќе-е-да́еме, ако-е-а́рно ме́стото, ако-и́мат да-жи́вит“. По́сле де́јката ќе-е-да́еле. Во-неде́ла̄та пра́ќа̄т стро́јари кеј-де́јкава, та́а да́ват ка́лчини. По́сле ќе-за́минет го́дина вре́ме. По-годи́ната ќе-до́јдат па̄рсте́н'ари и-то́гај ју́накот и-де́јката пра̄т и́спит, и-пра́јт и́спит по́пот. По-и́спитот ќе-за́минет не́деле́а вре́ме и-то́га не́стата ќе-

-је-зе́мат и-сва́дба ќе-пра̄т. По́пот ќе-е-ве́нчат не́стата ф-цӑрква и-о́т-цӑрква ќе-е-до́несат до́ма. До́ма је-вӑртат околу-о́гниште, и-ди́гат са́чот и-цре́пн'ите и-и-фа́ќат клин'о́јте, а-по́сле му-пе́ат на-не́стата:

Ко́лку кли́нци то́лку мили́-синци...

Утри́ната је-но́сат не́става на́-вода и-та́мо му-ту́ра̄т на-деве́рите. По́сле је-но́сат па́к до́ма; во-дво́рот и́гра̄т кумино́-оро. На́вечер се-пра́јт прего́збата. По-ме́сец о́дат с-ко́лач кај-ро́дот од-не́стата, а-по-една-не́дела се-вра́ќа̄т кај-де́јката (не́стата).

Пожарани

Дедото и бабата се делат

Си-жи́веле еден-де́до и една-ба́ба. Еден-де́н де́дото и ба́бата с-иска́рале и ре́шиле да-се-де́лат. И́мале ма́че и пе́тле. При-делéн'ето на-ба́бата му-па́днало пе́тлето, а на-де́дото му-па́днало ма́чето. Ба́бата му-ре́кла на-пе́тлето: „А бре-пе́тле, што-ќе-пра́јме се́га, не́маме па́ри, не́маме ни́што, от-што-да-се-ра́ниме?“ Пе́тлето ре́кло: „А мори-ба́бо, што-се-се́кираш, ја́ ќ-о́дам да-пе́чалам па́ри“. И пе́тлето о́јшло ке-ца́рот и му-ре́кло на ца́рот: „Ца́ре ма́гаре!“ Ца́рот се-на́лутил и на́редил да-го-фӑрлат пе́тлето во-ӑмбарот ке-па́рите што-би́ле, за-та́мо да-пцо́јсат. И го-фӑрлиле пе́тлето во-ӑмбарот. Се́га пе́тлето во-ӑмбарот кӑлвало от-па́рите, кӑлвало, и се-напӑлнило жӑлтици, ста́нало пӑлно со-жӑлтици. По́сле го-ди́гнало ноги́чето и се-напра̄јло да-е-пцо́јсано. Ко̄-го-ви́деле пцо́јсано, му-ка́жале на-ца́рот, и то́га ца́рот на́редил да-го-фӑрлат на́-ѓубре. Ко̄-го-фӑрлиле на́-ѓубре, пе́тлето ва́рдело да-не́мат не́кој, не́мало ни́кој, и ко̄-не́мало ни́кој, то́а ста́нало, запӗло и о́јшло до́ма ке-ба́бата. Ба́бата не-знӑела кӑде-е пе́тлето. Ко̄-го-ви́дела, се-зачу́дила и му-ре́кла на-пе́тлето: „Пу́сто пе́тле, кӑде-си? Ја́ те-о́джалиф, ми́слеф да-те-за́клал не́кој.“ А пе́тлето ре́кло: „Мори-ба́бо, зе́ми едно-ста́пче и у́дри-ме по-ме́шео!“ Ба́бата зе́ла едно-ста́пче и го-у́дрила пе́тлето по-ме́шето. То́га пе́тлето по́чнало да-по́враќат па́ри и то̄ све́ жӑлтици. И та́ќе ба́бата се-обога́тила. Де́дото ко̄-ви́дел та́ќе, ке-ба́бата го-и́спратил мачо́рот да-пе́чалит и́-тој па́ри. Мачо́рокот о́јшол ке-не́ко̄ воде́јнца и та́мо се-на́јал глу́фци. Ко̄-до́шол до́ма, де́дото зе́л едно-ста́пче и по́чнал да-го-

ýдират по-ме́шето, а то́ј, ма́чорот, по́чнал да-по́враќат глу́фци и це́лата со́ба им-се-напа̄лнила со-глу́фци.

Та́ќе пе́тлето и́злегло по́ербап од-ма́чето, а ба́бата по́среќна од-де́дото.

Нофит Коцески 95 г. (Андреја Огњаноски)

Ва̄лковија

Царскио син

Си-би́л ен-ца́р ву-ено-ца́рство мно́гу бо́гато. Цари́цата му-би́ла мно́гу у́ба̄, ама-чу́л ца́ро дека-го-ла̄жела. То́га ца́роф ј-о́судил на-бе́сен'е. Ен-де́н се-со́брале сви́те ву-дво́ро ца́рски и ј-изва̄јле цари́цата да-ј-о́беса. Мини́стрите от-ца́ро не-зна̄еле ву-што́ е-ма̄ната на-цари́цата, па-за́тоа му-ре́кле на-ца́роф да-ј-е-не́-беса[т]. Успе́але не́како цари́цата да-се-не́-бесит о́дма, туку-по-една-го́дина за-да-се-ви́дит ву-што́-ј-е ма̄ната. Ца́роф и́мал и ено-да́те на-седумна́есе го́дини. Де́тео би́ло мно́гу ја́ко. Ен-де́н ко-не́мало ни́кој ву-дво́рецо ма́јкаа му-ре́кла на-де́тео: „Си́нко̄, што-ќе́-станет со́-мене, за̄р-не́-ти ј-е-жа́л, ма́јка-сум-ти, сум-те-ро́дила. – Не́-знам, ма́јко̄. Та́тко те-о́судил на-бе́сен'е и то́ј зна̄-ет што́-прајт". Ма́јкаа и пона́таке му-збо́рела на-де́тето и ен-де́н то́а ре́шило да-је-спа́сит от-су́до та́ткоф. Ма́јка-му му-ре́кла: „Та́тко-ти и́ма ен-ко́н' бе́л два́есе го́дини ни́кој што-не-о́-јавнал. Зе́ми-го не́го". Го-зе́ло де́тео ко́н'о и се-ка́чиле два́јцата на-него (ма́јкаа и си́но). О́јле, о́јле, промѝнале не́колку зе́мји. По-да̄лго о́ден'е сти́гнале в-ена-шу́ма. Ву-близи́ната на-ена-пе́штера ву-шу́мата им-и́злегле диви́-л́уди. То́га де́тео по́чнало да-се-бо́рит со́-ним, и со-са́бјата сви́те и-поте́пало. У́спеал да-по́бегнет само-е́ден од-дивја́ците. Ма́јкаа и де́тео то́га вле́гле ву-пеште́рата и оста́нале ту́-ј-е. Живе́еле ву-пеште́рата. Де́тео све́кое саба̄ле о́јло на́-лоф да-у́лоит не́што за-ја́ден'е. Ено саба̄ле ко̄-о́јшло на́-лоф, ма́јкаа и́злегла прет-пеште́рата, је-распу́штила ко́сата и по́чнала да-се-че́шл́ат. На-ена-ка́рпа ка́ршија сто́ел ди́вјако што-се-спа́сил. Ма́јката го-ви́дела и му-ви́кнала да-до́јт: „Ди́вјаче, што́-сеиш та́мо, е́ла о́вде". Ди́вјако му-одго́орил: „Не́-можам да-до́ам, ти́ и́маш со́-тебе мно́гу си́лен чу́вар, ако-ме-ви́дит ќе-ми-је-пре́сечет гла̄ва ка̄-на-мо́јте дру́гари". Оде́јки на́-лоф ено-саба̄ле де́тео и́злегло на-ена-це́ста и по́-неа ба́ш то́га

вăрвеле некои-тăргофци со-натоăрени кóн'и жи́то. Дéтето и прáшало штó-носа и кō-му-кáжале дека-и́мā жи́то, ej-зéл сó-себе и óјшле до-пештéрата, го-кýпил жи́тото óд-ним. Тáке сéа мáјката и дéтето и́мале и жи́то. Напрăјло дéтео двá-камн'а, и стăјло еден-нá-други и пóчнал да-мéлет по-мáлцум од-жи́тото. Ено-сабăле ко-óјшол нá-лоф мáјкаа пá и́злегла нá-двор да-се-чéшлат. Јe-распýштила кóсата до-полóјна ка-самóвила, а ли́цето му-трепóтало на-месéчина. Ди́вјако пá сéднал на-кáрпата кăрши́-неа. Кō-о-ви́дела ди́вјако, пá пóчнала да-о-ви́кат. Ди́вјако му-рéкол дека-се-плáшит от-си́но. „Прáшај-го ти́ си́на-ти — му-рéкол ди́вјако — одоштó-имат нáјмногу стрáф, па-ýтре ќе-ми-кáжеш". Кō-дóшло нáвечер дéтео, мáјка-му му-рéкла: „Си́нко, свéкој-ден óјш нá-лоф по-шýмаа, што-ќé-прāм пýстица јáси, ако-ти-стáнет нéшто, ако-те-фáта некој-диви́ лýди да-те-вăрза со-јăжин'а". „Не-сé-плаши, мáјкō, ако-ме-вăрза, já ќе-ј-и́скинам". „Áми ако-те-вăрза[т] со-си́нцири, што-ќé-прăјш тóга?" – „И синци́рите ќе-ї-и́скинам" му-рéкло дéтето. „É, рéкло дéтето, сýм-чул дека-и́мат некој-пóфит ву-плани́наа и нéго го-знăа[т] сáмо дивјáците. Ви́каа стáри лýди дека-нéо нé-може ни́кој да-о-óткинет". Утри́ната дéтео пá óјшло нá-лоф со-кóн'о, а мáјкаа остăнала ву-пештéрата ка-свéкој-ден што-прăјла. И сéа и́злегла прет-пештéрата и пóчнала да-се-чешлат. Ди́вјако пá стóел на-кáрпата кăрши́-неа. Тóга мáјкаа свé му-кáжала на- ди́вјако – и ал-не-сé-плашит си́н-му од-јăже, ал-мóжет да-о-и́скинет и со-си́нцир ако-о-вăрза[т], а забрăјла да-му-кáжет на-ди́вјако само-за-пóфито. И тóга ди́вјако му-рéкол да-се-нáпрај тáа како-да-е-бóлна и да-пóсака пóртокал. И му-кáжал и кē-имат пóртокал. Кō-дóшло вéчерата дéтето óд-лоф, јe-ви́дело мáјка-му какó-лежит сфи́ткана, се-напрăјла мнóгу бóлна. Му-рéкла мáјкаа дека-е-бóлна за-пóртокал. Тóга тóа јe-прáшало кăдé-може да-нáјдет пóртокал да-му-дóнесет. Мáјка-му му-рéкла: „Преку-оваа-плáнина и́мат ено-водови́чō мéсто и тáмо и́мат е[д]но-дăрво и на-дăрвото и́мат пóртокал". Дéтето уште-óдма о-јáвнало кóн'о и кини́сало. Кō-сти́гнало до-портóкало, óткинал éден и ки́нисал нásат. Тóга го-напăднале двá-лева што-о-чóале портóкало. Дéтео пóчнало да-се-бóрит со-левóјте и успéало да-и-пóбедит. Тáке дéтео сти́гнало дóма. Кō-дóшло дóма, му-о-дáло портóкало на-мăјка-му. Тáа г-и́зела портóкало и óдма оздрáела. Утри́ната дéтето ка-свéкој-пăт óјшло нá-лоф. Мáјкаа и́злегла нá-двор да-се-чéшлат. Кăршија на-ена-кáрпа сéдел ди́вјако. Тóга ди́вјако јe-прáшал ал-се-врáтило дéтето. Тáа му-рéкла дака-дéтето ej-утéпало левóјте

и се-вра́тило до́ма. То́га се-се́тила и-му-ре́кла на-ди́вјако: „За́-бра́јф да-ти-ка́жам дака-и́мало некој-по́фит што-не́-можел ни́кој да-г-о́ткинет“. Ди́вјако о́јшол нис-плани́ната и у́спеал да-о-про́-најдет по́фито и да-му-о-да́ет на-же́ната. Ена-ве́чер седе́јки ву-пеште́рата му-ре́кла на-си́нот: „Си́нко, ти́ се́коаш о́јш на́-лоф, а ме́не м-о́ста̄ш ву-пеште́раа. Да́ј да-ви́дам ко́лку-си ја́к и ал́-мо́жам да-се́дам бе́с-страф ву-пеште́раа. А́ј да-ви́дам ал́-ќе-мо́еш да-г-о́ткинеш јӑжео, ако-ти-и-вӑрзам рӑките“. Де́тето са́ка-ло да-по́кажет ал́-је-ви́стина ја́ко, ај-стӑило рӑките о́дзаѓи и му-по́дало да-и-вӑрзет. Ма́јката го-зе́ла јӑжето и-го-вӑрзала со-по́-фито. Де́тео се-на́пнало е́днӑш да-о-о́ткинет јӑжето, ама-не-мо́-жело. Се-на́пнало уште-е́днӑш, па́ не-мо́жело. На́пнало ко́лку-што-и́мало си́ла и-по́фито по́чнал да-му-прото́нует ву-ме́сото. Ди́вјако знӑел што-ќе́-станет, па-ба́ш то́га до́шол ву-пеште́рата. Ма́јката му-ре́кла: „Ди́вјаче, а́јде н-ова-ко́пиле се́а да-му-ј̣-и́з-вајш о́чите“. Ка̄-што-му-ре́кла та́а, ди́вјако та́ке и-на́прајл. Му-ј̣-и́звајл о́чите а-по́сле о-зе́л та́ке вӑрзан, го-ка́чил на́-кон’ и о-ту́рнал в-една-провӑлија, а ко́н’о г-о́стајл та́мо. Ма́јката остӑ-нала да-жи́веет со-ди́вјако. А́рно-ама по-це́стата па́ проминуе́ле тӑргофците што-му-о-про́дале на-де́тето жи́тото. Оде́јки ти́а го-ви́деле ко́н’о ка-ќе-по́ет до-провали́јата и па́ ќе-се-вра́тит на́sат. То́а им-би́ло чу́дно и за́тоа си-ре́кле: а́ј да-ви́диме што́-имат ву-провали́јана, што́-ојт ко́н’о до́-неа и се-вра́ќат на́sат. Ј-извӑјле јӑжи́н’ата от-самӑрите, и-вӑрзале едно-за́-друго и пу́штиле ен-чо́ек внӑтра. Та́мо о́вја о-на́шол де́тето, го-вӑрзал со-јӑжето и им-да́л зна́к на-другӑрите да-вле́чӑт на́горе. Та́ке и извӑјле обӑј-цата го́ре (де́тето и чо́еко што-о-пу́штиле ву-провали́јата). То́га тӑргофците му-ре́кле на-де́тето: „Што́-сакаш да-напрӑјме за́-тебе?“ То́а им-ре́кло: „Ќе-м-одне́сете до-фила́н-село, ќе-м-остӑ-јте пот-се́лото, ќе-по́ета ву-се́лото и ќе-му-ре́чете на-кӑрчмӑр-ката дака-ќо́р, бе́з-очи је-че́кам пот-се́лоо“. Ко̄-ре́кле, та́ка и сто́риле. Остӑнало де́тео пот-се́лото, а́ма пошто-би́ло мно́гу вру́-ќина, му-се-здо́пило во́да. То́га слу́шнал ен-гла́с же́нски што-му-ре́кол дака-и́мат во́да ву-близи́ната. Де́тео му-ре́кло дака-е-ќо́ро и не́-может да-о-на́јдет и́зворо. А самови́лата му-ре́кла д-о́јт по-нејзинио́-глас. Та́ке о́дел по́-неа и по-ма́лку пӑт му-ре́кла на́таке да-о́јт са́м, зашто-и́зворо би́л бли́ску. Де́тето за-слу́шало и чу́ло кло́ко́тен’е (во́да). Самови́лата му-ре́кла да-о́јт да-се-на́пиет во́да и три́пӓти да-се-шла́кнет со́-неа, па-ќе-про́-гледат. Де́тето о́дело накај-кло́коте́н’ето (на-во́дата) и го-на́шло и́зворо. Се-на́пило во́да и се-шла́кнало три́пӓти. Ко̄-се-шла́кнало

и се-зачу́дило за́што ве́ке-у́бō гле́дало. То́га го-зе́л ко́н'о и со-це́ла си́ла тӑргнало некê-кӑрчмӑрката. По́-пӓт је-стре́тнал кē-о́јт накê-не́о. Кō-се-стре́тнале, му-ре́кла кӑрчмӑрката: „Бра́те, за́што од-ни́што пра́јш не́што? Ке́-о-пу́кнеф ко́н'оф бодин'а́јки да-ста́сам по́барзо". Де́тео му-ка́жало све́ што-го-сна́шло со-мӑј́ка-му. Но́кта се-одмо́рило кē-посетри́мкаа, а у́трента ра́но сабаӑле тӑргнало на́sат да-је-зе́мет ма́јка-му. Кō-се-при́ближил до-пеште́рата, ма́јка-му и ди́вјако по́чнале да-бе́гаа, ама-де́тето и-сти́гнало и на-ди́вјако му-је-зе́ло глӑта, а ма́јка-му је-вӑрзал за-опӑшката от-ко́н'о. То́ј се-ка́чил на́-кон' и кини́сале до́ма. Зами́нале неколку-зе́мн'и и до́шле до-ни́вната. Кō-вле́гле ву-нивната́-земја, све́кој ко́ј ке́-и-ви́дел о́ел кê-ца́ро да-му-ка́жет за-иде́н'ето и да-му-зе́мет му́штулок. Ца́ро на-сви́те што-ке́-му-ка́желе за-иде́н'ето им-да́вал му́штулок. Та́ке сти́гнале ву-ца́рскио дво́рец. Де́тео сле́гло от-ко́н'о и вле́гло ву-па́лато. Го-ви́дел та́тка-си и му-ј-и́сцелкал рӑките и но́гите и му-ре́кол дака-је-до́нело и ма́јка-му. Кō-и́злегол ца́ро, је-ви́дел вӑрзана за-о́пашка, а де́тео му-ка́жало све́ како-би́ло. То́га ца́ро им-на́редил на-мини́стрите да-ј-и́звӑршат пресу́дата, а зо́што ј̆е-осу́дена да-о-пра́шаа де́тето. И та́ке ј-обе́силе не́а, лошата́-мајка.

Сте̄нче

Арамӣте во Стенче

Ја́, до́бро мо́е, ке́-ти-ка́жам не́што што-ми-кажу́ала ма́јка кō-сме-живе́але цӑрн жи́от пот-Ту́рците, кō-и́деле арӑмии во-се́лоо на́ше да-кра́да све́ што-мо́гле да-ди́гна.

Во-една-ку́ка пого́лема со-мно́гум калӑбалок мӑжите им-би́ле гурбе́тчии̇. Кō-до́шле мӑжите о́д-гурбет на-еден-сфе́ден о́тишле на́-гости, а до́ма остӑнале не́стата и една-де́јка. Ти́а ле́гнале да-спи́ја, зашто-се-сно́кило, а́рно-ама вра́тата је-забрӑј́ле да-је-за́творат, остӑнала отво́рена. Ајду́ците до́шле со-ко́н'и да-и-кра́да. Ајду́ците и́мале едно-се́кирче и една-мӑртва рӑка. Ко-вле́гле во-со́бата, не́стата спи́ела, а-де́јката се-препрӑвала бо́жем спи́јет. И ти́ја со-рӑката мӑртвечка и мӓчеле да-се-у́спи́ја у́ште по́јке, ама-де́јката не-се-у́спала, дака-не́-била за́спана. Ајду́ците и́скрале све́ што-на́шле, и товӑриле ко́н'ите и си-о́јшле, а́рно-ама рӑката и секи́рчето и-забрӑј́ле на-посте́лата кӓде-што-

-спи́ела де́јката и не́стата. Де́јката о́дма ста́нала и је-затво́рила вра́тата. Је-разбу́дила о́дма не́стата. „Ста́ни, му-ре́кла на-не́стата, нѐ-искрӑдоа“. Ајду́ците се-се́тиле дака-го-забрӑјле секи́рчето и мäртвата́-рäка, се-вра́тиле на́зат. Де́јката му-ре́кла на-ајду́тинот да-је-пу́штит рӑката и ќе-му-о-да́ет секи́рчето и мäртвата́-рäка. То́ј је-пу́штил рӑката. Де́јката со-секи́рчето му-је-пре́секла него̆ота рӑка и то́ј пиште́јќи се-ка́чил на-ко́н'от и со-три́ста мӑки и боле́штин'е се-вра́тил ке-дружи́нава. Сабӑлето се-вра́тила фамили́ата о́д-гости и де́јката све́ им-ка́жала за-ајду́ците, посе́ала уште-ма́лку и од-го́лем стра́ф у́мрела.

Сте̄нче

Тројцата братќа

Си-би́ле тро́јца бра́тќа. Ти́а не́мале ни-та́тко ни-ма́јка. Ен-де́н се-здого̆бриле

И за-чу́до ра́бота беше-на́шле. Е́дниот беше-по́стаен за-бра́вар, дру́гиот ра́ботел во-ку́јната, а најма́лиот беше-ста́ен да-ị-чу́ат кон'ите. Два́јцата по́стари мно́гум им-би́ло мӑка, за́што најмӑлиот и́мал та́ква ле́сна ра́бота. Ен-де́н двӑјцава му-ре́кле на-ца́рот дака-мо́жат да-је-до́несат најубӑта де́јка на-све́тот. Ца́рот се-сра́дуал мно́гум. А́рно-ама најмӑлиот по́чнал да-пла́чет, а него́јот ко́н' му-ре́кол да-не́-плачет. Ко́н'от му-ре́кол да-му-ре́чет на-ца́рот и да-му-да́ет ен-у́баф бро́т и три́ пре́дели; во-е́дниот да-и́мат некој-у́баị пла́чки, во-дру́гиот да-и́мат све́ от-стре́бро, а во-тре́ќиот све́ од-зла́то. То́ј о́тишол да-је-ви́кнет најубӑта де́јка. Та́ја до́шла ту́ека и по́чнала да-гле́дат. Та́ја та́ке се-загле́дала и гледа́јќи мно́гум се-за́нела, а бро́дот по́чнал да-о́јт. Одби́рала мно́гум у́ба̄ị пла́чки и ко-тре́бело да-и-пла́тит, ви́дела дека-ќе́сето со-па́ри го-забрӑјла до́ма. Тамӑн са́кала да-и́злезет, ви́дела дака-се-на́јдует на-сре́т-море, извӑјла ено-вла́кно от-ко́сата, го-фӑрлила во́-вода и бро́дот беше-се-до́прел. И де́јката му-ре́кла: „За-кого-ме́-зе́маш?“ То́ј му-ре́кол: „За́-мене!“ Ко̄-сти́гнале та́мо, ца́рот и-пре́чекал и на́праị л сва́дба и та́ке је-зе́л најубӑта де́јка и ви́стински та́ја би́ла најубӑта де́јка от-сви́те де́јки на-све́тот.

Стенче

Итриот офчар

Ен-о́фчар си-ѓ-па́сол о́фците на-некоа-ли́вада. А́рно-ама ен-де́н го-до́терал ста́дото по-па́тот уз-некоа-шу́ма. По-некое-вре́ме гле́а го́лем о́ген'. Се-чу́л гла́с: „Е́ла и́звај-ме од-о́гн'от да-не-и́згорам". О́фчарот о́тишол та́мо и ко-сти́гнал што-ќе́-види — срет-о́гн'от зми́ја. И му-ве́лит се́га на-зми́јата: „Ја́ ќе-те-и́зваам, а́ма ти́ ќе-ме-у́кăсаш". „Не́ма да-те-у́кăсам — се-проглăсила зми́јата — само-и́звај-ме, па-ќе-ти-да́м не́што и то́а ќе-ти-слу́жит це́л жи́от". То́га офчăрчето го-пру́жи ста́пот, зми́јата се-на́витка околу́-него и ј-и́звај од-о́гн'от. Се́а зми́јата му-ве́лит на-офчăрчето: „А́јде со́-мене, ќ-о́ѓме кăде-та́тко-ми. Та́тко-ми је-ца́р на-зми́ите, ќе-му-по́бураш да-ти-да́ет не́што што-и́мат по́д-јăзик. То́ј о́тсефте не́ма да-ти-да́ет, а́рно-ама ти́ само-то́а ќе-му-о-бу́раш". И та́ка о́тишле кăде-та́тко-му и о́фчарот при́тиснал бу́рат то́а што-је-по́д-јăзик. На́јпосле ви́дел, не́-видел ца́рот мо́рал да-му-о-да́ет то̄. „Ти-о-да́ам о́ва, ама-ни́кому да-не-ка́жуеш што-сум-ти́-дал, и́наку ќ-у́мреш". Зе́де збо́гум о́фчарот со-зми́јата и си-до́јде до́ма. Ко̄-и́деше по-па́тот за-до́ма, слу́шат пе́ет едно-пи́ле: „Да-зна́ет о́фчарот што́-имат два-че́кора пре́д-него, ни́којпăт си́ромаф да-не́-је". И о́фчарот че́кнал два-че́кора, ко́пнал и-и́звајл од-зе́мјата гăрне пăлно со-зла́то. Го-зе́де и си-до́јде до́ма. О́фчарот разби́раше от-сви́те пи́лин'а што́-пеат; то́ј им-и-разби́раше зборо́ѓте. Со-па́рите ку́пи о́фци и у́ште по́јќе се-обо́гати; на́праѓ ба́чило во-плани́ната, о́фци мно́гум, о́фчари по́јќе, це́ла спре́ма. Ен-де́н му-ви́кна на-же́на-му: „А́ј спре́ми ја́ден'е, ќ-о́ѓме на-ба́чило кăде-о́фците". Се-спре́мија и саба̄лето тăргнаа со-ен-ко́н' и ена-ко́била. Же́ната се-ка́чи на-коби́лата, а мăжот на-ко́н'от. Тăргнаа по-па́тот. Ко́н'от за́мина на́прет, а пу́стата ко́била о́стана на́зат. Ко́н'от му-ври́сна на-коби́лата: „А́ј че́кори на́прет, што́-седиш на́зат". Коби́лата му-одго̄рила: „Ле́сно ти-је-те́бе, и́маш само-две́-души, а ја́ че́тири ду́ши" — пошто би́ла ждре́бна. То́га о́фчарот го-до́пре ко́н'от и сле́зе о́д-него. Је-по́чека коби́лата дур-до́јде и му-ви́кна на-же́на-му да-сле́зет от-коби́лата и да-се-ка́чит на-ко́н'от. То́га же́ната му-ре́кла: „За́што ме-сле́зе от-коби́лата ќе-ми-ка́еш!" А мăш-му му-одго́орил: „Же́но̄, ако-ти-ка́жам, ќ-у́мрам". Кини́саа по́-пăт и оти́доа на ба́чило. Же́ната му-ви́кат на-мăжот па́к „зо́што ме-сле́зе от-коби́лата?" Но́ќта спа́ле на-ба́чило. По-едно-вре́ме по́чнале да-ви́јат вăлци и ти́е му-ви́еле на-кучи́н'ата му-ве́леле: „да-до́еме да-зе́мееме од-

-бфците". Кучин'ата биле-млади и им-викаа на-вілците: "дбјдите, дбјдите, и за-нас да-напріјте малкум јаден'е!" Арно-ама имало ен-стар пес и тбј им-велит: "Ке-дбете, ке-дбете, ама уште-ен-зіп ми-бстанал в-уста и тбј на-вас ке-о-стаам!" Офчарот све слушал и сабЇлето им-наредил ha-оФчірите да-и-утепаат евите млади кучин'а. И сега ке-си-бдат дбма. Се-качил тбј на--кббила, жена-му на-кбп'от и тіргпале за-дбма. Сб-ними дбшол и-песот стар. Жена-му све му-бурала да-му-кажет збшто наредил да-і-утепаат кучип'ата млади, а само-старибт-пес да-бстанет. Тбј, міжот му-одгборил "ке-ти-кажам, арно-ама пбсле к-умрам". Жена-му му-викала пак: "Ејкажи-ми да-зпім, па-пбсле и-да-Умреш". міжот зел бткопал грбп — ке-му-кажет на-жената и-Ке-умират. Песот си-лежел пред-вратата, а пред-него имало ено-парче леп, ама-не-г6-јадел. Д6шол петелот и му-о-грабнал лебот на-песот. Песот му-велит на-петелот: "Петле, ај бегај оттуека зар-не-вијаш ст6панот к-умрет, зар-ко-ке-те-фатам, ке--те-раскинам". Петелот му-одг60РИЛ: "А, ко-е глупаф пека--умрет. Ја имам дваесе кбкошки, ено-зірно ке-о-најдам, евите кбкошки ке-и-п6вика евите ке-д6јдат, а зірното пак ја ке-о-Изеам. Ко-је-глупаф стбпанот нека-умрет, ко-не-может да-стопіндисат ена-жена. "Еве бва го-чул ст6панот и бдма је-викнал жена-му и му-велит на-жена-му: "Жено, бураш да-ти-кажам тба, ама-зніеш ја пбсле к-умрам!" - "міжу, макар-умрел, ама--сакам да-ми-каеш!" міжот го-зеде к6пачот, ј — удри жената со-кбпачот и ј - утепа. И така тбј не-му-кажа на-жената ништо. Пбсле се-прежени 6фчарот со-пбарна жена што-не-била инаетчија.

Драгана Дабеска 73 г. (Велибор Апостолски)

Стенче

[Умниот човек]

Си-бил НеКој сиромаф ч6ек, ама бил мн6гу учен. Умот мн6гу му-секол, туку-бес-пари бидејки, што-ке-праи? Станал сеа умниов, па-ти-п6јдуе bo-неКОј друг грат, ке-што-го-не познаале и тамо ти-ее-развикал низ-градот: "Умен-сум, ербап-сум, ама--пари немам, - пак - камил-сум, ербап-сум, туку-пари немам". К60-на-піто го-зачул **не́кој** ббгат чбек **што-и́мал** шіри дибидус

мно́гу, то́ј му-сви́кал на-јабанџи́јава: „Е́ла ен-ча́с о́вде! Што́-е о́ва, што-ви́каш ти́ ва́ќе? Што́-сакаш со-то̑а да-ре́чеш? — Ти́ да́ј па́ри, па-ја́ ќе-ти-ка́жам што-са́кам да-ре́чам. — „На́-ти па́ри те́бе ја́, па-пра́ј што-ти-се́че у́мо“.

Ко̑а-си-зе́л па́риве от-бога́тиов, умнио-чо́ек ти-ста́нал, па-ти-на́купил ро́гожи фе́тви мно́гу. По́сле и-то̑рил некоја-ге́миа и-о́јшол преку-некое-мо́ре не́где, ке-што-изла́гале но́ќе да-па́сат дивите́ кон'и. Ко́н'иве за́што о́деле по-те́мнина та́мо на-е̑ен-бре́г да-па́сат, па-да-им-се-ви́ја во-темни́ната, изла́гале ти́а со-бевце́-нети ка́мен'и в-у́ста. Каме́н'иве и-зе́мале о́д-море. О́вја у́мниов чо́ек зна́ел па-за́тоа и-зе́л рого́жите. Се̑а та́мо у́ште со-де́н и--за́палил сви́те рого́жите да-и́згорат. Ти́а изго́реле и пе́пел се--сто́риле. Ве́черта ко̑а на́дошле ко́н'ите да-па́сат све́кој со-по--еден-бе́вцен ка́мен в-у́ста и напу́штале каме́н'ите и ти́ја пропа́д-нале ф-пе́пел, па-не́-могле да-све́тат. Ко́н'иве са́кале да-и-со́бе-рат каме́н'ите, да-и-зе́мат на́sат, ту́ку не-и-ви́јале ка̑де-сат. Де́н фа́тил-ве́ќе и ти́ја си-и́спошле в-мо́ре. Ко̑а-ста́нал по́сле чо́еко, ти-со́бира о́ниа ми-ти-ка́мен'и и-нато̑руе во-ѓеми́ата па-си-до́оѓа на́sат ке-бога́тио, му-ви́ка: „Е́ла се̑а да-ти-ка́жам што́-е то̑а е́р-бап сум, у́чен-сум, туку-па́ри не́мам“. Си-и-де́лиле па́риве на́по-лу и то̑а.

Георги Неделков (Ј. Иванов)
Ив 1909 : 72

ДЕБАРСКИ ГОВОР

Дебарско
Дебар

Двоица браќа

Би́ле дво́ица бра́ќа. Е́днијот о́дел на́-дорва, дру́г'ијот се́дел до́ма. То́ј шчо-о́дел на́-дорва би́л бу́дала, а то́ј шчо-се́дел до́ма а́рен. Му-ре́кол буда́лата на-а́рнијот: „Да-се́да да-је-по́чина и́з-мет ма́јк'с“. И та́ка буда́лата се́дел до-ма́јка-си, а дру́г'иот о́шол на́-дорва. Буда́лата згре́л еден-ко́тел во́да, је-ту́рил во-едно-ко́рито. Та́мо јс-кла́л и ма́јка-си и фа́тил да-ма́ат на́-неја. От--кори́тото је-о́днесол во-ја́слите, је-да́л една-фу́рка да-пре́дит. До́шол у́мнијот, је-на́шол о́прана ма́јка-си. Му-ре́кол буда́лата:

„Óдај, кóпај грóп“, а тóј је-зéл мáјка-си. Óдел, óдел до-една--чéрешна. На-чéрешната нáшол една-мóмичка, и је-вéлит будáлава: „Фóрли едно-вéтче“. Момúчката му-не-фóрл'ала. Тóј фóрлил со-едно-дóрво и је-ýрнал дóлу óпрана. А áрнијот óдел да--кóпат грóп. Будáлата му-вúкат: „Брáте! кóпај двá-гроба, ти--нóса двé мајќи“.

...Úделе, úделе и се-скрúле во-една-водéјнца. Вéлит будáлата: „Óвеја-је вретéното мáјќ'ино со-прéшленот, ќа-го-зéма“. Му-вéлит брáт-му: „Не-зéмај-го, ќа-н-óперит водéјнчарот“. Тóј вéлит: „Нé, já ќа-го-зéма; óвеја-је-вретéното мáјк'ино и прéшленот мајк'ин“. Го-зéл и óдел, óдел, дóшол до-една-јáсика, и си--се-кáчил на-јасúката и му-вéлит на-брáта-си: „Ми-тéжит вретéново мáјк'ино, да-го-бýвна дóлу?“ Под-јасúката úмало кáрван к'ирáџии. Г-óтпушчил; кáменот óд-ветка нá-ветка пáднал дóлу, а к'ирáџúите побéгнале óттује. К'ирáџúите úмале тоáрено кáрванот тéмјан. Будáлата му-вéлит на-брáта-си: „Ќа-го-зáпал'а тéмјаноф“. И го-зáпалил. На-Гóспода му-бóлело зóп, а от-тéмјанот му-óздравел, и пýшчат Гóспот: „Кóј ми-óздрај зóбов, нéка дóјт áмо“. Будáлата óшол тáмо. Гóспод му-вéлит: „Шчо-сáкаш, одбéри-си óвде“. Тóј с-óпулил и вúдел едно-шýпел'че и го-пóсакал. Гóспод вéлит: „Нéшо дрýго зéмај, нé-земај óвеја“. Тóј рéкол: „Нé, óвеја го-сáкам.“ Гóспод му-рéкол: „Кóј ќа-те-вúдит, сфé да-рáзиграт, ко-ќа-зáсфириш“. Будáлијот óдел, óдел и го-стрéтил еден-пóп. Пóпот го-зéл за-úмеќар, да-му-пáсит кóзите. Го--пýшчиле будáлијот úмеќар со-кóзите да-и-пáсит. Тóј фáтил да--свúрит. Кóзите фáтиле да-úгрет. На-вéчерта дóшле óслабени. Му-вéлит пóпот: „Шчо-óл'ку ослáбени кóзиве?“ А попáѓата му--вéлит на-пóпот: „Да-пóјш, да-вúдиш шчо-слáбет óл'ку кóзиве?“ Пóпот пóшол да-вúдит. Ко-фáтил будáлата да-сфúрит со-шупéл'чето, кóзите пáк фáтиле д-úгрет. Вéлит пóпот на-попáѓата: „Úмале мóк'и óвје, шчо-úдет óл'ку глáдни“. Тóга попáѓата мувéлит: „Нéка дóјт вéчер да-ни-пóсвирит; дéцата ќ-и-клáјме в-áмбар, а мúје, гóре нá-греди“. Вéчерта будáлијот зáсвирил; дéцата в-áмбар с-изóпрале, а пóпот и попáѓата скóкнале дóлу. Му-вéлит пóпот на-будáлава: „Ко-ќа-кýкнит кукáјцата, да-си-óјш“, Кáчиле едно-мóмиче на-едно-дóрво. Пóпот му-вéлит: „Кýкна кукáјцата; да-си-óјш“. Будáлата му-вéлит: „Кóде-је, да-је-вúда já?“ Фóрлил со-едно-дóрво и је-ýрнал дóлу.

Вид 1998 : 243–244

Горенци

Бил'ал Чела и Пале

Е́днуш до́шол Бил'а́л-Чела со-пе́десет ду́ши ӓрна́ути и-са́ка не́-знум кол'ку-па́ри ѕе́риме. И-ре́кол: „О́л'ку ду́ши и́ма и-во-Па́реши". Кога-ви́деле фарѝте, не́кōет с-и́сплашил и-и́збегал. Посе́нае. О́ттуе го-ви́кēт Па́лета кме́тот и ба́рēт па́ри. Па́ле им-ре́че не́мат и-си-о́тиде до́ма. Ко-се-сте́мни, ти-до́шле и-ко́п^а^ет ду́пка на-ѕи́дот от-ку́ѓата Па́леа за-да-вле́зет. Ма́јка-му Па́леа Цве́та (ста́рата Петко́јца) и-у́знала и-го-ви́кнала Па́лета. Ко-ѓе-ви́дет, што-ѓе́-видет: по́лно Ту́рци ӓрна́ути на́двор. Ама-Цве́та беше-си́лна, кора́жлиа же́на, а-и-Па́ле не́маше стра́ф, и́ч не-се-пла́шеше. По́чнае да-фа̄́рлает. Целото́-село ста́на на́-hosи. Чу́ефме само-пу́шки како-фа̄́рлēт де́ ту́рците, де́ Цве́та и-Па́ле. Цела́-ноќ та́ке не́-спафме. Ко-се-ра́здена Бил'а́л-Чела си-о́тиде, и-му-ре́че на-Па́лета да-ќ-о-о́пери. О́ттуе другата́-ноќ ти-до́шол па́к Бил'а́л-Чела и-е-за́палил пле́вната Па́леа. Се-скри́л во-кори́јата Стојче́чина и-го-че́ка Па́лета да-го-о́пери. Ама-Па́ле зна̄́еше и-не-и́злезе на́двор. Па́ле само-со-марти́нката в-ра̄́ци се́деше. У́тринта сви́те от-се́лото оти́дое в-гра́т (Де́бар) ке-и́ќимот да-ба́рēт по́мош. И́ќимот им-да́де пу́шки на-сви́те и-оти́дое да-го-ба́р^а^ēт Бил'а́л-Чела. Ти-го-на́шле во-Балески́-Трап и-по́чнае да-пу́к^а^ет. И-о́прае свите́-Турци (ара́мии), им-зе́дое-гла́јте, и-одне́сое ке-и́ќимот. Кога-ви́дел и́ќимот, се-за́чудил и-беше-ре́кол: „Ало́л д-и́м-је".

Менка Шареска 78 г. (Фидан Јосифоски)
Вид 1968 : 85

Цепишта

Двојца браќа

Едно-вре́ме си-би́ле дво́јца бра́ќа. Е́дниот би́л бо́гат, дру́гиот си́ромаф. Сирома́ов му-и-по́сакал воло́јте на-бога́тиот да-о́рат. Бра́т-му му-и-да́л воло́јте. Сирома́от о́шол да-о́рат и му-до́шло сно-пи́ле и му-ре́кло: „Што́-сакаш, сниот-вол да-ти-пу́книт или брато́е-ти еното́-око да-му-о́ќорит?" То́ј се-ми́слел како-да́-речит. Се-пре́мислил и ре́кол: „П-у́бō во́лов нека-пу́книт, него-бра́т-ми бе́з-око да-се́јт". То́ј-час во́лот пу́кнал. То́ј го-пу́штил другио́т-вол и е-пра́тил ќе́рка-си да-му-о-о́несит во́лот

на-богатиót-брат. Тéа, девójчето, м-о-óнесло вóлот и-му-кáжало оти-другиót-вол пýкнал. Тóгаш богáтиот брáт óшол ке-кадíјата да-о-тýжит брáта-си. Сиромáот óшол ке-кадíјата. Кадíјата му-рéкол: „Брáт-ти те-тýжит, си-м-о-пýкнал вóлот". Тój одгóворил: „Вистина вóлот пýкна, ама-дójде ено-пíле и ми-рéче: „Штó-сакаш, вóлов да-пýкнит или братóе-ти óкото да-му-óќорит?" Јá рéкоф п-ýбō вóлов да-пýкнит отколи-брáт-ми да-óќорит. „Кадíјава му-рéкол на-богатиót-брат: „Сáкаш íли óкото да-ти-го-íстāм, íли ќа-дáјш двáесет напол'óни?" Богáтиот одгóворил: „Нá-тī пáриве, а-óково нека-ми-сéјт". Тóгаш богатиóв-брат вíдел колку-гó-сакал брáт-му, го-прéгäрнал и се-смíриле сó-него. И-тáка двójцата брáќа се-смíриле и пōќе не-се-кáрале.

Цетишта

Двојца комшии

В-ено-сéло живéјале двójца кóмшī, еден-бóгат и еден-сíромаф. Богáтиов нéмал дéца. Сиромáоф рáботал и ко-ќа-дóел одрáбота дóма, си-íграле со-дéцата и жéна-си. Богáтиоф го-прáшал: „Штó-прајш áке, свекојá-вечер се-смéјаш со-жéна-ти и дéцата?" „Áбе — рéкол сиромáот — со-жéна-ми си-íграме, íмаме ено-јáбāлко и јá е-го-фāрл'а нéјзе, тā ми-го-фāрл'ат мéне". Óвја, богáтиов óјт дóма и е-вéлит на-жéна-му: „На-комшíјана ќа-му-дā ено-гāрне пáри четирí-пāрста прáзно, да-вíдиме што-ќа-прајт". И-стáнал тój, м-о-дáват гāрнево пáри на-сиромáов. Го-зéл сиромáот гāрнево и глéат четирí-пāрста прáзно. И е-вéлит на-жéна-му: „Жéнō, гāрнево е-четирí-прсти прáзно и глéај д-о-напāлниме". Сиромáот сéа рáботат и свé пóкусо нóсит дóма и глéат гāрнето д-о-нáпāлнит. И сéа во-кýќата нéгō нéмат нивéселба, ни-смéа. И тáке и-óстај тój дéцата ненајáдени и необлéчени, само-гāрнето д-о-нáпāлнит. Тáке тéрал неколку-врéме и глéат нé-мојт гāрнево д-о-нáпāлнит. И си-рéкол: „Óва нé-е-рáбота, и-óстајф дéцата необлéчени и глáдни, и е-рéкол на-жéна-си: „Нá, овá-гāрне да-м-о-óднесиш на-комшíјана нáзот". Тáја им-го-óнесла гāрнето и им-рéкла оти-не-гó-сакет гāрнето, чумý-им-е. Сиромáот утрíната пáк óшол на-рáбота, нáвечер дóнесол јáден'е, пíен'е. Вéчерале и си-фáтиле да-íгрēт и да-пéјет. И тáке пáк се-врáтила весéлбата во-кýќата на-сиромáот.

Цеѝишѿа

Тројца браќа

Си-и́мало ено-вре́ме трójца бра́ќа и ти́е и́мале ена-ма́јка ќóра и си-и́мале и ено-лóјзе. Све́кој-ден кóпале во-лóјзево, а е́ден оста̑нол дóма со-ре́т. Дóшол ре́т да-óстанит најстариóв--брат, а́ли óнја са́кал пóбàргу да-сра́ботат и си-ре́кол: д-о-ве́жа ти́нов со-мле́ко на́-плешти, дур-д-и-ра́бота другие-ра́боќе, мле́ково ќа-се-и́змàтит. И́мал запа́лено óгниште, а на-огни́штево и́мал че́репна да-пе́чит ле́п. Óгнов би́л за́гаснат и се-на́валил да--ду́нит, мле́ково се-ту́рило в-óгон. Пóсле óшол ф-кле́т да-е-и́змàлsит кра́вата. Вóлот пре́живал и óвја му-ви́кат на-вóло: „Не́мој да-ми-се-кри́виш за-мле́кото". Вóлов не-ра́збират ни́што. Óвја е-зе́л секи́рата и-о-фу́кнал пó-глā на-вóлов и вóлоф па́нал мà̑ртоф. И-зе́л ру́чекот и-óшол в-лóзје ке-бра́ќа-му. Ти́е кō-го--ви́деле, му-ре́кле: „За́шту óстана дóцно?" Тóј им-ре́кол: „Вóлот го-óпраф, за́шту ми-се-кри́веше за-мле́кото што-о-ту́риф в--óгон". Бра́ќа-му вле́гле во-га́јле: мóж да-и́мат напра́ено óвја некоја-бе́л'а – и óшле дóма. Ви́ѓет вóлот óпран и-зе́ле да-о-де́рет. Го-óдрале и кóжата му-е-да́ле на-стариóв-брат да-óјт да-е--прóдајт. Тóј óдел та́ке со-кóжата и на-ено-ме́сто ви́дел на-еден--да̑п га́врани и им-ре́кол: „Га́врани, на́-ви-е кóжава, а у́тре ќа--дóјда да-мӣ-да́јте па́рите". Óшол дóма и о-пра́шале бра́ќа-му: колку́-пари е-прóдаде кóжата. Тóј ре́кол: „У́тре гавра́ните ќа--ми-и-да́ет па́рите". У́тринта óшол па́к ке-да̑бот и и-ви́дел гавра́ните и им-ре́кол: „Га́врани, дајте́-ми-и па́рите за-кóжата". А-гавра́ните само-си-гра́челе, тóј се-на́л'утил и-зе́л секи́рата, го--и́секол да̑бот. Ко-ви́ѓат вна́тра па́ри жà̑лтици. И-сóбрал па́рите и си-óшол дóма. Бра́ќа-му се-зачу́диле кō-ви́деле тóлку па́ри. Тóј им-ка́жал све́ по-ре́т како-на́прајл со-гавра́ните. Се́а бра́ќава се-чу́дет што-да́-прает со-па́риве. Се-слóжиле д-и-пóделет све́кому по-тóкмо. Најмалиóт-брат о-пу́штиле ке-пóпот д-о-зе́мат ши́никот и д-и-де́лет па́риве. Óјав óшол ке-пóпот и м-о-пóсакал ши́никот. Пóпот о-пра́шал што-ќа́-прает со-ши́никот, а-тóј му-ре́кол оти-ќа-ме́рет не́што. Пóпот о-зе́л ши́никот, вна̑тра о-на́мачкал со-вóсок и м-о-да́л. Ти́е и-поде́лиле па́рите, а́рно-ама ена-жà̑лтица се-зале́пила за-ши́никот колку-за-бе́л'а за-да-ви́дит пóпот што-ме́реле. Кō-еден-де́н, кō-би́ле сви́те на-ра́бота во-лóјзето, пóпот вле́гол из-ба̑ѿата во-ку́ќата од-бра́ќава, и-на́шол па́рите во-са̑ндокот ке-што-и-чу́але и и-зе́л. Са̑ндокот о-на́пàлнал со--гре́бушки от-кóза. На́вечер дóшле бра́ќава од-ра́бота и гле́ет

во-са̑ндокот па́риве и-не́мат, са̑ндоков е́сти па̑лн со-гре́бушки. Се́а се-ми́слет да-н-па́рите се-препра́јле гре́бушки и ре́шиле да--о́дет да-о-пра́шат по́пот за-оваја-ра́бота. Не́јсе, о́шле ке-по́пов и му-ве́лет а́ке и а́ке. Во-еден-са̑ндок и́мафме па́ри, а-фче́ра ко--се-вра́тифме од-ра́бота место-па́рите во-са̑ндокот на́јдофме гре́бушки от-ко́за, па-ти́ каку-у́чен чо́ек да-ни-ка́жиш што́-мојт да--би́т оваја-ра́бота. По́пов о́јт ке-ни́ми до́ма, го-гле́ат са̑ндоков и им-ве́лит: „Во-овја́-са̑ндок све-и́мале гре́бушки от-ко́за, а ва́ми ви-се-чи́нело како-да-и́мате па́ри". Бра́ќава пошту-би́ле про́сти му-поверо̑ле на-по́пот и та́ке си-оста́нале бе́с-пари, зашту-не́--биле ни́мни ки́смет. Ни-та́му бе́ф, ни-пра́о ви-ка́жаф.

Арсо Маркоски (Методија Новковски)
Вид 1968 : 92–93

Цешишша

Волкот и лисицата

Ено-вре́ме се-фа́тиле прија́тели ва̑лкот и лиси́цата и та́ке за́ено ше́тале ис-шу́мата. Шета́ешти на́шле ено-га̑рне со-ме́т. Лиси́цата ре́кла: „Што-да-пра́јме со-ме́доф?" „Да-го-скри́еме во-тра́пон и кога-ќа-би́ме гла́дни, по-ма́лку ќа-си-ја́јме", ре́кол ва̑лкот. Ка-што-ре́кле и напра́јле. Ко̑ по-некоје-вре́ме лиси́цата му--ве́лит на-ва̑лкот: „Кумче-ва̑лче, ме-ви́ке̄т да-кр́ста де́те, а́ли да-о́да а́ли не́?" „Чи́м-те-ви́ке̄т, о́ди", ре́кол ва̑лкот – само-гле́ај у́бо̄ и́ме да-му-кла́јш на-де́тето. Ста́нала лиси́цата и о́тишла ке--што-би́ло скри́ено га̑рну́лето со-ме́дот и се-на́јала колку-што--мо́ела. Ко̄-се-вра́тила ке-ва̑лкот, то́ј е-пра́шал: „Каку-по́мина ка̑рштан'е?" „Мо́шне ле́по", ре́кла лиси́цата. „А каку-го-ка̑рсти де́тето", пра́шал ва̑лкот. „Зафа́ќалче", одгово́рила лиси́цата, та́ке му-ре́кла, пошто-запо́чнала да-о-ја́јт ме́дот. Не-поми́нало но́гу вре́ме, ко̄-е́те-ја лиси́цата па́к му-ве́лит на-ва̑лкот: „Куме--ва̑лче, па́к ме-ви́ке̄т да-би́да ку́ма, да-ка̑рста де́те". О́ди, чи́м те-ви́ке̄т", ре́кол ва̑лкот. Лиси́цата те́крав о́шла ке-ме́дот и-о--преполо́јла. Ко̄-се-вра́тила, ва̑лкот па́ е-пра́шал: „Квво́-име му-на́реди на-де́тето?" Тја́ ре́кла: „Препо́лофче". Не́јсе, поми́нало ма́лку вре́ме ко̄-па́к лиси́цата му-ве́лит на-ва̑лкот: „Куме--ва̑лче, ја́ па́ ќа-о́да да-ка̑рста де́те". Се́а лиси́цата о́шла ке-ме́дот, го-и́зела сви́от, а га̑рнето го-та̑рка́лила во-тра́пот. Ко̄-е-

-пра́шал ва̏лкот каку-го-ка̏рстила де́тето, му-ре́кла: „Та̏ркали ва́ли ф-тра́пче“. (Е́те та́ке, ни-та́му бе́ф, ни-пра́о ти-ка́жаф).

СТРУШКИ ГОВОР

Струшко

Волино

Тураи водејичар и лисицата

Си-би́д еден-воде́јнчар, би́д си́ромаф, не́мад ни́шчо. Ама--са́кад да-се-же́нит. О́шод да-пу́штат е́днуш во́да, ама-една-ли́сица му-се-нау́чила да-му-је-ки́нит во́дата. Една-ве́чер, два-ве́чера, не́-могод да-је-фа́тит лиси́цата. На-треќата́-вечер то́ј је-фа́тид. Та́ја му-се-мо́лит на-воде́јнчарот (го ви́кале не́го Ту́ран). Та́ја му-се-мо́лит: „А́ман, Ту́ране, пу́шти-ме“. То́ј ре́код: „Ќе--те-пу́шча, ако-ми-је-на́вршиш от-ца́рон ќе́рка-му“. И-Ту́ран је--пу́шчил лиси́цава. Та́ја му-ре́кла: „Тура́не̄, да-си-је-про́даіш ка́пата оту-ќ-о́да кај-ца́рот“. Ста́над то́ј је-про́дад ка́пата. О́шла лиси́цата кај-ца́рот стројни́чица да-му-је-ба́рат ќе́рка-му. Му-ви́кат на-ца́рот: „Че́стити ца́ре, и́злези ќе-т-о́питва не́шчо“. И́злегле измеќа́рите: „Шчо́-је, лиси́цē, шчо́-викаш?“ — „Дајте́-ми-го--мера́чето шчо-ме́рит ца́рот па́ри, му-тре́бит на-Ту́рана“. Го-зе́ла и-г-о́днесла кај-Ту́рана. Една-па́ра би́ла, је-зале́пила на-мера́чето и-па́к о́јт кај-ца́рот, го-да́ла мера́чето“. Ли́сō, ли́со, ви́кēт измеќа́рите, една-па́ра се-зале́пила, е́ла зе́ј-си-је“. По́сле лиси́цата о́шла стројни́чица, и-ца́рот је-да́д ќе́рка-му. До́шло вре́ме Ту́ран да-о́јт, ама-не́мал со́-кого, само-то́ј и-лиси́цата о́шле. Лиси́цата вр̏зала една-пу́нка на-опа́шката да-кре́ват ма́гли — пра́ој шчо-да--се-не́-гледат ни́шчо ве́ќе. Ца́рот ви́дед, с-о́пулид откај-кона́ците не́гој, видед Ту́ран со-го́лема фами́лија и́дит, со-но́гу прија́тели. Им-ре́код на-измеќа́рите ца́рот: „У́ште то́лко ко́наци ќе-наре́дите оту-Ту́ран и́дит со-но́гу сва́тој“. До́шла лиси́цата до-едни-ли́ваѓе, је-фр̏лила шу́нката, зе́тот (Ту́рана) г-оста́јла кај-лива́ѓето и-о́шла бе́з-него кај-ца́рот“. Че́стити ца́ре, и́злези да-т о́питва не́шчо“. Ца́рот и́злезе и-лиси́цата му-ве́лит: „О́наму не-стре́ти го́лема во́јска, Ту́рана го-сле́коа и-свато́јте и разбркаја. Ту́ран е́не-го до́лу го́д“. Ца́рот сви́кад во́јската, о́шод кај-Ту́рана, го-зе́д и--го-про́менад. Ту́ран туку-се-пу́лед. Ца́рот је-ве́лит на-лиси́цата:

„Ли́со̄, шчо-се́-пулит ва́ке Ту́ран, да-не-н-бе́ндисвит пл'а́чкиве?“ — „Ца́ре̄ — му-ве́лит лиси́цата — овије́-пл'ачки и-обле́кваше са́мо ко̄-да-о́деше во́да да-пу́шчит“. То́ј (ца́рот) му-да́д у́шче п-у́баі ру́тишча. Ту́ран по́сле је-зе́л ќе́рка-му на ца́рот и-си-о́јшле со-лиси́цата.

Требеништа

Осман-бек је грабил Цветанка

Би́д некој-бе́к, О́сман-бек се-ви́кад то́ј. И-би́д некој-Ба́дтак. И́мад ќе́рка, се-ви́кала Цве́танка. О́сман-бек са́кад да-му-је-гра́бит ќе́рка-му на-Ба́дтака. А-Ба́дтак и́мад деве́тмина си́ној и-си́те же́нати. Ќе́рка-му би́ла на́јмала. О́тишод на-некоја-ни́ва на-пла́нина да-је-жни́јат ни́вава и-со́бервит неколку́-мина се́јмени и-о́дат кај-ни́вава и-му-из̑легвит кај-арга́тите, кај-же́ниве што-жни́јат и о́дат кај-Цве́танка. И-сејме́ните о́колу сто́ат. „Ќе-те-зе́мам ја́ те́бе“ — ве́лит О́сман-бек. И-та́ја му-се-фа̑р'ат со-ќо́тек, ама-же́на. И-напра́вија една-ѓуру́лтија. И-та́ка му-је-зе́доја моми́чката на-Ба́дтака. Цве́танка му-ве́лит: „Си-ми-би́д ка́смет, од-рече́ното не́-можам да-бе́гам, са́мо те-мо́л'ам ќе-м-ослобо́диш со-неве́стине, со-е́дна да-прогр̄а́м. О́сман-бек се-до́вери на́-неја, се-пре́даде, је-ослобо́ди и-прогр̄и со-неве́стите е́дна. Та́ја му-ре́че на-не́стите е́дна (на-сна̑-је е́дна) да-о́јт да-му-ка́жит на-та́тка-си и-на-бра́ќа-си да-фа́тат ете-ка́де пу́сија. Цве́танка го-фа́штат О́сман-бега и-се́јми́ните по́-ниа и-та̑ргват. И-сна̑-је о́ти-де до́ма и-му-ка́жа на-Ба́дтака: „Та́ткō, на́с-ни-се-на́прај го́лемо не́шчо неу́бō: О́сман-бек ни-је-гра́би Цве́танка. Да-и-со́бериш тво́ј деве́тмина си́ној и-да-фа́тат ја́ка пу́сија белки-Цве́танка ќе-ја-о́ткинат“. И-то́ј та́ка и-со́бра сино́ј-му — ко́ј со-во́лој би́л, ко́ј со-о́фци би́д — и-та́ке ти́је до́јдоја кај-та́тка-му Ба́дтака. Ба́дтак му-ре́че: „Слу́шајте ви́је деве́тмина си́ној, ќе-о́јте ете-ка́де, ќе-фа́тиме пу́сија и се́стра-ви Цве́танка да-не-дозво́лите турцко-фе́реце да-је-се-кла́јт“. И та́ка ти́је се-наору́жаа до́бро, о́јдоја и-фа́тија пу́сија. И-е́то-го О́сман-бек на-ме́стово кај-што-ва̑рвит. И-бра́ќа-је: „Сто́ј, О́сман-бек! Пу́шти-је Цве́танка“. То́ј: „Не-је́-пуштам“. — „Не-је́-пушташ-ли?“ Та́нк со-пу́шките и-г-у́бија Осма́н-бега, Цве́танка си-је-зе́доја.

Требениште

Двајцата браќа шо се делиле

Би́ле два́јца бра́ќа. И-ти́је, е́дниот и́мал по́малу де́ца а-би́л по́стар, по́стар и по́бистар би́л. Пома́лиот би́л но́гу про́с, си́ромаф, а тр̌чал но́гу, ќу́мур пра́ел, др̌ва но́сел, е́дно, дру́го, сфе́ шо-пе́чалел па́рите, му-да̄л не́му, на-бра́тоф по́стар. А-и́мал но́гу де́ца. И-о́вој ве́лит попаме́тниоф: „Бра́ту, ќе-се-де́лиме.“ Ама-и́мал же́на у́мна то́ј, а́ко би́л про́стуф. И-не́јсе, го-де́лит. „А бе́ ти́ — ре́че — о́диш на́-пазар, но́сиш е́дно, но́сиш дру́го, не́ма да-ти-пре́чам, ке-ќе-ме-те́раш ти́ ќ-о́да, за́ш да-се-де́лиме?“ — му-ве́лит бра́тоф по́мал на-поста́риоф. „Не́, ќе-се-де́лиме“, му-ве́лит бра́тоф по́стар. И го-де́лил. И́мале едно-ра́ло во́лоі̯: едниот-вол би́л ста́р и-сла́п. И́мале една-кра́ва и едно-те́ле, едно--ма́гаре и еден-ко́јн. Се́га о́вој, паме́тниоф, го-зе́ма ко́јнот, на--бра́тоф му-го-да̄т мага́рето, е-зе́мат кра́вата, не́го му-го-да̄т те́лето, го-зе́мат во́лот у́баф, не́му, на-бра́тоф му-го-да̄т сла́биот. И не́јсе. И ти́ја се-де́лиле. О́вој пома́лиоф и́мал кала́балак де́чијна, тр̌чат, ќу́мур пра́јт, е́дно, дру́го, а́ма не́-стасвит ни́шчо. Иде̄ј̄ки се-сли́знал пустио́т-вол, сла́п, си-е-скр̌шил но́гата. „Же́но̄ — ре́че — во́лот си-е-скр̌ши но́гата.“ „Па ко-е-скр̌шил, зако́ли-го — ре́че — нек-го-ја́дет де́цава — ре́че —, шо-ќе-пра́јме се́га.“ И го-за́клале во́лот. А́ма гра́дот не́-бил но́гу да́леку, преку-една-ту́мба се-пре́фрлал да-о́јт да-е-про́дајт ко́жата. Ре́че: „Же́но̄, ќе-е-про́да̄ ко́жава ја́с.“ „Про́дај-а, бре-ма́жу, про́дај-а ко́жата.“ И то́ј се́га о́і̯т, ќе-пре́фрлит преку-ту́мбата, а́ма ту́мбата претрче̄шчи, не́које ра́мно ме́сто и́мало то́поли, а на-топо́лите ча́фки насо́брани и ти́је „га́-га́-га́“! А то́ј им-ви́кат: А бе́, ќе-ви--е-да́дам, ама-ф-са́бота и-са́ка па́рите!“ И им-е-фр̌лил ко́жата на-ве́тките на-гавра́ниве, на-ча́фките, и се-вра́тил на́зат. Дур-до́шол до́ма, се-сте́мнало. „Шо-на́праі̯? — го-пра́ша же́ната. „Им--е-да́доф на-ча́фките ко́жата, им-е-про́дадоф — ре́че то́ј — ама дури-ф-са́бота да-ми-и-де̄т па́рите.“ „На́лет да-се-сто́риш, от--ча́фки-ли ќе-зе́і̯ш па́ри?“ — му-ве́лит же́ната. „Па-ми-ре́која ти́је — ре́че — до́јди ф-са́бота, ќ-и-зе́і̯ш па́рите. „О́ттука то́ј го--зе́л мага́рето, вре́шчата за-д-о́і̯т ф-пла́нина ќу́мур да-на́праі̯т. И о́і̯т д-и-ба́рат па́рите во-сабо́тата. Ча́фките го́ре на-топо́лите и па́к по́чнале: „га́-га́-га́!“ „А́јде сле́зете до́лу — ре́че — па́рите да-мӣ-да́і̯те“, им-ви́кат на-ча́фките. А-ти́је па́к го́ре и-па́к: „га́--га́-га́“! „Мо́ре сле́зете — ре́че — да́јте-і̯ па́рите, и́наку ја́с ќе--ве-у́рна до́лу ва́с!“ Чо́екот ја́к, секи́рата и па́м — пу́м на-др̌во-

то, па́м — пу́м, па́м — пу́м! Дрвото би́ло ста́ро, шу́пливо, и не́кој во́-него скри́л па́ри нетрга́ни, су́ма па́ри. Дрвото па́днало, а би́ло шу́пливо, и па́рите се-ту́риле у́долу. „А́х — ре́че — ке-сте-и́-скриле па́рите! Шо-ми́слефте ви́је, ќ — изле́тате, не-ќ - и́ на́јда ја́с па́рите!“ На́полнил врее́ки́ната, тва́рил мага́рето и и-но́сит па́рите до́ма. „Е́ве-ј, же́но̄, па́рите — ре́че — им-зе́доф, ама у́шче и́мēт. Ја́с — ре́че — ви́каф, а ти́је: Н — ӣ-да́ме, н - ӣ-да́ме“, ама ја́с го-пре́секоф дрвото и им-на́јдоф ке-ш-ӣ-скри́ле па́рите.“ А же́на-му би́ла па́метна, по́шле и и-зе́ле па́рите. И-зе́ле па́рите, и-до́несле до́ма. Же́на-му ку́пвит едно-ра́ло во́лој, ко́ла, и-нато́варвит бра́шно да-по́несит за-де́цата, па́ри но́гу. Ко̄-чу́л бра́т-му, постарио́ф-брат шо-го-де́лил, се-чу́дит: „О́ткаде — ре́че то́ј — ко́ла, во́лој, е́дно, дру́го, о́ткаде о́лку бра́шно?“ Се-чу́дит. Другио́т-ден зе́мат де́цата, и-о́блеквит си́те, си́те де́ца во-но́ви а́лишча. А же́на-му би́ла па́метна и му-ве́лит се́га на-ма́жоф: „Ти́ не́мој, не́мој, да-не́-кажвиш ни́кому ке-на́јдофне па́ри.“ „Не́, мор- же́но, ни́кому не́-кажва.“ И по́сле то́ј не́како се-до́брал до-бра́тоф, постарио́т-брат и ве́лит: „А бе-бра́ту - ре́че — ке́-најде о́лку па́ри? Бра́шно до́несе, во́лој, е́дно, дру́го, све́ на́мести со-же́на-ти, и де́цата и-о́блече, ке́-најде?“ „А бе́ - му-ве́лит помалио́т-брат — во́лот ста́р па́дна, си-и-скрши но́sете, и та̄ ми-ве́лит, же́ната, зако́ли-го да-го-ја́дет де́цава ба́ре, не-му-се́-прај̣т шо-не-му-се́-прај̣т но́гата. И ја́с ста́наф го-за́клаф во́лот и е-про́дадоф ко́жата.“ „Кај-е-про́даде?“ — го-о́питвит то́ј. „Е н — о́на̄ ту́мба о́наму, ке-о́ние топо́лите — ре́че — и́маше ча́фки, ми-е-са́каја ко́жата, ја́ им-е-да́доф и им-ре́коф: ф-са́бота па́рите. И ти́је ми-ре́која: ќе-ти-да́ј̣ме. Же́на-ми ќе-м — опе́реше. И по́јдоф ја́с та́му. Им-ви́ка: сле́зете. Ти́је не-сле́гвеја, и ја́ секи́рата и го-се́ча дрвото, топо́лата. А ти́је беше-и-скри́ле па́рите во-тва́, во-дрвото. И-на́јдоф па́рите, и́маше но́гу па́ри.“ „И́х ма́јката — ре́че то́ј, другио́т-брат-и-ја́ ќе-го-за́кол'а во́лот. „О́јт до́ма, и-за́колвит и-во́лот и-кра́вата да-до́биет по́јќе па́ри. И-о́днесол и и-о́стēл та́му на-топо́лите и то́ј, та́му ке-ча́фките. А́ма во-си́те то́поли не́мало па́ри. Се́чит е́дна, се́чит дру́га то́пола, не́мало па́ри. И та́ка то́ј о́станал и бе́з-вол и бе́с-крава, и та́ка то́ј, постарио́ф-брат о́станал си́ромаф, а помалио́ф-бра́т си-се-обо́гатил.

Киро Пејоски (Стојан Пејоски)
Вид 1998 : 276

Вишни

Си-би́ле баба и де́до. Не́мале де́ца...

Си-би́ле баба и де́до. Не́мале де́ца. Еден-де́н ба́бата и де́дото се-ска́рале и се-де́лиле. Ба́бата го-зе́ла пе́тлето, а де́дото мачо́рокот. Еден-де́н пе́тлето је-ре́кло на-ба́бата: „Ба́бо̄, спрема́ј-ми-го то́рбето, ќ-о́да на-пе́чал'ба. „И тва́ си-о́тишло во-ба́фчата от-ца́рот и си-пе̋ло: „Ца́ре, ца́ре, да-ти-се-по́сера стрет-па́јнцата. „Чу́л ца́рот, ра́збрал што-му́-пејт пе́тлето, и-ви́кнал слу́гите и им-ре́кол: „Зе́јте-го пе́тлено и фа̋рле́те-го к'е-а́зноно.“ И слу́гите го-фа́тиле пе́тлето, го-фа̋рлиле во-а́зното. И тва́ се-нагу́гало напо́л'они, се-нагу́гало, се-нагу́гало у́бо̄ и го-кре́нало но́цето. Го-ви́деле слу́гите, поми́слиле пе́тлето у́мрело и му-ре́кле на-ца́рот пе́тлето цо́јсало. Ца́рот им-ре́кол да-го-фа̋рлет на-бу́ниште. И ти́е го-фа̋рлиле пе́тлето на-бу́ниште. И пе́тлето по́лека ку́ц-ку́ц-ку́ц, о́тишло к'е-ба́бата. И је-ре́кло на-ба́бата: „Обе́си-ме, ба́бо, на-гре́дана и посте́ли-је мара́мата, и зе́ј една-фу́л'ачка да-у́дриш со́-н'а.“ Ба́бата сто́рила тва́ што-је-ре́кло пе́тлето. Зе́ла фу́л'ачка и у́дри со-фул'а́чката, и пе́тлето трр...трр... и напол'о́нчин'а. И по́сле ба́бата о́шла к'е-де́дото да-му-го-зе́јт куте́лникот да-и-ме́рит напол'о́ните. И-изме́рила напол'о́ните и ба́бата о́јт к'е-де́дото, му-го-вра́тила куте́лникот. Де́дото са́кал да-ви́дит што-ме́рила ба́бата, гле́дат во-куте́лникот, ба́рал да-ви́дит што-ме́рила ба́бата. Ко-гле́дат во-едно-це́пче во-куте́лникот напо́л'онче. Го-ви́дел тва́ мачо́рокот и му-ре́кол на-де́дото: „Де́до̄, а́ј ме́си-ми една-по́гача, спре́ми-ми една-чу́тура ви́но, и́-ја ќ-о́да на-пе́чал'ба, и ја́ са́ка да-пе́чал'а.“ Де́дото му-спре́мил по́гача, му-је-спре́мил чуту́рата ви́но, и мачо́рокот о́шол. О́дел од-воде́јнца на-воде́јнца, се́где глу́фчишта, ска́кал од-ме́жда на-ме́жда, са́мо змѝшта и смо́чишта, и е́ве се́га се-вра́штат, до́шол до́ма. Му-ве́лит на-де́дото: „А́ј, де́до, се́га ва̋рзи-ме на-гре́дана и здо́ла посте́ли-го гу́нчето, и у́дри со-фул'а́чката.“ Де́дото го-сто́рил тва́, го-ва̋рзал за-гре́дата, го-по́слал гу́нчето здо́ла и у́дри со-фул'а́чката. И ко-по́чнал мачо́рокот да-та̋ртат змѝшта, глу́фчишта, смо́чишта, не-зне̋ле к'е-да-бе́гē̄т.

Ра́збрала ба́бата, си-напра́јла тига́јнчин'а и се-ка́чила на́-петар. Де́дото о́дел покрај-кла́никот, а ба́бата му-пу́штала тига́јнчин'а. Пу́шти е́дно, то́ј и́зеј-го, па́ ба́бата пу́шти едно-тига́јнче, де́дото ла́пни-го, и́зеј-го и ви́кај: „При́дај, го́споде, при́дај!“ иште-е́дно!“ И та́ка ба́бата го-на́јала со-тига́јнчин'а. А́ма е-па́днало но́жето. Го-ви́дел де́дото, го-по́знал бабиното́-ноже и зви́-

кал: „Е, ста́рка, старки́ното но́же о́ве! К'е́-си, ста́рке, и́-ја ќ-и́да со́-тебе!“ Ба́бата па́к го-при́брала де́дото и та́ка се-поми́риле.

(Таки Чакаровски)

Окшиси

Неспособниот

Би́л еден-чве́к. Би́л же́нат. Не́-бил спо́собен за-да-је-ра́нит же́на-му и-же́на-му г-исте́рала о́т-куќа. То́ј по́барал во-а́тлите от-ку́ќата и на́шол една-са́бја; је-зе́л и-о́тишол ф-пла́нина. На́шол че́шма та́мо. Се́днал покрај-че́шмата и-за́спал. А-та́ја пла́нина би́ла за́зета од-зме́ој и-ни́една жива ду́ша не-мо́жела да-по́јде та́мо о́д-ними. Би́ле двајца-зме́ој, и́мале една-се́стра. Се́трава о́тишла да-па̄лнит во́да. Го-ви́дела не́го, чве́кот, кај-спи́јет, је-ви́дела и-са́бјата. На-са́бјава пи́швит: е́дно ма̄не деве́т-мина̣. Та́ка та́ја се-потпла́шила, се-вра́тила кај-бра́ќа-је и-им-ка́жвит оту-је-до́јден еден-ју́нак кај-че́шмата. По́сле ти́је ре́кле: „О́дај по́лесно да-го-ра́збудиш и да-му-ре́чиш да-до́јдит ка̄ј-нас“. Ко-до́шол то́ј ка̄ј-ними, го-о́питвет али-си-же́нат. То́ј им-ре́кол: „Не́-су же́нат“. „Је-са́каш се́стра-ми да-ти-је-да́јме за-же́на?“ „Је-са́кам-зер!“ „А́јде, е́рлија не́ка-је“, и-му-је-да́ле. По́чнале да-си-спи́ет зе̄дно. Едно-у́тру му-ве́лет: „Ста́ни, зе́ту, зе́ми-је ко́жана за-во́да, до́јнци во́да“. О́тишол то́ј, је-на́па̄лнил ко́жава со-во́да, а-не́-можел да-је-кре́нит. Зе́л по́сле да-је-о́ткопвит це́лата че́шма. Ко́га е́те-је же́на-му и-му-ве́лит: „Ка̄ј-си, те-че́кет бра́ќа-ми, не́ме̄т во́да“. То́ј је-ве́лит: „Ако-не́ме̄т во́да, зе́ми-је ко́жава, одне́си-је, ја́ це́ла че́шма ќа-је-кре́на“. О́ва̄-је-о́днесла во́дата и-им-ре́кла на-змеј́те: „Ма̄́жот-ми са́кат да-је-до́јнцит се́та че́шма“. Нека-не-је́-носит, нека-си-до́јт“, ре́кле ти́је. По́сле неколку-дни́ се-по́јавил некој-ца́р со-во́јски да-се-би́ет со-змеј́ве. Му-ве́лет: „А́јде, зе́ту, се́га ќа-о́јме на́-битка, одбе́ри-си еден-ко́н“. То́ј си-вле́гол во-ќе́ралот кај-ко́ните, на́шол ко́ни го́леми, зад-вра́тата на́шол еден-ма́л ко́н и́-него го-зе́л. То́ј-кон о́дел на́прет пред-другите́-кони. И-ре́кле змеј́ве: „Бре́, како́ф-јунак, го-по́зна и-ко́нов што-о́јт на́прет“. „Ко-кини́сале за-да-о́двет, то́ј се-на́прај бо́лен. Же́на-му го-зе́де ко́нот и-са́бјата и-та̄́рнае со-бра́ќаа-им, а-и-о́блече него́јте ру́тишта. Оти́двет та́мо, по́чнал да-се-би́ет и-по́бедвет. Се́трава је-ра́ниле во-би́тката. Бра́ќава

ми́слеле да-н-је-ра́нет зе́тот. По́сле ко-се-сва̄рши би́ткава, та́ја по́рано до́шла до́ма, на́горе едно-же́лезо и-кога-и́двее бра́ќа-је, та́ја го-жи́жна со-желе́зото ма̄жа-је да-о́фне за-да-го-чу́јет бра́ќа-је оту-је-ра́нат. По́сле до́шле ти́је: „Шу́ќур оту-курту́лифме, не́ма зи́јан“. По́чнале да-си-жи́вет сре́ќно зе̄дно.

Окшиси

За вампирот

Во-е́дно се́ло у́мрел не́кој. А́-пак ква-у́мрел, и се-по́јавил гро́бник: то́ј умре́ниот. С-и́мал една-же́на моми́чин'а во-ку́ќата. Та́ка. Би́ло летно́-време. Гро́бников ква-у́мрел, ква-ста́нал, и се-на́учил ке-же́ната и момичи́н'ава. До́јди ве́черва, до́јди утре́-вечер, та́ја гре́шна пу́кната от-стра́ф: „Што-ми-се-на́уче гро́бников?“ И не́ква ве́чер ... и́мала та́ја кла́чка со-пи́лин'а во-ку́ќата. Во-ку́ќата ке́што спи́еле. Неква-ве́чер припи́штила кла́чката со-пили́н'ата, припи́штила. Ста́нала же́нава, ма́јкава од-моми́чи́н'ава, да-ви́дит што́-је. И ту́к, ка́ко не́што ве́тар од-под-до́лапот. Под-до́лапот би́ла кла́чката. К ко-не́што ве́тар ду́нало „фу-у-у“ си́лно и ле́тнало на́-петар. „Пе́тар“, та́ка ви́кē̄т ве́фчани, „пе́тар“, на́-таван. И о́вā̄, ма́јкава од-момичи́н'ава, да-не-и́-плашит, да-не-и́-будит. А та́ја ве́ќе се-стре́сила о́т-страф, ма́јкава. А́ма су́миле и момичи́н'ата, ко́јшто спи́еле, и су́миле. Прско́кале момичи́н'ава: „Што́-је, ма́мо? Што́-имат во-ку́ќава?“ - „Ни́што, ни́што!“, па́к та́ја ре́кла, „спие́те-си, спие́те-си!“ — „Не́, ма́мо, не́. И́мат не́што о́вдека да-пре́скока“ је-ве́лет. И момичи́н'ата, три́ моми́чин'а би́ле и едно-де́те во-ку́ќава, ско́кнале и-ти́е. Ква-и́злегле на́двор от-ку́ќава, је — нажда́вет ти́е една-же́на, ќе-ви́кат по-же́нава: „Петре́јце мо́ри, што́-је, мо́ри Петре́јце?“ — „Ни́што. Ми-тро́паше не́што.“ — „Мо́ри Петре́јце, и ке-ме́не тро́пат. Да-н-је́ не́што стра́шно!“ — „Не́, не-пла́ши-се“, пак та́ја ви́кала Митре́јца, „не-пла́ши-се, Митре́јце.“ И же́нава си-при́брала момичи́н'ава от-Петре́јца, и о́тишле по́фторно да-си-ле́гвет. Колку-што-ле́гнале, тук-ви́кат Митре́јца: „Петре́јце! И́злези! Ме́не ми-тро́пат не́што. Тук не́маш пу́шка? „По́чнала не́барте да-го-пла́шит то́ј тропа́ленот: „Пу́шката да́ј-ми-је да-го-о́пера о́ве што-тро́пат.“ Та́ја не́мала пу́шка. Па́к и́злегла Петре́јца и је-ре́кла: „Не-пла́ши-се, Митре́јце, не-пла́ши-се! Те́ја што-тро́пат тја̄ си-о́јт.“ Заш — Петре́јца зне̄ла-го ут-што́-је, ут-је-гро́бник.

Та́ка, та́ка. Це́ла но́ќ се-бу́фтале ти́е со-гро́бникот. Пу́стиот гро́бник от-пили́н'ата да-им-у́дајт ке-Петре́јца. Ква-ста́нала Петрејца саба́јлево, и́злегла кла́чката да-си-ше́тат по-ку́ќата. Ква-и́злегла, пили́н'ата не́-биле то́кму. И си-ре́кла: „Мо́ре, ке́-је иште-е́дно пи́ле? „Го-ба́рат. Ке́-мојт да-би́дит во-ку́ќата? Ти́е ма́л'цај пи́лин'а ... то́га би́ле изле́зени. Ква-тја́ по́барат под-до́ла-пот ке-ле́жела кла́чката со-пили́н'ата, тја́ го-на́јт едно-пи́ле ма̄рто. Да-го-у́дајт гро́бникот. И по́чнала Петре́јца да-ви́кат по-гро́бникот. Та́ја зне̄ла ут-ко́ј гро́бник-је. И на́-име по́чнала да-ви́кат: „Ти́, мо́ри, ва́ка де́цава тја́ ми-пла́шиш? О́дај-си ке-се́стра-ти, о́дај-си ке-те́тка-ти! С-и́маш та́тко, с-и́маш се́стра. Што-ми́-бараш о́вде? Ја́ су-ти-да́вала се́што? по́чнала да-му-ви́кат на-гро́бников. „Се́што што-ти-се-са́кало во-ду́шата, ја́ су-ти-да́вала. И си-ми-до́шла да-ми-пла́шиш де́цава? Јези́к да́-ти-је, мо́ри!" И на-вика́н'ето... та́ја, Петре́јца, ква-што-по́чнала да-ви́кат, и гро́бникот по́бегнал. По́бегнал и се да-се-о́сетит ќе-ле́тат по-ѓера́миди. Ле́тај, тро́пај по-ѓера́миди гро́бникот. Е́-е-е-е та́ка.

Лабуништа

Најдолниот брат и трите самовили

Си-бе́е тро́јца бра́ќа. Два́јцава бра́ќа би́ле сло́жни, тре́ќиоф не-го-са́кает до́ма. Го-и́мает за-на́јдолна ра̄ка, и го-пу́штие да-си-о́јт. „О́ди — му-ре́кое — во-фи́л'ан пла́нина, да-о́јш, да-по́јш ал' да-се-не́-вратиш". То́ј не-зна̄еше што́-е те́а „да-по́јш ал' да-се-не́-вратиш". И то́ј го-кре́на па̄тоф да-о́јт. О́вде-о́нде, о́вде-о́нде сти́гна на-па̄рвава само́вила. Самови́лата го-за́пре, му-ре́че „Ке́-ојш, бре,—чо́ече?" „О́да — му-ре́че — е́те во-фи́л'ан ме́сто. Та́му и́мат две́ се́стри, са́кам да-е-зе́мам е́дната се́стра за-же́на. Ја́ сум-о́станат бе́з-жена и ни́кој не-ме́-примат во-моево́-место". „Ај до́бро — му-ре́че — ти́ ќа-о́јш та́му и та́му, та́му ќа-по́јш, ама на́зот не́-мојш да-се-вра́тиш". „Па не́ка не-се́-вратам" — му-ре́че. Па̄рвата са́мовила му-г-о́твори па̄тот. До́јде се́га до-дру́гава, и та́а му-ре́че „не́мат ме́сто за́-тебе, Ке́ј-ојш?" „Па о́да на-фи́л'ан ме́сто за-фи́л'ан ра́бота", и́стото му-ве́лит. „Е не́-можит та́ка — ре́че — до-та́му са́мо ако-те-пу́штиме мие. Ка́жи што ма̄ка до́-нас о́вдека?" „До́-вас — ре́че — ви́е са́мо па̄тот да-ми-го-ка́жите." Та́а то́гај му-да́де е́ден от-ко́њиве не́јзини и му-

-викна "кбј го-бендисвеш од-бвие?" "Ам бне шо-е-најмалбно - му-рече - да-ми-го-ојјте". "Е, баш си-имал стрека - рече - теа мбже да-т-бднесит дб-таму. Најмалбто му-е-царот на-свиве самбвили - му-рече - бвдека во-стбкава што имат". И му--нареди да-г-бднесит. Ама го-бднеса до-трекава, најsаднава што--требит да-бдит. Ка-дбјде до-третава, таму е-најде кбрата што--беше без-очи. Дбјде до-старата TYjKa. Таа немаше градница да--бјт, се-врати назот, г-бстај него TYjKa. "Ти - му-рече - ке--ојш? му-рече на-сиромајот. "Бака и вака - рече - имам една--мака; бда до-фил'ан место сакам да-е-бара самовилската кука, таму живет две сестри, се-самбвили, па едната сакам да-е-зема за-жена". "Ама таму што-влегвет не-излегвет - му-рече - и назот не-се-вракат ништо живо". "Е па таке нека-бидит - му--рече - ја да-пбјда дб.таму". И сега му-велит таа: "П¹рво да--пбјш во-фил'ан место, таму имат едно изворче, течит вбда, да--ми-напалниш от-таа вбда; дал' го-зн¹јш?" "Не-го-знам" - му--рече. "Ако не-гб-знајш, земи една-пр¹чка, ск¹рши една-пр¹чка, удри-ме п¹рво по-десновб-око". Му-го-пушти деснотб-око, му--с-бтвори бкото на-Кбрата. НајсТараТа беше таа таму. "Удри-ме - му-рече - по-леото". И по-леото кога-е-удри, и леото му--се-бтвори. И таа тбгај му-рече: "Е-е, сега-е, цел-свет е-мбј. Сега шб-сакаш ти бд-мене бвде?" "Нºшто - му-рече - само сакам да-ме-пуштиш и да-ме-упатиш, патот да-ми-го-кажиш Кеј--е куката от-самовилата". Таа му-рече: "Слушај ваму, мл'бгу далеку-е, туку - рече - ка-ти-најда сресво, пбчим ова-добро ти ми-го-напрај мене". Тбгај таа викна и го-дбнесе в¹лкот ке--неа. Ка-му-дбјде в¹лкот, му-рече: "П¹рво, искини-му три влакна; во-какоф случај к»-падни¼ ... мбжит и бблес да-го-фатит на-пати, да-не-мојт, далк-е пат, да-т-бднесит, ама ти: ако-т--бстајт на-пати, едното влакно ка-го-запалиш; ја веке знам ваму штб-е рабботата, дека си на-пати бстанат. Ја како-било дб-таму ке-те-спрбведам, ја ка-се-снајда за-да-те-спрбведа дбтаму. На--в¹лкот му-нареди: "Ка-го-нбсиш до-фил'ан место". И му-се--качи на-в¹лкот и крена в¹лкот. Кога-крена в¹лкот, бвде, бнде, ил'јада плаНИ l е префарли тбј. За-него немаше градница нигдека. Ка-го-бднесе близу таму за-едно седом, бсом килбметра ке-што--живеет тие, му-рече "ти не-мојш да-дбјш" - му-велит на-сиромајоф. "Ама зашто? - му-рече. "Зашто ти не-мојш да-влезиш:тебе мументално ка-те-пбништет тИе. Ама ја ка-барам некако излес; ка-излезет тие сабајле, тие мбрает чим-излезит сіщце да-излезет надвор; ја ка-прббам некако да-е-украда, ама ти ка-

-се́јш ва́мо, заш во-бега́њето да-не́мојт да-ни-сти́гнит, та́а и́мат си́ла го́лема.“ До́бро! То́ј г-о́стај та́му, та́му на́-па̏ти, не́гдека да́леку. И му-по́јде ва̏лкот та́му. Ка-му-по́јде, изутри́нава са̏нцево и́злегвет и изле́гвеет и ти́е е́дна по́-друга да-го-проше́тает двори́штево вна̏тра. Го-ше́тает ти́е дво́роф и па́к си-о́дет во-ку́ќава вна̏тра. А́ма му-ка́жае де́ка пома́лата и́мат ме́сец на-че́лото. А би́ле две́те — поста́рата и пома́лата. Ва̏рти, су́чи, му-на́ближа вре́мето за-да-забе́гает. Пома́лава о́деше по-ста́рата. И му-се-фа̏рли из-а́влија, е-гра́бна не́а, пома́лата, е-пре́фа̏рли преку-а́влија. О́ва дури-и-ба́рат кл'учо́јте да-и́злезит ва́му на́-порта, не-мо́еше да-ско́книт преку-а́влија, о́вја и́збега. Во-бега́њето, ке-што-г-о́стај сирома́јоф, и́-него го-гра́бна, му-се-ка́чи на-ва̏лкоф. Ка-се-вра́ти, ко́га по́мина па̏тоф от-ке-шо-до́јде, па̏тоф ве́ќе бе́ше о́творен, и го-до́неса до-па̏рвата што-го-пре́чека, па̏рвата кога-и́деше за-по́ними. И о́ттука то́ј ки́ниса со́-неа на́-носи да-о́јт, и сн-му-ј-о́днесе та́му в-гра́т како-са̏нцено о́нака да-му-све́тит. Ка́ква ца́рица, ка́коф ѓа́ол, ка́кво све́! И ца́рот му-ре́че: „Ко́га то́л'ку си-спо́собен, е́ве-ти-го ца́рстово мо́е те́бе“. И та́ка најсирома́јот шо-бе́ше, шо-не-го-са́кае бра́ќа-му ста́на ца́р.

А. Јускоски 1928 (Стојан Пејоски)

ОХРИДСКИ ГОВОР

Охридско

Охрид

Мара пепелешка се чинит царица

Едно вре́ме си би́ле еден ма̏ш и же́на, си и́мале и е́дна ќе́рка — „Ма́ра“. Ти́је, ма́јка и́ ќерка се́кога си се́деле крај о́гнишче и си рабо́тале, си пре́деле. Еден де́н Ма́ра са́кала да о́јт у комши́ите, да пре́јт за́едно со дру́шките си. Ма́јка је је да́ла и́зан да хо́јт, ту́ку је да́ла еден та́гар ка̏дели да и и́спреит то́ј ден и је ре́кла: „Ако не и и́спреиш де́неска сфи́ве овје кадели, ќе ти се сторам крава“! Мара ошла у комшиите, прела, прела везден, туку не можела да и испреит сфите кадели, та вратила назат колку шчо је останале.

Дошла дома си, клукат на врата да је отфорит мајка је и викат: „Мајко, отфори; мајко, отфори!“ Туку на чудо останала, кога на место да је се отфорит вратата, чула од дома кравин глас:

„Му-у-у!“ — Мајка је навистина се сторила крава. А татко је, и тој небидвеешчем дома, тога и тој си идел от чаршија и си носел една туфа прас. Немаешчем кој да им отфорит однатре, татко је најсетне скршил вратата со клоца, та таке си влегле дома. А кога влегле натре, шчо да видеет? — Марината мајка — крава се сторила!

Потем некоје време татко је се преженал, зел машчаа на Мара. Откако се преженал, по неколку време Марината машчаа му рекла на мажа си: „Хајде, мажу, да ја заколиме кравана, зошчо ни је, кога не останвит стелна толку време, шчо да ја раниме попустина јалоа?“ Маш је се сторил каил' и кравата ја заклале, та си вареле од месото и си јаделе. А Мара, колку шчо је канеле да јајт и таја и је велеле: „Ела, Маро, да ручаме, да вечераме“, таја никога не јадела, зашчо знаела оту месото било не од вистинска крава, а од мајка је. Кога раставјала софрата, таја коските од месото не и фарл'ала на пат да и јадеет кучин'ата, а и собирала, та и запретфела во кланикот во пепелта. Секога Мара така чинела и, от жал'ба за мајка си, нигде не излегвела од дома, а сфе крај огнишче си седела, како во пепелта да била и таја запретана, та за тоа машчаата је ја прекарвела: „Мара пепелешка“.

Еднош маш и жена, татко је и машчаа је, ќе оделе на брак и ја викале со себе и Мара да хојт на брак со ними; а таја не сакала да хојт и им велела: „Јас, Мара пепелешка, шчо барам на брак? Хојте си сами вије!“ И така тије си ошле сами на брак, а Мара си останала дома.

Кога татко је и машчаа је биле на брак, Мара и отпретала коските мајчини, шчо биле запретани во пепелта, во кланикот, та, шчо да видит? — Коските се сториле сфе злато и секакфи хубај рутишча за Мара! Таја си се променала со ними и со златните чехли, шчо и нашла во пепелта, та со тарчање отишла на брак и тамо се фатила на танец да играт хоро. Сите шчо ја виделе се почудиле на промената Марина и на хорото нејзино, ама никој не ја познал која била, пак нито татко је ни машчаа је ја познале.

Откако се наиграле хоро и се веселиле сфадбарите и време било веќе да си хојт сфекој дома, Мара се отпушчила от хорото и пак со тарчање си дошла дома прет татка си и пред машчаа си, со барзина се преслекла во фетвите рутишча, новите и запретала пак во пепелта, во кланикот, и се прибрала крај огнишчето до пепелта. Кога си дошле од брак машчаа је и татко је, Мара ја нашле пак крај огнишче во пепелта, та је кажвале и је велеле:

„Мори Маро, ќерко! не дојде ти на брак, да видиш едно чудо почудено: шчо дојде една момичка променета сфе во светли рутишча и со златни чехли; од врата влезе и прао на танец, на хоро се фати; игра, игра, и пак со барзина си отиде; сите се почудифме на нејзината хубаина, на нејзините рутишча и хорото нејзино.

Три вечери на ред Мара сфе така чинела и никој не ја разбрал која била. Третјата вечер, кога си се врашчала дома, од брзина, за да не ја прифтасеет татко је и машчаа је, варвеешчем на мостот од реката, шчо била тамо негде, је паднал едниот чеел в рака.

Утрината, кога царсќите коњи дошле на реката да пијеет вода, тије никако не можеле да се напијеет и не пијале поради сфетлината од чеелот Марин, а се врашчале и бегале назат. Царот и опитвал сеизите дали се напиле коњите вода? А тије му одгоориле оту не се напиле поради една голема сфетлина, шчо сфетела натре во реката. Царот тога ошол сам на река да видит шчо била таја голема сфетлина, шчо толку многу сфетела. И натерал измеќарите да г извадеет тоа шчо толку сфетело во водата, и кога глеат? — златен чеел женски! Многу се почудил царот и рекол: „Чија је аџаба овиа работа? Јас цар сум и вакоф чеел немам!“

За да разберит чиј бил тој чеел, царот поел'ал да се собереет сфите гражџани и гражџанќи каде него, за да видит на чија нога ќе се погодит чеелот, та да се познајт чиј је. Сите гражџани и гражџанки се собрале и ошле кај царот, туку никому чеелот не се погодил на ногата. Тога царот опитал: „Дали сите гражџани и гражџанки се собрале или имат ушче некој шчо да не дошол?“ Царските л'уѓе му рекле оту сите тука се, а само една момичка, шчо ја викеет Мара пепелешка, само таја не је. Шчо ќе ја викаме неа, рекле тије; таја си је запретана во пепелта, не мојт рутишче да облечит, а не да имат такфи чели? Таја нигде не излегвит!“ — „Ако, рекол царот, викните а и неа нека дојт“. По царска поел'а ошле, та ја викнале и Мара. Кога дошла при царот, је го мерила чеелот на ногата и је се погодил.

Тога царот си ја зел за царица и таа си извајла запретаните во кланикот хубај рутишча и си се променала како вистинска царица.

Ето така наша Мара пепелешка се сторила царица.

Шап 1976 : 52–55

Охрид

На риби со коча

Пред-неколку-го́дини ни́е рибѐрите ра́збрафме оту-на́-море фа́шчет ри́би со-ко́ча и-са́кафме и-кѐ̆ј-нас со-та́ква ко́ча да-фа́шчаме ри́би, за́шчо со-ко́ча се-фа́шчаше и-по́јќе и-по́лесно. А́рно--ама о́вде кѐ̆ј-нас не́мафме па́мпури, а-со-ко́чата се-фа́шат са́мо со-па́мпури. Ја́с о́јдоф на́-море и-ви́доф рибѐрите како-фа́шчет со--ко́ча. О́вде ми-ве́леа рибѐрите оту-ејзе́рово на́ше е-са́мо пла́мин'е и-чка́рпи, ја́с ко̄-о́јдоф на́-море ме́не ми-фа́ти у́моф оту-ќе-мо́жит да-се-фа́шчет ри́би со-ко́чата. И-по́молиф рибѐрите да-ми-да́дет една-ко́ча та́ква. Ми-је-да́до̄[а] ко́чата сосе-фо́ртоми и-два́-дни со́--ними бе́ф на-ко́ча. Ко̄-је-до́несоф о́вде ко́чата, си́те ри́бари се--со́брā. Е́дни ве́леа: Жи́во ако-фа́тиш, жи́во ќе-г-и́зедам. — А́рно--ама по́тем неколку-де́на о́вдека па́мпурот го-напрѐ̆јфме со-овде́шниве па́мпури да-рабо́таме. Та́ка еден-де́н се-со́брафме си́те ри́бари и-о́јдофме со-ко́чата, ј̇е-фѐ̆рлифме; тѐ̆ргај, тѐ̆ргај, о́намо кон-Кри́вина је-извѐ̆дофме, жи́во не-фѐ̆тифме. Ко̄-фа́тија рибѐрите да--ви́кēт: „А́ј-бре ви́е мла́ди ни́шчо не-знѐ̆јте, ви-се-чи́нит све́ шо--ле́тат се-ја́јт. В-ова-е́јзеро какви-мѐ̆жи и́мēт поми́нато, ама-ни́шчо не-напрѐ̆јле. Потем-два́три де́на па́к о́јдофме, о́јдофме кун-Свети--Но̄м. Је-фѐ̆рлифме та́мо, пѐ̆рвио́т-пāт фа́тифме некој-трие́сетина к'и́ла бе́л'вици. Се́дне је-фѐ̆рлифме от-Пе́шчани ко́н-вака. Колку--до́јдофме до-Го́рица, је-извѐ̆дофме, не́кој двесте́-к'и́ла бе́л'вици фа́тифме. Ко-к'ини́сā рибѐрите се́дне да-ви́кēт: „Лелē ма́јко, шо́--је ова-ра́бота, ејзе́рово ќе-г'-исцѐ̆рпите, ни́шчо живо́ не-ќ-о́станит". И-ви́стина, потем-две́три го́дини са́мите не́јќеме да-о́јме да-ло́јме со-ко́чата.

Вид 1998 : 275

Охрид

Та́тко-ми бе́ше се́кретар на-комите́тот маќе́донски...

Та́тко-ми бе́ше се́кретар на-комите́тот маќе́донски. Рабо́теше за-Маќедо́нија, а-и-Ке́цкаров бе́ше се́кретар, а-вла́дика бе́ше Григо́рија, и се-бе́реја кѐ̆ј-владѝката. Та́тко-ми бе́ше и-су́дија. Ту́рците ста́нā некоі-петна́јсет кѐ̆ј-Мефѐ̆јл-ага се-со́брā, та́му ме́злич пра́е̂а кого-да-г-опе́рēт од-гла́вниве. Ту́рциве, а́гиве, нарѐ̆чā ка́фе д-имдоне́сēт и-изме́ќарче и́мā та́мо од-Ве́лгошчи, а-ашчи́ца бе́ше Сѐ̆н-

дра от-Ча́да, пре́баба му-бе́ше на-о́вјē. Во то́ᵃ-време моми́чево им-до́несе ка́фе на-а́гиве и-ко̄-и́злезе се-за́стоj на-вра́тата, кла́де у́хото да-чу́јат шо-збо́рвēт. Во-то́ᵃ-време си́н-му на-Мафӑ́јл-ага го-ви́де моми́чево кӑј-на́слушвит на-вра́тата и-вле́гол нӑ́тре то́ј, и-о́питвит: „Кога-и́злезе моми́чево от-одӑ́ва?“ А-ти́е му-ре́коᵃ оти-и́ма де́сет ми́нути кӑј-шо-г'-и́спија ка́фето. И-то́га н-и́ма чу́јано моми́чево шо-збо́рвефме“. А-моми́чето сле́зе до́лу со-бӑ́рзина, е-ка́за на-Сӑ́ндра: „Ле́ле, те́тко, тети́нчето Но̆́мчета ќе-г-оперет. И-та̄, Сӑ́ндра, о́јде кӑј-та́тко-ми на-магӑ́зата: „Ле́ле Но̆́мче, ќе-т-опе́рēт, пра́ј ча́ре, бе́гај от-о́вде оту-ќе-т-опе́рēт“. Знӑ́м, Сӑ́ндро, ама-шо-да́-пра̄м, ќе-прӑ́м ќе-пу́л'ам ќе-бе́гам. И-та́ка си-до́јде до́ма. И́маˣме до́ма ма́јстори. Три́-дни се́деше до́ма, се-ва́рдеше, не-о́деше на́-дуќан, ама-едно-же́лезо не-му-до́фтаса за-на-ба́лканот да-кла́јт и-е-ре́че на-ма́јка-ми: „Ќ-о́дам на́-дуќан (бе́ше двана́есет сӑ́тот на́-вечер по-ту́рски) да-го-зе́мам Ни́кола (си́на-си) и-ка́лфите и-ќе-се-вра́там бӑ́ргу, не-плӑ́ши-се; ќе-на́рӑчам едно-же́лезо кӑј-прие́пцине, ќе-си-до́јдам. То́ј за́твори ду́ќанот и-си-ќини́сā, тој на́прет а-си́н-му и-ка́лфите по́-него к'ини́сā. Во-то́ᵃ-време од-Би́то-л'а се-вра́шчаше Сте́фан Ко́царе. Та́тко-ми и-Сте́фан Ко́царе си-бᵉа̀-но́лгу пријӑ́тели и-та́јно рабо́тā за-комите́тот; си-фа́тија ти́е два́јцата да-си-ше́птēт и-во-то́-време се-вра́ти ма́лу кӑј-прие́пците, на́рача желе́зото, изле́го̆ᵃ два́јцата да-си-до́јдēт до́ма, а-во-то́-време си́н-му и-ка́лфите си-до́јдо̆ᵃ до́ма. Колку-сти́гна докӑј-рибарни́цине, а-кӑј-Па́ндета шеќерџи́јана бе́ше ка́фе, Ту́рци ту́ка бија-со́брани за-да-го-те́рēт та́тка-ми, а-откӑј-Чо́рбета сокӑ́чено та́му бија два́есет во́јници ту́рски и-ка́тил'от. И́злезе Да́лип (то́ј по-го-о́пре та́тко-ми) за́д-него и-со-лево́рверот од-вра́тот во-че́лото и-па́дна на́место мӑ́ртоф, и-го-по́крија со-ро́гус.

Охрид

Зетот на гости при тешча си

Е́днуш еден-тевеќели́чка се-же́нал з-е́дна по́умна о́д-него же́на. Та́а би́ла малу́-многу па́ик, де́мек кно́чка, та-са́кала да-се-дӑ́ржит на-пе́т и пе́ндесет. Е́ ама мӑ́жоф не-је́-чинел, та се́едно го-ка́рала. Една-ве́чер ќ-о́дел у-те́шча-си на-ве́чера. Та́а му-ре́кла: „ти́ та́му да-се-дӑ́ржиш ма́лу нави́соко: ни-но́гу да-збо́рвиш, ни-но́гу да-ја́јш. Ко-ќе-те-ко́лкнам со-рӑ́кава, да-ста́ниш от-со́фрата“.

И та́ка ста́нале, о́шле у-те́шчава. Вече́рале шчо-вече́рале, до́шло вре́ме да-го-кла́дет ко́мадот. Ко́лку го-кла́ле, то́ј го-по́т-

фатил со-двата́-пăрста и го-дăрпнал ко́н-себе. Во-то́-време, ко-го-дăрпнал да-се-за́пустит! — поми́нала една-ма́чка и го-ко́лкнала ма́лу. То́ј го-о́стаіл ко́мадот и се-тăрнал на́-стăрна. — „Ја́ди, зе́-ту“, му-ве́лет. — „Не́, не-ми-се́-јаіт“. — „Ја́ди, бре ца́нăм, за́шчо то́лку бăргу се-тăрна?“ — „Не́, не-ми-се́-јаіт“.

И та́ка се-навече́рале си́те и ста́нале. Ко-си-ле́гнале, му-ве́лит неве́става: „а бре-мăжу, ами шо́-стори та́ка?“ — „Ами-шо́-сторифф, мо́ри?, ме-ко́лкна за-да-о́стана гла́ден! Ка́жи се́га шо-да́-праам, ме́не ми-се-ја́іт!“ — „Мо́лчи се́га, спи́ — до-у́тре не-ќе-пу́книш!“ — „Мо́ре, ка́ко? ме́не ми-се-ја́іт о́вде, ту́ку ка́жи, шо-да́-праам?“ — „Е́, ко-ти-се-ја́іт, ста́ни, ама-по-кро́тко, вле́зи нăтре, на-огни́шчето је-гăрнето со-ле́шча, наја́і-се“. То́ј о́шол и, биде́ешчем не́мало ла́јца, со-рăката — ја́лла бабăм! — се-на́шлибал. На́јсетне је-сте́гнал нăтре рăката тупăіница и не-му-те́квело како-да-і-и́зваіт. О́шол со-се́-гăрне кăј-же́на-си и је-ве́лит: „же́но мо́ри! ми-за́стана рăкава в-гăрне, ка́жи како-да-і-и́звада?“ — „Ех, о́ди то́гај на́двор, ама-по-кро́тко, чу́кни — го гăрнето од-некој-ка́мен; то́ ќе-се-скăршит, и е́ла-си“. То́ј и́злегол и пре́д-него нешчо му-се-бе́л'нало. То́ј го-сто́рил оту-је-бе́л-камен, ама та́а би́ла те́шча-му со-го́л-гăс: и́злегла то́гај да-пу́шчит во́да. То́ј о́шол и „пл'ус“ по-гăзи́шчето со-гăрни́шчето! — „Ама́н, Го́споди! — испи́шчила та́а — ако-сум-и́злегла на-зла́-доба, ни́шчо ло́шо не-сум-сто́рила, та шо-са́каш да-ме-о́тепаш!“ Со-лели́кајне и со-ту́фкајне си-вле́гла нăтре; а то́ј-пăк, како-глу́шец по́бегнал и се-скри́л при-же́на-си.

(Емил Спространов)
СбНУ 1900 : 343–344

Варош

Случка во 1905 година

Како-мно́гу мăжи и-же́ни, та́ка и-мо́јот по́коен мăш Но̄мче Гла́винче рабо́таше во-комите́тот ко-десета́р. (О́вие де́сет ду́ши бе́ја под-не́гова по́јл'а). Мо́јот сфе́кор се-ви́каше Та́шко Гла́винче и-бе́ше во-то́-време во — мăлата ми́фтар, како-о́дговорен во-мăлата. Сфе́кор-ми зе́де за-у́рнек ра́кија от-Пе́јчина. Раки́јата беше у́ба̄ и сфе́кор-ми му-по́рăча да-до́несит еден-би́лнок. Раки́јата е-паза́рија еден-че́рек ли́ра, а́ма ко̄-је-доне́соја не́-беше како-у́рнегот туку-по́слаба. Сфе́кор-ми му-пла́ти че́рек ле́ра на-Пе́јчина. То́ј

до́шол и му-ре́кол на-све́кор-ми: „Че́рекот ли́ра ти-бе́ше 60 па́ри но́ксан“, а-сфе́кор-ми му-ре́кол: „И раки́јата шо-ми-е-да́де не́-беше како-у́рнегот. „Пе́јчин се-на́л'утил и сто́рил да́вија во-нача́лството. Нача́лството не-го́-викна све́кор-ми, ами го-ви́кна ма́жа-ми и та́му го-испи́твеле и во-испитве́јнето се-зде́чкале и го-би́ле. По́сле ова́--случка Но́мче вле́зе во-ко́нтра со-нача́лството. О́ттога пој́ке́-пати го-наче́квеја да-г-о́перет.

У-Л'а́мбета Ла́шка и́маше трета́-вечер, и до́јдофме со-ле́п зашчо-ма́ш-ми на-Л'а́мбета му-бе́ше бра́тим ко-се-же́на. Тама́м о́јдофме до-вра́тата од-Л'а́мбета, на́јдовме на-вра́тата неколку-ду́ши од-нача́лството. Ни́е му-ре́кофме доба́р-вечер и се-ка́чифме го́ре кај-л'о́нката. На́-ра́це си-го-но́сеф де́тето и колку-го-о́стајф де́тето до-л'оу́сата, не́кој му-ви́кна о́здола на-Но́мчета: „Но́мче, ка́мо-си до́лу!“ И-шо́м сле́зе до́лу ведна́га пу́шк'ите се-да́до̄, и ја́с ско́кнаф, сле́гоф до́лу и-ви́кнаф: „Ле́-е-ле! Шо́-е о́ва шо-се́-стори?“ А то́ј ми-ре́че: „Же́но, ме-о́пра̄.“ Бе́ше те́мница и по-гла́сот о́јдоф до́-него. То́ј ми-е-зе́де ра́кава и е-кла́де на-ме́стото кај-шо--бе́ше у́дрен, од-левата́ стаа́рна во-гла́та. Го-кре́наф и се-ка́чифме го́ре. Го-кла́доф да-ле́гнит. То́ј ви́каше: „Же́но̄, ама́н о́ди по--е́ким.“ И ја́с ко-шо-го-и́маф де́тето на́-ра́це, го-за́прегнаф фу́станот и го-кла́доф де́тето во-фу́станот, зашчо-пи́скаше. И-сле́коф конду́рите и бо́са о́јдоф да-ба́рам е́ким. Во-се́та ма́ка и-изга́снаја ла́мбите, ко-се-чу́ја пу́шк'ите. Пати́шчата бе́а те́мница, па́рс пре́д--око не-се-гл'а́ше. И ја́с на-па́тот ви́кнаф: „Ко́ј-е од-ма́јка ро́ден да-ми-да́јт едно-ви́дело.“ Една-ста́ричка от-коншите и́злезе и ми--да́де едно-шана́даче и ми-ре́че: „Шо́-е о́ва шо-те-на́јде, мори́-ке́рко?“ „Те́тко, ова-до́брина шо-ми-е-на́прај на-то́ј-век да-ти-се-на́јт.“ С-и́скочиф по́горе от-ку́ќите и о́јдоф кај-едни-бра́чеди од-ма́жа--ми. Тро́пнаф на-вра́тата и изле́го̄ брačéдите и ви́кнаја: „Ко́ј-е?“ „Ја́с сум, неве́стата од-Но́мчета!“ И ти́е сле́го̄, ме-опи́твеја шо-си́--дошла. Ја́с му-ка́заф: „Но́мчета ми-го-у́дрија, туку ве-мо́л'ам да--до́јте не́кој со́-мене да-о́јме по-е́ким. „Дватá-брата до́јдоја со́-мене и о́јдофме по-е́кимот. Е́кимот му-бе́ше па́рф при́јател' на-ма́ш-ми, и ко-му-ка́заф шо́-стана со-Но́мчета и то́ј се-зда́рви и о́дма до́јде со́-мене. Е́кимот му-е-и́зми ра́ната, ама не́маше с-о́шчо да-го-ва́рзит и ја́с е-и́звајф шами́јата о́д-гла̄ и го-ва́рза. Е́кимот ни-ре́че да-не-го-ма́рдаме и зато̄ по́сле два-три-де́на ту́ка, и по́сле си-го-зе́-дофме до́ма. А́рно-ама е́кимот ни-го-за́преја да-и́дит ка́ј-нас и ма́ш-ми све́ по́тешко о́деше и по́сле неколку-дни́ у́мре, а ме-о́стај ме́не мла́да вдо́јца.

(Вера Талевска)

Охрид

Ко го опраа Јакимета камнарот

Ѝмафме ка́лфа од-Алба̄ни́ја, се-ви́каше Ми́хаил. Комите́тот бе́реше мла́дежи за-пла́нина, а то́ј са́каше да-о́јт пла́нина. Ни́е не-го-пу́шчафме. Ја́с го-мо́лиф комите́тот да-го-не́-земат, пошчо-е-си́ромаф. А комите́тот бе́реше па́ри, ко́ј како-и́маше, за-да-ку́пет од-Алба̄ни́ја о́ружје. О́јде комите́тот и на-Јаки́мета му-по́бара пе́т напол'о́ни. Ста́на Ја́киме, го-пре́даде комите́тот на-Ту́рците. „Да-зна̄ј́те оту-комите́тот па́ри бе́рē̄т, ми-ба́рē̄т пе́т напол'о́ни." То́га Ту́рците му-да́ле на-Јаки́мета де́сет напол'о́ни, пе́т за́-него, пе́т за-комите́тот. А́рно-ама Ту́рците му-ка́зале на-еден-ри́сјанин при́јател' оту-рабо́тата не́-је у́ба̄. Ра́збрал и комите́тот и ре́шиле Јаки́мета да-го-опе́рē̄т да-не-сто́рит некој-па́кос. Ста́на комите́тот ба́раше чо́ек Јаки́мета да-г-о́перит, ама не́маше у́јгун ко́ј да-го-о́перит. То́га ка́лфата от-стри́ка-ми А́ндона ре́кол: „Ако-ме-пу́шчите ме́не пла́нина, ја́с ќе-г-о́перам." И се-ре́ши Јаки́мета да-г-о́перит ка́лфата од-А́ндона Кане́фчето. Ста́на не́дел'а на́-утро еден-са̄т пред-де́јна, о́јде кӓј-Јаки́мчета и му-ве́лит: „Ма́јсторе Ја́ким, ме-пу́шчи ма́јсторот А́ндон да-до́јш Ка́нио, у́мре же́на-му", со-та̄ по́мамка. А Ја́киме му-ре́че: „Шо́ о́лку ра́но, че́кај да-се-ра́зденит." А ка́лфата му-ре́кол: „Ќ-о́јме да-ви́диме ако-чи́нет пло́чите от-Ка́нио за-ка̄рс да-на́прајш, ако не́, ќе-доне́симe от-По́граец и за́то̄ те-ви́кам ра́но да-до́јш." И Ја́кимче ста́нал да-о́јт. И та́ка от-кӓј-Фи́лефци со́какот фа́тија по-те́мници до-кӓј-Узу́нчета. То́га Алба̄не́цот му-ре́че: „Шо́-ти-је, Ја́киме, ца̄рвена у́стата?" И Ја́киме е-о́твори у́стата за-да-ви́дит и то́ј, Алба̄не́цот, пра́во в-у́ста ка́мата. Ја́киме па́днал, а то́ј ушче-дватри-па̄ти в-са̄рце. И ка́лфата пра́во пла̄нина и́збегал.

Косел'

Мечката ја памети навредата

Си-би́д̣ еден-дӓрвар си́ромав со-две́-мага́рчина. Си-о́јл на́-дӓрва Магаро̣ј-Па́дин'е. Го-ва́тило та́мо еден-сне́к, една-лапа́јца, пре́мäрзнад̣ дӓрварот. И-ме́чката го-на́шла ту́ка. Што́-пра̣ј́ш — го-пра́шала та́ја. — А-мори се́сро, пре́мäрзнав. — Ста́нала ме́чката, го-зе́ла во-ду́пката не́зина. Го-зе́ла соси-мага́рина. Про́живјал но́ќта како-про́живјад̣, си-ја-спа́сид̣ жи́вота. Ко-се-о́бдена, ста́нвит да-

-си-то^{а}рит магарчи́ната да-си-о́јт па́к. И-го-о́питвит ме́чката: — Бра́ту, како-по́мина но́ќеска? — Но́гу до́бро, се́сро, по́минав, туку-ма́лу мечко́јна ми-мири́саше. — И-се-по́мисли ме́чката ма́дку. И-му-ре́че: — Ма́вни со-сеќи́рата по-ка̄рстов о́вде. — Мо́ри, се́сро, како-да-те́-удра, ко̄-ме-спа́си ти́?“ — Не́, јал'-ќе-у́дриш, јал'-ќе-т-и́зја. — Се-по́мисли, ја-ма́на со-сеќи́рата. — Збо́гум, бра́ту, му-ре́че ме́чката, и-си-ва́ти плани́ната, а-то́ј си-о́јде до́ма. Па́к по-три́ го́дини да̄рварот си-о́шод со-магари́ната ф-пла́нина и-ја-сре́тид ме́чката. Три-го́дини не-му-и́злегла да-је-ви́дит. На-треќа-го́дина о́зраве ра́ната и-му-и́злезе па́к на-да̄рварот. — Шо́-прајш, бра́ту, му-ве́лит ме́чката? — До́бро-сум, се́сро, мно́гу до́бро. — Шо́ прајш ти́? Ви́ди-ја, бра́ту, ра́ната. Ама-озра́вела? — Ра́ната, бра́ту, о́зраве, ама-збо́рот што-ре́че — ми́риса мечко́јна — не-о́зраве.

Годивје

Наречниците

Би́ла една-же́на, и́мала де́ца мно́гу. А́ма је-уми́рале де́цата. Најо́сади е́дно и́мала. Ќа-се́днит да-го-ва́рдит но́ќеска да-ви́дит што-ќа-му́-речат наречни́ците. До́шле наречни́ците, би́ле три́, и-ве́л'ат: „Што-ќа-му-пра́јме на-де́тево“. Е́дната ре́кла: „ќа-го-зе́еме“. Дру́гата ре́кла: „Ќа-г-оста́јме нека-се-пора́дуат ма́јка-му, ќа-ра́стит и-ќа-по́растит, от-При́зрен же́на да-зе́мит; то́ј со-ка́вал да-сви́рит, та̄ со-пе́сна да-пе́јт“. И-де́тето ра́сло, по́расло, со-ка́вал сви́рел, се-ви́деле со-моми́чето, се-заса́кале. Та́тко му-ве́лит: „да́леку же́на не́-зема“. Ма́јка му-ве́лит: „Ќа-је-зе́ма“. И-је-зе́ле. О́шле по́-ниа, је-зе́ле и-се-вра́тиле на́сат. Се-засто^{а}ле ко́н'ите на́-река да-пи́јат во́да. И-о́згора пла́снала зми́ја, го-ка́снала зе́тот и-то́ј у́мред. И́дат свато́јте до́ма. Пе́сните пе́јат нагребито, сви́рките сви́рат нажал'о́ито. Зе́тот у́мрен го-до́несле. Ма́јка-му-ве́лит: „Да-го-зако́паме де́тево“. Не̄става ве́лит: „Гро́бот ќа-го-ко́пате по́широк за-два́јца“. Ти́је ве́л'ет: „Кај-се́-чуло ви́дело жи́в в-гро́п чо́ек“. Та́ја ве́лит: „Ја́ ќе-би́да кашто-ќа-би́дит то́ј“. И-кла́ле вна́тре два́јцата. И-о́шле анѓе́лите кај-го́спода: „А́јде, го́споду, ти-се-мо́лиме да́ј-му ду́ша на-зе́тон, кај-се́-чуло и-ви́дело жи́в в-гро́п да-ле́жит чо́ек“. Го́спот ре́код: „Чо́јек мо́жа да-на́праа, ду́ша не́-можа да-да̄. По́јете кај-то́ј што-зе́мат ду́ша оту-да-му-да́јт ду́ша“. О́шле та́мо анѓе́лите и-А́рангел ре́код: „Мо́жа да-му-да́ ду́ша, ама-о́дајте кај-ма́јка-му и-праша́јте-ја али-ќа-и-де́лит годи́н'ето“. О́шле кај-

-ма́јка-му и-је-пра́шале и-та́ја ре́кла: „Ко̄-му-не́-дал го́спот и-ја́ не́ма да-му-да́“. Се-вра́тиѓ на́зат па́к. А́ранѓел им-ре́кол: „По́јдете се́га кај-не́стата, та́ја ал'-ќе́-му-да̄т од-годи́н'ето“. И-ти́је по́шле, је-пра́шале и-та́ја ре́кла: „Поло̄н'а не́му, поло̄н'а ,ме́не“. Му-ка́жале на-Ара́нѓела и-то́ј је-пу́штил зми́јата да-му-ду́внит ду́ша, да-му-да́јт ду́ша. И та́а (не́става) на-зми́јата му-ве́лит: „Бе́гај, бе́гај, ти́ ми-г-и́зеде мо́мчето“. Зми́јата је-ре́кла: „Да́ј-го ка́валот, ни́с-кавал ќа-ду́вна“. Та́ј го-по́дала ка́валот и-ду́внала зми́јата ни́с-кавал. Ко̄-ду́внала и-то́ј ста́наѓ. „У́-у што-су-се́-успаѓ!“ — ре́коѓ. И-си-ви́кнале в-гро́п та́ја да-пе́јт, то́ј да-сви́рит. Поми́нало едно-о́фчарче и и-чу́ло ко̄ пе́јале. По́сле о́шле та́мо и-и-изва́јле о́д-гроп.

Рамне

Пепел'ко и Две педи че:к — трипеди брада

Си-би́ле тро́јца бра́ќа, си-и́мале еден-та́тко. Татко му-о́стајл окле́тија на-сино́јте: ко-ќ-умрит сино́ј-му по-една-ве́чер да-го-вардат. О́старел то́ј и си-у́мрел. Го-за́копале сино́ј-му та́тко-то и си-до́шле о́т-црква. Вечерта тројцава бра́ќа се-со́брале во-ку́ќава, и најма́лиот брат му-ве́лит на-другиве́-бра́ќа: Та́тко шо-окле́тија о́стај, да-о́јме ве́чер да-го-ва́рдиме. Тие, бра́ќава му-ве́л'ат: „А́ј ва́рди-го ти́ гро́бот!“ И Пе́пел'ко си-се́днал до-о́гнот, и ко̄-до́шол са̄тот двана́јсет ноќта, Пепел'ко ʲе-зе́л сре́лата и о́шол на-гро́бот. На-гро́бот му-до́шла една-само́вила и то́ј со-сре́лата е-о́прал. И то́га сле́гол еден-ко́јн. Го-зе́л Пе́пел'ко ко́јнот и го-до́несол до́ма, го-вр̄зал, на-бра́ќа-му не-му́-кажвит. Другата́-вечер па́к се-со́бервет бра́ќава, и Пе́пел'ко му-ве́лит: „Та́тко шо-окле́тија о́стај, да-го-ва́рдиме три-ве́чери!“ Ти́е му-ве́л'ат: „О́ди ва́рди-го ти́!“ Ста́нал но́ќта Пе́пел'ко во-са̄тот двана́јсет, о́јт на-гро́бот со-сре́ла. Му-до́шла па́к само́вила, дру́га само́вила. И то́ј со-сре́лата е-о́первит и сле́гвит еден-ко́јн. Го-зе́мат ко́јнот Пе́пел'ко, го-но́сит до́ма. Го-но́сит до́ма и на-бра́ќа-му не-му́-кажвит. Третата́-вечер се-со́берват тро́јцата, и па́к Пе́пел'ко му-ве́лит на-бра́ќава: „Та́тко о́стај окле́тија да-го-ва́рдиме три-ве́чери!“ — „О́ди ва́рди-го ти́, ова́-вечер е-тво́ја“ — му-ве́л'ат бра́ќата. О́јт Пе́пел'ко во са̄тот двана́јсет на-гро́бот. Му-и́дет дру́га само́вила. Фр̄л'ат со-сре́лата и е-о́первит самови́лата. Сле́гвит ко́јн, го-зе́мат то́ј ко́јнот, го-но́сит до́ма, го-кла̄т ф-ќе́рал и то́ј-ко́јн. Си́те три́-ко́јни ф-ќе́рал. А бра́ќа-му ни́шчо не́-знајат.

Цáрот нѝфни ѝмал трѝ ќéрки; стáнал ќе-и-мáжит ќéрките. Пóканил цáроф сѝте да-óдат нá-свадба. И тѝе брáќа-му му-вéл'ат на-Пéпел'ка: „Áјде ќ-óјме кај-цáрот ќе-и-мáжит ќéрките!" Пéпел'ко му-вéлит на-брáќава: „Óјте вѝе, јáс нé-јдам, кō-ќе-дóјте ќе-ми-кáжите, јáс ќе-прéкажа на-другó-место." Óшле брáќава кај-цáрот на-свáдбата. Стáнал Пéпел'ко во-сá:тот дванáјсет, се-прóменвит, се-дóтерал кáко пл'áчката, тáка кóјнот. Вјáвнал кóјнот и лéтнал по-нéбеси и óшол кај-цáрот, му-е-грáбнал ќéрка-му и е-дóнесол Пéпел'ко дóма-му, е-зáтворил во-една-óда:. Дóшле вéчерта брáќа-му откај-цáрот, му-кáжват на-Пéпел'ко шó-било, какó-било. Пéпел'ко си-сéдит до-óгнот како-да-нé-бил нѝкаде. „Е бре-брáту — му-вéл'ат брáќава на-Пéпел'ка — да-дóјдеше да-вѝдеше какóф-зет дóјде, е-грáбна нéстата и по-нéбеси ѝзбега. Ама ýтре цáрот другатá-ќерка ќе-е-мáжит." — „Ќе-óјте вѝе, јáс нé-идам" — му-вéлит Пéпел'ко. Тѝе другиót-ден óдат двáјцата пáк кај-цáрот. Пéпел'ко кō-дóшло врéмето во-сáтот дванáјсет, како-кóјнот тáка-рýвото се-прóменвит, го-вјáвнвит кóјнот и по-нéбеси óјт кај-цáрот и от-цáрот е-сáкат ќéрка-му. Цáрот нéјќит да-е-дáјт ќéрка-му и вéлит: „Е-дáдоф чéра и со-óчи не-é-видоф." Пéпел'ко стáнал е-грáбнал, по-нéбеси си-дóшол дóма и е-зáтворил нéстава во-една-óдā. Дóшле брáќата вéчерта, му-кáжват на-Пéпел'ка: „Е брáту, какóф-зет бéше дéнеска, како-кóјнот така-чéкот. Цáрот не-е-дáваше ќéрка-му, áма тóј е-грáбна и ѝзбега. Ýтре цáрот ќе-е-мáжит трéтата ќéрка, најмáлата, туку-да-дóјш ѝ-ти." Пéпел'ко пáк му-вéлит на-брáќава: „Јáс нé-можа, кō-ќе-дóјте, ќе-ми-кáжите вѝе сé." И третиót-ден óшле пáк брáќава двáјцата кај-цáрот. Кō-дóшло врéмето сáтот дванáјсет, Пéпел'ко се-прóменвит како-кóјнот тáка и-рýветот и по-нéбеси óјт кај-цáрот. Јáдат, пѝјат кај-цáрот. Цáрот не-é-дават ќéрка-му. Вéлит: „Двéте и-дáдоф и со-óчи не-ѝ-видоф." Пéпел'ко вртит по-нéбеси óкол-нáокол, му-е-грáбвит трéтата ќéрка от-цáрот и е-нóсит дóма, é-клáт во-одáјата. И кō-дóшле вéчерта брáќа-му му-вéл'ат на-Пéпел'ка: „Ама-да-знáјш какóв-јунак бéше дéнеска! Дóјде, е-грáбна нéстата и со-óчи не-го-вѝдофме." И вéчерта Пéпел'ко и-пóвика на-брáќа-му: „Éлате — рéче — да-ви-кáжам. Óвој кóјн ти-е-твóј от-прватá-вечер шо-го-нé-варди тáтка-ми" — му-рéче на-првиót-брат. Го-пóвика и фториót-брат: „Éве и-тéбе кóјн, óвој кóјн е твóј, шо-го-нé-варди тáтка-ми. Óвој кóјн е-мóј от-третатá-вечер шо-го-вáрдеф јáс тáтка. „Тѝе брáќава се-почýдија како-нáпрајл Пéпел'ко. И пáк и-пóвика Пéпел'ко на-брáќа-му: „Éво — рéче — брáту, на-првиот,

от-ца́рот ќе́рка-му. Пр́вата ти́-е за́-тебе же́на.“ Го-по́вика на-другио́т-брат: „Е́во — ре́че-бра́ту, от-ца́рот фторатá-ќерка. Ова́ - ќерка от-ца́рот, најма́лата, за́-мене ќе-би́дит. „Бра́ќа му-се-почу́дија шо́-е о́ва шо-на́прајл Пе́пел’ко, на-два́јцата бра́ќа му-да́де же́ни и ко́јни. Ста́нā о́јдоја на-ра́бота тро́јцата бра́ќа. До́шол Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да. Ста́нвит от-Пе́пел’ка же́ната најма́лата, нају́бава шо-би́ла, е-зе́мат. И ле́тна Две́-педи чѐк-три́-педи бра́да, и́збегал по-не́беси. Кога-до́шле ве́черта од-ра́бота тро́јцата бра́ќа, кога-Пе́пел’ко е-ба́рат же́нава која-е-не́мат, му-ве́лит на-снā-му: „Же́ната мо́ја ка́де-е?“ Ти́е му-ве́л’ат: „Не-ду́мај-се, ќе-на́јме дру́га.“ — „Да-ми-ка́жите кој-е́-зеде же́ната?“ Ти́е му-ве́л’ат, двете́-сестри: „Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да до́јде, е-зе́де“. Пе́пел’ко ста́на, вја́вна ко́јнот по-не́беси да-ле́тат. Ле́тат, ле́тат, не́-мојт да-го-на́јт Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да. Дури-до́-крај зе́мјава о́шол Пе́пел’ко, до́-кај шо-за́јдвит со́мцево о́шол. И со́мцево ко-о́шло да-за́јдвит, от-со́мцево же́ната го-скри́ла на-Пе́пел’ка за́д-врата. Му-ста́вила да-ве́черат на-со́мцево. Вле́гло со́мцево и-о́питвит: „Ко́ј-имат о́вде, ми-ми́рисат не́шчо?„ — „Зо́шчо-си двајсче́тири са́ти гла́ден, па-ти-ми́рисат ду́шата.“ Се́днало со́мцево да-ве́черат. Же́ната му-ве́лит: „Најмалио́т-брат до́шол да-те-о́питат.“ — „Да-бе́ше от-поголе́мите - му-ве́лит — ќе-и-ра́сипеф, ма́лиот не-го́-гибам.“ Кога-се-на́јало со́мцево, Пе́пел’ко и́злегол да-го-о́питвит на-со́мцето: „Ка́де-е Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да?“ Со́мцето му-ка́за: „Е́те ка́де-е Две́-педи чѐк три́-педи бра́да! — му-по́кажал. И Пе́пел’ко тр́гна по-не́беси да-о́јт кај-Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да. Кога-при́стигнал Пе́пел’ко на-саба́јле, таму е-на́шол же́ната кај-се-ми́ет на-че́шмата и ста́нал Пе́пел’ко е-зе́л, е-ка́чил на́-кој и ле́тнал по-не́беси. Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да спи́ел, на-два́јсетри са́ти е́днушка се-ра́збудвел. Кога — се-ра́збудил, му-не́мат же́ната. Ста́нал, на-коби́лата му-вр́зал ше́с по́прази (ре́мен’а) на-ме́вот. Коби́лата ре́кла: „До́ста, ќе-ми-го-пу́книш ме́вот!“ — „Да-го-фта́саш, па́рче по́-парче ќе-го-на́прām на-Пе́пел’ка.“ И коби́лата го-надвја́сала на-Пе́пел’ка, го-фта́сал Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да и му-е-зе́л на-Пе́пел’ка па́к же́ната. И се-вра́тил Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да па́к во-ку́ќата не́гō на-не́беси. Се́га се-чу́дит Пе́пел’ко шо-да́-прајт. Другио́т-ден Пе́пел’ко па́к по-не́беси со-ко́јнот му-о́јт па́к кај-Две́-педи чѐк — три́-педи бра́да. Је-на́јдвит же́ната кај-се-ми́ет на-истото́-место. Му-ве́лит Пе́пел’ко на-же́ната не́гō: „А́јде се́га па́к!“ Та́ му-ве́лит: „Ка́сај по́-касај си́от ќе-те-на́прајт.“ Кога-слу́шнал Две́-педи чѐк — три́-

-педи бра́да де́вет по́прази под-ме́вот му-вр̄звит на-коби́лата. Му-ве́лит коби́лата: „Ќе-ми-го-пу́книш ме́вот, два́јца но́са со́-мене.“ Две́-педи че̄к се-ка́чвит, ле́тат по-не́беси. Му-ве́лит на-коби́лата ждре́бето: „Ма́ло-сум ја́с!“ Кога-го-фта́сале Пе́пел'ка, коби́лата го-надвја́сала, р̄жнала „Е́-е-е-е!“ и ждре́бето ви́кнало „Е́-е-е!“ И коби́лата с-кло́ци, с-кло́ци и на-па́рчина г-о́прала Две́-педи че̄к — три́-педи бра́да. Коби́лата сле́гла со-ждре́бето, па́ до́шла кај-Пе́пел'ка. Ста́нвит Пе́пел'ко си-е-зе́мат коби́лата, же́ната и ждре́бето и си-о́дет до́ма-му. Кога-до́шол до́ма-му, ко̄-го-ви́деле от-е-до́несе па́к же́ната не́го̄, се-изба́циле со-бра́ќа-му и же́ната со-се́срите.

Владо Филип Стојановски 1910 (Благородна Христоска 1983)

ПРЕСПАНСКИ ГОВОРИ

ГОРНОПРЕСПАНСКИ (РЕСЕНСКИ) ГОВОР

Преспанско

Боуно

Ламја кучка и рибар

Си-би́ле еден-ста́р де́до и-една-ба́ба. Не́мале че́л'ат. Де́дото си-о́дил на́-риби на-е́зеро со-пи́зул'. Еден-де́н му-е-ва́штет ла́мја - ку́чка мре́жата и не-му-е́-пуштат. То́ј са̣-мо́лит: „Пушти́-ми-ја, ќе́ркō, мре́жата“. Та̄ му-ве́лит: „Ќе-ти-ја-пу́шта, а́ма такса́ј-ми-го то̄ што-ти-та́кса една-ста́ра и шо-ќе-го-на́јш до́ма, да-ми-го-до́несиш“. „А́рно, е-ве́лит то́ј (де́дото), ќе-ти-го-до́неса шо-ќе-на́јда до́ма“. Ко̄-си-о́шол до́ма, на́шол де́те, му-да́л бо́к“. Другио́-ден па́к о́шол на-е́зеро, ја-ва̄рлил мре́жата, па́к му-ја-ва́тила ла́мја — ку́чка и му-ве́лит: „Де́до̄, шо-ми-та́кса не-ми-до́јсе“. То́ј е-ве́лит: „Сто́ј, ќе́ркō, да-го-пора́стиме до-седомна́јсе го́дини, се́тне ќе-ти-го-до́неса. О́стај-не да-се-по́радвиме ма́лку“. Ста́нало де́тето осумна́јсе го́дини, би́ло мно́гу напре́дливо за-у́чен'е. Ѝ-ка́зал ста́риот на-ста́рата о́ту ќе-ѝ-го-за́несит на-ла́мјата — ку́чка. На-де́тето не-му́-ка́зал кај-ќе-го́-носит. Ста́нала му-ка́зала ма́јка-му и му-ре́кла: „Си́не̄, ќе-та̣-но́сит та́тко-ти на-ла́мја-ку́чка, а́ма ти́ на-по́лпа̄т да-му-са̣-вра́тиш и-да-го-и́змамиш та́тко-ти, да-му-ре́чиш: „Та́те̄,

си-и-забо́раеф кни́гите“. Кō-до́шле на-по́лпăт, по́чнало де́тето да-му-са̣-вра́штат на-та́тко-му и-му-ве́лит: „Ќе-са̣-вра́та, та́тē, до́ма, с-и́-забо́рајф кни́гите“. „Не́, си́нē, ве́лит то́ј, ќе-ти-да́дат та́му кни́ги учите́лите“. Тō са̣-вра́тило кӓј-ма́јка-му и-зе́ло збо́гум.

Горно Дуѝени

Брачето, сестричето и мӑштјата

Си-би́ле еден-та́тко и една-ма́јка и и́мале две́ де́чина, е́дно мӑшко и е́дно же́нцко. Та́ткото би́л ло́вција, а ма́јката се́дила до́ма и пре́ла ја́дејне шо-ќе-до́несел мӑжот. Кō-пора́стиле де́цата, ма́јка-му у́мрела, а та́тко-му сӑ-пре́женал. Зе́л мно́гу ло́ша же́на. Тӑ го́твила се́ шо-ќе-до́несел мӑжот, а́ма на-де́цата му-да́вала сӑмо по-е́днуш да-ја́дат на-еден-де́н и то̆ сӑмо ле́п. Бра́чето и се́стричето би́ле мно́гу у́бāј и мӑштјата ве́зден и-би́јала. Еден-де́н дури-би́л та́тко-му на-де́цата на́-лоф, а мӑштјата в а́вчана, бра́чето ја-ре́кло на-се́стра-му шо-то́га сӑ-че́шл'ала: „Це́цо, ти́ зе́ми-го в-рӑце че́шлето, ја́с ќе-го-зе́ма са́пунов и ќе-бе́гаме“. Кō-шо-ре́кло бра́чето, та́ка напрӗле и по́чнале да-бе́гāт.

Та́тко-му на-де́цата то́ј-ден си-до́шол по́бӑргу о́д-лов и ја-на́шол мӑштјата зами́слена. Ја-о́питал шо́-је зами́слена, а тӑ му-ка́зала оти-изве́гале де́цата. Та́тко-му по́чнал да-ро́нит со́лзи и набӑрзина го-вја́внал ко́јнот и сӑ-вда́л по-де́цата. По-еден-сӑт гре-би́најне на-ко́јнот и за́втасал де́цата. То́га бра́чето је-ре́кло на-се́стра-му: „Це́цо, вӑрли-го че́шлето за́д-нас“. Сестри́чето го-вӑр-лило че́шлето за́д-ними и сӑ-сто́рило една-го́лема ко́рија со-бу́јата шу́ма. Дури-ја-по́минал кори́јата та́тко-му сӑ-сто́рило вре́ме ики́н-дија и по́чнал да-тӑрчат по-де́цата. Па́к и-за́стигнал и по́чнал да-му-ви́кат да-за́станат, а́ма ти́е не-заста́нвиле. Му-би́ло жа́л' за-та́тка-му, ама му-би́ло по́јќе стра́ од-мӑштјата да-ни-би́јат па́к. Бра́чето го-вӑрлило за́д-ними са́пунот и сӑ-сто́рило едно-го́лемо мо́ре. Та́тко-му по́јќе-не́-можил да-о́јт по́-ними и сӑ-вра́тил до́ма мно́гу на́жален. Од-жа́л' за-де́цата по-некој-де́н у́мрел, а мӑштјата оста́нала во-ку́јќата и зе́ла дру́ги мӑш.

Бра́чето и сестри́чето о́диле мно́гу вре́ме низ-една-пусте́лија. Ја́диле ди́вјачки шо-и́мало нис-пустели́јата. Му-се-пи́јало мно́гу во́да, а́ма би́ле о́дени да́леку од-мо́рето и ни́каде не́мало во́да. Кō-шо-о́диле, до́шле до-едни-ли́вајќе, от-кō-ја-поми́нале пустели́јата.

На-ливајќето имало стапалки од-елени полни со-вода. Сестричето са-сетило на-една-прикаска шо-је-кажвила аслѝ мајка-је, ко-била живa. Во-прикаската са-кажвило, ако-са-напијат некој вода от-стапалки на-елени, ќе-станит елен. Сестричето не-го-оставило братчето да-пијат вода да-не-са-сторит еленче. Áма нејзи и на-брачето многу му-са-пијало вода. Брачето је-рекло: „Ќе-са-напија вода, цецо“. — „Не бате, ќе-са-сториш еленче“. Брачето не-можило пајќе д-издржит и је-викнало на-сестра-му ко-шо-одило: „Цецо, пули онаму колку сватој со-дарвени стапој“. Сестричето са-опулило и брачето са-напило вода и са-сторило еленче.

Сестричето му-са-варлило на-вратот на-брачето, еленче и почнало да-плачит. Еленчето је-рекло: „Не-плачи, сестро, дури-су-јас жив немат мака да-таргаш. Качи-са на-она високана јасика и јас ќе-ти-носа јадејне“.

Сестричето го-послушало брачето еленче и са-качило на-јасиката. Брачето је-носило јадејне и така живеле со-годин'е. Еднуш слугите на-царот от-та земја и-дотерале којните да-пасат во-ливајќето. Којните ич не-пасиле, са-плашиле от-сенката на-сестричето. Слугите са-чудиле зошто којните не-пасат и и-затерале гладни. Другијот-ден којните пак не-пасиле. На-еден од-слугите му-текнало и са-испулил убо на-сејдека. Ко-је-видел на-јасиката чупата, веднаш му-казал на-царот. Царот пуштил лујќе да-ја-слезат чупата од-јасиката, да-ја-земит за-син-му за-жена, зашто-била многу уба. Лујќето ја-зеле чупата и царот напрел голема свадба.

Вечерта брачето еленче дошло да-је-носит јадејне на-сестра-му. Ко-дошло, шо-ќе-видит — сестра-му ја-немало. Почнало да-ронит еленски солзи ути ушт-еднуш немало да-си-ја-видит сестра-му. Плачило брачето еленче и мислило кај-мојт да-је сестра-му. На-крај му-текнало и со-сата сила почнало да-тарчат за-да-стигнит шо побргу до-царските двороі, баре уште-једнуш да-си-ја-видит сестричката. Ко-стигнало до-царските двороі било стемнато и портите биле затворени. Еленчето, почнало силно да-ропат со-рогојте на-портите. Сестра-му го-сетила и излегла на-пенцера. Го-видела како-са-мачит брачето и почнала солзи ко-грат да-ронит. Не-можила да-викнит от-страв и жал'. Слугите го-чуле ропајнето и излегле да-видат шо-је. Еленчето и-разбрало и избегало.

Другата-вечер слугите је-намачкале портата со-катран. Еленчето ко-удрило со-рогојте, тие му-са-залепиле и слугите го-ватиле и веднуш го-заклале. Дента сите јадиле, а сестра-му и-берила

кóските, а сóлзите је-тéчиле по-обрáзите. Сúте ја-опúтвиле зáшто нé-јајт, а тā сāмо мóлчила и лúпала во-дýшата.

Кō-и-сóбрала сúте кóски, и-запáлила и пéпелта ја-посáдила пот-пенцéрата от-кāј-шо-го-пýлила брáта-си пāрватá-вечер кō-дóшол да-рóпат на-пóртите.

По-нéкоје врéме пот-пенцéрата úзникнал трéндавил, пóрастил и рáзвил ýбаі чáлми. Сéкоје ýтро и сéкоја вéчер сéстра-му го-вáдила со-вóда во-кóренот и со-сóлзи во-чáлмите. Мóмчето нéјзино сéкōгаш је-мóлило да-му-кáжит зóшто је-невéсела. На-крáјот сестрúчката рéшила да-му-кáжит на-мóмчето сé. Му-раскáзала за-мāките шо-и-тāргале од-мāштіата, за-жáл'от за-тáтка-му и нáјпојќе за жáл'от за-брáчето éленче.

Кō-и-чýло мāките нéзини, мóмчето посáкало от-тáтка-му да-нáредит сúте млáди во-нúвното цáрство да-нóсат трендáвили во-цепчúната нá-пролет. Цáрот ја-пóслушал мóл'бата на-сúнот и нáредил сúте млáди во-прóлет да-нóсат цвéјќина. Млáдите ја-пóчуле нарéдбата на-цáрот и óтога млáдите нóсат цвéјќина во-прóлет.

Кривени

Петлето и лисицата

Бúл-еден-дéдо и-една-бáба, бúле мнóгу сирóмаси. Си-úмале сáмо едно-кýче и едно-пéтле. Кýчето му-рéкло на-пéтлето: „Áјде, брáте, дéдо и-бáба са-мнóгу сирóмаси, áј да-си-бáраме рáна". Óдиле цéл дéн и-нáшле една-нúва ко-са-смрáчило. Во-нúвата úмало еден-дāп дýпен. Кýчето му-рéкло на-пéтлето: „Брате-пéтле, кáчи-са на-дāбот", тýа ќе-ноќéваàт. Кýчето влéгло во-дýпката во-дāбот да-нóќеват. Ко-дóшло врéме пéтлето попéªло: кикирúгу-у-у! Го-дóчула кумá-линдра и-дóшла дó-него блúзу и му-са-опýлила: „А-море-пéтле, од-дáлеку те-чýв, мнóгу ýбав глáс си-úмало и-мнóгу ýбаі пéрца си-úмало, слéзи да-се-порáдува". Пéтлето рéкло: „Кумá-линдро, јáс нé-су сáм, úма и-дрýгар". — „Кāј-ти-е дрýгарот?" — тā му-кáзала. „Éте-го во-дýпката во-дāбот". Тā го-стóрила пéтле, лáпнала да-го-дáвит и-кýчето скóкнало, ја-удáвило лисúцата.

Вид 1998 : 306

Рајца

Чупата сӑ мӑжи за мӑртов мӑш

Си-би́ла една-чу́па, си-се́дела на-бу́ниште, си-ве́жила. И́мало едно-вра́пче и је-ви́кало вра́пчето: „Си́п, си́п, си́п, ќе-зе́миш мӑрто́в-мӑш“. Сі̣-о́шла до́ма и е-ка́жвит на-ма́јка-е како-е́-рекло вра́пчето. И ста́нале и избе́гале мно́гу да́леку во-некоја-пла́нина и ви́деле една-мно́гу го́лема ку́јќа. Та́мо о́шле да-сӑ-скри́јāт. Ту́рнала ма́јката на-по́ртата, ама ни́како не-сӑ-отво́рила. Ту́рнала ќе́рката и по́ртата сӑ-отво́рила. Чу́пата вле́гла и по́ртата сӑ-затво́рила. И ма́јката оста́нала на́двор. Чу́пата проше́тала ис-ку́јќата и ви́дела внӑ́тре мӑрто́в-мӑш. О́шла кӑј-по́ртата и-е-ре́кла на-ма́јка-е: „Áј, ма́јко, со-здра́вје, шо-е-пи́сано од-бо́га, па́к на́јдоф мӑрто́в-мӑш“. Што-ќе-ти-се́і̣т та́мо три-го́дини. Го-чу́вала де́јна и но́шја мӑ́жот. На-трите-го́дини поми́нала една-ѓу́пка и е-поса́кала ле́п. „По́седи — е-ре́кла чу́пата на-ѓу́пката — еден-де́н да-го-по́чуваш мӑрто́ецот, зашто-ја́с не́-су спа́на три-го́дини, па-ќе-ти-да́ ле́п“. Ле́гнала чу́пата да-спи́јат и што-ќе-ти́-спијат три́-дни и три́-ношти. Во-то̆́-време сӑ-ра́збудил мӑрто́ецот и је-ви́дел на́д-него ѓу́пката и је-зе́л за-же́на, а чу́пата ј-о́стел за-изме́ќарка да-и-чу́ват гӑ́ските и па́тките. На-чу́пата е-сӑ-здомӑ́чило дӑка-то́лку го-чу́вала и ко̄-о́дил на́-пазар му-ре́кла да-е-ку́пит едно-но́же и едно-ка́мче. Не́му му-до́шло чу́дно зо́што-е-је но́жето и ко-и-исте́рвала па́тките и гӑ́ските, то́ј о́шол по́-ниа. Та́ја се́днала кӑј-една-кӑ́пина, а то́ј сӑ-скри́л зад-кӑпи́ната. И чу́пата го-зе́ла но́жето и по́чнала да-го-ка́лит на-ка́мчето. „Тра́ј, ка́мче, ка́ли-сӑ но́же“! И му-раска́зала се́ ко̄-што-ста́нало, како-пӗ́ло вра́пчето, како-побе́гнала и се́. „Пу́каш, ка́мче!“ Ка́мчето сӑ-ду́јало и ко̄-дока́зала, пу́кнало. Та́ја го-кре́нала но́же́то да-сӑ-за́колит и то́ј и́старчал од-зат-кӑ́пината и ја-ва́тил за́-рӑка. Та́ка је-зе́л чу́пата за-же́на, а ѓу́пката оста́нала за-изме́ќарка.

Курбино̄ (Курбиново)

Ѓаолска чупа

Си-би́д некој-чӗ́к си́ромаф, и́мад едно-де́те, ама пошто-би́д мно́гу си́ромаф то́ј го-зе́мат де́тето да-го-про́да̄т, би́дејќи не́-можит да-гле́дат. Го-зе́л и-о́дит по-пӑ́тот да-го-про́дават. Ко̄-до́шол до-е́дно-ме́сто, му-и́злегод некој-чӗ́к и-му-ре́код: „Ка́-ојш, бре-

-чи́чко?“ Тój му-ре́кол: „О́ва де́тево о́дам да-го-гла́вам не́каде а́ли да-го-про́да̄м, зашто-не́-можам да-го-ра́нам“. Тój-му-ве́лит: „Ко̄-си-го-про́давад, јáс ќе-го-ку́пам, колку́-пари ти-чи́нит?“ Тój му-ве́лит: „О́дку па́ри ми-чи́нит“. Се-пого́ждават два́јцата и-о́вај са-ба́цид со-де́тето и-го-зе́д (о́вај че̄ков шо-го-ку́пе) и-за́минад на́та-му. Ко̄-до́шод до-еден-ка́мен, г-о́творид ка́менот и-вле́гле вна̄тре. Ко̄-го-за́јсод в-зе́мја на-некое-ме́сто и́мало загра́дено со-а́влӣ некое-ме́сто и-му-ве́лит: „Ако-ма-слу́шаш шо-ќе-ти-ре́чам, ќе-жи́ве̄ш, ако-не-ма́-слушаш, ќе-ти-ја-кла̄м гла̄та на-о́ној ко́лон шо-е-бе́з-гла̄“; ту́а и́мало ко́л'ја деве́десе и-де́вет си́те со-гла́вје а-уш -е́ден ко́д и́мало бе́з-гла̄. О́вај че̄ков би́д не́кој-си зме́в и-то́ј шо́ да-зе́мит та́му де́ца ели-л'у́ѓе, шо-ќе-му-ре́чит, ако-го-почу́јале — до́бро, ако-не́ — ќе-и-у́ништид и-гла̄та ќе му-и-кла́дит на-ко́л'јето. Ама-то́ј (че̄кот) и́мад некоја-ќе́рка. Та̄ (ќе́рка-му) ко̄-го-ви́дела де́тево се-вл'убила во́-него и-го-ви́кнала на́само и-му-ре́кла: „Те́бе та́тко ќе-та-у́ништит, само-ти́ шо-ќе́-и́маш ма̄ка ќе-до́јш ме́не ќе-ми-ка́жиш“. Ста́нујт о́вај зме́ов му-на́редвит сто́ к'и́ла пче́јнца, и-а̄рш и-у́ров да-и-о́делит на́башка за̄рно по-за̄рно и ко̄-ќе-до́јт зме́вот да-на́јт си́те оде́лени. Се-ми́слит о́ва (де́тево) и-пла́чит: Како-ќе-и-о́дел'ам јáс сто́-к'ила го́леми пче́јнца и-у́ров и-а̄рш? Го-ви́кнала чу́пава, му-ве́лит: „Шо-се́-мислиш?“ То́ª је-ве́лит: „Шо-ќе-ти́-кажам ко̄-не́-можиш да-ми-спо́можиш“. Та̄ му-ве́лит: „Јáс ќе-ти-спо́можам“. Је-ка́жвит де́тево: ва́ка и-ва́ка ми-на́реди та́тко-ти. Та́ја му-ве́лит: „Та̄ е-ле́сна ра́бота, ќе-ја-сва̄ршиме“. И-та́ја му-до́несла само́вили но́шта да-ја-о́дел'ат за̄рно-по́-за̄рно. Но́шта ја-оде́лиле и-му-ре́кла чу́пава: „Се́ди со-една-ме́тла чу́вај-и за̄рнава да-не-се-заме́ша̄т“. Ко̄-до́шод то́ј (зме́от) и-му-ре́код: „Кој-ти-го-на́прајд о́ва?“ Ама-то̄ му-ре́кло ко̄-го-зе́д-уште: поу́чена гла̄ о́т-тебе да-не́-купвиш. И-то́га то́ј ре́код: „Ви́стина шо-ми-ре́че - поу́чена гла́ва да-не́-купвам“. Се́га му-на́редид то́ј да-иско́пачит некој-ко́рӣи, да-по́садит ло́зја и-за-две-не́дели да-на́берит гро́зје здре́ло. О́шло де́тево кај-чу́пата па́к и-је-ка́зало: та́ка и-та́ка ми-на́рача та́тко-ти. „И-та̄-ра́бота ќе-ја-сва̄ршиме“ му-ре́кла чу́пата. Но́шта и-нате́рала па́к самови́лите, иско́пале корӣте и-наса́диле ло́зје. Ко-о́шод за-пе́т-дена то́ј, на́брад гро́зје. Је-ве́лит на-жена́та-му: Ова́-дете ме́не ќе-ме-у́ништит, ами-јáс ќе-му-пра̄м ча́ре не́му“. Чу́пава чу́ла оти-та́ка је-ре́код на-ма́јка-му и-та́ја му-ре́кла: „Ќе-бе́гаме, на-тво́јот кра́ј ќе-си-о́јме“. И-та́ка ко-се-сте́мнале та̄ргнале да-бе́га̄ат. Но́шта на́-полнош го-по́барад зме́от де́тево за-да-го-у́ништит. Ко-го-по́барал то́ј не-го́-нашол ни-не́го ни-ќе́рка-му. Је-ка́жвит на-жена́та-му. Та́ја му-ве́лит: „Ќе-та̄рчиш по́-ними, ќе-и-

-сти́гниш и-два́та да-и-у́ништиш". Тӑрчаѓ до-не́каде и-чу́пава му-ве́лит на-де́тево: „Опу́ли-се на́зат да-не-гре́јт та́тко-ми". С-опу́лило на́зот де́тево и-је-ве́лит: „Го́лема си́ла гре́јт о́дназот". — Опу́ли-се — му-ве́лит та́ја — дали-је-си́н пла́мен или-је-цӑрвен". Ко-с-опу́лило де́тево, ви́дело си́н пла́мен. Та́ја ре́кла: „Е не́-бој-са, та́тко-ми-је; ја́с зна́м едно-по́јќе о́д-него, само-од-ма́јка ми-је-стара́. Ко-на́близаѓ то́ј (та́тко-је), та̄ му-ве́лит (на-де́тево): „Ја́с ќе-се-на́пра̄ воде́ница, ти́ воде́ничар, ко-ќе-т-о́питвит та́тко ал'-поми́на̀а̀ едно-де́те и-една-чу́па, ти́ ќе-му-ка́жиш: „и́маме бра́шно чи́сто, ми́серно, се́какво". И та́ка би́ло. До́шоѓ зме́ов и г-о́питвит де́тево (водени́чаров): „Ал'-поми́на̀а̀ едно-де́те и-една-чу́па?" То́ј му-ве́лит: „И́мам бра́шно и-чи́сто и-ми́серно, се́какво". Зме́ов му-ве́лит: „Ја́с не-те-о́питвам за-бра́шно, ами-за-не́која чу́па и-де́те". О́ва му-ве́лит па́к: „И́маме бра́шно". Зме́ов си-ре́кол: Шо-се-ра́справам со-бу́дали л'у́ѓе — си-о́шоѓ на́зот. Је-ка́заѓ на-жена́та-му. Та̄ му-ре́кла: Ти́е би́ле; се́[a] ја́с ќе-о́дам да-ви́диш да́ли не-ќе-и́-ватам. Тӑрчат се́[a] та̄ по́-ними. Ко-набли́зала, чу́пава му-ве́лит на-де́тево: „Јӑчит не́што, ви́ди да́ли-је си́н пла́мен или-цӑрвен". То̄ је-ве́лит: „Цӑрвен-е пла́менот". Та̄ му-ве́лит: „Не́-бој-са, па́к ќе-се-спа́симe; ја́с ќе-се-на́пра̄м во́да, бла́це, ти́ ќе-би́диш па́тка, ко-ќе-до́јт бли́зу до́-тебе, та̄ ќе-та-ва́штат и-ќе-зна̄е̂т оти-сме-ни́е, ама-ти́ не-ќе-му-са́-да̄ш в-рӑка, са́мо ќе-је-и́спӑрскаш со-кри́л'јето во́да и-ќе-око́ре̄т. До́шла та́ја и-са-при́бервит да-е-ва́тит па́тката, колку-се-наве́днала, та́ја е-испӑрскала со-кри́л'јето и-о̆ко́ре̄ла же́ната и-ја-и́секле та́му и-си-о́шле кај-та́тко-му на-де́тево.

Перо̄ (Перово)

Мӑката лек за слабеење

Некоје-вре́ме и́мало некој-бо́гаташ, ста́наѓ де́беѓ мно́гу. Се́тне ста́нвит то́ј и-о́јт на́-доктур. До́кторо му-ка́жвит: „Ти́ спасе́ние не́мат од-дебели́нава да-ви́диш. Да-ста́ниш да-зе́миш две́сте-три́-ста бра́ви о́вци и-да-гла́виш пече́смина чи́раци и-да-зе́миш ше́с-седум пци́ да-и-чу́ва̀ат о́вците. Се́тне ти́е пци́те ти́ шо-ќе-и-зе́миш, ќе-и-пу́штиш пла́нина да-и-па́сат о́вциве. И-дебели́ната ќе-ја-сма́лиш". И-ста́нале о́вциве и-ва́штат како-една-бо́лес (уле́рата, ре́ма, сипа́јнца), де́неска пцо́јсај пе́т, у́тре пцо́јсај де́сет. Се́тне чӗков по́чнаѓ да-ми́слит; ми́сли-са̨ де́неска, ми́сли-са̨ у́тре, ќе-са̨-мерак-ла́ндисвит чӗков и-ста́нвит от-то́ѓку бра́ви до́тервит на-пе́десет

али-на-сто́. Е-о́јт на́-доктур че̏ков, му-ве́лит на-до́кторо: „Што́-пра̄ ја́с, ва́ка и-ва́ка?“ До́кторо му-ве́лит: „Ти́ ба́раше здра́вје, е́ве-ти здра́вје, о́слабе. Ти́ бе́з-брави не́-мојш да-се́јш со́се; ќе-си-кла́јш едно-мо́моче да-ти-и-па́сит“. Гла́вид мо́моче. Ста́нвит де́тево о́јт да-и-па́сит о́вците кај-езе́роно пели́стерско, а-та́тко-му би́д во-Во́ден воде́јнчар; би́д си́ромав че̏к. С-и́мало овча́рчето едно-ка́валче ма́л'ō шо-си-сви́ред. Кава́дчето му-па́днало в-езе́рото. Кава́дчево ва́ра, ва́ра, до́јде во-воде́јнцата от-та́тка-му. Де́тево са̣-сле́гвит до́ма, пу́лит кава́дчево до́ма, и-пра́швит: „Како́-дошло, та́ткō, кава́дчево о́вде?“ — „Та́ка и-та́ка-ве́лит та́тко-му, од-во́дата до́јде“. Другио́-ден се́тне за́кол'вит една-о́вца и-му-пу́штат по-ка́налот. Ја-на́ождат о́вцава та́тко-му. То́ј о́вцата кō-ја-на́шод и-си́н-му се́тне и́-други му-пу́штал. Де́неска пу́шти-му, у́тре пу́шти-му, му-и-до́терад о́вциве на-два-трина́есе на-ту̣̑царов. И́ма му-пу́штид и едно-ка́рте; то̄ би́ло од-га́здава од-о́вциве. О́јт кај-та́тко-му не́му и-ка́ртево. О́јт се́тне кај-та́тко-му и га́здава (ту̣̑царов). Пу́лит ка́ртево не́гō. „Кај-си-го́-нашод ка́ртево — го-о́питвит то́ј?“ — „Во-ја́зон“ — ве́лит. Ста́нвит се́тне то́ј и по́д-нож де́тево и му-о-пу́штат де́тево за́клано по-ја́зот.

Пусте̄ц

Бил некој зенѓил чоек

Бил некој зенѓил чоек. Имал едно де́те. Ама тој зенѓиниот беше на царски леп, и детето негō го научи многу ука, секаква што имаше. И тој му остаи весја на детето, му велит: „Турчин побратим да не́ фатваш, и пријателите ветви да и држиш, нови па да фатваш“. И умре стариот. На лебо што беше стариот вјана детето, и то фати јаден Турчин побратим. И тој сега ќе ојт со умо на татка му, што му на́рачва татко му. Му рече на пашата: „Паша ефенди, да ми дајш русат (изин), ќе си ода дома една не́дела. И тој му даде изун, и си-ојде дома. И фати стана ношта да барат кршчаршија. Жената му го чека, сато ојде четири, и тој ојде понапред на касапот, му рече: „Ко^л^ко пари сакаш за ово месо?“ Го стори пазар тој, му даде парите, и го закла овенот и му о кладе во врештето внатре, а му рече на касапот: „Крени ми го на́ рамо, ќе си го заисам дома“. Касапо му рече: „Ти си еден голем чоек“. „Сам ќе си го носам дома“. Си о крена месото, си го заисе во куќата не́гоа. И му вели жената: „Што ти је ово вреште?“ Тој му

рече: „Не знајш, жено, што́ ал ми дојде на гла̄та. Ми излезе еден чоек на сокакот да ме оперит, го́ - оправ јас, и дојсоф да го спастриме“. И стана тије, го иско́паа̀ буништето и го кладоа во буништето вна̄тре. С' осуна ден, и тој с' излезе да шета крс - чаршија. Тој се за́баи од русато што имаше земено од пашата, помина дни поиќе, стана тој побратимот, Турчино, да го погледа што се забаи тои чоек. Ојде дома при жената си на побратима тој Турчинот и му рече: „Дека јет побратимо мој?“ И таја му рече: „Не́ знајш што ал му падна на побратимо твој?“ И тој му рече: „Кажи ми, што́ ал му падна?“ „На филан ден излезе спроти ношта да шетат крс-ча́ршија, му излезе еден чоек да го оперит тамо, го опра побрѓе побратимо твој и го зако́паме во буништето“. И тој стана побратимот и си отиде и му кажа на пашата; му рече: „Филáн чвек, што имат русат да седит толко дни, има праено една ра́бота, има о́прано ен чоек и го има зако́пано во буни́штето“. И тије стана, го викна пашата, пушти сува́рӣ: „Ајт, те вика пашата на́ сарај!“ И стана̄ го зедоа и го за́исо̄а. Му рече тој: „Што ви је?“ Што́ ма ви́кате?“ И тија му рекоа: „Русат имаш една недела, зошто се забаи толку време?“ И тој му рече: „Така ми падна работата“. Пашата му рече: „Ти имаш опрано чоек! И тебе - му рече - ќе та обесиме“. И тој му рече: „Да ми даш русат да је обара са̄та ча́ршија, да се ста́на̄ со пријатели, со ветвите и со новите, сетне обесе́јте ма“. И тој стана, ојде крс-чаршија да се ше́та. Чуја пријателите нови, ветви. Од ветвите пријатели му дава̄ индат пари, кој сто лири, кој двесте. Новите пријатели го фа́тва̄, му и са́каа̀ парите; „Дај ни и што ни имаш зе́мено о́д нас“. И тој и виде пријателите, кој чинит, кој не́ чинит, ко̄а што му рече татко му. И ојде на уќумат и викна на пашата: „Ај да ма бесиш“. И тој му рече: „Пеки, ќе ма бесиш, кој праит давиа за́ мене?“ И тој му рече пашана: „Ти имаш опрано чоек и го имаш закопано во буни́штето. Ојте да го откопате, да го дојсите да го видиме што чоек јести“. И ојдоа г' откопаа, го до́јсоа сосе вреште. И му рече: „Отрешајте го врештето, што има вна̄тре да видиме?“ И тија го отрешо̄а, ко̄а го видо̄а - овен заклан. „Е - рече - кој ќе ме бесит, даваџија нема, ово ести овен, чвек нет“. И му рече пашата: „Зашто го направи ово?“ „Го напраиф за нараџбата што ми е остаи татко ми: „Турчин побратим да не фатваш, пријатели нови фатвај, ветви држи!“

Папа Димитрије Поповци Милошовци 30 г. (С.Н. Томиќ)
Кон 1957 : 198–199

ДОЛНОПРЕСПАНСКИ ГОВОР

Герман

Свадба

Сва́дбата по́чва во-са̊бо́тата кај-у́жина. Са-бе́реа прија́те́лите и де́цата мла́ди и о́деа да-и-че́ке та̊па́ните. Коа-ќе-збли́жва̄ до-се́лото та̊па́ните зафа́тва̄ да-сви́ре. Гре́деа, вле́гва̄ во-дво́ро и са--фа́тва̄ да-и́гре о́ро л'у́јето. Свекрвата со-по́гача на́-гла̄ ќ-и́граше пр́ва, а се́тне прија́те́лите. О́двечер со-сви́рките о́деа по-ку́мо и по--побрати́мите и бли́зните ро́днини. Са̊нош и́гра̄, ја́деа, пи́еја. На--у́трото во-не́л'ата о-зе́ва̄ зе́то, (г)о-кла́ва̄ во-дво́ро на́-стол и (г)о--бри́чеа ку́мо и побрати́мите и пе́еја ба́бите: „Зе́то ми-са-бри́чи// та ко́ј ми-(г)о-бри́чи", а сви́рките сви́реа. Бриче́н'ето о-свр̄шваше бе́рбер. Зе́то о́бричен о́деше до́ма да-са-сле́чи, а сви́рките о́деа по--куќи ка́неа л'у́дје. Са-бе́реа прија́те́лите и о́деа по-не̊́стата. Пре́д да-тр̄гне кла́ва̄ по́гача на-сто́ло во-дво́ро, а нат-по́гача че́ша ви́но. Прија́те́лите фр̄л'а̄ па́ри во-че́шата и ве́леа: „Да-са-ќе́рдоса". Ку́мо о-исту́рваше ви́ното на́-земја, а па́рите му-ј-фр̄л'аше во-по́лата на--зе́то. Кини́сва̄ по-не̊́стата со-ко́јнте. Ако-бе́ше не̊́стата да́леку, о́деа си́те со-ко́ни, ако-бе́ше бли́зу о́деа че́тири. На-еднио́-кон фка́чваше све́коро, на-дру́гио зе́то, на-тре́тио ку́мо, на-четво́ртио које да-бе́ше. На-ко́јнте му-беа-вр̄зани опа́шките, на-бу́л'ката ша́мӣ вр̄зано (на-ко́но, на-не̊́стата, на-зе́то и на-ку́мо). Е́ден о-но́сеше ба́рјако, а два́мина ка́ртата со-ви́но. На ба́рјако на-вр̄во и́маше ја̊ба̊́ко нака́чено, а на-ка́ртата и́маше цве́тја вр̄зано на́-крс. Дечи́--ња̊та шо-а-но́сеа ка́ртата по-па̊́то с-ја̊ (си-ја) испи́ва̄ поло̊́јната. О́деа на́пре и зе́ва̄ си́јарик: „Гре́де свато̊́ите". Ако-беше-не̊́стата да́леку, стројнича́рите и-граби́на̄ ко́јнте, чи́ј ко́н ќ-и́злези пр̄ф. Коа-о́деа, на-ча́рдако ба́бата (ма́јката на-не̊́стата) (г)о-пречекваше зе́то. Зе́то му-ба́цваше ра̊́ка и му-фр̄л'аше че́ли на-раме́ната. Ба́ба--та (г)о-ба́цваше зе́то и (г)о-да́рваше па́ри. О́деа во-ку́ќата да-ја́де, да-пи́је. О́деше се́страта на-не̊́стата при-зе́то, (г)о-стре́свашe, му--пи́кваше ко́шул'а во-по́јасо, а зе́то а-да̊́ше ја̊ба̊́ко и не́коа па́ра на--све́ската. О́деше не́кое де́те, а-фа́тваше не̊́стата за-ша́миче за-да--ро́два мӓшки́-деца. О́деше не̊́стата на́-строј при-све́коро да-му--ба́ци ра̊́ка. Све́коро а-фр̄л'аше ко́прина на́-гла̄, а даро̊́ите на́-рамо. Се́тне о́деа чу́пите при-ку́мо да̄ (да а)-кр̄ше пога́чата, ко́ј да-зе́ми по́јќе. Ку́мо кла̊́ше па́ри на-пога́чата. Чу́пите а-зе́ва̄ поло̊́јната по́гача и а-де́леа до́лу. Дру́гата поло̊́јна а-ја́деа на-тр̄пеза. На--кинисва́н'ето прија́те́лите на-не̊́стата кла́ва̄ по́гача со-че́ша и пра́еја

како-кај-зе́то. Не̄стата сле́гваше до́лу и дре́меше во-ќе́рало. Сватоі̯те ќе-ру́ча̄ и на-кинисва́н'ето побрати́мите сле́гва̄ во-ќе́рало. Дру́шките а-др̄жеа вра́тата и не-и-пу́шва̄ побрати́мите да-вле́зе дур-не-пла́те. Пома́лијо по́братим а-о-кла́аше ве́нецо на́-гла̄, а поста́ријо а-и-обу́аше че́лите. Не̄стата са-о́дбогва со це́ла фами́лија, со-родите́лите, бра́тјата, се́стрите, дру́шките и пријате́лите. Си́те пла́че. Не̄стата а-ка́чве на-ко́н'о родни́ните, бра́тјата и то́арве кофче́зите на-ко́н'о на-ку́мо. Не̄стата ки́нисва за при зе́то. Коа-ќ-а (ќе а)-до́јсе во-дво́ро, а-но́се пе́чес де́чин'а на-ску́то како шо-е-на-ко́н'о. Та̄ му-да́ва да́роі̯. Се́тне све́коро о-зе́а сто́ло и о-пу́шва до-ко́н'о. Не̄стата му-кла́ва чо́рапи на-све́коро на-раме́ното, ко́мат, по́гача и па́ри. Све́коро а-сле́гва. Му-да́ве по́гачи. Са̄нош ц̧у́мбус ста̄. Утре́дента (поенде́лник) зе́то и побрати́мите со-ши́ше блага-ра́кија о́деа по-ку́ќите да-и-ка́не пријате́лите. Му-да́ва̄ по-енно-че́фче ра́кија. Зе́то му-ба́цваше ра̄ка на-поста́рите, а со-помла́дите фа́тваше ра̄ка. Ти́е го-да́риве. Пријате́лите и побрати́мите и-зе́ве ма́сите и сепе́тките со-ја́ден'е (ме́со пе́чено, ше́ќерки, ра́кија, ви́но, си́рен'е, ка́фтици, суво́грозје) и и-но́се на-Црни́чето. Но́се еден-бу́кал го́лем, пра́зен, за-ра́кија и ко́тел пра́зен за-ви́но. Се́две на-ма́са по́лна со-ја́ден'е. Ку́мо в-гла̄, кла́а ша́мија на-трпе́зата и пр̄ф фр̄л'а па́ри. „Да-се-ќе́рдосе мла́дите!" Се́тне си́те со-ре́т шо-са-на-трпе́зата. Пријате́лите но́се гр̄не ви́но или ба́урче ра́кија и и фр̄ле во-бу́кало, а ви́ното во-ко́тело. На-ма́сата ја́де, пи́је, и́гре о́ро не̄стата в-гла̄. На-Цр̄ниче и́ма вно́гу сва́дби. Са-натпре̄лкве ко́і̯ сви́рби ќ-и́злезе по́добри. Од-ма́сата фр̄ле ше́ќерки на́-земја и деч́ин'ата са-ту́рке и бе́ре. Ку́мо и-фа́тве па́рите и бро́е. И-вр̄зва во-ша́мија и о́де до́ма. Не̄стата му-ба́цве ра̄ка и и-зе́ва па́рите и и-пи́ка во-куса́чето во-претпла́тата. И кре́ве пл'а́чките и о́де до́ма. Ку́мо м-о (му о)-и́звā ве́нецо и пре́везо и а-і-да́а па́рите од-во́дата. Ку́мо о́ди го́ре, не̄стата во-ќе́рало. Јаде́н'ето ку́мо и побрати́мите о-за́кл'учве. На-ве́черта кла́ве ја́ден'е. По-ве́черта му-ве́ле на ку́мо го́стите: „Ку́ме, дјā (дека) ти-је-кр̄даро со-о́фците?" То́ј не-го́-носи. Ти́је му-ве́ле: „Ќе-та-обе́симе." Зе́ве ја̄же и му-і̯-вр̄зве но́сете дури да-ре́чи: „Ќ-и-до́јса." На́јнапре но́се енна-се́петка. А́ко не-и-до́јси си́те о́пе о-вр̄зве, та́ка дури-да-и-до́јси.

Вид 1998 : 306–307

Граждено

Била една стара...

Била една стара, имат еднó дете. Дéтето умно многоᵘ. Дојде на време за да се жени. Направи брак, зве стопанка, не му доиде проликѝјата нéгōа. „Мајко — му вели — да бидне арна како мене“. Мајка му вели: „Арна је“. Држи полгодина невестата детето, на полта година ќе а терат. И му велит на измеќáрите: „Ова невеста мóиа, да а занéсите на планѝната гóре“ и му велит: „Кога ќе носите на планѝната, сакам нѝшан од десната рäᵃка“. А зáнесоа измеќарите на планѝната, и му о појче прсто од десната рäᵃка, му го даде нѝшан на момчето, и го виде и тога заверва. Оти ојдоа ловцѝите на планина, оти таја леп нéмаше, и трева пасеше. Како дадōа абер ловцѝте, и тā са пикна на еден дäмп нäтре. Ловцѝте, тије што имат кучината, а нáјдōа, óдēт, а зéвет и ја уривет доле на касáбата. И нé зборват; три години не прогоᵒри. Ма то óдзгора на трите години а заикōа пак на планината. От трева што пасеше, остана тешка. Му даде гóспō, две дéчина. Како беше саката от прсто, дечината не моише да и држи. Фати еден дош, голем дош, и таја заспа. Како што заспа таја, и дојде Богорóица, го удри едното дете и на рäката нејзина на десна му кладе стрéбро, и плаши детето, и таја óпули очите; кога види(т) — на рäката стребро. Сетне стана дечината гóлемки и му веле на мајка му: „Со што ќе се раниме?“ И му велит мајка му: „Со трева ќе се раниме“. Дека јáдēā трева, тамо помина Богорóица, и му вели: „Што ти се тије на рäᵃката?“ „Госпóдои éвлати“. — „И нē ти је страф што сејш на планѝната?“ — Одē ловцѝ други, а наóдвē дека пáсит трева. А зéвēт, а урäвале во селото не(и)зино, и прау на куќата дека беше прво. А виде момчето, седна портата, и му велит: „Што е тои чоек што сеит? Земеите го на куќата“. И дечина две и дäржит на рäката. „Клајте а долу во коните, тој е чоек сѝромаф“. И му велит тā жена што е имаше а позна, сетната жена а позна. И тā му беше првната (лубовница) невеста, му пушти таиа на брат му. Брат му зенѓин чоек много. И брат му дојде, и со пéндесе пријатељи, и со пендесе кони. Му вели: „Зету, да ми наиш кóнак!“ И тој му наодват еден лош конак, неарен. И го виква тамо: „Зету, домаќᵏине, нашата сестра диᵉа ти иет?“ „Му велит: „Умре“. Тије му вéлет: „Жива е“. — „Кога је жива, дека ēт?“ Нá него страф да кажи, ама брат му зна дека иести. Му велит тој на момоко: „Оди да а дојсиш“. Ојде момоко, не а најде, и дојде, са плашит много. „Дека ти е моиата љубовница (неᵛеста)?“ — „Не е најдоф“ — му вели.

— „Дека а за́несе?“ — му вели. „Е, не а најдоф“. И зеа братја не́гои и а о́питве, и таја не му кажва што имта на рӓката нејзина. Го викē: „Зето, да видиш, а познāāш или не?“ — „А познāм“ - му велит зето. И тије му а изва́иа, а виде, и му вели: „Нē мојата!“ И седна мецелисо, ќ^к^е пра́иа лаф, а опитвет нēā: „Овои стопан го познāш ти или не?“ — „Ако да ма познајт, ќе го познāм“. „Хајде, тој нē те познāт, ти не ќе по познājш?“ — Јас имам да му реча^м^ три лафои. На едно време ма зве мене: не ма са́каше. И го пушти момоко да ма загубит во плани́ната. Ојде момоко, ми о поиче прстот десен, останаф в планина, ми даде госпо дечина две, и јаска трева пасеф. Ма фати соно, заспаф и до́јде Богороица, го удри едното дете, плачит. Јас си опулиф очите: кога са видоф на рӓ^а^ката, и ја видоф стребрена. Токо ла́фои имам. Појќе лаф — му вели — нема^м^ три години. „Го фатиа зето, му трнā ц̧еза, на сетнината му поекоиа нозете, и му и овртиа о́чите, и му вели жената: „Стигат сега“.

Стефо Никола 37 г. (С. Н. Томиќ)
Кон 1957 : 207–209

Нивици

Е́дна же́на не́-врве́ше...

Е́дна же́на не́-врве́ше со-ма̊жо̄-му и то́гаа бе́ше Во́дӣци. Ни́е чу́пӣна бе́меф, О́де̄меф ф-цр̄ква. Та́а и́ма̄ше пе́т-шес ма́ли. – Дјá о́јш – ми-ве́ли. „О́да ф-цр̄ква“ – му-ве́л'а. „Зе́ај-а ли́тургиа̄та мо́ја, ќе-о́ста̄ни при-де́чина̄та“. Ја́с му-ве́л'а: „Да́ј-ми-а, да-ти-а-за́јса, ко́што ќе-о́да“. А-зе́доф ја́ска, о́јдоф та́му го́ре. Крај-а́јзеро̄то и́ма̄ше ло́ӣшта, ку́пој ве́тки, шо-се́че и бе́ре ти́е, и-фр̄ле вово́да̄та, е́дно на-дру́го – и-кла́ве. И зи́ма̄та са-бе́ре ри́бӣте вна̄тре. Ре́же тр̄ска во-Ма́ло̄то А́јзе̄ро, а-пле́те ко-ко́ца и со-не́ја о́кол на́кол го-гра́де и му-о́ста̄ве та́ка то́ку-ме̄сто и вле́гва ри́бӣте та́му. И вја́ве два́-мӣна, три́-мӣна, че́тӣри ми́на на-то́ ло́ӣште и ду́пе со-др̄ва. И ри́бӣте бе́ге од-вна̄тре, вле́гве во-а́чо. И гре́да ја́ска от-цр̄ква̄та и ми-ве́ле тро́ чу́пӣна: „Ма́ри, а-ба́ре Ни́колӣца“. „Дјá-о̄де“ – му-ве́л'а. „Не-зна́е̄ме“ – пла́че. И по́чна̄а со-мре́жје̄то да-фр̄ле та́му о́ко̄лу кра́јо, та́кво бе́ше та́му – гла̄би́на, гла̄бо̄ко бе́ше. И та́ во-чу́нка̄та и са-фр̄ли вна̄тре и а-на́јдо̄а у́даḗна. И о́стана̄е де́чина̄та си́рачӣна, по́растӣа. Се́тне то́ј зе́де дру́га же́на, би́ј, чи́ниј ти́е

ма́лйте. Та́ка йсрастйа. Ме́ѓу же́на́та, ме́ѓу ма̑жо ко́ј-зна́е ко́ј-бе̑ше пре́чина́та, не́-мо̑жиш да-зна́еш по́што са-ка́ре, по́што са-чи́не. Во-чу́жда фа́мйл'а не́-мо̑жиш да-вле́зиш. А́ма та́ка са-ка́ра̑а, не́-врве̑а до́бро до́ма јо́ба̑та. Са́му а-би́е̑ше то́ј, а-чи́не̑ше. И та́ка са-у́дај гла́мна̑та. А-о́ва, шо-а-зе́де се́тне, а-пу́ле̑ше ка́ко па́на, ка́ко па́на в-ра̑це̑те, ка́ко Бо́горо̑јца. Дру́к не́ко ј не́-са-о̑дај. Са́му е́днаш жне́а тр̑ска, вја́на̑а во́ло̑јте, по́тана̑а јо́ба̑та здо́ла, са-у́дайја. Тр̑ска̑та кра́вйте а-ја́де, ма̑скйте а-ја́де, бра́вйте а-ја́де. Фа́тва̑ше зи́ма – две́-ме̑тра, три́ сне́к.

Шкл 1979 : 218

Орово

Си-би́ле три́ бра́тја...

Си-би́ле три́ бра́тја. Ти́е мно́го би́ле си́ромаси. О́шол по́големјо, му-ка́зал: „Ја́с ќе-о́да не́јде на-ра́бота, да-на́јда ра́бота. Па́к о́шол дру́ѓо, стре́дн'о. И то́ј о́тишол и не́-са-ва̑рнал на́зат. Ма́л'о му-ре́кол: „И ја́с, ма́јко, ќе-о́да". – „О́, ма́јке, ти́е два́та, шо-бе́а по́итри – ре́че – не́-са-ва̑рнаа на́зат, та-ти́ ќе-са-ва̑рниш". Е́, о́шол не́јде ду́рде о́шол, то́ј да-си-до́падни до-ца́ро. Му-ка́зал: „Бре́, стри́ко, да-не́маш не́што ра́бота?" – „А́ми, ја́ ра́бота йам, да-кре́ваш вре́шта, да-ме́тиш дво́ројте. Ти́е ра́боти йам". – „Е́ми, ќе-пра́м" – му-ка́зал. Ра́ботал шо-ра́ботал, то́ј и́мал не́која чу́па, ца́ро. И да-си-са-бе́ндисе два́та. И та́а му-ка́жва: „Ја́с, та́тко, ќе-си-о-зе́ма о́вој, шо-ни-ра́бота ту́ка". – „Ка́ ќе-те-дам на́-него, ка́ ќе-ка́же л'у́дјето, шо-ца́ро на-то́ј а́мал, шо-е́т, шо-кре́ва вре́шта, му-а-да́ва чу́пата!" – „Е́ми, не́го ќе-го-зе́вам". И го-зе́шла. Го-зе́шла. То́ј и́мал па́ри ко-ца́р. Се́шле не́која го́дина, жи́вееле и о́шол. И му-ка́зал: „Де́до, не́-на-пушташ да-о́јме при-ма́јка да-а-ви́да ма́јка, то́лку вре́ме, да-му-са-ка́жа, о́ти де́ка о́јдоф ја́ска, са-же́наф та́му". – „Е́ми, о́јте". О́шол то́ј, му-да́шол е́дно ра́ло ди́саги па́ри. Му-и-на́пälнил и-и-про́одил. Ко-му-о́шло до́ма и му-ка́за: „Ма́јко, ма-по́знаваш?" – „Е́ми, та-по́знавам, ма́ри ма́јке. О́ва што́-ти-ет?" – „Та́ ми-е-не́ста". И ко-му-и́звашол па́ри е́дно ра́ло ди́саги. Се́шле два́-три де́на, па́к са-ва̑рнале на́зат. Е, та́ка бе́ше, то́ј шо-бе́ше на́јсиромаф, на́јпärталест, а́лчако бра́т, ста́на на́јбогат.

Шкл 1979 : 211

Роби

Ни́е не́-сме ди́п до-езе́рото

Ни́е не́-сме ди́п до-езе́рото. По́л'јето е́т до-езе́рото. Се́лото ет-по́лвин са̑т до-езе́рото. Не́-ет да́леку. О́сом ме́сеци бе́ф во--А́ил', по́јќе не́-беф. А се́ло, ни́што, шо-и́маше – тринајсе́-куќи бе́а. Не́ма се́ло, то́а о́строфче е́т. Чети́рдесет цр̀кви и́ма. Си́те се-раси́пани. Са́мо е́дно цр̀кве и́ма, Се́ти Ѓо́рѓи, шо-са-ка́жва. Ма́настир и́ма Ма́ла Богоро́јца и то́ј Гр̀ција го-ра́сипа, има́н'ето го-зе́де. Не́-знам ка́коф бе́ше по́рано. Прика́жваа за-ца́р Са́моил, пала́тите му-би́ле ту́ка. О́колу и́ма по́л'је, а-о́згоре ет-За̑ндано. Ми-бе́ше стра́ф да-вле́за. О́демеф со-ма̑жот-ми са-раше́твамеф, а́ма ми-бе́ше стра́ф да-вле́за вна̑тре. За̑ндан, затво́рници шо--др̀желе едно-вре́ме. То́-ет у́долу ко́пано, а́ма дја́-му-ет кра́јо, дја-и́злегва – не́-знам да-ти-ка́жа. О́дгоре-ет-Ка́лето со-мете́ризи, од-вре́ме-са, са-по́знаве ти́е. Са́му тре́ва-ет, а́ма са-по́знава, шо-ет-ко́пано ме́стото. Цр̀квите сити́чките са-расту́рени. Се́ти А́ил', шо-ет-на-Са́моил цр̀квата, то́кој са-стисо́јте, ши́роко-ет о́ттука до́-таму. Два́јсе а́лтари и́мало во-та́а, а́ма раси́пани, ни́што не́ма. Едно-вре́ме Гр̀ците ба́раа да-ви́де шо́-писмо и́ма, ко́паа, изва́ваа пло́чите да-ви́де шо́-писмо и́ма. Не́-знам шо-на́јдоа.

О́днадвор е́дно ме́сто, Кри́на го-ви́ке, та́му коли́бјето и-и́ме ти́е, ко́либје за-и́ман'е, ле́тото шо-го-др̀жеа. Та́му си-и-др̀жеа и--чу́нките. Чу́нки му-ви́ке ти́е, ка́јците и-др̀жеа до́ма. Чу́нката ет--та́ка, гре́ј от-стр̀ната трка́леста, трка́леста гре́ј от-стр̀ните ко--ме́ој. Та́а-ет и́сто да̑га, а́ма гре́ј ко-ме́шлеста, ши́рока, ко-трка́леста. А ка́ико ет-ра́мен о́ддолу, по́широк, Та́мо во-Кри́на и́ма пе́штера, кога ќе-вр̀ни до́ш, та́му са-кри́е има́н'ето. Го́лема пе́штера и́ма, две́сте гла́вје бе́рела, вна̑тре и́ман'е та́а, пе́штера, го́јда. Та́му све́ си-са́деа пче́јнца, р̀ш, ми́серка, гра́ф, бо́стани, гра́дин'е, пи́перки, ло́зја, патли́цани зе́лени, чр̀вени. Ка̑пин'е та́му не́-видоф. Све́ и́ма во-тоа́-село: кру́ши, го́рници, чр̀ници, че́решни, дре́нки, ко́стени, о́рej, ја́ба̑ка, ду́ни. Целото́-ритче да--пу́лиш све́ о́воши.

Шкл 1979 : 178–179

ДРИМКОЛСКО-ГОЛОБРДСКИ ГОВОР

Јабланица

Чоекот што и знаѐл јаѐзиците на животињето

Си-би́л еден-га́зда. И́мал го́лема сто́ка. И се́га ре́шиле со--же́на-му д-о́дет да-е-ви́дет сто́кава. И́мале и ко́н' – ко́била. И та́ка о́деле. Е се́га, та̏рнале ти́е за-да-о́дет на-ба́чило ке-о́фциве. О́дет. Коби́лава позаста́нала. Кон'оф а̏ржна, ве́лит: „А́јде – му--ве́лит на-коби́лава – а́јде." „Ти́ – ве́лит – у́бо̄, ти́ мо́јш да-о́јш, а́ма ја́ – ве́лит – не́-мога да-и́да, ја́ су-ждре́бна, а и-же́нава е--тру́дна. И за́те̄ – ве́лит – не́-моа да-и́да." И то́ј сла́гат од-на́--кон' и е-ве́лит (на-же́нава): „Сле́зи ти́ од-на-коби́лава; ја́ ќе-се--ка́ча на-коби́лава, ти́ ќе-се-ка́чиш на-ко́н'оф. „И во-то́ј слу́чај то́ј сле́гал од-на-ко́н'оф и та́а сле́гла од-на-коби́лата; та́а се--ка́чила на-ко́н'от, а то́ј се-ка́чил на-коби́лава. И о́дет се́га на--ба́чило ке-о́фциве. Ко-о́тишле, се-поздра́виле со-офча́риве. Гле́дат ка́ко-е сто́кава, ва́му, та́му. Ти́е му-ве́лет: „А́ј да-зако́лиме не́што, пошто-до́јде ти́ да-ни-ви́диш ва́му го́ре." „До́бро – му-ве́лит то́ј – а́јде се́га да-ви́диме во сто́кава." „Која́-сакаш да-е-зако́лиме?" Ја́гне са́кале да-за́колет. Фа́тиле е́дно. Бле́кнала о́фцата: „Е́дно ја́гне ја́ и́мам, за́ш да-го-зако́лите? Ви́дите не́која дру́га." Га́здава е-ра́збрал о́фцата и ре́кал: „Ба́рајте дру́га, не́ка-е те́а." Га́здава знаѐл јаѐзи́циве од-животи́н'ево. Фа́штает некое-дру́го ја́гне. И ма́јка-му, о́фцата, ве́лит: „А́ко, нека-го-за́колет, ја́ и́мам три́. Е́дно нека-го-за́колет, две́ па́к ќе-ми-о́станет ме́не." Го-за́клале ти́е ја́гнето. Ја́ле, пи́ле, и та̏рнале ма̏жоф и же́нава да--си-и́дет у́долу, до́ма. Па́к та́а се-ка́чила на-ко́н'от, а ма̏ш-је се--ка́чил на-коби́лава. И си-се-вра́тиле до́ма. И та́а, же́нава, му--ве́лит на-ма̏жоф: „Се́га да-ми-ка́жиш што-му-ве́леше на-о́вие; ка́ко ти́ и-ра́збра о́вие? Ти́ зна̏јш не́што; и́ли ќа-ми-ка́жиш, и́ли не́мат ча́ре." „О́сем да-у́мра – е-ре́кал – па-да-ти-ка́жа. Ако-ти--ка́жа, ќа-у́мра." „Ај-у́мри на́јпосле – та́а му-ре́кла-у́мри напо́слетко, са́мо да-ми-ка́жиш." „Ај-до́бро – ве́лит ма̏жоф-у́тре ќа--ти-ка́жа, ве́черва да-преспи́еме, у́тре ќе-ти-ка́жа па-нека-у́мра." Ста́нале саба́јлето и е-ве́лит на-же́на-му: „Пу́шти-и коко́шкине, на́рани сто́кана и фа̏рли-му на-коко́шкине пче́нка нека-ја́дет." Та́а зе́ла пче́нка, му-фа̏рлила на-коко́шките. Ти́е, коко́шките разби́рале што́-му-е на-чо́екоф. Не́која ја́ди, не́која не́-јади. И пе́телот им-ве́лит на-коко́шките: „За́што – ве́лит – ви́е не-ја́јте?" А ти́е, коко́шките му-ве́лет: „Па га́здана ќа-ни-у́мрит!" „Е́-е-е

– ве́лит тój, пе́телоф – па-нека-у́мрит! Já пе́десет ко́кошки, сви́не ќе-и-ви́кна на-едно-зѐрно и ќе-го-и́зеда. Ам-тój ко̄-дожи́вјал же́на-му, една́-же́на да-го-по́елат и да-у́мрит зарад-нјá... па-нека-у́мрит најпо́слетко.“ Чо́екоф, мѐжоф ра́збрал, зе́л но́жот, по́-тимба и ту́мба, си-е-сви́ткал же́нава, и тój и де́неска си-е-жи́ф.

Мустафа Асоски 1924 (Стојан Пејоски)

Себишча

Девет браќа и ламјата сестра

Си-би́ле де́вет бра́ќа, една-ма́јка и та́тко-им. Се́стра не́мале ни́една. Е́днош ма́јка-им ре́кла: „Е́ј Го́споди! Да́ј-ми е́дно мо́миче, та-ма́кар и-ла́мја нека-да-је́“. Го́под ја-по́чул и му-да́л едно-мо́миче. На-петте-го́дини моми́чето се-сто́рило ла́мја, и-и́зело сви́те бра́ќа; о́станал саде-е́ден. Та́тко-му ре́кол си́ну-си: „О́дај, бе́гај, си́нко, от-и́-тебе ќа-те-и́зеет!“ Си́н-му ја́внал ко́јн'от и та́тко-му му-да́л три́ сли́ви и си-о́тишол си́н-му. О́дел, о́дел, на́шол една-ку́чка со-ку́чин'а и је-ре́кол: „ќа-т-о́пера, и́ли да́ј-ми едно-ку́чуле“. Та́ја му-ре́кла: „И́збирај, зе́мај“. То́ј зе́л едно-ку́че, си-го-кла́л на-ко́јн'от и си-о́тишол. Па́к о́дел, о́дел, на́шол една-ме́чка. „Ќа-т-о́пера, је-ре́кол, ја-да́ј-ми едно-ме́че“. Та́ја му-ре́кла: „И́збирај, зе́мај“. Зе́л то́ј и те́ја и го-кла́л на-ко́јн'от. О́дел, о́дел, му-се-спи́ло во́да, и́зел една-сли́ва о́вде, е́дната по́преку, ишч-е́дната-по́преку, бли́зу до-се́лото, кој-ќа-се́дел.

По́шол во-се́лото. Та́мо се-о́женил. Му-фте́кнало за-ма́јка-му и за-та́тко-му и је-ре́кол же́не-си: „Já ќ-о́да при-та́тка, кога-ќа-ти-ви́кна já, да-и-пу́шчиш кучи́н'ата“. Та́ја (ма́јка-му) не-била́-тука. Та́мо (до́ма-си) ни́шчо не́-нашол, а са́де се́стра-му. Вле́гол ф-ку́ќи, и му-го-зе́ла се́стра-му ко́јн'от, му-го-вѐрзала на́-јасли и до́шла го́ре, при-бра́та-је. По́шла да-го-на́гледат ко́јн'от. „Уре-бра́те, му-ре́кла, ко́јн'от-је на-три́-hose“. Је-ре́кол бра́т-је: „Те́ја га́јле за-ко́јн'от! По́шла ишч-е́днош“. Ич-не́мат от-ко́јн'от, му-ре́кла. Бра́т-је па́к је-ре́кол: „Те́ја га́јле за-ко́јн'от!.

Посе́дела ишч-ма́лу, му-ре́кла брато́е-си: „Já го-ји́зедоф ко́јн'от; ми-се-ја́дет; и-те́бе ќа-те-ја́да!“ Бра́т-је је-ре́кол: „И́змети и да-по́стелиш еден-му́таф, ќа-по́јда, ќа-с-и́збан'а, та-по́сле ја́ди-ме, кѐде-да-па́днет бра́това кѐрф, на-чи́сто ме́сто да-па́д-

нет“. Тój ѝзлегол да-óдет нá-бан’а и си-пóбегнал. Тáја му-се--фтéкнало зá-него, притåрчала ýгоре, го-фтáсала и му-вѝкат: „Чéкај, ќа-ти-кáжа тéбе!“ Тáмо ѝмало трѝ слѝви. Се-кáчил на-éдната; тáја фáтила да-је-сéчет. Тój óтишол на-дрýгата; тáја фáтила и-нéја да-је-сéчет. Му-вѝкнал на-кучѝн’ата, кучѝн’ата дóшле и ја-ѝзеле.

Босилка Стрезоска 60 г. (Божидар Видоески 1960)
Вид 1968 : 94

Себишча

Тројца браќа

Си-бѝле трójца брáќа и-се-дéлиле. Свé си-дéлиле што-ѝмале. Постáриот óшол да-си-прóдават крáвите. Ѝзлегле некој-трѝ Ќóсин’а прéд-него, му-вéлет да-и-прéчет ýшите и-опáшките, мнóгу ќа-пóминет нá-пазар. Стáнал тój им-ѝсекол ýшите и-опáшките и-пцójсале ајвáните. Се-врáтил дóма и-го-прáшал стрéдниот брáт: „Како-помѝнē ајвáните нá-пазар?“ „Мнóгу дóбро помѝнē“, му-рéкол. Стáнал и-тój да-óјт нá-пазар да-и-прóдēт ајвáните. И--прéд-него ѝзлегле Ќосѝн’ата. Ѝ-нему тáка му-рéкле. Тój и-пóслушал, им-ѝскинал опáшките на-ајвáните. Пóсле помáлјот и--óпитвит како-помѝнале. „Ýбō“, му-рéкле. Јe-зéл крáвата ѝ-тој да-је-прóдават. Ѝзлегол éден от-Ќосѝн’ата: „Кā̆де вáка, со-здрáвје?!“ „Ќ-óда нá-пазар да-је-прóдā крáвава“, му-рéкол. „Преéчи--је ýшине, мнóгу ýбō ќа-ти-пóминит“. Пóтака ѝзлегло стрéдното ќóсе и-му-вéлит: „Кā̆де вáка?“ – „Нá-пазар“, му-вéлит тój. „Преéчи-је опáшкана и-ќа-ти-пóминит ýбō нá-пазар“. Пóодел пóтака и-ѝзлегло трéќото Ќóсе и-му-вéлит: „Зéми-је крáвана, одéри-је кóжана ósади дó-полу и-завåрти-је дóполу и-мнóгу ýбō ќа-је--прóдајш“. Тój и-пóслушал Ќосѝн’ата, ама-крáвата пóсле пцójсала. Си-се-врáтил без-нѝшто. Другиóв-ден ќосѝн’ата ќ-óдет дóма--им кај-жéните. Сéга брáќава ќа-лā̆жат. Едниóв-брат је-вéлит на-жéнава: „Да-клáјш грáф и-ко-ќа-трóпнет ќосѝн’ата да-го-зéмиш гā̆рнето и-да-го-трā̆тиш на-авлјáна“. Влéгвет тѝ^{ј}е, гā̆рнето вáрит на-авлјáна. Се-чудет ќосѝн’ава, сáмо гā̆рнево вáрит. Жéната рéкла: „Мѝ^{ј}е-сме самѝ-лýѓе, гā̆рнето сáмо ни-вáрит“. Тѝ^{ј}е рéкле óту, колкý-пари сáкаш да-ни-го-дáјш нáс“. Не-гó-давам, ми-трéбит зá-мене“. Тѝ^{ј}е навáлиле и-им-го-дáл гā̆рнето, а-со-жé-

нава се-йскарал (не́-оту се-ка́рал ви́стина) и-на-же́на-му је-кла́л едно-че́рјо со-ка̏рф. Га̏рнево ќоси́н'ава го-пла́тиле ска̏по. Г-о́днесле до́ма, ама-им-не́-варит.

Стредниóв-брат фа́тил два-зе́ци. Е́дниоф зе̏к го-за́творил до́ма-му, е́дниот го-зе́л со-не́го, а-на-же́на-му је-ре́кол: „Же́но̄, ќа-до́јдет ќоси́н'ата и-да-до́јнциш ру́чек за́-ними. Ја́ ќа-ти-го-пу́шта зе̏кон да-ти-ка́жит со-колку́мина-су на́-нива". Та́ка ќоси́н'ата до́шле и-то́ј го-пу́штил за̏кот: „О́ди до́ма да-је-ре́чиш на-же́на-ми да-до́јнцит ру́чек за-четири́-души". Зе̏кот фа́тил пу́стина. До́јде же́ната и-се́га је-пра́шу^ј^ет: „До́јде зе̏кот, же́но̄?" „До́јде и-ми-ре́че да-до́јнца у́жина за-четири́-души". А́ми ка̏де-е зе̏кот?" До́ма, го-за́твориф в-до́лап". А-та́мо би́л другио́т-зе̏к. То́гај ќосин'ата му-ре́кле колку́-пари ќа-са́кат да-им-го-да́јт зе̏кот. То́ј им-го да́л зе̏кот за-скапи́-пари. Е́днуш ко-о́тишле ќоси́н'ата на́-нива, го-пу́штиле зе̏кот да-о́јт до́ма да-ка́жит за-колку́-души да-до́јнцит ру́чек, то́ј фа́тил пу́стина.

До́шле ќоси́н'ава кај-најма́л^ј^от бра́т. То́ј и́мал едно-ка́валче. Ста́нал на-же́на-му је-кла́л едно-че́рјо со-ка̏рф и-се-ра́злутил на-же́на-му (не́-оту се-ра́злутил), је-бу́внал же́на-му, го-ру́шил че́рјот, и́стекла ка̏рфта, ко-ба̏ги је-за́клал. Ќоси́н'ата се-пу́лет. А́рно му-тре́бала та́ја за-ра́бота, го-зе́л кава́лчето и-је-св^Ф^и́рит. Та́ја (же́нава) ско́кнала и-пойграла. „Ка́ко та́ка?" пра́шале ќоси́н'ава. Та́ка, кој-ќа-за́св^Ф^ира со-кава́лчево, св^Ф^е́ у́мрено ќа-ста́нит". Ќоси́н'ава го-поба́рале кава́лчето, го-пла́тиле ска̏по и-го-зе́ле. О́тишле до́ма. Се-нал́у́тило постаро́то-ќосе на-же́на-му и-је-за́клал. По́сле за́св^Ф^ирел, же́ната не-ста́нвила. Та́ка и-за́клале же́ните си́те ќо́син'а и еден-со́-други не-си-ка́жвиле. По́сле се-догбриле ќоси́н'ава: „Ќ-о́јме кај-најма́л^ј^от бра́т и-ќа-г-уда́јме в-Дри́м". О́шле ти́^ј^е, го-фа́тиле и-го-кла́ле во́-вреште и-го-но́сет на́-Дрим. А́рно ти́^ј^е стре́тиле не́где св^Ф^а́дба и-о́тишле кај-свато́јте а-вре́штето г-оста́јле. Ко-се-ви́дел то́ј са́м зви́кал: „Је-не́кум царе^ј^а́-ќерка". Чу́л еден-о́фчар, о́тишол кај-него и-го-о́питвит: „Што́-викаш?" „Ми-је-да́вет цареа́-ќерка, је-не́ќум", му-ре́кол то́ј". Ако-је-не́ќиш ти́, ре́кол о́фчароф, и́злези, ја́ је-са́ка". Та́ка о́фчарот вле́гол во-вре́штето, до́шле ќоси́н'ата, го-ди́гнале вре́штето и-го-фа̏рлиле во-Дри́мон. По́сле си-о́двеле ќоси́н'ава и-го-стре́тиле на́-па̏т (најмалиот брат). „Ма-ти́ си-и́злегол, ка́ко та́ка? „И́злегоф, во-пли́ткото ме-фа̏рлифте, да-ме-фа̏рлефте во-поглобо́кото по̏ќе о́фци ќа-и́звајф". Ко-чу́ле по́сле, о́шло па̏рвото ќо́се на́-река и-се-фа̏рлило во-глобо́кото да-фа́штат о́фци. Ви́дело стре́дното ќо́се како-му-се-по́кажвит

ка́пата, зви́кало: „Е́не по́ќе ца́рни о́фци се-пока́жвет“. Та́ка си́те ќо́син'а се-уда́јле едно-по́-едно.

Малестрени

Старче, кој'не и цар

Си-би́ло едно-ста́рче и с-и́мало едно-ко́ј'не. Ста́рчето не-м о́ело да-о́јт. Ко́ј'чето му-ре́кло: „Ка́чи-се на́-мене, ја́ ќа-те-но́са“. Ста́рчето се-ка́чило и-о́шле в-една-гра́дина. Та́мо на́шле едно-кри́ло от едно-вра́пче. Кри́лото би́ло мно́гу ско́лтело. Ста́рчето не́мало да-ја́јт, та-му-го-за́несло на-ца́рот.

Ца́рот му-на́полнал а́лтани и го-по́викал да-о́јт, да-о-ба́рат вра́пчето. Те́ја, ста́рчето, ко̄-чу́ло, фа́тило да-пла́чит и о́шло до-ко́ј'чето. Ко́ј'от му-ре́кол: „Шчо́-ти-је мо́ката те́бе?“ Ста́рчето ре́кло: „Ме-те́реет д-о́да, д-о-ба́рам вра́пчето“. Ко́ј'от му-ре́кол: „О́дај да-им-ре́чиш да-ти-на́полнат едни-ди́сази па́ри“. Ста́рчето о́шло при-ца́рот и му-напо́лниле диса́зите со-па́ри. О́шле на-ме́стото ко̄ј-о-на́шле кри́лото од-вра́пчето. И-ра́стурил па́рите по-зе́мјата. Вра́пчето до́шло о́згора, и-исклу́фкало си́те па́ри, та-не-мо́ело да-ле́тнит и ста́рчето го-ва́тило и му-го-о́днесло на-ца́рот.

Ца́рот му-ре́кол: „Да-о́јш да-му-ја-зе́маш на-кау́ринот ќе́рка-му“. Ста́рчето па́к фа́тило да-пла́чит и о́шло при-ко́ј'от. Ко́ј'от му-ре́кол: „Шчо́-плачиш?“ Ста́рчето му-ре́кло: „Ме-те́реет да-о́да да-му-зе́ма ќе́рка-му на-кау́ринот“. Ко́ј'от му-ре́кол: „Нека-ти-напо́лнеет една-ге́мија со-шчо-је-поу́боо и не́ко̄ј два́-три то́па“. Ста́рчето о́шло при-ца́рот и му-напо́лнале шчо-са́кал. Се́дне о́шле со-ко́ј'от та́мо и ту́ека и́злегле же́ните и ќе́рка-му ре́кла: „Ви́ди шчо́-имат во-ге́ми́јана!“ Ста́рчето ја-фа́тило и је-па́днал по́рстенот во-мо́рето, и му-је-за́несол на-ца́рот. Та́ја рекла: „Дур-не-ми-го́-најт по́рстенот, не́-седа“. Ца́рот ре́кол: „О́дете, викнете́-ми-го ста́рчето“. Те́ја о́шло при-ца́рот и то́ј му-ре́кол: „О́ди да-ми-го-на́јш по́рстенот, зере-ќа-т-о́пера“. Ста́рчето фа́тило да-пла́чит и о́шло до-ко́ј'от. Ко́ј'от го-пра́шал: „Шчо́-плачиш?“ Ста́рчето му-ре́кло: „Ме-те́реет да-о́да да-је-го-на́јда по́рстенот“. И ко́ј'от му-ре́кол: „Нека-ти-на́полнет една-ге́мија со-пе́ксимит“. Му-напо́лнале една-ѓе́мија со-пе́ксимит, та-о́шле на-мо́рето и им-го-фо́рлиле пекси́мидот на-ри́бите. То́га и́злегла една-ри́ба и им-ре́кла: „Шчо́-сакаш о́д-нас шчо-ни-на́јаде

то́лку на́м?“ Ста́рчето ре́кло: „По́рстенот да-ми-го-ка́жите кој-го́-имат изе́дено.“ Едно-ри́буле го-и́мало под-јо́зикот и му-го-да́ло на-ста́рчето. Те́ја му-го-за́несло на-ца́рот.

То́ј па́к ре́кол: „Викнете́-ми-го, ќа-му-ре́ча не́шчо“. Ста́рчето до́шло и ца́рот му-ре́кол: „Д-о́јш да-ми-ја-на́јш ди́вата ко́била со-четириéсетте ждре́бин'а“. Ста́рчето фа́тило па́к да-пла́чит и-о́шло до-ко́јн'от. Ко́јн'от му-ре́кол: „Шчо́-плачиш?“ – „Ме-те́реет да-је-ба́рам во-мо́рето ди́вата ко́била со-четириéсетте ждре́бин'а“, одгоо́рило ста́рчето. Ко́јн'от му-ре́кол: „Нека-ти-на́полнет ена-ѓе́миа со-ко́жи. Ко́јн'от би́л не́јзино ждре́бе и ко̄-о́шле та́мо, и-фо́рлиле ко́жите во-мо́рето и то́ј о́ржнал, та-и́злегла коби́лата. То́га ста́рчето ја-фа́тило со-четириéсетте ждре́бин'а и му-ја-о́днесло на-ца́рот.

Ца́рот му-ре́кол: „Да-ми-ја-и́змолѕиш“. Ста́рчето па́к фа́тило да-пла́чит и о́шло до-ко́јн'от. Ко́јн'от му-ре́кол: „Шчо́-плачиш?“ – „Ме-те́реет да-ја-и́змолѕа коби́лана“, ре́кло ста́рчето. Ко́јн'от му-ре́кол:“ „Ти́ во́рзи-ме до́-неја, не-те-за́дират та́ја, и измо́лѕи-ја“. Ста́рчето го-во́рѕал ко́јн'от до-коби́лата, а те́ја о́шло да-ја-мо́лѕит; ко́јн'от о́ржнал и ја-измо́лѕало, и мле́кото му-го-о́днесол на-ца́рот.

Ца́рот го-кла́л мле́кото в-еен-ка́зан да-се-гре́ет и го-на́терал ста́рчето да-вле́зет во-горе́шчото млеко. Те́ја па́к фа́тило да-пла́чит и о́шло до-ко́јн'от. Ко́јн'от му-ре́кол: „Шчо́-плачиш?“ – „Ме-те́реет да-вле́за во-мле́коно го́решчо“, ре́кло ста́рчето. „Во́рзи-ме, му-ре́кол ко́јн'от, за-ка́занот и вле́зи во-мле́кото; ја́ ќа-ду́на, не-се́ гориш ти́“. Ста́рчето го-во́рзало ко́јн'от и вле́гло во-горе́шчото мле́ко. То́ј ду́нал и ста́рчето и́злегло о́днотре са́де зла́то.

Ца́рот ко̄-ви́дел ал́-и́злегло со-зла́то, ре́кол: „И ја́ ќа-вле́за, за-да-и́злеза со-зла́то“. То́ј вле́гол и и́згорел, у́мрел.

(Ал. М. Битраков)
Шап 1976 : 12-14

Г'инеец

Тројата браќа

Си-би́ле тро́јца бра́ќа; о́деле, фо́рл́але фа́л и на́брале една-мо́ска па́ри. О́тишле на-ено-ме́сто, на́шле тре́ва и си-ре́кле: „Не-

-го-растоáраме кóјн'оф, знáјме, ќа-ни-го-зéмат нéкој". Тѝје си-сéднале. Му-го-зéл кóјн'от еен-чóек.
рале, – кóјн'от нéмат. Éднијот рéкол: „Бéше еден-кýс, го-вѝкает Мýсо", а óтаде во-брéгот, си-рáботал во-нѝвата éден чóек. Дрýѓијот му-вѝкнал: „Ор-Мýсо!" Тóј му-рéкол: „Шчó-викаш?" - „Шчó-ми-јá-зеде мóската со-пáрите?" Тóј му-рéкол: „Квá-мóска-е?" – Не-сý-видел мóска. Тóј му-рéкол: „Áј ќ-óјме да-се-сýдиме в-грáт".

Óтишле тáмо, му-рéкле на-голéмијот: „Óвја ни-зéде една-мóска со-пáри тоáрена". Тóј рéкол: „Јá не-му-сý-зел мóска". Дрýѓијот рéкол: „Јá ќа-с-ѝзлеза, а-вѝје клáјте нéшчо; ако-го-не-познáеме, не-ви-ја-сáкаме". Тѝје ѝзлегле нáдвор, а голéмијот клáл во-дóлапот еден-кáрпус и и-вѝкнале внóтре. Éднијот рéкол: „Нé-јс гóлемо, кóлѝку една-тѝкфа?" Дрýѓијот рéкол: „Л'ýшпата му-је-зéлена, а внóтре е-цóрвено". Дрýѓијот рéкол: „Кáрпуз-је, дé истáјте-го". Пáк и-истáјле нáдвор, клáле еден-лѝмон и и-вѝкнале внóтре. Éднијот рéкол: „Нé-е гóлемо кóлѝку едно-јáјце?" Дрýѓијот рéкол: „Л'ýшпата му-е-жóлта, а внóтре јс-к'ѝсело". Трéќијот рéкол: „Лѝмон-е, дé, истáјте-го". Пáк и-истáјле нáдвор. Клáле еден-пéтел и и-вѝкнале внóтре. Éднијот рéкол: „Нé-јс гóлемо, опáшката му-ја-закрѝвена како-сóрп?" Дрýгијот рéкол: „На-глáвата ѝмат еден-бýќулѝ (цвеќе)." Трéтијот рéкол: „Пéтел-јс, дé, истáјте-го".

Тóга му-рéкол голéмијот на-тóј шчо-го-сýдеше: „Да-му-је-дáјш мóската". Тѝје óтишле дóма-му и је-нáшле мóската ѝшче не-растоáрена. Си-је-зéле и си-óтишле дóма.

(Кузман Шапкарев)
СбНУ 1890 : 185; Вид 1968 : 93

Луково

Лошата мȁштеа

Си-бѝле мȁш и-жéна, ѝмале две-дéца, мȁшко и-жéнцко. Понекоѝку-гóдини мáјка-му му-ýмрела, а-тáтко-му се-прéженал. Ај, по-врéме мȁштéата не-му-ј-сáкала дéцата и се-рéшил тáтко-му да-и-нóсит ф-плáнина да-и-ѝзедит нéшто. Дéцата се-договóриле, си-зéле сó-ними, éдното поголéмото сѝ-зело пéпел во-нéкоја кȁрпа. И óделе ýгоре, óделе ке-и-нóсил тáтко-му, óделе и

да-и-не́-ви́дит та́тко-му, о́деле и си-ту́рвеле по-па̏тот по-ма́лку пе́пел. И и-о́днесал та́тко-му ф-пла́нина. И и-о́стајл на-едно-ме́сто и му-ре́кал: „Чака́јте-ме, ќа-до́јда да-ве-зе́ма.“ И де́цата ча́кале да-до́јт та́тко-им да-и-зе́мат, ама то́ј не́-дошал. И ти́е ре́кле: „Ќа-си-о́јме са́ми.“ И си-о́деле по-пе́пелта ке-што-си-зо́леле пра́о до́ма. Ма̏што́јата па́к фа́тила да-се-ка́рат со-та́тко-им. „Што-си-ме-изма̏мил ти́, е́ве де́цата па́к до́шле.“ То́ј па́к и-зе́л по́-него, па́к ф-пла́нина не́где, и де́цата па́к си-зе́ле во-некоја-ка̏рпа бра́шно по́-ними и о́деле со-та́тка-му и зо́леле по́-ними од-бра́шното. Та́тко-му па́к и-и́зма̏мил и – и-о́стајл. Ти́е ча́кале, ча́кале, и ре́кле па́к та́ке ќе-ни-на́прајт ту́е, ту́ку да-си-о́јме. Е́ј, та̏рнале да-си-о́дет до́ма по-бра́шното. О́деле што-о́деле по-бра́шното до-не́где, а́ма од-не́где бра́шното му-го-искли́ка́ле пи́лци и не-зна̏еле ке-да́-одет. О́шле во-една-пе́шт во-плани́ната. Ту́е жи́ве́еле некој-ти́шки (ме́чки, ва̏лци и други) и со́-ними се-зачи́нале (спријате́лиле), засе́дале, не-и-и́зеле, и му-но́селе от-ке-о́деле ко́рен'а за-ја́ден'е на-де́цата. Се́страта се-заса́кала со-е́дна от-ти́шките, а́ма му-ве́лела бра́т-ми не-ме-о́стават. А то́ј што-е-са́кал е-ре́кал: „Ја ќа-го-и́зеда бра́та-ти.“ А-та́ја му-ј-за́т-нала у́шите на-дру́гите ти́шки. И-до́шал бра́тот од-не́где. И му-ре́кла, ти́шката: „Ја́ се́га ќа-те-ја́да.“ То́ј му-ре́кал: „Ја́ди-ме, ама па̏рво да-се-ка́ча на-да̏рвоно да-по́сфира.“ И се-ка́чил и за́с-фирел мно́гу си́лно и жа́лно, и о́шал гла́с на-лиси́цата, го-чу́ла не́како и му-ре́кла на-дру́гите: „На́шиот го́сподар е-на-го́лема ма̏ка.“ И лиси́ците се-отпу́штиле и го-спа́силе де́тето, не-оста́јле да-го-и́зејт ти́шката.

Луково

Самовилите и па̏тникот

Некоја-же́на си-ро́дила де́тенце. На-три́те ве́чери до́шле самови́лите, наречни́ците, да-му-е-ка́жет судби́ната на-де́тето, а ма́јка-му спи́ела. А́ма ту́е и́мало еден-па̏тник да-прено́ќеет. И самови́лите му-наве́лвеле на-де́тето: Па̏рвата му-ре́кла: „Ко-ќа-сто́рит седумна́есет го́дини да-у́мрит.“ Фто́рата му-ре́кла: „Ко-ќа-о́дит не́где на́-па̏ти да-па́днит ту́е да-по́гинит.“ Тре́тата му-ре́кла: „Ко-ќа-се-же́нит и ко-ќа-до́несит не́стата да-по́јдит да-ско́чит во-бу́нарот и да-се-у́дајт.“ А́ма па̏тникот не́-спиел и-чу́л што-ве́леле. Самови́лите ре́кле: „Ако-не́кој чу́ет и ако-ка́жит,

ка́мен да-се-сто́рит.“ Ко-си-о́дел па̑тникот, се-благо́дарел што--преноќеал и му-ре́кал: „Нека-ви-е-жи́во де́тето, да-ви-по́растит и ко-ќа-го-же́ните да-ме-ви́кате на́-свадба, ќа-ви-ка́жа от-ке́-су.“ Му-ка́жал ке-жи́веет и си-о́шол. Де́тето ра́сло и по́расло. До́шло вре́ме да-се-же́нит и ѓу́ѓето паме́твеле што́-рекал ч́оекот и го-ви́кале на́-свадба. Ч́оекат до́шал на́-свадба и му-ре́кал на-ѓу́-ѓето: „Ја́ са́ка да-ми-посте́лите на-бу́нарон.“ Ти́е, ѓу́ѓето, му--пра́јле ц̧е́фа. „Стра́мота-е на-бу́нарот да-спи́еш, и́мат ка̑де да--ти-посте́лиме, ти́ си-ни-при́јателѓ“ – му-ве́леле. Ни́како то́ј непри́станвел и ре́кал: „Ќа-се́да са́м на-бу́нарон.“ Ѓ'уѓето се-прину́-диле и му-по́слале на-бу́нарот. Би́ле по-не́стата, ј̧е-до́несле до́ма. И младоже́нецот ле́тнал пра́о на-бу́нарот и го-го́нит прија́телот да-ста́нит о́дма. То́ј ни́како не́-станвел зошто-зна̑ел што́-е рабо́-тата. Ама то́ј, зе́тот, со-си́ла го-та́рнал од-на-бу́нарот и ско́ч́ил во-бу́нарот, се-у́дајл во́-него.

Луково

Царот и змеќарот

Би́л некој – ца́р и то́ј и́мал и́змеќар. Изме́ќарот му-пра́ел и́змет на-ца́рот и му-го-спре́мал ко́н'от ко-ќе-о́дел не́где, и ќе--му-го-да́ел в-ра̑ци на-ца́рот и ќа-му-ре́ч́ел: „На́-ти-го-ко́н'оф, ч́е́стити ца́ре!“ А ца́рот ќе-му-ре́ч́ел на-изме́ќароф да-му-ка́жит што́-е-векоф, ама-то́ј не́-зна̑ел да-му-одго̑рит на-ца́рот. И то́ј сфе́кој-па̑т ко-ќе-го-пра́шал што́-е-векот, му-у́дирал ша́мар, за-што-не́-зна̑ел да-му-ка́жит што́-е-векоф. И изме́ќароф сла́беел от-шама́рите. Некое-си-вре́ме го-пра́шал некој-ч́оек изме́ќарот: „Што́-си то́лѓку сла́п, бре-прија́теле? И то́ј му-ре́кал, изме́ќароф: „Сфе́ и́мам, ја́дам, пи́јам, а́ма – ре́кал – ца́рот ко-ќе-му-го-да́м ко́н'от и ме-пра́швет што́-е ве́кот, ја́ не́-зна̑м да-му-ка́жа и ста́л-но ме-ша́марат.“ Ч́оекот му-ре́кал: „Ја́ ќа-ти-ка́жа како-да-му́--ре́ч́иш, ќе-му-ре́ч́еш: ве́коф е-ска́ла.“ И кога-до́слугал изме́ќа-рот ту́е, му-ре́кал на-ца́рот: „Че́стити ца́ре, ќе-си-о́да, да-ми--пла́тиш те́а што-су-ти-слу́гал“. „Колѓку́-сакаш да-ти-пла́та: три́ а́спри а́рам или е́дна а́вал?“ Изме́ќарот му-ре́кал е́дна са́кат да--е-а́вал. Зе́л а́спрата и си-о́шал. И то́ј со-та́ја а́вал а́спра што--ј̧е-зе́л си-запе́ч́алил и си-о́творил о́тел, кафе́ани. Ца́рот о́д-ден на́-ден про́падал и та̑рнал не́где со-ко́н'от да-о́јт, и му-па́днал па̑тот да-по́минит са̑ ке-о́телот од-изме́ќарот. Го-ви́дел изме́ќа-

рот и го-пóзнал и-му-рéкал
-го-донéсите óвде, бǎрго.“ Тúе óтишле, го-зéле, му-го-варзале кóн’от и г-óднесле нéго, цáрот, ке-слýгата што-му-бúл. И тóј му-рéкал: „А бре-дéдо, мнóгу си-óпаднал! Ал́-пáмтиш ко-ти-бéф já тéбе слýга, ко-ми-дáваше шáмар зашто-нé-знǎеф да-ти-кáжа оти-вéкоф бил-скáла?“ Го-зéл цáрот, сéга дéдово, и го-гóстил.

Луково

Асан-ага станал султан

Бúл нéкој Асáн-ага што-го-прúкажвет. И тóј úмал сáмо една-мáјка. Úмал некој-сéдум чúвлиsи. И тáке тóј чивлúsиве éден пó-еден и-прóдал за-пúен’е (бúл пијáница), иште-двá óстајл. И-рéкал мáјке-си: „Мáјкō, да-си-и-дéлиме сéга чивлúsиве што-остáнае, зашто-já ќе-и-дóпија“. И и-дéлиле чивлúsиве, éден мáјка-му зéла, éден тóј. И-сéга и óвја го-дóпил, и-дрýгиоф, óстанал иште-тóј од-мáјка-му. И сéга се-прúбрале óбата кë-мáјка-му, и-тáке живéале до-некое-врéме. Éднаш е-рéкал мáјке-си: „Мáјкō, ќа-ми-дóзволиш – рéкал-да-нóса по-еден-чóек нá-вечер за-мýабет“. И тáја му-рéкла: „Нóси, само-по-éден“. И-тóј слéгал кëј-мóстот дóлу, кë-кафáната и-нáшал двáјца. Сéга го-вúкат éдниот да-óјт за-мýабет вéчерва. Ама-тóј сáм нé-одел, сáкал и-дрýгароф да-óјт, двáјцата да-óдет. И тóј рéши: ќе-је-мóл́а мáјка да-ми-дóзволит за-двáјцата да-и-зéмат. И-зéл, и-дóнесал обáјцата дóма. И-дóнесал дóма и-гóстиве го-прáшвет нéго (домáќинот): „Како-вǎрвите со-цáрот вáш?“ Тóј вéлит: „Мнóгу ýбō вǎрвиме, сáмо во-éдни рáбоќе нé-знǎјт дóбро да-распóредвет (А тóј бúл сýлтанот, цáрот што-го-вúквет). И-да-бúда já двáесет чéтири сǎти на-мéстото нéгō ќа-распóредам п-ýбō óд-него“. И-цáроф го-опúјанал на-Асáн-ага и-го-крéнал нá-рамо измéќароф што-бúл со-цáроф. И г-óднесал во-одáјката на-стóлот от-цáрот го-трǎтил (óстајл). Стáнале на-сабáјлето момúчките óшле да-му-пéет за-да-стáнит цáрот (како-што-му-пéеле на-царóјте пóрано. Мóмичките óделе да-и-скорúает со-пéсни). И му-пéет: „Стáни шакúцике, врéмето дóјде“. И-си-óтишле тúе, му-е-испéале пéсната и-си-óтишле. И-тóј се-рáзбудил, се-пýлил вáка и-си-вéлит: „Кóј-су já, já нé-су цáрот, туку-já-су Асáн-ага“. И-пá се-пóкират, лéгвет. И-пак úдет тúе момúчките да-му-пéет. Пáк му-пéет:

„Ста́ни шаки́ѓике, вре́мето до́јде. И-па́к си-о́дет ти́е, се-напра̄е двопа̄ти. Па́к се́га до́јдое за-треќио́т-па̄т. И ве́ќе то́га му-отво́рие вра́тата и-му-ви́кает: „Ста́ни оте-вре́мето по́мина“. И то́ј то́га ста́на, и-зе́де то́га да-распо́редвет то́ј. Им-пу́шти на-сирома́сите по-малу-па́ри, и-ма́јке-си е-пу́шти, и́-нејзе. И-по́мина вре́мето от--ца́рстото не́го̄. И-па́ го-опи́јани ца́рот и-г-о́днеса па́к во-ку́ќата не́гоа кё-ма́јка-му. И-по́сле ма́јка-му го-ско́риат: „Ста́ни, Аса́н--ага“, му-ви́кат. То́ј е-ве́лит: „Не́-су ја́ Аса́н-ага, ја́-су су́лтанот“. – „Не́, ка́коф су́лтанот, Аса́н-ага-си“. И-то́ј ви́дел оте-не́-е ца́р по́јќе.

Ѓерѓина Вељоска 64 г. (Божидар Видоески 1960)
Вид 1968 : 94–95

Нерези

Свадбен обичај

Па̄рво ќе-се-заса́кает де́тето и моми́чето. По́сле ќе-пу́штет стро́јник и-стро́јникот си-о́јт на-го́то̄, ти́е се-са́кает. И-ќе-по́јт стро́јникот кёј-та́тка-је од-моми́чкава и-по́сле ќе-го-пра́шат та́тка-је али-ќе-је-да́јт моми́чкава за-де́тето. Та́тково му-ве́лит: „Моми́чката ти-е-да́ена, си-се-са́кает ти́е дво́јца“. И-стро́јникот го-о́питвет: „Па̄рстенот кога-ќе-се́-пуштит?“ Ќе-му-ре́чит: „Воне́деѓа ми́е-сме го́тој, да-до́јш со-пе́тина ѓу́ѓе да-сва̄ршиме ра́бота“. И-ти́е во-не́деѓа се-зго́твие и-до́јдое со-пе́тина. Та́тко-је и́скочи на́двор, и-пре́чака стро́јците и-му-пу́шти ра̄ка, и-ти́е вле́гое вна̄тра, и-пре́чака ма́јка-е от-моми́чката и-му-пу́шти ра̄ка. И--ти́е се́днае на́-стол, и-ма́сата пре́д-ними и-ти́е доне́сое ба́кшеши на-не́стата: па̄рстенот, ри́за, са́пун, огле́дало, че́вли; ти́е и-пречáкае, му-да́дое ра́кија, ка́фе (се́га ло́кум да́вает). Та́тко-ја му--да́де на-стро́јциве ко́лчини, ри́зи и ко́шуѓје. Се́га за-зе́ман'ево, ти́е не́мает опреде́лено вре́ме за-ко́га да-се-зе́мает. Опреде́лиле вре́ме на-годи́ната и-је-зе́ле, напра́јле сва́дба, по́чнале сва́дбата да-је-пра́ет.

Сва́дбата се-по́чвит от-поне́лник. О́дет на-ви́кан'е по-ро́днин'е и-прија́тели со-ка́рта и-ви́но. Побрати́миве и-ви́кает со-ле́п, и́сто и ку́мот и-по́пот. И-се-по́чвет сва́дбата от-са̄бота саба́јле па-до-поне́лник. Свато́јте се-бе́рет во-са̄бота на́-вечер; во-не́деѓа саба́јле ме́сет по́гача, се-ве́селет, пе́ет, и́грает на-пога́чата. Кёј-

-ру́чек го-бри́чет зе́тот, го-пле́тет ве́нецот од-не́стата и-та̑ргет сватóјте по-не́стата. Óдет кё-не́стата и-пре́чаквет та́мо. Не́стата је-про́менвет родни́н'ето не́јзини и ќе-је-по́пратет. Је-зе́мат ју́накот по́д-ра̑ка и-си-óдет сватóјте ф-цäркоф. Та́мо ќе-и-ве́нчет по́пот, ку́мот и-побра́тимот. Си-óјт до́ма-му не́гоа со-не́стата и-сватóјте. И-пре́чаквет ку́мот, и-ста̑ркат со-ше́ќери и-пче́јнца. Си-вла́гат не́става ф-ку́ќи, óјт до́-ношти, та́му ќе-се-стра́мит. Зе́тот (ма̑жот-је) ќе-је-со́цриет не́стата (ќе-е-го-и́стајт ду́лакот). По́сле ќе-се-ве́селет, ќе-пи́ет, ќе-се-ра́двет со-не́стата. Во-двана́есет го-затво́рает зе́тот со-не́стата в-óдајка. Сабáјле ќе-ста́нит не́стата и-ќе-óдет сви́те на́-вода, ќе-им-фäрлит не́стата во́да и-ќе-им-зе́мат ра̑ка; ќе-и-да́рвет родни́н'ето од-ју́накот. По́сле ќе-че́кает родни́н'ето не́јзини и-не́гој на-ра́кија во-поне̑лникот. До-поне̑лник на́-вечер за́вäршвет сва́дбата, си-óдет прија́те̑лите. Во-че́твäрток óјт не́стата со-све́кор-је и-со-свекäрва-е на-ко́лаче, но́сет по́гача и-кола́чин'а. И-óтаде вра́штает па́ по́гача и-пога́чин'а.

Вид 1968 : 95–96

Безево

Полоушче

Би́ле еден-мäш и же́на. Ти́је си-не́мале де́ца, че́лет. Таке́ѓере ни́што е́миш си-не́мале. Óшле ке-прија́тели на́-гости. Та́му ја́ле што-ја́ле јабäлчин'а и пу́стата же́на кла́ла не́кој три́ јабäлчин'а ф-по́јас и ф-па́зуа. Кога-си-и́деле до́ма, па̑тем едното-ја́бäлко поло́јна го-и́секле и го-и́зеле. Кога-си-до́шле до́ма си-и-кла́ле јабäлчи́н'ата ф-ко́фчек и си-ле́гнале да-си-спи́јет. Ста́нвет сабáјлето, óтворат ко́фчегот да-ка̑снит од-јабäлчи́н'ата со-ма̑жа-си. А́ма пу́сто кога-отво́рила ко́фчегот што-ќе́-видит – две-де́чин'а и едно-поло́ушче. И зви́кала „мо́ре ма̑жу, до́јди да-ви́диш што́-најдоф во-са̑ндокоф мо́ј". Ви́дел ма̑жот што́-имат во-са̑ндукот и што-ќе́-прајт дру́го, токо-си-и-зе́ле до́ма де́цава. „А́ко – ве́лит ма̑жот – го́спот кога-не-ни-да́ваше е́ве се́га ни-да́де". Свите-три́ и-ка̑рстиле в-една́-вода. Е́дно Ра́јко, дру́го Сто́јко и Поло́ушче. Ра́сле, по́расле дечи́н'ава, а́ма све́дно му-и́дела ла́мјата, са́кала да-му-и-зе́мат дечи́н'ата. Голе́миот ве́лит: „Ма́јко̄, у́тре да-ми-на́готвиш една-то́рба со-ја́ден'е. Ја́ ќ-óда да-је-

-пе́ра ла́мјата“. Та́тко-му му-ве́лит: „Би́рō, ќе-ви-ла́пнит та́ја“. Не́, и-за́едно со-средниот-брат та̏рнале по-ла́мјата. Кога-о́шле во-по́лето, на́шле еден-го́едар и-му-ре́кле: „Добро́-утро, гое́даре“. „Добро́-утро, прија́тели ка̏де а́ке?“ им-ве́лит гое́дарот. „Ќ-о́јме да-пе́риме ла́мјата“, му-ве́лет дво́јцата. Гое́дарот им-ве́лит: „Ако-и-о́делите о́ние два-ју́нци што-се-бо́рет, ќе-мо́јте да-е-опе́рите ла́мјата“. Про́бале, не-мо́еле да-и-о́делет и не-и-оде́лиле ју́наците и си-о́шле. А гое́дарот им-ве́лит: „Не-мо́јте да-је-о́перите ла́мјата, ќе-ве-и́зејт“. О́дет по́преку нао́ждает о́фчари, и́-ними им-ве́лет: „Добро́-утро“. – „Добро́-утро“ – им-одгоа́рает офча́рите. „Ка̏де а́ке?“ – им-ве́лет. „О́јме да-пе́риме ла́мјата“. – „Е́ – им-ре́кле офча́рите – ако-и-оде́лите оние́-овни, ќе-се-пе́рет, ќе-мо́јте да-е-опе́рите ла́мјата“. Ти́е се-ма̏чиле, се-ма̏чиле, не-мо́еле да-и-о́делет. Офча́рите им-ре́кле дека-ќе-и-и́зејт ла́мјата. А ти́је си-та̏рнале и си-о́шле. И кога-се-прибли́жале ќе-ла́мјата и́мало една-ви́шна. Се-ка́чиле на-ви́шната да-позо́бает. И-ви́дела ќе́рката од-ла́мјата и ве́лит: „Ма́јкō, и́дет дво́јца, е́не – и, на-ви́шнана се-ка́чени“. – „Опу́ли-се и – ви́ди како-зо́бает“, је-ре́кла ма́јка-је. – „За̏рно по-за̏рно зо́бает, ма́јко“, је-ве́лит ќе́рка-је. Кога-о́шле ке-ла́мјата, та́ја си-па́лела о́гнот. Ти́је је-ве́лет „Доба́р-вечер, ла́мјо“. – „Дај-бо́г-добро, прија́тели“, ве́лит ла́мјата и им-ре́кла: „Ду́ните во-о́гноф, не́-мога да-си-го-за́пала“. Се-на́вали поста́риот да-ду́ет на-о́гнот и та́ја го-га̏лтнала. Дру́гиот се-у́плашил и по́чнал да-бе́гат, а́ма и́-него ве́днаш го-га̏лтнала. Че́кајет та́тково и ма́јкава три́-дена, и-не́мат да-до́јдет. И ве́лит Полоу́шчево „У́тре ме́не ќе-ме-спре́мате“. Та́тко-му му-ве́лит: „Не́мој, си́не, не́мој, а́ко си-ми-поло́ушче, со́-тебе ќе-се-ра́двеме во-ку́ќава на́ша“. А́ма Полоу́шчето о́тишло. Кога-о́шал ке-гове́дарот ју́наците о́дма и-о́делил. Кога-о́шал по́сле ке-о́фчарот, и-о́вните и-о́делил. И о́фчарот му-ре́кал: „Ќе-би́дит не́што о́т-тебе“. Кога-о́шал на-ви́шната и́-тој се-ка́чил да-по́зобат. Ѝ-ве́лит ќе́рката на-ла́мјата: „Ка́чен-је еден-чо́ек на-ви́шнана, ма́јкō, и ми́шки ка̏ршит от-што-ла́пат“. А ма́јка-је се-упла́шила. И то́ј сле́гал и о́тишал ке-ла́мјата. И́-нему ла́мјата му-ре́кла да-ду́нит в-о́гнот. „Не́ – велит Полоу́шчето – са́ма ќе-си-го-за́палиш. Го́стин та́ке не-се́-чекат“. И кога-се-нава́лила та́ја, то́ј је-фа́тил за́-шија и је-ре́кал: „А́јде и́збА̏лвај дру́гите дво́јца“. И ла́мјата го-избА̏лвала па̏рво поста́риот. По́сле и̏-ре́кал: „А́јде се́га дру́гиот“. И-дру́гиот го-избА̏лвала. Е по́сле је-сте́гнал у́бō по́т-кон'а. Ќе́рка-је-је-зе́л на́-кон'а и си-та̏ргат до́ма. Бра́ќа-му си-и-зе́л со́-него. И офча́рите, и-гоеда́рите се-почу́дите кога-и-

ви́деле оти-се-вра́штает. И си-до́шал крај-по́ртите и-чу́кат, и-тро́пат. „Ко́ј-си ти“ – му-ве́лит ма́јка-му. То́ј ве́лит: „Отво́ри-ми, ма́јко, ја́-су си́н-ти Поло́ушче“. Кога-отво́рила ма́јка-му се-изра́двaa. Ла́мјата је-растоа́риле со-та́тко-му. А ќе́рката од-ла́мјата си-је-зе́л за-же́на и си-пра́еле го́збии и го́сти. Бра́ќава му-ве́лет: „Све́-је-тво́је, зашто-ни-курту́лиса да-живе́еме“. Та́ке Полоу́шчето и-спа́сило, и-куртули́сало бра́ќа-си од-ла́мјата.

Селце

Си-би́ла една-же́на...

Си-би́ла една-же́на и не́мала ни́едно де́те, а прет-ку́ќата от-та́ја же́на би́ла една-јабо́лкница од не́која дру́га же́на. Кога-је-бе́реле јаболкни́цата, на-о́ваа же́нава је-да́ле пе́т ја́болка, и је ре́кле: „Д-и-чу́ваш до-в-го́дина; ќа-се-сто́рет пе́т де́ца“. И-о́ва̄ же́нава ји-зе́ла јабо́лката и ји-чу́вала. А́ма је́днош је-се-сја́ло ја́болко, и та́ја зе́ла едно-ја́болко и поло́јната го-и́зела, а поло́јната го-оста́јила. Ко-до́шла годи́ната, го-откли́учила са́ндакот и на́шла пе́т-деца, че́тири це́ли де́ца, а је́дно поло́јна. И ти́је де́ца ко̄-по́раснале, па̄рвото ре́кло: „Ја́ ќ-о́да да-је-о́пера ла́мјата“. И о́шло. И оде́јешчи на́шло не́који о́вчари и ти́је го-пра́шале: „Ко́-де о́јш?“ Те́ја им-ре́кло: „Ке-ла́мјата да-је-о́перам“. Ти́је му-ре́кле: „Ако-мо́јш да-и́спијеш де́вет ко́бли мле́ко, ќа-је-о́периш ла́мјата; ако-не-и́спијеш, не-ќа́-мојш да-је-о́периш“. И му-да́ле де́вет ко́бли мле́ко да-ји-и́спијет, ама-то́ј не́-моел да-ји-и́спијет, и ре́-кол: „А́ко не́-можа да-ји-и́спија! Ќ-о́дам“. И о́шло и по́сле на́шло једни-крава́рчин'а, и ти́је му-ре́кле: „Ќе́-ојш?“ – „Ќе-ла́мјата да-је-о́перам“. Крава́рите му-ре́кле: „Ако-мо́јш да-ји-о́делиш о́вије два́ ју́нца шчо-се-бу́цајет, ќа-је-о́периш ла́мјата“. И то́ј не́-моел да-ји-о́делит, и па́к о́шол ке-ла́мјата. И та́му ко̄-о́шол, се-ка́чил на-че́решна и ла́јало ку́чето од-ла́мјата и и́злегла ќе́рка-је, и је-ре́кла: „Йдет једен-ју́нак!“ Ла́мјата је-ре́кла: „Ко́де-је?“ – „На-че́решна, ја́дит, че́решни“. – „Како́-јадит? Че́решна по-че́решна, али ки́чер по-ки́чер?“ Та́ја је-ре́кла: „Ки́чер по-ки́чер“. – „Не́мам га́јле“ је-ре́кла ла́мјата. По́сле де́тево се-ка́чило на-кру́ша, а ла́мјата је-пра́шало: „Како́-јајт: кру́ша по-кру́ша, али-фе́лче по-фе́лче?“ Ќе́рка-је ре́кла: „Кру́ша по-кру́ша“. – „Не́мам га́јле“. И по́сле сле́гол ју́накот и о́шол на-вра́тата од-ла́мјата и ви́кнал: „Йзлези на́-врата!“ Та́ја му-ре́кла: „Вле́зи ти́ вно́-

тра!“ И тóј влéгол и лáмјата го-óпрала. Пóсле óшол дрýгијот брáт, ама и́-него лáмјата го-óпрала. Пóсле óшол и трéќијот и четвăртијот брáт, ама и́-ниф лáмјата ји-óпрала. Пéтијот брáт шчо-би́л полóјна, ко-óшол ке-овчáрите, ји-и́спил дéвет кóбли млéко, и пáк óшол и дóшол ке-краварчи́н'ата, и ти́је му-рéкле: „Ако-мóјш да ји-óделиш óвије јýнци, ќа-је-óпериш лáмјата“. И тóј ји-óделил и óшол ке-лáмјата и се-кáчил на-чéрешна. Кýчето слáјало и ќéрка-је и́злегла и је-рéкла: „И́мат еден-јýнак на-чéрешна“. – „Какó-јајт? Чéрешна по-чéрешна, али ки́чер по-ки́чер?“ – „Чéрешна по-чéрешна јáјт“. Лáмјата је-рéкла: „Ќéрко, ми-је-стрáф!“ И пóсле се-кáчил на-крýша, и лáмјата је-прáшала на-ќéрка-је: „Какó-јајт? Крýша по-крýша, али-фéлче по-фéлче?“ Ќéрка-је рéкла: „Фéлче по-фéлче“. Лáмјата је-рéкла: „Ќéрко, ми-је-стрáф!“ И јýнакот слéгол дóлу и óшол на-врáтата и рéкол: „И́злези нáдвор!“ Лáмјата му-рéкла: „Влéзи ти́ внóтре!“ И тóј влéгол и ја-óпрал на-лáмјата.

Локов

Тројца брака

Едно-врéме си-би́ле трóјца брáќа. Постáриот и стрéдниот од-брáќата се-жéнале и си-го-подéлиле сéто и́ман'е, а на-помáлиот брáт не-му-óстајле ни́шќо от-таткóјната. И ви́дел, нé-видел, помалиót-брат тăргнал да-бáрат стрéќа. Тáке óдел, óдел и дóшол во-ен-грáт. Тýје, пáк, во-грáдот и́мало еден-цáр шо-би́л мнóгу бóгат. Цáрот и́мал една-ќéрка шо-би́ла мнóгу ли́чна. Áрно-ама на-крáјот од-грáдот живéела една-лáмѓа. Лáмѓата и́мала три́ глáј. Тáја сéкој-ден јáдела по-една-мóмичка. Кō-дóшол рéт за-јáден'е на-моми́чката – ќéрката от-цáрот, цáрот нáредил сéгде да-се-нáредет цăрни знáмин'а. Дéтето кō-влéгло во-грáдот, вéднош прáшало за-знами́н'ата цăрни шо-би́ле нареде́ни из-грáдот. Некој-ли́ѓе му-кáжале за-лáмѓата и за-тéја оти-и́ќе три́-дена и трéбит да-ј̇е-дáј̇ет ќéрката от-цáрот. Дéтето ни-пéт-ни-шéс, óшло ке-лáмѓата. Тáја тóга би́ла навáлена да-пи́јет вóда. И кō-шо-би́ла навáлена, со-сáбѓата и и́секло три́те глáј и и-клáло ф-тóрба. Тýје се-згóдил еден – Éѓуптин и с-ýтрчал ке-цáрот и се-пóфалил оту-тóј е-óпрал лáмѓата. Цáрот се-и́зрадвел и рéшил да-му-е-дáјт на-Éѓуптинот ќéрката за-жéна. И тáке ке-цáрот пóчнала свáдбата. Си́те се-весéлеле до-немáј-каде. Áрно-ама бáш ко-

-тăргвел Éѓуптинот со-невéстата да-се-вéнчајет, дéтето влéгло во-двóрот. Сúте свáтој се-растăргале ке-шо-го-вúделе искăрвáјено. Óшло ке-цáрот и му-рéкло: „Чéстити цáре, јá е-óправ лáмѓата и је-спáсиф ќéрка-ти!“ Цáрот нé-вервел, ама кō-и-вúдел глáјте во-тóрбата, тóга пóвервал. Éѓýптинот кō-вúдел пóбегнал, а тóга цáрот нáместо на-Еѓýптинот ќéрката му-е-дáл на-дéтето. Тáке помáлиот брáт стáнал цáрски зéт.

Спаса Шукреска (Богоја Јоноски 1967)
Вид 1968 : 83–84

Локов

Маш и жена

Си-бúле ен-мáш и една-жéна. Тúјe си-úмале ен-сúн. Сúнот ко-им-пóрастел, тúјe го-свăршиле и го-жéнале. Невéстата шќо-е-дóнесле во-кýќата óтпăрво ýбō си-рабóтала и го-слýшала свéкарот и свекăрвата. Úсто тáке и сúнот ýбō си-и-глéдал тáткото и мáјката. Áрно-ама стáрите кō-остáреле ишќе-пóјќе, пóчнале да-јóчет и да-плýвает сéкаде. Кō-ќе-јáделе, се-лигáјеле. Од-лигáјнците нúмни е-бúло мăрза на-невéстата. И тáја го-нагобрила мáжот да-им-тýрвејет нáстарна. И тáке пóчнале да-им-дáвајет од-јадéн'ето óднасе во-едно-кóпанче. Вáке прáјеле: напóлни-го копáнчето и подáј-им-го во-кóшето. Нимнотó-дете и-вúдело шó-прает тáтко-му и мáјка-му, и тéја зéло нóш и пóчнало да-дéлкат едно-дăрво. Тóга мáјка-му го-опúтала: „Зошќó-ти-је тејá-дăрво шо-го-дéлкаш?“ „Прā кóпанче – рéкло дéтето – кō-ќа-óстарите тú и тáте ќе-ви-дáва да-јáјте вó-него, како-шо-им-дăте дéдоје и бáбе сéга!“ Тóга мáжот и жéната си-се-опýлиле в-óчи еден-з-дрýгиот и се-застрáмиле. Од-другиót-ден пóчнале да-ивúкает и стáрите да-јáдет зáедно сó-ними на-сóфрата.

Локов

Мачурокот и врапчин'ата

Éднош еден-мáчурок и-вúдел ѓýѓето ке-шќо-рáнет свúн'и за-да-се-здéбелет. И рéшил úј-тој да-и-рáнит врапчúн'ата за-да-и-здéбелит. Úзлегол нáдвор и кóлку шо-го-глáсој дăржет пóч-

нал да-ви́кат: „Вра́пчин'а, вра́пчин'а, е́лате ке-ме́не, о́тсега се́-едно ќа-ви-да́ва ко́лку шо-са́кате!“ Ви́кал и ра́сфӑрлал зӑрна из-дво́рот. А́рно-ама вра́пците у́бо̄ го-пози́нале мачу́рокот и--знӑеле шо-и́-чекат. Не-сле́гвеле од-дӑрвото. Шо́м ќа-се-ода́-лечел мачу́рокот ти́ʲе сле́гале и клу́кале, а ко̄-ќа-се-за́враќал, па́к бе́гале. Та́ке ране́ешќи-се врапчи́н'ата се-здебе́лиле. По-не-ко́лку де́на мачу́рокот па́к и-ви́дел лу́ѓето ке́-шќо-и-че́шаʲет праси́н'ата, та-и́-тој по́чнал да-им-ви́кат на-врапчи́н'ата: „Вра́п-чин'а, вра́пчин'а, за́ш бе́гате о́д-мене? Е́лате да-ве-по́чешам и да--ви-и-и́стресам перду́јте от-пра́фта! Е́не, опули́те-се и лу́ѓено та́ке им-пра́јет на-праси́н'ана!“ „Е мо́ре, ма́чурче – ре́кле врапчи́-н'ата – да знӑет праси́н'ата за́шќо о́нолку чу́до и-гле́даʲет лу́ѓено и́-тиʲе како-на́с ќе-им-избе́гаʲет.

Збажди

Плашливецот јунак

Кога-бе́ф од-о́сом до-де́сет го́дини о́тидоф да-се-гла́вам не́каде и стре́тоф еден-чо́ек ста́р на́-пӑт и-ме-о́пита: „Каде́-одиш, бре-де́те?“ Ја́ му-ре́коф: „О́да да-се-гла́ва не́где“. И-ста́риот му--ре́че: „Е́ла кӑде-ме́не за-о́вчар да-па́сиш пе́десет бра́ви“. И ја́ о́тидоф. И-зе́доф бра́вите да-и-па́са. Зе́доф една-се́кира со́-мене и-се-ка́чиф на-еден-дӑп и-им-се́ча на-ко́зите да-ја́дет. Ми-па́дна секи́рата од-на́-дӑп и-сле́гоф да-је-ба́ра. Не́-моеф да-је-на́јда и--је-за́палиф шу́мата и-изго́ре̄ ко́зите, си́те изго́ре̄ и ја́ ле́тнаф да--бе́гам да-не-ме-на́јдит ста́риот да-ме-о́перит. На́јдоф еден-дру́ги чо́ек ста́р и-ме-пра́ша: „Кӑде́-одиш, бре-де́те?“ Ја́ му-рекоф: „О́да да-се-гла́ва“. И то́ј ми-ре́че: „Е́ла ќа-те́раш едно-ма́гаре дӑрва“. Го-зе́доф мага́рето и-о́тидоф да-бе́ра дӑрва, го-вӑрзаф до-една-ре́ка за-едно-дӑрво и-го-се́чам дӑрвото в-гӑзер. Па́дна дӑрвото во-ре́ката и-го-по́влече мага́рето, с-у́дај мага́рето. И о́ттуе по́чнаф да-бе́гам оту-с-у́дај мага́рето на́-пӑт да-не-ме-на́јт ста́риот. На́јдоф на-пӑт едни-тӑпа́нцӣ и-му-ре́коф: „Да́ј-ми-го тӑпанот да-го-по́неса“. И-ми-го-да́де тӑпанот да-го-но́са. О́диме за́едно покрај-една-ре́ка и-до́јдовме до-една-воде́јнца и-му-се--скри́ф, тӑпанот му-го-зе́доф и-о́станаф но́ќта да-спи́ја во-во-де́јнцата. До-после-по́лноќ до́јде ме́чката ту́е да-ја́дит, да-ли́жит околу-ка́менот. Ја́ бе́ф во-ко́шот и ја́ се-у́плашиф и-по́чнаф да--тӑпа на-тӑпанот и-ме́чката по́чна да-и́грат. Во-зо́рата вӑрвеја

два́јца сто́мнари и-ме́чката ја́ је-спла́шиф о́днатра и-ме́чката о́дма и́злезе на́двор и му-и-спла́ши ко́ните на-стомна́рите и-сто́мните с-искӑршија си́те. И-до́јде сто́мнарот кӑде-ме́не да-се-ка́рат: „За́што – ви́кат – ми-и-скӑршифте сто́мните со-ме́чката?“ Ја́ му-ве́ла̄м: „А-за́што ти́ ми-је-пу́шти ме́чката?“ И-та́ка се-спа́сиф да-и-не́-плаќа сто́мните.

Цветко Карадакоски 40 г. (Божидар Видоески)
Вид 1968 : 83

Збажди

Авал пари

Си-би́ло едно-о́фчарче. Те́ја би́ло гла́вено за-и́змеќар ке-еден-бо́гат се́ла̄нец. На-крај-го́дина ко̄-тре́бело да-си-о́јт измеќа́рчето, га́здата г-о́питал: „Што́-сакаш да-ти-дӑ-три́-пари а́вал или три́ʲесет а́рам?“ Де́тето ре́кло оту-са́кат три́-пари а́вал. И тӑргнало да-си-о́јт. О́дело та́ке де́тето, о́дело и стре́тнало едни-де́ца. Де́цата мӑле со-ка́мен'а на-една-зми́ја. На-де́тето му-се-сожа́лило и им-ре́кло: „Ќе-ви-дӑ една-па́ра ако-ʲе-пу́штите зми́јата“. Де́цата је-пу́штиле зми́јата и си-о́шле со-па́рата. Де́тето са́кало да-си-о́јт, ама зми́јата му-ре́кла: „Ти́ пошто-ме-спа́си, е́ла се́га со́-мене!“ И тӑргнале. Зми́јата о́дела по́напрет, а де́тето по-но́дsади. О́деле, о́деле и о́шле ке-змија́рникот. То́га си́те зми́ с-утя̆рчале по-де́тето за-да-го-и́зеʲет. А́ма таја́-змија шо-би́ла со́-него го-одбра́нила. Та́ја им-ка́жала на-зми́те се́ што-би́ло и како́-било. Ко̄-го-пу́штиле да-си-о́јт де́тето до́ма, му-да́ле едно-зла́тно пӑрстенче и му-ре́кле: „Ко̄-ќа-би́ш на-мӑка, кла́ј-го пӑрсте́нчево под-јӑзикот и шо-ќе-по́сакаш са́мо ќе-ти-до́јт!“ Та́ка де́тето со-пӑрсте́нчето си-о́шло до́ма. Е́-ка́жвело на-ма́јка-му за-се́ шо-му-се-стре́фило на-пӑтот. Не́мало што-да́-јадит и ма́јка-му-ре́кла: „Си́нко, не́мат што-да-ја́јме!“ Де́тето се-распла́кало. А́рно-ама по́сле му-се-фте́кнало за-пӑрсте́нчето, го-кла́ло под-јӑзикот и поми́слило да-му-да́јт една-со́фра со-�́убаи ја́ден'а. И само-што-се-поми́слило и јаде́н'ата до́шле. Та́ка по́сле де́тето се́когаш ко̄-ќа-поса́кало не́што да-и́мат, го-ре́дело пӑрсте́нчето под-јӑзикот и те́ја му-и́дело. И се́ та́ка. Де́тето мно́гу се-збога́тило и те́ја со-ма́јка-му си-живе́ело стре́ќно.

Збажди

За лисицата

Една-ли́сица на́шла едно-ко́шаре по́лно со-ме́т. Ја́ла, ја́ла и се-на́јала. Откō-се-на́јала, го-преве́ртала и го-растѐркáлáла ф-тра́п. Оде́ʲешти стре́тила еден-во́лк. Та́ја би́ла преја́дена и не-мо́ела ве́ќе-д-о́јт, за́тē му-ре́кла на-во́лкот: „Во́лчо, мно́гу су-бо́лна. Кле́кни да-ти-се-ка́ча и одне́си-ме до́-дома“. Во́лкот кле́кнал и та́ја му-се-ка́чила. Пошто-би́ла преја́дена и ме́от е-бо́лел, та̄ по́чнала да-јо́чит: „О́ф, бо́лен здра́ф но́сит! О́ф, бо́лен здра́ф но́сит!“ А во́лкот би́л то́лку про́с што-не́-зна̄ел кога-јо́чит лиси́цата што́-велит. И та́ке ʲе-о́днесол дур-до-ду́пката. Та́ка лиси́цата де́нта со-шере́тштина се-на́јала ме́т и го-изма̄мила во́лкот да-ʲе-до́носит до́-дома.

Присовјани

Ло̀шата ма̄штеја

Си-би́л еден-ма̄ш и една-же́на. Ти́је и́мале две-де́чин'а. Е́дното би́ло ма̄шко, а дру́гото же́нско. Же́ната се-разбо́лела и у́мрела. Де́цата оста́нале сиро́чин'а. Та́тко-им се-пре́женил и ма̄ште́јата мно́гу и-би́ела. Еден-де́н де́цата се-догово́риле да-избе́гает не́каде. И та́ке скро́иле ва́коф пла́н: моми́чето кога-ќа-се-че́шлат, бра́тчето-да-го-гра́бнит че́шелот и да-бе́гат, а та́ја ќа-та̄рчат по́-него.

Како-што-ре́кле та́ке напра́јле. Избе́гале од-до́ма и се-изгу́биле ф-пла́нина. До́лго вре́ме о́деле нис-плани́ната. Едно-вре́ме на-де́тето му-се-спи́ло во́да. Те́ја ви́дело на-па̄тот една-тра́га по́лна со-во́да, се-наве́днало да-се-на́пијет, ама-се́стра-му не-г-оста́јла да-пи́јет веле́ешти: „Не́мој, бра́те, да-пи́јеш, зашто-ќа-се-пре́твориш о-sве́р“. Де́тето е-послу́шало и продо́лжиле да-о́дет пона́таму. Де́тето па́к ви́дело тра̄га и се-нава́лило да-пи́јет. Се́стра-му па́к не-го-оста́јла да-пи́јет. На-третио́т-па̄т те́ја се-скри́ло и се-на́пило во́да от-тра̄гата на-некој-е́лен и о́дма се-претво́рило во-е́лен. Мо́мичето цело́-време пла́чело, пла́чело, ама-ни́што не-му-помо́гнало. Еле́нчето о́дело по́-неја. Та́ка сти́гнале до-некоје-да̄рво. Мо́мичето се-ка́чило на-да̄рвото, а еле́нчето оста́нало до́лу. Под-да̄рвото и́мало во́да ка̄де-и-но́селе слу́гите ко́н'ите от-ца́рот да-пи́јет. Едно-у́тро слу́гите до́шле та́-

му и-е-ви́деле девójката гóре. Дóлго врéме је-ви́кале да-слéзит, ама-тáја не-слéгвела. Тáке дóшле до-цáрот и сé-му-раскáжале. Тój ви́кнал една-жéна, је-рáскажал свé за-девójката и је-рéкол: „Ти́ зéмај една-чéрепна, пójди под-дăрвото, зáпали óгон и рéди-ја черéпната однóпаку. Девójката ќа-ти-пóкáжвет одóзгора какó-требит да-е-нáместиш черéпната, а ти́ прáј-се оту-нé-гледаш и ви́кни-ја да-ти-пóможит. Штóм ќа-слéзит, ми́је ќа-е-фáтиме.“ Како-што-рéкле, тáка напрáјле. Девójката слéгла, а ти́је је-фáтиле и цáрот си-е-зéл за-жéна. Елéнчето-пак ловци́те г-óпрале и го-и́зеле. Не-поми́нало мнóгу врéме, а жéна-му на-цáрот рóдила двé ли́чни дéчин'а со-злáтни кóси. Măштејата кога-рáзбрала, зéла едно-кýче и едно-мáче, и-пóвила и дóшла ке-ќéрка-је. Мáчето и кýчето и-клáла во-лелáјката, а дéцата и-фăрлила пó-вода. Цáрот кога-ви́дел што-му-рóдила жéна-му, е-вăрзал и е-зáтворил со-кучи́н'ата. Не-поми́нало мнóгу врéме, кога-нéкој от-слýгите и-нáшол жи́ви дéцата. Тóгаш цáрот е-óдвăрзал жéна-му, а на-нејзинотó-место е-вăрзал măштéјата и тáке măштéјата го-дóбила заслужéното.

Стефанка Трајкоска (Душан Усовиќ 1966)
Вид 1968 : 84

ВЕВЧАНСКО-РАДОШКИ ГОВОР

Вевчани

Имало и побудали

Би́ле мајка-и́-ќерка. Ќéркава би́ла трýдна. И́мале скéпар на-пóлица клáјно и-плáчеле сéкој-ден, си-ми́слеле: ќа-се-рóдит дéте, ќа-пáднит скéпарот и-ќа-го-óперит дéтето. Дóшол зéтоф и-нáшол кăј-плáчет. И-óпитвит: „Што-плáчете? И-ти́је му-кáжвет оту-скéпарот ќа-пáднит и-ќа-г-óперит дéтето. Тój се-зáчудил, нéмал што-да-и́м-прајт, се-чýдил дáл' д-и-би́јет али-нé. „Сéфте — рéкол — ќ-óда да-бáра побýдали óд-ними и-ако-нáјда не-и́-бија“. Óдел, óдел, и-нáшол трójца брáќа напрáјле кýќа бес-пéнцере, внăтре тéмница. Ти́је зéле кóшници д-ј-и́спăдет темни́цава. Тój им-вéлит: „Што-прáјте, бре-дрýгари, тáка?“ И-ти́је му-рéкле: „Да-ј-истáјме темни́цава“. Тóга тój им-рéкол: „Јá-ќа-ви-

-је-и́ста̄ темни́цава, што-ќа-ми-да́јете?“ Ти́је му-ре́кле: „Колку́-пари са́каш, ќа-ти-да́јме, са́мо да-ј-и́стајш темни́цава“. И-та́ка то́ј се-за́прегнал, ду́пи ва́мо, ду́пи та́му и на́прајл пе́нцери и-им-до́шло ви́дело. „Ќ-о́да — ре́кол — ќа-ба́ра у́ште да-ви́да“. О́дел по́така, на́шол два́јца бра́ќа кај-во́зет гре́да; фпре́гнале пе́тел и-ма́чорок, ама-ни́како не́-може́т ти́је да-по́мардне́т. То́ј им-ре́кол: „Што-пра́јте ва́ка, бре-дру́гари?“ — „Је-во́зиме гре́дава“ - му-ре́кле ти́је. — „До́бро — ре́кол — мо́же́т о́вје ва́ка да-ј-и́стäргет?“ „А́ту што-да-пра́јме — ре́кле ти́је-, како-да-ј-одне́симе?“ — „Ја́ ќа-ви-је-о́днеса, колку́-пари ќа-ми-да́јте?“ И-се-спого́диле. Ту́ркај, та̄ргај, ту́ркај, та̄ргај, им-ј-о́днесол гре́дата, па́рите им-зе́л и-за́минал. Се-вра́тил до́ма и-же́ните не-и́-гибал.

Вевчани

Ленивата станува работница

Си-би́ла некоја-де́војка, је-би́ло ле́н да-ра́ботат. До́шле стро́јници да-је-строја́ве̄т (са́ке̄т). Ма́јка-је ре́кла: „Не́-је за-во-чужда́-куќа“. Ју́накот ре́кол оту ако-не́-је за-во-чужда́ куќа „да́ј-ми-је ме́не“. И-та́ка ти́је му-је-да́ле моми́чкава. Ста́нал то́ј, ки́нисал да-ојт на-о́раѓе и-му-ре́кол на-ста́пот: „Ста́пӯ, да-ми-до́јнциш де́нцка ру́чек, оту-ако-не-до́јнциш, ќа-те-ка̄рша от-пле́штине на-не́стана“. И-та́ка то́ј до́јди од-о́раѓе, фа́ти-го ста́пот и-у́дри от-пле́штите од-не́стата, оту-не-до́јнцол ру́чек. Е́днуш, два́-по̀те та́ке, и-ре́кла не́стата: ста́пов не́-ојт што-не́-ојт да-но́сит ру́чек, туку-да-ста́на д’о́да ја́, оту-ќа-ме-би́јет па́к. По́сле фа́тила та́ја да-ра́ботат мно́гу.

Мали Влаі

Лошата свекärва

Една-де́војка би́ла да́леку ма̄жена. Би́ла ло́ша мно́гу свека̄рвата и-све́корот. Ле́п не-је-да́вале и-мно́гу је-те́рале да-ра́ботат, и-но́ќе. Дур-да-се́днела та́ја, све́коров и-свека̄рвава ќе-ре́кле: „А́јде, не́сто̄, кре́ни се́га“. И-на́-вечер ќа-је-ре́кле: „Сукни́-колач, та-ле́гни-си“! Фа́тила да-сла́бејт. Бра́ќа-је ре́кле: да-ви́диме што-је́-слаба се́стра-ни. И-та́ка ти́ʲе о́тишле. Ста́виле да-

-ја́дет. На-вече́рава ка̄́снале све́корот и-свека̄́рвата два-три-па̄́та и-ре́кле: „Кре́ни, не́сто̄, ни́ʲе наја́дени, прија́тели у́ште понаја́дени“. Оста́нале без-ја́ден'е и-бра́ќава и-се́стра-им. А-ста́рците но́ќе ста́нвеле за-да-ја́дет. Другата́-вечер би́л само-фто́риоф бра́т и-ти́ʲе па́к та́ка, и-па́к о́станал гла́ден. По́сле о́тишол само--тре́ќиоф, најма́лиоф бра́т. Й-нему и́сто та́ка му-ве́лет. А́рно то́ј ре́кол: „Не́, не́, ја́ не́-су у́ште на́јаден; ја́ди и-ти́, се́стро̄ — ре́кол — ја́-ї-ти не́-сме у́ште наја́дени. Сва́тов и-сва́ќава ако-се-наја́дени, нек-се-та̄́ргет“. И-та́ка ста́рите се-на́шле стра́мни и-се--та̄́ргнале. По́сле бра́тоф ре́кол: „Ме́не да-ми-посте́лете на́-ношви, ме-ја́дет ба̄́лви“. Ста́нале ста́рциве но́ќта да-ја́дет, како-се́-ко̄ј-па̄́т. Ста́риоф ве́лит: „Же́но̄, ми-се-ја́јт“. — Што-да-ти́-пра̄́ — му-ве́лит же́нава — ле́п не-мо́јме да-зе́јме“. — „О́ди за́меси едно-кра́вајче — ве́лит то́ј — и-кла́ј-го да-се-пе́чит, ќа-ка̄́сниме оба́јцата“. То́ј (бра́тоф) им-се-пу́лит из-ра̄́бот од-гу́ната и-ско́кнал од-на́-ношви. „Сва́тӯ, сва́ќе̄ — им-ве́лит — ло́ш со́н ви́доф. Та́тко на́соне нѐ-де́леше (фа́тил из-о́гнот и-по́кажвит) ва́ка нѐ--де́леше“ и-им-го-на́прајл крава́јчето пу́здера ис-пе́пелта. „А́рно па́к ми-се-ја́јт, што-да́-пра̄ се́га?“ — је-ве́лит ста́рецот. „Ма́лчи, пу́кни — му-ве́лит ста́рата — и́-мене ми-се-ја́јт, ама-што-да́-пра̄“. „Ста́ни кла́ј-го ко́тлено на́-огон да-напра́јме питу́лица да-ја́јме“. То́ј (бра́тоф од-не́става, па́к им-се-пу́лел и́з-ра̄́каф от-гу́нава. Кога-го-кла́ле ко́тлето на́-оган, и-то́ј ста́нал. „Ме-ја́дет ба̄́лви мно́гу“ — ве́лит то́ј; и ста́нал и-сту́рнал га́штите, и-сте́гнал ф-ко́тле кашто-би́ле петули́ците“. И та́ке све-и́мале ко́тле - ре́кол — ба́ре да-сӣ-по́пара га́штиве“. И-па́к на-ста́риве им-се--ја́јт. Ста́рата му-ве́лит на-ста́риоф: „О́ди во-ба́фчана во-зе́лјено да-ја́јш од-зе́л'кине“. И-то́ј о́тишол, а-бра́тоф и-ви́дел и-ле́тнал „Сва́тӯ, сва́ќе̄, ви-г-и́зеде во́л зе́лјето“. И-зе́л еден-ста́п, та-г--о́прал сва́тот.

МАЛОРЕКАНСКИ (ГАЛИЧКИ) ГОВОР

Галичник

Како се правит кашкавал

Кога-ќа-го-и́змлзет мле́кото, ќа-го-и́сцедит во-една-ка́ца и--ќа-му-кла́ет ма́ја да-се-по́тсирит. Штом-ќа-се-по́тсирит, ќа-го--це́дит и-ќа-го-кла́ет на́-тезгаф во-це́дило и-ќа-му-кла́ет о́згора

те́шко, за-да-се-и́сцедит у́баво. Ако-се-ра́ботат на́место, ќа-му-го-пре́дает на-ма́јсторот шо-го-пра́вит кашка́валот. Ма́јстороф ќа-го-пре́гледат сире́н'ето, ал́-је-фта́сано за-да-се-пра́вит ка́шка-вал. Ако-је-фта́сано, ќа-го-изле́жает во-корито и-ќа-го-ре́дит во-ко́шници и-со-се́ ко́шница ќа-го-ва́рит во-ка́зан врена́-вода за--да-се-сто́рит како-те́сто. О́туј го-изва́ѓает, го-ре́дит на́-тезгаф, го-ме́сит и-го-пра́вит како-со́муни и-го-ре́дит во-ка́лапи за-да-се--сто́рит кра́вајче. И-таке-сто́ит два́есет и-че́тири са́ати во-кала́пите за-да-се-здра́вит. По́сле го-изва́ѓает от-кала́пите и го-со́лит по́-мрва и-по́сле се́кој-ден го-потсо́лу́вает и-го-ре́дит едно-на́--друго та́ке се́кој-ден дур-да-се-сто́рит се́дом кра́ваи едно-на́--друго. Кога-ќа-се-по́солит у́баво, го-ми́ет со-студена́-вода и-го--фрча и-го-суреду́вает едно-по́-едно, за-да-се-и́сушит. Кога-ќа--се-и́сушит, па́к го-собе́ру́вает и-го-наре́ду́вает едно-на́-друго по--се́дом кра́ваи. Кога-ќа-до́јет вре́мето за-кре́ван'е (о́колу Кр́стовден) го-бе́рет во-вре́ќи, по-два-де́нга во-една́-вреќа, ја-соши́вает и-ја-врзу́вает со-јо́же. И-та́ке је-го́тов за-кре́ван'е.

Го-но́сит со-ко́ли до-Го́стивар, а-от-ту́јека го-това́рает в--желе́зница и-го-пра́ќает до́-Солун. Со́-него о́дит и-тргóвците да--го-прода́вает како-ќа-на́ет. Не́когаш уше-на́-место го-прода́вает то́птан, а-не́когаш-пак по-не́колку вре́ќи. Ако-не-им-се-про́дает и-и-фа́ти ле́то, за-да-не-се-ра́сипет од-горе́шчина го-кла́вает во--Со́лун во-буза́ана. О́вије го́дин'е кашка́валоф најпо́веќе го-ја́деле на́ши лу́ѓе шо-се-во-Аме́рика, се-но́сел и-во-Е́гипет, во-Скенде́рија, за́шчо го-ја́дет и-Ара́пите.

Росоки

Момиче и мртовец

Си-би́ле еден-мо́ш и една-же́на и си-и́мале едно-мо́миче. Моми́чето ќа-ста́нело на́-утро, ќа-се-изми́ело, ишче́шлало и ќа--по́ело на-че́шма да-цр́пит во́да. Та́мо изле́гло едно-пи́ле, му--фрлало една-ки́тка цве́ќе и му-ве́лело: „Мо́миче, а моми́ченце, шо-се́-токмиш то́лку чу́да? Да-зно́јеш шо-та́ксират и́маш ти́! Четири́јесет и-еден-де́н ќа-чу́ваш еден-мр́товец". Та́ке се́кој-ден, кога-о́дело моми́чето на́-вода, пи́лето му-фрлало ки́тка цве́ќе и му-и-ве́лело се́ тије-збо́рови. Моми́чето је-ка́жуват ма́јке-си: „Ма́мо, мори-ма́мо, се́кој-пот, кога-о́да на́-чешма, изле́зуват едно-пи́ле, ми-фрлу́ват една-ки́тка цве́ќе и ми-ве́лит: „Мо́миче,

а моми́ченце, да-зно́јеш шо-та́ксират и́маш да-тр̑гаш ти́! Четири́-јесет и-еден-де́н ќа-чу́ваш еден-мр̑товец". Се-почу́диле та́тко-му и ма́јка-му и ре́кле: „А́јде да-ста́неме о́довде и да-бе́гаме во-некоја-го́ра не́знојна". И кини́сале. О́деле, о́деле, о́деле мно́гу да́леку ве́ќе и-на́шле една-го́ра и една-цр̑ква ту́је. Ре́кло моми́чето: „Ма́мо, мори-ма́мице, а́је да-по́јеме, да-се-скри́јеме во-цр̑квана". О́шол та́тко-му и бу́фнал на-вра́тата да-о́творит и да-вле́зет. Ко́шкал, ко́шкал, не́-мојел да-ја-о́творит. По́сле по́шла ма́ј-ка-му, се-оби́дела, и́-таја, а́рно-ама не-је-се-отво́рила и́-нејзе вра́тата. О́тишло и моми́чето. Ко́шнало е́днуш и вра́тата се-отво́-рила о́деднуш; моми́чето вле́гло вно́тра и вра́тата се-затво́рила па́к о́деднуш; моми́чето оста́нало вно́тра. Та́тко-му и ма́јка-му о́днадвор се-упл̑ашиле, зе́ле да-пла́чет, да-им-о́творит и́-ним. То́ва им-ре́кло: „Не́-можа да-ви-о́твора, зашчо-вр̑атава е-зако́-вана". Попла́кале ти́је и си-о́тишле. Моми́чето на́шло во-цр̑квата еден-мр̑товец и се́днало да-го-чу́ват чети́ријесет и-еден-де́н, ка-ко-шо-му-ве́лело пи́лето. По-некоје-вре́ме по́сле до́шла дру́га де́војка и је-ви́кат на́-врата: „О́твори, мо́ри, да-го-по́чува и́-ја мрто́вецот; не-ќа-го́-чуваш саде-ти́?" Моми́чето је-се-о́звало и је-ре́кло: „Ја́ су-го-чу́вала то́л̑ку дни́, да-ушче-печес-дни́ не-ќа-го-по́чува!" Та́ја о́днадвор се-внига́рила и ви́кала се́едно да-је-о́творит. Се-изло́гало моми́чето и је-отво́рило на-четиријесетте́-дни. Шо-токо-вле́гла та́ја и му-ре́кла на-моми́чето: „Ле́гни-си ти́ да-по́спијеш, и ја́ ќа-го-по́чува мрто́вецоф, дур-да-ста́неш". Не́ќу, ре́кло моми́чето, ќа-го-чу́ваме за́једно. А́рно-ама, ручува́ј-ќи та́ке, како-да-се-поослобо́дило и за́спало. На-четиријесет-и-едниот-ден мрто́вецот се-ра́збудил и ско́чил. Ја-пра́шат девојка-та кој-го́-чувал. Та́ја му-ре́кла: „Ја́ те-чу́ваф". То́ј је-ре́кол: „Шчом-ти́ си-ме-чу́вала, ќа-се-зе́меме ја́ и ти́". Та́ја му-ве́лит: „Шо-да-му-пра́виме на-моми́чево?" „Ќа-го-гла́виме гу́скарче, па́ткарче", је-одго́ворил то́ј. Моми́чето им-ве́лит: „ќа-ме-гла́-вите, ќа-ме-гла́вите, токо-купе́те-ми баре-едно-но́жуле и едно-ка́мчуле утр̑пливо". Ти́је му-ку́пиле се́ шо-са́кало и му-да́ле гу́ски и па́тки да-па́сет. То́ва о́шло да-и-па́сет гу́ските и па́тките и им-ве́лит на-ножу́лето и на-камчу́лето: „Еда-но́жуле, но́жуле, еда-ка́мчуле утр̑пливо, си-бе́ф е́дно у-ма́јка, ката́-утро о́деф на́-вода и на-че́шмата и́деше едно-пи́ле, ќа-ми-фр̑леше една-ки́тка и ќа-ми-ре́чеше: „Мо́миче, а моми́ченце, шо-се́-токмиш то́л̑ку? Да-зно́јеш шо-та́ксират и́маш! Чери́ријесет и-еден-де́н ќа-чу́ваш еден-мр̑товец". Го-чу́вав чети́ријесет дни́. На-четиријесетте́-дни до́јде една-де́војка, ме-и́злога, је-о́твориф вра́тата, ме-и́злога и

за́спаф. То́га ста́на мрто́вецот и си-ја-зе́де же́на та́ја, шо-ме-и́злога, а-ме́не ме-гла́вије гу́скарче, па́ткарче и ме-пра́тије да-им-и-па́са гу́ските и па́тките“. Кога-збо́рвело таке момичето, поминал мрто́вецот и го-чу́л се́ шо-распра́вало на-ножу́лето и на-ка́мчето. Си-до́шло ве́черта до́ма и го-пра́шал мрто́вецот: „Мо́миче, моми́ченце, де́неска по́минаф откоде-те́бе и те-слу́шаф шо-им-ве́леше на-ножу́лето и на-ка́мчето. Ал́-ви́стина ти́ си-ме-чу́вала четири́јесет дни́ и на-четиријесе́тиот те-изло́гала дево́јката шо-ја-зе́доф же́на?“ – „Ви́стина та́ке-је, ре́кло то́ва; си́те трга́нии и-и́стргаф ја́, ама-па́к ме-фа́ти такси́ратот да-тр́га у́шче“. Мрто́вецот је-ве́лит же́не-си: „Шо́-сакаш се́га, али-све́ќа да-го́риш, али-да-те-и́сеча па́рче по́-парче!“ Та́ја ре́кла: „Дур-да-го́ра све́ќа, по́арно исе́чи-ме парче-по́-парче“. Ја-и́здробил же́на-си со-но́ш и си-го-зе́л гуска́рчето патка́рчето же́на. Ја-пра́шат се́га мрто́вецот младата́-жена: „Како́-сакаш се́га: да-је-и-зако́паме ко́скиве, а́ли да-и-фр́лиме на-некоја-раскр́сница да-и-гле́дат и́нсаноф и да-прика́жуват шо-ло́шо ти-напра́вила?“ Же́на-му ре́кла: „Ако-напра́вила та́ја ло́шо, о́д-Бога го-на́јде, а ја́ не-го́-права: закопа́ј-је-и-ко́ските!“ То́ј ја-по́слушал.

домаќника од Росоки
Гр 1907 : 201–304

РЕКАНСКИ (ЖИРОВНИЧКИ) ГОВОР

Жернаница

Лисицата и ежето

Е́жето и́мало ено-за́рно гро́зје и-лиси́цата му-се́-добли́жила до́-ного и-му-го-ла́пнала гро́зјето. „А бре-прия́теле, ке-си-го́-нашла о́волку у́баво“ му-ре́че лиси́цата. Те́а ре́кло: „Ја́ си-и́мам ена-ба́фча, си-ја́дам од-о́веа, ама-чу́вает та́му; аку-да-те-фа́теме ал-зна́еш не́која ла́га да-курту́леме“. Лиси́цата му-ре́кла: „Зна́м четири́есет ла́ге“. А-е́жето одгово́рило: „Е-до́бро, ти́ четири́есет а-ја́ три́-толку зна́м“. Ве́черта о́тишле во-ба́фчата да-ја́дет гро́зје. Ја́ле, до́бро се-на́јале. Ста́нал то́ј шо-и-чу́вал ло́зјата, ви́дел ту́е и́мало тра́га од-ли́сица, ама-и́мало и-од-е́же. Ста́нал на-лиси́цата е-кла́л ени-же́лезда, а-на-е́жето му-на́правил ена-ду́пка. Утре́дента се-фа́тила лиси́цата. „Е побра́тиме е́же, ја́ се-

-фа́тиф во-желе́здава“. Е́жето е-ве́лет: „Ти́ зна̑јш четири́есет ла̑ге, на́јди е́на и-ку́ртули“. „Ја́ се-фа́тиф и-све́ и-забо́равиф ла̑гете“. Е́жето е-ве́лет на-лиси́цава: „Ти́ се́га ќа-се-на́правиш у́мрена, ќа-ти-се-бе́рет му́ве, ќа-те-ка̑сает, ќа-до́ет сајби́ата од-ло́зјево ќа-те-ви́дет те́бе у́мрена и ќа-те-о́тпатнет од-желе́здава и-ќа-те-фа̑рлет на-гӓрма́дана и-ќа-се-вра́тет ќа-ме-са́кат ме́не, а-ти́ зе́мај да-бе́гаш да-ку́ртулиш дор-се-вра́тет сајби́ата ке-те́-бе“. Другио́т-вечер се-на́шле па́к. Па́к о́тишле во-ло́зјата да-ја́-дет гро́зје и-се́га е́жето се-фа́тило, па́днало в-ду́пка и-е-ве́лет на-лиси́цата: „Е прија́телко, ја́ се-фа́тиф!“ „Ја́ ни́шчо не́-можа да-ти-по́можа“ – му-ре́кла лиси́цата. „Ти́ зна̑еше четири́есет ла̑-ге, за́ш да-не́-знӓјш да-ми-по́можиш. Ја́ зна̑м ушче-две-ла̑ге, е́ла да-ти-и-ка́жа те́бе нека-ти-се-на́ет“. Лиси́цата по́шла ке-е́жето, ке-ду́пката. „Наве́ди-а у́баво гла́вата, зе́ри да-не-не-чу́ет о́вја шо-и-чу́ват ло́зјава“. Лиси́цата о́ваке је-наве́дила гла́вата вна̑тра и-е́жето ја-фа́тило за-но́сот, а-лиси́цата ве́наш се-ди́гнала и-со-све́-него зе́ла да-бе́гат. О́вја шо-и-чу́вал ло́зјата ја-ви́дел лиси́-цата и-си-ре́кол са́м со́-себе: „До́сега и́деше лиси́цата бес-ко́ш-ница, а-се́га ова́-вечер до́шла со-ко́шница да-бе́рет гро́зје“. Зе́л пу́шката и-фа̑рлил по́-неа, а́ма не-ја́-удрил и-по́шла лиси́цата во-ка́рпете. Кога-се-за́прела, го-ви́дела е́жето до́-неа и-му-ве́лет: „Ти́ кога́-дојде о́вдека?“ Е́жето ре́кло: „Кога-и́деф, у́шиве ми-свире́е: фи́у, фи́у!“ Лиси́цата не-се-се́тила от-стра́ови ал-го-но́сила со-но́сот е́жето.

Азис Јонузов Шаинов 70 г. (Аритон Поповски)
Поп 1959 : 145–146

Веле Брдо

Лисицата оди стројник

Си́ромаф е́ден чу́ал некое-ло́зје. Му-по́шла лиси́цата в-ло́з-је. Ја-тр̑нал пу́шката да-а-о́тепат. „Не-те́пај-ме. ќа-те-на́праа чо́-ек да-би́деш“ – ви́кнала лиси́цата. По́шле лиси́цаа и сирома́јот се-здру́жиле дру́гари. Лиси́цата о́тишла стро́јник за-сирома́јот ке-некој-ца́р шо-и́мал де́војка за-ма́жејне. Лиси́цата по́шла ке-ца́рот стро́јница по-дево́јката и му-ре́кла на-ца́роф: „Ја́-су стро́ј-ница за-ди́фон, ца́р од-друго́-царство по́силен о́т-тебе“. Ца́рот е-ре́че на-лиси́цаа: „Да-о до́несеш да-о-ви́да шо́-чоек-е, е́сти“. Ли-

си́цата се-вра́ти на́зат во-ло́јзето и-му-ре́че на-сирома́јот: „А́јде да-те-но́са ке-ца́рот да-те-ви́дет“. О́вја, сајби́јата од-ло́зјето го--зе́ лиси́цата да-о-но́сет ке-ца́рот. Фа́ти га́зеп, за́врна си́лен до́ш, фта́са ено-де́ре, а-лиси́цата одеешти по-дево́јката го-о́стаи сирома́јот во-де́рето, а-са́мата за́мина ке-ца́рот. Ца́рот е-ре́че: „Ке--ти-е о́вја зе́т шо-ќа-би́дет?“ „Фта́са де́рето мно́гу, га́зеп фа́ти, му-се-у́дај ко́јнот и рути́штата му-се-уда́је, да-ми-да́еш от-твој-те́-којни да-му-о́неса и-ру́тишта да-ми-да́еш да-му-о́неса, заш-изба́рани-се него́јте, ка-ќа-о́-носа ке-те́бе, стра́мота-е го́л да-о--но́са“. Ца́рот ја-пу́шти лиси́цата да-о́дбират ру́тишта во-де́бојот ца́рски и-ја-пу́шти во-кле́дот да-о́дберет ко́јн. Лиси́цата о́дбра и-ко́јн и-ру́тишта за-да-о-про́менет сирома́јот и-и-до́несе до-де́рето; го-пре́слече парта́лајот, го-ка́чи на́-којна и-го-на́пра ка-бе́к. Лиси́цата го-о́несе ке-ца́рот, а-ца́рот и-пре́чека у́бо̑: и-кла́де в-о́даа, им-на́прај ка́ве. Парта́лајот ве́наш го-шмр̑кна ка́вето от--фи́нцанот, заш-до́-тоа не́-видел ка́ве. Ца́рот е-ре́че на-лиси́цата: „Ка-не-до́туе ми-се-чи́нет о́вја“. „Го-лу́па де́рето мно́гу, пре́д-земнат-е, е́сти, и-се-сме́те. От-те́а о́ке бр̑го го-и́спи ка́вето; и--рути́штата тво́ј и-ко́јнот тво́ј не-ти-и-бенди́суат, него́јте бее-поу́-бај“. Ца́рот се-пове́руа на-лиси́цата и му-ја-да́де ќе́рката.

Асан Алиов 82 г. (Аритон Поповски)
Поп 1959 : 139–140

Мелница (Велешко)

Пепе̑лашко и царева ќерка

Си-би́л еден-ца́р, си-и́мал три́ си́нови и-три́ ќе́рки. Сино́ви--му би́ле по́стари а-ќе́рки-му по́мали. Ца́рот о́тишол на-а́ци̑лак и-им-на́редил на-сино́ви-му да-и-ма̑жет ќе́рките. У-не́кое пусте́-линско ме́сто си-би́ле тро́јца бра́ќа. До́чул најста́риот бра́т дека--и́мал ца́ров за-ма̑жејне цу́ци. Ста́нал и-по-пра́шајне до́шол до-кој-ни́им. Па́нале на́-лаф, до-некое-вре́ме си-се-ла́филе, а-по́сле ќа-си-по́сакат: „Ра́збрав дека-све-и́мале три́ се́стри за-ма̑жејне, најста́рата да-ми-ја-да́ете за́-мене“. Ста́нал најста́риот бра́т, ре́-кол: „Ја́ не́-зна̑м, што-ќа́-речет стре́дниот“. Стре́дниот ре́кол: „И́-ја не́-зна̑м, што-ќа́-речет најма́лиот“. Го-пра́шале и́-него, нај-ма́лиот, и́-тој ре́кол: „Нека-му-је-ае́рлија“. И-та́ка то́ј си-се-вра́-тил со-све-цу́цата. И-до́шол бра́т-му, ра́збрал за-те́а, и-го-по́те-

рал да-ójт да-ја-зе́мат стредната́-цуца. И-тój пóшол ту́ʲе ка-гóстин (кеј-ца́рот). И-с-не́го си-па́нале на-ла́ф. „Ја́ сум-дójден за--стредната́-цуца“, му-ре́кол не́му. Óвја му-ре́кол: „Пра́шај-го стреднио́в-брат“. Го-пра́шал и-стре́дниот, и́-тој ре́кол да-го-пра́ша најма́лиот. Го-пра́шал и-најма́лиот и-тój ре́кол: ае́рлија. Ја--зе́л стре́дната цу́ца и-си-се-вра́тил дóма. Дóчул и најма́лиот бра́т, тój-бил зме́ˣ, дóшол ту́ка и́-тој. Óшол да-је-зе́мат тре́ќата се́стра. И́-тој та́ка, го-пра́шал постариót-брат, па-стре́дниот и најма́лиот му-је-да́л. И-тój си-се-вра́тил. Та́ка сите-трójца сежéнае. По-три-ме́сеци ста́на најста́риот бра́т, си́н-му на-ца́рот, и--му-ве́лит на-бра́ќа-му: „Ми́е не-и-знӑеме се́стри-ни ни-ӑлсе--жи́ви ни-ӑл-се-у́мрени“. Ста́на бра́т-му најма́лиот и-му ре́че: „Á̆јде ќа-и-са́каме“. Сите-трójца бе́е лóвцӣ и тӑрнае да-и-са́кает се́стри-им. И-си-се-договóрие стра́жа да-чу́вает по-една-нóќ и-што-ќа-им-се́-случет во-нóќта не́ма да-си-кажу́вает еден-на́--друк. Óделе, óделе де́нта додека-се-сте́мнало во-една-пусте́лија ме́сто. И-ту́ʲе зачи́нае óгон да-вече́рает. Вече́рае два́јцата бра́ќа и-ле́гнае да-спи́ет. Најста́риот óстана да-и-чу́ват као-стра́жар. Едно-вре́ме као-што-се́деше до-óгнот и-ту́тун си-пи́еше, пóчна да-му-јӑчет не́што ода́леку. И-тój тóга си-ре́че: „Што-ли-ќа́--бидет? Да-и-скóрна бра́ќа-ми, ќа-ре́чет е́те му-беше-стра́ са́м да-не-чу́ват и-не-ра́збуди. Ту́ку са́м ќа-се-бóрам, ако-пóгинам, пóгинам. Ја-зе кӑлӑчката и-тӑрна на́прет. Кō-е́те-ти еден-а́ждер со-три́-глави. Мӑна со-кӑлӑчката и-три́те гла́ви му-и-и́сече. И--зе́ три́те гла́ви, и-кла́де во-тóрбата и-тӑрна да-пи́ет ту́тун на--óгнот. Вре́мето се-ра́здена, и-скóрна бра́ќа-му, и-и́змие óчите и-се́нае да-ру́чает. Óтуе тӑрнае це́л-ден дор-се-сте́мнае, и-чи́м се-сте́мнае запóчнае óгон да-пра́вет. Вече́рае и-ле́гнае најста́риот и--најма́лиот, стре́дниот óстана да-и-чу́ват стра́жа. Као-што-се́деше дó-огон, пóчна не́што да-му-бу́чет. Би́л а́ждер. И-тój мӑна со-са́бјата (кӑлӑчката) на-а́ждерот со-две́-глави, му-и-и́сече гла́вите и-си-и-кла́де ф-тóрба. Си-продӑлже со-ту́тун пи́ејне и-вре́мето се-ра́здена. И-ра́збуди бра́ќа-му и-се́нае да-ру́чает. Се-нару́чае и-тӑрнае да-óдет дор-се-сте́мнае. Се-сте́мнае дó-море. Óгнот го-зачи́нае и-се-навече́рае. Ле́гнае да-спи́ет два́јцата, пепе́лашот óстана да-и-чу́ват. Ено-вре́ме пóчна да-му-е́чет мóрето. Си-ја--зе́ кӑлӑчката и-и́злезе дó-море. Óтаде му-и́злезе еден-а́ждер со--ена-гла́ва и-óвја ма́вна со-са́бјата, гла́вата му-ја-и́сече, гла́вата па́дна на́-суво а-тру́пот во-мóрето. Кō-ма́ал со-са́бјата, му-пӑрснала ка́пка од-мóрето и-го-изга́снала óгнот. Зе́л гла́вава, ја--кла́л ф-тóрба и-ви́дел óгнот оти-му-е-и́згаснат. Штó-прā ја́, óг-

ноф и́згаснал, си-по́мислил то́ј. Видел некој-о́гон да́леку ме́сто и-тӑрнал по-о́гон да-зе́мат о́таде. Кога-о́дел та́мо во-еден-о́рман му-и́злегле две́-клопка, е́дно бе́ло и-е́дно цӑрно. Цӑрното го-вле́чело бе́лото. Ти́е-биле де́н и-но́ќ; но́ква го-вле́чел де́нов да-се-де́нет. И-о́вја и-пра́шал: „Што́-све ви́ј е?“ Ти́е му-ре́кле: „Ми́ј е-сме де́н и-но́ќ.“ Ста́нал то́ј за-да-се-не́-денет и-за́претал во-една-ду́пка, и-за́сидал. О́туе тӑрнал на-о́ганов па́. Кога-по́шол та́мо покрај-о́гнот, кој-ќа-ви́дет та́мо: де́вет ду́ши пуцо́глафци, си́те а́ждери. И́мале фа́тено еден-чо́век и-кла́ено на́-огон, по́сле да-го-и́зедет и-да-о́дет па́к по-ло́ф. И-о́вја тӑрнал пра́во на-ниим да-о́дет и-и-пра́шал: „Да́ли ме-при́мате за́едно да-ја́еме?“ Го-при́миле, го-и́зеле чо́векот и-тӑрнале по-царева́-ќерка да-је-кра́дет. До́шле. Пепе́лашко ре́кол: „Че́кајте, ја́ пӑрво да-се-ка́чам да-ви́дам царева́-ќерка ке́ј-лежет па-по́сле ќа-ви-сто́ра а́бар на-пе́нцера еден-по́-еден да-и́дете. О́вја по́шол кеј-царева́-ќерка и-ке́ј-неја една-зми́ја со-три́ гла́ви, ја-че́кат да-мӑрнет и-да-ја-у́кӑсат. Е́дно мавну́ајне и-зми́јата ја-за́клал. У́чинал а́бер ис-пе́нцера и-по́чнале да-о́дет еден-по́-еден. И-то́ј за́станал за́д-врата и-еден-по́-еден си́те деве́т-души и-за́клал и-и-на́трупал ф-со́ба. И-о́тује ја-за́творил вра́тата и-о́тишол пра́во кеј-о́гнот. О́гнот го-ди́нал со-све-гла́мна, о́тишол кеј-кло́пката, и-о́сидал де́н-и-ноќ и-и-пу́штил да-се-де́нет. О́туе о́тишол пра́во кеј-бра́ќа-му и-о́гнот го-за́чинал. Се-разде́нало, бра́ќа-му и-ра́збудил. Се-и́змиле и-се-нару́чале. И-то́га тӑрнале па́ да-о́дет. До́шле во-гра́дот кеј-што-би́ла цу́цата от-ца́рот. Цу́цата кога-ста́нала са-ба́јле, ја-ви́дела зми́јата за́клана и-деве́т-души пуцо́главци за́клани и-то́га го-ви́кнала ба́ба-е да-ви́дет што-ста́нало ве́черта ке́ј-неа. И-то́гај то́ј дека-курту́лила од-зми́јата и-от-пуцогла́вците на́редил ко́ј ќа-до́ет, да-ја́дет, да-пи́ет бе́с-пари и-да-се-испрашу́вает дал-ќа-се-фа́тет кој-ја-на́правил оваа-ра́бота. Тро́јцата бра́ќа по́јдое во-дво́рот не́гоф. Вече́рае, се-на́пие и-мо́рал се́кој да-ка́жуват што́-патил, што́-видел. Ста́на пӑрф најстарио́т-брат: „Една-ве́чер бе́ф стра́жар и-еден-а́ждер со-три́ гла́ви го-за́клаф“. И-и-по́кажа три́те гла́ви. И-го-поверу́ае бра́ќа-му оти-се-бо́рел. Се-ди́гна стре́дниот: „Ја́ коа-бе́ф-стра́жа го-за́клаф еден-а́ждер со-две́ гла́ви“, и-и-и́зваде. Го-пра́шае пепе́лашот. Ста́на то́ј и-по́чна све́ да-ка́жуват. Коа-чу́л ца́рот, го-зе́л ке́ј-него, го-по́синил, му-на́правил сва́дба.

Ста́нал еден-де́н ца́ров ќа-о́јт во-дру́га дӑржава на́-гости. И-му-ре́кол на-пепе́лашов: „И́мам четири́есет со́би, во-све́која со́ба и́мат ба́шка по́башка све́ от-све́тов“. И-го-ше́тал во-три́есет

ѝ-девет со́би све́ да-ви́дет. Кога-по́шле во-четириесе́тата со́ба, му-ре́кол ца́рот: „О́вде не́ма да-вле́гаш дор-да-до́јдам ја́“. И-си-о́тишол на́-гости. И-о́вја ста́нал, ја-о́ткл̑учи со́бава и-вле́зе вна̑тра. Кога-вле́зе го-ви́де ца̑рвени́-ветар ва̑рзан со-си́нцири за-же́лезен ди́рек. И-му-ре́че ца̑рвени́-ветар: „Ќа-ти-о́проста еден-гре́ да-ми-да́еш една-са̑рча во́да да-се-на́пијам“. И-о́вја му-да́де. „Уште-е́дна са̑рча да́ј-ми“. Му-да́де уште-е́дна са̑рча. Па́ му-по́бара уште-една-са̑рча за-да-му-о́прости уште-е́ден гре́. И-то́ј му-да́де. Кога-ѝспи три́ са̑рчи во́да, синцѝрите и-ѝскина, и-то́га ца̑рвени́-ветар му-ја-зе́де же́на-му на-пепе́л̑ашот и-си-ја-зе́де за-же́на и-си-о́тиде. На-неко́л̑ку-вре́ме до́јде ца́роф од-на́гости. Го-пра́шат пепе́л̑ашка: „Ке́ј-ти-је ќе́рка-ми?“ „Ца̑рвени́-ветар ја-о́днесе, ама-ја́ ќа-о́дам, да-ја-са́ка“. По́сле пепе́л̑ашко о́тиде да-ја-са́кат же́на-му. Кога-оде́ешти по-некое-пусте́лија ме́сто ја-на́јде же́на-му, си-ја-зе́де ка́ј-него.

Паѓаруша (Скопско)

Од говедар до царски заменик

Во-се́лото гове́дарот би́л најси́ромаф чо́век. И еден-де́н по́чна да-му-ви́ка на-се́л̑анецот: „Ја́ ќа-се-же́нам со-ена-бо́гата де́војка от-се́лото“. А се́л̑анецот му-ре́кол со-ла̑ѓа: „Ти́ да-го-зе́маш стро́јник најголе́миот чо́век што-е́ во-Ста́мбол“. И гове́дарот оти́дуват во-Ста́мбол да-го-тра́жит најголе́миот чо́век. Та́мо се-на́јдуват со-не́кого и го-пра́шуват: „А бре-при́јате́л̑, ко́ј-е најголе́миот чо́век о́вде во-Ста́мбол?“ И ти́је се́га размисл̑у́вале ко́ј-е најголе́миот чо́век. Се-досе́тиле и-му-ре́кле на-гове́дарот „те́а-е ца́рот“. И о́вај оти́дуват на-ка́пија ка̑де-ца́рот, а́ма стража́рите не-го-пу́штале да-вле́зет во-на̑тра. Се-по́годил ца́рот на-дола́пите и му-било-чу́дно на-чо́векот во-се́лски а́лишта. И ре́кол ца́рот: „Пусте́те-го на̑тра нека-до́јдет“. Вле́гол гове́дарот ке-ца́рот и ца́рот го-пра́шал „Ка́жи шо-си́-дошол ке-ме́не?“ Гове́дарот му-ре́кол: „Ќа-те-пра́там стро́јник ке-еден-зе́нгин чо́век во-се́лото мо́е, и́ма де́војка за-ма̑жејне и не-ми-је-да́вает. Ми-ре́кое ти́ си-мо́жел да-је-на́правиш овеа-ра́бота“. Му-ре́кол ца́рот: „Ја́ ќа-ја-сва̑ршам рабо́тава“. И ца́рот зе́л е(д)но-ма́лецко кни́гиче и му-на́пишал на-кме́тот и на-о́ѓата во-се́лото „ако-не-му-је-сва̑ршите на-чо́екоф за-ро́к от-петна́есет де́на овеа-ра́бота и сва́дба да-напра́вите (на-гове́дарот) ќа-ве-о́бесам“. И ца́рот му-

-го-да́л книги́чето на-гове́дарот. А гове́дарот му-про́зборал на-ца́рот: „Е, ца́ре, овеа-кни́гиче ќа-ја-напра́вело овеа-ра́бота! Ја́ су-пи́шувал пого́леми кни́ги, не-ја-напра́виле, а со-овеа-кни́гиче ма́лецо ќа-ја-на́правам овеа-ра́бота“. Ца́рот се-на́смеал со-зборо́вите на-гове́дарот и му-ре́кол: „Ти́ се́га о́ди, ако-не-се́-са̏вршет овеа-ра́бота, па́к да-до́јдеш ке-ме́не“. Гове́дарот от-Ста́мбол до́шол до́ма. Книги́чето му-го-да́ва на-кме́тот, па-на-о́ѓата. О́ѓата го-и́спеал и запла́шено о́тишол ке-кме́тот на-до́говор. „Кме́те от-ца́рот и́маме е́мар, фиѓа́н де́војка, ако-не-му-ја-напра́виме сва́дбата за-петна́есет де́на на-гове́дарот, на́ми ќа-не-о́бесет ца́рот“. И му-је-напра́виле сва́дбата и то́ј, гове́дарот се-о́женал. По́сле неколку-де́нови је-ре́кол на-же́на-му „ќа-му-о́несам ба́кшиш на-ца́рот во-Ста́мбол“. И-зе́л се́лски а́лишта – бе́чви, се́нтре, о́пинци, ка́па, по́јас и и-ва̏рзал во-енеа-ше́рвета и та̏ргнал да-о́дет за-Ста́мбол. Сти́гнал во-Ста́мбол и до́шол до-ца́рот. То́ј, гове́даров, би́л по́знат на-стража́рите. Пра́во о́тишол ке-ца́рот и се́нале да-му́абетет. И гове́дарот му-ре́че на-ца́рот дека-рабо́тата е-сва̏ршена, се-о́женал и до́шол ба́кшиш да-му-до́несет. Ба́кшишот му-го-пре́дава на-ца́рот и му-ре́че: „Дор-сум-о́вде ја, са́кам да-се-о́блечиш во-али́штата што-ти-и-но́сам ба́кшиш, са́кам да-те-ви́дам о́блечен“. Ца́рот се-ми́слел, се-ми́слел, не́мат ча́јре, не́мал што-да́-правет и се-о́блекол во-се́лските а́лишта. Со-се́лскиве а́лишта ца́рот и́згледал чу́ден, а гове́дарот би́л со-го́лем ке́ф дека-ца́рот би́л о́блечен со-се́лски а́лишта. По́чнале дру́к му́абет ка̏де-шо-би́ле се́нати два́јцата. Гове́дарот гле́дал ле́во, де́сно и-ви́дел дека-ода́јата би́ла бо́гато наме́стена и му-ре́че на-ца́рот: „Кој-е́-правел овеа́-соба, ал-ти́, ал-ба́бо-ти?“ Ца́рот му-ре́кол „ба́бо-ми“. А гове́дарот: „Е́-е-е, ба́бо, ба́бо, то́ј на́правил. Ја́ и ти́ ена-ко́либа не-мо́жеме да-напра́виме“. Ца́рот се-по́мислил шо́-човек е-о́вај и му-ва̏ршет про́ба!“ На-еден-изме́тчија ца́рот му-ре́кол: „Оне́си-го ова́ј-човек ке-а́зното и нека-зе́мат“. Изме́ќарот и гове́дарот о́тишле ке-а́зното и му-ре́кол на-гове́дарот „зе́мај!“ Гове́дарот само-се-чу́дел и само-гле́дал во-а́зното и на́јпосле ту́рил ра̏ката во-ѓе́п, и́звадил торби́чето со-сво́и па́ре. Па́рете не́гови би́ле бе́ли и него́вите па́ре и-фа̏рлил во-а́зното. Изме́ќарот му-ре́кол: „А́-бре, зе́мај па́ре!“ А гове́дарот му-одго́ворил: „Е́-е, бре-чо́век, ја́ ако-зе́мам, ти́ ако-зе́маш, две́ќи ако-зе́мат, на-ца́рот шо-ќа-о́станет“. И се-вра́тиле о́бата кај-ца́рот. Ца́рот го-пра́шал на-изме́ќарот: „Шо-на́прави ова́ј-човек? Аѓ-зе́ не́што од-а́зното? „Изме́ќарот му-ре́че: „И него́вите бе́ли па́ре и-фа̏рли во-а́зното! „На-ца́рот му-до́јде чу́дно дека-не́-зел гове́-

дарот па́ре. И-го-по́ставил за-не́гов за́меник. Та́ка гове́дарот ста́нал ца́рски чо́век.

Шаит Рамаданов (Тихомир Манчевски)

ЈУГОИСТОЧНО НАРЕЧЈЕ

ШТИПСКО-СТРУМИЧКИ ГОВОРИ

Кочани

Трииполовина станал цар

Би́л не́кој чове́к. Три́иполови́на се-вика́л. Отиде́л у-во́јска. У во́јската му-ви́кат „нале́во“, о́н се-вр̀ти наде́сно. И-мачи́ле, штури́ле, пусти́ле, не-може́ле да-го-нау̀чат. Пра́тат-го на-не́кој síт да--бе́ли сос-че́тка. И-о́н бе́ле, е́м бе́ле, е́м по́е. Пото́а чу̀ло-се на--ца́ро ќе́рка-му загина́ла. И-нареди́л ца́ро да-се-жа́ле. А́ма Три́ипол па́к си-по́е. О́дат офице́рите и-му-наре́дат да-не́ма да-по́е. А́ма о́н па́ по́е. По́е и-им-ви́ка на-офице́рите: „Жи́ф чове́к не́-се жа́ле“. Офице́рите о́дат у-ца́ро и-му-ви́кат на-ца́ро: „Ни́е и́маме еден-војни́к, се-ви́ка Три́ипол и-ви́ка оти-ќе́рка-ти е-жи́ва и-жи́ф чове́к не́-се жа́ле“. И-ца́ро наредѝва да-го-дове́дат кај-не́го. И-о́н оти́де кај-ца́ро и-му-ви́ка: „Чести́ти ца́ре, тво́јта ќе́рка е-жи́ва“. Ца́ро ви́ка: „Како́ мо́ш да-ја-на́јдеш?“ И Три́иполови́на ви́ка на--ца́ро: „Јас мо́жам да-ја-на́јдам, са́мо оно́а што-ќе-тра́жам да-ми--да́деш“. Ца́ро ви́ка: „Што́ тре́бе сѐ ќе-ти-да́дам“. Три́иполови́на се́га тра́же да-му-да́дат сто́ е́ден војни́к и-е́ден капета́н, ама-си́те да-са-почи́нети на-не́го. И-тра́же да-му-се-напра́ве една-ло́тка за--сто́ три́ чове́ка. И-ца́ро направи́л сѐ што-му-тражи́л Три́ипол. И--војни́ците качи́ле-се у-бро́до и-оправи́ле на-па́т да-о́дат. Оди́ле што-оди́ле по-мо́рето, искочи́ле на-не́кој полуо́строф. И-заповеду́а Три́иполови́на на-офице́ро да-му-да́де три́ војни́ка. Офице́ро да́л--му три́ војни́ка. Три́иполови́на збо́ре на-војни́ците: „Ка́де ви́дете ду́пка, ка́мен, др̀во сѐ да-ми-ка́жете“. И-војни́ците опра́ват по-па́то. И ги-сре́тне една-голе́ма пе́штера. И-кр̀шнат о́ни у-пе́штерата да--ви́дат што́ и́ма. И от-пе́штерата изле́зе еден-ста́р чове́к и-ги добредо́шал: „До́бре дојдо́хте, го́сје“. Извадѝа та́ј ста́рио чове́к раки-

ја и-послужу́а-ги. А́ма раки́јата би́ла о́пион и опи́е-ги, и-уби́л-ги. А Три́иполови́на има́л-си огледа́ло, и-о́н на-огледа́лото се́ гле́да ка́де о́дат ови́ја војни́ците. И-виде́л кога-ги-уби́л ста́рио. Три́иполови́на ви́ка па́к на-капета́но да-му-да́де јо́ш три́ војни́ка. Сос-ти́ја војни́ци и-о́н ќе-и́де (Три́иполови́на). И-ви́ка на-војни́ците: „Доде́ка не-ви́дете ја́с да-а́пнам или да-пи́хнам, не-сме́ете ни́кој ни́што да-пи́ете и́ли-пак да-ја́дете“. И-оправи́ле за́едно накај-пе́штерата. И-о́ни иде́еќи се-намина́ле у-пе́штерата. И-изла́ва па́к ста́рио чове́к и-ги-пречеку́ва, и-и-ви́ка: „До́бре дојдо́хте, го́сје. Ви́е-сте од-длѓ́к па́т, изморе́ни-сте, почине́те ма́лку“, и-извадýа па́к раки́ја да-послу́же. А Три́иполови́на и-ви́ка на-војни́ците ни́кој да-не-пи́е. А ста́рио чове́к ви́ка да-пи́јат. А Три́иполови́на му-ви́ка на-ста́рецо: „Доде́ка се-ви́е не-напи́ете, ни́е не-пи́еме“. И-о́н зи́ма ча́шката и-бо́жем пи́е, ла́же-ги. Ама лажа́аќи-ги ни́х такна́л ма́лку до-у́стата и-се-опи́л. И Три́иполови́на зи́ма уби́е-го ста́рецо. Пото́а отва́ра вра́тата на-пе́штерата, уле́ва уне́тре, отва́ра-ги вра́тите (има́ло та́мока мно́го вра́ти) и-у-една-со́ба наа́ѓа-ги ца́рската ќерка и-зме́о. Зме́о спи́е на-ца́рската ќе́рка на-ску́то. И коа-Три́иполови́на отвори́л вра́тата, го-виде́ла ца́рската ќе́рка и-позна́ла-го оти-е-од-ни́нио кра́ј. И-му-ре́кла: „Поле́ка ја́с ќе-иско́чам“. И поле́ка искочи́ла ца́рската ќе́рка. Искочи́ла и-сос-Три́иполови́на тргна́ле да-си-о́дат. До́бро-ама, ца́рската ќе́рка забрави́ла пр̀стено да-си-зе́ме. И-им-ре́кал Три́иполови́на на-они́а дру́гите војни́ци да-о́дат. „А́јте ви́е оде́те, ја́с ќе-се-вр̀нам да-зе́мам пр̀стено“. И-војни́ците ја-одве́ле ца́рската ќе́рка, а-о́н се-врна́л да-зе́ме пр̀стено. Зме́јо о́ште спа́л и Три́иполови́на успеа́л да-го-зе́ме пр̀стено. Кога-војни́ците сос-ца́рската ќе́рка стигна́ле при-капета́но, о́н заповеда́л на-си́те војни́ци да-не-сме́ат да-ка́жат дека-ја-е-наше́л Три́иполови́на ца́рската ќе́рка. „Си́те ќе-ви́кате дека-сам-ја-ја́с наше́л ца́рската ќе́рка“. И-на-ца́рската ќе́рка капета́но ѝ-ви́ка: „Ако-не ка́жеш на-та́тко-ти оти-сам-те-ја́с наше́л, ќе-те-уби́јам“. И-пото́а ка́чат-се на-бро́до и-тр̀гнат. А-Три́иполови́на остану́ва са́м. И-по́чне Три́иполови́на та́мо да-се-слу́н'а, да-о́де по-пла́нини, по-го́ри. У-това́ вре́ме се-разбу́дува зме́о и-се-ка́че на-ку́лата. И-ви́ка: „Да-зна́м ко́ј а-е-мо́јата же́на зема́л, ќе-го-награ́дам о́ште то́лку да-би́де по́јуна́к. „И пото́а зме́о неќе́л да-о́де да-ја-зи́ма. – Војни́ците и-капета́но сос-бро́до замина́ле. Три́иполови́на го-наа́ѓа зме́о, и-о́н (зме́о) ду́ма-му на-Три́иполови́на. А́ма Три́иполови́на се-пра́ве не́м. И-зме́о си-ре́кал у-се́бе: „Ова́ј чове́к ни́што не-зна́е, ќе-го-одве́дам у-ба́хчата и-ќе-го-пу́штам та́мо нека-рабо́те и-нека-се-ра́не“. И кога-го-одве́л у-ба́хчата и-го-пушти́л, му-кажу́а: „Се́каде мо́ш да-о́деш,

са́мо кај-ку́лата не́ма да-се-качу́ваш". А́рно-ама, Три́иполови́на направи́л у-ба́хчата ше́с ме́сеца и-си-ре́кал: „То́лко-ли не-мо́жам да-се-ка́чам на-ку́лата да-ви́дам што́ и́ма". И-о́н почна́л да-се-качу́а на-ку́лата. Што́м почна́л да се качу́ва на-ку́лата и-камба́ната почна́ла да-дрнка. О́на би́ла повр̀зана со-си́те стапа́ла на-ме́рдевено. Чу́е зме́о дека-зво́не камба́ната, до́јде, фа́не-го не́го и-го-фрле до́ле, и-му-ре́кал: „О́ште е́днаш ако-се-ка́чеш, ќе-те-уте́пам". Трийполови́на направи́л о́ште ше́с ме́сеца у-ба́хчата у-зме́о. И-си-ви́ка са́м о́н: Ја́с па́ ќе-се-ка́чам, ама-поле́нка за-да-не́ма да-дрнка камбанари́јата го́ре. И-по́чне да-се-качу́е поле́нка. А́рно камба́ната по́чне па́ да-дрнка поле́нка. Чу́е па́к зме́о, до́јде и-па́ го-фрле до́ле и-му-ви́ка: „О́шт една́ш ако-се-ка́чеш, жи́ф не́ма да-те-оста́вам". Трийполови́на направи́л едно́ три́-четири ме́сеца. И-о́н си-са́м помисли́л дека-и́ма не́што на-камбанари́јата, та-не-да́ва зме́о да-се-качу́вам. И е́днаш се-иси́ле си́лно да-се-ка́че го́ре. И камбанари́јата по́чне си́лно да-дрнка. И-тама́н ве́ќе да-се-ка́че го́ре, зме́о го-ста́са па́к и-го-фрле до́ле. И-фрл'а́еќи-го до́ле му-ви́ка: „Се́га спа́с за-те́бе не́ма". И-тога́ј Трийполови́на на-зме́о му-одгово́ре: „Ја́с бидо́х та́ј ма́јстор што-го-утепа́х та́тко-ти и-што-ти-зема́х же́ната, и́маш пра́во да-ме-уби́еш. Ако-не-веру́ваш, те́-го пр̀стено от-тво́јата же́на". И-зме́о му-ви́ка на-не́го: „Ти́-ли-си та́ј ма́јстор?". Качу́ва-го го́ре на-ку́лата и-му-ви́ка: „Ви́деш-ле-ги, о́ни о́ште не́-са искочи́ле, ти ќе-ги-прева́реш. Ја́с ќе-те-награ́дам една-са́бл'а што-са́ма ќе-се́че, едно-ши́ше во́дичка и еден-ко́н' што-не́-се гле́да". И-му-да́ва са́бл'а, и-ко́н' и-ши́ше во́дичка". Во́дичката да-ја-да́деш на-не́кој на́јверен друга́р, оти-та́а во́дичка па́рче по-па́рче да-те-здро́бат и-да-те-попр̀скат од-не́а па́к ќе-ста́неш". И-ова́ј тр̀гне-си по-па́то и-ги-прева́ре војни́ците, по́напре́т иско́че на-су́во. Наше́л-си о́н не́која ста́ра ба́бичка и-ѝ-ви́ка на-ба́бичката: „Мо́же-ли, ба́бо, ту́ка да-преноќе́вам?" Ба́бата му-ви́ка: „Мо́же, ама-не́мам ни́што да-те-зави́јам, не́мам зави́вки да-те-зави́јам да-спи́еш". А-о́н ѝ-ви́ка: „Ни́што не-тре́бе, ба́бо, са́мо да-спи́јам кај-те́бе". И-остана́л та́мо кај-ба́бата. Оти́де у-гра́т и сѐ што-тре́бе на ба́бата, и-зави́вки, и-ле́п, и-ме́со, сѐ и-доне́се за-јаде́н'е. Капета́но и војни́ците искочи́ле од-мо́рето и-ца́ро ги-пречеку́ва. И-кога-погледна́л ца́ро, виде́л ќе́рка-му ја-во́дат сос-ни́х. И-о́н ре́кал: „Ко́ј ја-наше́л мо́јата ќе́рка, ќе-го-пра́вам зе́т да-ми-би́де". Офице́ро изла́ва прет-ца́ро: „Ја́с сам-ја-наше́л тво́јата ќе́рка". И-ца́ро прийма-го за-зе́т да-го-пра́ве. И-си-покани́л ца́ро го́сје да-пра́ве сва́дба. И-сва́дбата биде́ла. Ве́черта неве́стата изла́ва да-цали́ва ра́ка. У-то́а вре́ме Три́иполови́на се-е-преобле́кал у-офице́рски а́лишта.

Кóга невéстата излéзе да-цалúва рáка, сúте ѝ-дáват пáри, а-Трúиполовúна дáва-ѝ прстено. И óна тогáј видéла дéка óн ја-е-нашéл, и-óна веднáга óде кај-тáтко-ѝ и-дýма на-тáтко-си: „Тáте, мéне нé-ме-е нашéл капетáно, ме-е-нашéл дрýк човéк“, и-му-покажáла сос-рáка кóј-е тáј човéк. Цáро сéга прво го-фáќа офицéро и-го-пúта: „Каквú знáци úмаше каде-ќéрка-ми, когá ја-тú земá?“ Офицéро не-знáе нúшто да-одговóре. Потóа цáро го-вúка онáј човéк што-му-го-покажáла ќéрка-му. Фáќа-го нéго и-го-пúта: „Тú-ли ја-спáси мóјата ќерка?“ А-Трúиполовúна му-вúка на-цáро: „Јáс-сам Трúиполовúна, јáс ја-најдóх твóјата ќéрка“. И-цáро му-вúка: „Ти ќе-ми-бúдеш зéт“. И тáка Трúиполовúна му-бидéл зéт на-цáро. Дóбро, áма цáрската ќéрка имáла-си нéкој стáр л'убóвник и-óн бúл цáрски сúн. И- тáј, цáрскио сúн пишýва пúсмо на-тáтко-ѝ: „Да-ми-ја дáдеш ќéрка-ти за-жéна“. Цáро му-пишýва дека-úма домазéт и-не-мóже да-му-ја-дáде ќéрка-си. И-онáј цáр објавúл-му вóјна. Дéдо-му на-Трúиполовúна имáл мáла држáвичка и-за-тóа бúл умúслен. И-Трúиполовúна му-вúка на-дéдо-му: „Нé-се плáши“. Отúдат на-вóјна. Цáро не-знајáл дека-е-тóлку сúлен зéт-му. Победúле цáро и-Трúиполовúна. И-кога-се-врáќат дóма, почнáле да-си-живéат убаво. Дрýгио цáр по-нéкое врéме пáк пишýва пúсмо до-ќéрка-му на-цáро: „Ако-сáкаш тú да-си-мóја да-мóжеш од-мáжо-ти сáбл'ата да-ја-укрáдеш и-да-ми-ја-испрáтеш на-мéне“. И-óна укрáде сáбл'ата од-мáжо-си и-ја испрáќа на-л'убóвнико. А óн знајáл дека-е-јунáстото у-сáбл'ата. И-штóм ја-земáл сáбл'ата, објáве вóјна пáк. Дéдо-му на-Трúиполовúна пáк е-сúлен. А-Трúиполовúна не-знáе оти-му-е-сáбл'ата укрáдена и-му-вúка на-дéдо-му: „Објáви-му и-тú вóјна“. И-му-овáј објавýва вóјна. Кога-искочúле да-се-бúјат, Трúиполовúна пýшта сáбл'ата, ама-óна не-сéче (бúла смéнета, дрýга сáбл'а). И такá Трúиполовúна го-убúват. И-цáро ја-зúма л'убовнúцата. Кога-чýла бáбичката дека-е-загинáл на-цáро зéт-му, отúшла у-цáро и-дýма на-цáро: „Цáру, ти-се-мóл'ам д-úдеме да-го-закóпаме твóјо зéт“. А-цáро ѝ-вúка на-бáбичката: „Е́, мори-бáбо, óн-е исéчен парчúн'а по-парчúн'а“. Бáбата пá му-вúка да-óдат. И-отúшле тáмо. Го-собрáле парчúн'а по-парчúн'а сѐ на-кýпче. Извадúла бáбичката шишéнцето вóдичка, попрскáла-го и-Трúиполовúна стáне пá жúф. И-му-вúка Трúиполовúна на-дéдо-си: „Дéдо, нé-се плáши, сáмо ако сáкаш да-бúдеме зáедно“. Цáро земáл-го Трúиполовúна и-го-одвéл дóма. И-Трúиполовúна му-вúка на-дéдо-си: „Дéдо, ако-сáкаш да-е-нáше цáрството да-отúдеш кај-ќéрка-ти и-да-мóш да-ја-укрáдеш сáбл'ата от-цáро, тáа-е мóја сáбл'а. И-тогáј ќе-бúде нáше цáрството“. И дéдо-му стáне и-отúде кај-ќéрка-му на-

-го́сје. Зе́т-му, ца́ро и-ќе́рка-му дочека́ле-го уба́во. Зе́т-му отише́л на-ло́ф да-уте́па не́што ди́вина за-да-го-по́уба́во пречéка де́до-му. У-то́а вре́ме де́до-му ја-укра́л са́бл'ата и ви́ка на-ќерка-му да-си-о́де. О́на му-се-мо́ле на-не́го да-се́де да-го-пого́де. А́ма о́н си-тргна́л и-си-оти́шел. Дова́ѓа зе́т-му от-ло́ф (ма́жо на-ќе́рка му) и-ѝ-ви́ка на-же́на-му: „Ка́мо-го та́тко-ти?" О́на му-ви́ка: „Отиде́-си". Ца́ро си-отише́л до́ма, а-Три́иполови́на го-че́ка. И кога́ Три́иполови́на виде́л са́бл'ата, зарадува́л-се, и-му-ре́кал на-де́до-си: „Де́до, обја́ви во́јна". И-де́до-му пишу́ва пи́смо на-дру́гио ца́р (се́га зе́т) и-го-ви́ка на-во́јна. И кога́ го-прии́мува зе́т-му пи́смото, го-проча́ти и-гле́да де́до-му го-ви́ка на-во́јна. И-о́н собе́ре во́јската и-тр̀гне на-во́јна. По́чне во́јната. И-Три́иполови́на по́чне да-се́че. Ко́ли се́чи, ко́ли се́чи, победи́л о́н и-си-ја-зема́л же́ната и-ца́рство-то си-остана́ло ни́но. И така́ Три́иполови́на си-стана́л ца́р.

Кочани

Свети Ѓорѓи и ламјата

Едно́ вре́ме има́ло не́која но́гу стра́шна ла́мја. О́на излава́ла се́ка годи́на од-мо́рето и тражи́ла од-бли́скио гра́т по-една́ мо́ма годи́шно курба́н. А́рно а́ма граѓа́ните една́ годи́на забрави́ле да-ѝ-да́ат и куга́ излегна́ла ла́мјата од-мо́рето но́гу се-насрди́ла оти-не́ма курба́н, улегна́ла у-гра́до и изе́ла стоти́на мо́ми. Оттога́ј уплаши́ле-се граѓа́ните и одреди́ле за́кон се́ка годи́на да-ѝ-фр̀л'ат на-ла́мјата по-една́ мо́ма. И така́ до́шло ре́д да-ја-да́ат мо́мата на-една́ удови́ца. О́на си-нема́ла дру́го че́до, са́мо то́а дево́јче ѝ-би́ло едно́ у-ма́јка. Удови́цата оќе́ла – неќе́ла мора́ла да-ја-одве́де ќе́рка-ѝ по́каре мо́рето. Чека́еќи-ја ла́мјата плака́ле и вика́ле на-се́т ґлас. Дочу́л-ги све́ти Ѓо́рѓи и ведна́га доше́л да-ви́де шо́-е та́а рабо́та. О́н носи́л со-не́го еде́н гуле́м буздога́н. Пита́л-ги зашто́ пла́кат и ви́кат то́лку жа́лно. Удови́цата му-ре́кла: „Како́ да-не-ви́кам и пла́кам ја́ завали́јата? Са́мо ова́а мо́мичка-ми-е от-че́лат и на-не́а ѝ-дојде́ ре́д да-ја-изе́де ла́мјата, та еве́ доведо́-ја куга́ ќе-изле́гне ла́мјата да-ја-оста́ам не́ка ја-изе́де чи́м така́ са-нареди́ле гра́цките за́кони". Тога́ј све́ти Ѓо́рѓи ѝ-рече́л: „Немо́ј да-се-бо́еш, ја́ ќе-куртули́сам мо́мата от-тава́ зло́. Ти́ и́ди-си до́ма, а о́на не́ка оста́не ма̑дку да-ме-попо́ска, доде́ка не-изле́гне ла́мјата од-мо́рето". Удови́цата си-оти́шла, а мо́мата остана́ла та́м да-го-по́ска све́ти Ѓо́рѓи. О́н ѝ-нарача́л: „Ако-засни́јам, а-ла́мјата до́јде, ведна́-

га да-ме-разбу́деш да-ја-уте́пам“. Така́ поска́еќи-го о́н заспа́л и у--то́а вре́ме ла́мјата фана́ла стра́шно да-ри́ка и да-изла́ва поле́ка од-мо́рето. Мо́мата от-стра́ забрави́ла да-го-разбу́де све́ти Ѓо́рѓи и почна́ла жа́лно да-пла́че и да-ви́ка. Ка́ко-шо плака́ла, падна́ла--му една́ са̏за на-обра́зо на-све́ти Ѓо́рѓи. О́н от-това́ се-расони́л, стана́л и утепа́л са̏с-буздога́но ла́мјата. Ведна́га по́сле то́а све́ти Ѓо́рѓи исчезна́л, па мо́мата си-отиде́ла до́ма. Ца́ро куга́ научи́л о́ти мо́мата се-куртулиса́ла и ла́мјата би́ла утепа́на, зема́л-ја на-си́н--му за-же́на и така́ от-сирома́шка мо́ма стана́ла цари́ца.

Соколарци

Сирома̀о човек

Би́л еден-чове́к но́гу сирома́х. Има́л ше́с де́ца. Нема́л што́ да-ги-ра́не и-тргна́л по-па́т нис-све́то да-тра́же ра́бота. На-па́т го--сретна́л го́спот и го-пита́л: „Еј, чове́ку, каде́ си-тргна́л?“ Чове́ко му-одговори́л: „Тргна́х по-све́то да-тра́жам ра́бота да-ги-изра́нам де́цата, оти-су-но́гу сирома́х“. Го́спот му-ре́кол: „Е̏ј, чове́ку, ја́с ќе-ти-помо́гнам; фа́ни-ја ова́а вре́ќа и ови́а ка́рти, па-ќе-ста́неш бога́т и ќе-си-ги-ра́неш де́цата. Со-ка́ртите ќе-и́граш и се́кого ќе--побе́дуваш, а ако-до́јдеш до-нево́л'а, са́мо ќе-ви́кнеш „а́јде у-вре́ќа“ и се́кој по-бо́жјето и́ме мо́ра да-уле́гне у-вре́ќата и тога́ј ќе--се-спа́сеш од-бе́дата“. Чове́ко ја-зема́л вре́ќата и ка́ртите, отиде́л у-бли́скио гра́т. Та́му почна́л да-и́грае ка́рти и-сѐ победува́л. Спечали́л но́гу па́ри и стана́л бога́т. У-не́кој гра́т треба́ло да-преноќе́ва и отиде́л у-еде́н дуќа́н, а́ма у-то́ј дуќа́н не́што го-изедува́ло. Чове́ко не́-се плаши́л, отиде́л у-дуќа́но; на-по́лноќ доше́л ѓа́воло и му-ре́кол: „Е̏ј, чове́ку, ќе-те-изе́дам!“ – „Мо́жеш, ама ќе-и́граме ка́рти, па́ ако-ме-побе́диш, ќе-ме-ја́деш, а́ ако-те-ја́(с) побе́дам. не́ма да-ме-ја́деш“, ре́кол чове́ко. Ѓа́воло се-согласи́л и игра́ле ка́рти. Чове́ко победи́л. Ѓа́воло сака́л па́ да-го-ја́де. Чове́ко ја-рашири́л вре́ќата и ре́кол: „А́јде, ѓа́воле, у-вре́ќа!“. И ѓа́воло улегна́л у-вре́ќата. Чове́ко почна́л да-го-те́па. Доболе́ло-го но́гу ѓа́воло и ре́кол: „Не́-ме те́пај, ќе́-ти-да́дам еден каза́н па́ри“. Чове́ко се-согласи́л и го-пушти́л. А́ма ѓа́воло одбега́л у-Бе́ло Мо́ре. Чове́ко реши́л да-о́де на-мо́ре и тргна́л. На-сре́т па́т го́спот реши́л да--го-испра́ти свети-Ра́нѓел да-му-ја-зе́ме ду́шата, оти-почна́л да-пра́ве па́кос. Кога́ го сретна́л свети-Ра́нѓел чове́ко, му-ре́кол дека-ќе--му-ја-зе́ме ду́шата. Чове́ко ре́кол: „А́јде, свети-Ра́нѓеле, у-вре́ќа!“

И свети-Ра́нѓел улегна́л у-вре́ќата. Чове́ко го-закопа́л у-зе́мјата (Остана́л зако́пан три́ го́дини). И чове́ко замина́л на-мо́ре. (Го не́мало ѓа́воло). Кога́ чове́ко се-врати́л од-мо́ре, сети́л-се за-да-го-отко́па свети-Ра́нѓел. Свети-Ра́нѓел о́дма ојде́л кај-го́спот и му-кажа́л. Го́спот му-ја-зема́л ду́шата на-чове́ко. Е́те така́ заврши́л сирома́о чове́к.

Горни Подлоѓ

Сирома и Циганин

Би́ло не́кој сирома́ чове́к; оти́шол на-паза́р, улегна́л у-кр̀чмата да-ја́де. Крчма́ро му-да́ва едно́ ја́јце варе́но. Нема́л па́ри да-го-пла́те, остана́л ду́жен. По́сле не́колку вре́ме крчма́ро го-ту́же, наведу́ва-му да-од-ја́јцето ќе-би́ло пи́ле, от-пи́лето коко́шка, коко́шката ќе-изве́де де́сет пиле́нца, пиле́нцата ќе-ста́нат коко́шки, ти́ја ќе-сне́сат то́лку ја́јца по-то́лку дина́ри, и́ма да-пла́те то́лку па́ри. Чове́ко би́ва умисле́н; среќа́ва-го еде́н Ци́ганин и го-пи́та заштó – е умисле́н. Сирома́о распра́ва-му сѐ. Ци́ганино ви́ка да-би́де о́н сведо́к. Кога́ дошло́ вре́ме за-су́до, Ци́ганино закасну́ва. Суди́јата го-пи́та заштó е – закасни́л? О́н, Ци́ганино, одгова́ра: „Ва́ре[x] чени́ца за-се́ење“. Суди́јата му-ви́ка: „Да́ли се-се́е варе́на чени́ца?“ Ци́ганино одгова́ра: „Ако-би́ва варе́но ја́јце коко́шка, би́ва и варе́на чени́ца за-се́ме!“ Тога́ј се-чове́ко ослободе́.

Горни Подлоѓ

Офчар и стара офца

Не́кој-си офча́р има́л-си ста́ра о́фца што-не-мо́гла да-и́де сос-о́фците. Наше́л-е еде́н вӑк и ѝ-ви́ка: „Ќе-те-ја́дам“. – „Штó – ви́ка о́фцата – ме́не ќе-ме-ја́деш, ста́ро ме́со. До́јди ча́с у-тр̀лото, и́мам два́ си́на близна́ка, ќе-да́м е́днио“. И вӑко оста́е – е о́фцата. Ве́черта оти́шол на-тр̀лото и викна́л: „Пати́ла, пати́ла, ме́ѓу два́ си́на лежа́ла!“ Офча́рите изгони́ле-го. Оше́л до-не́где, наше́л еде́н ко́н'. „Ко́н'у, ќе-те-ја́дам“. – „Ја́ди-ме – му-ре́кал ко́н'о – са́мо пребро́ј-ми кли́нците на-но́гата“. Он оти́шол да-му-бро́е. Ко́н'о мӑне и му-и-ска́пе си́те за́би. Ко́н'о побегна́л отӑт, а вӑко продолжи́л

да-и́де. Наше́л еде́н во́л и му-ви́ка: „Ќе-те-ја́дам“. – „Ја́ди-ме – му-ве́ли во́ло – са́мо пребро́ј-ми на-ро́говето ко́лко годи́ни-сам“. И вӑко се-наближи́л, во́ло мӑне сос-ро́говето и го-пр̀тне у-еде́н до́л, и во́ло побе́гне. Вӑко па́к продо́лже да-и́де. Са́ наше́л два́ о́вна каде́ се-би́јат и им-ви́ка: „Ќе-ве-ја́дам“. – „Ја́ди-нѐ, а́ма ра́зде-ли-ни ова́а лива́да“. – „Како́ да-ви-а-де́л'ам?“ – „За́стани на-сре́т; ни́е еде́н отӑт ќе-се-си́леме, дру́г отӑд, ќе-до́еме кај-те́бе, ту́ка ќе-би́де ме́ѓата“. Удри́ле и два́та у-вӑко. О́вните си-оти́шле, а вӑко би́л жи́в и оти́шол по́ната́ка. Наше́л едно́ мага́ре. „Ќе-те-ја́дам“ – му ве́ли вӑко на-мага́рето. – „Што́ ќе-ме-ја́деш, у-ме́н ки́село ме́со, ту́ку кане́н-сам ку́м на-сва́дба, и́ма та́м пече́ни јагни́н'а“. И вӑко ка́че-се на-мага́рето, оно́ увр̀зе-го. Виде́ле-го офча́рите и ви́кат: „Вӑк на-мага́ре, вӑк на-мага́ре!“ Мага́рето уне́ло-го вӑко у-се́лото. Збе́рат-му-се чове́ците и едно́ маа́н'е му-да́дат, едва́ј вӑко искуба́л-се жи́ф. Оти́шол у-плани́ната и седна́л-си под-една́ бу́ка и почна́л да-си-збо́ре: „Та́тко-ми не-ја́л два́ близна́ка, ја́зека ќе-ја́дам; та́тко-ми не-би́л налба́тин, ја́зека ќе-би́дам; о́н не-би́л инџеле́р, ја́зека ќе-би́дам; о́н не-би́л ку́м, ја́зе ќе-би́дам; да-и́ма сӑк не́кој да-ме-уда́ре и да-не́-ми-кажу́е заштó!“ Офча́ро слушна́л и утепа́л-го.

Горни Подлоѓ

Маш и жена

Не́кое вре́ме има́ло не́која же́на и ма́ш. О́ни нема́ле-си по́рот. Же́ната моли́ла-се да-и́ма едно́ де́те да-го-чу́ва дока́ј по́јде у-шко́ло, по́сле да-си-го-зе́ме го́спо. Го́спо се-смилува́л и по́сле изве́сно вре́ме о́на ро́де же́нско де́те. Чува́ла-го се́дум годи́ни. Пр̀вата де́н при-поваѓа́н'ето на-шко́лото сретну́ва-го де́тето еде́н ста́р чове́к и ви́ка на-де́тето: „Моми́чко, на́-ти де́до ова́ја ја́бука, ко-ќе-си-о́диш до́ма да-а-да́деш на-ма́јка-ти и да-ѝ-ре́чеш да-спре́ма да́ро што-тре́ба да-го-да́де“. Де́тето кога́ се-врна́ло до́ма, забра́ве да-ка́же на-ма́јка-си. Игра́еќи за́губе ја́буката. Та́ка и дру́гио де́н. Тре́ќио де́н го-сретну́ва моми́ченцето та́ј ста́р чове́к. О́н да́ва-му ја́бука и прсте́нче на-ра́ката и па́ му-ре́че: „Да ка́жеш на-ма́јка-ти да-го-спре́ма да́ро што-тре́ба да-го-да́де“. Иде́еќи-си до́ма де́тето па́к забра́ве да-ка́же на-ма́јка-си. До́бро, а́ма ма́јка-му ви́де прсте́нчето и ја-пра́ша: „Ќе́рко, откаде́-ти о́ва прсте́нче?“ Де́тето ѝ-кажу́ва: „Ма́јко, ова́ј-је тре́ќи де́н како́ ме-сретну́ва еде́н

ста́р човѐк и ми-ви́каше да-ка́жам на-ма́јка-ти да-го-спре́ма да́ро што-го-е-такса́ла“. У́тре саба́јлето же́ната обле́че-го де́тето уба́во и пра́те-го на-шко́ло и му-ре́че: „Ако-те-сре́тне ста́рио де́до, да-му-ка́жеш: „Ма́јка-ми ре́че да-си-го-зе́меш да́ро што-е-го-такса́ла“. Де́тето сретну́ва-го ста́рио де́до и му-кажу́ва ду́мите на-ма́јка-си. Де́дото го-благосо́ви де́тето: „Кога́ ќе-се-сме́еш, трендафи́л да-цвѐфте; ко-ќе-пла́чеш, бисе́р да-ро́неш; кога́-ќе-збору́еш, сре́бро да-блу́ваш“.

Виница

Од вар момиче

Има́ло едно́ вре́ме еде́н де́до и-една́ ба́бичка. Нема́ли де́ца. Направи́ли-си од-ва́р моми́че, остави́ли-го на-си́до да-сто́е. На-со́н виде́ли, не́кој им-ре́кал: „Дуне́те-му у-у́стата на-де́тето и-ќе-оживе́е. А́ма ќе-гле́дате по-па́то кој на́јнапрет ќе-поми́не, на-не́го ќе-го-да́дете“. О́ни гледа́ли, гледа́ли, помина́л еде́н ста́р ко́н. Уве́ли-го у-дво́ро, оседла́ли-го, промени́ли-го уба́во ко́но и-качи́ли дево́јчето. А́ма му-ре́кли на-де́тето: „Де́ка ќе-те-одве́де ко́но доде́ка не́-ти ре́чат „од-ва́р моми́че“ не́ма да-ду́маш“. Ко́но би́л от-ца́рските ко́не, остаре́л и-го-напади́ли. Ко́но тргна́л и-си-оше́л у-ца́рските дво́рове. Кога́ го-виде́ли слу́гите ко́но сос-дево́јчето, оти́шли, кажа́ли на-ца́ро: „Ко́но што-го-напади́ˣме дојде́-си и-но́се едно́ дево́јче на-не́го“. Ца́ро заповеда́л да-го-одве́дат каде́ не́го дево́јчето. О́н го-пи́та: „●ткаде́-си?“ – а-о́но ни́што не-ду́ма. А́ма ре́кли-си, сраму́ва-се, затова́ не-ду́ма. Аресе́л-го дево́јчето ца́ро и-го-зема́л за-же́на. Не́колку вре́ме помина́ло, дево́јчето не́ма да-ду́ма; остави́л-го ца́ро и-го-наре́кли „не́мата цари́ца“. Стави́л-ја у-една́ со́ба и-остави́л-ѝ слуги́нки да-ја-слу́гуват. И-се-ожени́л за-дру́га ца́ро. Слуги́нките сѐ а-гледа́ли през-вра́тата што-пра́ве не́мата цари́ца. Не́мата цари́ца си-ре́кла да-ѝ-до́јде г'ерг'е́ф. И г'ерг'е́ф доше́л. И-му-ре́кла: „Згло́би-се, г'ерг'е́ф!“ Згло́би́л-се. „У́ши-се, г'ерг'е́ф!“ И-о́н уши́л-се. „Уде́ни-се, и́гло!“ Не́ќела́ да-се́-уде́не. Ѳрли́ла-ја зад-вра́тата. Викна́ла-ја и́глата, о́на не-доа́ѓа. Пресе́кла-си но́со и-прати́ла-го по-и́глата и-но́со доне́л и́глата. Слуги́нките гледа́ли сѐ што-прави́ла не́мата цари́ца и-ошли́ кажа́ли на-но́вата цари́ца сѐ што-виде́ли. О́на ре́кла: „И-ја́ така́ ќе-на́правам“. Накара́ла слуги́нките, доне́ли г'ерг'е́ф. „Згло́би-се, г'ерг'е́ф!“ О́н не́ќе. Згло́би́ли-го слуги́нките. „У́ши-се, г'ерг'е́ф!“ О́н па́ не́ќе. Уши́ли-

-го слуги́нките. „У́дени-се, и́гло!“ Ѝа не́ќе. Фрли́ла и́глата зад--вра́тата, пресе́кла-си но́со, прати́ла-го да-доне́се и́глата. И-о́н не́ќе. И-остана́ла о́на без-но́с, кр̥ф поте́кло од-но́со. Врза́ла-го но́со и-ве́чер куга́ доше́л ца́ро, како́ ја-ви́де така́, пи́та слуги́нките: „От-што́-е така́ цари́цата?“ О́ни му-кажа́ли што́ виде́ли од-не́мата цари́ца, што́ направи́ла о́на, и-но́вата цари́ца сака́ла да-напра́ве, ама-не-могла́. И-ца́ро ја-напади́л и-се-ожени́л за-дру́га. И-слуги́нките па́ гледа́ли у-не́мата цари́ца што пра́ве. Не́мата цари́ца ре́кла (помисли́ла): „Пре́сеј-се, бра́шно“. И-се-пресеја́ло. Па́ си-помисли́ла: ме́си-се, ле́п. Се-умеси́л и-о́н. По́сле ре́кла: „У́гори-се, фу́рно!“ Угоре́ла-се. Расплѐла-си ко́сите, изме́ла фу́рната. „И́спечи--се, ле́п!“ И-о́н се-испе́кал. „На́вали-се, о́г'ин!“ И-се-навали́л. Стави́ла та́ва сос-зејти́н, стави́ла-си ра́ците у-зејти́но, стана́ли две́ ри́би. Слуги́нките ошли́ и-кажа́ли на-но́вата цари́ца што-е-направи́ла не́мата цари́ца. О́на ре́кла: „Това́ не́-е-ма́чно, и-ја́ ќе-го-на́правам това́“. Доне́ли слуги́нките бра́шно. „О́сеј-се, бра́шно!“ О́но не́-се се́е. О^{т}сеја́ли-го слуги́нките. „За́меси-се, ле́п!“ О́н не́-се замесу́ва. Замеси́ли-го и-не́го слуги́нките. „У́гори-се, фу́рно“. Не́-се уго́рува. Угоре́ли-ја слуги́нките. Расплѐла-си ко́ста да-ме́те фу́рната. Се́та ко́са изгоре́ла. Стави́ла та́ва на-о́гино сос-зејти́н, стави́ла ра́ците у-зејти́но, изгоре́ли ра́ците. Врза́ла ра́ците, врза́ла гла́вата. Ве́черта доше́л ца́ро при-не́а. Како́ ја-ви́де ца́ро вр̥зана, пи́та слуги́нките от-што́ е-така́ стана́ла. О́ни му-кажу́ват што́ виде́ли од-не́мата цари́ца и-што́ направи́ла о́на, сака́ла да-напра́ве и дру́гата цари́ца, ама-изгоре́ла-се. Напа́де-ја ца́ро и-не́а. И-се́га ца́рскио си́н ќе-о́де на-во́јна. И-кога́ би́ли на-почи́фка, испра́ќат ца́рскио си́н еде́н слу́га да-му-напу́нат од-до́ма две́ пло́ски сос-раки́ја. Оше́л слу́гата до́ма, напуни́ла-му пло́ските не́мата цари́ца. И-куга́ оти́шел слу́гата при-ца́ро и-пода́л пло́ските сос-раки́јата, пло́ските се-удари́ли една́ сос-дру́га и-се-пита́ли: „Те́бе-ко́ј-те напуни́?“ – рекла́ една́та на-дру́гата пло́ска. „Ме́не ме-напуни́ од-ва́р моми́че“, одговори́ла о́на. И-дру́гата ја-пи́та: „Те́бе ко́ј-те напуни́?“ И-ме́не ме--напуни́ од-ва́р моми́че“, ре́кла. Ца́ро се-почуди́л на-това́ куга́ виде́л и-пи́та слу́гата: „Ко́ј-ги напуни́ плоските?“ А-слу́гата каза́л: „Напуни́-ги не́мата цари́ца“. Ца́ро се-зарадува́л и-куга́ се-врна́л и што́м ѝ-ре́кал „од-ва́р моми́че“, о́на задума́ла. И-си-ја-зема́л ца́ро за-же́на.

Виница

Арамијата и царската ќерка

Има́ло еде́н арами́ја. Се́ка годи́на по-една́ мо́ма зима́л. Дошло́ ре́т на-ца́рската ќе́рка. Оше́л арами́јата да-си-ја-зи́ма. А́ма ца́рската ќе́рка рекла́ на-та́тко-ѝ: „На́прај-ми една-ку́ла шо-ќе-не́ма ни-ѓа́м, ни-вра́та, ста́ј-ме та́мо и пра́ти-го арами́јата по-ме́не". Како́ рекла́, така́ ца́ро направи́л. Ко́о доше́л арами́јата со-четири́есе војни́ци, ца́ро прати́л-го пра́во у-по́лето кај-ку́лата. Ца́рската ќе́рка ве́ќе би́ла та́мо зази́дана. Доше́л арами́јата, гле́да-ку́ла ни-ѓа́м, ни-вра́та. Наре́дува на-војни́ците да-искӑцат една-ду́пка у-зи́до. О́ни искӑца́ли ду́пка, а́ма ко́ј како́ мушнува́л гла́ва у-ду́пката, мо́мата со-една-са́бја сѐ му-ја-сече́ла. Разлути́л-се арами́јата на́јпосле и-о́н си-пода́л гла́вата, а́ма мо́мата са́мо го-делна́ла по-обра́зо и арами́јата остана́л-жи́ф. Ца́ро доше́л по-ќе́рката, одве́л-си-ја до́ма и нареди́л да-се-чу́ка бараба́н: ко́ј пр̀ф ќе-ја-потра́же мо́мата, на-не́го ќе-би́де. Тога́ј арами́јата се-преправи́л и доше́л пр̀ф кај-ца́ро по-мо́мата. Ца́ро не-го-позна́л и да́л-му-ја. Арами́јата зе́ме-ја мо́мата и ќини́са по-еден-па́т. Оди́ли, оди́ли по-па́то, дошли́ у-едно-широ́ко по́ле. Зе́ме арами́јата чети́ри ко́лца, поби́е-ги у-зе́мјата и ра́спне-ја ца́рската ќе́рка на-ни́х, а о́н и́де да-соби́ра са́чки да-ја-го́ре. У-то́а вре́ме мина́л по-то́ј па́т ца́рскио керва́н и ќираџи́ите виде́ли-ја распе́ната мо́ма, одврза́ли-ја и скри́ли-ја у-една-ба́ла паму́к, товари́ли-ја ба́лата на-ками́лата и тргна́ли да-си-о́дат како́ ни́шчо да-не-би́ло. Ко́о се-врна́л арами́јата от-са́чки собира́н'е, гле́да – мо́мата ја-не́ма. Зӑгна́л-се по-ќираџи́ите, стигна́л-ги, пребрка́л-ги, ама мо́мата не́-ја-наше́л. О́на за́едно со-ќираџи́ите врна́ла-се кај-та́тко-ѝ и но́гу годи́ни ве́к векува́ли.

Панда Манасиева 73 г. (Драган Јаџатов)

Штипско

Штип

Брат и сестра

Има́ло еден-ма́ш и една-же́на. Ма́жо купи́л две́ гулапчи́ња. Тури́ла ги же́ната у-та́вата да-ги-ва́ре сос-ори́с. Е, седна́ле да-вече́рат. А-о́на кога-ги-уготви́ла, едно́то гулу́пче изе́ла ѝ-го-ма́чката. И же́ната пресе́кла-си-а гра́дата, и-кога́ да-вече́рат тури́ла

гра́дата пред-ма́жо-ѝ да-ја́дат. И о́н ѝ-ре́кăл: „О́ти, мори-же́но, прет-те́бе и́ма ко́ски, а-пред-ме́не не́ма?“ О́на му-ре́кла: „Стра́-ме да-ти-ка́жам. Ја́ си-пресеко́ гра́дата, пре́т-тебе а-стави́ за-да-не́-се--ка́раме“. „Ле́ле, же́но, но́гу би́ло сла́тко чове́чкото ме́со! А́ј да--си-ги-зако́леме де́цата, да-ги-изе́деме“. Има́ле две́ де́ца, едно́--мӑшко и-едно́ же́нско. Чу́ле де́цата, зема́ле-си но́ш, и-че́шел', и--сапу́н, и-побегна́ле. Та́тко-им и-ма́јка-им трча́ле, де́цата бега́ле. И-тама́н ги-стаса́ле, де́цата фрли́ле пр̀во сапу́но и-направи́ло-се ка́л. И-о́ни помина́ле ка́лта, и-тама́н ги-стаса́ле, де́цата фрли́ле че́шел'о и-стана́ло тр̀н'а. И-па́ ги-престаса́ле ма́јка-им и та́тко-им. И-де́цата на́јпосле фрли́ле но́жовето и-стана́ло сечи́ло д-им-се--исе́чат но́зите, и о́ни се-врна́ле. Де́цата оти́шле у-пустели́ја, у-го́ра. Та́м има́ло кла́денец и-де́тето (бра́тчето) сака́ло да-се-напи́е во́дичка от-кла́денчето. А-се́стра-му ре́кла: „Не́мој, бра́тче, ќе--ста́неш еле́нче“. О́но не́-е послуша́ло се́стра-си, напи́ло-се во́да и--стана́ло еле́нче. Шо́ ќе-пра́ве се́га се́страта? И-о́на се-качи́ла на--едно-дрво висо́ко, топо́ла би́ла. И-до́шле ца́рските ко́ња сос-војни́ците да-пи́јат во́да. И-о́на е-би́ла го́ре и како-сӑнце греја́ло го́ре, би́ла но́гу уба́ва. И-боја́ле-се ца́рските ко́ња да-пи́јат во́да; гледа́ле у́горе и-плаши́ле-се от-шо-би́ла уба́ва. И-погледна́ле војни́ците и коа-виде́ле уба́ва мо́ма, оти́шле и-кажа́ле на-ца́ро. Како́ ќе-а--изла́же ца́ро се́а? Пра́те една-ста́ра ба́ба у́ш ќе-пе́ре. И-туга́ј о́на (ба́бата) стави́ла на́опуку пироста́јата и-ко́тело. И-мо́мата озго́р се-провикна́ла на-ба́бата: „Ба́бо, не-така́, на́опоку ста́ваш ко́тело и-пироста́јата“. А-ба́бата ре́кла: „Сле́гни, мори-че́до, да-ми-ка́--жеш, на-ба́ба не́-и-се-ви́де“. И-слегна́ла мо́мата, и-туга́ј а-излажа́ла ба́бата, и-а-одве́ла при-ца́ро да-му-би́де же́на. И-коа-си--спа́ле на́вечер, до́шло еле́нчето (бра́тчето) и вика́ло: „Во́а е-на--ба́те но́гата, а-во́а на-да́да“. И-плака́ло еле́нчето (бра́тчето). Не́--ѝ-се досвиде́ло на-слуги́нката (о́на би́ла Ци́ганка), и-стана́ла о́на тури́ла рагу́ша на-буна́ро и с-удави́ла у-буна́ро мо́мата. А-на-ме́сто мо́мата легна́ла у-посте́л'ата Ци́ганката. И-до́шло еле́нчето и--кажа́ло: „Во́а-е на-ба́те но́гата, а-да́да-е у-буна́ро удаве́на“. И-туга́ј дозна́л ца́ро оти-е-мо́мата удаве́на и-а-рашчепи́л Ци́ганката на--два́ ко́ња.

Штип

Мојата младос

Роде́на-са̄м у-Шчи́п и-мо́мчето ми-е-шчипја́нец; од-де́до, пре́-дедо ста́ри би́ле шчипја́ни. Кога́ бе́ˣ дево́јче, се́деˣ на-ча́рдако, и́маше ста́ри ба́би и-ја́-ги ста́рите ба́би по́скаˣ на-са̄́нце. И како́-да--ме-ви́дат ерге́ните, свика́а и ја́зека с-излажа́, стана́ и поѕрна́ от--ча́рдако да-ви́дам ко́и ерге́ни-са. И туга́ј ре́кло мо́јто мо́мче (шо--ме-зема́): „Ја́ ќе-а-изла́жа, ќе-гле́дам да-а-зе́мам“. О́н како́-ќе -напра́ве: викна́л една-же́на, друга́рска ма́јка, како-стројни́к на--та́тко-ми да-ка́же. И-туга́ј та́тко-ми рече́: „Ќе-пи́там у-гра́до ка́ко-е мо́мчето, да-не́-е пијани́ца или-комарџи́ја (ни́е бе̄́ме у-Но́во Се́ло, а-мо́мчето се́деше у-гра́до)“. Ојде́ та́тко-ми у-гра́до, пита́л двуи́ца све́т, прија́тели: ка́ко-е мо́мчето. О́ни му-ре́кле: „До́бро-е мо́мчето, не́ма-си ма́јка, и́ма-си па́рички, и́ма-си ку́ќичка“. И туга́ј та́тко-ми одобри́. Бе́ˣме на-една-сва́дба, бе́хме та́мока на-сва́дбата и ве́черта фана́ме-се да-игра́еме ши́рто (фа́лс) и-така́ се-запозна́ме. И мо́мчето усигури́-се оти ќе-би́де ва́а ра́бота. И-оше́л до́ма, ка-жа́л на-та́тко-му: „Та́те, ја́ бендиса́ едно́ дево́јче уба́во, ќе-го--зе́мам, у́тре стројни́к ќе-пра́там“. И та́тко-му согласи́л-се. И--дојдо́а една-ве́чер и-направи́ме годе́ш. А́ се-годи́ме, стана́ во́јна, Ту́рците коа-бега́а. Дојдо́а Бу́гарите и го-зема́а војни́к. Венча́ме--се и-по́сле ојде́ војни́к. И-ме-остави́ три́ не́дели неве́ста. Војни́к биде́ де́вет ме́сеци. И-по́сле кога-дојде́ до́ма, де́тето се-роди́. О́н дојде́ ве́черта и де́тето се-роди́. То́а и́ма се́га четири́есе и пе́т годи́ни.

Штип

Како Трајчо купил масло

Би́ло паза́р и Тра́јчо ра́но саба́јле ојде́л на-паза́р да-ку́пе ма́сло. А́рно а́ма у-џе́по нема́л ни-скрше́на па́ра. Мисли́л, мисли́л шо́-да-пра́е, и на́јпосле текна́ло-му да-се-зака́че за-не́кој сел'а́к. Гледа́л, гледа́л у-едно́ ќо́ше виде́л еде́н Јуру́к шо-прода́ва ма́сло у--една́ тиниќи́ја. Поле́ка доше́л до-не́го и почна́л оддале́ко да-го--вр̄те, пита́л-го како́-му-са-де́цата, же́ната и дру́го. На-кра́јо го--пита́л а́рно-ли-е ма́слото. Јуру́ко кажа́л оти ма́слото е-мно́гу уба́во и о́ти-е за-не́го. Тога́ј Тра́јчо рече́л оти му-е-си́н на-по́по и оти та́тко-му го-прати́л да-му-ку́пе уба́во ма́сло. Тра́јчо е-зема́л

тиниќи́јата со-ма́сло и за́едно со-Јуру́ко тргна́ле на́кај по́повата ку́ќа. Пред-да-уле́зат уна́тре, Тра́јчо му-рече́л на-Јуру́ко да-поче́ка, а о́н со-ма́слото улезе́л кај-по́по и му-рече́л: „О́че, на́двор и́ма еде́н Јуру́к и ма́лку е-чукна́т, па ти-го-доведо́ да-му-поча́теш". – „А́рно, си́нко, ре́чи-му не́ка уле́зе". Улезе́л Јуру́ко, баци́л-му ра́ка на-по́по и тама́н заекна́л да-тра́же па́ри, по́по му-го-стави́л ра́сото на-гла́вата и почна́л да-му-ча́те. Јуру́ко го-уапа́ зми́јата и рече́: „О́че по́пе, ја́с дојдо́ по-па́ри за-ма́слото, а-не́ да-ми-ча́теш". – „А́рно, а́рно, си́нко – рече́л по́по – ќе-ти-поми́не" и па́ почна́л да-ча́те. А Тра́јчо со-тиниќи́јата под-ми́шка ду́у да-го-не́ма. Така́ Тра́јчо купи́-си ма́сло а́ко у-це́по не́маше ни-гро́ш.

(Невенка Јањатова)

Радовишко

Радовиш

Клапух Јован

Има́ло едно́ вре́ме у-едно́ се́ло еде́н сирома́х. Се́то се́ло вика́ле-му клапу́х Јова́н. На-та́ј чове́к не-му-било а́рно оти му-вика́ле клапу́х Јова́н. И чове́ко закол'а́л-си во́ло, направи́л вече́ра, купу́ва ви́но, раки́ја и повику́ва-го се́то се́ло на-вече́ра и мисли́л-си: бе́лки ќе-ме-забра́ват сос-това́ и́ме – клапу́х Јова́н да-ме-ви́кат. До́шле го́сјето и ко́ј како́ дојде́л: До́бро ве́чер, ба́тко Јова́н, а не́кој чи́чо Јова́н! и вечера́ле, пија́ле, заврши́л џуму́шо и се́кој на-излева́јнето вика́л: „Збо́гум клапу́х Јова́н!" и ојде́ле-си. На-чове́ко кри́во му-стана́ло, навечера́л-ги и па́ да-му-ви́кат клапу́х Јова́н. Стану́ва ра́но, товару́ва-си магаре́нцето и о́де на-па́т. Стигну́ва на-по́л па́т и ја́ у́среќа ајду́ти шо-пл'ачка́ле па́ри. Ча́нтите им-би́ле пу́ни па́ри, седна́ле да-ги-де́л'ат, кога́ го-виде́ле оддале́ко уплаши́ле-се, остави́ле па́рите и бега́ле. Клапу́х Јова́н фрли́л ко́жата, това́ра-ги па́рите и вра́ќа-се наза́т, доа́ѓа у-се́лото, виду́ват-го сел'а́ните па́ри но́се и пи́тат-го: од-де́ка ти́е па́ри? „Ко́жата шо-продаде́х" – рече́л-им клапу́х Јова́н. Та́ то́лко ли́-са-ска́пи ко́жите и сел'аните ре́кле: „мо́ре и ни́е ќе-си-зако́леме по-еде́н во́л да-е-прода́деме ко́жата и ни́е". Искла́ле-си воло́вете, однесу́ват-ги ко́жите, а́ма за-ефти́ни па́ри ги-даде́ле. Вра́ќат-се у-се́лото, о́дат-му на-клапу́х Јова́н, истегну́ват-го и шо́ ќе-му-пра́ват на-та́ј чове́к – ќе-гле́дат да-го-одне́ма. О́ни се-согласи́ле се́то се́ло се́кој да-о́де

и да-му-го-напу́нат дво́ро сос-ѓу́бре. Кога-стану́ва клапу́х Јова́н, собѝра-го ѓу́брето у-една́ вре́ќа и тргна́л да-го-прода́ва. Стигну́ва до-не́кое голе́мо се́ло и но́ќта о́колу дванаесе са́ато и о́де на-не́кој бога́т, на-по́ртата чукну́ва. Изле́ва сајбѝјата и пита́л ко́ј-е това́. „Ама́н, приберéјте-ме, но́сам на-ца́ро зла́тото, задоцне́х, не́кој да-не́-ме-опл'а́чка". Приберáле-го, ова́ј ноќе́ска стану́ва, испу́шча-ги бѝшките, искѝнуват вре́ќите и саба́јле ра́но стану́ва сајбѝјата, гле́да – зла́тото го-не́ма, и рече́л на-же́ната. „Же́но, да́ј две́ вре́ќи да-напу́неме од-на́шето зла́то да-му-е-азѝр" и разбудѝле-го ра́но: „А́јде ста́ни, осамна́-се". И това́рат-му вре́ќите. „Чѝчо, а́ј збо́гум" – рече́л клапу́х Јова́н, и ојде́л-си у-се́лото. Кога́ го-виде́ле сел'а́ните еде́н това́р па́ри но́се и пѝтат-го одде́ка тѝе па́ри. „Од-ѓу́брето – рече́л Јова́н –, та́му ѓу́брето го-вѝкат мушму́ли, ќе-вѝкаш: а мушму́ли, а-а мушму́ли! и сѝте тр̏чат да-ку́пат, у́ше еде́н това́р да-ѝмаах у́ште еде́н това́р ќе-прода́дēх". И сел'а́ните се-договорѝле и о́ни да-о́дат да-прода́ват и дватру́јца ојде́ле и почна́ле да-прода́ват. Кога́ изле́ват богата́шите, ко́а отва́рат вре́ќите, истепу́ват-ги едно́ уба́во, вра́ќат-се до́ма у-се́лото и фаљѝле-му-се да го оте́пат, а о́н им-кажа́л: „И вѝе ми-закол'а́хте во́ло, ама́ и ја́с ви-направѝх уба́во".

(Невенка М. Спирова)

Радовиш

Лисицата и ежо

Има́ло едно́ вре́ме една́ лисѝца и еде́н е́ш. Лисѝцата бѝла ку́ма а е́жо бѝл кумашѝн, така́ се-вика́ле еде́н сос-дру́к. Лисѝцата одѝла се́коа годѝна на-по́по на-ло́згето. И та́а годѝна на-кумашѝно е́жо му-вѝка: „Ај кумашѝне, ќ-ѝме-ли на-гро́зге на-по́по на-ло́згето?" „Кума-лѝсо – рече́л ѝ кумашѝно е́жо – ако не-фа́нат ја́с но́го ла́жи не́мам, са́мо трѝ ѝмам". –„А-а, рече́ла кума-лѝса – ја́с ѝмам ла́жи сос-това́ри". И така́ се́коа годѝна на-по́по ло́згето му-го-бера́ле. Та́а годѝна по́по турѝл фа́к. Кога́ ојде́ле ку́мата и кумашѝно е́жо на-гро́зге и едно́ флева́јне ку́мата лѝса фа́ќа-се у-фа́ко. „Са́а кумашѝне, ка́к ќе-ла́жеме у́тре на-по́по?" – рече́ла кума-лѝса. „Е-е, ку́ма лѝсо, ја́с ти-вѝкам а́к нѐ-фа́нат, тѝ вѝкаш ѝмам сос-това́ри ла́жи; а ла́жи са́а" – рече́л е́жо. Лисѝцата му-рече́ла: „Е-е, комашѝне, да́ј от-тво́јте ла́жи да-го-изла́жам по́по". И кума-

ши́но ја-да́ва ва́а ла́жа: „Ку́мо, у́тре как ќе-до́е по́по, ти́ ќе-се-напра́веш умре́на и ќе-те-кло́цне о́н са̏с-ѝогата и ќе-ка́же: ва́а е--умре́на; ќе-те-фр̏ле от-фа́ко, о́н ќе-прошéта низ-ло́згето за-да-ви́де ко́лку грозѓе си-му-изе́ла, и ти́ ќе-избе́гаш“. И о́на го-послуша́ла. По́по ја-фрли́л лиси́цата. Коа ќе-до́а попо́ да-ви́де де́ка а--фрли́л лиси́цата, не́ма-е лиси́цата и си-ви́ка: а-а, проклéта да-си́, излажа́-ме, ама па́ ќе-те-фа́нам ја́с те́бе, че́кај. Дру́гата вечер па́ о́дат на-гро́зѓе-краде́јне и па́ се-фана́ла кума-ли́са у-фа́ко. „Кумаши́не, ја́с па́ се-фана́х у-фа́ко, да́ј-ми една́ ла́жа да-го-изла́жам по́по“. Кумаши́но се-разлути́л: „Та-си́те-ли ла́жи ја́с на-те́бе ќе-ти-ги-да́ам“ – речéл е́жо. – „Ама́н – речéла кума-ли́са – у́ше дене́ска како да-го-изла́жам по́по“. И е́жо кумаши́но даде́л-ѝ-ја ва́а ла́жа: „У́тре по́по как-ќе-до́е, как ќе-го-ви́деш од-дале́ко како́ и́де, ти́ ќе-се-те́глиш, не-мо́ш да-се-испу́штеш. О́н ќе-си-но́се секи́ра; коа ќе-те-уда́ре, ти́ ќе-па́днеш и ќе-се-истр̏гнеш у́баво и о́н ќе--поми́сли да-си-умре́на, ќе-те-вр̏зе, ќе-те-това́ре на-ко́јно, ќе-те-однéсе до́ма, ќе-те-одвр̏зе, ќе-те-фр̏ле чарда́ко и ќе ви́кне на-попади́јата: попади́е, попади́е, и́злези, зе́ми-и та́а лиси́цата на-чарда́ко, ќе-ти-напра́ам па́лто“. И така́ би́ло. Фана́л лиси́цата, однéсол до́ма и ви́ка на-попади́јата: „Попа́дие, попа́дие, и́злези, зе́ми лиси́цата“. Кога-изле́ва попади́јата, гле́да на-чарда́ко, лиси́цата не́ма. „Абе-по́пе, де́ка-ти-е та́а лиси́ца?“ И олан попади́е, то́лко-ли не--мо́жеш да-а-ви́деш, то́лкава лиси́ца“. – „Е́-е, ка́чи-се, по́пе, ти́ да--а-ви́деш, шо́м ја́с не-можам да-а-ви́дам“. Кога-се-качу́ва по́по, лиси́цата а-не́ма, избега́ла. И по́по се-зачу́дува. Два́пати ме-изла́жа та́а лиси́ца ме́не, ама́ ду́ри на-тре́тјо па́т не́ма да-ме-изла́же.

И нава́ѓат-се па́ кума-ли́са и кумаши́но е́жо. И кума-ли́са му--ви́ка на-е́жо: „Па́ ќ-и́демо-ли на-гро́зге?“ „Кума-ли́со, два́пати нѐ--фана́а, стра́х-ме-е“ – речéл е́жо. „Поле́чка ќе-и́демо, ќе-гле́даме де́ка не́ма фа́к“ му-ви́ка ку́мата на-кумаши́но. О́дат па́ на-ло́згето, рипну́ва кума-ли́са преко-тр̏јната и ви́ка: „А́јде, кумаши́не, и ти́ ри́пни се́га“. Кога-рипна́л ку̏маши́но е́жо, па́ѓа о́н у-тр̏јната и не--мо́же да-изле́зе. „Е́-е, ку́мо, ја́с не-мо́ш да-изле́зам, ја́с ту́ка ко́ски ќе-оста́ам, еме́н кума-ли́со, е́л при-ме́не да-се-поздра́веме. Ја́с не-мо́ж да-изле́зам, мо́јте де́ца ти́ да-ги-поздра́веш и ти́ да-ги-гле́даш. А́јде се́га за-после́ден па́т да-се-прегр̏неме, ја́с ту́ка ќе-оста́нам“. О́де кума-ли́са да-се-поздрава́т, тама́н прегрнува́јќи-го фа́ќа са̏с-но́ктите и обесу́ва-ѝ-се на-му́цката и така́ изва̏ди́ла-го кома-ши́но от-тр̏јната. И о́де кума-ли́са низ-ло́згето да-се-собе́ре за-ја-де́јне, но́се-го и е́жо, оти-бо́цките ѝ-се-зарија́ле у-му́цката и не--можéла кола́ј да-го-отка́че. Виду́ва-а по́по – „а́-а-а проклéта да-

-си! та́ и-зо́бник си-но́сеш“ – викна́л по-не́а. Згону́ва-а по́по и бе-га́јќи лиси́цата рипну́ва преко-тр̑јната, отка́чува-се и е́жо од-му́цката и избе́гават жи́ви и дву́јцата.

(Невенка М. Спирова)

Радовиш

Двете врапчина и мрзливио

Две́ врапчи́на направи́ле-си седа́лко у-ло́зѓето на-еде́н мрзли́ф чове́к. Седа́лкото им-било ба́ш у-срет-ло́зѓе под-една́ грму́шка. Дујде́ло вре́ме да-се-ко́пат лозѓи́ната. Се́кој шо-има́л ло́зѓе ујде́л пр̑во да-го-огри́ба, па-по́сле да-го-кро́е и да-го-ко́па. Ујде́л мрзли́вјо чове́к у-ло́зѓето да-го-огри́ба. Флезе́л у-ло́зѓето и пра́во ујде́л под-едно́ др̑во шо-го-има́л у-ло́зѓето, па-седана́л ма́лко да-се-одмо́ре, оти-од-дале́ко иде́л пе́шки. Шом-го-виде́ле врапчи́ната, излета́ле от-седа́лкото, застана́ле на-вр̑о на-др̑вото и почна́ле да-си-ви́кат: „Ај море-домаќи́не – рече́ла-му вра́бицата – ку́ќата на́ша ујде́, ја́-го га́здата на-ло́зѓето, дујде́ да-го-огри́ба ло́зѓето. Ќе-ни-го-на́јде се́далкото и ќе-ни-го-раси́пе“. Вра́бецо ја-утешува́л: „Ка́ко-е го́спот, домќи́нко, не́-е ни́кој. Бе́лки ќе-нѐ-пожа́ле и не́ма да-ни-го-раси́пе седа́лкото“. Зе́мјата би́ла но́го тв̑рда и не́-го копа́л га́здата. Рече́л-си да-поче́ка не́кој до́ш, па по́сле да-го-ко́па. Наја-де́л-се уба́во под-една-се́нка, напија́л-се ви́нце, испуши́л едно-лу́ле са̑с-туту́н, заспија́л и истера́л еде́н со́н ка́ко па́ша. По́сле стана́л, расони́л-се и поздрави́л-се с-ло́зѓето. Ујде́л-си до́ма. По неко̄-неде́ла текна́ло-му на-чове́ко да-о́де у-ло́зѓето ба́рем да-го-кр̑ое, па а́ко не́-е скопа́но. Закачи́л-го со́рчето за-по́јасо, префрли́л-ја то́рбата пре́ко ра́мото, и стигна́л у-ло́зѓето. Пр̑во седна́л под-др̑вото да-се-одмо́ре. Вра́бецо и вра́бицата уплаши́ле-се да-не́-им-го-раси́пе седа́лкото. Стопа́но на-ло́зѓето наја́де́л-се, напија́л-се са̑с-ви́но, испуши́л едно-лу́ле са̑с-туту́н и па́ си-легна́л. По́сле го-фати́ла мрзе́вата и рече́л-си: „Мо́ш-па ло́зѓето по́веќе ќе-ро́де, а́ко не́-е копа́но!“ Ко-би́ло вре́ме за-копа́јне и за-праше́јне, ујде́л мр̑зло, ама па́ беше-го-фати́ла мрзе́вата и вр̑нал-се, а седа́лкото на-врапчи́ната остана́ло не́раси́пано. О́ти не́-било работе́но ло́зѓето изникна́ла висо́ка тра́ва ко́лко ло́зѓето, па-си-рече́л: „Мо́ре, а́ј да-а-запа́л’ам тра́вата“. Шом-го-чуја́ле врапчи́ната, би́ле си́гурни оти мр̑зло ќе-е-запа́ле тра́вата, оти за-пале́јне е-ле́сно. Скорна́ле-ги

мале́нките пиле́нца, одлета́ле на-дру́го ме́сто. Мр̑зло истресе́л-го лу́лето у-ло́зѓето у-тра́вата, дувна́л не́колко па́ти и запали́л-ја це́лата тра́ва. Ни-ло́зѓе остана́ло, ни-гро́зѓе, ни-седа́лко на-врапчи́ната. Ја́, ка́ко мрзли́вјо чове́к е-по́до́лен од-две́ врапчи́на.

(Ленче Марковска)

Радовиш

Маската, ва̑ко и лисицата

Е́ден де́н лиси́цата оди́ла низ-го́рата и сретна́ла е́дна ма́ска. Но́го се-исплаши́ла и избега́ла. Доде́ка така́ бега́ла, сретна́ла-го ва̑ко и раскажа́ла-му дека-виде́ла е́дно но́во живо́тно, ама не-зна́ ка́ко се-ви́ка. Туга́ј ва̑ко рече́л: „Да-и́деме за̑дно да-ви́деме“. Дву́јцата ујде́ле кај-ма́ската. О́на и на-ва̑ко му-изгледа́ла чу́дна. Туга́ј лиси́цата ја-пита́ла ма́ската ка́ко се-ви́ка. А ма́ската гледа́јќи да-не-настра́да, така́ одговори́ла: „Не́-го зна́м сво́јто и́ме на-па́мет. А́ма ако-зна́ш да-чита́ш, погле́дни-ја мо́јта де́сна са́дна но́га, на-неа пи́ше мо́јто и́ме“. – „О го́споди – издијна́ла лиси́цата – ја́с-сум непи́смена, а ба́ш са́кам да-зна́м ка́ко се-ви́каш“. – „Пу́шчи-ме туга́ј ме́не – рече́л ва̑ко – ја́с зна́м да-чи́там.“ Ма́ската му-ја подаде́ла са́дната де́сна но́га, а кли́нците на-по́тковицата по-ма́лко личе́ле на-бу́кви. „Не́-ги гле́дам у́баво бу́квите“ – рече́л ва̑ко. „Туга́ј до́јди по́бли́ско – одговори́ла ма́ската – оти бу́квите са̑-но́го ма́ли“. Ва̑ко дујде́л, приближи́л-ја́ гла́вата да-ги-ви́де по́у́баво бу́квите на-но́гата. Сега́ ма́ската клоцна́ла-го и удри́ла, шо-о́н падна́л умре́н. Лиси́цата наедна̑ч си-ујде́ла, а по-па́то си-рече́ла: „Ду́ри и пи́сменјо поне́когаш не́-е дово́лно ака̑нли́ја!“

(Ленче Марковска)

Радовиш

Снегурка

Не́когаш си-живеја́ле де́до и-ба́ба у-е́дна ма́ла коли́пка. На-коли́пката има́ло едно-мале́нко ца̑мче. Де́дото уди́л да-ло́ве ри́би, а ба́бата си-работи́ла нис-ку́ќата. Но́го се-слага́ле и у́баво си-жи-

веја́ле, са́мо им-би́ло те́шко шо-си-нема́ле де́те. Ко̄-заврна́л сне́к, ба́бата излезе́ла во́нка у-дво́ро и от-сне́к направи́ла едно-же́нско дете́нце. Од-ва́глено му-направи́ла о́чички, стави́ла-му но́сче од--мо́ркофче, от-црве́но ко́нче ѝ-направи́ла у́стичка. Направи́ла-ѝ и ко́сичка, па-рече́ла: „Го́споди, но́го ќе-нѐ-зарадýваш а́ко ни-го--ожи́виш то́ва дете́нце". На-дедо го́спот но́го му-се-дожали́ло, ухна́л у-де́тето и рече́л: „Не́ка се-испу́не во́л'ата на-ба́бата и де́дото, не́ка оживе́е то́ва де́те от-сне́к". И у-та́ј моме́нт де́тто оживе́ло. Ба́бата и де́дото му-тури́ле и́ме Снегу́рка, оти би́ло направе́но от-сне́к. Снегу́рка би́ла но́го у́бава и послу́шна мо́мичка. Игра́ла-си са̄с-де́цата од-ни́ната ма́ала. Е́ден де́н дујде́ле де́цата и пита́ле-а ба́бата да́ли ќе-а-пу́шче Снегу́рка да-иде-са̄с-ни́х да-зби́рат су́серки. Ба́бата рече́ла: „Не́ка до́јде, ама да-а-чу́вате оти-о́на е-мале́нка". Де́цата ујде́ле на-ри́до, набера́ле су́серки, напра́виле о́ра-ко́па (оган) и почна́ле да-ри́пат пре́ко о́ра-ко́пата. Рипна́ла и Снегу́рка. А́ма оти-би́ла от-сне́к од-о́гино истопи́ла-се. Дујде́ле-си де́цата, а Снегу́рка а-нема́ло. Раскажа́ле-ѝ де́цата на-ба́бата. И о́на и де́дото плаче́ле три́ де́на и три́ но́ќа за-ни́јната Снегу́рка.

(Ленче Марковска)

Радовиш

Лоша Мара

Има́ло е́дно вре́ме е́ден чове́к. О́н си-има́л е́дна у́бава ќе́рка. На-та́ј чове́к же́на-му умре́ла и донесе́л-си дру́га же́на. И та́а же́на има́ла ќе́рка ко́лко ќе́рката на-ма́жо-ѝ. Ма́ќата би́ла но́го ло́ша же́на. О́на неќе́ла да-ја-ви́де ќерчени́цата. Е́ден де́н му-наре-ди́ла на-ма́жо ка́к зна̄ да-зна̄ да-ја-уни́ште ќе́рката и до́ма да-не--а-ви́де. Ма́жо-ѝ нарача́л на-же́на-му да-ме́се е́дно крава́јче ле́п. Же́ната меси́ла ле́пче от-пе́па̄л. Та́ткото зема́л-ја ќе́рката и однесе́л-ја у-го́рата, тракавали́л-го крава́јчето у-до́ло и ѝ-рече́л на--ќе́рка-му: „Ѝди и зе́ми-го крава́јчето". Доде́ка о́на да-сле́вне да--го-зе́ме, о́н избега́л. И о́на наме́сто да-о́де у-пра́вец на́кај ни́ната ку́ќа, ујде́ла у-спроти́вен пра́вец. Стемни́ло-се и о́на почна́ла да--пла́че у-шу́мата. Виде́ла у-но́кта у-е́дна коли́пка све́те о́гинче и флезе́ла уна́тре. Та́мо има́ло е́дно маче́нце, куче́нце и петле́нце. О́на седна́ла да-вече́ра, а маче́нцето почна́ло да-ви́ка: „Мја́у-у-у, да́ј-ми ма́лко ле́пче". Мо́мичката рече́ла: „Ка́ко да-ти-да́дам; ле́п-

чето е от-пе́пäл“. – „А́ко-е от-пе́пäл“ – рече́ло маче́нцето. Заафка́ло и куче́нцето и на-не́го му-даде́ла од-ле́пчето. Петле́нцето од--гре́дите извика́ло: „Кукури́го-о-о-о, да́ј-ми и на-ме́не ле́пче“ – викна́ло о́но. И на-не́го му-даде́ла. Вечера́ле си́те и ле́гнале-си. На-по́лноќ дујде́ла е́дна ве́штерица и почна́ла си́лно да-тро́па да--ѝ-отво́рат. Мо́мичката рече́ла: „Ку́че, ма́че, пе́тле, шо́ да-пра́вам?“ „По́терај-ѝ да-ти-доне́се е́ден сандăк зла́то“ – рече́ле ку́трето, ма́чето и пе́тлето. – „Доне́си е́ден сандăк зла́то“ – рече́ла мо́мичката. Ве́штерката донесе́ла е́ден сандăк сăс-зла́то и почна́ла па́ да-тро́па. У-тава́ вре́ме петле́нцето извика́ло „кукури́го-о-о!“ И ве́штерката одеднăч избега́ла и сне́мало-а. Ко осамна́ло о́на го--зема́ла зла́тото и у́јде́ла-си у-та́тковата ку́ќа. Ма́ќāта ја-пита́ла утде́ка-ѝ-са ти́а зла́тни рабо́ти. Мо́мичката сѐ ѝ-раскажа́ла по-ре́т. На-ма́ќāта ѝ-би́ло но́го кри́во и посака́ла и не́јната ќе́рка да-зарабо́те то́лко зла́то па и не́а ја-испрати́ла. Са́мо на-не́јната ќе́рка ѝ-месѝла крава́јче од-бе́ло бра́шно. Ко-седна́ла да-вече́ра у-коли́бата, и ма́чето, и пе́тлето и ку́чето ѝ-посака́ле ле́пче. А Ма́ра им--рече́ла: „На-ме́не ми-го-месѝ ма́ма ле́пчето, зашо́ да-ви-да́вам на--ва́с?“ И така́ о́на наја́де́на би́ла, а о́ни – ку́чето, ма́чето и пе́тлето легна́ле-си гла́дни. Ноќе́ска дујде́ла па́к и́стата ве́штерка и почна́ла да-ви́ка да-ѝ-отво́рат. Ма́ра исплаши́ла-се и почна́ла да-мо́ле: „Ма́че, ку́че, пе́тле, шо́ да-ка́жам?“ А о́ни ѝ-рече́ле: „Са́ма ја́ла, са́ма кажува́ла“. Ве́штерката тропа́ла, тропа́ла, скрши́ла-а вра́тата и флезе́ла уна́тре, раскина́ла-а Ма́ра, а цре́вата и-ги-замота́ла о́коло ку́ќичката. Ма́јка-ѝ на-Мара чека́ла, чека́ла, Ма́ра а-нема́ло. Ујде́ла да-ви́де шо́ стана́ло сăс-не́а, сăс-Ма́ра. О́де до-ку́ќичката и те́ра-а Ма́ра. И ве́штерката викна́ла: „Мо́т Ма́ра цре́ва о́коло ку́ќата“.

(Лепче Марковска)

Струмица

Мрзеливата жена

Има́ло не́ко̄ вре́ме ма́ш, же́на и е́дна ќе́рка. Та́а ќе́рка би́ла но́го ајна̣ци́ка, са́мо чека́ла азăр и ни́ка̣ква ра̣бо́та не-фа̣ј́ка́ла. Ма́јка̣-ѝ ме̣те́ла, во́да нуси́ла, ме̣си́ла, пе̣ра́ла, а-о́на ни́што не-фајќа́ла. Пура̣сна́ла, ста̣на́ла мо́ма за̣ жене́не. И дујде́ле ут-дру́го се́ло стро́јници да-а̣-са́ка̣т. И-ма́јка-ѝ и-та́тко-ѝ на-стро́јниците им-

-кажу́ват оти ни́каква рабо́та не-фајќа́ла, са́мо седе́ла и јаде́ла. Стро́јниците се-сагласи́ле и-направи́ле а́рмас. И-удреди́ле вре́ме за-сва́дба. Дојде́ло вре́ме за-сва́дба; дујде́ле сва́товете и-а-зема́ле. У́баво, а́ма у-та́а ка̄шта шо-ујде́ла има́ло гуле́ма та́јфа. Мла́ата невѐста и та́м ни́каква рабо́та не-фајќа́ла. Еден-де́н, два-де́на, мина́ло неде́ли, о́на сѐ така́ си-кара́ла. И еден-де́н седе́ле да-су́кат зе́лник. До́ма би́л и-све́куро и наредѝва на-та́јфата: „Ти ќе-зе́меш те́стто, ќ-о-изме́сеш". На-дру́гата: „Ти ко́рите ќе-усу́каш", на-тре́тата: „Ти́ зе́лнико ќе-наре́даш". Дујде́ло ре́т на-сна́ата: „Ти́, сна́о, шо́ ќе-напра́ваш?" – пи́та-а све́куро. „Јас, та́те, ту́рам на-зе́лнико ду́пка". Испечѐле-го зе́лнико и-седна́ле да-ја́дат. Тури́ле со́фрата и-седна́ле си́те. И-све́куро ги-пи́та: „Ко́ј-шо работи́л на-зе́лнико, та́ј ќе-ја́де". И седна́ле да-ја́дат. На-сна́ата не́ма јаде́не. „Ти́, сна́о, шо́ направи́?" „Ја́с направи́х ду́пка на-зе́лнико" – ре́кла. „Е, ти́ а-ја́ди ду́пката на-зе́лнико". И така́ мина́ло вре́ме. Сна́ата виде́ла о́ти така́ не́ма фа́јде, пучна́ла и-о́на да-рабо́те како-дру́зите. Куга́ дујде́ле та́тко-ѝ и-ма́јка-ѝ на-го́сте, и-о́на куга́ ги-виде́ла де́ка и́дат и-пра́во зема́ла две́те пра́зни сто́мни и-тр̄че ма́јка-ѝ да-а-пресре́те. Ви́ка: „Ма́ле, зе́ми ти́а две́ сто́мни, напа̄ни-и во́да, оти у-та́а ка̄шта ако-не-рабо́таш не́ма ни-јаде́не ни-пие́не". И-туга́ј ма́јка-ѝ и та́тко-ѝ се-зарадува́ле о́ти ќе́рката пучна́ла да-рабо́те.

(Петар П. Влахов)

Струмица

Мрзелива жена

Си-живеја́ле ма́ш и-же́на. Ма́жо ѝ-ви́ка на-же́на-му: „Мо́ри, же́но, пре́ди и-ту́ри пла́тно да-тка́аме". А-о́на му-кажу́ва: „А́-бре, ма́жо, пунеде́лник – пуседе́лник, то́рник – затво́рник, сре́да – за-гре́да, четврто́к – заврто́к, пето́к – за-ма́жуво здра́ве, не́-се-рабо́те, са́бата ќе-си-ми́име гла́вите, неде́л'а-неде́л'а, куга́ да-пре́дам ја́с та-да-ти-тка́ам пла́тно". И-капа́ла, капа́ла и-го́ла устана́ла. И-ви́ка ма́ш–ѝ: „Мо́ри же́но, а-ма́јка-ти те-ви́ка на-сва́дба да-о́даш". А о́на му-кажу́ва: „А́-бре, ма́жо, ка́к да-и́дам ја́с на-сва́дба го́ла-сам". А о́н ѝ-кажу́ва: „Ќе-те-ту́рам у-ќу́по, ќе-те-уднѐсам на-сва́дба". „А́рно ти-текна́, ма́жо, да-ме-ту́раш у-ќу́по" – кажа́ла та́а. И-кла́ва-а ма́жо у-ќу́по, уднѐсува-а на-една-рамни́нка, уста́ва-а та́м и о́де на-ма́јка-ѝ кажу́ва: „Ба́бо, тво́јта ќе́рка не-и́де така́,

са́ка тапа́не“. „Аў, те́к тапа́не да-са́ка, а́јде ујде́јте да-а-зе́мете“, кажа́ла та́а. О́дат тапа́анто на-рамни́нката, седну́ват бли́ско до-не́а. Та́а пода́де-се, па́ се-скри́е; па́ се-пода́де, па́ се-скрие́. О́дат тапа́анто до-не́а. О́на се-усрами́ла и-летна́ла да-бе́га. И-тапа́анто си́те: „О́а, о́а, си́те по-не́а“. И-по́сле засра́мена ујде́ла у-ба́йро и-ма́ш–ѝ по-не́а“. А-пак-сне́к врна́ло. Йде ма́ш–ѝ и ќе-се́дне на-дрвото, ќе-кло́пне ма́лко сне́кче. А-о́на ќе-ка́же: „Ама́н, ми́ли ма́жо, де́јне-но́ќе ќе-пре́дам, са́мо не́м сне́к, студе́но-е но́го“. Па́ ќе-посто́о ма́лко, па́к ќе-тре́сне ма́лко сне́кче, па́ о́на ќе-ка́же: „Ама́н, ми́ло пиле́нце, не-вр́ни сне́кче, но́го е-студе́но“. Ка-усимна́ло, о́ди-си до́ма и-кажу́ва на-не́јнио ма́ш“. „Ма́жо, да́ј буба́ќо да-пре́дам, о́ти-сам-го́ла ви́ќе га́аре!“ И-зи́ма да-пре́де и-се-убле́чува.

(Петар П. Влахов)

Струмица

Лошата сна а

Е́дан чуве́к има́л но́го ло́ша же́на. Ут-ко́ дујде́ла до́ма, ма́јка-му почна́ла но́го да-слабе́е. Де́н из-де́н станува́ла сѐ по́сла́ба. Си́н-ѝ се́кој де́н ја-питува́л: „Ма́мо, ка́к та-гле́да сна́ата?“ Ма́јка-му вика́ла: „а́рно ма-гле́да, си́нко!“ А́рно-ама си́но усети́л о́ти ма́јка-му кри́ не́што од-не́го. И-една́ч кугá пá кути-се́кога ја-пита́л: „Ка́к та-гле́да сна́ата?“, ма́јка-му рече́ла: „Ак-са́каш да-зна́аш ка́к-ма-гле́де, о́стани до́ма скри́шно, ќе-ви́даш“. И си́но е́дан де́н ут-ка-са-јави́л на-же́на-му о́ти ќ-о́де на-рабо́та ме́сто да-о́де поврна́л-се и са-скрија́л на-тава́но. Помина́ло ма́лко вре́ме, на-ма́јка-му ѝ-се-пра́јаде́ло и потера́ла от-сна́ата ле́п. А-сна́ата кажа́ла: „Пу́кни, тре́сни, додека не-испре́даш три́ верте́на, не́ма да-ти-да́м да-ја́даш“. И ќа́-ги-испреде́ла три́те верте́на, па́ потера́ла да-ја́де. А сна́ата кажа́ла: „А-сега́ ма́лку пуигра́ј о́ро и испе́ј една-пе́сна, по́сле ќе-ти-да́м да-ја́даш“. Ма́јката почна́ла да-ѝ-са-мо́ле на-сна́ата: „Ама́н, мури-сна́о, ка́к да-играа́м ка-сам-стара, но́изте не́-ми-држат га́ре!“ А сна́ата кажа́ла: „Аку-са́каш да-ја́даш, ќе-игра́аш!“ И ма́јката почна́ла да-игра́а и да-пе́е: „Така́, бре-си́нко, така́, така́, игра́ам се́кој де́н!“ А сна́ата ка-чуја́ла оти-така́ пе́е, зема́ла сука́лто и почна́ла да-а-те́па оти-така́ пеја́ла. И ма́жо не-муже́л га́ре да-трпа и слегна́л и почна́л да-а-те́па са́с-сука́лто на-же́на-му сѐ додека не-такса́ла оти-не́ма да-пра́а га́ре така́.

Штука

Лисѝцата и мачо́ро

На-мачо́ро досадѝло-му-се без-жена́ и тра́гна́л ка́сме́т да-те́ре. Тра́гна́л по-па́то низ-гора́та и сретна́л-ја лисѝцата. „Ка́де́, бре мачо́ре?“ – рекла́ лисѝцата. „Досадѝ-ми-се беќа́рскио живо́т и тра́гна́х да-те́ра ка́сме́т, да-се-оже́на“ – ре́ка́л мачо́ро. „А тѝ, лѝсо, ка́де́?“ – „И на-ме́не досадѝ-ми-се нема́жена и тра́гна́х да-те́ра ка́сме́т да-се-ма́жа“. Согласѝли-се да-се-зе́мат двујца́та. Мислѝли-се ка́де́ да-ѝдат и решѝли да-о́дат ка́м-лисѝцата. Така́ и направѝли. Едно́ вре́ме огладне́ли и лисѝцата почна́ла да-се-грѝжи за-јаде́ње. Ојде́ла низ-гора́та и виде́ла ка́де́ ва́ко, дѝвата свѝња и ме́чката ја́дат едно́ гове́до. Замолѝла-ги да-ѝ-да́дат едно-па́рче ме́со за-не́а и за-мажа́-ѝ. Фалѝла-го пред-нѝх о́ти е-но́го ѝтро, сѝлно момче́. Sве́рките кажа́ле: „Не́ка до́јде да-го-вѝдиме какво́-е и на́пкун ќе-му-да́деме“. Дојде́л мачо́ро и зафана́л да-ско́ка, да-ло́ве ма̄ј, а sве́рките от-стра́х сѝте бѝле скрѝени. Ме́чката качѝла-се на-едно́ дра̄во, свиња́та зарѝла-се у-шума́ко, а едно́то о́ко и у́ше оставѝла-си-ги од-на́двор. Ва̄ко у-една́ гра́му́шка закрѝл-се и гледа́л от-та́му. Мачо́ро и лисѝцата зафана́ле да-ја́дат. На-свиња́та на-уше́то застана́ло-ѝ ма̄а и мра́дна́ла со-уше́то да-изго́не ма̄ата. Мачо́ро виде́л, мислѝл оти-е-мѝш, скокна́л и фана́л-ја свиња́та за-уше́то. Та́а почна́ла да-цѝка и избега́ла. Мачо́ро исплашѝл-се и пра́во на-дра́во́то, качѝл-се ка́м-ме́чката. А та́а па́ от-стра́х скокна́ла од-дра́во́то и избега́ла. Мачо́ро и о́н от-стра́х слегна́л и скрѝл-се у-дра́му́шката ка́м-ва́ко, а то́ј па́ от-стра́х избега́л, мислѝл де́ка се́га то́ј е на-ре́т. И така́ лисѝцата и мачо́ро остана́ли да-ја́дат са́ми.

(Маргарита Андонова)

Водоча

Снаа и свекрва

Си-бѝле еднѝ сна̄, свекрва и е́дан сѝн. Ко̄–ќе-сдна́ле да-ја̄т свекрвата ќе-ѝ-кажа́ла на-сна́та: „Не-ја́ди о́ти ќе-напра́веш нокеска не́ко̄ рабо́та“. Жа́лничката сна̄ а́ дене́ска, а́ у́тре не-ја́ди и падна́ла като́ пра́чка. Почна́ле чове́ците да-му-гово́рат на-ма́ш–ѝ: „Шо́ ѝ-пра̄ш бе тѝ на-та́ же́на шо-се-то́лко исушѝла“. Чудѝл-се чове́ко

от-шо́ невéстата му-е-таквá. Ојдéл да-му-дáде акăл нéкој мудрéц. Мудрéцо му-кажáл: „Óди ýтре на-пазáр, кýпи еднó нóго слáбичко пи́ле, однéси-го дóма и кáжи на-жéн-ти да-го-згóтве за-ручóк; кō-ќе-сéднете да-рýчате не-тýруви жéнта да-сéдне до-мáјка-ти, áми нек-сéдне до-тéбе“. Кáк шо-му-кажáл мудрéцо, такá и направи́л човéко. Донесéл дóма еднó слáбичко пилéнце, наредúл на-жéна-му да-го-згóтве и óн се-сокријáл на-тавáно. Жéнта го-закол'áла пи́л'то, го-попари́ла, го-искубáла, земáла да-го-сéче и почнáла да-говóре: „Е мóри пилéнце, и ти́ какó мéне, ни́ си-апнáло, ни́ си-саркнáло и такá глáдно и жéдно, такá си-ојдéло“. Дојдéло врéме за-рачóк. Слегнáл мáжо от-тавáно и седнáле да-рýчат, áма жéната не-тури́л да-сéде до-мáјка-му. Седнáла невéстата, нададéла-се. Вечертá пá такá ýбаво се-навечерáла и си-легнáле. Проклéтта свекрва ќе-пукнáла од-мáка и цéла нóќ мисли́ла шó да-напрáве. На-крáјо измисли́ла да-ги-закл'ýче си́но и снăата. Си́н-ѝ станувáл дóцно, а снăта рáно. Ќе-стáне снăта ќе-сáка да-излéзе, áма нéма да-мóже и такá „ќе-напрáве рабóта“ у-одáата, ќе-му-засмрде на-мажо и óн ќе-а-испáде. Такá смисли́ла свекрвата и такá направи́ла. Си́чко такá бидéло, сáмо мáжо станáл пóрано од-жéната тавá сабăле. Кō-видéла свекрвата óти си́н-ѝ станáл пóрáно от-снăта на-мéстото пукнáла. Снăта останáла на-рăт најáдена и напи́на.

(Живка Лазарова)

Сушица

Рибаро и ќерка му на царо

Имáло еднó врéме еди́н рибáр, сирумáх чувéк, живеáл сáмо сус-ри́би. Прудавáл ри́би и припитувáл се с-ри́би. Áма имáл сáмо éдна мáјка, ни́што дрýго немáл. Ути́шел уф-ни́кој грáт нéгде, у-цáрскио грáт дéка живéе цáро. Врвéјќи пóкрај ýлицата, излéгла ќéрка-му на-цáро и-гу-пи́та: „Рибáр, кóлко пáри ри́бите?“ А óн кажáл: „Е, кóлко пáри ри́бте, сáкам да-те-ви́дам бóса до-колéнта и тугáј ќе-ти-ги-дáдам бис-пáри ри́бите!“ И тáа оти́шла, питáла мáјка-ѝ, рекла: „Тáј-е будалá, сáка да-ме-ви́де бóса до-колéнта, си́те ри́би да-ми-дáа“. Му-рéкла: „Ти́ ýтре нéма да-го-ви́деш и óн да-те-ви́де. Нéка-те-ви́де пá ќи-му-ѝ-зéеме ри́бите!“ И такá тáа запрчи́ла-се до-колéанта, видéл-а бóса, дáл-ѝ ри́бите. Ошéл дóма, мáјка-му рéкла: „Дóбро си́не, кáм пăрте од-ри́бите?“ – „Мáле, ќе-

-дǫне́сąм тǫпка па́ри“. „Е а́јде дą-ви́диме“. Дру́к-пąт о́де, па́к и́сто, кąжа́л: „Ду-пулви́нте дą-те-ви́дąм, ќи-ти-да́м си́те ри́би“. И та́а кąжу́ва нą-ма́јка-ѝ па́к. Ма́јка-ѝ дǫзво́л’ва па́к. И о́де, запрчва-се ду-пулви́нте го́ла, ѝ-да́ва ри́бите и си-о́де. Ма́јка-му гу-че́ка. „Си́но – ви́ка-му ма́јка-му – ка́м па́ри?“ – „Ма́ле, то́пка па́ри ќę-дуне́-сąм!“ Е до́бро. И тре́ќи па́т о́де. Та́а па́к. Кажу́ва-ѝ: „Це́ла го́ла дą-тę-ви́дąм, ќę-ти-и-да́м си́те ри́би“. Кажу́ва нą-ма́јка-ѝ – тąка́-ј-тąка́. Ма́јка-ѝ ре́кла: „Ка́к му-и-зима́аме пр̀вите ри́би и ти́е ќę-му-и-зе̋мме“. Ви́ждą-а. А́рно а́ма о́на има́ла нą-де́снąта ци́цкӑ мąсли́нка зна́к. То́ј јą-виде́л. Уд-ма́лку вре́ме ца́ро да́ва тилигра́ма пу-си́те се́ла, гра́дове. Ќę-сę-же́не ќе́рка-му, а́ма ко́ј ќę-позна́е шо́ и́ма не́гувąта ќе́рка ниша́н нą-сна́гąта нą-та́ј ќę-јą-да́де. И ту́ка сę-вр̀ве на́рǫдо, млądе́жо шǫ-о́дąт, о́де и та́ј. А́рнǫ-ама ти́е сити́ли-се, ма́јкąта и ќе́рката шǫ-се́, о́ти та́ј риба́р јą-виде́л и зна́е. Има́ло чети́ри по́рти ǫд-де́к сę-фле́ва. Нą-та́а по́рта нą-стрąжа̋рто кąжа́ла: „Нą-е́ди-си чуве́к ко́а ќę-до́јде, ја́ ти́е па́ри дą-му-и-да́ате и не́ма дą-гу-пу́штąте дą-фле́зе!“ Та́ј о́де ту́ка. Да́вąт-му-и па́рите. О́н о́де нą-дру́гąта по́рта. А́ма и-та́м то́лко па́ри му-да́вąт. О́де нą-тре́ќата по́рта и-та́м то́лко па́ри. Нą-чętвр̀тąта по́рта и-та́м му-да́вąт то́лко па́ри и-си-крину́ва. Не́-го пу́штąт. А́рно а́ма, ęди́н Евре́ин и́де су-едни́ гǫле́ми турла́ци нą-и́н ко́јн ка́чин, ќ-о́де дą-зи́ме ца́рǫва ќе́рка (ќ-ǫ-дą-пǫга́жда ниша́н). Риба́ро му-кąжал: „А бе-ефе́нди, мо́же-ли дą-мę-ка́чеш нą-ко́јн, дą-мę-скри́иш дą-фле́гам ја́с уна́тре, ме́н не́-мę-пу́штąт“. Кąжа́л: „Ќę-тę-ка́чąм, а́ма акǫ-да̋ш ęдна́ ли́ра“. „Е́ве-ти – кąжа́л – две́“, ма́дąм па́ри мно́гу у-не́го. И гу-ту-ру́ва уф-турла́ците. Врзу́ва-гу ǫт-го́ре (широ́ки турла́ци, ма́дąм, да́ęе и ни̋ зąварѝме ęдно́ вре́ме; на́ште бęжа́нци кǫа-дǫјде́а ту́ка, тąкви́ турла́ци но́сеа). И гу-фкąру́ва уна́тре бе́з дą-гу-ви́де, и изле́ва уд-на́тре. И о́н ту́ка. Дǫа́ѓа ре́т и нą-не́го. И о́н ка-о́де та́м, кąжу́ва: „Ца́рскąта ќе́рка и́ма нą-де́снąта ци́цка мąсли́нка!“ И о́п! Куми́сјąта ве́ќе усвǫју́ва пре́длǫго, не́ма ту́ка, ма́дąм то́а-е кле́тва, чи́м ниша́но се-ка́же. И до́бро. Кąжа́ли: „Нąпушту́ва-се ве́ќе, пǫгǫди́-се ве́ќе ниша́но“. Ќę-ą-зе́ма о́н. А́рнǫ-ама не́-се сугласи́ли, сиру-ма́х о́н. Ца́ро не́-се-сугласу́ва. Е, шо́ пра̋аме
-јą-да̋ме нą-не́ко ј мини́стр нą-си́н-мǫ“. Е а́рно. И ре́кли: „Ва́а ве́чер ќę-јą-зątво́рме мо́мąта и нą-мини́стеро си́н-мǫ и та́ј риба́р н-идно́ ме́сто (о́ни не́-го зна́т о́ти-ę риба́р де́, а́ма ни́е гǫ-кąжу́ваме риба́р). Сąба̋л’то мо́мąта кąм-ко́ј ќę-ле́же, нą-то́ј ќę-е“. И ти́ја зątва́рąт-и. А́рно-ама то́ј на́л’ но́гу па́ри, ути́шęл, нąręду́ва-се, дуздису́ва-се кре́мǫве, ра́зни мęри́зби, нąręду́ва-се, чину́ва-се, о́де и кąрąме́ли напӓну́ва-си ęе̋бǫвете, бонбо́ни. И-зątва́рąт. Мо́мąта и та́ј мини-

сте́рскио си́н та́м лęгна́ли-си за́едно, та́ј ту́ка у-тąва́ ќо́ше са́м. А́рно-ąма кąжа́ли-му тąка́: „То́ј шо-пра́а и ти́ тąва́ дą рąбо́теш о́ти ќę-тę-изла́же“. И по-е́дно вре́ме бąја́ги му-сę-приоди́ло по-ну́жда. Вр̄ше ну́жда у-ќо́што, и та́ј вр̄ше. (Кąжа́но-му-е та́ј шо́-ќę-пра̄ и ти́ ќę-пра́јш). Та́ј пучну́ва дą-ја́де бонбо́ни, кąрąме́ли, риба́ро, а та́ј пучну́ва дą-ја́де ѓу́брąто. „А бе-друга́р – кąжа́л-му – ти́ шо́ му-прąви́ нą тąва́ шо-го-искąра́?“ „И́ми – кąжа́л – изде́х-гу. Не́што у-ę́бо тури́х, не́што у-ка́пąта, не́што нą-ту́к нą-та́м, скри́х-гу. У́тре ќи-н-уте́пąт ако-на́а тąко́в ше́ј“. А о́н јąде́л кąрąме́ли и бонбо́ни. И та́ј та́мąка чуве́к угнąси́л-се. Та́а, мо́мąта виде́ла та́ј по́па́метęн и ут-та́м стąну́ва кӓм-та́ј дуа́ѓа, кӓм-риба́ро. Сӓмну́ва. Утва́рąт вра́тта. Кӓм-не́го ле́же мо́мąта. И кąжу́вąт: „О́т тąка́ (ко гу-гле́дąт не́го не́чис, угна́сен)?“ – „Ми́ ви́ја ми-кąжа́ąте о́н шо-рąбо́те и-ја́с тąва́ дą-рąбо́тąм!“ А риба́ро кąжа́л: „Не́, друга́р, ја́с јąде́х кąрме́ли, ја́“ – искąра́л-и. – И си-стąну́ва, зąкąра́л-си мо́мąта, уше́л до́ма нą-ма́јка-му ѝ-кąжа́л: „Ја́ ма́ле, то́пка па́ри и ја́ ниве́ста од-го́ре!“

Стевчо Јованов (Трајан Божиновски)

Банско

Самувила невеста

Си-би́л едно́ вре́ме еде́н чуве́к. Нą-де́но кą-сą-руди́л, нąречни́ците му-претскąжа́ле же́на. Една́та вика́ла „та̄ ќе-би́де“. Дру́га вика́ла „не́ та̄, та̄ ќе-му-би́де!“ А пусле́дната кąжа́ла: „А́јде дą-му-нąре́чиме, дą-да̄ме една́ уд-на́ште мо́ми, една́ сąмуви́лска мо́ма“. Ка́к претскąжа́ле, тąка́ нąпрąви́ле. Де́тто пурąсна́ло ма́ш и тргна́ло дą-си-те́ре же́на. О́ди́л, оди́л, и нą-еде́н мо́с нąва́јѓе еде́н де́до. Та́ј де́до врза́л едно́ ќе́се со-па́ри и ви́ка: „Ко́ј ќе-и-зе́ме пишма́н ќе-би́де, и ко́ј не́ма дą-и-зе́ме па́ пишма́н ќе-би́де!" Чуве́ко и-зи́ма ти́е па́ри и де́ето му-кąжа́л: „Си́нко, дą-си-ку́пąш една́ кра́ва, дą-ą-зако́л'ąш, дą-ą-уде́рąш, дą-сą-пи́кнеш у-не́а и ќе-до̄ еде́н-уре́л ќе-тą-ди́гне и ќе-тę-уднесе нą-едно́ ме́сто де́ка тę-е-сре́ќąта“. И чуве́ко тąка́ нąпрąви́л. Дојде́л уре́ло и го-уднесу́ва нą-една́ ка́рпа, рąсечу́ва ко́ошта и изле́ва. Виде́л една́ ду́пка и сą-пикну́ва у-не́а и па́ѓе пра́во до́ле уф-до́лнијо све́т. Та́м нąва́јѓе една́ ба́ба. О́на вąри́ла три́ кąза́на чо́рба зą-сąмуви́л'те. Ба́бąта гу-пита́ла ка́ дујде́л. О́н па́ ѝ-кąжа́л ка́к шо-би́ло. „Ја́зе-кąжа́ла-ќо̄м зą-во́да, ти́ дą-не́-и-фа́јќąш куфче́зите“. А́рно а́ма, о́н не-издржа́л и утвури́л

е́ден куфче́к и шо́ ќе-ви́де-една́ самуви́ла уд-уба́ва по́уба́ва. Ка-дујде́ла ба́бта, му-а-да́ва за-же́на да-а-но́се на-го́рнио све́т су-за́вет да-не́-ѝ-гу-да́ва самуви́лскио фуста́н. А́рно а́ма пумина́ле гуди́ни и на-тре́тата гуди́на самуви́л'та ра́ѓе ма́шко де́те. И ко́а пеа́ле на-крште́нката, же́на-му се-пумули́ла да-ѝ-гу-да́де самуви́лскио фуста́н едно́ о́ро да-изи́граа. Ку́мо кажа́л „да́-и-го!" Така́ чуве́ко са-излажа́л и о́на му-избегна́ла у-обла́ците.

Банско

Попо и Јосиф

Има́ло едно́ вре́ме тру́јца бра́ќа. По́гуле́мјо бра́т ујде́л у-по́по да-са-гла́ве за-измиќа́р. По́по кажал: „Пиши́н да-са-паза́раме, ќе-ми-рабо́таш дуде́ка ку́кавица да-праку́ка, ко́ј пр́ф ќа-са-разл'у́те на-не́го е́дна фа́ша ко́жа уд-гр́бо за-пи́нци ќа-му-изва́даме". – „А́рно" – ре́кӓл бра́то. Утраде́нта по́по му-даде́л пе́т магари́на д-и́де на-др́ва. Ујде́л бра́то, набра́л др́ва и дукара́л магари́нта до́ма. Пре́д да-и-фне́се у-јӓ́ро, на-си́те им-измија́л но́јсте, А́рно а́ма, по́по са-намрӓшчи́л и рече́л о́т не́-са-чи́сти. Зи́ма бра́то во́да те́карден ги-изми́ва за-да-му-пуго́де на-по́по. Дру́кјо де́н у́ше ут-темни́ца гу-прати́л на-дру́га работа па́ сас-магари́нта. Ќӓ́ са-врна́л, па́ и́стата пе́сна са-пуфтури́ла – треба́ло пу-два́пӓти да-им-ми́ но́јсте на-магари́нта. На-тре́тјо де́н де́тто не-мужа́ло да-издр́же, са-нал'ути́ло, а по́по му-извади́л една́ фа́ша ко́жа уд-гр́бо и гу-напади́л. Дујде́л фто́рјо бра́т и му-ре́кӓл на-по́по от-са́ка да-рабо́те на-бра́тафто ме́сто. А́рно а́ма, и о́н не-мужа́л да-издр́же, са-нал'ути́л, а по́по му-извади́л и на-не́го една́ фа́ша пи́нци уд-гр́бо и гу-пушчи́л. „Чи́м ва́с ва-испади́ – рече́л на́јмале́чко бра́т – са́ е-ре́т на-ме́не; ја́с ќ-и́м да-му-рабо́там на-по́по, па-да-ви́ме шо́ ќа-напра́ве". Дува́ѓа Јо́сиф (така́ са-вика́л на́јмале́чко бра́т) при-по́по и му-кажа́л: „По́пче, бра́ќата-ми не-муже́ да-рабо́тат, не́-ј-арса́, була́ки ја́с ќа-ти-пуго́дам". „А́рно – рече́л по́по – а́ма ак-са-разл'у́таш и на-те́бека една́ фа́ша уд-гр́бо. Пушчи́л-гу и не́го на-др́ва. Ка-са-врна́л Јо́сиф уд-го́рта, растувари́л магари́нта, нареди́л др́вата и зема́л-си балти́та: та́к-ту́к, та́к-ту́к, исечу́ва-им но́јсте на-магари́нта и бутну́ва-и прако-по́ртта у-јӓ́ро. Дува́ѓа-си по́по. „Е́-е, по́пе, ќа-аре́саш-ли са́ ка-им-исчисти́х но́јсте на-магари́нта?" По́по с-пулви́на у́ста ре́кӓл о́ти ареса́л. „Да-не́-са-л'у́таш, по́пе?" – „Не́-са-л'у́там, оли́ан" – кажа́л по́по. Седна́ле да-ру́чат, ба́ш туга́ј де́тто на-по́по

рӑче́ло о́ти му-са-о́де пу-шета́не (пу-ну́жда му-са-ѻди́ло). „Áj, Jо́-сиф, о́j тва́ де́те ра́скапи-гу“ – кажа́л по́по. О́н гу-зи́ма дӗ́тто и гу-фрл'а ут-чарда́ко на-до́ле. Ка-са-врна́л са́м по́по пита́л: „Jо́сиф, ка́м-го дӗ́тто?“, а о́н му-удгувури́л от-гу-фрли́л (дӗ́тто) ут-чарда́-ко. „А бре-Jо́сиф, шо́-си-направи́л, дӗ́тто си-утапа́л!“ – „Е́ми, не́л' ти́ ми-рече́ да-гу-раска́пам“ – кажа́л Jо́сиф и си-излезе́л. По́по са--зафати́л сас-пупади́та: „Пупади́о, на́шта рабо́та не́-а-би́ва, дуде́ка да-пра́ку́ка ку́кавица та́j ќа-ни-расту́ре кӑ́шчата. Áj у́тре сабӑ́ле да--ту́раме ма́jка-ми на-црни́чката не́к кука, бе́лким ќ-ō-испа́даме“. Сабӑ́л'то ка-чуjа́л Jо́сиф от-ку́ка ку́кавица, кажа́л: „Да-т-ибам ступани́цата, у́ш ут-сӑ́-ли ќа-ку́каш, о́ше ма́рта не́-j-дуjде́ла!“ Зи́-ма-си балти́та, та́к-ту́к, та́к-ту́к, прасече́л црни́чката. Изле́ва по́по и ви́ка: „А бре-Jо́сиф, па́ бел'а́ си-направи́л, ма́jка-ми бе́ше на-црни́чката“. – „Ут-де́к да-зна́м? Л'у́таш-ли-са, по́пе?“ – пита́л Jо́сиф. „Не́-са-л'у́там“ – кажа́л по́по и уjде́л при-пупади́та. Пупади́о мури́, загази́ме сас-та́j Jо́сиф; пр̆во утапа́ дӗ́тто, по́сле ма́jка-ми, на-кра́jо и на́с ќа-на-исте́па. Áj да-бе́гаме дуде́к сме-жи́ви да-напрӑ́ме е́н сандắк, да-си-субе́раме не́шчо за-jаде́не и за-пукрива́не и да-бе́га-ме; Jо́сиф не́к-гу ту́ка, ќ–ō-устӑ́ме у-кӑ́шчата“. Jо́сиф запикаса́л от-ќа-бе́гат и са-бутна́л у-сандắко пут-jурга́нто. Дува́ѓа по́по и та́к--ту́к, та́к-ту́к, закува́л сандắко. Сака́л да-си-го-ту́ре на-ра́мото, а́ма не-мужа́л са́м да-гу-ди́гне; викна́л пупади́та да-му-пумо́гне. „Е мо́ри же́но, но́го шӗ́ве си-натури́ла, ди́гаj-ди́гаj, не́-са-ди́га!“ – „Е, по́пе, длắк нӗ́ па́то, ќа-тре́ба да-jа́даме, зема́х фасу́л', бра́шно, ма́лко ма́сло, си́ранце, и че́рги за-пукрива́не“. Тури́л-го сандắко на-ра́муто и тргна́ле. Уди́ле, уди́ле ду-едно́ е́зеро. Та́м седна́ле да--праспи́т. По́по уткува́л сандắко, ко́ уттам изле́ва Jо́сиф. „Е Jо́-сиф, да-да́ Го́спут да-услепӗ́ш, ни́а ут-те́бе бе́гаме, а ти́ па́ ту́ка!“ – „Така́ бе́ше пазарлӑ́ко, де́ка ви́а та́м и jа́зе“ – кажа́л Jо́сиф. Пу вичéрта земáле да-си-ле́гнат. По́по и пупади́та си-легна́ле едно́ ду--дру́го, а Jо́сиф гу-тури́ле по́-на-стра́на. У́кулу срет-но́ќ Jо́сиф ста-ну́ва, тргну́ва пупади́та по́-на-ѻна́м, а о́н си-легну́ва ду-по́по. У--му́рката рипну́ва по́по, грабну́ва пупади́та и фр̆ле у-е́зарто (о́н си--мисли́л от-е-Jо́сиф). Ко́а са-правиде́ле, има́ло шо́ да-ви́де по́по: на-ме́стуто на-пупади́та спй́ Jо́сиф! „А бре Jо́сиф, да-услепӗ́ш Jо́-сиф, така́-ли би́ва да-напрӑ́ш? И́ми пупади́та сам-фрли́л у-е́зарто“. – „Ко́j те̄-кри́ф, зашо́ а-фр̆л'аш? Л'у́таш-ли-са, по́пче?“ – „Е́-е, ка́к да-не́-са-л'у́там, утепа́-ми дӗ́тто, ма́jка-ми, а сӑ́ и пупади́та уjде́ у--е́зарто!“ – „Е́, ти́ на-мо́jте бра́ќа л'упи́ ко́жи ут-гр̆бо, сӑ́ е-ре́т на--те́бека!“ И грбну́ва-си-го по́по и му-изл'у́пува една́ фа́ша ко́жа ут--вра́то ду-га́зо.

ТИКВЕШКО-МАРИОВСКИ ГОВОРИ

Тиквешко

Неготино

Личното Маре

Си-би́ле та́тко и ма́јка. О́ни си-има́ле е́дна ќе́рка, а вика́ле Ли́чното Ма́ре. Ко́га до́шла на-шесна́јсет годи́ни, она како-дево́јче си-зи́ма ѓе́рѓефот сфи́лени ко́нци, о́де у-гради́ната да-ве́зе. Од не́кое вре́ме над-не́а е́дно пи́ле пе́е и ла́фе: „Ли́чно Ма́ре, уба́во Ма́ре, ти ќе-зе́миш мр̀тво мо́мче". О́на плаче́ќи си-и́де кај-ма́јка-ѝ, и на-ма́јка-ѝ ѝ-бе́ше чу́дно о́ти ско́ро си-до́јде од-ба́шчата. Ма́ре ѝ-ви́ка на-ма́јка-ѝ: „Ма́јко, е́дно пи́ле пе́е на́д-мене и ми-ви́ка: „Ли́чно Ма́ре, уба́во Ма́ре, ти ќе-зе́миш мр̀тво мо́мче". – „Ѝх, мо́ри ќе́рко, е́дна-си на-ма́јка, па-за́р да-те-да́јме на-дале́ко". Та́ка до-три́ де́на пи́лето сѐ ѝ-јавуе́ше о́ти о́на ќе-зе́ме мр̀тво мо́мче. Ма́јка-ѝ не-ѝ да́де ни́како да-се-иско́се. А́рно а́ма, о́ште на-гуди́ѝта дојдо́а е́дни не́познати од-не́познато ме́сто, бе́а дванáјсет ду́ши. И му-ви́кат на-ста́рците: „Ќе-ни-го-да́јте ли́чното Ма́ре за-е́ден на́ш дру́гар". Ни́м ка́ко да-му се-фа́на у́стата и а-дадо́а. А о́ни ви́кат: „Тре́ба сос-на́с о́ште се́га да-тр̀гне". Бе́з да-зна́ат за-ка́коф чо́век а-да́ват, а-зи́мат ви́а и тргну́ат. О́дат низ-е́дна плани́на, на-е́дна шири́на се-отва́ра е́дна ду́пка. Фле́ват шести́нта на́прет, фле́ва и Ли́чното Ма́ре и па́ по́-неа шести́ѝта. Се-наоѓа́т на-дру́га зе́мѝа. У-то́а ме́сто има́ло са́мо е́дна ку́ќа и ба́шча. О́ни ѝ-ви́кат: „Ли́чно Ма́ре, ти́-си доведе́на за-у-ва́а ку́ќа, а мо́мчето си-до́е ве́чер, на-ра́бота-е". Ве́черта се-сте́мни. О́на се-на́јде у-ту́ќ сфе́т, бес-на́рот. У темни́цата ду́ри си-до́јде не́јното мо́мче. Каа-си-до́јде, се-поздрави́а и о́н ѝ-ви́ка: „Ти́ ќе-ми-би́деш же́на, и ја́с ќе-ти-би́дам ма́ш, а па ќе-ти-зада́дам е́дно усло́вие, да́ли ќе-мо́јш да-го-испа̄́ниш. У-на́шјот жи́вот ти́ не́ма да-до́неш сфе́тлост, ни-ла́мба, ни-о́ѓин, ру́чук, вече́ра ќе-ти-и́де го́тово. Ја́ саба̄́ле ра́но испа́ѓам, ве́чер си-и́дам. Во́а шо-ти-го-зада́вам, а́ко не́-го-испа̄́ниш, ако-сфе́тлос доне́ш уф-на́шта ку́ќа, ја́ ќе-се-изгу́бам и не́ма да-ме-на́јдиш, доде́ка не-обу́јш желе́зни опи́нци и желе́зна па̣тери́ца, па-ќе-тр̀гнеш по-сфе́тот и та́ка мо́јш да-ме-на́јдиш". Се-води́ле чети́ри-пе́т месе́ци. Е́дна ве́чер му-ви́ка: „Заса́ка ма́јка-ми и та́тко-ми да-ги-ви́дам". О́н ѝ-ви́ка: „У́тре ќе-ги-испра́там дванáјсте друга́ри да-те-одве́дат. Два́ де́на посе́ди, ви́ди-се, па́ ќе-до́јдат да-те-зе́мат". У́трента о́на оти́де со́-ни у-ма́јка-ѝ на́-госје. „Е́х, мо́ри ќе́рко, от-ка́де изни́кна. От-како-

-те-дадо́ме, се́ се-сету́јме на-пи́лто шо-ти-вика́ше "Ли́чно Ма́ре, уба́во Ма́ре, ти́ ќе-зе́миш мр̥тво мо́мче". – „И та́ка, ма́јко, изле́зе. Но́гу ми-е-уба́во, јаде́ње, пие́ње, го́тово ми-и́де. На́-вечер са́мо си-и́де мо́јто мо́мче, саба̄ле изле́ва и не́-знам шо-чо́век-е и шо-ли́це и́ма". – „Ѝх, мо́ри ќе́рко, и то́а-ли-е те́шко. Се́а коа-ци-о́диш до́ма, ќе-зе́миш три́ сфе́ќи и е́дно шпи́рто. На-по́лноќ коа-се-успи́е, за́пали сфе́ќата, ви́ди-го шо-чо́век-е. „Помина́а два́ де́на, дојдо́а друга́рте. И о́на си-тр̥гна со́-ни, па́ си-до́јде до́ма. Со́-неа си-зе́де три́ сфе́ќи и е́дно шпи́рто. Си-до́јде до́ма, ру́чукот го́тов и вече́рта, вече́ра. И коа-се-сте́мни, си-до́јде и мо́мчето. Си-ле́гна и се-у́спа, а не́јзе ѝ-бе́ше ме́рак да-го-ви́де шо-чо́век во́де. Ба́ш на-по́лноќ запалу́е е́дна сфе́ќа и ко́га гле́да – та́коф у́баф чо́век шо-не-може́ше да-се-нараду́е. У то́а вре́ме сфе́ќата изго́ре, о́на од-ра́дос и дру́га запа́ли, и тре́ќата а-запа́ли, не-може́ше да-се-нагле́да. От-тре́ќата сфе́ќа му-ка́пна на-мо́мчето на-ли́цето е́дна ка́пка. И о́н сри́па: „А́х, Ма́ре, со-изма́мка шо-ми-напра́ви, а́ма да-зна́јш оти-не́ма да-ме-ви́диш". И о́дма се-изгу́би. У́трента – ве́чер че́ка-го, не́ма. Та́ка це́л ме́сец поми́на и два́ и три́ помина́а, и го-не́ма, и го-не́ма. А јаде́њето – ру́чук и вече́ра редо́вно ѝ-и́де. По-не́кој па́т од-друга́рте шо а-донесо́а а-призну́ат и а-пра́шат не́што да-н-ѝ-тре́бе. А о́на му-ви́ка: „Ве-мо́лам ако-мо́јште да-ми-на́јдите е́дни желе́зни опи́нци и желе́зна па̄тери́ца". О́ни и-најдо́а и ѝ-донесо́а. О́на бе́ше тру́дна, а́ма па́ тр̥гна да-го-са́ка. Оде́ше но́гу вре́ме по-пати́шта, по-доли́шта, по-пеште́ри и не-може́ше да-го-на́јде. Е́дна ве́чер уф-пеште́рта ѝ-се-ро́ди ма́шко де́те. Ко́а го-гле́да, се́то на-та́тко-му ли́че, се-изметна́ло на-та́тко-му. У́трето го-зави́ва уф-бо́фчата и па́к тргну́е на-па́т. О́де до-е́дна че́шма со-две́ чешму́рки. Од-е́дната чешму́рка тече́ше мле́ко, а од-е́дната ме́т. Та́а че́шма би́ла на-се́стрите на-не́јното мо́мче. О́ни би́ле три́. Саба̄ле иде́ла голе́мата да-ли́е. На-ру́чук иде́ла сре́ѓната, а вече́рта иде́ла на́јмалта. Ли́чното Ма́ре без-да-зна́е си-седну́е на-та́а че́шма да-се-одмо́ре. И́де саба́алето голе́мата се́стра. О́на ѝ-ви́ка: „Ама́н мори-сестри́чко, да́ј-ми от-то̄а тро́а да-се-напи́ам от-шо-би́ло. А́ко не́-ти-е жи́к за́-мене, за-во́а ма́шко де́те шо-го-др̥жам у-ра́ците". О́на не́-а ни́ погле́дна, ни́-пак да́де да-се-напи́е, а́ми се-на́ли и си-оти́де. О́на са́ма не-зе́ да-се-напи́е – два́ пр̥ста у́стата ѝ-изго́ре. На-ру́чукот до́јде сре́ѓната. И-не́јзе ѝ-са́ка и а-мо́ле: „Ми́ла сестри́чко, да̄к па́т сум-патуја́ла, ако не́-ти-е жа́л за́-мене, за-ма́шкото де́те ба́рем, у́стата ми-изго́ре, да́ј да-се-напи́ам". И о́на не́-а ни́ погле́дна, си-на́ли и си-оти́де. При́квечер и́де на́јмалта.

Óше од-да́леко е-мо́ле и ѝ-са́ка: „Óх, мо́ри сестри́чко, две́ дојдо́а и саба̄ј̄ле и на-ру́чук не́-ми дадо́а да-се-напи́ам, и те́бе те-мо́лам, ако-не́ за́-мене за-ма́шкото де́те – да́ј-ми ма́лце да-се-напи́ам“. Óна зи́ма и ѝ-да́ва да-се-напи́е. Ко́га го-гле́да ва́а дете́нцето, ка́а да-е-бра́т-ѝ. Си-нали́ва и си-оду́е до́ма. До́јде мра́к и се-збі́рат за-вече́ра, а и-бра́т-ѝ ѝ-ви́ка: „Зо́што, се́стро, не́ќиш да-вече́раш, да́ли си-бо́лна, да́ли си-лу́та?“ – „Е-мо́ре бра́ту, ни́ су-бо́лна, ни́ су-лу́та, а́ма на-на́шта че́шма се́де е́дна сироти́ца со-ма́шко де́те у-ра́ци, со-желе́зни опи́нци и желе́зна па̄тери́ца, ама де́тто, бра́ту, ка́ко да-си-ти́. Ду́р не́-и-прибе́риме на-со́фра, ја́с не́ма да-се́днам“. То́ги бра́тот на-си́те три́ се́стри му-ка́жа о́ти е-о́на не́говата же́на, ни́јната сна́а. Óна има́ше за́рек, о́на за́рекот го-пога́зи и ја́ се-изгу́би от-кај-не́а, си-до́јду ка́ј-вас. Ѝ о́на мора́ше да-обу́е желе́зни опи́нци и желе́зна па̄тери́ца да-зе́ме; и о́на се́то то́а го испа̄лни́ла, и́дите, зе́мите а, да заживе́јме на́ ново“. Óдат си́те три́ се́стри, си-а-зи́мат сна́ата и си-а-доведу́ат до́ма.

Јанка Темелкова (Илија Филиповски)
Фил 1952 : 41–43

Марена

Ќеѓафко и царската ќерка

Си-би́л некој-ца́р. Ти́а ца́рот би́л сле́п и-и́мал а́јле о́фци. А́рно-ама не́мал о́фчар, и-гла́вил едно-мла́до офча́рче да-му-ги-па́се о́фц^{и}те. Офча́рч^{е}то ги-пасе́ло една-неде́ѓа о́фц^{и}те. Има́ло едно-ме́сто ни́кој што-та́му не́-ги па́сел о́фц^{и}те. Офча́рч^{е}то знае́ло да-сви́ре уба́во, а-на-то́а ме́сто има́ло три́ самови́ли. И-офча́рч^{е}то ги-отеру́е о́фц^{и}те да-ги-па́се та́мо. То́ги самови́ѓте го-виде́ле и-му-ре́кле на-офча́рч^{е}то: „Се́га ќе-ни-засви́риш, и ако-не-нади́граш ќе-ни-би́диш прија́тел, а-ако-ни́ те-нади́граме ќе-те-погу́биме“. А́рно-ама офча́рч^{е}то ги-надигра́ло и-му-ста́нал прија́тел на-самови́ѓте. Ги-отеру́е до́ма о́фц^{и}те и-го-прашу́е га́зд^{а}та (ца́рот) офча́рч^{е}то: „Ка́ј ги-пасе́ше дене́ска о́фц^{и}те?“ Офча́рчето му-кажа́ло на-ца́рот оти-ги-пасе́ло у-самови́лск^{о}то ме́сто. Ца́рот му-ви́ка на-офча́рч^{е}то: „Мо́јте о́чи се-ка́ј-ним, кај-самови́л^{и}те. Шо́ са́каш са́кај са́мо да-мо́жеш да-ги-зе́миш“. Офча́рч^{е}то ги-те́ра у́треден па́к о́фц^{и}те та́мо. Испа́ѓат самови́л^{и}те ка́ј-него и-му-ви́кат не́му, на-офча́рч^{е}то: „Се́га ти́ на́с ќе-не-по́штиш“. Офча́рч^{е}то фана́ло да-ги-по́ште и-пошта́ејќи ги-заплети́ло си́те три́,

му-ги-заплетѝло кóсᵘте на-сѝте трѝ и-ги-врзáло за-едно-дрво. И-му-рéкло на-самовѝлᵘте: „Дéка-се óчᵘте на-цáрот?“ Вѝе (самовѝлᵘте) му-се-молéле: „Сáмо пýшти-нѐ, ќс-ти-ги-кáжиме дéка-се óчᵘте“. Офчáрчᵉто му-вѝка: „Првен кáжите-ми, пóсле ќе-ве-пýштам“. И-самовѝлᵘте му-ги-кажáле óчᵘте: „Ќе-ѝдиш дóма, на-рáфтот ѝма двé јабáки, тѝе-се нéговᵘте óчи“. Момкáрчᵉто óде и-ги-зѝма јабáкᵘте, ѝде кај-самовѝлте и-ги-пýшта. Óни си-óдат дóма, а-офчáрчᵉто си-ги-тéра óфцᵘте дóма. И-цáрот го-пречекýе офчáрчᵉто и-го-прашýе шó направѝло óно. Офчáрчето му-вѝка: „Ги-зé твójте óчи“. И-офчáрчᵉто на-цáрот му-дáва éдна јабáка и-цáрот со-éдното óко превидýе и-му-дáва на-офчáрчᵉто девéјсет и-дéвет отвóри (клучéви). Офчáрчᵉто сѝте фодáи ги-прегледýе, нѝшто нé-го бендисýе. И-му-вѝка на-цáрот: „Дáј-ми-го стóтиот клуч да-ти-го-дáм и вóа óко“. Цáрот му-го-дáва клýчот на-офчáрчᵉто и-прогледýе со-двéте óчи. Офчáрчето óде у-стóта фодáа и-унáтре најдýе злáтно кóнче и чéшма со-двé чешмýрки – éдната срéбро течéла, éдната злáто течéла. Дéтто го-прашýе кóнчето: „Шó тýка?“ Кóнчето му-кажýе на-офчáрчᵉто: „Откóга постáнал цáрот, јá-сум затворéно“. Офчáрчᵉто се-измѝва от-чéшмите и-станýе половѝна злáто, половѝна срéбро, го-јанýе кóнчᵉто и-бéгат двуѝцᵃта. Áрно-ама цáрот ѝмал мáска пóбрза от-кóнчᵉто. Се-качýе на-мáскᵃта и-се-пýштил по-нѝм, по-кóнчето и по-офчáрчᵉто. До-нéкое мéсто ги-наближýе. Кóнчето му-вѝка на-офчáрчᵉто: „Фрли-го шѝшᵉто со-мáстило да-се-стврóре рéка голéма да-не-мóже да-помѝне цáрот“. Офчáрчᵉто го-фрла шѝшето и-се-створýе голéма рéка. И-пáк бéгат. Áрно-ама цáрот а-помѝнал рéкᵃта и-пáк ги-наближýе. И кóнчᵉто му-вѝка на-офчáрчᵉто: „Фрли-го чéшелот да-се-стврóре планѝна“. Офчáрчᵉто го-фрлѝло чéшелот и-се-створѝло планѝна. И-цáрот éдвај а-помѝнал планѝнта и веќе постáнал, и-му-вѝка он на-офчáрчᵉто оддалéко: „Врáти-се, зéми-си-а блýаста да-нé-те глéдат злáтен и-срéбрен. Офчáрчᵉто нéќе ни-да-чýе. И-óно отѝшло у-нéкое цáрско мéсто. Цáрот ѝмал бáача позáди кýќᵃта. Офчáрчето сéкоа сабалѝна трчéло крзᶜ бáачата и-го-забележѝла цáрската ќéрка. У тóа врéме почнáле да-и-ѝдат стројнѝци. Цáрската ќéрка му-вѝка на-цáрот: „Сѝте што-ѝма ергéни да-ги-собéриш да-помѝнат покрај-кýќᵃта, кój ќе-го-бендѝсам јáс тѝа ќе-бѝде“. Собрáле-се ергéните, поминáле éднаш, нѝкој не-бендисáла. Цáрот óште éднаш ги-извртел, ѝак óна не-бендисáла нѝкој и-му-рéкла на-тáтко-ѝ: „Ѝма óште непоминáто ергéни тýка“. Цáрот наредýе сé што-ѝма ергéни од-мáло до-голéмо да-помѝнат отýка. Пá почнáле да-се-рéдат и

ца́рска^та ќе́рка фр̥ла јаба̑ка на-офча́рч^ето и го-удари́ла. (Офча́рч^ето не́-било облече́но у-зла́тните и сребре́ните али́шта). Ца́рот се-разлу́тил, за́што ќе́рка-му за-офча́рче да-а-да́де, и ги-затва́ра офча́рч^ето и-ќе́рка-му у-е́ден кокоша́рник. Помина́ло некоа-годи́на, ца́рот отвору́е во́јна со-дру́к ца́р. А́рно-ама а-гу́бе во́јска^та. Тре́ќата годи́на ца́рот па́к отвору́е во́јна и-го-ви́ка и-офча́рч^ето. О́но се-вика́ло ќеља́вко. И-кинса́ле у-бо́рба^та. На-Ќеља́фко му-да́ле кри́ф ко́њ. И кинса́ле да-о́дат. Ца́рот на́прет изми́нал со-во́јската. Ќеља́фко го-повику́е зла́тното ко́нче, го-јану́е ко́нчето и а-наближу́е во́јската. Кога-а-наближи́ло во́јската, па́к се-преправу́е со-кри́вото ко́нче. И-во́јниците му-се-смеа́ле: „Ти́ дури-да-до́јдиш ни̑ па́к ќе-се-вр̥ниме“. И-во́јските почна́ле да-се-те́пат. Ќеља́фко се́га го-повику́е зла́тното ко́нче и-о́де у-бо́рба^та. Бо́рба^та почна́ла. А́рно-ама Ќеља́фко би́л на́јсилен и у-бо́рбата го-рани́ле на-ле́вата ра́ка. О́де о́н кај-ца́рот да-му-а-превр̥зе ра́ката. Ца́рот не́-го по́знал. По́сле не́кое вре́ме бо́рба^та заврши́ла, победу́е ца́рот. И Ќеља́фко му-избегу́е бе́з да-го-ви́дат и-па́к си-го-јану́е кри́вото ко́нче. Во́јската го-сретну́е и-му-се-сме́ат на-Ќеља́фко: „Ни̑ победи́ме, а те́бе те-ни́где не́ма“. А ца́рот му-ви́ка: „От-те́бе ни́што не-би́ва“. И замину́ат ца́рот со-во́јската, си-оду́ат у-ца́рск^ите ку́ќи и почну́е весе́лба. Ќеља́фко се-облечу́е у-зла́тните и сребре́ните али́шта, си-го-јану́е зла́тното ко́нче и-о́де кај-ца́рот и му-ви́ка: „Чести́та-ти, ца́ре, побе́ата!“ Ца́рот погледну́е у-ра́ката на-Ќеља́фко и-а-виду́е превр̥ска^та на-ра́н^та. И то́ги ца́рот му-го-поклону́е ца́рството на-Ќеља́фко.

Тасо Тасев 1935 (Божидар Видоески 1962)

Дебреште

Петина синови

Би́ле пети́на сино́ви и-би́ле сирома́си. Се́га о́ни и-поса́кал ца́рот. Ца́рот с-и́мал ќе́рка и-о́н саќал зе́т шо-да-му-на́јт три́ста ду́ши свато́ви и-три́ста ко́ни е́дно вла́кно и-свато́вите во-е́дно ру́бо облече́ни и-токмогла́вци и-еднолі́ко. Би́л то́а ѓа́волот. О́н на́шел та́кви ко́ни и-та́кви чове́ци и-си-до́шол кај-ца́рот на́-свадба. То́га-веќе а̑-зе́ле неве́ста̑та. Испадна́ле од-гра́дот и-и-снема́ло. По-три́ годи́ни ца́рот и́мал три́ гала́би. Ќе́рка-му и-зе́ла со́-неа. И-како-три́те годи́ни нема́ло ни́каков а́бер од-него́ва̑та ќе́р-

ка, пишáла пи́смо на-пр̥виот гáлап. Го-пушти́ла да-му-нóсе áбер на-тáтко-ѝ. Си-дóшол ѓáволот, го-посакал гáлабот. Жена̣та рéкла: „тýка-јe“. Почéкал нéколку врéме, го-немáло и се-пýштил пó-него да-го-бáре. На-стрéде пáтот го-вáнал гáлабот и-го-и́зел, го-гѐтнал. Фтóрата дéн пá напишáла на-тáтка-ѝ пи́смо по-галáпчето. Пá ѓáволот си-дóшол, го-побáрал гáлабот пá. Пá се-пýштил пó-него, го-вáнал и-го-пони́штил. Со-трéќиот напишáла пи́смо пóра̣но, го-пушти́ла; му-напишáла óна на-тáтко-ѝ: „Јá-сум во-éдни стéни; да-нáјдиш јунáци да-ме-спáсат óттука“. Галáпчето оти́шло кај-цáрот. Се-пикнáло на-óн̣акот и-на-цáрот на-скýт се-застанáло. И-цáрот и-побáрал ти́е пéтина синóви. Бáба̣та му-рéкла: „Јá и́мам пéт синóви, ама-се-гóли“. Му-рéкол цáрот на-бáба̣та: „Ти́ да-и-пи́таш што-јунáсто и́маат“. Си-дóшол пр̥виот си́н. Цáрот ѝ-дáл нéшто да-му-ши́е нéкои али́шта. Си-дóшол пр̥виот. Óна (мáјка-му) си-ши́е, си-ши́е нéкои али́шта. „Мáјко, шó-е тóа?“ – „Си́нко, гáќи“. „За-кóго ќе-би́дат?“ – „Кóј-шо-е пóјунак“, му-рéкла. Óн му-рéкол: „Од-мéне пóјун̣ак нéма“. – „Ај-си́нко, шó јунáксто и́маш? – „Јá – рéкол – и́мам јунáксто од-мáјка дéтето г-извадýам“. Éте си-и́ди фтóриот си́н. „Шо-рабóтиш, мáјко?“ „Гáќи ши́јам“. – „За-кóго-се?“ – „Кóј-што-е пóјунак“. – „Од-мéне пóјунак нéма“. „Шó јунáксто и́маш?“ – „Јá јунáксто и́мам: пи́лѐто да-је-у-нéбо̣то ќе-г-удáра со-стрéлкѐта и-пáк ќе-го-пречéка у-рáцѐте“. Сéга трéтиот си-и́де“. „Шó рабóтиш, мáјко?“ „Гáќи ши́јам, туку-шó јунáксто и́маш?“ – „Со-тýпа̣ница да-удáра̣м ќе-напрáа̣м сáрај да-не-мóже ни-мýата да-влéзе“. С-и́де четвр̥тиот си́н. И-ти́ја тáка. „Шó јунáксто и́маш?“ – го-прáша мáјка-му. „Шéс дýши да-јавáат нá-мене за-три́ годи́ни мéсто за-три́ сáта ќе-г-однéсам јá“. Си-и́де пéттиот. И-ти́ја си-рéкол тáка. „Јá јунáксто и́мам за-три́ годи́ни што-е-далечи́на, јá мóжам да-го-чýам што-лáфе“. И-сéга óна му-кажýе на-цáрот. Е пóсле си-кинисáле да-óдат на-ќéрка-му на-цáрот. Нéкој му-рéкол: Кóј се-јáви јýнак на-мáјка шéс дýши да-нóсе? И-ти́ја се-јáвил: „Јá-сум. Четвори́ца̣та јанáле на-ти́ја и-и-нóси ти́ја четвори́ца брáќа. Нéкој од-брáќата рéкле: „Кóј се-јáви јýнак на-мáјка за-три́ годи́ни мéсто мóже да-чýе што-лáфе чóвек? Ти́ја му-рéкол: Јá-сум. Тéрај, уште-мáлце и́ма“. Наближи́ле. Вóја му-ви́ка: „Чéкајте“. Пá нéкој ви́кнал: „Кóј викáше: јá-су јýнак шо-крáде од-мáјка дéте? „Јá-сум“ – рéче éден. „Éне-а – рéкол – у-стéна̣та ќéрка-му на-цáрот“. И-ви́ја оти́шол. Ѓáволот си-спи́и. Ѓáволот би́л бóс, и-ви́ја му-го-вáнал опи́ѝокот, му-го-вр̥лил éдниот кај-шо-сѐнце огрéва, а-дрýгиот кај-шо-сѐнце заóѓа. Ќéрка-му на-цá-

рот а-ўкрал, ја-зе́л и-се-вра́тил. Се-качи́ја на-ти́ја шо-и-но́се ше́стината, по́сле ќе-бе́гаат. Се-се́тил ѓа́волот оти-ја-не́ма не́говата же́на, се-пу́штил да-а-ба́ра. А-ба́рал же́ната-му, и-сти́гнал на-сре́т па́т. То́гај ре́кле: „Ко́ј-е што-се-кажуе́ше на-ма́јка оти-е-ју́нак да-мо́же сос-ту́паница да-напра́и са́рај?“ – „Ја́-сум“ – ре́кол е́ден. Ма́внал сос-ту́паница, напра́вил са́рај. Ѓа́волот прести́гнал и-ви́кнал: „А́ман-те, о́творите е́дно пенџе́ре са́мо да-а-ви́дам“. Ви́ја му-вика́ат: „Мо́ре не-отво́раме“. По́сле си-ре́кле: „да́ј ќе-му-отво́риме“, и-му-отвори́ле. И-ѓа́волот му-а-зе́л. И-ти́ја ре́кле: „Ко́ј се-вика́ше ју́нак шо-мо́же со-стре́лка да-уда́ре и-па́ да-го-пече́ка со-ра́цете да-не-па́дне на́земи?“ И-ти́ја ре́кол: „Ја́-сум“. И-ма́нал со-стре́лката, го-уда́рил ѓа́волот, го-оте́пал ѓа́волот. О́згора па́ѓа на-ца́рот ќе́рка-му и-ви́ја а-пече́кал во-ра́цете да-не-се-уби́е. И-се́га па́ о́дат во-на-ца́рот дво́рот. И-ца́рот ти́ја шо-би́ле пе́тина бра́ќа и-награду́е. И-ца́рот а-пи́та ќе́рка-му: „Ко́го ти́ го-са́каш од-ви́ја пети́ната?“ О́на му-ре́кла: „Ја́ го-са́кам ни́ја шо-ме-носе́ше“. И-ца́рот си-го-зе́л ти́ја за-зе́т шо-а-носе́ше.

Гарниково

Кога се жениле и се мажиле иа педесет години

Уф-ста́рто вре́ме се-мажи́ле, се-жени́ле на-пе́десет годи́ни. Се-то́кмид не́кој, и од-дале́ку ќе-му-би́де неве́стта. Оти́шод по-неве́стта, а́ма коа-курдиса́ле неве́стта да-а-качу́ат на-ко́њот ма́јка-ѝ и-та́тко-ѝ се-расплака́ле. Се-насме́јад о́н и си-поми́слид: пе́десет годи́ни мо́ма и о́што ќа-а-пла́чат! А́рно-ама на-де́до-му и на-ба́ба-му му-падна́ло ма́ка. „Да́ли на́с не́-не-бенди́са, да́ли на-неве́стта се-сме́е?“ – си-ре́кле. И-кани́ле на́повра́ток, на́-гусе. Мо́мчто знае́ло оти-ќе-до́јдат ба́ба-му и де́до-му и и-пра́тид мо́мците та́му на-ца́то де́ка шо-ќе-поми́нат о́ни. И му-ре́код: „Е́денот во́д ва́к да-те́гне – е́денот на́ки да-о́де!“ И ви́а та́ка и-спрегна́ле си́те севга́ри. И коа-наближи́ле де́ото и-ба́бата: „Е́ добру́тро!“ – Добру́тро!“ – Шо́-сте ви́е? – „Мо́мци-сме“. – О́ти ва́ка?“ – Га́зтта ни-ре́че та́ка да-о́риме! – „Ко́ј-ви-е га́зда?“ – Ти́а на-неде́ља шо-му-бе́ше сва́дбата, шо-зе́ от-то́а и-то́а се́ло“. – Ви́диш – ре́код де́ото – у́лаф чо́век е-ви́а, не-гле́аш и-воло́вите ка́ко и-нате́рад да-се-ма́чат“. Коа-изврве́ле ви́а, мо́мцте и-спрегна́ле и́нако воло́вите. Дру́јзте мо́мци шо-му-би́ле и-стре́ле.

Тóа магари́ња̣та коа-и-товара́ле, товара́ле, а-ма́ските си-игра́ат по-ц̣а́ᵉто. И-на-ти́а му-ре́кол̣ óн: „Óти, бре-си́нко, ва́ка магари́-ња̣та дур-пртовре́ни, а-ма́ските си-игра́ат по-ц̣а́ᵉто? – „Е, та́ка ни-ре́че га́зтта“. – На-кóго-сте ви́е? – „На-ти́е чóвек сне-ни́е нанде́ла шо-се-оже́ни“. И-óн му-ви́ка на-синóви-му: „А́, си́нко, у́лаф чóвек, ви́ди се́стра-ви шó нака́па! Ви́а не́-дома́ќин чóвек--е“. Коа-óдат та́му виќе-ве́черта, зе́тот и-пра́ша: „По-кóе ц̣а́де, де́до, дојдóте?“ – Е́ по-тóа ц̣а́де. Туку-зóшто, бре-си́нко, тóа та́ка го-пра́виш ти́: магари́ња̣та товре́ни, товре́ни, а-ма́ските си--игра́ат по-ц̣а́ᵉто; зóшто та́ка пра́виш? И-ти́ шó-се смее́ше тóги ќе́рка-ми кога-а-зима́ше? – „Не́, де́до, не́-ви-се-сме́е ва́с ја́зе, ами-ви́е – седе́ла пе́десет годи́ни и-а-пла́чте; ќе-дóјде ва́кат – седумна́јсет годи́ни ќе-се́де и-са-ома́же, седумна́јсет годи́ни и-а--оже́не. Е-та́ков ве́к ќе-дóјде“. – Ами-волóвите, си́нко, óти е́ден та́тки – е́ден та́тки?“ – Ами-ќе-дóјде ве́к е́ден та́тки ќе-те́гне, е́ден та́тки ќе-те́гне“. – Ами-ќирицѝте óти та́ка“ – Та́ка, та́ков ве́к ќе-дóјде, е́ден нóгу ќе-би́де пртова́рен, а-е́ден-па ќи-игра́е“.

Никодин

Немушти јазик

Бе́ја трóица бра́ќа. Кинисáа, ќе-óдат, ќе-бара́ат живеја́чка. Излегóа како-на-плани́ната. На-плани́ната видóа óг'ин. Óтиде пóстариот да-поса́ка óг'ин. Му-рекóа самови́лите: „Ка́жи-ми штó не́-било?“ И-му-рекóа: „Ќукш!“ Се-стóри мага́ре. Оти́де пóсредниот. И-тóј му-поса́ка óг'ин. И-не́му му-рекóа: „Ќукш!“ И-тóј се-стóри мага́ре. Пóсле оти́де ма́лиот, и-тóј му-ре́че: „Да́јте-ми óг'ин“. И-не́му му-рекóа: „Ка́жи-ни штó не́-било?“ – „Че́кајте да--ви-ка́жа: кога-и́дев вршéа на-е́дно гу́мно; згóра излева́ше жи́то-то, здóла останує́ше сла́мата. Пóсле се-сторѝја ора́и. Пóсле при́јдов на-ре́ката, бе́ше замрзна́ла. И-си-ја-си́мнав гла́вава. Го-скр̊-шив мра́зот со-гла́вата. И-испа́дна една-ѓáолска лиси́ца, ми-ја̣--зе́де гла́вата. Óвде, óнде ја-побр̊кав лиси́цата и-ја-зе́ф гла́вата. И-óна исвр̊ли ве́рман, и-е́ве-го, ви́е пе́јте-го ве́рманов“. И-ми--ре́че: „Ти́ја ѓáволски самови́ли да-и-пу́штат бра́ќа-ти и-да-ви--ка́жат не́мушти ја́зик. И-штó са́кате да-си-зе́мите со-бра́ќата“. И-ти́ја се-зачуди́ја, и-отпушти́ја бра́ќата и-му-кажáа не́мушти ја́зик, се́ да-зна́јат. И-пóсле на́јмалиот ста́на на́јголем. И-се́ му--ка́жа како-би́ло.

Конопиште

Поп и слуга

Си-бе́ше едно-вре́ме еден-по́п. О́н како-чорбаџи́а у-се́дто не́-му се-работе́ше, па-се-договори́а сос-попади́ата да-гла́ват еден-мо́мок. Ка́а шо-се-излафи́а та́ка и направи́а. Мо́мокот ко́дку бе́ше ка́дер си-работе́ше, ги-пасе́ше гове́ата и-пома́дко оре́ше на-голе́мта ни́ва; ма́дко по-ма́дко од-де́н на-де́н о́н а-се́а пчени́ца. Коа-до́јде вре́ме за-жние́ње, мо́мокот се́коа де́н оде́ше на-ни́вата да-жни́е. А́ма пре́д-да-по́чне сос-рабо́та, о́н пр́во ќе-седне́ше пот-се́нката на-една-кру́ша горни́ца у-сре́т ни́ва и-ќе-а-пита́ше горни́цата: „Е́, дене́ска ќе-жни́јме ил-ќе-спи́јме?“ „Че́кај пр́во да-ви́дме шо́ и́ма у-то́рбата туре́но за-јаде́ње“ – ќе-рече́ше кру́шата. Шо́-ќе-ви́де, ка́а се́коа де́н та́ка и-дене́ска ле́п и-кро́мит и у-една-кр́па пи́пер, па-и-та́ка му-удгово́ре на-мо́мокот: „Е, ќе-спи́јме“. Та́ка мо́мчето ца́ла не́деља се-врве́ше на-и́стата ни́ва и-ни́когаш не-жние́ше. Се́коа ве́чер по́пот го-пита́ше: „Ка́ко о́де жние́ќто?“ Ама-мо́мокот у́го и́сто му-одговара́ше: „Па, по́пе, о́ште крайштата и-сре́јто“. Е́ден де́н по́пот ре́кол: да́ј да-и́дам ја́, да-ви́дам шо́ рабо́ти мо́јот мо́мок. Оти́де на-ни́вата и-се-ка́чи на-кру́шта пот-ко́а мо́мокот спие́ше се́коа де́н. Е́те-го мо́мокот каде-и́де, па-си-се́дна пот-кру́шта и-и́стото и-го-ви́ка на-кру́шта. По́пот чу́ се́ шо-а-пи́та кру́шта. Отко́а за́спад мо́мокот, по́пот поле́ко сле́знад на зе́мјата и-си-оти́шол и се́ распра́вил на-попади́ата шо-работе́ше мо́мокот. У́трото му-да́ле по́добро јаде́ќе. Па́ оти́шол на-ни́вата и-па́ и́стото ѝ-го-ве́ле на-кру́шта; ва́нал да-жни́е оти-у-то́рбата има́ше до́бро јаде́ќе. И-та́ка мо́мокот за-два́-дни а-о́жна пчени́цата на-ко́а ѝ-се-врве́ше це́ла не́деља со-кро́мит и-пи́пер у-то́рбата.

Конопиште

Митра турска кадѫна

Ја́зе кога-бе́ мла́т е́рген а-са́ка од-на́што се́ло Ми́тра на-На́јдо Мали́нкин. Ја́зе у-то́ја вре́ме бе́ но́го ли́чен бе́кер. Си́те мо́ми ме-сака́а и-ја́зе сос-си́те си-ла́фе. А́ма Ми́тра го-сака́ла и-еден-Ту́рчин. Ти́ја Ту́рчин бе́ше от-ту́рската вла́с поста́вен како-ту́рско запти́е. Ја́зе не́-а зна́е оти-Ми́тра го-сака́ла и-Ѝ́лаза. Ти́ја Ѝ́лас но́го пеје́ше. У-на́што се́ло има́ше една-ку́ла направе́на на-

-три́ ста́жа и-та́мо седе́а ту́рските запти́ја. Ти́ја И́лас кога-ќе-се-ка́че на-на́јвисо́кото чи́кме, ќе-по́чне да-пе́е. О́н а-пеје́ше на́јного пе́сната:

Пи́јан и́дам од-гра́да
Вели́ко, мори-Вели́ко,
пра́во те́глам у-лива́да...

И-то́ги ќе-ви́кне: „О́, Ми́тро, мо́ме кале́шо". И-Ми́тра то́ги ќе-зе́ме две́ сто́мни шаре́ни и-ќе-кини́са да-о́де по-во́да от-че́шмата за-да-мо́жат да-се-ви́дат сос-И́лаза. А-ја́зе то́ги не-о́де по-ра́бота, са́мо и-гле́да ко́ја мо́ма ка́де о́де. Е́днаш а-ви́ду Ми́тра оде́ше по-во́да и-о́на кога-се-вра́ти от-че́шмата, ја́зе а-пречéка на-па́тот и-ѝ-ве́лам: „И́-и, мори-Ми́тро, шо-те-ли́че кадѓа́на да-би́деш, ша́рен ша́лвар да-но́сиш сос-бе́ло че́вре да-се-покри́еш". О́на ми-ве́ле: „О́ти та́ка ми-ве́лиш?" И-ја́зе ѝ-ве́лам: „О́ти но́го си-ли́чна, и́маш цр̀ни о́чи, и́маш бе́ло ли́це, уба́ва у́ста". О́на ми-ви́ка: „Но́го уба́во ми-ве́лиш, ама то́а се́то на-тво́от гр̀п ќе-се-зби́е. А-пак-ја́зе ѝ-ви́кам: „Ама́н, бре-ја́гне кале́шо, немо́ј да-ми-се-ва́лиш, ја́зе-сум мла́до мо́мче, од-ни́што не́-ме стра́.

По́сле е́ден де́н, два́, Ту́рчинот И́лас ми-ве́ле: „А́јде, ти́ јуна́ку, пред-ме́не". И ја́зе кини́са. О́диме до-пле́мјата на-А́ндо Мино́вски и-то́ги И́лас ме-ва́на за-ко́сата и-ме-наве́де и-по́чна да-ме-те́па. По́сле ме-нате́ра да-о́диме на-ку́лата. Ја́зе кини́са да-о́дам пред-не́го и-се-ми́слам де́ка да-спр̀снам, да-избе́гам. И-та́ка напра́ви. Оди́ме, оди́ме до-Сто́јан Ја́нчев и ја́зе спр̀сна да-бе́гам. И́лас ви́кна: „Сто́ј!", а-ја́зе бе́гам. Вле́гу у-на́шиот дво́р. Има́ше една-ма́ла вратни́чка и ја́зе а-ти́сна та́ја вратни́чка и вле́гу у-на́шта ода́ја. И то́га ту́а до-вратни́чката ове́ше не́што бра́т-ми Па́вле сос-една-те́сла. И-тама́н И́лас се-наве́ди да-вле́зе у-та́ја вратни́чкѧта и бра́т-ми му-ве́ле: „Ка́де, бре-Ту́рчине, сос-те́слата ќе-ти-а-ска́пам гла́вата". То́ги И́лас заста́на на-вратни́чкѧта. Има́ше ста́ри же́ни, дојдо́а и-почна́а да-го-мо́лат: „Ама́н, а́го И́лазе, не́-го те́пај". И-о́ни се-вра́ти до́ма. Та́ка се-спа́си. По́сле една-годи́на И́лас а-зе́ Ми́тра за-же́на. Та́ка Ми́тра ста́на кадѓа́на.

Подлес

Крали Марко и непослушната жена

Коа се скарал со жената и си јавал на коњот оти́шол во Солун Крали Марко. Па му рекла мајка му: „Море синко, кај ќе

одиш и што се разлу́ти?“ „Не се разлу́ти, мајко“, рекол, „не ме послу́ша моата жена“. Си оти́де Марко ф Солун, праќа писмо жената му: „Дојди си Марко!“ рече. „Море, не си идиш, ја“, рече, „ќе се мажа!“ Она му вика: „Три годи́ни те чекам, повеќе не те чекам!“ „Мори, ќе чекаш шес!“ вика Марко. Арно ама она се разлути́ла, се омажи́ла она, оти́шла уф Костур за некој крал, има́ло, Делја се викал, бил голем чорбаџи́ја, и него го зела. Едно време, коа дочу, тоа му прати мајка му, коа дочу тоа нешто Марко, се разлу́ти ногу. Коњот го јавна от Солун, дојде ф Прилеп. „Што направиме?“, му рече мајка. „Што направиме, мајко?“ и рече он. „Ќе оти́де жената, ќе се према́жи во Костур“, рече, „за Делја“. Отаден вија рече: „Како да ја изва́да, ида да го оте́пам Делја“, рече, „Синко“, рече, „како ќе го изва́диш ти да го оте́паш Делја и неа да ја изва́диш да ја земиш? Ќе идиш“, рече – она е, да извините, во пложе́ње била на Марка жената - “ќе крштава̄т дете, ќе и кане“, рече, „сите на́ гости. Ќе и кане да дојдат на́ ручук, да се весе́лат. Ќе идиш и ти!“ рече. Ама он се напра́ви на дервиш, на Еѓуптин, што викаме по право, со кина́ти али́шта, се, и ќе рече на стражарот на портата што е: „Абре, дали може негде да ручам овде́ка у некоа куќа?“ ќе речиш!“ И он оти́шол таму и на стражарот на истиот ден, коа се кршта́ва детето ф црквата. И оти́де он, му вика на стражарот: „Дали има негде у куќава да ручам?“ „Ао“, рече, „баш овде“, рече сеа на кралот детето се кршта́ва, тука ќе ручаш“, рече, „си збира кралот сите, на ручук ги вика“. Си дојдо́а от црквата. Детево се доне́се на́ ручук и он го пови́ка и него и он си оти́де. Ручѧ̄, пија, се весели́ја, сега, на трпе́зата изва́ди сабјата Марко. И сабјата ја зела жена му. И сега и вика на жена му: „Е сега“, рече, „ти ме позна́ваш ли?“ вика. Рече: „Те позна́вам, како не те позна́вам?“ „Е, сеа, сакаш слуга да ми служиш или среќа да ми сретиш?“ Она му вика: „Слуга да ти служа. Се погре́ша“, вика. „Не бива!“ „Вака, среќа ќе ти срета“. И зе ругузи́ни, ги зави́тка и наси́па виде́ло, и ја запа́ли и изго́ре жената. И си ја зима сабјата, си го зима детето и на́ коњ. И си дојде ф Прилеп кај мајка му. „Шо напра́ви“, рече, „синко?“ Рече: „Мајко, што напра́ви? Го закла Делја и сабјата си ја зе и детето си го зе отаден“.

човек 70 г. (Н. Рајтер)
Rei 1964 : 258–259

Мрзен

Има́ло не́кој двае́ца бра́ќа...

Има́ло не́кој двае́ца бра́ќа. Кинеса́ле ќе-о́дат не́где на́-гурбет на-ја́бана. О́ни се́а се-праша́ле: ка́ко ќе-пе́чалиме ни́е се́га, бра́тко – му-ве́ли е́дниот на-дру́гиот – со-прави́ната или со-кривѝната ќе-печа́лиме? Е́дниот ре́че „со-прави́ната ќе-печа́лиме“. „Ка́ко со-прави́ната, ко́га ќе-спеча́лиме ни́е? Со-прави́ната не́-се печа́ли! Му-ви́ка дру́гиот: „Печа́лба би́ва-ли со-кривѝна? Не́-бива, бра́ту, ти́ што-кажу́еш. Ќе-се-пра́шаме на-не́кој чо́век по́стар да́ли кривѝната е-по́арна, да́ли прави́ната“. О́ни поодѝле ма́лку ко́лку до-ре́ката и е́ве-го е́ден чо́век ста́р кај-си-се́де на-па́тот. Му-ви́каат: „Е́ј, де́до, ни́е ќе-се-пра́шаме на́-тебе: да́ли, де́до, прави́ната е-по́арна, е́ли кривѝната е-по́арна?“ О́н му-ви́ка: „Кривѝната е-по́арна!“ „Е́-му-ви́ка е́дниот бра́т на-дру́гиот – е́ ко-ти-ви́ка ја́ кривѝната е-по́арна, а ти́ прави́ната е-по́арна“. „Ќе-се-пра́шаме на-дру́к чо́век – му-ви́ка то́ј што-ве́ле прави́ната е-по́арна – па́ ка́ко ќе-ре́че, та́ка ќе-рабо́тиме“. Поодѝле ма́лку у́ште, ко́ на-па́тот дру́к чо́век кај-си-се́де. И му-ви́каат: „Де́до, ќе-те-пра́шаме не́што ни́е, а́ма пра́во да-ни-ка́жиш“. – „Ако-зна́м ја́, пра́во ќе-ви-ка́жам“. – „Да́ли де́до, прави́ната е-по́арна, е́ли кривѝната е-по́арна?“ О́н му-ви́ка: „Кривѝната е-по́арна!“ А о́ни би́ле заобложе́ни двои́цата бра́ќата: ако-испа́дне кривѝната да-е-по́арна, ќе-му-и-извр̀те о́чите на-то́ј што-ве́лел прави́ната е-по́арна. Оди́ле, оди́ле, на-една-че́шма оти́шле. До-че́шмата има́ло е́дно др̀во. Под др̀вото едно-кладе́нче. Го-на́шле ту́ка еден-чо́век во-по́пски али́шта обле́чен. Ре́кле: „Ви́ја е-по́п, ќе-го-пра́шаме не́го; ако-е-по́арна кривѝната, ќе-ти-и-извр̀та ја́ те́бе о́чите, ако-е-прави́ната по́арна па-ти́ ме́не ќе-ми-и-извр̀тиш о́чите“. Го-праша́ле не́го, по́пот, му-ре́кле: „Де́до по́пе, што́-е по́арно – прави́ната е́ли кривѝната?“ О́н му-ре́кол: „Кривѝната е-по́арна, бре-си́нко!“ То́гај му-ре́кол е́дниот бра́т на-дру́гиот: „Е, бра́те, се́а ќе-ти-и-извр̀та о́чите те́бе“. Му-извртел о́чите и го-оста́вил да-се́ди ту́а. То́ј си-оти́шол на-ја́бана. Бра́т-му сле́п зна́л оти-др̀во и́ма ту́ка и по-ма́лку го-нала́нчал др̀вото и се-ка́чил на-др̀вото. Е, ве́черта се-собра́ле си́те ѓаво́ли ту́ка. И се́а се-пра́шаат ти́је што-направи́ле дене́ска. „Што́ напра́ви ти́ дене́ска? – му-ви́каат на-е́ден ѓа́вол. Му-ви́ка е́ден од-ни́: „Ја дене́ска вле́гу по́меѓу двои́ца бра́ќа, на-е́денот о́чите му-ги-извр̀ту“. Има́ло е́дно ма́ло ѓаво́лче и ре́кло: “А мо́ре, ни́што не́-си напра́вил ти́. Да-и́ма да-нале́е чо́век от-кла-

де́нчево во́да, да-се-измѝе, да-си-измѝе о́чите, ќе-му-се-провѝде“. – „Тѝ што-напра́ј дене́ска? – му-вѝка на-дру́гиот. „Ја́ ќе́рка-му на-ца́рот а-ска́ла́ве, нѝкојпат ле́к не́-ќе на́јде“. Па́ ма́лово ѓаво́лче ре́кло: „Ѝч нѝшто не́-си напра́ило; да-ѝма чо́век да-зна́е да-се-измѝе од-во́дата о́дма ќе-се-излеку́е“. Го-пра́шат тре́ќиот: „Тѝ што́ напра́ве дене́ска?“ – „Ја́ – ре́че – дене́ска има́ше двойца бра́ќа, се-деле́а, има́а трѝста и е́дно бра́ви о́фци; тѝја трѝста си-и-де́лат по-сто́-ј-пе́десет, а за-е́дната ќе-и-ска́рам да-се-иско́лат“.Ма́лото ѓаво́лче па́к вѝка: „Нѝшто не́-си напра́вил; да-ѝма е́ден чо́век да-нале́е от-кладе́нчево во́да, и да-ѝде да-му-ка́же за́што се-ка́рате за-е́дна о́фца; на-де́лбата да-повѝкаат го́сти и да-се-го́стат сѝте“. Ко-пеја́ле пе́тлите ѓаво́лите сѝте избега́ле. Чо́векот усе́тил оти-се-осамна́ло, си-сле́гнал од-дрво́то, ка-сле́п чо́век поба́рал под-дрво́то, го-на́шол кладе́нчето; си-ѝзмил од-во́дата о́чите и му-се-провиде́ло. Си-нато́пил е́дно шамѝче, ќе-о́ди се́га кај-двойцата бра́ќа што-се-де́лат, бѝло по́близу, што-му-кажа́ло ѓаво́лчето да-не́-се ка́раат. Отѝшол та́мо. Бра́ќата се-ка́раат. „Што́-се-ка́рате, бре-бра́ќа?“ О́ни му-ре́кле: „Си-и-де́лиме о́фците, се́га за-е́дна се-ка́раме“. – „Е, ле́сна-е та́ја рабо́та, за́што за-е́дна о́фца да-се-ка́рате. За́колете-а на-ва́шата де́лба, на́прајте е́ден ру́чок, ќе-си-ја-просла́вите де́лбата, за́што да-се-ка́рате за-е́дна о́фца!“ И о́ни а-закла́ле о́фцата. И му-ре́кле.....

Мариово

Дуње

Тровица браќа

Има́ло не́кој тровѝца бра́ќа, кинса́ле да-ода́ја на-па́т. Одѝле, одѝле, и на́шле не́кој дра́ки. По́старѝо бра́т ре́кол: „О, го́споди, да́ј-ми о́вие дра́ки ло́зје да-бѝдат, на-се́ шо-ќе-помѝни ќе-му-да́да гро́зје“. Го́спо дра́ките му-и-сто́рил ло́зје. Сре́днио ре́кол: „Да́ј-ми, го́споди, овѝе гарва́ни да-ми-ста́нат ко́зи. Шо́ ќе-помѝни, на-се́ ќе-да́да мле́ко да-ср̊ка“. Му-и-сто́рил го́спо ко́зи. Го́спо о́дел со-нѝф. На-по́малѝјо му-ре́кол: „Тѝ, сѝнко, шо́ са́каш?“ То́ј ре́кол: „Ја́с са́кам да-ми-да́де го́спо неве́ста да ѝ е-ср̊цето ка́ко мо́јто“. Го́спо ре́кол о́ту ќе-му-да́де та́ква неве́ста. Ка̄-отѝшле кај-чу́пата, та̄ бѝла сврше́на и ве́чер ќ-а-зема́а сватојте. Ко̄-се́днал го́спо се́те си-прикажу́вале. Тѝе му-ре́кле: „О́ти, де́до, тѝ нѝшчо не-кажу́ваш?“ То́ј му-ре́кол: „А́ми ја́с шо-

-зна́м да-кажу́вам. Са́мо да-ми-на́јте е́дна пра́чка лозо́ва от-три́ годи́ни скина́та“. Му-на́шле и а-поса́дил де́дото. Вати́ле о́блок со-свато́јте, ако-ро́де ло́зата гро́зје, неве́стата да-му-а-зе́мат, ако-не-ро́ди ло́зата гро́зје, гла́та да-му-а-зе́мат на-де́дото. Ко̄-стана́ле у́трото, ло́зата би́ла по́лна гро́зје и му-а-зе́л де́дото неве́стата. Му-а-да́л на-на́јмалѝо бра́т. Уба́во си-живеа́л со-неве́стата. Ѝ-да́л го́спо де́те. По-вре́ме се-вра́тил го́спо кај-ни́ и та́ткото го-пра́шал: „Де́до, шчо́-си-уви́лен?“ Му-ре́кол то́ј: „Ка́ко да-не-би́да уви́лен ко̄-ми-са́кат де́те от-три́ годи́ни пече́но?“ Го́спо са́мо го-обиду́вал шо́ ќе-ре́чи. О́вој ре́кол: „Ѝ, де́до, ни́е и́маме де́те, не́го ќе-го-опе́чеме“. А-угоре́ле ву́рната, го-кла́ле де́тето да-се-пе́чи. Ко̄-по́шле да-го-изва́дат испече́но, виде́ле кни́га ка̄-др̄жи и чи́та во-ву́рната, не́ изгоре́ло. Го-благосло́вил бо́к да-не-изго́ри.

(Милица Конеска)
Кон М 1951 : 37

Витолишта

Си имал маана човекот

Е́ден мераклѝја морјо́вец сре́тнал една-уба́ва неве́ста и-си-поми́слил да-а-оби́де на-шо́ у́м е-та́а. По́чнал да-ѝ-намигну́а де́ со-де́сното, де́ со-ле́вото о́ко. А́рно-ама неве́стата не́-била от-ти́а шо-и-ба́рал о́н, та-го-измаскари́ла на-стре́д у́лица. И-не́-само шо-го-измаскари́ла, ами-му-кажа́ла на-ма́жа-си и-го-замолѝла да-му-одма́зди на-не́кој на́чин. Ма́жот, како-се́кој ма́ш, се-нал́у́тил, си-зе́л една-со́па и-му-оти́шол да-го-нате́па чо́векот. Чо́векот си-ја-и́мал му́ата на-ка́пата и-шо́м го-ви́дел ма́жот оти-вле́гол во-по́ртата, тр̄гнал преку-дво́рот насме́ан и-по́чнал и-не́-му да-му-намигну́а со-две́те о́чи како-фче́ра шо-ѝ-намигнуа́ше на-же́на-му. Ма́жот ве́днаш се-раздоброср̄дил и-си-поми́слил: ви́ди, ви́ди шо-ма̄на си-и́мал чо́векот, кри́во го-разбра́ла же́на-ми. Та́ка се-вра́тил и-а-иска́рал же́на-си шо не́-и разби́ра л́у́ѓето шо-има́ат ма̄на да-му-намигну́ат на-мла́дите же́ни во-се́лото.

Може пак ќе му притребе

Два́ица приате́ли ода́мна не́-беа се-виде́ле. Е́днаш се-сретѝа на-пазари́шчето во-гра́дот и-е́дниот забеле́жа на-алѝпчето на-дру́гиот цр̄но кр̄пче, па-му-ве́ли: „Шо́ та́ка цр̄но? Ко́ј?“... „Мо̄-

ре, óстави, побрáтиме; имá еден-кóй – да-би-вǎкот го-истýрил – петнáесет годи́ни го-вјáа јáс, ни́еднаш ни-клóцна ни-ри́пна пустéлникот, тóлку шо-бéше крóток. Áма éднаш а-кáчи жéната нá--него, коа-се-разри́па пустéлникот, а-вр̄ли на-една-грамáда и-нá--место изди́на. Éте шó напрáви; ме-остáви без-жéничка сéа". Приáтелот го-изжáла свóот приáтел, рéче нéколку пáти: „Бóг да-а-прóсти", пá као-да-се-присéти нéшчо и-му-рéче: „Áј, прóдај--ми-го кóјот, коа-би́л тáкоф!" Вój бéз-да-му-се-чýди вéднаш му-одговóри: „Áаа, кá-ќе-ти-го-прóдам, мóже пá ќе-ми-притрéбе".

МАЛЕШЕВСКО-ПИРИНСКИ ГОВОРИ

Делчевско

Делчево

Настрадин-оџа

Настрадин-оџа имал калфа. А Настрадин-оџа нешчо му се налутил и са, за да му се освети, наприл една баклаѓија и ја турил там, ујуклуците и после рекол: „Ја ќ'иа некаде, ама немој да јадеш, това е отровно", рече. И он си обидел од неа, усладило му се и полека, полека, се а изел. И като а изел, и зимал строшил сек'ирата и вратите испопрел да не мош да флезе оџата. И Настрадин-оџа чука, чука на вратата да му отвори и најпосле калфата се озоал и рекол: „Не смеа да ти отвора, строших сек'ирата, и това што ми рече да не јада се го изедох, и не можех да се отрова. Ка строших сек'ирата, од мака за това се го изедох за да се отрова, ама не можох да се отрова, и за това не смеа да ти отвора". И оџата видел оти тове е поѓавол од него и ништо не мош да му чини, и му простил. И после това Настрадин-оџа на учениците рекол: „Утре секој да рече ку-ку--џјак, ку-ку-џјак и едно јајце да даде". И на калфата не кажал и оти на калфата не кажал он па викал: ку-ку-ригу. И Настрадин-оџа го питал: „Оти ти викаш ку-ку-ригу?" И он вика: „Е-е, се кокошк'и, па требе и петел", рече. И ка видел оџата оти ништо не мош да му чини и рекол: „Да си ја видиме сметката, тере си на друго место работа и двуицата сме ѓаволити".

(Методи Кушевски)
Куш 1958 : 106-107

Делчево

Какво постанала ластовицата

Била́-си една́ мома́ која́ била́ от-сирома́шна фа́милија. Дошло́ вре́ме да-се-о́жени и ни́ните ја-дали́ за-не́кое бога́то момче́. Пре́д-да-и́де кај-момче́то, ма́ќа-ѝ ја-у́чила како́ да-рабо́ти, да-слу́ша што́ ќе-ѝ-реча́т, да-не-одвра́шча, да-рабо́ти по-ка́шчи. По́сле сва́дбата она́ рабо́тила се́ така́ ка́т-шчо-ја учи́ла ма́ќа-ѝ. По́веке си-трајала, слуша́ла се́кој шчо́-ќе-рече́, на-ни́кој ни́шчо не-о́дврашчала, се́когаш пита́ла шо́ и́ма за-рабо́та да-сврши по-ка́шчи и дру́ги дома́шни рабо́ти. У-ка́шчи има́ло јо́ш една́ сна́а, која́ но́гу ѝ-за́видела и за́едно со-све́крва-ѝ че́сто ја-напада́ли пред-момче́то. Ти́е се́кој де́н ја-клевети́ли на-не́го о́ти не-рабо́ти и де́ка-е-не́чиста и го-наговори́ли да-ја-оста́ви же́на-си и си-зе́ме дру́га.

Ошло́ момче́то по-но́ва неве́ста и една́ ве́чер ја-дове́л до́ма. Собра́ли-се комши́ите да-ја-ви́дат но́вата неве́ста, а меѓу-ни́х била́ и пр́вата жена́ на-момче́то. Излезна́ли се́те дома́шни прет-ка́шчи да-ја-пречека́т но́вата неве́ста. А́рно-ама на-све́крвата ѝ-се-запали́л рака́во от-све́тилото. Но́вата неве́ста кога́ виде́ла оти-ѝ-гори́ рака́во викна́ла: „А́– мари сле́пуше, у́гаси-си рака́во, ќе-изго́риш жи́ва“. – „Е-е – рекла́-си све́крвата – тражи́хме по́арна сна́а, а најде́хме по́лоша. Ста́рата сна́а то́лку вре́ме како́-е кај-на́с на-ни́кој не́-е-одврна́ла и скара́ла, а та́а ош-от-коно́ не-спадна́ла почна́ да-се-ка́ра“.

Кога́ го-виде́ла това́ ста́рата сна́а, помоли́ла-се на-го́спот да-ја-ство́ри ла́ставица, о́ти не-иска́ла да-се-вра́не до́ма кај-ма́ќа-ѝ и башча́-ѝ за-да-не́-ги-сра́ми. Го́спод ѝ-ја-и́спанил же́лбата и ја-створи́л ла́ставица. Тога́ј она́ си-направи́ла гнездо́ на-ка́шчата од-не́нонто момче́, и о́ттогаш ла́ставиците си-пра́ват гнезда́та по-ка́шчите.

(Кирил Дамјанов)

Вирче

Така станала габата

Ма́ш и жена́ има́ли-си една-ште́рка. Еден ден та́ткото и ма́ќата ошли́ ф-едно́ се́ло да-кршта́ват дете́. На штерка́та рекли́

да ви́кне дру́шката каде́ не́а да-спи́е, о́ти било́-ја стра́х. При́двечер повикна́ла на дру́шката, а́рно ама́ она́ не-чу́ла, ту́ку чу́л вампи́ре. Вуќа́-ѝ бил вампи́р и-ре́кол: „Ќе-до́јда, ќе-до́јда, са́мо спр̀жи ја́јца за-вече́ра“. Она́ спржи́ла ги ја́јцата, а на-вече́ра доше́л вампи́ре и почна́ла да-пи́та вуќа́ и: „Зашто́-ти-са такви́е очи́те?“ „За-да-ти-се-кокóлѓа“, ре́кол вампи́ре. „Зашто́ ти са такви́е раце́те?“ „Да-те-гме́ча“. „Зашто́-ти-са такви́е заби́те и уста́та?“ „Да-те-ја́м“. Тогáј она́ рекла́ де́ка ќ-и́де да-нара́ни офци́те, па-ќе-до́јде. Ме́сто д-и́де при-офци́те, ошла́ при-ма́турицата. Куга́ доше́л вампи́ре, ма́турицата подуши́ла-го и стана́л га́ба. Е́те така́ стана́ла га́бата.

Вирче

Маж и жена добиле дете

Ма́ш и жена́ нема́ли-си де́ца. Една́ш оше́л мажо́ на-паза́р и една жена́ рекла́-му да-си-зе́ме едно́ гр̀не неоко́тлано и да-го за́тне со не́каква за́тка и да-го-чу́ва два́ де́на и две́ но́шти. По́сле да-го одза́тне, ќе-ви́ди о́ти си-и́ма дете́. Чове́ко така́ направи́л и стави́л го грне́то под-ноштви́те. Жена́та други́е де́н ка-си-месѝла ручо́к на-маже́ и рекла́: „А́х, Бо́же, Бо́же, зашто́-сам жи́ва куга́ не́ма сега́ не́кое дете́ да ми одне́се на-чове́ко ручо́к!“ То̀га́ј откаде́ ноштви́те едно́ дете́ рекло́: „Ма́ле, дај ја́с ќе-одне́са“. Она́ ра́досна дала́-му да-одне́се ручо́ко. Куга́ ошло́ та́мо дете́то рекло́: „Та́те, одде́ка да-до́јда?“ Та́ткото одговори́л: „По-кра́е, си́нко“. Дете́то изе́ло кра́иштето на-зелни́ко. Па-пита́ло: „Та́те, одде́ка да-до́јда?“ „Прес-средáта!“ Оно́ изе́ло и зе́лѓето.

Вирче

Скржави браќа

Били́ двами́на бра́тја но́гу бога́ти, а́ма и скр̀жави. Има́ло и едеѝ сирома́х чове́к ко́ј чува́л са́мо пе́т о́фци. На-ручо́к куга́ една́ш оше́л, една́ офца́ загина́ла-му. Други́е де́н па́ така́. На-тре́тие ден не-оше́л на-ручо́к, а́ми чека́л да-ви́ди ко́ј му-зи́ма офци́те. Тамӑ́н накрами́л-ги офци́те, доше́л еде́н вӑ́к. Офча́ре фана́л-го и стави́л-го фоф-вре́ќата. Вечерта́ прода́л-го на-бога́тите бра́тја како́ ко́ч за-еде́н са́ан жӑти́ци. Бра́тјата пушти́ли-го

при-офци́те да-ги-мр̑ка. Osapа́н кугá станáле, офци́те били́ сé издáвени.

Трабо̄тивиште

Царск'и син

Еден-цáрск'и си́н сопшти́л вечéрно врéме óг'ин да-нé-се-свети́ ни́каде. У-еднá бáба се-светéло сéкоа вéчер. Онá имáла три́ штéрки. И-еднá вéчер цáрск'ие син ошéл под-цáмо да-ви́ди штó рабóтат. Ка-си-седéли такá почнáли да-си-дýмаа. Пр̑вата момá реклá: „Да-е-такóф цáрск'ие син да-ме-зéме, ќе-му-óблеча војнáта за-еднá вéчер". Дрýгата реклá: „Да-ме-зéме мéне, ќе-мунáрана војнáта с-еднá погáча". А трéтата тогáј реклá: „Да-мезéме мéне, ќе-му-рóда две-дéца, еднóто мáшко, еднóто жéнско. Жéнското ќе-и́ма sвездá на-главáта, а-мáшкото ќе-и́ма мéсец под-ми́шката". Тоѓáј цáрск'ие син се-огласи́л и рéкол: „Ако-меизлáжеш, ќе-те-зáкопам жи́ва до-пóјасо пот-скáрата и кóј ка-зами́не сé да-пл̑ýвне на-тéбе". Тоѓáј цáрск'ие си́н земáл-ја за-женá и-тáа нави́стина му-роди́ла две-дéца. Áрно свекр̑вата штом-се-роди́ли децáта тури́ла-ги ф-еднó сандáче и ги-фрли́ла воф-еднá рéка. Тáмо фанáли-ги едни-рибарé и-ги-чувáли двете́ дéца, а мéсто децáта свекр̑вата при-снáата тури́ла двé кýтришта, па-реклá на-синá-ѝ: „Éла, си́ну, да-ви́диш штó ни-роди́ла снáата". Тоѓáј цáро закопáл-ја пот-скáрата и кóј каквó минáл сé пл̑увáл. Пóсле нéколку гóдини дошлó рéда ошли́ и ти́а двé дéца тáмо, áма они́ не-хтели́ да-пл̑ýвнат. А цáро им-рéкол: „Зáре не-знáете дека-се-тýка пл̑ýва?" Тоѓáј жéнското детé реклó: „Ни́е нéќеме да-пл̑ýвнеме, товá-е нáшта мáќа". Тоѓáј цáро видéл дека-и́ма sвездá и-мéсец и дека-са-ти́а негóвите дéца. Веднáш извади́л цáро цари́цата од-земјáта и ја-распитáл и разбрáл каквó-е товá станáло. Тоѓáј поли́л мáќа-му катрáн и ја-запали́л.

Трабо̄тивиште

Башта и син

Едéн човéк имáл-си едéн си́н. Кугá попораснáл повéл-го нéкаде да-го-ýчи занаáт. Ка-си-оди́л по-пáте, додеáло-му-се, сед-

нáл на-едéн кáмен и-кугá седнáл рéкол: „Ох!“ Ф-товá врéме искокнáл пред-нéго едéн дрýк човéк (а товá бил ѓáволо) и-му-рéкол: „Заштó ме-вúкаш?“ Тǫгáј човéко му-рéкол: „Јáс нé-те-вúкам, тýку си-окнáх“. А ѓáволо рекóл-му: „На-мéне úмето-ми-е Ох“. Тǫгáј ѓáволо го-питáл дéка е-тргнáл сос-товá детé, а човéко му-раскажáл оти-искáл да-го-дадé нéкаде на-занаáт. От-ка-се-разбрáли, ѓáволо му-рéкол на-човéко: „Дáј-го на-мéне, јáс ќе-го-ýча занаáт и ќе-го-чýвам еднá годúна“. И такá момчéто ошлó зáедно сос-ѓáволо дóма.

Ѓáволо úмал еднá штéрка и еднá бáба. Кáштата му-билá пáна с-човéчки кóжи. Минáло нéколку врéме и еден-дéн штéрката на-ѓáволо реклá на-мóмчето: „Тú сé да-вúкаш „не-знáм“, óти ако-се-наýчиш ќе-те-изéде мóе баштá“. В-еднá недéла ѓáволо и бáбата ошлú на-цр̀ква, а-преди-товá реклú на-штéрка-им да-закóле момчéто да-го-испéче и кугá се-вр̀нат да-го-изéдат. Онá му-кажáла на-момчéто каквá-е рабóтата. Имáли еднá кýчка, заклáли-ја и ја-испéкли и оставúли-ја готóва за-ручóк. Тǫгáј момáта и момчéто избегáли зáедно, а ѓáволо и бáбата дошлú пóсле мáлку и почнáли да-јадáт, па-си-реклú óти-е нóгу слáтко месóто. Ф-товá врéме ѓáволо видéл óти ја-нéма штéрка-му и тргнáл да-ја-трáжи. Кугá видéли момáта и момчéто дека ќе-истúгне ѓáволо, момчéто се-преправúло бостáн, а момáта падáр. Тогáј ѓáволо ги-питáл: „А брé, падáр, нé-ле-заминáа момá и момчé от-тýка?“ „Нé-са-заминáли“, рéкол падáре. Тǫгáј ѓáволо се-врнáл дóма и сé ѝ-раскажáл на-бáбата кадé одúл, а онá му-реклá: „Падáре е-нáшата штéрка, а бостáне момчéто“.

Истевник

Трите сестри

Имáло едéн цáр. Искáл нóгу ýбава женá. Кренáл по-едéн пáт и на-еднó мéсто видéл у-еднá кáшча дéка се-свéти. Ошéл тáмо и-кугá видéл през-цáмо седéли трú сéстри на-огнúшчето и-прéли. Најгулéмата сестрá реклá: „Да-мóга да-се-óжена на-нóгу богáто мéсто“. Срéдната сестрá реклá: „Е-марú сéстро, да-мóга и-јáс тáка да-се-óжена, нóгу ќе-е-áрно“. А-нáјмалѐнката сестрá реклá: „А-јáс да-мóга да-рóда двé мáшк'и дéца“. Кугá чýл товá царó рéкол: „Јáс ќе-ги-зема и-трúте сéстри за-жéни“. Испратúл едéн нéгоф слугá и-óн му-г'и-одвéл. Пóсле тáа нáјмалéнката от-

-сестри́те затрудне́ла. А́рно ама́ куга́ породи́ла, ба́бицата се-догово-ри́ла сос-не́ˣните се́стри да-ѝ-подме́тнат на-место-деца́та едно́ ку́тре и едно́ маче́. И-подметна́ли едно́ ку́тре и-едно́ маче́, а-деца́та г'и-тури́ли фоф-една́ ко́шница со-смо́ла изма́жана и-г'и--пушти́ли фоф-една́ ре́ка. Вода́та ка-г'и-носи́ла, еде́н калу́г'ер виде́л де́ка по-вода́та о́ди не́какво валмо́, пришéл и-го-зема́л. Куга́ отвори́л фне́тре, виде́л две́ де́ца ма́шк'и. На-деца́та има́ло на-глави́чк'ите превр̀зано по-едно́ шерве́нце и-на-това́ шерве́нце е-има́ло ца́рска кру́на. Одне́л-г'и деца́та у-манасти́ре и-та́мо г'и--чува́ли. Царо́ от-ка-му-кажа́ли, куга́ се-научи́л де́ка е-роди́ла него́вата жена́ ку́че и-маче́, зема́л и ја-тури́л пот-ска́рата. И-куга́ му-доо́дат го́сје, наредува́л се́кој да-а-пл́у́ва и да-а-р̀ка. Јаде́ѝе ѝ-дава́ли са́мо шчо-оста́не и-това́ то́лку ко́лку да-е-жи́ва. А́рно ама́ деца́та ка-порасна́ли, насе́каде се-чу́ло де́ка у-е́дикој--си манасти́р и́ма две́ ма́шк'и де́ца но́гу у́бави. И-царо́ реши́л да--г'и-пови́ка на-го́зба. И-еде́н де́н куга́ треба́ло д-и́дат, то́ве калу́-г'ер шчо-г'и-наше́л им-да́л ти́е крпче́та и-им-ре́кол: „Куга́ ќ-и́дете у-ца́рск'ие дво́р, ќе-на́јдете една́ жена́ вр̀зана пот-ска́рата, си́те а пл́у́ват и р̀кат, ама-ви́е немо́јте ни́ да-а-пл́у́вате ни́ да--а-р̀кате, оти-това́ ви-е-ма́ќа. И-по́сле това́ ќе-му-го-ка́жете на--царо́". Куга́ ошли́ деца́та до́ма, ве́рно виде́ли та́а жена́, и-не--хтели́ да-а-пл́у́ват, ту́ку зема́ли сос-едни́ дру́г'и ше́рвета и-ѝ--отри́ли лице́то, очи́те. Царо́ се-нал́ути́л, ама́ ни́што не́-им-ре́кол. И-на-го́збата деца́та са́мо трајáли. Царо́ ре́кол: „О́ти ви́е, де́ца, не́што не-проду́мате?" И-туга́ј едно́то дете́ рекло́: „Е-чести́т ца́ру, та́а жена́ шчо-е-до́ле вр̀зана шчо-а-р̀кате и-пл́у́вате, та́а ни-е-ма́ќа, а-ви́е ни-сте-башча́. Ако-и́скаш да-повер́у́ˇаш, ја́--го тво́ето ше́рвенце. Сос-това́ ни-са-били́ вр̀зани главѝте куга́ сме-се-роди́ли, ама́ на́шче те́ти са-подметна́ли ку́че и-маче́". Царо́ се-израдува́л и-собра́ли-се си́те за́едно.

Беровско

Берово

Женски поседенки

Жени́те фоф-на́шчо ме́сто са-мераклѝк'и на-го́ѓе. Но́гу па́ти се-соби́раа на-муабе́т и на-едно́ кафе́. Шчо́м ќе-се-нау́чат за-не́коа седе́нка фоф-ма̄ла́та, зи́маа-си од-до́ма која́ фу́рка, која́ чора́п и бр̀же трча́т та́м да-си-посе́дат, да-пораб́о́тат и да-

-áпнат нéшчо. Нéкуи од-нúх нóгу знáат смéшки да-кажýваа, та друѓúте се-sвúскаа и дúгаа нагарá кат-кугá са-стó. Еднú па гледаéќи да-не-и-вúдат сáл мäчáт и поáпнуваа мäчичкáта по-нéшчо. Понéкугаш ќе-намúне на-седéнката и нéкуј мáш седенкáр. Такá и помúнуваа женúте дäзите нóшчи през-зимéто, а утрóто кугá стáнат фéднак зафáтаа нéкоа рабóта укул-кáшчи: еднú са-перарúи, дрýзи месарúи, трéти готварúи. Áрно-ама през-летóто нé-е такá. Тогáј óдsаран дóвечер рабóтат по-нúвјето и по-ливáдѓето да-прибéрат по-нéшчо зимóвишче. Едвáј чéкаа мрáчка да-с-úдат, да-повечéраа и да-си-лéгнат да-испрáват кóсти. Прес-тúа дéнове нéма ни-седéнќи, ни-попрéлќи. Сáл нéкугаш-нéкугаш ќе-се-собéрат на-нéкоа погáча или на-престапýлќа. Тогáј-са óшче повéсели óт им-дáваа пóвече јадáвишче и пијáвишче, а ни-мáжје нéма, та шчó úскаа си-прáват. От-ка-се-најáдат и напúјат, запóвјаа нéкоа пéсна, а еднú при-немáње тапањé úграа и óро на-пéсната.

Погáчата се-прáи нáскоро от-ка-се-рóди детéто, а престапýлќата кугá прооди. На-престапýлќата сефтé се-гошчáваа сúте сос-јадéње и пиéње, sаднúе крáј тýрат на-еднó столчé по-нéшчо (молúф и кнúга, пáри, нéкуј алáт), та детéто шчо-е-проодúло д-úде до-тáм и да-си-зéме нéшчо. Женúте верýваа óти бóже от-товá шчо-ќе-да-фáне детéто ќе-се-вúди шчó ќе-да-стáне онó кугá ќе-порáсне: далú ќе-е-ýчено, далú ќе-е-богáто или ракотвóрно.

Лаки

Офцата и кокошката

Воф-еднó врéме едéн чорбаџúа чувáл стóка. У-товá врéме ојагнúла-му-се еднá офцá. У-близúната на-офцáта еднá кокóшка снелá еднó јајцé и минáла покрáј офцáта и кукурикáла. Одúла такá на-гулéмо и се-фалúла на-офцáта и викáла: „Штó не-дójдеш да-вúдиш каквó-сам ýбаво бéло јајцé снелá?“ Офцáта и-одговорúла крóтко: „Тú си-снелá јајцé, па јáс-сам ојагнúла на-чорбаџúата еднó бéло јáгне“. А кокóшката налýтно одговорúла: „Е-е-х, кóлку чúни твоéто јáгне при-моéто јајцé?“ Офцáта одговорúла: „Товá не-е-нáша рабóта, тýку чорбаџúата ќе-процéни кóлку чúни твоéто јајцé, а кóлку моéто јáгне“. Кокóшката ошлá лýтна нáстрана, а офцáта останáла мúрно да-си-чýва своéто јáгне.

*

Има̑до еде́н чове́к но́гу чорбаци́а, а има̑до куми́ти и иска́ли да-го-фа́нат, ама има̑д но́гу зли́ пце́та. Три́ има̑д. Са́ не-сме́ат да-при́дат от-пце́тата. Зема́ли ко́си, ба̑дти́и и рекли́: „Дели́ Ди́мо, бра́ни-нѐ от-три́ жи́ски пце́та, ни́е не-сме́ ло́ши чове́ци, ни́е-сме косаче́, де̑даче́". О́н им-ре́ко̑д: „Оде́те, не́ма-ѓи ни́х до́ма. Они́ три́ дни́ и три́ но́шти ме́чка го́нат". Приде́ли они́, врза́ли-го и покара́ли сури́ата (ста́дото). А́ма сури́ата не́ќе да-кре́не. Они́ у́дри, она́ не́ќе. „Пуште́те-ми – ре́ко̑д Ди́мо – на-де́сната ра́ка мале́чкото прсте́ да-за́свира сос-кафа́ло и она́ ќе-кре́не". Они́ му-пушти́ли мале́чкото прсте́, а о́н засвире́д: „Де́ка да-сте́ од-ри́т на-ри́т да-ри́пате, ја́ ојдо́х". Куга́ дошли́ пце́тата едно́то ѓи-да́ви, друго́то ѓи-да́ви, а ка́нца ку́чка цревá́та им-мо́та.

Китан Станков 70 г. (Марика Симова)

Русиново

Лесица и воденичар

Леси́цата виде́ла воденича́ре де́ка ло́ви ри́би. И она́ рекла́: „Ја́с ќе-се-на́прā бо́лна, та-ќе-му-зе́ма ри́бите". И она́ ошла́, легна́ла на-па́те и воденича́ре ка-а-виде́л, мисли́л е-умре́ла и а-зема́л, качи́л-ја на-ко́не на-панаго́н. И о́н си-пове́л ко́не за-потегло́то (важе́то што-во́ди ко́не). Леси́цата стана́ла и фрла́ла по-па́те ри́би. И като-и-се́ исфрли́ла от-ко́шарето и тога́ј рипи́ла и она́ от-ко́не и собра́ла се́ ри́бите. А воденича́ре куга́ си-оше́л до́ма, извика́л на-жена́та-му: „Же́но. же́но, фрли ќу́рко пот-по́дницата, но́са-ти но́ф". И жена́та-му собле́кла ќу́рко и фрли́ла пот-по́дницата и изле́гла да-растова́рат ко́не. Куга́ виде́ли - не́ма ни-ри́би ни-леси́ца. Леси́цата собра́ла ри́бите, одне́ла-си-и до́ма, нанижа́ла и на-еди́н коне́ц и-закачи́ла на-тава́не. И оше́л ва̑ко́ у-леси́цата на-го́сќе. И о́н ре́кол: „Ку́мо ле́со, шчо́-е това́ на-тава́не зака́чено?" И она́ рекла́: „Е́-е, ку́мо ва̑че, това́-са ри́би". „Откаде́-ти-са, ку́мо ле́со" – ва̑ко а-пи́та. Она́ рекла́: „Налови́х-си пот-коло́то". „А́јде, ку́мо ле́со, да-ме-во́диш и ме́не". Леси́цата му-рекла́: „Ќе-те-о́дведа". Одве́ла-го кон-водени́цата и му-рекла́: „Врзи ќу́по на-опа́шката". И она́ си-врза́ла ко́шничка. И ва̑ко се-кла́умна́л фоф-вода́та, напа̑ни́л-се ќу́по во́да, и о́н ре́кол: „Ма́лē, ко́лку-е те́шко". А леси́цата му-рекла́: „Вле́чи,

влéчи, кýмо вǎче, сé-са ри́би“. И онá викнáла: „Воденичáре, воденичáре, вǎк ти-ви́ʲе пот-колóто“. Воденичáре прави́л ручóк прженѝца, зарежáл ручóко и ошéл да-тéпа вǎко. Леси́цата флезнáла, изéла прженѝцата и си-накашкáла челóто от-прженѝцата. А вǎко ка-г-отепáли, отḱинáла-му-се опáшката и побегнáл на-онáм по-пáте. Нашéл леси́цата на-пáте и онá се-преправи́ла бóлна, легнáла на-пáте, и ѝ-рéкол: „Áх, кýмо лéсо, шчó ми-направи́ тѝзе; éм ме-тепáа, éм ми-опáшката отḱинáа“. Онá реклá: „É, е, кýмо вǎче, на-тéбе нѝшчо нé-ти-направи́ја елé ти-е-главáта.

Будинарци

Двете моми и вапире

Едéн човéк останáл довéц и имáл сáмо еднó жéнско детéнце, Мáра се-викáло. За-товá шчо-би́л сиромáх и немáло кóј да-му-рабóти, реши́л да-се-прежéни. Нашéл еднá млáда дови́ца од-нéкое дрýго сéло и ја-земáл. Áрно áма и од-нéа си-одимáл еднó жéнско детéнце шчо-го-крсти́ли Дáра. Мáшчаата елé нé-ѝ-билá алѝс шчéрка а билá нóгу пóўбава од-Дáра, нóгу ја-мрази́ла Мáра и искáла да-а-отрóви. Ако-мéси лéп, на-Дáра ḱе-ѝ-дадé от-пчени́ца, а на-Мáра ḱе-испéче ф-пéпело от-три́ците. Кугá свáри мéсо, на-Дáра ḱе-ѝ-дадé ýбаво мéсо, а на-Мáра ḱе-свáри жáби. Мáра немáло на-кóј да-се-жáли.

-мäчéла бес-да-се-поплáче. Áрно áма станувáла сé пóўбава и пóўбава. Башчá-ѝ имáл и водени́ца и мáшчаата сéкугаш ја-гони́ла да-óди сáма на-водени́цата бéḱи нéшчо ḱе-ја-изéде. А Дáра си-сéдела сé дóма и нѝшчо не-работи́ла, áма пá не-билá тóлку ýбава. Такá и двéте моми́чки напäни́ли по-шеснáесе гóдини. Еднáш Мáра ошлá пá на-водени́ца и нéколку дéна нé-се-вршчáла дóма. Немáло нѝкуј да-донóси мли́во и едвáј поминувáла сос-јадéн'е. Тýка си-чувáла и еднó малéчко кýченце и мачéнце с-кóи си-игрáла и думáла сéкугаш. За-нѝх и зáлако од-устáта си-го-давáла. Еднá вéчер немáло вéче шчó да-јадé и си-мески́ла еднó колачé от-пéпел. Затвори́ла-је водени́цата и чекáла да-се-испéче колачéто. Кугá се-испéкло сос-сǎзи на-очи́те зафанáла да-јадé óти ѝ-билó кри́во зашчó башчá-ѝ и мáḱе-ѝ нé-ја-пýшчаа дóма, а é вéче момá. Óкулу нéа се-вртéли и кýчето и мачéто и они́ и-потерáли да јадáт. Тогáј-се óшче тóлку расплакáла и им-реклá: „Кýче, мáче, ни-јáс не-мóга да-го-јáда, óти-е от-пéпел, а нé вѝе“. Áрно áма они́ и потерáли пá

и она́ им-дала́. По́сле това́ си́те легна́ли да-спи́јат. През-ношча́ доше́л е́ден вапи́р на-тава́не и почна́л да-ви́ка: „Ма́ро, шче́рко, о́твори-ми“. Ма́ра се-уплаши́ла и и-пита́ла ку́ченцето и маче́нцето като-на́јгулѐми прија́тел'е: „Ку́че, ма́че, ка-да-ре́ча?“ Они́ ѝ-рекли́ да-му-рече́ да-ѝ-доне́се у́бави папу́ци. Она́ това́ му-го-рекла́ и вапи́ре ѝ-доне́л папу́ци. По́сле това́ вапи́ре ре́кол: „Ма́ро, доне́сох--ти папу́ци, о́твори-ми“. Ма́ра па́ и-попита́ла ку́чето и маче́то. О́ни́ ѝ-рекли́ да-му-рече́ да-ѝ-доне́се у́бави фустан'е́. Вапи́ре ѝ-доне́л и фустан'е́. Се́ така́ го-испрашча́ли вапи́ре и о́н ја-напа̏ни́л водени́цата се́ с-у́бава ру́ба. На-кра́е вапи́ре доше́л и па́ ре́кол: „Ма́ро шче́рко, о́твори, доне́со̄х-ти се́ шчо-ти-тре́бе за-мома́“. Она́ и-па́ попита́ла ку́чето и маче́то, а они́ ѝ-рекли́ да-ѝ-доне́се ф-е́дно решчо́ во́да за-да-се-напи́е. Она́ му-го-рекла́ и това́, и вапи́ре оше́л да--ја-сврши и та́а са́дна рабо́та. Укра́л е́дно решчо́ и оше́л на-река́та. Еле́ не-се́ сети́л да-го-за́тне решчо́то оздо́ле, тама́н го-на́па̏ни и на́врви, вода́та и́стечи, а о́н се-па́ вр̏ни. Мачи́л-се, мачи́л, така́ и савна́ло. Тога́ј ве́че не-смеа́л да-се-вр̏не фоф-водени́цата и се--изгуби́л не́каде. Утро́то Ма́ра нарача́ла по-не́кои чове́ци да-до́јде башча́-ѝ с-ко́лата за-да-и-ди́гне бага́ше. Башча́-ѝ куга́ доше́л, но́гу се-зачуди́л ка-го-е-това́ спечали́ла. Ма́ра му-расправи́ла се́ по--те́нко. До́ма ја-пита́ла и ма́шчаата, а она́ и на-не́а ѝ-рекла́ се́ ка--стана́ло. Тога́ј ма́шчаата и башча́-ѝ реши́ли утра́та ве́чер да-ја--испра́тат на-водени́цата Да́ра и она́ да-си-испеча́ли ру́ба от-то́ве у́лаф вапи́р. Меси́ли-ѝ у́бава пога́ча от-пчени́ца, направи́ли-ѝ у́баво јаде́ње и ја-испрати́ли. Куга́ се-стевни́ло, Да́ра флезна́ла фоф--водени́цата и зема́ла да-вече́ра. О́кулу не́а маче́то и ку́чето се--врте́ли и тера́ли јаде́н'е. А́рно а́ма о́на еле́ си-е-нау́чена да-не-да́ва, подритнува́ли и им-вика́ла: „Ни-ја́с не-са́м-се-нија́ла, а не́ на-ва́с да-да́м“. Ку́чето и маче́то ошли́ да-гло́даа от колаче́то шчо-остана́ло од-Ма́ра. По́сле това́ Да́ра си-легна́ла и го-чека́ла вапи́ре. Едно́ вре́ме през-ношча́, доше́л вапи́ре и зема́л да-ви́ка: „Да́ро, шче́рко, о́твори“. Да́ра се-уплаши́ла и пита́ла ку́чето и маче́то: „Ку́че, ма́че, ка́ да-ре́ча?“ А ку́чето и маче́то-ѝ одговори́ли: „Са́ма ја́ла, са́ма кажува́ла“. Она́ се-налути́ла и зема́ла да-и-те́па, а вапи́ре викна́л от-тава́не о́шче по́силно. Ку́чето и маче́то виде́ли о́ти Да́ра ќе-и-уте́па и рекли́ да-му-рече́ на-вапи́ре да-си-отво́ри, врата́та е-по́тпрена сос-сла́мка. Тога́ј Да́ра ра́досно извика́ла: „О́твори-си, вапи́ру, врата́та е-по́тпрена сос-сла́мка“. Вапи́ре спадна́л, отвори́л-ја врата́та и фе́днага ја-изе́л Да́ра. Од-не́а разне́л де́лове насе́каде низ-водени́цата. Утро́то куга́ дошли́ башча́ и ма́ќе-ѝ, виде́ли са́мо парче́та од-Да́ра и ме́сто ру́ба ф-ко́лата и-собра́ли пар-

чéтата да-и-закóпаа. Оттогáј онú ја-засакáли Мáра óти немáли пóвечę дрýго детé.

Лесо Бошнаčки (Јован М. Стојовски)

Будинарци

Лошата сна и свекоро

Еднó врéме си-билá еднá снáа, áма билá нóгу лóша и мрзелúва. Нúкугаш не-одúла на-рабóта. Кугá нéјните дóма ќе-сéднат да-јадáт, онá éле ќе-си-нáе рабóта, úли пá ќе-се-напрáви бóлна и ќе-се-препрáви óти не-мóже да-јадé за-да-ја-пожáлат свéкоро, свекрвата и момчéто. Шчóм онú ќ-úдат на-рабóта, онá ќе-навáли оѓúне и ќе-тýри ф-тáвата печéс јáјца, и ќе-си-рýча сáма. Á денéска такá, а ýтре такá, на-свéкоро му-станáла сумлúва. Ка-мóш онá да-не-јадé, а сé пóвече да-се-гóи, си-мислúл свéкоро. Затовá решúл еднáш да-ја-вáрди, да-вúди шчó рабóти онá дóма кугá-са онú на-рабóта.

Една зáран кугá онú ручáли, онá пá не-хтелá да-јадé. Наврвúли сúте на-рабóта за-да-ја-ослобóдат кáто сéкугаш. Тогáј свéкоро се-врнáл от-пáте и феднáга се-качúл на-тавáне да-глéда оттáмо шчó рабóти снáа-му. Онá не-моглá да-го-забелéжи и кáто сéкоја зáран, и сегá си-го-навалúла оѓúне, турúла тáвата на-нéго, флезнáла ф-ќирéле, донéла пéт јáјца и и-турúла ф-тáвата. Пóсле товá нéкој от-комшúите ѝ-викнáл нéшчо, онá излезнáла мáлку вóнка. Ф-товá врéме свéкоро спаднáл от-тавáне, земáл óшче пéт јáјца, строшúл-и ф-тáвата и феднáга пá се-качúл на-тавáне. Кугá дошлá снáата нé-ни-забележúла оти ф-тáвата úма пóвече јáјца и сúте и-ипржúла. Пóсле товá донéла-си лéп, седнáла ф-пéпело и зафанáла да-јадé. Јáла, јáла, árно áма дéсет јáјца не-сé лéсно изúжцаа. Изéла-и сáмо половúн. Обидéла да-јадé óшче мáлку, áма не-моглá. Тогáј си-подумáла сáма на-нéа: „Мúли бóже, злáтен бóже, далú-сам бóлна, úли ќе-се-рáзбола? Сéкугаш пéт јáјца ми-бéа тамáн мáнца, а сегá не-мóга ни-полóвина да-и-úзеда!“ Кугá го-чýл товá свéкоро, феднáга спаднáл от-тавáне и и-рéкол: „Сéкугаш изúжцаше по-пéт, а сегá не-мóжеш да-изéдеш дéсет! Знáчи затовá тú не-мóжеш зáран да-јадéш с-нáс? Елé-сме и нúе човéци, елé и нúе рабóтиме, елé и нúе úскаме јáјца!“ Земáл éдна зелéна остегáрка и ѝ-се-отепáл éдно ýбаво. Оттогáј снáата и-заборúла јáјцата

и почна́ла да-јаде́ сос-друзи́те ф-ка́шчи. Мо́ре зафана́ла и на-рабо́та да-о́ди и ни́кугаш по́вече не-се́ разболе́ла.

Тимо Прамачкис (Јован М. Стојовски)

Будинарци

Воденичаре Ждрапан и непослушното дете

Една́ш еде́н башча́ си-има́л са́л еде́н си́н. Од-ода́вна чека́л да-го-одме́ни ф-не́која рабо́та, а́ма дете́то не-го слуша́ло. Една́ш башча́-му реши́л да-го-испра́ти на-воде́ни́ца. Дете́то се-согласи́ло. Башча́-му му-го-товари́л мага́рето сос-пчени́ца и оно́ наврви́ло. Кугá тргна́ло, башча́-му му-ре́кол: „Си́не, одне́си-го мли́вото на-која́ и́скаш воде́ни́ца, са́мо немо́ј да-го-но́сиш на-Ждрапа́новата". Дете́то го-покара́ло мага́рето и по-па́те си-мисли́ло зашчо́ башча́-му не́-му-да́ва да-и́де на-Ждрапа́новата воде́ни́ца. Реши́ло за-ина́т да-го-но́си ба́ш та́м. Кугá стигна́ло до-воде́ни́цата, о́шче оддале́ко почна́ло да-ви́ка: „Чи́чо Ждрапа́не, која́-е тва́ата воде́ни́ца?" Од-една́ воде́ни́ца изле́гол еде́н ста́р чове́к и му-одговори́л: „Е́ла, е́ла, си́нко! Ба́ш си-ме наждрапа́л". Дете́то се-зачуди́ло на-ти́ја ду́ма от-това́ ста́р чове́к и го-покара́ло мага́рето кон-воде́ни́цата. Воденича́ре му-помогна́л да-го-растова́рат мага́рето, врза́л-го мага́рето за-дире́ко пред воде́ни́цата и го-фне́л жи́тото фне́три. Федна́га го-тури́л да-се-ме́ле. Кугá се-сомле́ло ма́лку бра́шно, воденича́ре замеси́л едно́ колаче́ ко́лку една́ пога́ча и го-тури́л ф-пе́пело да-се-пече́. Дете́то гледа́ло шчо́ рабо́ти воденича́ре, а́ма ни́шчо не-му-вика́ло. Ду́ру на-кра́е кугá колаче́то било́ ве́ќе испе́чено ф-пе́пело, попита́ло дете́то зашчо́ така́ пра́ви. Воденича́ре му-одговори́л о́ти сегá ќе-се́днат и ќе-се-надла́жу́ваа, и ко́ј ќе-ка́же по́гуле́ма ла́жа, на-то́ве ќе́-е и брашно́то и колаче́то. Дете́то рекло́ „а́рно". Седна́ли покра́е оѓи́не и зафана́ли муабе́т. На́јпрво воденича́ре ре́кол: „А́јде сегá ти́, дете́, ка́жи не́коа от-твуи́те дети́нски ла́жи". – „Не́, не́, пр́во ти́, чи́чо Ждрапа́не, ти́ ка́жи не́коа от-твуи́те ста́рски ла́жи". Воденича́ре се-сложи́л и зафана́л да-ла́же: „Една́ш ја́, кугá, бе́х ца́р, кугá и-држе́х ти́ја пла́нини о́кулу на́с, и́мах-ме е еде́н гуле́м еле́н сос-гуле́ми ро́гове. На-еде́но ро́к ку́ковицата ку́каше, а на друзи́е пупуно́ко пу́паше и еде́н дру́к не-се́ слу́шаа". Дете́то го-попита́ло воденича́ре дали́ и́ма о́шче да-ла́же, а́ма о́н ре́кол оти не́ма по́вече. Тогáј дете́то рекло́: „Е сегá, чи́чо Ждра-

па́не, досега́-те ја́с слуша́х, а отса́ ќе-ме-слу́шал ти́. Ти́ кажа́ се́ лажа́, а ја́с ќе-ти-ка́жа и́стина“. И ја-зафана́л него́вата при́казна: „Една́ш, кога́ се-жени́ та́те за-ма́ма, на́шча цр̀ква остана́ бес-темја́н. Чуди́ја-се чове́ците и по́по ко́ј да-испра́тат до-го́спот по-темја́н и ми-се-нагледа́а на-ме́не. Ја́с шчо́ да-пра́ва! Ка́то на́јмале́чок мора́х да-се-сло́жа. Зема́х-си од-до́ма една́ о́ртома и наврви́х. За-по́брже да-о́да зема́х-си и едни́ чи́зми. А́рно а́ма место́то одде́ка чове́ците се-качу́ваа кон-го́спот бе́ше па̏но сос-тр̀н'е и чове́к ни́как не-мо́жеше да-зами́не. Затова́ се-собу́х бос и нис-тр̀н'ето се-претрче́х ка́то по-тепци́ја. Дојдо́х до-одре́деното ме́сто и кога́ погледна́х наго́ре, видо́х де́ка над-ме́н небо́то е-распу́кано. Бе́х си́гурен оти отту́ка е-врата́та за-на-небо́то. Откачи́х-ја о́ртомата од-ра́мото и ја-фрли́х наго́ре од-еде́н кра́ј. Виде́х о́ти-е за-ма́лку ку́са и не-може́ да-се-зака́чи за-небо́то. Затова́ ја-сви́х о́ддве и ту́ку се-закачи́ за-кра́е. Фана́х-се за-не́а и зафана́х да-се-качу́вам ка́то по-ска́ра. Кога́ стигна́х на-небо́то, виде́х една́ гуле́ма цр̀ква, а фоф-не́а се-слу́шаа пе́сни. Те́рам од-не́каде да-на́јда вра́та, а вра́та не́ма ни́каде. Затова́ го-замоли́х свети́ Пе́тар, ко́ј не́шчо си-ду́маше ф-това́ вре́ме сос-еди́н дру́к свети́ја и о́н ме-префрли́ фне́три нис-еде́н ца́м. Видо́х дека-го́спод им-држи́ цр̀ква на-свети́ите. Кога́ заврши́ цр̀квата, го́спод ме-виде́ и ме-покани́ сос-не́го. Ојдо́хме фоф-олта́ре и на́јнапрет ми-да́де у́баво да-се-на́јада и да-се-на́пија цр̀но ви́но. По́сле ме-пи́та зашчо́ сам-доше́л, а ја́с му-кажа́х се́ ка-тре́бе. О́н ми-даде́ не-са́мо тамја́н, ту́ку и кр̀стена во́да за кога́ ќе-се-ро́да ја́с да-не-му́ те́раме па́. Ја́с си-наврви́х да-си-о́да за-до́лние све́т и па́ ојдо́х каде врата́та на-небо́то. Кога́ гле́дам на-до́лние све́т, един чове́к си-ја-свали́л о́ртомата и с-не́ја си-влече́ тр̀н'е. На́јнапрет се-уплаши́х ка́ ќе-да-спа́дна. По́сле се-сети́х и зафана́х да-ску́ба ко́сме од-глава́та. Врза́х едно́ влакно́ за-небо́то и зафана́х да-спа́дам по-не́го. Тама́н дојдо́х на-кра́е, оскуба́х дру́го влакно́ и го-врза́х за-пр̀вото, и така́ ску́би вла́кна и врзу́ве едно́ за-дру́го спадна́х до-половина́та. Ту́ка ми-пристуде́ и реши́х да-на́вала о́ѓин. Собра́х кле́чќи нао́кулу и си-навали́х. Кога́ се-нагреја́х у́баво, реши́х да-спа́дна на-земја́та за-по́брже, оти виде́х де́ка до́ма ме-че́каа си́те прет-цр̀квата. А́рно а́ма, ду́р сега́ забележи́х де́ка не́мам по́вече вла́кна на-глава́та. Ф-то́ве моме́нт однѐкаде долита́ еден па́јак и се-фана́ за-влакното́ до-ме́не. Ја́с го-накара́х да-ми-помо́гне и о́н од-кра́е на-влакно́то до-земја́та пушчи́ една па́ужина. Ја́с по-не́а спадна́х до-земја́та. На-земја́та бе́ше но́гу те́шко и на-ме́не ми-се-припи́ но́гу во́да. Ојдо́х до-е́ден кла́денец ф-една́ долчи́на и отка́ се-ма́лку одмори́х, легна́х да-се-напи́ја

во́да. По́сле наврви́х да-си-о́да. Тама́н се-пооддалечи́х и ду́р сега́ усети́х о́ти на-кла́денецо сам-си-забори́л глава́та. Федна́га се-врна́х nasát и кугá виде́х – на-моја́та ро́дена гла́ва ја́ди една́ леси́ца. Јáс фана́х еден чама́к и ја-удари́х. От-стра́х она́ побегна́. А́рно а́ма, кугá побегна́, пушчи́ една кни́шка. Јáс си-ја-зема́х глава́та и ја-прочита́х кни́шката". И ту́ка дете́то ја-заврши́ло него́вата при́каска. Воденичáре го-слуша́л у́баво и на-кра́е иска́л да-дозна́е шчо́ пиша́ло ф-кни́шката и затова́ попита́л: „А шчо́ пи́шеше, бре дете́, на-кни́шката, кугá ја-прочитá?" Дете́то се-насмеја́ло и ра́досно одгово́ри́ло: „Фоф-кни́шката пи́шеше: чи́чо Ждрапа́н но́гу да-не-ду́ма о́ти дете́то го-надлагá, а́ми не́ка му-и-даде́ брашно́то и колаче́то!"

Ду́ру тогáј Ждрапа́н воденичáре се-сети́л оти дете́то е-лага́ло. Но́гу иска́л да-не-повéру́ва, а́ма нема́ло ка товá да-го-напра́ви. Ба́ш тогáј и брашно́то се-е-домле́ло. Дете́то си-го-собра́ло, товари́ло-го на-магáрето и си-ошло́ до́ма. Кугá го-пита́л башчá-му начија́ водени́ца то́лку у́баво и то́лку бр́же го-е-сомле́ло, дете́то му-е-кажа́ло оти ошло́ пра́во на-Ждрапа́новата водени́ца. Башчá-му се-изненади́л и поверува́л оти и́ма но́гу и́тро дете́. И оттогáј се́кугаш са́мо дете́то си-оди́ло на-водени́ца.

Никола Ризински (Јован М. Стојовски)

Будинарци

Циганино и млекото

Е́ден Ци́ганин оше́л на-не́коа коли́ба и укра́л еден ќу́п мле́ко. Тури́л-го ќу́по ф-то́рбата, преврза́л-го озго́ре, зе́л еднá тојáга и го-преметна́л през-ра́мото. Оде́ќи-си текá, мисли́л-си по-па́те се́ шчо́ мо́же да-напра́ви од-млеко́то и ко́лку но́гу е-укра́л. Од-гуле́ма ра́дос ду́р и са́м си-дума́л на-гла́с: „Кугá ќе-сти́гна до́ма, на́јнапрет ќе-го-и́збија млеко́то. Од-ма́теницата ќе-сва́ра у́рда. У́рдата и масло́то ќе-про́дам и за-ни́х ќе-зе́ма не́колку коко́шки; коко́шките ќе-ми-сне́сат јáјца и од-ни́х ќе-и́зведа се́ гуле́ми и у́бави пе́тли. Кугá пора́снат петли́те, ќе-и-про́дам и за-ни́х ќе-зе́ма но́гу па́ри. Сос-па́рите ќе-си-ку́па у́бави дре́и и е́дин о́шче по́убав ко́н. Ќе-се-о́блеча като-ца́рски си́н. Тогáј ќе-го-јáхна ко́не и го́рдо ќе-се-про́шетам прет-ца́рски́е дво́р. На-ѓа́мо ќе-седи́ ца́рската шче́рка и ќе-ме-гле́да. Тогáј онá си́гурно ќе-попи́та ко́ј-е товá, а јáс ќе-ви́кна: „Јáс-сам Рамада́н Ци́ганино, бре́ј, бре́ј, ца́ре, и си́те ф-дво́ро". Тогáј ца́рската шче́рка ќе-си-поми́сли ка-мо́ш да-сам-Ци́ганин

а то́лку у́бав и фе́днага ќе-ме-зайска. Ја́с ќе-ја-по́терам от-ца́ро и о́н ќе-ми-ја-даде́ за-жена́. Така́ Рамада́н от-Ци́ганин ќе-ста́не ца́рски зе́т. По́сле не́кое вре́ме ќе-си-оди́маме дете́нце, о́шче по́ўбаво и од-башча́-му и од-ма́ќе-му. Това́ моє́ дете́ ќе-се-нау́чи да-о́ди и да-ду́ма. Ду́р тога́ј ќе-за́стана пред-не́го, ќе-му-по́гледна ф-очи́те, ќе-у́дара с-раце́те и ќе-му-ре́ча: „е́ла у-ме́не". Ци́ганино иска́л да-пока́же ка-ќе-да-изгле́да у́баво кага́ ќе-чу́кне с-раце́те. А́рно-ама ќу́по сос-млеко́то сосе́ тоја́гата падна́л зад-не́го и се-строши́л, а млеко́то исте́кло. Ци́ганино жа́лно погледна́л ф-парче́тата от-ќу́по и си-ре́кол ф-акӑло, а́ма па́ на-гла́с: „Ба́ре да-мо́жех да-се-на́јада у́баво". Попцува́л по-цига́нски, мака́р и са́м не́-е-знаја́л ко́ј пцу́ва и си-оше́л по-па́те на-она́м не́каде.

Јованка Пачарска (Јован М. Стојовски)

Владимирово

Лоф на вӑчета

Еде́н де́н вр̆шчахме-се сос-ба́те Ѓо́рѓи от-планина́та. Това́ бе́ше не́каде у́кулу Свети́ Еремі́а. Тама́н спада́хме низ-Гради́шчето, чу́хме не́каде зави́ја вӑци. Чу́ли бе́хме оти вӑко́ де́ка зави́е тога́ј, на-това́ ме́сто ќе-се-оку́чи. На́с нѐ-фати́ сама́ре. Реши́хме да-че́каме. От-ка-помина́а не́колку ме́сеци, четі́ри и-по́л ле-бе́а, пет ле бе́а, не-зна́м, ф-еде́н пра́зник ојде́хме на-това́ ме́сто де́ка ви́еја вӑци́те. А това́ ме́сто бе́ше ф-еде́н дебо́к а́ндак де́ка не-мо́ш ни-пи́ле да-прели́та. Мушка́хме-се низ-ра́сќето, кага́ гле́даме ту́ка-та́м по-ма́лку вӑничка расфр̆лано. Му́ѓу едни́ ска́ли виде́хме ду́пка, а пред-ду́пката и вӑкоја́днина. Зна́хме оти са-ту́ка не́каде. Ба́те остана́ пред-ду́пката сос-пу́шката ф-ра́це, а ја́зе зе́х една вре́ќа и фле́гох фне́три. Чу́х не́каде квича́т вӑче́та. Оди́х се́ по-гласо́ на-вӑче́тата и и-најде́х. О́шче не-бе́а ни-прогледна́ли. Собра́х- ф-една́ вре́ќа и изле́гох. За-на́ш касме́т стари́те вӑци и-не́маше. Ка-и-преброи́хме, испадна́а о́сем. Кажу́ваа оти вӑко́ по-едно́ кри́л на-дру́го ме́сто, си́гурно са-били́ де́вет. Сос-гуле́м стра́х спадна́хме до́ле ф-река́та. Смрачу́ваше-се ве́ќе. Однесохме-и на-Шу́мското и ни-плати́ја по-о́сем ил'ада́рки на-вӑче́. Еде́н офча́р саранта́ виде́л стари́те вӑци ка-се-тркала́ли по-лива́ите, стра́шно завива́ли. Дифчина́, ама и они́ зна́ат шчо́-е ма́ка.

Киро Ковачки (Јован Кушовски)

Владимирово

Ламја

Има́ло не́кое вре́ме еди́н ца́р и една́ цари́ца. Они́ има́ли но́гу у́бава шче́рка. Ф-то́ве гра́т де́ка живеа́л царо́ сос-цари́цата, доо́ди́ла една́ стра́шна ламја́ на-че́шмата. Се́која ве́чер ја́ла по-една́ мома́. Дошло́ ре́т и на-ца́ровата шче́рка. Ошла́ на-во́да и почна́ла да-пла́че. Ф-това́ вре́ме доше́л не́кој ловци́ја да-пи́е во́да на-че́шмата. Почна́л да-а-пи́та мома́та зашчо́ пла́че и она́ му-кажа́ла каква́-е рабо́тата и шчо́ бела́ ја-снашла́. Ловци́јата ѝ-ре́кол да-несе-бои́ оти о́н ќе-ја-уте́па. То́ве ловци́ја има́л ла́ф, ва́к и ку́че. Седна́л на-че́шмата и зачека́л. Куга́ се-појави́ла ламја́та, стра́шно забуче́ло и мома́та па́ заплака́ла. Ловци́јата ѝ-ре́кол да-не-пла́че, о́н ќе-ја-спа́си. Ловци́јата са́кна́л лаво́, ва́ко́ и ку́чето; де́вет-па́ти пукна́л и ја-утепа́л ламја́та. Ламја́та има́ла де́вет гла́ви. Ловци́јата ѝ-ре́кол на-мома́та да-си-о́ди до́ма. Она́ му-дала́ пр́стено оти ја-спаси́л. О́н пресе́кол јази́ците од-глави́те, тури́л-и ф-торба́та и си-оше́л. Куга́ си-ошла́ до́ма мома́та, царо́ и цари́цата но́гу се-израдува́ли. Мома́та им-раскажа́ла се́ за-ловци́јата. А́ма ѓа́воло да-и-на́јде глави́те, зе́л-и и оше́л пра́во при-царо́ да-ка́же оти о́н ја-спаси́л шче́рка-му. Царо́ му-ја-да́л него́вата шче́рка за-жена́. Дошло́ вре́ме за-сва́дба. Покани́ли сва́тове. На-сва́дбата доше́л и ловци́јата, седна́л на́јнакра́е. Неве́стата дошла́ да-цали́ва ра́ка на-кумо́ и на-сва́товето. Дошло́ ре́т и на-ловци́јата. Ќуга́ пода́л рака́та да-му-ја-ца́лне неве́стата, она́ си-го-позна́ла пр́стено. Тога́ј ловци́јата ре́кол на-царо́ оти о́н ја-спаси́л шче́рка-му и оти глави́те шчо-и-доне́л ѓа́воло са без-јази́ци. Царо́ нареди́л да-го-запа́лат ѓа́воло жив да-изго́ри, а ловци́јата го-зе́л за-зе́т.

(Јован Кушовски)

Владимирово

Итрата баба

Еде́н де́до и една́ ба́ба живеа́ли ф-една́ коли́ба фоф-не́која пла́нина. Де́дото оди́л на-ло́ф. Пр́вие де́н ни́шчо не-фана́л. Фто́рие де́н па́ ни́шчо. А́ма на-тре́тие па́т утепа́л за́ак. Де́дото го-суреди́л за́ако и го-да́л на-ба́бата да-го-сфа́ри. Па́ оше́л на-ло́ф. Ба́бата го-сфари́ла за́ако и една́ по-една́ си́те дро́пќи изе́ла. От-ка-изе́ла

месóто, турúла ф-котлéто да-се-вáри еднá сфúнска подлóга. Кугá дошéл дéдото, потерáл на-бáбата ручóк. Бáбата му-турúла ф-еднá панúца чóрба сос-сфúнска подлóга. Дéдото сфатúл каквá билá рабóтата, грабнáл панúцата и ја-треснáл од-главáта на-бáбата.

(Јован Кушовски)

Владимирово

Сирачé

Нéкој офчáр имáл гулéмо стáдо óфци. Фоф-негóвото стáдо имáло еднá офцá ýбава, рудовăна и млéчна сос-нóгу ýбаво шарéнко јáгненце. Дошлú тргóфци да-купýваа јáгнишча. Офчáре ја-продáл и нáјáрната офцá – мáќата на-шарéното јáгне. Јáгнето цáла нóш блеáло, ама мáќа не-нашлó. Sарантá, кугá флéгол офчáре при-офцúте, јáгнето му-реклó: „Бáте-ле, бáте Стојáне, трú пáти стáдо преброúх, мојáта мáќа не-најдéх; далú-ја вăци грабнáа или од-бóлес умрéла?“ Офчáре му-рéкол: „Нúти-ја вăци грабнáли, нúти од-бóлес умрéла, тýку јáзе ја-продáдох; за-тéбе оставúх до-дéвет мáќи дојнúци“. Јáгнето му-реклó: „Вăците да-ти-изéдат деветтé, кугá ми-нéма мојáта крóтко да-ми-застáне, слáтко да-си-се-нáцицам“.

(Јован Кушовски)

Владимирово

Три сестри

Нéкое врéме живеáла нéкоја мáќа сос-трú шчéрќи. Онú билú нóгу сиромáси. Сестрúте живеáли фоф-еднá одáа, а мáќа-им ф-дрýга. Нóшќе седéли до-нúкое врéме и прéли вăна. Еднó врéме царó наредúл да-не-се-сéди нóшќе пóвече од-óсем сáато. Еднá вéчер поминáл помошнúко на-царó пóкрај кáшчата на-сестрúте. Кугá видéл светлинáта од-одаáта, ошéл под-цáмо да-чýе шчó си-дýмаа трите сéстри.

Нáјгулéмата сестрá реклá: „Да-го-зéма мúнистерсќие сúн, ќе-му-рóда близнáци“. Фтóрата сестрá реклá: „Да-ме-зéме синó на-тргóвецо, нозéте ќе-му-мúа, водата ќе-пúа“. Нáјмалéнката сестрá

реклá: „Да-ме-зéме цáрсќие сúн, ќе-му-рóда двé дéца, мáшко и жéнско. На-мáшкото на-челóто ќе-úма сáнце, а на-жéнското на--челóто – месечúна“. От-ка-чýл жéлбите на-трите сéстри, óн ошéл при-царó и му-кажáл сé. Царó наредúл да-и-довéдат сестрúте. Кугá и-питáл царó до-кугá са-седéли, онú си-мáчéли, нúшчо не--продумáли. Нéкое врéме нájстáрата сестрá признáла оти са-седéли пóвече од-óсем часó. Царó и-питáл шчó работúли. Тогај сестрáта кажáла сé по-рéт за-нúјните жéлби. Царó им-испáнúл нúјните жéлби. За негóвие сúн ја-зéл нájмалéнката сестрá. Árно áма дошлó врéме цáрсќие сúн да-óди војнúк. Женáта му-билá трýдна. По--нéкое врéме цáрската снáа, нájмалéнката сестрá, родúла. Родúла двé дéца – еднóто мáшко, другóто жéнско. На-челóто на-мáшкото имáло сáнце, а на-жéнското месечúна. Нéјните двé сéстри од-завидлáк ќе-пукнáли билú. Земáли децáта, турúли-и ф-еднá кóшница и и-пушчúли да-плúваа низ-рекáта. А фоф-лýлката турúли кýтре и мачé. Кугá дошéл царó да-вúди децáта, видéл кýтре и мачé. Наредúл да-ја-закóпаа до-половúна фоф-земјáта, да-ја-печé сáнцето и да-ја-плýваа мухúте.

По-нéкое врéме дошéл-си од-војскá цáрсќие сúн. Ошéл да-ја-вúди и чýл двá глáса ка-плáчат. Кóшницата сос-децáта се-удрúла од-нéкој кáмен и ја-исфрлúло сос-децáта на-брегó. За-гулéмо чýдо видéл оти на-мáшкото детé сáнце грéе, а на-жéнското месечúна. Óн и-зéл децáта и и-изгледáл...

(Јован Кушовски)

Смојмирово

Сино а тера мајка си

Еднá невéста и еднó момчé оженúли-се и билú богáти и си--одимáли едно детé мáшко. И пошчó билú богáти, онá нúкугаш не--одúла на-полéто. Не-знаáла ни-нúвјето дéка-им-са. По-еднó врéме му-текнáло на-момчéто: „Árде, жéно, ќе-те-кáча на-кóлата и ќе--те-прóшетам да-ти-кáжа нúвјето“, и тргнáли по-полéто и одúли додéка одúли. На-еднó мéсто притерáло детéто водúчка и óн си--úма сáт за-вóда. „Тýка седéте у-кóлата, јáс ќе-úда да-ви-дóнеса вóда“. Като-ошéл да-им-донéсе вóда, куга-се-врнáл детéто нашéл тáм, женáта немáло. И óн погледáл, поодúл од-вáлта во-вáлта да--нé-ја-нéшто дивчúна однéло. Викáл, немáло-ја. Земáл детéнцето

и си-ошéл дóма. И си-живеáл. Решúл, ако-се-ожéни, já ќе-го-глéда детéто, já неќé, а такá ќе-си-глéда детéто, ќе-си-преживéе.

Прекарáло-се дáго врéме, детéто заодúло на-шкóло, порастнáло, прекарáло шкóлата, и кугá билó осемнáес годúни, станáло и реклó: „Далú-сам имáл мáјка или нé, и ако-сам-имáл кадé-е мójата мáјка?“ „Нé-е пáкос, сúнко, да-знáеш за-твójата мáјка. Имáл-си, áма и јáс не-знáм кадé-е“. Детéто пошчо-му-е-билó тéшко за-мáјка-му-имáло еднá блúзу комшúка стáра – и станáло и ошлó при-нéа и реклó: „Марú бáбо, тú-си комшúка, знáеш-ли тú имáл-ле-сам мáјка и знáеш-ли кадé-е?“ Реклá стáрата: „Знáм, сúнко, ама не-смéа да-ти-кáжа, немój да-ме-окáжеш“. Детéто се-заклéло зашто нéма да-ја-окáже, сáмо да-му-кáже, и тáа му-раскажáла. „Когá
-ти ошлú на-полéто сос-еднá кóла. Тáтко-ти ошéл да-налúе вóда, да-донéсе, и кат-се-врнáл нé-ја нашéл, сáмо тéбе те-нашéл. И се-врнáл дóма и досéга такá-си-е, нúкаде нé-са ја-нашлú ни жúва ни умрéла“. Детéто си-ошлó дóма и си-легнáло. Ýтрото кугá станáло, реклó на-тáтко-му: „Тáтко, тú не-кажýваш дéка-е мójата мáјка, áма јáс сонувáх дéка-е мójата мáјка и кугá е-загинáла, нéго тú нé-си-ја-нашéл ни жúва ни умрéла. Јáс ќе-óда да-ја-тéрам“. „Немój, бре-сúнко, ако-сме-без-нéја останáли, а сегá и бес-тéбе-ле?“ „Нé, ќе-óда да-ја-тéрам“, и такá тргнáл. Минáло дáго врéме, го-срет-нáла еднá стáра колúба да-нóшчéва. Имáло тáм, ф-тáа колúба, едéн стáр човéк, кój го-попитáл кадé ќе-óди. А óн му-рéкол: „Ќе-óда нéкаде мáјка да-тéрам“. Рéкол-му стáрио: „Немój да-óдиш оттýка на-тáмо, óти кój е-заминáл от-тýка сé е-загинáл“. Áрно áма момчéто товá барé не-слушáло и тргнáло сабáле и одúло шчо-одúло дáго врéме и стигнáло на-плáднина во-едно мéсто пýсто, нúшчо немáло тáмо, сáмо еднá трла и двамúна офчарé дéка мäзáт офцúте. И óди при-нúх и и-пúта: „Шчó прайте вúе тýка та-сé-е-запустéло? Сáлте вúе-сте тýка ф-товá пóле и ф-тáа гóра?“ И онú извикáле одеднáш: „Ах момчéнце, ќе-загúнеш, вршче-се надsáде!“ А онó им-вúка: „Кажéте, сáми-сте тýка или úмате и дрýзи свéт при-вáс?“ „Нúе-сме тýка двýјца, за-офчарé нè-е-земáл змéо, а úма деветнáес гóдини еднá женá е-довéл тýка и си-ја-чýва за-женá дóма“. „Áми дооди-ли онá тýка?“ „Дооди на-сéка плáднина и на-сéка сýтрина да-однóси млекóто да-го-пóи. Сегá óшче мáлку да-причéкаш ќе-дójде, ако-úскаш да-ја-вúдиш“. След-мáлку дошлá женáта и óн кат-ја-видéл од-далéко. Имáл слúка од-мáјка-му кат-билá дóма и млáда и ја-носúл у-нéго и извадúл слúката и погледнáл фоф-слúката, и пá погледнáл фоф-женáта, и се-уверúл оти-

-е-това́ него́вата ма́јка. И ја-тргна́л на́страна од-офчаре́то, ѝ-да́л сли́ката и ре́кол: „Чија́-е та́а сли́ка, мо́жеш-ле да-ја-позна́еш?“ Она́ рекла́: „Моја́-е сли́ката, а́ма ти́ ќе-ми-ка́жеш од-де́ка-ти-е“. Дете́то ѝ-рекло́: „Е мори-ма́јко, ја́зе-сам тво́е си́н шчо-ме-остави́ на-полови́н годи́на и до́јдех да-те-те́рам и по-сли́ката те-позна́х о́ти-си ти́зе“. „А бре-си́нко, не-мо́жеш ти́ да-до́јдеш та́мо, о́ти ќе-те-изе́де зме́о, ти́ ту́ка ќе-се-кри́еш“. Рекло́-ѝ момче́то: „Ќе-те-забо́рча не́шчо, ја́с ту́ка ќе-се-кри́ја, а ти́ това́ да-го-учи́ниш шчо-ќе-да-те-забо́рча. Ќе-го-пи́таш зме́о да-ти-ка́же де́ка-му-е си́лата и срце́то, та у́тре ќе-до́јдеш и ќе-ми-оба́диш“. Жена́та си-ошла́ вечерта́, одне́ла млеко́то и като-си-легна́ли, та́а го-замоли́ла: „Е, стана́ја-вече деветна́есе годи́ни от-ка́ сме-се-собра́ли, а ти́ на-ме́не не́-си-се повери́л да-ка́жеш де́ка-е тво́јата си́ла и тво́ј ето ср́це, а ја́зека си́чко ти-пра́вам шчо ми-наре́диш. Тога́ј ре́кол зме́о: „Не-тре́беше да-ти-се-ка́же, ама а́јде, ќе-ти-ка́жа. Ѝма еде́н ца́р ф-та́а и ф-та́а држа́ва де́ка живе́е и бли́зу до-не́го едно́ е́зере и фоф-е́зерето и́ма една́ ди́ва свињá, и фоф свињáта и́ма за́јак и фоф-за́јако и́ма ѓи́нгар, и фоф-ѓи́нгаро јајце́; и доде́ка се-това́ јајце́ не-стро́ши, ја́с не́ќу да-у́мра“. Жена́та заповни́ла си́чко шчо-ѝ-кажа́л зме́о и ошла́ утрото по-мле́ко, извика́ла на́страна сино́-ѝ, му-расправи́ла си́чко. О́н не́-се-реши́ да-си-о́ди до́ма, пра́во ојде́ при-дво́рецо на-то́ве ца́р. Като-би́л измо́рен од-длѫ́к·па́т, приседна́л боже́ да-почи́не, а́ма му-се-придрема́ло и полегна́л да-пре́спи, а то́ве ца́р шчо-би́л ф-то́ве дво́рец има́л са́мо една́ шче́рка и една́ жена́, дру́го ни́шчо. А́рно-ама ф-то́ве ма́х изле́гла ма́јката на-во́нка и виде́ла едно́ момче́ дека-спи́ј е на-ни́јно дво́р и кат-го-виде́ла бр́же се-надса́д врна́ла и рекла́ на-царо́: „Е́х чести́т ца́ру, да-ви́диш каква́ сре́ќа е-дошла́ на-дворо за-на́шта шче́рка“, и стана́л царо́ и о́н го-виде́л и на-не́го му-се-аресáл како-на-жена́та-му; и ре́кол на-жена́-му да-ка́же на-шче́рка-си и она́ да-го-ви́ди и да-не-сме́ат да-го-разбу́дат доде́ка си-са́м не-ста́не; а́ма немо́ј да-го-испу́шчат, ќе-да-че́каа; доде́ка спи́е, та́м да-са-една́та. И они́ седе́ли та́мо. И ка-седе́ли, по-едно́ вре́ме стана́ло момче́то и како́ стана́ло навика́ли-го до́ма ф-кона́ците. Напои́ли-го, нарани́ли и му-обади́ли шчо ми́слат, о́ти са-го-бендиса́ли за-ца́рски зе́т. И о́н се-согласи́л и направи́ли сва́дба. Пр́вата ве́чер се-прекара́ло, на-фто́рата кога́ заспа́ла неве́стата, изле́гол от-каде́ не́ј а и оше́л пра́во на-е́зерето и загази́л, и изле́гла ди́вата сви́ња и почна́ли да-се-бо́рат. И кат-се-бори́ли, рекла́ ди́вата свињá: „Е море́ ца́рски зе́ту, да-е-ту́ка зме́о, та-да-го-ви́да, ќе-те-фр́ла фоф-обла́ците и ќе-те-распр́сна на-деведесе́ и де́вет парчи́ња“. „Е море́ сви́ньо, да-е-ту́ка ца́рската

шче́рка, да-ми-пода́де една́ че́ша во́да да-се-на́пија и да-дове́де два́ зага́ра и два́ сла́вера, та тога́ј ја́с ќе-ти-ка́жа“. И се-пушчи́л и си-ише́л о́н, та-си-легна́л при-неве́стата; она́ усети́ла о́ти го-не́ма у́шче по́рано, ама не-хтела́ да-му-ка́же, ма́че́ла-си.

Зарантá кажáла на-тáтко-ѝ: „Тóј твóј зéт, тáтко, шчом ýсети óти заспá, исчéзне от-кадé мéне, не-знáм кадé óди“. Тáтко-ѝ ја-ѝтро поучѝл: „Тѝ, ќерко, кат-загѝне от-кадé тéбе, да-дóјдеш да-ме-скóрнеш и да-послéдиме по-негóвата трáга и ќе-разбéреме дéка óди“. Такá и направѝли. Шчóм излéгол цáрскио зéт и тргнáли по-нéго крѝшум да-го-не-загýбат кадé ќе-ѝде. И кат-видéли дéка се-сопрéл на-éзерето и се-укрѝли блѝзу до-éзерето и чекáли да-вѝдат шчó ќе-да-бѝде. Катó загазѝл низ-éзерето зéто, и пá излéгла дѝвата свињá, и пá се-заборѝли, и па-рекла́ дѝвата свињá: „Е́, цáрски зéту, да-е-тýка змéо, сáлте с-óко да-гó-вѝда, ќе-те-рáспрсна“. А óн рéкол: „Е́, свѝњо, да-е-тýва цáрската шчéрка, да-ми-подáде еднá чéша вóда, и да-довéде двá загáра, и да-донéсе двá славера!“ И тѝја като-чýли, тргнáли-си-докáт не-е-тргнáл óн да-ја-затéче дéка спѝ́ј е онá дóма. И утрáта вéчер кат-си-легнáли, óн мáлку почекáл и пá станáл, и онѝ прибрáли сѝчко шчо-чýли од-нéговата ýста и ошлѝ по-сáм нéго и стигнáли на-éзерето и се-укрѝли. Додéка се-бѝли онѝ, тáм седéли и като-се-уморѝли, реклá дѝвата свињá: „Ќе-те-рáспрсна, ако-се-подáде змéо дýри до-óблаците“. А цáрскио зéт: „Е, морé свѝњо, да-е-тýка шчéрката на-цáро да-ми-подáде еднá чéша вóда и да-довéде двá загáра и двá слáвера и да-ми-дóјде сѝлата, ќе-те-фрла до-óблаците“. Фреднáга доóди цáровата шчéрка и му-донóси вóда и кат-се-напѝва, ја-распрснува на-нóгу парчѝња, и излáзи од-нéго едéн зáјак и пушчѝја фреднáга загарéто и фанáа зáјако, закóлуваа зáјако; излáзи цѝнгаро, пýшчаа слáверите и фанáа цѝнгаро. Го-закóлуваа цѝнгаро и извадѝја јајцéто. Другóто унишчѝ, а јајцéто турѝ ф-пóјасо и тргнáл пá на-пáт при-мáјка-му. Нашéл-ја-е на-бачѝлото и ја-попитáл: „Жѝв-ле-е óшче змéо?“ Извадѝл-е јајцéто и го-скршѝл, и змéо умрéл; и си-повéл мáјка-му. И земáл желéзната прáчка шчо-ја-кажáл змéо на-мáјка-му и ударáл на-сéки кáмен по-еднáш. Товá станáли стóка, нóгу пóвече нарóт, шчото пливнáло по-земјáта. Кат-разбрáли кóј-е нѝјно спасѝтел, извикáли: „Нѝе ќе-те-тýриме цáр!“ И óн си-одвéл мáјка-му дóма и срéќно си-живеáли.

(Ѓорѓи Трошански)

Смојмирово

Трујца братја и сестра им

Трујца братја си-имали една сестра и ја-оженили далеко. Еднаш најстарие брат ошел да-ја-види шчо прави и ка-си поминува. Куга ошел там одмах свекоро рекол: „Снао, заколи една кокошка и меси баница оти-е свато еднаш дошел". Снаата заклала кокошка и месила баница и седнали да-јадат. Свекоро и свекрвата веднага почнали да-јадат, а снаата приносила. Таман седнала свекоро па извикал: „Снао, некој вика вонка, иди виш кој вика". Ошла она да-види кој вика, ама никој немало и се-врнала и па седнала, ама свекоро па викнал: „Снао, нешто лае кучето, иди виш зашчо лае". Снаата па ошла да-види зашчо лае кучето и па се-врнала, оти вонка никој немала и седнала да-јаде. Шчом па почнала да-јаде свекоро рекол: „Снао, диге софрата, јас и бабата се-најадохме, а сигурно и свато се-е најал". Брат-и видел каква-е работата и си-ошел дома и си-расправил на-друзите братја. Решил да-иде и да-види средние брат каква-е работата сос-сестра-му. Куга ошел там исто така свекоро и-рекол на-снаата да-меси баница и заколе кокошка. Снаата се това зготвила и седнали да-јадат. Свекоро па-ја-прашчал снаата да-види кој има вонка и таман почнала да-јаде, и-рекол да-ја-дига софрата, оти са-се-најали, а таа па си-останала гладна. И тове брат си-ошел и он расправил шчо се-догодило каде сестра-му. Најмалечкие брат бил најербап. И рекол оти он ќе-иде да-види ка-е и шчо-е каде сестра-му. Куга ошел там, свекоро и-рекол на-снаата: „Снао, заколи кокошка и меси баница оти-е дошел свато и требе добро да-го-пречекаме". Снаата заклала кокошка, месила баница и седнали да-јадат. Снаата приносила и свекоро ја попрашчал да-види кој има вонка, и таман седнала да-јаде, свекоро рекол: „Снао, диге софрата, јас и бабата се-најадохме, а сигурно и свато се-е-најал!" Арно ама брат-и рекол: „Јас-сам са почнал да-јада, а сестра-ми не-е- ни-почнала!" И така си-останали да-јадат и изели се кокошката и баницата, а свекоро и свекрвата си-останали гладни. Легнали-си, ама гладен не-се-спие, а брат-и на-невестата си-спал до-огнишчето каде-ношчвите, и там бил лебо. Свекрвата едно време му-рекла на-свекоро: „Море јас-сам ногу гладна, и не-знам шчо-ќе-да-права, а свато спие ф-ќиреле и нема ка-да-зема леп". Свекоро и-рекол: „Свари кашамак ф-котлето и ќе-апнеме така от-котлето". Свекрвата тура вода да-се-грее, ама брат-и на-невестата почнал да-се-чеше и и-рекол на-сваата: „Е море свао, живјасах" – и соблекол кошулата

и ја-фрлил ф-котлето и рекол нека-се-попари. Свекрвата му-кажала на-свекоро шчо станало, а он и-рекол да-земе квасецо от--квасичарнико и да-го-испече ф-пепело. Свекрвата го-умесила и го-турила да-се-пече ама свато земал една прачка и рекол: „Татко-ми били три братја и така поделили имото на-три дела“ – и така сос-прачката се го-разнел квасецо. Свекрвата не-успеала нишчо да-апне и па му-рекла на-свекоро оти-е ногу гладна, а он и-рекол: „Иди в-градината и апни некое перо прас, ќе-ти-помине“. Свекрвата ошла в-градината и почнала да-ќине и да-гафа прас. Свато излезнал и почнал да-вика: „Оа, оа, стопанице, ќе-изедеш празо на-свато“, и земал една остегарица и почнал да-ја-удри и ја--пребил от-ќотек. Ошел при-свато и му-рекол: „Ела, свате, не-ми--се-спие и излегнах малку в-градината, а там една крава да-ти--изеде празо и земах една остегарица и ја-пребих с-ќотек“, а свато преапал устата оти знаал кој бил вонка.

(Ѓорѓи Трошански)

Неѓрево

Вăко и лесицата

Вăкó и лесúцата билú гулéми прија́тели. И лесúцата вика́ла на-вăкó:

– Ај, ку́мо вăче, да-зна́еш кóлку-е-стра́шен човéко!

А вăкó:

– А, стра́шен-е! Мéн нé-ме-е-стра́х.

– Нé-те-е, нé-те-е, óт нé-го-зна́еш.

– Е па́ куга́ ќе-ми-го-ка́жеш да-го-ви́да?

– Стóј – рекла́ лесúцата – ја́с ќе-те-óдведа да-го-ви́диш. Чека́ла да-завр̑не снéк и му-рекла́:

– Áјде са́, ку́мо вăче, д-и́дем да-ви́диш кóлку-е-стра́шен човéко.

Ошлú, скрúли-се ф-нéкое ѐрекчé на-па́те и чека́ли да-замúне човéко. Помина́ло нéкое детé малéчко, вăкó рéкол:

– Това́-ле-е човéко, стра́шние човéк?

– Нé-е, нé-е. Това́-е бăдешчи човéк.

Пóсле помина́л нéкој ста́р човéк сос-тоја́шка. Па́ рéкол вăкó:

– Това́-ле-е стра́шние човéк?

– И това́ нé-е. Това́-е би́вши човéк, остарéл човéк.

Е, на́јпосле éто оздóле дéка и́де мла́т човéк, сос-пу́шка, сос-загáр и реклá:

– Éто, това́-е стра́шние човéк. А́ма ја́с ќе-бéгам, не-смéа да-го-дóчекам.

– Е, бéге ти́, ја́с ќе-го-дóчекам.

И чекáл вăкó, дошéл човéко спрóти вăкó, вăкó рипи́л на-човéко. А́рно а́ма човéко сос-пу́шката бó-у-у-у, та-по-вăкó, по-лицéто на вăкó и вăкó спаднáл да-нé-го-дáви, не-смеáл. Пóсле се-загнáл вăкó да-сти́гне леси́цата. Тр̄чи, тр̄чи по-пáте, леси́цата се-обрнáла и реклá:

– Шчó-е, кумо-вăче, шчо-бéгаш?

– Е, óстави-се, кумо-ли́со, нóгу е-стра́шен-би́л човéко.

– Е, óти, шчó-ти направи́?

– Ја́с – ви́ка – рипи́х да-го-дáва, а́ма óн духнá през-еднá тојáга па-ми-посипá лицéто се-градýшки.

Улав вăкó, óн ми́сли градýшка-е товá шчо-пáда од-небóто, од-óблаците, а онó е-билó сáчми. И вéче не-смеáл вăкó да-ри́па на-човéка.

Копрана Рендевска (Павлина Шехтанска)

Неґрево

Ќосовиот човек

Имáли-си едни́ свéт еднó мáшко детé. Башчá-му óшче ка-билó малéнко детéто ошéл в-дрýга држáва и ѝ-рéкол на-женáта-му: „Ја́с ќе-стáна цáр, а ти́ кугá порáсне петнáесет годи́ни детéто и́спрати-го кадé мéне, а́ма сос-ќóсав човéк ни́как да-не-прáи муабéт“. Кугá направи́ло петнáесст годи́ни детéто, мáќа-му го-испрати́ла и му-кажáла шó-е-рéкол башчá-му да-не-дýма сос-ќóсаф човéк. Детéто се-спремáло и тргнáло. Оди́ло, оди́ло по-пáте и сретнáло едéн ќóсав човéк и човéко му-рéкол „добардéн, си́нко“. А онó не-хтéло да-му-продýма, пóноонáму е-пá сретнáл дрýк ќóсаф човéк и на-нéго нé-му продумáл, а кугá видéл и трéт, помислúл мóш си́те тýка са-ќóси и му-продумáл. Ќóсавие човéк го-

-пита́л каде́ ќе-о́ди, а момче́то рекло́ та́м и та́м, „та́м-е та́то ца́р па-ќе-и́да каде́ не́го“. Ќо́савие чове́к тога́ш му-ре́кол: „Áј и јáс да--до́јда сос-те́бе накаде́ та́а држа́ва“. И момче́то се-сложи́ло. Оди́ли, оди́ли и стигна́ли до-еде́н и́злак, а им-се-пи́ло но́гу во́да. Ќоса́вие чове́к му-ре́кол: „Áј јáс ќе-на́права едно́ поте́гло, пу́шчи́-ме ме́не пр́во фоф-изла́ко, јáс ќе-се-на́пиа, ти́ ќе-ме-извле́чеш, а по́сле па́ јáс те́п ќе-те-пу́шча да-се-напи́еш во́да“. Момче́то го-пушчи́ло фов-изла́ко, ќо́савие се-напи́л и па́ го-извле́кол. Áрно а́ма сега́ и ќоса́вие го-пропушчи́л момче́то фов-и́злако, и момче́то се-напи́ло, а́ма ќо́савие чове́к не-хте́л да-го-изва́ди. Момче́то почна́ло да-му--се-мо́ли да-го-и́звади, а о́н ре́кол: „Не́ќу да-те-и́звада; ќе-те-и́звада са́мо ако-се-закăне́ш и да-му-рече́ш на-башча́-ти де́ка јáс-сам--му си́н на-царо́, ако-не́, ќе-те-у́дава“. И оно́, дете́то се-закле́ло и то́ве го-извади́л. И па́ си-тргна́ли да-о́дат. Кугá стигна́ли, и царо́ кугá и-виде́л, но́гу се-израдува́л и о́дма му-ошли́ очи́те фоф-сино́--му-си, оти-би́л но́гу у́баф и тогáј ќо́савие ре́кол: „Та́тко, јáс-сам--ти си́н, а товá момче́ го-најде́х по-па́те и го-доведо́х ту́ка“. Царо́ ре́кол а́ко некá-го ту́ка, ќе-ни-е-слугá, а́ко си-има́л но́гу слу́ги, ре́кол некá-го и не́го.

Дошло́ вре́ме царо́ ослепе́л, се-разболе́л и ослепе́л. Има́ло во́да лекови́та каде́ не́која плани́на, товá било́ во́да шо-леку́ва, а́ма водáта ја-чува́ла ламјá. И испрати́ли-го дете́то ба́ш да-му--доне́се во́да, а на-царо́ не́-му-се свиде́ло и му-било́ ма́ка оти-ба́ш оно́ да-и́де. Тргна́ло дете́то по-водáта и кугá дошло́ до-планинáта, ламјáта кугá приручéла и оно́ от-стра́х бутна́ло водáта, та́а во́да билá фоф-шише́нце и ја-истури́ло водáта. Кугá ја-истури́л водáта фоф-товá вре́ме и ламјáта прогледна́ла о́ти и онá билá ќо́рава, и треба́ло не́кој да-го-исту́ри товá шише́ и да-прогле́дне ламјáта. Дете́то се-здрви́ло од-ламјáта, и онá му-реклá: „Не́мој, бре-че́до, да-се-пла́шиш и да-бе́гаш од-ме́не, зна́еш-ли ти́ шо́ добро́ ми-направи́, де́ка јáс прогледна́х“. И му-далá во́да и му-реклá „кугá ќе--ти-притре́бам са́мо ви́кни, јáс ќе-ти-помо́гнам“. И дете́то си-ошло́, да́а-му во́да на-царо́ и о́н прогледна́л и о́шче по́вече го-заискáл. Áрно а́ма ф товá вре́ме билá-си не́коа ца́рска шче́рка ф-не́која дру́га држа́ва и ко́ј ка-и́де ца́рски си́н по-не́а, не́-се врашча́л, ту́ку загинува́л, умира́л. И ќо́савие чове́к мисли́л де́ка та́м момче́то може́ло да-у́мре и нареди́л да-го-испра́тат не́го да-ја-дове́де шче́рката на-царо́ за-не́го. Момче́то тргна́ло, а на-царо́ па́ му-било́ но́гу кри́во, зашто́ ба́ш товá дете́ да-го-избе́рат, а́ма си-па́ ре́кол, е́-па не́ка и́де да-ви́диме шо́ ќе-напра́ви. Дете́то земáло де́вет ками́ли и де́вет товáра жи́то и тргна́ло. Кугá на-па́те испречи́ло-му-се це́ло

мра́фкино ца́рство, нема́ли шо́ да-јада́т и момче́то не-може́ло да-поми́не. Тога́ш се-сети́ло за-жи́тото шо-го-носи́ло сос-не́го, фрли́л-им-го жи́тото, мра́фките се-нај́али и се-тргна́ли от-па́те. Тога́ј една́ мра́фка се-изделила, ошла́ каде́ не́го и му-рекла́: „На́-ти едно́ кри́лце од-ме́не, па-куга́ ќе-ти-притре́бе на́ша по́мош, ти́ са́мо тр̑зни-го од-не́каде и ни́е ќе-до́јдеме да-ти-помо́гнеме“. А момче́то рекло́: „Ајде ќе-го-зе́ма кри́лцето, а́ма ви́е-сте но́гу мале́чки шо́ мо́жете да-ми-помо́гнете?“ И си-оше́л. Продолжи́л по-па́те и куга́ гле́да едно́ орли́но ца́рство застана́ли на-па́те и не-може́л да-поми́не. Тога́ј момче́то исе́кол-и ками́лите и им-го-расфрла́л месо́то. Они́ се-нај́али и царо́ на-орли́те му-ре́кол: „На́-ти, бре-си́нко, едно́ кри́ло, ќе-ти-потре́бе. Куга́-си воф-невол'а са́мо фпа́лни-го кри́лото, и ни́е ќе-ти-помо́гнеме“. Зема́л-го крило́то и замина́л. Оди́л, оди́л и стигна́л до-едно́ мо́ре. Куга́ виде́л фов-вода́та една́ мале́чка риби́чка пре́та, пре́та фов-вода́та и пла́че. О́н се-наведна́л, извади́л-ја от-ка́де ка́мено де́ка се-била́ заглави́ла. И зале́ти ма́ќа-му на риби́чката и му-рекла́: „На́ зе́ми од-ме́не една́ пе́рка па́ ако-ти-потре́бе помо́ш ви́кни-ме“. И така́ сос-се́ това́ момче́то стигна́л фов-та́а држа́ва и до-та́а ца́рска шче́рка. Царо́ го-викна́л каде́ не́го и му-ре́кол: „Ќе-ти-ја-да́м шче́рка-ми, а́ма са́мо под-у́слов ако-ми-и́спӓниш три́ ка́ула. Први́е ка́ул – да-ми-го-дока́раш за́јако шо-ми-е-избега́л фов-гора́та“. Момче́то ошло́ воф-гора́та, а́ма за́јак фа́та-ле-се, мачи́ло-се, мачи́ло, и тога́ј му-текна́ло за-орли́те, викна́ло-и орли́те, они́ дошли́ и му-собра́ли не-са́мо тове́ за́јак ту́ку и чети́ри дру́ги. Куга́ си-докара́л, царо́ се-почуди́л и му-ре́кол: „А́ма ја́с и́мам и дру́к ка́ул. От-се́дем това́ри ра́злично жи́то и́скам се́ посе́бно да-ми-изде́лиш на-ку́пове де́ка-е ичиме́н, па́ р̑ш, па́ пчени́ца и това́ са́мо за-една́ ве́чер“. Момче́то си-мисли́ло шо́ да-напра́ви, са́мо това́ то́лку но́гу жи́то зр̑нце по-зр̑нце не-мо́же да-се-изде́ли. Мисли́ло, мисли́ло и ту́ку едно́ вре́ме сети́ло-се за-кри́лцето од-мра́фката и куга́ и́ма шо́ да-ви́ди – дошли́ це́ло мра́фкино ца́рство и го-избра́ли за-една́ ве́чер жи́тото се́ зр̑нце по-зр̑нце. Мра́фките му-рекли́ ако-и́ма дру́га невол'а са́мо да-и-ви́кне. А́рно а́ма царо́ па́ не́-а да́ва шче́рка-му. Мисли́л-си шо́ чове́к-е то́ве, фана́ за́јаците, и́збра жи́тото, а́ма са́м това́ не-мо́же да-го-напра́ви и ќе-го-уте́па, и му-ре́кол: „Ја́с ќе-го-фр̑ла мо́е прсте́н фов-море́то, па́ ти́ ако-го-најде́ш, ја́с ќе-ти-ја-да́м шче́рката“. И го-фрли́л. Ошло́ момче́то каде́ море́то, седна́ло-си и си-размислува́ло. Во-то́ве моме́нт дошла́ ри́бата и му-рекла́ шо́ го-ма́чи. О́н и̑-кажа́л де́ка царо́ е-нареди́л да-му-се-на́јде прсте́но шо-го-е-фрли́л фов-вода́та. Ри́бата му-рекла́: „Не́-се нерви́ре, ти́ ми-го-спа́си

детéто и јáс ќе-ти-го-донéса прстéно“. И ри́бата ошлá фов-морéто и по-нéкое врéме врнáла-се сос-прстéно на-царó и му-го-далá на момчéто. Момчéто сос-прстéно ошéл прáво кадé царó и царó кугá го-видéл немáло вéќе шó да-прáви и му-ја-дáл шчéрката и би́л нóгу лýтен. Óти би́л лýтен на-шчéрката ни́шчо нé-ѝ-дáл и цари́цата од-мáка целáта рýба ја-изнéла на-терасáта. Момчéто и цáрската шчéрка ка си-вјаáли на-кóне, онá почнáла да-плáче и óн ја-питáл зáшчо плáче, а онá му-реклá за-рýбата. Момчéто и-викнáло орли́те и рубáта еднó по-еднó сé а-пренéли. Шчéрката на-царó билá нóгу срéќна óти земáла такоф хрáбар јунáк. Áрно áма момчéто ѝ-кажáло дéка нé-е онá за-нéго тýку за-синó-му на-царó, а дéка--е онó слугá тáм. Онá почнáла да-плáче и да-му-ви́ка дéка ни́кугаш нéма од-нéго да-се-раздéли. И момчéто а-нóгу заискáл и кугá стигнáли кадé царó ќóсавие човéк се-нóгу зачуди́л. Тогáј момчéто викнáл царó и му-рéкол „Тáтко, јáс-сам-ти си́н, а нé тóве ќóсавие, áма óн ќе-ме-удáвеше и затовá се-договри́хме такá“. Кугá го-чýл товá, царó нареди́л ќóсавие човéк да-го-изгóрат, а óн со-синó-му и снаá-му живеáли-си áрно.

Миропа Гошевска (Нада Шуманска)

Негрево

Трите сестри

Нéкое врéме нóгу одáвна си-би́л едéн цáр. Би́л-си млáт и неóженен и им-рéкол на-нéговите слýги да-óдат по-цéла земјá и да-му-нáјдат нáјáрна, нáјпáметна и нáјýбава женá. Оди́ле на-тýка, на-пóнам слуги́те, áма не-можéли да-нáјдат. Едéн слугá едéн дéн ошéл фов-еднó сéло кадé шо-живеáли сáмо сиромáшни свéт. Кугá стигнáл тáм, фоф-си́те кáшчи нé-се свети́ло, óти билó дóцна, áма фов-еднá кáшча видéл дéка се-свéти. Ошéл на-ќóше на-тáа кáшча и кугá видéл през-цáмо, нóгу се-почуди́л. Седéли óколу огни́штето три́ ýбави мóми, којá от-којá пóýбава. Прéли и си-прикажýвали. Товá били́ три́ сéстри ýбави, áма нóгу сиромáшни. И слугáта си--мисли́л шó да-прáви, дáли да-си-óди и́ли да-и-ви́ди. И такá и направи́л, виснáл до-цáмо и и-слушáл ка-си-прикажувáли. Еднáта реклá: „Е́-е-е да-ме-зéме мéне царó, сос-еднá пáница брáшно цéла војскá ќе-му-нáрана“. Фтóрата реклá: „Е-мóре, мéн да-ме-зéме, сос-еднá кадéла нáпредено цéла војскá ќе-му-ја-óблеча“. И сá

дошло́ ре́т и на-на́јмале́чката, на́ју́бавата. Та́а мӑче́ла, мӑче́ла и едно́ вре́ме рекла́: „Ај мо́ре, ме́не да-ме-зе́ме царо́, ја́с-па ќе-му-ро́да две́ де́ца, едно́ ма́шко и едно́ же́нско и това́ сос-зве́зди; ма́шкото ќе-и́ма звезда́ на-гради́те, а-же́нското на-чело́то и на́ј-ќе-са-ју́бави на-све́то“. Слуга́та но́гу се-зачуди́л от-това́ шо-го-чу́л и почна́л да-ва́рка шо́ по́брже да-сти́гне каде́ царо́ и да-му-ка́же шо́-е-виде́л и чу́л. Куга́ царо́ го-чу́л шо́ му-кажа́л слуга́та и о́н се-но́гу зачуди́л и ре́кол да-му-ја-дове́дат на́јмале́нката и им-ре́кол де́ка за-не́а ќе-се-о́жени. И така́ ја-дове́ли на́јмале́нката от-сестри́те да-му-е-жена́ на-царо́. А́рно-ама царо́ о́дма оше́л фов-војна́ и ја-о́ставил, и доде́ка би́л та́м, она́ затрудне́ла и му-роди́ла ства́рно шче́рка и си́н близна́ци сос-зве́зди, ма́шкото има́ло на-гради́те звезда́, а шче́рката на-чело́то. Ф-това́ вре́ме каде́ царо́ живеа́ли и сестри́те на-цари́цата и о́ни куга́ чу́ли де́ка сестра́-им ства́рно роди́ла де́ца сос-зве́зди, почна́ли да-за́видуваа и да-кро́јат пла́н шо́-да-напра́ват. Куга́ заспа́ла цари́цата, сестри́те-ѝ завидци́ки зема́ли-и деца́та, излепи́ли една́ ко́шница сос-смо́ла, тури́ли и ф-не́а и и-фли́ли фов-река́та, а на-место́то на-деца́та тури́ли едно́ ку́тре и едно́ ма́че. Куга́ си-доше́л царо́ од-војна́та и куга́ виде́л шо́ му-роди́ла неве́стата, нареди́л да-ја-зако́паа до-полови́на фов-ѓу́бре и се́кој да-ја-плу́ва и ѕ́рка по-не́а, а сестри́те-ѝ остана́ли до́ма каде́ царо́. И така́ цари́цата со-го́дини била́ зако́пана фов-ѓубре́то и плу́вана от-се́кој шо-ќе-поми́не.

Ко́шницата сос-деца́та оди́ла, оди́ла по-река́та и се-задржа́ла каде́ еде́н мо́с. И та́м има́ло една́ водени́чка. Фов-водени́чката живеа́л еде́н ста́рец и куга́ ја-виде́л ко́шницата, ре́кол-си: „А́ко-е добре́ кон-ме́не, а а́ко-е ло́шо не́ка си-о́ди по-па́те“. И ко́шницата се-зауставѝла. И куга́ оше́л чове́ко, и́ма шо́ да-ви́ди – две́ мале́нки дечи́чки но́гу у́бави. И куга́ им-виде́л звезди́те, но́гу се-зачуди́л. Мисли́л-си шо́ да-им-напра́ви, дали́ да-и-пу́шчи да-о́дат по-река́та и́ли да-си-и-зе́ме. И смилува́л-се на-ти́е у́бави де́ца и си-и-зема́л. А́рно-ама то́ве чове́к са́ си-мисли́л шо́ да-пра́ви, о́ти то́ве живеа́л са́мо од-едно́ гроздé гро́зјенце и това́-му са́мо пада́ло од-небо́то и од-моли́твата. Утро́то куга́ стана́л и куга́ виде́л на́место едно́ гроздé гро́зје од-небо́то падна́ли три́ гроздéнца. Деца́та од-де́н на-де́н са-расна́ли и порасна́ли но́гу у́бави. Старе́цо и-но́гу засака́л и еде́н де́н го-викна́л ма́шкото дете́ и му-ре́кол де́ка о́н е-ста́р и ќе-у́мре, и куга́ о́станат са́ми, му-ре́кол, ни́каде да-не-о́ди без-моли́твата. И така́ старе́цо му-ја-да́л моли́твата. Фоф-това́ вре́ме била́ прочу́ена една́ убави́ца, вика́ли-ја Ѓурѓели́з Орда́на. Та́а била́ но́гу у́бава, свете́ла ка́ко месечи́на и била́ но́гу да́леку, има́ла

за́мок на-една́ плани́на и живеа́ла та́м. Дете́то му-рекло́ на-старе́цо де́ка и́ска та́м да-о́ди. И старе́цо му-ре́кол се́когаш да-о́ди сос-моли́твата и да-ја-чи́та. Дете́то тргна́ло, оди́ло, оди́ло, и куга́ пред-не́го две́ пла́нини испречи́ли-се, ника́к да-поми́не. Оно́ ја-прочита́ло моли́твата и помина́ло. По́сле па́ оди́ло, оди́ло, куга́ па́ наи́шло на-не́каква пре́прека. Испречи́ли-се пред-не́го то́лкави гуле́ми дрва, и дрваре́ де́ка и-се́кли. И они́ почна́ли да-ви́каа „да́ј да-го-исе́чеме". О́н ја-прочита́л моли́твата и па́ помина́л. На-кра́јо пре́д да-сти́гне до-Ѓурѓели́з О́рдана виде́л една́ жена́ ка-мете́ фу́рната сос-ко́смето и си-помисли́л да̏гоко́са а́ма краткоу́ма и ѝ-ре́кол „О́ти, ба́бо, мете́ш фу́рната сос-ко́смето?" А она́ му-одговори́ла: „А со-шо́, бре-си́нко?" О́н ѝ-направи́л една́ метла́ и ѝ-ја-да́л метла́та. Оди́ло, оди́ло па́к момче́то, и куга́ погледна́ло го́ре на-планина́та се-све́ти и се́ди у́бавата Ѓурѓели́з О́рдана. Момче́то ка-а-виде́ло то́лку у́бава, забори́ло на-моли́твата и рекло́: „Добарде́н, Ѓурѓели́з О́рдано!" А она́ му-рекла́ „Мра́мор до-коле́на". И момче́то се-здрви́л до-коле́ната. Момче́то па́ рекло́: „Добарде́н, Ѓурѓели́з О́рдано!" А она́ му-одговори́ла „Мра́мор до-поја́со!" И момче́то се-здрви́ло до-поја́со. То́гаш се-сети́ло за-моли́твата, прочита́ло-ја и па́ ѝ-рекло́ „Добарде́н, Ѓурѓели́з О́рдано!" И она́ рекла́ „да́л-ти бо́г добро́" и стана́ла от-сто́ло. И ф-това́ моме́нт момче́то ја-зема́ло и ја-качи́ло на-ко́не и си-тргна́ли да-си-о́дат до́ма каде́ момче́то. По-па́те куга́ оди́ли и стигна́ли до-фу́рната и жена́та, свето́ почна́ли да-ви́каа „и́згори, и́згори-си", а она́ рекла́ „не́ѓу да-и-и́згора, о́н ми-ја-направи́ метла́та" и и-пушчи́ла. И по́сле и дру́гите пре́преки и помина́ли сос-моли́твата. По-па́те Ѓурѓели́з О́рдана му-кажа́ла ма́ѓа-му де́ка-е-зако́пана фов-ѓубре. О́н оше́л та́м и куга́ виде́л, си́те ја-плу́ваа. Пита́л шо́-е-направи́ла. И момче́то на́место да-а-плу́вне, оше́л до-не́а, испра́л-ја сос-шерве́то шо-го-носи́л, тури́л-го до-не́а и ја-цална́л. Тога́ј слуга́та му-ре́кол „плу́вни-ја, шо́-а-цали́ваш", а момче́то му-рекло́: „Ни́кој до-сега́ не́-си-е-наплува́л ма́ѓа-му, па́ ни-ја́с не́ѓу да-ја-на́плувам", и си-оше́л. Слуга́та трча́н'е оше́л каде́ царо́ и му-кажа́л де́ка еде́н но́гу ли́чен јуна́к ре́кол: „ни́кој досе́га не́-си-е-наплува́л ма́ѓа-му, па́ и-ја́с не́ѓу". Царо́ но́гу се-зачуди́л и нареди́л да-го-на́јдат то́ве ли́чен јуна́к и да-го-дове́дат до́ма каде́ не́го на-вече́ро. И куга́ дошли́ на-вече́ро, а дошли́ Ѓурѓели́з О́рдана, и-бра́то и-сестра́та. Прине́ли-се за-јаде́н'е и царо́ ре́кол „а́јде да-вече́раме". Тога́ј момче́то рекло́: „Ја́с не́ѓу да-вече́рам се́ доде́ка не́-ја-дове́дете и жена́та шо-е-зако́пана в-ѓубре́то". Царо́ ре́кол: „Е са́мо това́ не-мо́же; зна́ете-ле она́ шо́-е-направи́ла, како́ф сра́м ми-е-доне́ла ф-ка́шчи,

и та́а заслу́жува це́л живо́т да-а-плу́ваа и да-ѝ-се-сме́ат". А́рно--ама момче́то па́ не-хтеа́ло да-вече́ра и царо́ му-ре́кол на-еде́н от--слуги́те да-и́де да-ја-дове́де та́а жена́. Куга́ дошла́, си́те почна́ли да-се-гаду́ваа од-не́а и тога́ш момче́то рекло́: „Са́ мо́га да-ја́да, ту́ка-е и ма́ма". И зема́л раскопча́л-си кошу́лата и има́ло шо́ да--ви́дат: на-гради́те на-момче́то свете́ла една́ ѕвезда́. По́сле оше́л и до-сестра́-му, дигна́л-ѝ ко́смето, и на-не́а се-покажа́ла и́стата ѕвезда́ на-чело́то. Тога́ј царо́ се-расплака́л и си-и-зема́л си́те каде́ не́го, жена́та-му па́ да-си-е-цари́ца, Ѓурѓели́з О́рдана си-ја-зема́л за-сна́а за-сино́-му, за момче́то, и шче́рка-му, која́ била́ но́гу у́бава. Си́те по́сле си-сре́ќно живеа́ли, а сестри́те ѝ на-цари́цата царо́ нареди́л да-и-изго́нат в-не́која дру́га држа́ва.

Миропа Гошевска (Нада Шуманска)

Благоевградско

Лешко

Три сестри

Једно́ вре́ме има́ло три́ се́стри. Они́ били́ но́гу сирома́си, и си--живе́ли са́ми ф-једна́ ка́шта. Ца́ро, като́ апикаса́л, ќе-ла́мбата им-гори́ се́ка но́ш, ре́кол по-ца́лио гра́т ни́каде да-не-гори́ ла́мба (ви́дело). Да-ѓи-не-ви́ди ца́ро, ќе-им-го́ри но́шќа ви́делото, они́ запиши́ли у́убаво вра́тницата на-ка́штата, за-да-не-и-апика́са ца́ро. Ама́-што: „о́стро ши́ло ♣ то́рба не-седи́" кажу́ват стари́те; апика-са́л-ѓи ца́ро, де́ка но́шќа гора́т ви́дело. Оше́л през-ношта́ при-ни́х-ната вра́та на-ка́штата и ѓи-слуша́л какфо́ вре́ват. На́јстарата сестра́ кажа́ла: „Да-је-тако́ф ца́ро да-ме-пу́шти да-фле́зна, та-да-се--на́јам какфи́то ма́нци и́скам и да-се-о́жена за-ахчи́јата". Дру́гата рекла́: „Ако́ ме-пу́шти ца́ро да-фле́зна, ја́ па ќе-зе́ма од-азна́та то́ку па́ри, ко́ку мо́га да-ди́гна, и по́сле ќе-се-о́жена за-азната́ре". Тре́тата, като́ на́јитра, рекла́: „Ја́ па не́ќу ни-азната́ре, ни-ахчи́јата, ами́ и́скам да-зе́ма ца́ро и ќе-му-ро́да три́ де́ца: са̑нце, ѕвезда́ и ме́сечинка". Като́ ислуша́л това́, оше́л-си ца́ро. На-ѕаранта́ прати́л измиќаре́то да-ви́кат моми́те ф-пала́то. На́јнапреш дове́ли на́јста-рата; распита́л-ја ца́ро какфо́ је-говори́ла през-ношта́. Она́ му-рекла́: „Ја́зека говори́х: да-ми-је-да-фле́зна фоф-пала́то при-ахчи́јата; да-се-на́јам какфи́то ма́нци и́скам и да-се-о́жена за-не́го". Тога́ј ца́ро ре́кал да-ја-одве́дат при-ахчи́јата и да-ја-ве́нчат за-не́го.

Вика́ли и фто́рата; и не́ја пита́л какфо́ е-вре́вила през-ношта́. Она́ се-поотима́ла ма́лку да-не-ка́же, па-најпо́сле кажа́ла: „Вреви́х: да--фле́зна при-азна́та на-ца́ро, да-си-зе́ма ко́ку и́скам па́ри и да-се--о́жена за-азната́ре“. Ца́ро ре́кол и не́ја да-одве́дат при-азната́ре и да-ја-ве́нчат за-не́го. На́јпосле повика́ли тре́тата мома́. И она́ се--но́гу отима́ла да-не-ка́же, ама́ като́ виде́ла ма́лку зо́р, кажа́ла сос-гуле́м сра́м: „Вреви́х: да-зе́ма ца́ро, да-се-о́жена за-не́го и да--му-ро́да три́ де́ца: са́нце, sвезда́ и ме́сечинка“. Венча́л-се ца́ро сос--не́ја, и слет-не́коку ме́сеци пошла́ тру́дна сос-са́нцето. Ф-това́ вре́ме, куга́ доо́ждало да-се-ро́ди дете́то, ца́ро оше́л на-би́тка; о́н порача́л на-ма́ќа-си да-ва́рди жена́та-му. Тога́ј ма́ќа-му рекла́: „А́рно, си́нко, да-ја-ва́рда, ако́ ро́ди са́нце; ами́ ако́ ро́ди не́које ку́тре?“ О́н ѝ-ре́кол: „Какфо́то и да-ро́ди, ти́ да-ја-ва́рдиш“. Тога́ј дури́ крена́л ца́ро на-би́тка. По́сле жена́та на-ца́ро роди́ла са́нце. Ма́ќа-му зема́ла са́нцето, тури́ла-го ф-једна́ ко́шница и го-фра́ли́ла фоф-море́то; при-сна́а-си тури́ла једно́ ку́тре наме́сто дете́то - са́нце. Куга́ си-доше́л ца́ро од-би́тката виде́л ќе прет-жена́-му и́ма ку́тре наме́сто са́нце. Ца́ро не́ се-разлу́тил на-жена́-си, о́ти ја-но́гу милува́л. Фра́леното де́те – са́нцето – го-наше́л једе́н ге́мици́ја и го-дои́л сос-ќо́з'о мле́ко при-ма́ќа-си, до-де́ка порасна́ло.

Слет-годи́на пошла́ тру́дна па́ цари́цата – сос-ме́сечинката. Куга́ дошло́ вре́ме да-се-ро́ди дете́то, ца́ро па́ оше́л на-би́тка и ре́кол на-ма́ќа си-да-ва́рди па́ а́рно цари́цата. „А́рно, си́нко – ре́кла ба́бата – ќе-ја-ва́рда ако-ро́ди ме́сечинка, ами́ ако́ ро́ди не́које мече́?!“ – „Какфо́то и да-ро́ди, да-ја-ва́рдиш ти́ у́баво“, ре́кол ца́ро. Цари́цата роди́ла ме́сечинка; ама́ ба́бата ја-тури́ла фоф-једна ко́шница и фра́ли́ла фоф-море́то, а при-ни́ја остаи́ла едно́ мече́. Това́ дете́ – ме́сечинката – го-наше́л па́ то́ве ге́мици́ја и го-одве́л при-ма́ќа-си да-го-исчу́ва. Като́ си-доше́л ца́ро од-би́тката, виде́л ќе-при-цари́цата стои́ једно́ мече́, а не́ ме́сечинка – дете́. Па́ ни́што не-докондиса́л ца́ро на-цари́цата, о́ти ја-но́гу милува́л.

На́покон пошла́ тру́дна цари́цата сос-тре́тото дете́ – sвезда́та. Ца́ро па́ оше́л на-би́тка, ба́ш куга́то да-ро́ди жена́-му. Па-зарача́л на-ма́ќа-си да-ва́рди цари́цата. Она́ му-рекла́: „Ќе-ја-ва́рда, си́нко, ако-ро́ди sвезда́, ами́ ако́ ро́ди не́које змиче́, тога́ј какфо́ ќе-пра́а ја́?!“ Ма́ќа-му фра́ли́ла и sвезда́та у-море́то, като́ ја-тури́ла ф једна́ ко́шница, а при-сна́а си-тури́ла едно́ змиче́. Фра́леното дете́ – sвезда́ – наше́л па́ су́штије ге́мици́ја и го-одне́л на-ма́ќа-си да-го--чу́ва. Куга́ си-доше́л ца́ро од-би́тката, виде́л ќе-при-жена́-му седи́ змиче́, а не́ sвезда́. Тога́ј ца́ро но́гу се-разл'ути́л и ре́кол на-изми-ќаре́то-си: „Ни́што и́ (на цари́цата) не-прае́те, одведе́те-ја при-ахчи́-

јата и ја-закóпајте до-шѝата ýземи, а ахчѝјата да-ѝ-дáва од-помѝ-јата“. Бáш тогáј цáро рéкол: „Сéкој, кóј флѝза фоф-палáто, да-минáва покрáј нéја и да-ја-пл'ýва“.

Децáта, што-билѝ фрáлени фоф-морéто од-мáќа-му на-цáро, и изглéдани од-мáќа-му на-гéмицѝата, катó порасна́ли, зелѝ да-пѝтат бáбата да-кáже кóј им-је-баштá. Катó ја-запитáло сáнцето: „Дéка-је баштá-ми?“, онá му-реклá: „Нé-знам, óти си-нáјден“. Óште нéкоку пáти ја-попитувáло и онá сé му-такá одговорувáла. Амá нáјпосле, като-ја-зорледисáло, кажáла-му (на сáнцето), ќе-им-је-баштá цáро, амá са-фрáлени фоф-морéто од-бáба-им. Тогáј сáнцето земáло дрýгије-си брáт (мéсечинката) и сестрá-си (sвездáта) и кренáли да-тéраа баштá-си по-земјáта. Катó одѝли, одѝли, ошлѝ фоф-једнá гáаста гóра. Остаѝли сестрá-си фоф-једнá пéштура, а онѝ (брáтјата и) ошлѝ да-тéпаа пѝлишта по-горáта за-да-се-рáнат. Катó одѝли сéќи дéн по-лóф, погодѝло-се, ќе-једéн дéн и цáро дошéл на-лóф у-тáја гóра. Цáро, катó гледáл ка-тéпат и мéрат пѝлиштата, нóгу се-чудѝл на-нѝхното јунáстфо и ýбос. Пóсле се-алаштисáли сос-цáро.

Лешко

Имáл једéн цáр...

Имáл једéн цáр тройца сѝнове. У-двóро̀ си-имáл једнá јáбалка, којáто раждáла сéка годѝна по-трѝ злáтни јáбак'и. Кугá дошлó врéме да-зрéјат, доóждало нéшто, та-г'и-открáднувало. Затовá цáро рéкол на-синовéто-си по-рéд да-вáрдат јáбак'ите. Нáјнапрет најгулéмије сѝн ошéл да-вáрди јáбак'ите. Чекáл, чекáл до-нéкоје врéме, па-заспáл; тогáј дошлá ламјáта и обрáла јáбаката. На-фтóрата гóдина ошéл да-вáрди јáбаката стрéдније сѝн, амá и óн, кáто старѝје, не-можéл да-извáрди ламјáта. Дошлó врéме на-најмалéчк'ије (син) да-вáрди јáбаката. Баштá-му му-рéкол: „Онѝја ми-сѝнове са-пóјак'и јунáци от-тéбе, та-не-можéа да-извáрдат ламјáта, та-тѝ-ле ќе-довáрдиш јáбаката?!“ Тогáј óн се-помолѝл на-баштá-си да-го-пýшти д-ѝде да-вáрди јáбаката; óн го-пуштѝл. Ф-товá врéме, кугáто вардѝл јáбаката, през-ноштá дошлá једнá стрáшна и гулéма sвéрка, и зафанáла да-берé јáбак'ите. Тогáј óн фрáлѝл сос-пýшката по-sвéрката и од-нéја паднáло једнó пéро. Бáш тогáј му-изгаснáла лáмбата, та-не-можéл да-вѝди какфó-је перóто и от-какфó нéшто-је. Феднáга óн ошéл да-запáли лáмбата от-тóве

óѓин, што-се-сфе́ткал од-дале́чна пла́нина. Като́ оди́л по-па́те кам--оѓи́не, ф-тевнина́та сретна́л једна́ ста́ра ба́ба; при-не́ја има́ло и бе́ла и црӑна вӑна. Като́ пришéл до-са́м не́ја, ре́кол-ѝ: „Добро-ве́-чер, ба́бо!“ И она́ му-одговори́ла: „Да́л-ти Бо́к добро́, си́нко!“ Тога́ј она́ се-заврӑте́ла накаде́ не́го и му-кажа́ла: „А́ко не-бе́ше ми--ре́кол „бабо“, ја́зе ќе́х да-те-у́дава“. А о́н и одврӑна́л така́: „И ти́, а́ко ми-не-бе́ше рекла́ ‘си́нко’ и ја́зека ќе́х да-те-у́дава“. По́сле о́н ја-попита́л: „Ба́бо, какфо́ рабо́тиш с-та́ја вӑна?“, а она́ му-одговори́ла: „Ја́зека-сам, си́нко, де́н и но́ш. Ако́ тка́ја црӑната вӑна, стану́ва ‘но́ш’; а ако́ тка́ја бе́лата – ‘де́н’“. Тога́ј о́н ѝ-кажа́л: „Ба́бо, ти́ тка́ј црӑната вӑна, доде́ка се-не-врӑна при-те́бе“. По́сле крена́л да-о́ди да-запа́ли ла́мбата от-то́ве о́ѓин, што-се-сфете́л насре́шта. Като́ оди́л, оди́л, стигна́л при-оѓи́не, де́ка има́ло три́јесе ду́ши ајду́ци. Като́ ѓи-виде́л, ре́кол-им: „Добро-ве́чер-ви дружи́на!“ „Да́л--ти Бо́г добро́, јуна́че!“ му-одговори́ли они́. Они́ го-попита́ли од--де́ка и́де и на-каде́ ќ-и́де. Тога́ј о́н седна́л и им-расправи́л си́чко до-шу́шка за-патува́ѓето-си. Тога́ј и они́ му-расправи́ли, ќе-са-били́ шесто́тини ајду́ци и тера́ли кола́ј ка-да-је-да-уби́јат ца́ро. За-това́ си́чќите били́ изби́ти, а остана́ли салте́ три́јесе ду́ши. Тога́ј о́н им--кажа́л: „И ја́ ќе-ви-сам-друга́р, та-да-уби́јем ца́ро“. И они́ канди-са́ли да-им-па́дне друга́р. По́сле крена́ли д-и́дат при-сараéто на--ца́ро; като́ не-можли́ да-фле́знат прес-врати́те, рекли́ да-фле́знат прес-оца́ко ф-сараéто. О́н им-стана́л като́ главата́р и наби́л а́лќи по-sидо́ на-сара́је и като́ се-искачи́л озго́ре на-сара́је, ре́кол-им: „А́јдете једе́н по-једе́н ела́те при-ме́не“. Като́ се-качува́ли једе́н по--једе́н, се́ќи ка-до́јде при-не́го, фану́вал-го и го-бу́тал од-дру́гата стра́на прес-сара́је та-на́земи. И така́ си́чќите три́јесе ду́ши утепа́л с-лесиоти́ја. По́сле са́м са-спушти́л низ-оца́ко; флезна́л фне́тре ф-пала́то (сара́је) и застана́л прет-једна́ одаја́ и виде́л прес-једна́ ду́пка ќе́ фоф-та́ја одаја́ спије царо. Остаи́л-го на́мира не́го, и оше́л по́наонам до-дру́га одаја́; ф-неја виде́л једна́ но́оогу у́бава мома́. Отфори́л поле́ка врата́та; флезна́л при-не́ја; фана́л-ја за--рака́та, и ѝ-извади́л прӑстено на-ко́јто има́ло напи́сано и́мето-ѝ. Тури́л прӑстено ф-це́бо и ре́кол: „То́ве прӑстен ќе-биде за-по́старије ми-бра́т“. Флезна́л ф-дру́га одаја́; та́м виде́л но́гу по́убава мома́ от-прӑвата; отфори́л врата́та, флезна́л вне́тре при-неја, зема́л-ѝ прӑстено с-по́тписо и ѝ-ре́кол: „То́ве (прӑстен) ќе-би́де за--по́младије ми-бра́т“. Куга́ флезна́л фоф-тре́тата одаја́, та́м виде́л нају́бавата и наја́рната мома́. Извади́л-ѝ прӑстено, като́ флезна́л при-не́ја и си-ре́кол: „То́ве прӑстен ќе-би́де за-ме́не“. На́покон изле́зол от-сара́је прес-оца́ко на-во́нка. По́сле оше́л при ба́бата и

ѝ-кажа́л веќе́ да-тка́је бе́лата вӑ́на. Куга́ савнало, оше́л-си до́ма и не-кажа́л што́ прайл през-ношта́, а салте́ им-ре́кол ќе-довардѝл ја́баката. Царо́ саранта́, като́ се-разбудѝл, виде́л ќе прет-пала́то падна́ли трѝјесе ду́ши убѝјени – ајду́ци. Тога́ј и момѝте по-ре́т кажа́ли, ќе-им-не́ма прӑ́стен'ето. Тога́ј сѝчќите се-зачудѝли. За-фана́л ца́ро да-те́ра ко́ј је-напрайл това́ не́што, като́ остайл сто́лнината-си. Одѝл од-гра́т на-гра́т и по-једна́ годѝна дрӑжа́л меана́ (у се́ќи гра́т) и се́кој муштерѝја накарува́л да-прика́же по-једна́ прѝказна. Ѓе́л зама́н, ѓѝт зама́н дошло́ ре́да и момче́то да-до́јде на-та́ја меана́. Куга́ го-накара́л анџѝјата (ца́ро) да-му-прика́жува, оно́ зафана́ло да-му-раска́жува сѝчко по-ре́т какфо́ напрайло през-једна́ ве́чер. На́јпосле извадѝло и прӑ́стен'ето и ѓѝ-подало́ на-анџѝата и му-рекло́: „То́ве на-на́јстарије ми-бра́т, това́ на-стре́дније, а то́ве на́јубавије на-ме́не". Тога́ј дурѝ ца́ро се-искажа́л ќе́ о́н-је самѝје ца́р, и ќе тѝја прӑ́стен'е са-на-не́говитеште́рќи. После момче́то дало́ прӑ́стен'ето на-ца́ро да-ѓѝ-даде́ на-сестрѝте-му. Ца́ро им-ѓѝ-да́л и па́ си-стана́л ца́р; изженѝл синове́то иште́рќите-си, и на-најмале́чќије – момче́то, јуна́ко – да́л на́јвеќе имо́т, па́ри и му-угла́вѝл на́јубавата мома́ ф-ца́лије сфе́т. Дошло́ вре́ме да-го-же́ни. Тога́ј ба́ш, като́ се-прошетува́л ца́ро ф-градѝната, уапа́ла-го (ца́ро) једна́ л'у́та змија́ и умре́л за-једе́н де́н, като́ остайл сто́лнината на-најмале́чќие-си-сѝн.

Цвета Мазнеова Илкова (Христо Стоилов)
СбНУ 1918 : 24–25

Петрич

Брат и сестра

Едно́ вре́ме има́ло едѝн бра́т и една́ се́сра. Бра́то бѝл помале́чо̣к, сесра́та пого̣ле́ма. Онѝ се-слуша́ли но́го. Ке-ка́же бра́то: „Се́сро, срамо́та-е да-ти-ка́жа, веру́ам да-не́-ми-пота́пкаш ду́мата". Та́а кажа́ла: „Ка́жи, бра́то, што́-ти-е". Кажу́ва: „Да-се-о̣же́ниш тѝ понапре́ш, на́шта ка́шта ке-се-расту́ре. Да́ј-ми ре́т ја́с да-се-о̣же́нам". „Бра́тко, што́ не́-сам-те-по̣слуша́ла та-и-то̣ва́ да-не́-те по̣слу́шам. О́жени-се!" И о́н се-оже́нува. Тѝа-се па́ ѝмат бра́то и сесра́та. Отима́л бра́то ма́шко де́те. Била́ снаа́та но́го свер. За-да-мо́ш да-ги-разде́ли, о̣тишла́ на-дуќа́но, пишна́ла бо́чвите да-тече́т (мажо́ бѝл крӑчма́р). Сесра́-мо спа́ла, те́шко спа́ла. Сна́ата о́де на-дуќа́но и кажу́ва: „Да-до́иш да-вѝдиш сесра́-ти полуде́ла, шо́-е-напрѝла".

„Áко е-напри́ла, не́ка-е. На-се́сра досега́ не́-сам прегреши́л и сега́ не́ма да-прегре́шам“. Та́а се-вра́шта на-дома́. Има́ли де́вит ко́ња ергеле́та, искла́ла-ги и о́де на-дуќа́но. „Да-до́иш да-ви́диш сесра́-ти, де́вит ко́ња ергеле́та, се́ ги-искла́“. А то́ј кажу́ва: „Áко иско́ле, не́ка иско́ле. Дọсега́ не́-ѝ-сам прегреши́л и сега́ не́ма да-ѝ-прегре́шам“. Зако́л'ова-си ма́шкọто де́те и кажу́ва: „Е́ла да-ви́иш, и ма́шкọто де́те ти-закла́“. Дова́да-си бра́то на-дома́, се́сра-мо о́ште спи́е. Сабу́жда-га бра́то, кажу́ва: „Ста́ни, се́сро, к-и́им на-ба́јро“, и та́а стану́ва, тра́гну́ва сас-не́го. „Áма-сам не́што заспа́ла, бра́то“. Ошли́ дọ-една́ го́ра гọле́ма. Кажа́л-ѝ бра́то: „Се́сро, вино́то пушна́ да-исте́че, прости́х-ти. Кон'е́то ка́то закла́ прости́х-ти. Дете́то ка́то закла́ не-мо́га да-ти-про́ста“. „Не́-сам, бра́тко, ја́с, не́-сам“. „Не́, ти́-си!“ „Не́-сам ја́с. Áко-сам ја́с тọва́ направи́ла, на-о́нио ба́йр ке-се-зда́е цра́ква. Врата́та ке-е-ọтво́рена. Ка́то к-и́им дọ-не́а ке-се-затво́ре. Ако-не́-сам-го-напри́ла тọва́, ке-се-отво́ре“. Зда́ла-се цра́ква. Врата́та затво́рена. Ошли́ до-врата́та, отвори́ла-се и о́н кажа́л: „Не-мо́ш, кле́тва сам-да́л. Ако-не́-те-зако́л'а, требу́ва раки́те да-ти-отце́ча“. Зи́ма отре́жọва-ѝ раки́те, та-ọт рамена́та. Та́а сиде́ла уф-една́ пе́штера и та́м тре́ва па́сла. К-и́де ца́рскио си́н на-ло́ф. Ку́чето мо-оди́ло се́ уф-та́а пе́штера и се́ си-ла́е. Ца́рскио си́н к-и́де да-ви́де, не́што ла́е тọва́ ку́че. Оти́ва и што́ да-ви́де-една́ мо́ма но́го у́бава, а́ма бис-ра́ки. Мома́та ọт-убави́на (де́ка стọја́ла) свете́ла. Ца́рскио си́н ѝ-кажу́ве: „Зи́мạм-те за-же́на“. „Ка́к ке-меземе́ш ти́ за-же́на. Ка́к ке-ме-земе́ш ка́то ра́ки не́мạм, не-мо́га да-рабо́та“. О́н кажа́л: „Ке-те-ра́нạм на-уста́та“. Та́а крану́ва сас-не́го. Отка́рọва-га на-до́ма и ма́јка-мо ка́тọ га-виде́ла, а́ко би́ла бис-ра́ки, но́го била́ у́бава, о́на га-не-да́ла, на-уста́та га-рани́ла.

Дọшло́ ре́т ке-о-ви́кат вọјни́к. Жена́та остана́ла те́шка. Има́ло еди́н вọјни́к дọ-ца́ро оди́л и от-ца́ро да-ма́јка-мо жена́та дọка́рọвал. Дошло́ ре́т рọди́ла жена́та. Дете́то би́ло сас- зла́тно косме́нце, на-чело́то-мо са́нце грее. Ма́јка-мо напи́ше пи́смо да-знае́ сино́-ѝ. Дава́т писмо́то на-вọјни́ко да-гọ-отка́ра. Вọјни́ко на-сре́т ка́то прочетọва го-фа́рл'а та́а кни́га, напи́шọва дру́га: жена́та-ти роди́ ма́че. Отка́рọва-мо-го. То́ј прочетọва. Има́л-си ми́ло ка́м-жена́та, напи́шува дру́го писме́нце: „Ку́че, ма́че, да-а-гле́даш о́ште поу́баво“. Вọјни́ко па́к на-сре́д ка́то отво́рọва писмо́то, прочетọва-го. Фа́рл'а това́ пи́смо, напи́шува дру́го. Кажу́ва: „Ма́ле, да-пра́иш шо́-да-пра́иш да-гле́даш да-га-изго́ниш“. И ма́јка-мо шо́ да-пра́е, се-зачу́дена би́ла. Виде́ла тọва́ сна́ата и ке-а-пи́та: „Зашто́, ма́јко, така́ си-зачу́дена?“ Она́ кажа́ла: „Така́!“ – „Не́, ке-ми-ка́иш. Áко не́-ме-са́ка сино́-ти, ка́жи-ми“. И тога́ј та́а кажа́ла: „И́ма пи́смо и пи́ше така́

и-така́“. За́дени-ми дете́то, ту́ри-ми два́ пишни́ка на-рамена́та л’ап“. Свекӑрвата е́м пла́че, е́м заде́ва дете́то, ту́ри-ѝ два́ пишни́ка л’ап. Оди́ла по-па́то и ọтту́к гри́зне, ọтту́к гри́зни, раши́ла-се. Ошла́ дọ-едно́ кајна́че, препи́ло-ѝ-се во́да. Кажа́ла: „Ох, Бо́же, ка́к да-се-наве́дам да-се-напи́а“. Да-се-наве́де дете́то ке-па́дне – не́ма ра́ки да-гọ-фа́не, зда́ло-ѝ-се гла́с: „Поле́нка, поле́нка ле́гни до-кајна́ко, то́пни-си де́сно̣то ра́мо, ки-ти-ни́кне ра́ка. Се́тне ле́во̣то ра́мо и дру́га ра́ка ке-ти-ни́кне“. Та́а наве́ла-се, топна́ла де́сно̣то ра́мо, никна́ла-ѝ ра́ка, топна́ла ле́во̣то ра́мо – никна́ла-ѝ ра́ка. Раздéва-си дете́то, надојо́ва-го. От-сӑнце́то глави́чката мо-изгọре́ла. Стана́ла от-та́м, трäгна́ла на по-па́ќо. Ке-сре́шне еди́но ọфча́р. „Чи́чо, на́маш-ли една́ ко́жичка да-напра́а на-дите́то ша́пчичка“. То́а офча́р да́ва-ѝ една́ ко́жа. Соши́ва-мо ша́пчичка и трäгну́ва по-па́ќо.

Мажо́-ѝ си-дова́да от-војниклӑко. „Де́ка-е мо́јата же́на? – кажу́ва на-ма́јка-си“. Не́ле ми-пиша́ ти́ ја́с да-га-изго́на?“ – Не́ле на-ме́не пи́смо дошло́ – ма́че роди́ла. Ја́с пиша́х да-а-гле́даш а́рно“. О́н кажу́ва: „Шо́ направи́ то́а војни́к!“ Фа́шта, закол’о́ва-го. Трäгну́ва жена́та да-а-те́ра. Оди́л, оди́л, оше́л до-чова́но, „Абе́, чи́чо, не-виде-ле-отту́к една́ же́на да-ми́не бис-ра́ки?“ „Помина́, а́ла сас-ра́ки бе́ше и сас-дите́нце. Да́дох-ѝ ко́жа да-напра́е ша́пчичка надете́нцето и замина́“. И то́ј по-не́а трäгну́ва.

Жена́та ошла́ уф-мо́мино-си гра́т при-бра́то и у-крӑчмата. „А бе́, ба́јчо, мо́га-ле ту́к да-преношту́ва̣м?“ „Мо́же“.

Присти́га и мажо́-ѝ у-бра́товата ка́шта. „А бе́, бра́тко, не-до́јде-ле не́ко̣ја же́на бис ра́ки?“ О́н кажа́л: „Йма една́ жена́, а́ма сас-ра́ки и мале́чко де́те“. Ца́ро кажа́л: „Не-мо́же-ле да-га-ви́да?“ Иска́ро̣ва-га бра́т-ѝ, виду́ва-га. „Та́а-е мо́јта же́на“. И то̣га́ј она́ кажа́ла: „Бра́тко, не́ ме-позна́ваш?“ Сас-бра́т-ѝ жи́ви се-прегäрна́ли, мрӑтви се-разделили.

(Марика Стојанова)
Вид 1989б : 37–39

Мендово

Теглилата на Петко

Има́ло не́куаш еде́н се́л'анин на-и́ме Пе́тко. О́н би́л но́гу бе́ден и има́л са́мо еде́н во́л. Една́ч забра́ли-се та́мошните чорбаци́и, повика́ли Пе́тко и му-каза́ли: – Абе́ Пе́тко, зашто́-ти-е са́мо еде́н во́л, сос-не́го ни-мо́ш да-оре́ш, ни-мо́ш кола́ да-ка́раш, са́мо да-го-ра́ниш и да-му-пра́иш масра́ф. – Áј да-се-убе́рем да-го-испе́чем и да-го-изе́дем. Пе́тко виде́л не-виде́л, като́ не́мало што́ да-ка́же, согласи́л-се и закла́л воло. Разда́л-го на-село́то споре́т тајфа́та ко́ј ко́лку мо́ш да-изе́де.

Дошло́ про́лет за-ора́н'е. Пе́тко че́ка дне́ска, че́ка у́тре да-му-ора́т, ни́ко ј неќе́. Остана́л та́а годи́на без-ора́не. Сфрши́л жито́то Пе́тко и на-дру́гата годи́на товари́л ко́жата на-во́ло и га-закара́л на-паза́р за-да-а-прода́ва. Зима́л-си и вре́јки за-жито. Крена́л но́гу досна́ на-паза́р. Ко́жата като́ била́ това́рена на-мага́рто и била́ но́гу иса^х^на́ла, като́ закача́ла по-др̑мките и ка́минто си́лно дрнка́ла. Като́ мина́вал Пе́тко прес-едно́ те́сно ме́сто, та́мо има́ло но́гу др̑ми и ко́жата по́вече дрнка́ла. Това́ би́ло бли́зо до-еде́н крстопа́ќ, а на-не́го има́ло куми́ти, си-де́лели пари́те. Като́ чу́ли де́ка не́што ломо́ти по-па́ќо, помисли́ли че-и-го́нат, ости́ли пари́те и прсна́ли да-бе́гат. И Пе́тко ка-си-врве́л по-па́ќо наше́л пари́те, зби́ра-и оф-вре́јките и се-вра́шта ф-ка́шти. Като́ стигна́л ф-село́то, попита́ли-го не́кои: „Што́ ка́раш, бре-Пе́тко?" А Пе́тко ре́кал: „Па́ри, па́ри". „Е, што́ откара́ на-паза́р, та-ка́раш това́р па́ри" – ре́кли-му о́ни. „Од-во́ло ко́жата откара́х" – отговори́л о́н. Като́ чу́ли това́ и ти́а еде́н по-еде́н си-искла́ли воло́вето да-си-ку́пат с-ко́жите-им па́ри. Отне́сват-и на-паза́р, а́рно а́ма купува́чето не́-им да́ли по́вече от-това́ што-им-се-пога́ѓа. И што́ ке-напра́ат на-Пе́тко вечерта́, сле́т като́ се-врна́ли от-паза́р? Согласи́ли-се си́те да-и́дат да-се-исе́рат прет-врата́та на-Пе́тко. о́ти и-е-излажа́л да-си-прода́ват воло́вето. На-утро́то, като́ стана́л Пе́тко, не-мо́ш да-си отво́ри врата́та. Најпиши́н о́ди жена́та-му да-отво́ри и като́ виде́ла извика́ла: „Бре́е, што́-е това́ чу́до?!" Пе́тко се-сети́л каква́-е рабо́тата и каза́л на-жена́-си да-му-да́де вре́јки и да-ги-збе́рат. Збра́ли-си и па́ и-откара́л на-паза́р. Врве́л, врве́л, натвечерта́, замркна́л на-еде́н а́н. Ф-то́ве а́н има́ло но́гу сви́н'е. Като́ зе́л да-растова́ра Пе́тко, доше́л анци́јата да-му-коини́ра, а́ма Пе́тко му-ре́кал: „Немо́ј ти́зе фа́тај, о́ти та́а сто́ка е-ца́рска, и и́ма печа́те, та́ да-не-раси́пеш не́ко ј печа́т". Растовари́л Пе́тко са́м и ости́л вре́јките на-до́лнио ета́ш, а о́н се-качи́л на-го́рнио. Прес-вечерта́ като́ подуши́ли сви-

н'éто гомнáта, расипáли сúчко. Като станáл на-утринáта анцúата штó да-вúди, свин'éто нúшто не-остúле. Като видéл Пéтко, фанáл-се за-главáта: „Штó ќе-прáа сáа; кáк ќе-кáжа на-цáро. Јáс ќе-úда на-уќумáто и ќе-му-кáжа óти-сам-и до-тýка докарáл, та-óн штó úска нéка ти-прай". Анцúата му-се-помолúл да-не-óди при-уќу-мáто, а óн ќе-му-дáде нóви врéјки и ќе-и-напýни сос-пáри. Като тýра парúте оф-врéјките и пúта Пéтко далú да-тýра óште, а óн му--отврáшта: „Тýрај, тýрај óште!" Слéт като му-натапкáл врéјките с-пáри, Пéтко си-кренáл. Като си-дошéл ф-селóто пá го-запитáли сел'áнето: „Штó кáраш, Пéтко?" Óн им-отврнáл че-пáри кáра. Слéт като се-научúли от-штó и-е-зéл тúа пáри и óни напрúли товá. Като си-ошéл дóма Пéтко, накарáл женá-си да-úде да-тéра от-пóпо кýтело за-да-прекáрат парúте што-е-докарáл. Потерáла Пéтковата женá кýтело от-пóпо и óн га-запитáл: „Заштó-ви кýтело, морú?" А óна му-кажáла че-Пéтко е докарáл пáри и ќе-и-премéрат да-вúдат кóлку-са. Пóпо кажáл на-попадúјата да-тýри на-днóто мáлку катрáн' да-вúди далú нúстина ќе-мéрат пáри. Като врнáли кýтело, на-днóто се-бúла залепúла еднá жáтица и пóпо се-уверúл че-нúстина Пéтко е-мерúл пáри. Пóпо кажáл на-сел'áнето че-Пéтко за--гомнáта е-докарáл едéн товáр пáри. Кажáл-им сúте да-збéрат гóмна и да-и-откáрат на-пазáр. Откарáли гомнáта на-пазáр. Кóј кáк и-попúта штó продáват, óни кажувáли: „Гóмна!" Кóј кáк-си--бркнéл рáката оф-врéјките и като га-искáрва, удáрвал-им по-еднá плеснúца. На-врештáне решúли Пéтко да-тéпат, óти óн и-накарáл да-си-искóл'ат волóвето, а сáа да-и-бúјат зарáт нéго. Пéтко си-знáел чé ќе-и-бúјат и затовá забегáл. Като бегáл Пéтко, éто-ти насрéшта едéн офчáр и запитáл Пéтко заштó бéга: „Заштó бéгаш, чúчо?" А óн му-отврнáл: „Бéгам óти ме-гóнат. Úскат да-ми-дáат попóвата ќéрка, а јáс га-нéќу, та-затóва ме-гóнат. Ако-га-úскаш, дáј твóето кéпе на-мéне, а тú бéгај отýка нанáм и пóнанáм кáжи че-га-úскаш и óни нéма да-те-бúат". Като го-достигнáли, зафанáли да-го-бúат, а óн рéкал: „Úскам-га, úскам-га попóвата кéрка!" Фанáли-го и го-фрлúли оф-водáта и се-врнáли оф-селóто. Утринáта штóм станáли, вúшли Пéтко да-кáра едéн бил'ýк óфци. Попитáли--го: „Á бе тú, Пéтко, одéка úдеш. елé-те снóшти фрлú^{х}ме оф-водáта, а тú кáраш сáа óфци?" А óн им-отговорúл: „Фрлú^{х}те-ме, амá бéше нóгу плúтко и мáлку искарáх, ако-ме-бé^{х}те фрлúли пóнадлбóко, ќе-искáрах éм пóвече, éм пóцрни". Тугáј сúчките сел'áне ошлú да-лóват óфци оф-рекáта. Нафрл'áли-се мажéто, а женúте гледáли от-крáјо. Најнáпкун се-фрлúл и пóпо. Като пропаднáл оф--водáта, шáпката му-плимнáла отгóре. Ќéрка-му като стојáла на--крáјо, като вишлá шáпката на-тáтко-ѝ че-плимнáла помислúла че-

-е-фана́л цр̑на офца́, развика́ла-се: „И бе́ли, и бе́ли, та́тко, иска́рвај, немо́ј са́мо цр̑ни!“ Така́ се-изда́вили си́те ма́же от-Пе́тковото се́ло, а о́н си-живе́е и са́а та́м и е-но́гу а́рен чове́к.

Илија Иванов (Илија Г. Даскалов)
Вид 1989б : 39–41

Крналово

Цар Сјулман, јуда и кукумјавка

Куга́ Ту́рците зе́мн'ата земА́а, ца́р Сјулма́н стана́ ца́р, и стоти́на годи́ни ца́р биде́. О́н су́деше на-л'у́дето, а пупуне́цо на-живо́тните. Ца́р Сјулма́н и́маше еди́н си́н, на-ју́дата аресА́л ке́рка-ѝ да-ја-зе́ме ца́ру за-си́на. Ца́ро на-ју́дата гово́ри: „Ју́до, тво́јта ке́рка ке-га-даде́ш на-ме́н за-сна́а? И ти-кажу́вам да-ја-даде́ш со-а́рно!“ Дочу́ла-ја на-ју́дата керка́-ѝ и на-ца́ро гово́ри: „Аресу́ваш-ли-ме за-сна́а, ца́ру? А́ко ме-аресу́ваш, е́ла што-ке-ти-кажу́вам: дали́ мо́жеш да-уфа́неш, от пи́лци ко́кале да-собере́ш, да-напра́виш една́ ку́ла?“ Еле́ а-ца́рска ра́ка да̑га, на-пупуне́цо на-чау́шо обе́р прати́, да-собе́ре ди́вјачо и пи́лците. Пупуне́цо си́чките ги-е-покани́л, и си́чките са-издошли́, саде́ кукумја́вката не-дошла́. Најоза́де кукумја́вката покани́л: „Е́ла, кукумја́вко, ца́ро те-ви́ка!“ И она́ му-жа́лко гово́реше: „И́ди-си ти́, да-ви́да еса́по, и а́с ке-до́јда“. Три́ш ја-повика́, она́ не-дојде́. На-четво́ртио па́т с л'у́тина́ ојде́. Ка-ја-виде́ ца́ро, л'у́то фана́ да-ѝ-вре́ви. Кукумја́вката му-ми́лно гово́реше: „Има́х-си едно́ еса́пче, та си-го-еса́п чини́х“. И ца́ро ја-попита́, што́ еса́п би́ло. – „Е, като́ пи́таш, ца́рју, ке-ти-ка́жа: е́сап чини́х по-тво́јта зе́мња, ко́лку же́нски, ко́лку ма́шки и́ма“. Ца́ро каза́: „По́вече-са ма́шки“. Отде́ зна́еш, ко́лку са-же́нски и ко́лку ма́шки?“ А кукумја́вката каза́: „По́вече-са же́нски. Ата̑р да-ти-не-оста́не, ца́ро, ка-кајди́са да-раси́пеш за-една́ жена́ то́лку живо́тни? Нали́-ти-е-царштина́та у-рака́та, фа́ти ке́рка на-ју́дата, ве́нчај-ја за-сино́-ти?“ Тога́ј ца́ро ма́лко е-мисли́л, но́гу се-чуди́л на-кукумја́вката што́ бакши́ш да-даде́ и реши́л: пи́лците навече́рно сами́ да-о́дат кум-не́ја и тја́ да-су́ди на-пилци́те. Тога́ј ца́ро на-си́н-си каза́л: „И́ди, си́ну, кажи́ на-ју́дата, да-даде́ керка́-ѝ за-сна́а на-ме́не: ако́ не-ти-ја-да́ва, оце́ти-ѝ глава́та!“ И така́ ца́ро земА́л керка́-ѝ е́м за-жена́ на-си́н-му, е́м за-сна́а на-не́му.

Георги Николов (Г. М. Грнов)
СБНУ 1926 : 105; Вид 1989б : 41

Разлошко

Долно Драглишта

Сватосване

Ф-се́ло До́лни Дра́глишта, Разло́шко, ерге́нето се-же́наа ут 17–22 годи́на. До́е-ле на-та́а во́зрас мумче́то, ма́ќа-му и башта́-му зе́маа да-му-подду́мкуваа, ќе-е вре́ме ве́ќи да-гу-уже́наа. Ут-ти́а подду́мкуваниа ма́ќата и башта́та разбера́ на-како́в акăл е-сино́-им. А́ку ви́даа, ќе-сино́-им е-ско́нен на-това́, соби́раа-се еде́н де́н и си-поду́маа за-това́: ма́ќата и башта́та предла́гаа на-сино́-им за-та́а, за-она́а мума́ и то́ј, ако му-е-пу-во́л'ата, удгува́ре-им: „Е у́ба-во". Ка́ту са-сугла́саа ве́ќи да-и́скаа не́коа мома́, пра́штаа една́ жена́ у-мо́мине да-ви́ди на-како́в акăл-сă па-ти́а. Пра́штането на-таква́а жена́ ут-страна́ на-мо́мкове се-кажу́ва пра́штане згода́тици - „прати́хме згода́тици". Кату и́де жена́та у-и́збраната мума́, кажу́ва на-мо́миниа башта́ и ма́ќа: „Ја́-сăм душла́ згода́тици (от-еди́ кăде́-си) да-и́скам што́рка-ви... (името ѝ) за... (името на-момче́то). Ви́е каквó ми́слите: ќе-ни-ă-даде́те-ле, е́ли неќе́те? – Пупи́тајте-се, па ми-каже́те: да-до́еме-ле с ниша́ањ, ели́ немо́ј". Мо́миниа башта́ и ма́ќа, ка́ту си-пуду́маа сами́, пувику́ваа на́страна што́рка-им, та-ă-пи́таа, и́ска-ле ди́е (за еди кое си момче) и́ле неќе. Тја́ удгува́ре: „и́скам" е́ли „не́ќу, па-ви́е гле́ајте". Ако ма́ќата, башта́та и што́рката се-согла́саа за-та́а ме́шка (от дето е допратено), удгова́раа на-жена́та: „Дојде́те, добре́ дошли́! Ни́е не сме и вре́дни за-това́ ме́сто, ама еле́ не-сă-милува́ли, та-и́скаа, добре́ дошли́". А́ку-ле ма́ќата, башта́та, па и мома́та неќа́ тава́ ме́сто, удгува́раа на-жена́та: „Мума́та-ни е о́ште ма́лка, не́-е за-жене́не, чеи́з не-и́-сме приготви́ли" и дру́ги таквиа, ут-кои́то жена́та разбере́, ќе-не-си-да́ваа мума́та на-тава́ ме́сто и си-ути́ва.

Вид 1999 : 23

Банско

Моми вампирки

Има́ло три́ мо́ми. Та ни́ко ј и не-знаја́л ке-са-вампи́рки. Едно́ момче́ зело́ една́та. Се́днаа да-ру́чаа, река́-и́: „Де́, нева́сто, ру́чеј!" Тија́ рече́: „Ме́не ми-се-не-јаде́". Та́ зе́ме егла́та и си-забу́чи едно́ косту́ре и по́веќе не-јаде́. Се́днаа да-вече́раа, па́ и́-река́: Де́, не-

вắсто, вечéрej!“ Тиjá речé: „Ах, мéне ми-се-нé-вечéре“. Тá пá си--забýчи с-еглáта еднá троá от-шýплата, ако-са-напри́ли шýпла. Пá мáќа-му реклá: „Брé, мáици, тáа твojáта невắста не-мóже да-живи́ такá без-jастé: без-jастé се-не-живи́; éми зéми а-пóварди ти́, да-нé--е да-станýва ношќá да-jадé нắшчо“.

Легнáли-си. Тój се-напри́л заспáл. Кăдé стрắт нóш тóку се--реклó: „Мари́j, ájда!“ и тиjá полéчка се-измушнáла, та-излắзла. И тój полéчка станáл, та след-ни́х'.

Ти́а отишли́ в-дóлната срắква. Имáло едéн човắк закóпан през-денé. Навăртắли-се и го-изắли сé. Момчéто си-дошлó пóнапрắди. Легнáло-си. Дошлá-си и тиjá. Легнáла-си.

Ýтрето зели́ да-рýчаа. Свекắрвата пá реклá: „Дé, невắсто, рýчej“. Пá тиjá: „Ắ, мéне ми-се-не-рýче“. Тój рéкăл: „Сти́га а-канúс, мáмо: нéj ѝ-е-пóблáго умрắли лъ́де да-jадé“. И тиjá кату-ри́пи, та--грáбне вóда ф-еднá зелéна пани́ца и го-попрăскáла, та-реклá: „Кýче да-пáднеш!“ Тój паднáл кýче. Тá тиjá грабнáла еднó дắрво, та--удри́ла, удри́ла, та-го-испăди́ла. Скăсáла-му опáшката. Тó отишлó кăдé касáпницáта да-оби́ра коé кóкале, коé.

Останáла-си тиjá ф-кáшчи. Скарáли-се нắшчо з-двắте ѝ-дрýшки. Отишли́ двắте ѝ-дрýшки да-си-кýпаа лắп на-фýрнета. Дали́ пари́ на-фурунци́ата, па тój им-вăрнáл еднáта парá и рéкăл: „Лóша--е, не-чи́ни“. Ти́а рекли́: „Ýбавá-е, ýбава, зéми-а“. Тój рéкăл: „И на-тавá кýче тýка да-а-дадéш, и тó ке-речé лóша-е“. Та рукнáл: „Кýч-кý-у-уч!“ и му-дáл пари́те да-и-брóи. Тó брои́ло, брои́ло, агá дошлó до-лóшата парá, току а-тернáло с-ногáта. Фурунци́ата рéкăл: „Е́, видắхте-ле, кắ-ắ-лóша?“ Па ти́а зели́ ф-еднá зелéна пани́ца вóда, та-рекли́: „Тавá кýче, катý-е тóлкова и́тро, не-знắе-се да--нé-е човắк“. Попрăскáли-го с-онáа вóда и рекли́: „Ако-си-кýче, кýче да-си́-си; ако-си човắк, човắк да-стáнеш“. И тó тóку станáло човắк, мá бес-цици́ри́га, óти му-билá откáсната опáшката.

Тój кажáл къе-е-паднáл кýче. Па ти́а двắте, като и-билó jáт на-негóвата, óти сé били́ карáли, дали́-му еднá зелéна пани́ца вóда, та-му-рекли́: „Нá-ти тáа пани́ца вóда, та-си-и́ди у-вáс и а-попрắскаj, та нáречи шчо-и́скаш да-стáне, и тиjá ке-стáне“. Тój зéл пани́цата, та-си-отишéл у-ни́х', та а-попрăскáл и нарéкăл: „Коби́ла да--пáднеш!“ Тá паднáла коби́ла. Тури́л-ѝ едéн самáр, та-влачи́л кáмене с-нéа; влачи́л, влачи́л, та-си-згради́л кáшча кату-сарáj. Па--тиjá умрắла.

Парашкева Скрлешчова 77 г. (Димитар Молеров)
Мол 1954 : 355

Банско

Кражба на пастрăма

Има́ло двами́на ајду́ци. Та им-ре́кăл дру́к: „Ва́р, и ја́ ке-до́јда да-ви-сăм друга́р“.

– Ма́ не-у́меш да-краде́ш, та те-не-ке́м.

– Кату ви́е кă-краде́те, така́ и ја́ ке-кра́да: ја́ фно́го у́мем да-кра́да.

– Е, а́јда к-и́дем по-гора́та да-нắјдем нắкăде нắкое дắрво, де́то ма́ти пи́ле, та ако-мо́жеш да-украде́ш јắјцата кă си́ ма́ти пи́лето, да-те-не-усắти то́, ке-те-зе́мам с-на́с, а́ко-ле не́, не-ке́м-те.

– А́јда, ре́кăл то́ј.

Отишли́ по-гора́та. На-една́ мắшка нашли́ едно́ дắрво, де́то едно́ пи́ле си-мати́ло јắјчица, та-се-качи́л да-и-украде́. Па́ од-они́а еде́н се-качи́л поле́чка след-не́го. О́не брắкне поле́чка, изму́шне едно́ јејце́, да-го-не-усắти пи́лето, ту́ри-го в-це́бо. И дру́зиа, шо-се́ би́л качи́л след-не́го, брắкне-му поле́чка в-це́бо, изму́шне јејце́то. О́не извади́л пе́чес јắјца и и-турắл в-це́бо, па-дру́зија му-и-измушка́л од-це́бо. Нắј-одса́ди изва́дил и́ш едно́ и слắзăл. Дру́зиа слắзăл пред-не́го. Рекли́-му: „Е́, ка́м јắјцата?“. То́ј си-брăкна́л в-це́бо и наше́л саде́ едно́ јејце́. Ре́кăл: „Бре́, ја́ извади́х по́веке јắјца, кадắ-са?“ Рекли́-му: „Не-у́меш, не-у́меш да-краде́ш: не-ке́м-те. Ви́ш кă-и-укра́дојме ни́е от-те́бе, та-не-не-усети́“.

То́ј си-отише́л нắкаде по-поле́то. Па ти́а отишли́ у-ни́х', та-рекли́ на-невắстата: „Невắсто, кадắ-е на́шиа побра́тим?“ Тиа́ рекла́: „По-поле́то-е“. Ти́а си-отишли́. Па́ човắко си-доше́л, та-ре́кăл на-жена́та: „Доожа́-ле нắкој да-ме-тра́си?“

– Доожа́а твои́те побра́тиме, та́ кату-им-кажа́х, ке-си-по-поле́то, отидо́а-си.

Има́ли ф-ка́шчи нака́чена па́стрăма, о́ти били́ закла́ли еде́н во́л.

– Ми-флази́а-ле ф-ка́шчи, мари́?

– Флази́а, ма си-бắрже излắзоа.

– А́ко си-бắрже излắзли, ти́а ке-до́јдаа ношче́ска да-украда́ пастрăма́та, е́ми зе́ми да-а-скри́ем. И тија́ зела́, та́ а-собра́ла ф-една́ ка́ца на-пото́но и а-покри́ла одго́ре с-една́ аба́.

През-ношча́ отишли́ они́а двами́ната да-украда́ па́стрăмата. Агале́-а не́ма ф-ка́шчи. Жена́та и маже́ били́ заспа́ли. Еде́ниа од-они́а рече́: „Мја́у-у-у“, али́с като-ко́тка. Па жена́та се-разбуди́ла,

та-рекá: „ă-ă-ă, мјаýчејте, мјаýчејте, к'а-а-нájдете! Затавá а-сăм-скрúла јá ф-кáцата на-потóно, та а-сăм-покрúла с-абáта". След-мáлко се-рабудúл и човăко. Тóј сóнен ја-попитáл: „Марú жéно, шо-бăрбóреше нăшчо па-тú?"

– Кóтки бăа дошлú да-јадá пáстрăма, па-јá им-вúкам: ă-ă-ă, ќа-а-нăјдете. Затавá а-сăм-скрúла на-потóно ф-кáцата под-абáта...

– É-е-е, прóклета да-сú. Мú тú им-јá си-кажáла, марú, дéка-е. Тавá не-сá билú кóтки, марú пýшчино, тавá са-билú онúа, шо-сá доожáли днéска. Стáни зáпали бóрина д-úдем на-потóно да-вúдим.

Тијá запалúли бóрина. Агá отишлú на-потóно, кам-пáстрăма! Тóј отишéл да-и-трáси. Отишéл в-горáта; тóку и-набарáл на-еднá мăшка, дéка са-наклалú óгин, та-си-пекá пáстрăма и си-дýмаа. Едéно рéкăл: „Варă, от-шчó те-е-нăј-страх'?"

– Од-нúшчо, рéкăл тóј.

– Мéне ме-е-садé од-вăк стрáх.

Пá óне шчо-ú-гонúл да-си-зéме пáстрăмáта, вијнáл алúс катý-вăк: „Áу-у-у!" Тúа тратúли пáстрăмáта и ýсвет. Тóј си крăкнáл врăтишчéто с-пáстрăмáта, та кăх-домá.

Онúа се-досетúли и реклú: „Тавá не-бăше вăк, брé, тавá óне не-е-гонúл да-си-зéме пáстрăмáта. Тăрчи да-тăрчúм да-го-пресрéшнем". Оттăрчăли и го-преварúли. Флăзли у-нúх, та-нашлú на-разбóе едéн клашнúк од-женáта. Едéно го-облăкăл, катý флăзăл ф-пóднико, та-забрáл волóвето да-и-кáра нá вода. Па-óне с-пáстрăмáта го-срешнáл, та-ф-тéвнинáта му-се-починúло, ке-е-женá-му, та рéкăл: „Кадé-си забрáла па-тú, жéно, волóвето настрăт нóш?" Па тóј му-одговорúл шепнешкóм: „Заборúла бăх да-и-кáрам нá-вода, та-сегá и-кáрам". И тóј току-рéкăл: „Нá тéбе пáстрăмáта, нóси-си-а кăх-домá, па јá ке-откáрам волóвето нá-вода". Зéл óне врăтишчéто с-пáстрăмата и ýсвет.

Докарáл-си човăко волóвето од-вóда. Рéкăл на-женáта: „Верú, дéка наместú пáстрăмáта?"

– Кој пáстрăма, човăче?

– Ми-тáа пáстрăма, шчо-тú дáдох да-си-а-донесéш.

– Јá не-сé-сăм ни-поклашчáла од-óдеро, па-тóј шо-мú-дýма!

– Брé, прóклети да-сá, пá ме-излăгáа!

Парашкева Скрлешчова 77 г. (Димитар Молеров)
Мол 1954 : 268–269

Банско

Поповото козарче

Дѐдо Го́споќ го-болѐл за́п. Едно́ дете́ му-дало́ темја́н, та му-оздравѐл забо́. Дѐдо Го́споќ иска́л да-му-се-отпла́ти, та-го-попита́л шо́ и́ска да-му-даде́. То́ рекло́: „И́скам едно́ кава́лче; ага́ за́свире с-не́го, си́чко да-се-рази́гра“. Дѐдо Го́споќ му-да́л такво́ кава́лче.

Отишло́ дете́то ф-едно́ село́. Еде́н по́п го-оцани́л да-му-пасе́ кози́те. То́ отка́ра кози́те под-нѐкое студе́но кла́денче, остѐј и да-попаса́, па-то́ сва́ли ча́нтата, одлу́пи за́струго и изеде́ пѐржени́те јѐјца, си́рене́то и дро́пките, нацо́ка-се студе́на во́да, тату́ кату́ наду́е оно́ва кава́лче и они́а ко́зи кату́ тру́снаа оно́ва о́ро – ца́л де́н и́граа. Вечерта́ се-вѐрнаа мрѐтви гла́дни. По́по се-чу́ди: „О́ти, бре́ момче́, не́-са напа́сени кози́те? Е́ª кѐ-се́ са-прелупи́ли кату́ пра́зна ву́л'а“.

– Па́са-и, бре-дѐдо, па́са. Се́ по-зеле́ни дрѐмки и-ка́рам.

По́по си-ре́кѐл: „Не́ка к-и́да да-по́варде, шо-ле́ рабо́ти тава́ дете́ с-ти́а ко́зи“. Отише́л по́по, де́то било́ дете́то с-кози́те, и се-скри́л в-дрѐмките. Дете́то свали́ло ча́нтата, нја́ло-се и наду́ло кава́лчето. Та́ кату-се-разри́паа они́а ко́зи, та́ кату-се-разри́па о́не по́п в-дрѐмките, та-се-фу́ка, та-се-мѐта, та-му-оскуба́ тѐрнето и бра́да, и ко́сме и дре́шето́-му, та-остана́л в-дрѐмките го́л голо́пѐр без-бра́да.

Парашкева Скрлешчова 77 г. (Димитар Молеров)
Мол 1954 : 303

Банско

Вапир

Собра́ли-се мо́ми ф-една́ водени́ца. Та́ била́ воденичѐрка една́ ста́ра ба́ба. Тија́ била́ ја́ко сирума́шка. Една́ мома́ доне́сла ма́с, една́ – дѐрва́, една́ – тепци́а, една́ – врѐшник, една́ – бра́шно, една́ – си́рене, та-си-напри́ли шу́пла да-вече́раа. Тама́н' ја-испе́кли, току се-почука́ло на-варта́та. Помисли́ли ке-е-момче́. Па о́деро на-ба́бица́та би́л на-мага́рици. Ба́бица́та то́ку терна́ла тепци́ата под-о́деро, та-отвори́ла. Ага́ видѐ́ла, ага́ле не́-е момче́, ми́ е-вапи́р. Моми́те пре́ли, пре́ли, па-то́ј то́ку ре́кѐл: „А́јдате да-вече́раме, мо́ми“. Па́

ти́а реклѝ: „Áјда, ма-не́ма шчо́“. Па́ то́ј ре́кăл: „Јá ке-ви-до́неса вече́ре“.

Отише́л да-донесе́. В-гро́бишча́та има́ло зако́пан човăк презде́не. Ископа́л-го, та-го-однéсăл, кату́ кă-си́-е облăчен, да-го-изеда́. А ти́а то́ку излăзăл-ле то́ј, запрета́ли с-пе́пел оги́не, та-си-легна́ли. Таја́ли-се, таја́ли, не-отвори́ли. Па́ петли́те попăли. И то́ј то́ку восправи́л човăко до-варта́та, та-се-стопи́л. Ти́а стана́ли ф-утринта́, отвори́ли варта́та, то́ку пухна́л умрăл човăк ф-одаја́та. Исплаши́ли-се фно́го, та-нăкои от-стра́х' умрăли.

Парашкева Скрлешчова 77 г. (Димитар Молеров)
Мол 1954 : 355–356

Гоцеделчевско

Делчево

Проклета маштеха

Бо^{а}днУо́ вр'а́м'ạ ^{х}и́мạло аднă ма́ш'т'ехạ, мнУо́го била́ проклéта. ^{х}и́мạла си дв'е́ мУо́меч'е́та – аднУо́то заўа́рено а дру́гото дуве́д'ено. Зауа́рено́то мУо́меч'ạ билУо́ мнУо́го ху́баво, пУо́ху́баво от н'е́х'инУо́то. Та аднă ўтạрнạ му да́ла ма́л'ко л'а́бец и гу испад'и́лạ ф горăта. ГУо́ркото мУо́меч'ä ход'и́ло, ход'и́ло пУо́ аднă пăт'ич'кạ и наш'лУо́ андУо́ кла́д'ен'ч'ạ, се́днạло, пи́ло ўо́да и там си заспа́ло. Амă там са сạби́рали самови́лит'ė. Ага – сạ рạзбод'и́ло мУо́меч'е́то, ч'у́ло как си вре́в'ęт самови́лит'ė. Аднăта рекла́: „МнУо́го-ạ лУо́ш'ę ма́ш'т'ехăта-х'и на тўа́ мУо́меч'ạ, затўа́-ạ ку́ца. Амă да-зе́ме н'а́кој ма́л'ко ўод'и́ца ọт тўа́ кла́д'енч'ạ, дạ-сă прекăрсти и дạ ọми^{ј}е ног'и́т'ė-х'и, к'е́ проУо́д'и“. А дру́гата самови́ла рекла́: „Зạ-Уо́т'и-ạ мнУо́го лУо́ш'ę, затўа́ х'и тури́х сăч'кạ ф д'е́сното Уо́кọ донУо́ ок'урав'е́е. Амă н'а́кој са́мо да ду́н'е, к'е изл'а́зе сăч'кạта“. МУо́меч'е́то слу́ш'ало, слу́ш'ало, па-га си отиш'лѝ самови́лит'ė, зема́ло ад'и́н' ли́с ọт-ла́пен, зави́ло гу нạ-ч'е́ш'ę, напăлнило гу ўУо́да и пош'лУо́ при ма́ш'т'ехăта-х'и. Т'а гу ви́д'ела ọтдале́ко и фа́тала дạ'-ру́ка и да му са-ка́ра, та ч'и ца́лото се́ло са сạбра́ло. Амă мУо́-меч'е́т'о зе́ло та ọми́ло ног'и́те-х'и с ўодăта и ду́нạло ф окУо́то-х'и и нăс ж'е́на ọтаднăч' ọзрав'а́ла.

Марија Димитрова Фалова (Кирил Мирчев)
Мир 1936 : 131

Гăрмен

Мара и Калина


пи́ја, за-бо́рчот не́-зборна ни́што. У́тре да̑нта му-ви́ка побра́тимот: „Побра́тиме, ја́ до́јдов да-ми-го-пла́тиш бо́рчот, ти́ја двете́-паре“. О́н му-одго́вара: „До́бре си-до́шал, ама-се́га не́мам па́ре, ќе-до́јдеш од-го́дина по́сле“. Го́дина про́јде, побра́тимот и́де јо́пе ка̑ј-борчли́јата да-му-ги-тра́жи двете́-паре. И́дејќи бе́с-пут го-ви́де борчли́јата побра́тимот, и́де и-ви́ка по-же́на-му: „Же́но̄, ја ќе-се-на́пра͡ем у́мрен, ќе-ле́гнем а-ти́ на-ме́не да-же́л'аш; о́н ќе-ви́ди и-ќе-се-вра́ти на́sат“. И-е́те-го побра́тимот и́де. Когај-до́јде и-когај ви́де побра́тимот мр̑тоф, ре́че: „Фа́ла бо́гу, до́јдоФ и-го-за́теков и побра́тимот да-се-ви́димо ако-не́-жи́ви барем-мр̑тви“. И-се́дна при-мр̑твака и-го-ва́рди по-це́л но́ќ. До́ј-доа комши́ете, га-пра́шаја же́на-му (на-мр̑твиот) ка́ква-је рабо́тата со-побра́тимот (зашто-чу́екот би́л жи́вФ). И-сел'аниве ви́ка̑: „Не-го-но́симо у-цр̑ква, по́п не́ма, па-у́тре-за́дутре ќе-го-зако-пу́емо“. О́ни ми́слеле да-о́тиде побра́тимот. И-го-однесоа у-цр̑ква, ама-побра́тимот од-не́го не-с-и́става. Сел'а́ните се-вра́тија сви́те до́ма, а-о́н о́стана да-го-ва́рди побра́тимот. Виш̑е-глава све́ќа му-го́ри а-на́двор до́ш вр̑нело. Про́шле ту́је некоі̣-а́јдуци и-ви́деле све́тлос у-цр̑квата па-се-вра́тиле и-се́днале у-цр̑квата да-ги-де́л'а па́рете што-ги-у́крале. Побра́тимот се-скри́л под-некоі̣-са̑ндаци у-ќу́ше и-тра́е. Ајду́ците поде́лиле све́, а-само-на-ј̣е́дан не́-стига две́-паре. Друга́рите му-ви́ка̑: „Па́ре не́ма, е́ве са́бл'ава ќе-ти-га-да́демо“. О́н га-зе́де са́бл'ата у-ру́ке и-ре́че: „Че́кај да-га-про́бам на-мр̑твиовФ дал̑-се́че та́ја“. Мр̑твиот когај-чу́ то́а и-ви́кна: „Ста́ните мр̑тви, за̑р-ме-исе́коа“. Побра́тимот ви́кна от-ќу́шето: „И́демо, и́демо“. И-ајду́ците фр̑лија све́ што-и́маја и-пу́стина фа́тија да-ги-не́ма ту́ј̣е. Мр̑твиот ста́на и-со-побра́тимот ги-поде́лија све́ па́рете од-ајду́ците. А́рно-ама две́-паре не-и́м стига за-бо́рчот да-се-пла́ти. А-ајду́ците о́дејќи по-пу́т збо́ра: „Ми́е избе́гавмо, а-не-ви́довмо ни́што. Нека-се-вра́ти ј̣е́дан од-на́с да-ви́ди што́-има та́мо“. И-ј̣е́дан се-вра́ти и-до́јде бли́зу до-пе́нцерот от-цр̑квата да-чу́е што́-има у́нутра. Когај чу́л за-две́-паре се-ка́ра̄. И-то́гај борчли́јата ри́пна на-но́ге, пру́жи ру́ка низ-пе́нцерот и-му-га-зе́де ка́пата на-а́јдукот и-му-га-да́де на-побра́тимот за-двете́-паре. А́јдукот по́бегна бе́с-капа и-им-ви́ка на-друга́рите: „Бе́гајте, бра́ќа, по-две́-паре не́маше на-сви́те и-ми-га-зе́доа ка́пата од-гла́ва и-га-да́доа на-ј̣е́дан“.

(Петранка Матевска)

Једоарџе

Парете ми са и мајка и татко

О́тишаџ еден-чу́ек на́-гурбет. Се-ту́лаџ вамо́ - тамо и по-неколку-го́дине се-вра́тиџ у-се́ло, а́ма бес-скр̄шен гро́ш. Не́маџ сре́ќа у гурбе́тлокот. До́ма когај-до́шаџ, сви́тина го-гле́дале по́преко. Ни-ма́јка-му да-го-пре́чека, ни-же́на-му ру́чек да-му-да́де, ни-та́тко-му ла́ф да-му-ре́че. „Ма́мō, за́што си-та́ква?“ – је-ви́ка о́н. „Ни́што, си́нко, ни́што, е́те та́ќе“... Је-ве́ли на-же́на-му: „Же́нō, за́што не-ми́-збориш ни́што?“ О́на му-ве́ли: „Па-со-та́коф како-те́бе зар-се-чи́ни му́абет?“ И на-та́тко-му: „А-ти́, та́ткō, ни́што не-ми́-збориш!“ „И́ди, гле́дај-га рабо́тата, не́ма што-да-ти́-кажем дру́го“.

Чу́екоф се-на́шаџ у-не́брано! Не́-знаеџ што-да-на́прае. Ѓи-со́браџ парта́лите и бе́з-да-се-по́зрави, јо́пе тр̄гнаџ на́-гурбет. А́каџ ва́мо – та́мо, и рабо́тата му-тр̄гнала, по́чнаџ да-пе́чали па́ре. Спе́чалиџ мло́гу па́ре, све́ ли́ре зла́тни. Се-до́тераџ, се-упро́менаџ, и-ре́шиџ да-се-вра́ти у-се́ло. Се-вра́тиџ. Же́на-му, ма́јка-му, та́тко-му, се́срете и дру́ѓите ро́днине што́м го-ви́деле упро́менет и пара́јлија, му-се-затр̄чале у́среќа да-го-пречéкаа што́ поу́бō. Се́га чу́екоф не-загле́дуаџ ни́кого, со-ни́кого зра́во не́-сториџ. „Што́-си, си́нкō, та́коф?“ – му-ре́кла ма́јка-му. „Што́-си, му́жу, та́коф?“ – му-ре́кла же́на-му. О́н зе́џ една-ша́мија, га-вр̄заџ од-двата́-краја, га-на́подниџ со-ду́кати и зе́џ да-га-и́стура де́ на-една́-срана, де́ на-друга́-срана. Жр̄ррр, жр̄ррр!... пра́еле ли́рите зла́тни. Не́гојте ми́слеле да-не-је-по́бркан со-у́мот. „Што́-си, си́нкō, та́коф?“ – јо́пе му-ре́кла ма́јка-му. „Што́-си, му́жу, та́коф?“ – па́ му-ре́кла же́на-му. О́н јо́пе ни́кого не-загле́дуаџ. Току-ќе-га-на́срани шами́јата и па́к: жр̄рр! И-на́јпосле ќе-ре́че: „Е́ве-ми ма́јка!“ Жр̄рр! „Е́ве-ми же́на“. Жр̄рр! „Е́ве-ми та́тко!“ А о́ни сви́те се-облизу́але околу́-него, го-мо́леле и го-ку́мале, го-гоште́але и му-принесу́але, ама-о́н ни-да-ѓи-по́гледа. На́јпосле ем-про́зборе: „Е́те коѓку-ме-са́кате. Кога-не́маф па́ре, ме-не́ј-ќефте, не-ме-загледу́афте, а-ка́моли ру́чек да-ми-да́дофте... А се́га, когај-сум-спе́чалиџ па́ре, сви́те тр̄чате околу́-мене и ми-принесу́ате све́. Ама-ви́е не-ме-гле́дате ме́не, току-па́реве. Когај-е-та́ќе, и́-ја ва́с ве-не́ј̀ќем. Па́реве-ми-са и-ма́јка, и-та́тко, и же́на, и-све́“ – ем-ре́каџ си́ноф и-му́жоф.

Теарце

Обичаи у Теарце

У старо́-време ме́не когај-ме-свр̑шиле, ни́шан когај-смо-ме́ниле, до́шле салте-тро́јца л'у́ди на-свршу́ен'е. А младоже́н'ата не́, не́ ка-се́га. И по́сле три-не́деле сом-се́дела ја́ свр̑шена. И́маше сва́дба у-ма̑лово на́ше, сва́ќа-ми Е́фка се-му́жеше и тре́баше да-ʲе-до́ем на-сва́дба. Пошто-о́вде свр̑шена, ја́ не-о́тидоф, не́-дојдоф о́вде да-не-се-ви́димо. Когај-ме-зе́доа, ја́ пребу́лена ва́к'е со-ша́мија. И до́јде ма́јорот да-ви́ди сва́дба ва́мошна, ја́ скри́ена пот-ша́мија. И не-сли́ка ма́јорот. У-наше́-време, у-Ту́рско, не́ма да-се-ви́диш и́ч за́едно. И по́сле зе́мени па́ што́-е то́а за́едно, де-ка́-може то́а.

. . .

На Бого́ројца и́маше со́бор у-мана́стирот. Пред-Богоро́јца с-уте́пā слати́нчани Ту́рци боста́нци́е на-ко́либа. И на́шиве то́а го-зна́еја и не-оти́доа у-ма́настир. От-Те́арце не́маше ни́кој. А́ма од-друѓи́-села не-зна́еја, на́родот се-со́бра и по́сле го-сарди́саја слати́нчани мана́стирот. И на́родоф се́ди ту́ека, три́ да̑на, че́тири. И до́аѓа а́бер по́сле од-не́кој-си па́ша: пу́штите на́родот за́рем от-Сла́тина ко́рен ќе-не-о́стане. И о́ни-го-пу́штија на́родот.

. . .

Еден-си́н и́мав у-Те́тō. А кме́т то́гај и́маше Ту́рчин, ту́рск'и кме́т. И се-са̑брале ва́к'е куми́сија за-пла́та да-му-реша́ва͡а. Ја́ ма-си́н-ми мо́ј ре́кал да-не́-биде то́л'ку го́лема пла́та, по́мала да-би́де. Дру́г'и си́н и́мав слу́жбеник; по́сле когај-до́јде алба́нското, ми́е уми́равмо от-сра́ од-н'е́га. И ен-ве́чер ни-чу́ка͡а на-вра́та, десе́тина ду́ше бе́ʲа, а о́ва (де́тево) бе́ше ми́цō. Ја́ и-му́ж-ми ве́ќе-ва́ќе. И по́сле отво́ри^{в}мо вра́та и уле́гоја, се-ка́чија го́ре. То́ј едан-главе́шина му-ви́ка на-му́жа-ми: „Од-де́ка си-пра́јл ова́-ку-ќа?“ О́н ви́ка: „Сом-би́л у-Рома́нија, сом-се-му́чел“. „Али и́маш си́ноі̯?“ „И́мам едно-де́те ма́лō“. „А на-овја́-кревет ко́ј-спие?“ Ге́ро (му́ш-ми) ви́ка: „За-прија́тели да-се-на́јде, ни-и́да прија́тели, да-се-на́јде за-прија́тели“. По́сле ѓи-ка́нимо за-ве́чера, о́ни не́ќат. И ле́гнаја, и што-смо-на́шле смо-ем-посте́лиле и смо-ѓи-по́криле от-сра́. Саба́јлето че́камо да-ста́неу. Ти́ја не́ма-ѓи да-ста́нат. То́ј што-им-е-ка-ча́уш некој-ва́кат са̑ба́јлето до́цна тро́пна со-ди́пшикот от-пу́шката, чу́ка на-па́тосот и ви́ка: „Што-не-се-ка́чиш ти́ го́ре при-на́с?“ Му́ж-ми ви́ка: „Па-че́камо до́ле да-сле́зете. Смо-

-на́прајле едно-ка́фе да-пи́ете“. Сле́гоја до́ле, ми́е ѓи-ка́нимо со-ка́фето, а о́ни ви́ка͡а: „Друѓи́-пути ќе-пи́емо“ и зами́наја. По́сле му́ж-ми до́ле кај-пресе́дникот, му-ка́за ка́ко-е рабо́тата, и о́н беше-на́редил о́дма тија́-л'уди о́вде да-се-не́-најдат. На-два́-пути смо-се-испла́шиле. Е́днаш до́јдоа на-вра́та, ама у-комши́ете и́маше е́дан-Ту́рчин што-ги-ва́рдеше и га-и́звикаф не́го, и о́н ги-вра́ти на́sат.

ВРАТНИЧКИ ГОВОР

Враѿница

Немушти језик

И́мало е́дан-о́вФчар и-о́н би́л мло́го си́рома. И-чу́ал о́вце у-по́ле, и-ви́дел та́му е́дăн-о́г'ин дека-го́ри. У-о́г'инăт го́рела е́дна-зми́ја и о́на га-ви́кала о́вчарăт: „О́вчаре, спа́си-ме – му-ре́кла – ќе-ти-ка́жем не́мушни је́зик; сви́те вра́пчин'а и-жио́тин'е што-збо́рив ти́ ќе-ра́збираш“. И-о́на му-пл'у́кнала у-у́ста на-о́вчарăт и-та́ја (о́вчарăт) све́ ра́збирал што-збо́реле жиоти́н'ете. И-о́тишал до́ма о́вчарăт и-е-ре́кал на-же́на-му: „Ќ-и́демо же́но – ре́кал – на-го́сти“ (у-ро́днина н'е́јзина ќ-и́дев). О́н се-ка́чил на-ко́н', а-о́на на-ко́била. Коби́лата би́ла ждре́бна, а-и-о́на би́ла тру́дна (же́нава). О́н и́шал на́прет а-о́на по́сле. Ко́н'ăт е-ре́кал на-коби́лата: „А́јде по́брго“. А-о́на му-ре́кла: „Ти́ но́сиш два́јца а-ја́ четво́рица“. И о́вФчарăт се-и́смејал. И-же́на-му ре́кла: „Што-се́-смеjеш?“ А-о́н е-ре́кал: „Мо́ри же́но, не́-смеjем да-ти-ка́жем, ако-ти-ка́жем ја́ ќе-у́мрем“. И-о́на му-ре́кла: „Не́, ќе-ми-ка́жеш па-што-да-би́ло“. „Е́, до́бро – ре́кал – кăт-ќе-се-вра́тимо до́ма ќе-ти-ка́жем“. Кăт-се-вра́тиле до́ма та́ја (му́жăт) ку́пил шти́це и-на́прајл са́ндак и-си-ле́гнал у-са́ндакăт. Ту́jе ле́гнало jедно-ку́че покрај-н'е́га, а́ма до́шал и-е́дăн пе́тăл. И-пе́тăлăт по́ал, а-ку́чето му-ре́кло: „Зар-не́-виѓаш дома́ќинăт ќе-ни-у́мре, а ти́ по́еш“. Пе́тăлăт ре́кал: „Нека-у́мре кăт-jе-бу́дала; ја́ и́мам сто́ же́не па-сви́те ѓи-по́вел'ам ја́, а-о́н е́дна па-не́-може“. И о́вФчарăт тăгаја ста́нал и-зе́л едно-дрво и гу-испо́тепал же́на-му.

Врашница

Вук и лисица

Би́ле ву́к и-ли́сица, и-се-здру́жиле за́едно да-живе́е и-да-́идеѐ да-кра́деѐ да-се-ра́ниѐ. Про́шал едӓн-чу́ек со-ко́ла, а-ко́лата би́ла пу́на со-ри́бе. И лиси́цата се-ка́чила и-е́дна по-е́дна пу́штала од-ри́бете, а чу́екäт не-се-о́sирал. Кäт-сти́гнал до́ма, по́гледал у-ко́лата, не́ма ни́што. По́сле лиси́цата му-ре́кла на-ву́кäт: „Е ву́че, ме́не ме-ви́ка ку́ма у-една-ку́ќа“. И о́на о́тишла та́мо, на́шла едно-те́неќе со-са́ло и-га-на́чнала и до́шла до́ма. И-ву́кäт е-ре́кал: „Кума-ли́со, како́-му-е-и́мето на-де́тето?“ О́на ре́кла: „На́чник“. И-о́тишла јо́пе, га-и́зела до-по́лојна. И-до́шла до́ма и о́н (ву́кäт) е-ре́кал: „Како́ му-е-и́мето?“ О́на му-ре́кла: „Препо́лоач“ (до-по́лојна г-и́зела). И-па́ о́тишла, га-и́зела са́лото све́. И-до́шла до́ма и-ву́кäт е-ре́кал: „Се́га како-га-ви́каѐ де́тето?“ О́на му-ре́кла: „О́гребач оку́тарач“ (га-огре́бала и га-скрта́л'ала).

. . .

Би́ло едно-де́те мло́го сиро́машко. Слу́жело три-го́дине у-едӓн-га́зда. И та́ја (га́здата) што-ќе-му́-даде, му-да́л едно-сто́паре. Му-га-да́л стопа́рето на-де́тето и-де́тето и́злегло и-и́шло по-све́т, и́шло со-стопа́рето. Се-стӓ́мнило и се-вра́тило у-една-ку́ќа да-прено́ќеа. И-о́ни (домаќи́ниве) га-при́мале, ту́риле вече́рала. А-де́тево со-стопа́рето прет-то́а ку́пило едно-ма́че. О́ни вече́рале и-се-затво́риле у-са́ндак да-спи́еѐ. И де́тето ем-ре́кло: „За́што се-затво́рате у-са́ндаци?“ И о́ни ре́кле: „Ако-не-се-затво́риме у-са́ндаци глу́сците у́шите ќе-ни-ги-изе́деѐ“. И де́тето ем-ре́кло: „Што-ќе-ми-да́ете ја́ да-га-пу́штим жио́тново да-ги-по́ваќа?“ „Што-са́каш ќе-ти-да́емо“ – му-ре́кле. И о́н га-пу́штил ма́чето и-то́а све́ ги-пова́ќало и ги-напра́јло то́к у-со́бата. Тӓ́гај о́ни му-да́ле една-гру́тка зла́то. И де́тево о́тишло до́ма, се-ожѐ́нило и се-обога́тило.

Сшаре Село

Мајка маќија

Би́ла ма́јка ма́ќија. Има́ла две-де́ца – е́дно до́вела, е́дно ту́ј е на́шла. Н'ојзи́ното што-га-до́вела га-ра́нела, га-гле́дала, а то́а

што-га-на́шла не-га-гле́дала, не-га-ра́нела. И га-пра́ќала да-и́де у-о́рман. Е́днуш му-ре́кла на́sат да се не́-врати. И о́но о́тишло ама-зе́мало пе́пел и га-ту́рило по-пу́тӓт да-зна́е да-се-вра́ти на́sат. И кӓт-се-вра́тило на́sат, маќи́ја-му про́сто се-зачу́дила како--се-вра́тило на́sат. И по́сле му-да́ла ву́на да-пе́ре и от-цр̥на ву́на да-ста̑не бе́ла. Де́тето та̑гај ре́кло: „Сто́ри-ме, бо́же деа́нија (ме́чка), да-ста́нем ме́чка да-се-не́-враќам при-маќи́у-ми". Ту́рила ву́ната на́-плеќи и-о́тишла у-пла́нина ме́чка да-ста́не да-се-не́-враќа на́sат. И-ста́нала ме́чка. Кӓт-г-исте́рала у-пла́нина де́тето најде́ното, и кӓт-се-вра́тила н'ејзиното́-дете у́мрело. Е́те ма́јка ма́ќија како́-прај. Та́ќе го́спот е-да́л.

ГОРАНСКИ ГОВОР

Диканце (Гора)

Дете царево и ќељќе

Би́ф јен-ца́р и о́тишоф да-вла́да во-јен-гра́т. До́ма о́стајф же́на тру́дна и ѓи-ре́коф: „Ако-ро́диш де́те, ке-ме́не да-го-пра́тиш. На-та́ван му-сом-о́стајф а́лишта и кни́ги". Цари́цата ро́дила де́те. Де́тето пора́снало. И ко́ј-пут ќе-и́злезе на́двор, де́ца ќе-му--приви́кает: „Ше́офќе ко́пил'е, ше́офќе ко́пил'е!" О́но ќе-до́јде до́ма жела́јеќи, ма́тери ќе-ка́же: „Де́ца ми-ви́кајет Ше́офќе ко́пил'е!" А ма́ти му-ре́кла: „Ти́ и́маш о́ца, како́-немаш. О́тец ти--је-ца́р. Ска́чи-се на́-таван, ќе-на́јдеш а́лишта от-чо́а, са́бл'а ца́рска и про́читај кни́га што-ти-га-на́пишаф ба́бо". Де́те се-ка́чило на́-таван, на́шло кни́га, и ца́р му-на́пишаф: „Со-ќора́вого да-не́-јдеш, со-сака́того да-не-тр̥наваш". До́шло вре́ме де́тето ќе-и́дује ке-о́ца. О́тишло во-кле́ќ да-о́дбере најуба́вого ко́јна. Јен-ко́јн ста́р му-ре́коф: „Што-о́дбираш то́л'ко, та-ли-зе́ми-ме ме́не!" Го--зе́ф, го-ја́наф којна́того и тр̥наф. И́даф, и́даф и ти-стре́ф јено--ќе́л'ќе. Ќе́лќето му-ре́кло: „Де́тē, а́ј зе́ми-ме и-ме́не, ја́ ќе-ти--би́дем ќе́л'е, ќе-ти-си́пем во́да". Го-зе́ф ќе́л'ќето и тр̥нале. О́да-ле, о́дал'е кроз-јено-по́л'е го́л'емо, сти́гнале ду-једен-бу́нар. Си́н ца́реф о́жеднеф и ќе́л'ету му-ре́коф: „Да́ј-ми ма́ло-во́дица". - „Не́мој-бе, та́коф мла́т и зе́лен, си-ја́аф на́-којна, а ја́ да-ти-да́дем во́да. Сле́зи и-са́м се-на́пи, па-и-ме́не ќе-ми-да́деш". Сле́зе де́тето и се-на́вена да-пи́је во́да. Ќе́л'ќе му-ста́ј пло́ќа на́д-него и му-ре́че: „Да́ди ди́н и ре́им ра́мазан, ја́ да-би́дем де́те ца́рево,

а ти́ да-би́деш ќе́л'е. То́га ќе-га-ди́гнем пло́ќа". „А́ко" – ре́че си́н ца́реф. Ќе́л'е се-напра́јло де́те ца́рево. О́блекло не́гове а́лишта и ја́нало ко́јна. И́дале, и́дале, стре́ле сва́тој, мра́вје. Ко́јн му-ре́коф дете́тому: „За́стани нека-и́спројдет свато́јви да-не-ге-изга́зиме". – „Е́-е, не-со́м слу́шаф о́ца, ќе-слу́шам се́га ко́јна" - де́тето ре́кло во-се́бе. Гла́вен сва́т, ча́уш на-мра́вје, му-ре́коф: „Си́нкō, што-ми-не-у́чини зи́јан нijéного сва́та, га́јет на-го́лем зо́р да-па́неш, да-ви́кнеш: ча́уш мра́вјаник, ке-да́-си да́-си, до-ме́не да́-си!" Јо́пе тр̄нале. Ка та́мо ви́деле јена-ри́ба патка́јеќи на-пе́сок. Ко́јн јо́пе му-ре́че: „Земи́те-га ри́бава и ста́ј-га во-во́да, ќе-пцо́јса на́-суо". Га-зе́ф ри́бата, га-ста́јф во-во́да. „Што-ми-курту́лиса жи́вот, ако-па́неш на-го́лема му́ка, да-ви́кнеш: Ри́бō па́тнице, ке-да́-си да́-си, до́-мене да́-си!" – му-ре́че ри́ба и-вле́зе во-во́да. О́дал'е јо́пе, о́дал'е. Ви́деле је́ного о́рла ке-што-се-пр̄ка во-ка́ф, а не́-може да-ле́тне. Ца́реф си́н и ту́је по́слушаф ко́јна и го-ста́јф о́рла на-јена-ка́рпа. И оре́ф му-ре́че: „Га́јет да-па́неш на-го́лем зо́р, да-ви́кнеш: О́рлу па́тнику, ке-да́-си да́-си, до́-мене да-си́!" Ца́ру му-у́дриле теле́грама си́н-му и́де. И́злегоф ца́р со-а́скер, со-ту́пани да-пре́чека си́на. Кō-ќе-ви́ѓи, што-ќе-виѓи, ќе́л'ќе испроме́нето со-ца́рске а́лишта ја́ало на́-ко́јна, а де́те ца́рево во́ди ко́јна. Ца́ру му-се-скр̄шиф ќе́јф и во́-себе ре́коф „туку-да-је́ дру́гото мује́-дете". Сти́гнале ке-ца́ра. Ќе́л'ќе само-тра́јело, ни́што не-збо́рило. Ца́р ре́коф а́скерим: „И́дите праша́јте-го да-не-са́ка да-се-же́ни". О́но гим-ре́кло: „Са́кам, та-ка́ко!" – „Праша́јте-го куа-де́јка са́ка". Го-пра́шале. „Ѓумпатишова́-дејка" - ре́кло ќе́л'ќе. „Ко́ј ќе-ти-и́де да-ти-га-тра́жи?" – „Ќе́л'е ќе-ми-и́де!" Ја́нало ко́јна де́те ца́рево и о́тишло де́јка да-му-тра́жи. И сти́гнало та́мо. Гим-ре́коф: „Ца́р за-си́на ви-тра́жи де́јка". - „У́баво" – му-ре́кле та́мо, ама ако-у́чиниш не́што што-ќе-ти запове́даме. И́маме три́ ку́па жи́то изме́шано – је́чмен, о́вес и пче́ница, ако-го-о́двојш сва́ко жи́то ка́се ду-саабе́л'е, де́јка ќе-ти-га-да́деме". О́н о́тишоф, се-пра́шаф со-ко́јна. Ко́јн му-ре́коф: „А́ко, ка-ќе-и́злегнет сви́, ти́ и́злези на́-оџак и ви́кни: „Ча́уш мра́вјаник, ке-да́-си да́-си, ке-ме́не да-си́!" О́н ви́кнаф. На́дошле мра́вје от-сва́ка стра́на и извли́зале по-по́т пра́к, жи́то го-одво́јле. У́трото му-ре́кле: „Де́јка на́ша ќе-фрли́ прстен во-мо́ре. Ако-го-на́јдеш де́јка ќе-би́де ва́ша". Ка-ле́гнале сви́ да-спи́јет, о́н и́злегоф на-о́џак и ви́кнаф: „Ри́бо па́тнице, ке-да́-си да́-си, до-ме́не да-си́!" Ри́ба и́злегла и му-ре́кла: „Зе́ми мало-џиге́рица и простр̄ви-га покра́ј-море ри́бе ќе-се-со́берет да-ја́дет, а ја́ не-ќе́-гледам да-ја́дем, ќе-гле́дам пр̄стен да-на́јдем". И ри́ба га-на́шла

пр̏стен. Си́н ца́реф го-о́несоф и гим-ре́коф: „Е́ се́га да́јте-ми и́зин да-и́дем, ца́р ме-че́ка“. – „Ќе-ти-уго́твиме четири́есет је́маци, ако-ге-и́зедеш ду-саба́л'е, де́јка ќе-ти-га-да́деме!“ Ка-се-сте́мнило, о́н јо́пе и́злегоф на́-оџак и ви́кнаф: „О́рлу па́тнику, ке-да́-си да́-си, до-ме́не да-си́!“ Ка-ти-на́дошле о́рли све́ и́зеле, дури-ко́тлој изду́пиле. Ка-ви́деле у́трото (дома́ќини), ре́кле: „Не-би́дује оваја-ра́бота, де́јка ќе-се-да́ва“. Га-да́ле де́јка. Со-н'а-тр̏нале и а́лајке. До́шло вре́ме да-го-за́творет ново́жена со-мане̏ста. Вле́гло ќел'ќе ке-де́јка во-о́даја. „Кује́-је о́вја? Што-ми-до́шло о́вде? Што́-је о́но?“ – „Му́ш ти-со́м, та-што́-ти-сом!“ „У́дрите, а́лаке по-јена-кло́ца“. Го-шу́тнале ќе́л'ќе ду-стрет-о́даја. „Ти-го-не́јќе о́вја, са́ка друга́тото што-до́шоф да-га-са́ка“ – му-ре́кле а́лајке ца́ру. Ца́реф си́н слу́шаф, па-ре́коф ца́ру: „А је-гре́ота ди́н и ра́мазан да-да́деш?“ „Не́-је“ – му-ре́коф ца́р. „Ти́ ме́не ми-си-о́тец, ма́ти ми-ре́кла. Ти́ ка-што-ми-си-на́пишаф во-кни́га, ја́ не-ти-сом-по́слушаф, туку-сом-зе́ф ќел'ќево со-се́бе и мло́гу ми-до́тера по-пу́т“. – „А, а́лајке, удри́те-му јо́ш по-јена-кло́ца“ – ре́коф ца́р. Го-исте́рале пре́д-врата. Ца́р на́редиф да-го-за́пал'ет ќел'ќе. Па-те́кра ку́рдисаф сва́дба и го́лем џу́бус на́прајф.

СКОПСКОЦРНОГОРСКИ ГОВОР

Кучково

Крива Мара

Се-са̏брале девојчиња на́-вечер да-пре́даџ. И́шал о́здола некој-ва́мпир. А́ма девојчи́ѝата што-би́ле пра́ви побе́гнале, а крива́-Мара бе́гала и-на́шла некој-сто́к се́но и-до-сто́гат се-препла́нила, се-за́крила. Ва́мпират не́-смеал да-при́де до-сто́гат, по́што у-се́ното и́мало некоја-тр̏авка што-му-шко́дела. Тие́-вечер Ма́ра си-спа́ла у-сто́к. Јутрето́-вечер па́к се-са̏брале девојчи́ѝата, а крива́-Мара не́-дошла. Оста́нала до́ма ве́чера да-пра́и. А-ва́мпират до́шол до́ма ку́де криву́-Мару и-се́днал на-сто́л. Ма́ра си́рота с-опла́шила ка̏т-га-ви́дела ѝе́га. И-га-пра́шала: „Де́до, зошто́-ти-се о́чите то́лко го́леми?“ „За-де́војк'е гле́дање“ – ре́кал ва́мпират. „Зошто́-ти-се, де́до, зу́бите?“ „За-де́војк'е ку́сање“ – ре́кал па́к. „Зошто́-ти-се, де́до̄, но́ктите?“ „За-де́војк'е гре́бење“ – ре́кал. „Е са̏га се́ди, де́до, да-ти-до́несем ве́черу да́-вечераш“. И-о́на му-до́нела ве́черу. „Се́ди, де́до, да-ти-до́несем ви́но да-пу́ш-

тим од-ба̑чвуту“. И-о́на спа́днала у-и́збуту да-пу́шта ви́но. И-о́н ре́кал: „Ќе-ми-и́збегаш, Ма́рō!“ „Не́, де́дō, ќе-вече́рамо“. И-о́н, ва́мпират, на́шал ју́же и-гу-вр̑зал за-но́гу да-н-му-и́збега. А-о́на не́-пушта ви́но, гу-одвр̑жува но́гуту од-ју́жето. А́ма ва́мпират често́пути ју́жето га-поте́гнува и-ви́ка: „До́јди, Ма́рō, да-вече́рамо“. А-Ма́ра му-ви́ка: „Не́што че́пат мло́гу ми-е-за́ртен, не́-можем да-га-о́дртим, поче́кај-ме“. А-о́на гу-одвр̑жала но́гуту и-вр̑зала едну-ко́зу за-но́гу. Гу-вр̑зала ко́зуту и-побе́гнала. Кӓт-по́тегнал ва́мпират, ко́зата сврѐкала, и-та̑га о́н се-се́тил дека-Ма́ра г-изла̑жала и-ста́нал по-њува да-тр̑ча. И-гу-ста́сал куде-Ту́мбу Ки́чинску и-ту́ка гу-и́зел Ма́ру.

Вид 1999 : 237–238

Мирковце

Муж домаќинка

О́тишӓ^{а}л едӓ^{а}н-чо́век да-жње́је. Же́ну-му до́ма гу-о́стаил да-му-пра́и ру́чӓ^{а}к. О́на оста́нала до́ма; мло́го пу́ти не-му-но́сила ру́чӓ^{а}к на-вре́ме. И-о́н по́чел да-се-ка́ра сӓ^{а}ш-њу́ма. О́на му-ре́кла: „О́стани да-ви́диш ка́ко-је му́ка до́ма“. И-о́н о́станал до́ма. О́на кӓт-по́шла на-же́тву, ле́бӓ^{а}т му-га-заме́сила, а-о́н ќе-га-пе́че. Додека-ста́ше ле́бӓ^{а}т, тре́бе да-му́ти̧ муќе́ницу. Ле́бӓ^{а}т ста́сал а-муте́њето не́-сме да-се-за́пре (ако-се-за́пре, ма́сло не́ма). Ква́чката ста́нала и о́на иско́чила из-вра́та. О́н тре́ба да-гу-на́рани, а-цре́пњу ту́рил на-о́гањ, ле́бӓ^{а}т га-ра́змесил и-о́н по́чнал да-му-бе́га на́тамо-на́вамо на-трпе́зуту. Да́ли ква́чку да-на́рани, да́ли да-му́ти, да́ли ле́б^{п} да-пе́че, цре́пња му-го́ри. Шо-ќе-на́праи? Ту́рил бу́тињ на-гр̑п и диза́еќи цре́пњу бу́тињ (па́днал) на-гла́ву и-це́лиӓ^{а}т се-и́збањал. По́сле у́ватил ква́чку за-но́ге па-од-зе́мњу гу-у́дрил и-на́место гу-у́тепал ква́чкуту. По́сле кле́кнал на-ја́јца да-ги-ква́чи. Же́нава на-ики́ндују ср̑пӓ^{а}т на-ра́мо, сто́мну у-ру́ке, то́рбу на-ра́мо и-гла́дна е́ве-гу и́де до́ма упла́шена. И-шо-ќе́-види: ква́чка уте́пана, ле́бӓ^{а}т на-зе́мњу се-ра́зла-зел не́печен, цре́пња на-о́гањ, а-о́гањ и́згаснал, а-му́жӓ^{а}т ја́јца ква́чи. И-о́на му-ре́кла: „Шо́ та́ка, чо́веку, шо-си́-клекнал ту́ј?“ О́н ре́кӓ^{а}л: „Ту́ј к'е-се́ѓу доде́ка се-изве́деи̧ пи́лики“. И-је-при́знал на-же́ну-му и ви́ше ни́кӓ^{а}д^{т} не́-сакал да-о́стане до́ма.

Вид 1999 : 238

Мирковце

Како везеле девојке у старо време

Пред-Ми́тровдăн једну-не́дељу к'е-по́чнемо куќа́рицу да--пра́имо. Се́вте колку-едно-ме́тро напра́ᴮимо и к'е-гу-покри́емо. По́сле по-дру́ги пут па́ колку-едно-ме́тро к'е-напра́имо и-па к'е--гу-покри́емо. Треќи пу́т па к'е́-гу-откри́емо куќари́цуту, к'е-до-ѕи́дамо јо́ш дватри-ре́да да-би́де ви́сока човечки́-бој, и к'е-гу-покри́емо сăс-ка́втарку (шо-се-пра́и од-ржа́ницу) да-не́-капе уну́тра. Два́-реда смо-ту́рале ка́втарке. И-по́сле на-вр̑шкуту го́ре, на--кавта́ркуту, смо-ту́рале по-три́ ја́буке, је́дна го́ре а-две́ о́тстране (како-кр̑с). И-та́ко го́това-је куќа́рица. Уну́тра сла́му к'е-нату́рамо да-ѝ-би́де вру́ќо и-ме́ко на-дево́јкете. И по́сле на-вра́тата се-ту́раи̑ ќу́пови от-сто́мне искр̑шене или-црепњи́чки ма́ли и у--њи́ма жа́р да-се-гре́јеи̑ дево́јкете. Над-вра́та и́ма по́лица за-ле́бᵖ и-ма́нца. Е́дни̑ но́сии̑ ле́бᵖ и сăс-ле́бᵖ за-пре́кусăᵃк, а-е́дне за-ру́чăᵃк. Мајстори́цата ле́бăᵃт га-др̑жи на-ску́т и-га-де́ли на-сви́те. До́дека не-се-пре́крстии̑ и не-ре́чеи̑ „бо́же, помо́жи-ми", ни-ра́боту почи́њаи̑, ни-ле́бᵖ не-једе́и̑. И-чира́ците ги-у́чии̑ да-се-кр̑стии̑. Кăт-к'е́-по́чнеи̑ се́вте да-ве́зеи̑, к'е-по́чне е́дна што-и́ма ла̑ку по́лазу и дево́јкете к'е-ре́чеи̑: „Да-ѝ-би́де ла̑ко како-ла̑ко пе́ро, све што-к'е-ви́димо све́ да-сраб́отамо". И кăт-к'е-се-нару́чаи̑ па́ се-кр̑стии̑. И-по́сле к'е-ве́земо це́л да̑н до-ве́черу. На-пла́дне к'--иско́чимо сви́те на́двор пред-вра́та и-чира́ците к'е-ги-пра́тимо за--во́ду, а-ко́ј не́-донел за-пре́кусăᵃк, к'е-до́несе ру́чăᵃк или па́ к'е--доне́сеи̑ ма́јкете или-сна́вете на-дево́јкете, или к'е-доне́сеи̑ или--ми́ʲе к'-и́демо до́ма да-доне́семо ле́бᵖ и-о́гањ. И-по́сле к'е-ру́чамо и-јо́пе к'е-ве́земо до-ве́черу. Кăт-к'е-се-ста̑мни к'-и́демо до́ма сви́те, к'е-у́знемо сто́мне, к'-и́демо на-че́шму да-доне́семо во́ду. И к'е-до́јдемо до́ма; до́ма ко́ј од-о́рање до́шăᵃл, ко́ј од-др̑ва до́--шă̑ᵃл, ко́ј од-воде́ницу до́шăᵃл, ко́ј и́мање чу́вал; сви́те се-при-би́раи̑ за-ве́черу. Дево́јкете ле́ѓен приношу́еи̑ и-бо́карче во́ду и--ги-посипу́еи̑; ко́ј е-на́јстар од-му́жите, на́јпрво к'е-га-посипуеи̑ да-се-и́змие и-ру́ке с-ру́чник да-и́збрише. Мла́де посипу́еи̑, и-све́ на-де́сно по-ре́т. Кăт-к'е по́чнеи̑ да-вече́раи̑, к'е-се-кр̑стии̑; ко́ј-е на́јстар пр̑во о́н к'е-се-кр̑сти, па-сви́те по-ре́дᵀ, најмла́дите на́ј-после. Та́ко би́ло у-на́ше вре́ме, та́ко зате́комо. А-са̑г гле́дај-ги: у́ста напра́ени, ва̑стани те́сни и-на-ша́јку и́деи̑.

Мирковце

Настрадин-оџа млого бил лăжач

Настрадѝн-оџа о́тишал^{а}л сас-мага́рето у-ме́јану. Ви́дел пу́на ме́јана љу́ди се-гре́јеӣ, и-му-ви́ка на-меа́нџију: „Ту́ри-му на-мага́рето едну-кале́ницу гра́“ (ку́де је́де ма́гаре гра́!) Меа́нџија му-ви́ка: „Куде́-једе ма́гаре гра́?“ О́н ви́ка (Настрадѝн-оџа): „Ту́ри, к'е-ти-пла́ќу!“ И-у́легал у-ме́јану куде-љу́дите што-се-гре́јеӣ и-ре́кăл: „Ста́нете, љу́ди, да-ви́дите мојево-ма́гаре како́-једе гра́“. Ри́пнале сви́те да-ви́диӣ како ма́гаре је́де гра́. А-о́н у́легăа^{а}л и-се́днал да-се-гре́је, га-за́ватил ме́сто на-сви́те. Кăд-ви́деле ма́гаре не́ќе да-је́де гра́, се-вра́тиле на́сад и-му-ви́каӣ на-Настрадѝн-оџа: „Ма́гаре не-ти́-једе гра́, за́што е-и́злăжа сви́те?“ Настрадѝн-оџа тăд ѝ-ре́кăа^{а}л: „Ви́^{ј}е-сте мага́рињa, о́но не́-је ма́гаре“.

. . .

Настрадѝн-оџа са́кал да-се-же́ни. Бегéндисал едну-у́баву удо́вицу и-о́тишăа^{а}л и-е-ре́кăа^{а}л: „Не́весто, са́кам да-и́ѓу на-та́ј-свет“. О́на му-ре́кла: „Бра́те, кăт-к'е-и́деш да-ми-се-ја́виш да-пра́ќу а́љишта на-му́жа-ми“. Настрадѝн-оџа је-ре́кăа^{а}л: „А́рно, и-ја́ к'е-но́шу на-моју́-жену а́љишта“. И-Настрадѝн-оџа е́дăнпут по́терал ма́гаре и-нато́варил аљишта за-же́ну-му и-му-ви́ка на-мага́рето пред-вра́та на-удови́цуту: „Ќу́кш, ќу́кш на-та́ј-свет!“ (и-та́ко три́пути). И-о́наја удо́вица иско́чила на-вра́та: „Ку́де, Настрадѝн-оџа?“ – му-ре́кла. О́н ре́кăа^{а}л: „И́ѓу на-та́ј-свет и-но́шу а́љишта на-же́ну-ми“. „Че́кај, Настрадѝн-оџа, и-ја́ да-пра́ќу а́љишта на-му́жа-ми и-да-га-по́здравиш“. И-Настрадѝн-оџа о́тишăа^{а}л. Три́-дăна по́сле се-вра́ќа на́сат. Настрадѝн-оџа, про́воѓа пред-вра́та на-удови́цуту и-ви́ка: „Ќу́кш, ќу́кш, на-ова́ј-свет!“ (Три́пути та́ко, и-за́станал пред-вра́та на-удови́цуту да-е-ги-да́де а́љишта. О́на истр̑чала и-га-пра́ша Настрадѝн-оџа: „Да́ли ми-га-ви́де му́жа-ми, Настра́дине?“ „Тра́ј, не́весто – ре́кăа^{а}л Настрадѝн-оџа – ри́пнал тво́ј-муж^{ш} и-гра́бнал моју́-жену и ја́ е́ве до́јдо до-вра́та тво́ја плаче́ек'и“. О́на му-ре́кла: „Што-да-напра́имо ми́-је?“ А-о́н је-збо́ри: „А́ј и-ми́је да-се-у́знемо!“ И-се-у́зеле и-та́ко се-о́женил Настрадѝн-оџа.

Љубанце

Костарела и царската керка

Бил не́кој-си чо́век, га-ви́кале Костаре́ла. Ни́мал ма́јку, ни́мал та́тка, са́м би́л. Би́л у-цр́кву како-при́троп, и-ста́лно та́мо слу́жил. А́рно, едăᵃн-дăн се-сло́жило се́лото да-га-о́жени и-да--му-на́прави едну-ку́ќичку. И-га-повику́еи да-га-пи́таи да́ли о́ќе да-га-ожéнии и-да-му-напра́вии едну-ку́ќичку за-живе́ење. О́н им--ре́кăᵃл: „Не́-сакам да-се-же́њу, ја́-сам си́рома; и́мот не́мам ни́кăᵃв, у́тре к'-и́мам фами́лији и-не́мам са́-што́ да-ги-ра́ним". А-о́ни му-ре́кле: „Оже́ни-се, к'е-те-издр́жава цр́ква". И-о́н се-о́женил. По-една-го́дина вре́ме же́на-му оста́нала тру́дна. О́н ви́ди дека--от-цр́квуту не́-може да-се-издр́жава, ре́шил к'и́де на-гу́рбет. О́ставил же́ну непоро́дену и-за́минал на-гу́рбет. И-та́мо се-це́нил у--не́кога га́зду. При-то́га га́зду се-по́казал мло́го по́штен и-та́мо жи́вил, при-то́га га́зду, два́есе го́дине. Пи́смо до́ма не́-праќал, не́мал по-ко́га да-пра́ти. Е-са́га на-га́здуту му-доо́ди а́бар од-до́ма да-и́де до́ма. И на-о́вога, на-Костаре́лу му-ви́ка: „Ја к'е-ти--да́м тестаме́нт за-ше́с ме́сеца ако-се-не́-вратим на́зат дуќа́ните да-оста́неи на-те́бе и-це́лиăᵃт имот". Костаре́ла че́кал шес-ме́-сеца, че́кал шес-го́дине, га́здата не́ма да-се-вра́ти. И-едăᵃн-дăн му-пра́ќа а́бар да́ли к'е-до́јде или-што́-мисли. О́вај, га́здата, му--одго́вара да-га-не́-чека. Костаре́ла кăд-га-до́бил пи́смото, фи́р-мете ги-пре́писал све́ на-ње́га и-ста́нал го́лем га́зда. И он по́го-дил е́днога слу́гу и-ре́шил едăᵃн-дăн да-му-о́стави тестаме́нт на--о́нај слу́га како-него́вијăᵃт га́зда што-му-о́ставил ње́му. И-у́зима едне-би́саге зла́то, у́зима е́днога до́брога ко́ња и-тр́гне да-и́де за--ње́гово се́ло. Мисле́ек'и од-ње́гову фами́лију да-не́ма ни́што изви́кује у-се́ло не́где да-пре́ноќи. А́рно у-се́лото и́мало некој-ре́т: не́познат пу́тник кăᵃт-к'е-до́јде мо́ра да-спи́је у-не́кога до́маќина. Е не́кој ре́кăᵃл: „Дăнăᵃс ре́дăᵃт-му-је на-Костарело́вога си́на". И са́га ње́му му-па́дњује чу́дно од-де́ка мо́же да-би́де то́а и́ме. И га-одвеѓу́јеи та́мо. Ни-о́н по́знава си́на, ни-си́н по́знава ње́га, ни--же́ну по́знава, ни-же́на ње́га. Пре́ноќил како-пре́ноќил и-са́бајле се-ми́сли како́-може да-би́де та́ј Костаре́лов си́н. И-га-пра́ќа ње́го́вога непозна́тога си́на да-ви́кне не́кога ста́рога чо́века от--се́ло. И-о́вај оти́дњује и-му-пови́кује ста́рога чо́века. Е кăᵃд--до́шăᵃл о́нај ста́р чо́век от-се́ло, га-по́знал Костаре́лу: „Здра́во, Костаре́ло!" И-му-ка́жује на-о́нога мла́дога, на-си́на-му: „О́вај ти-је-та́тко", и-на-же́на-му ви́ка: „О́вај ти-је-му́ш". И Костаре́ла се-вра́ќа до́ма куде-же́ну-му и-си́на-му. И та́да до́шле не́кои

ста́ри љу́ди от-се́ло, по́што Костаре́ла до́шäªл. Пра́виле здраво́-живо. Некое-вре́ме сељáните изо́тишле и-га-пи́та си́н-му Костаре́лу: „За́што, та́тко, то́лко го́дине не-се́-јави и ни-пи́смо пра́ти?“ Костаре́ла му-ре́кäªл: Не́мало по-ко́га да-му-се-ја́ви. И-га-пи́та та́тко-му: „За-то́лко го́дине што-спе́чали и-што-на́прави?“ И Костаре́ла му-ви́ка: „Йди зе́ми-ги биса́г'ете!“ Ви́дел биса́г'ете пу́не сäª-зла́то. И-о́вај се-зара́дувал. Си́н-му едäªн-дäн ре́шил да-йде и-да-ви́ди дуќа́ните на-та́тка-му. А́рно та́тко-му не-га́-пуштал, ама о́н ре́шил да-йде. Пошто-ре́шил да-йде и-та́тко-му га-пу́штил. У́зима ко́ња и-тр̑га да-йде. Иде́еќи сре́л на-некое-си-ме́сто два́-пута, би́ла раскр̑сница. И-ви́ди на-некој-ка́мен се́ди едно-сиро́машно де́те. Де́тето му-ви́ка: „Да́ли би-са́кал да-би́демо бра́ќа?“ И-о́вај се-до́мислил и-пошто-и́мал то́лко бо́гатство му-ре́кäªл: „Да-би́демо“, му-да́л тврда бе́са да-би́деи̯ ве́рни бра́ќа. На-ту́ј раскр̑сницу пи́шуе на-едно-дрво: На-ле́ви пу́т ко́ј йде, та́ј не́-се-вра́ќа, а ко́ј йде на-де́сни пу́т, та́ј йде и се-вра́ќа. Најде́ниäªт бра́т му-ви́ка са̑га на-бра́та-му (на-Костаре́ло́вога си́на): „Ке-йдемо по-о́вај-пут куде-пи́шуе: не-се́-враќа“. Костаре́лов си́н му-ви́ка: „Не́-ли пи́шуе ко́ј йде та́мо на́зат не́-се-вра́ќа?“ О́вај му-ви́ка: „Не́ли да́домо тврда бе́са што-к'е-ре́чем ја́ ти́ да-не-по́вратиш, ти́ што-к'е-ре́чеш ја́ да-не-по́вратим“. И Костаре́лов си́н ко́ндисал да-йдеи̯ по-та́ј-пут. Иде́ек'и на́ишле на-не́коју згра́ѓу куде-живе́јале зме́јови. Змејо́вите си-ре́кле меѓу́-себе: „До́јде за-по-ра́кију ме́зе“. Ама о́вај најде́ниät бра́т му-ви́ка на-Костаре-ло́вога си́на: „Не́мој ни́што да-се-пла́шиш“. Е са̑га змео́вите са́каи̯ о́вија дво́ица бра́ќа да-ги-опија́нии̯ и-да-ги-изе́деи̯. Му-да́ле едну-ча́шу ви́но на-Костаре́ло́вога си́на и о́н се-о́пил. Си-збо́рии̯ змео́вите: Едно-ме́зе је-го́тово. Би́ле четéресе зме́јови и-му-да́ле сви́те по-едну-ча́шу пу́ну са̑с-ви́но и-ста́нале четéресе ча́ше пу́не са̑с-ви́но и-ги-и́спил сви́те, и па́ не-мо́жеи̯ да-га-опија́нии̯. На́ј-после дово́ди сата́ната (а́ждерäªт) и-му да́ва и-о́н ча́шу, па́к не-мо́жеи̯ да-га-опија́нии̯. Е са̑га о́н њи́ма к'е-ги-наздра́вује. Ни-да́ва по-четéресе ча́ше на-е́днога и ги-опија́њује сви́те, и-на-сви́те гла́ве ин-отсе́чује, на́јпосле и-на-а́ждерäªт (сата́ната). Са̑ге га-пробу́дује бра́та-му. Бра́т-му кät-ви́дел с-у́плашил, а-о́н му-ви́ка: „Не́мој да-се-пла́шиш, е́ве-ги четéресе гла́ве и-гла́вата од-а́ждерäªт (сата́ната)“. И-га-ви́ка да-прошéтаи̯ низ-згра́дете. О́тишле да-шéтаи̯. На-едно-ме́сто и́мало ко́њи, а дру́ге со́бе би́ле пу́не са̑ª-зла́то и-издр̑пани а́љишта од-и́зеден на́рот. И-са̑га о́вај му-ви́ка на-Костаре́ло́вога си́на: „У́зимај едäªн-до́бар ко́њ и-да-йдемо куде-си-по́шäªл, а-ја́ к'-йѓу пе́шки“. И-та́ко напра́иле,

тр̑гнале. И-до́шле куде-татко́ви-му ду́ќани. И са̑ге га-пови́кује слу́гата и-се-ка́жује дека-је-на-Костаре́лу си́н. И о́вај, мо́макä^а^т, му-ги-пре́дава кључо́вите од-дуќа́ните, и-оста́њује па́ куде-ње́га слу́га (мо́мä^а^к). Та́ко си-проду́жиле ра́боту. А́рно едä^а^н-да̑н пу́шта ца́рä^а^т го́луба, на-ко́га го́луп к'е-за́стане, та́ј к'е-би́де ца́рев зе́т. И-сви́те иско́чиле на́двор, са́мо Костаре́лов си́н не-и́скочил, се́дел у́нутра у-о́дају. Го́лубä^а^т за́станал над-ода́јуту и-мо́рал Костаре́лов си́н да-и́скочи на́двор. И-ца́рä^а^т пу́шта па́к го́луба, на-ко́га к'е-за́стане. Го́лубä^а^т за́станал на-Костарело́вога си́на. И-о́н мо́рал да-би́де ца́рски зе́т. А најде́нии^а^т бра́т и́де са́мо са̑ш-ње́га. Напра́ѣиле сва́дбу и-ве́чер са̑с-неве́стуту тре́бе да-спи́еи̑ за́едно. Е а́рно, а́ма најде́нии^а^т бра́т ви́ка: „Ја́ к'е-спи́ју са̑^а^ш-ње́га, са̑^а^с-бра́та-ми у-едну-о́дају". Ца́рä^а^т му-ви́ка дека-не́може да-спи́је са̑^а^ш-ње́га, да-спи́је у-дру́гу о́дају. О́вај ре́кал дека-к'е-спи́је у-о́вој о́дају у-ќу́ше, „од-бра́та не́-се-дво́им". И ца́рä^а^т му-о́добрил. Костаре́лов си́н за́спал, ама најде́нии^а^т бра́т не́-спие и-ва́рди што-ке́-биде. Гле́да на-неве́стуту од-у́ста и́скача една-зми́ја и-са́ка да-га-у́апе Костарело́вога си́на, бра́та-му. И-о́вај е́дно скокну́ење е-пресе́чује гла́ву на-зми́јуту. И́скача и-друга́-змија да-га-у́апе Костарело́вога си́на. А́рно-ама о́вај и-на-ту́ја гла́ву е-пре́секä^а^л. Е са́бајле се-са̑мнало и к'-и́деи̑ са̑^а^с-бра́та-му куде-ње́гови ду́ќани. И-та́мо дуќа́ните му-ги-пре́дава на-момко́тога ка́ко што-му-ги-пре́дале на-та́тка-му ка̑т-би́л мо́мä^а^к. Са̑ге, пошто-ста́нал ца́рски зе́т, тр̑гнал к'-и́де са̑с-бра́та-му за-до́ма. А́ма најде́нии^а^т бра́т му-ре́кä^а^л д-и́деи̑ да-у́знеи̑ зла́тото од-зме́јо́вите. О́тишле, натова́риле три́-ма̑ске зла́то и-тр̑гнале за-до́ма. До́шле на-раскрсни́цуту куде-бра́та-му што-га-на́шä^а^л и-најде́нии^а^т бра́т му-ви́ка: „Е бра́те, са̑ге, о́вде се-забра́тимо, о́вде ке-се-одбра́тимо, тре́бе да-се-одво́имо, и-да-поде́лимо што-смо-спеча́лиле. И́мамо три́-ма̑ске зла́то, две́ те́бе, е́дна ме́не. А-неве́стуту са̑ге како-к'е-дво́имо?" Бра́т-му му-ре́кä^а^л: „Ка́ко ке-гу-дво́имо, о́на-е за-ме́не". И-о́вај та̑га и́звадил са́бљу ба́еги неве́стуту к'е-гу-се́че по-на́поле, по́ла за-ње́га по́ла за-бра́та-му. Неве́стата от-стра́ зи́нала и-исфр̑лила јо́ште е́дну зми́ју. И најде́нии^а^т бра́т и-на-ту́ј зми́ју е-пресе́чуе гла́ву. Са̑ге му-ви́ка бра́т-му: „Бра́те, са̑ге си-сло́бодä^а^н, е́те-ти не́веста, е́те-ти зла́то, све́, ја́ оста́њују о́вде". Та́ко најде́нии^а^т бра́т до-кра́ј му-о́станал ве́рä^а^н на-Костаро́лова си́на како-бра́т.

Петко Стаменкоски 48 г. (Божидар Видоески)
Вид 1999 : 238–239

КУМАНОВСКО-КРАТОВСКА ГРУПА ГОВОРИ

КУМАНОВСКИ ГОВОР

Кумановско
Куманово

Овчар и змија

Једа̑н но́ќ троица овча́ри па́сле-си о́вце на-пла́нину. И-едно́ вре́ме сака́ле-си да-запа́лив туту́н, треба́ло-ги о́гä^а^њ, а-нема́ле куде́-њи ни́што. Кät-гле́дав, угледа́ле та́мо на-ри́д^т^ го́ре еда̑н о́гä^а^њ. И-рекна́ја еда̑н: „Ќе-и́ду да-запа́лу“. Оти́шја о́н та́мо, приближи́л-се, кät-гле́да та́мо о́коло о́гä^а^њ три́ дево́јке се́див и-пра́вив-си муабе́т. Ама-ти́ја не-би́ле дево́јке, би́ле зми́је, па-се-претвори́ле у-дево́јке. И-збори́ле-си ме́ѓу њи. Една́та вика́ла: „Три́ го́дине во́ду не́-сам пи́ла, не́-сам-се напи́ла. Дру́гата вика́ла: „И ја́ е́ве три́ го́дине не́-сам пи́ла во́ду“... А тре́ќата ви́ка: „Мо́ре, ви́ па́-сте натопи́ле у́ста, ама-ја́ три́ го́дине во́ду не́-сам пи́ла. Ју́тре, зна́м, по́п ќ-и́де у-ту́ј њи́ву да-жне́је та́мо, па-кät-ќе-би́де пла́дне, по-једе́ње по́сле ќе-ста́не попо́ва ќе́рка да-зби́ра по́лози, ја́ ќе-се-скри́ју пот-пр́в по́лог^к^, кät-ќе-до́јде о́на да-га-ди́гне, ја́ ќе-гу-уа́пу и-та̑г^к^ ќ-и́ду да-се-напи́ју во́ду“. Она̑ј овча́р слуша́л па-неќеа́л да-и́де да-па́ли цига́ре, врна́ја-се на́sат. Ка̑т ју́трето да̑н, и́стина, по́п оти́шја да-жње́је. Жње́је́ле а-она̑ј овча́р о́вце си--ги-вр́ти о́коло арга́ти. О́ни закача́ли-га. О́н беќа́р о́коло дево́јке се-вр́ти. О́не га-закача́ле, о́н си-све́ тера́л по-њего́во. Кät-ства́рно седна́ле да-ру́чав, руча́ле, ќе́рка рипна́ла да-га-ва́ти она̑ј по́лог^к^ куде́ што зми́ја би́ла. „Сто́ј, куде́ ќ-и́деш?“ – рекна́л она̑ј овча́р. При́шӓ^а^л па́ сӓ^а^с-она́ј њего́ву чаму́гу тргна́л-га по́лог, кät--та́мо еда̑н котеља́к зми́ја толи́ка. Ови́ја сви́ се-исплаши́ле, фати́ло-ги стра́. Што́-ли-јеово́ј. А-о́н зема́л она̑ј ста́п па врз-њу́ма и-ви́ка: „Би́вај како́ што-си-би́ла си́ноќ и́ли са̑к ќе-те-сма́чкам, питива́н ќе-те-напра́ву. Би́вај како́ што-си-би́ла си́ноќ. А-она́ј зми́ја копе́шка-се по-ма́лко, не-мр́да. По-дру́ги пу́т, по-тре́ки. И а́ да-изма́нѐ да-гу-у́дри, и о́на бидна́ла дево́јка, та́ј зми́јата.

Тима Ничова 80 г. (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 274

Орашăᵃц

Ќосето се лăже сăᵃс дете

Не́кој де́чко справљáл-се да-си-по́јде на-водени́цу. И-та́тко-му викáл: „Немо́ј да-и́деш куде́ Ќо́сета“. Де́тето не-послушáло. Замина́л пр́вуту водени́цу, дру́гу, тре́ќу, оно́ј сви́ Ќо́севци. У-четвр́туту ве́ќе мо́ра да-се-ме́ља бра́шно“. Де́те, ти́ си-до́шја да-ме́љаш бра́шно. Ми́ја и́мамо обича́ј да-се-лăжемо, ако-те-прева́ру ја́, бра́шно ќе-ми-оста́виш на-ме́не“. По́сле отпочна́л да-га-прева́ра. Воденича́р прикажу́је-му на-де́те. „Ми́ насади́смо едну́ лози́нку боста́н. И-о́на се-усили́ла и-замина́ла преко-ре́ку. Бидна́ мо́с на-ло́зуту. Оту́дᵀ пренаса́мо, пренаса́мо боста́н, ко́ј ти-зна́е ко́лко боста́н пренесо́мо“. Сăк де́те ќе-га-прева́ра ње́га: „Слу́шај, Ќо́со има́мо мло́го тр́мке, пче́лке. Пче́лке броимо а-тр́мке не-мо́жемо да-ги-избро́имо. И-едăн ве́чер бро́имо, бро́имо и-не́ма-гу една́ пче́лка. Шета́ле, шета́ле, на-едно́ ме́сто никна́ло про́со (про́сено зр́но никна́ло). По-оно́ј про́сено зр́но качи́ле-се да-гу-тра́жив пче́лку. И-виде́ле-гу та́мо, прегна́л-гу ора́ч да-о́ра сäᵃс-ње́у. И-о́ни чим-виде́ле, зема́ле-си-гу. И-чи́м-зема́л, почна́ле да-гу-леку́јев. Лекува́јќе-гу пче́лкуту, никна́л ора́ и-стана́ло др́во голе́мо. И-гајґа́еќе де́ца, млати́ле ора́си, се-убусти́ле врз-ње́га и-стана́ло лива́да. По́сле коси́ле ту́ј лива́ду, пусти́ле, штури́ле, се́но пренаса́ле мло́го. И-по́сле се-врна́ле куде-пчелете и-о́не са-би́ле ту́ј све́“. И-Ќо́се си-призна́ја и-дуплира́ја-му бра́шно.

Славко Точев 40 г. (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 282

Рӯѓинце

Како ги утепувале старите луѓи

Едно́ вре́ме како-ово́ј го́дина би́ла кăтна, нема́ло бери́ќе́т. Виде́ле лу́ѓи му́ку за-зве́. На-то́ј вре́ме ста́рите лу́ѓи ги-тера́ле на-Пу́мпало, утепува́ле-ги. Едăн си́н има́ја-си та́тка до́брога, не-да́ја-му-се да-га-те́пав. И-си́нäᵃт едăн ве́чер почна́л да-пла́че. Та́тко-му га-пи́та: „Си́нко, што́-ти-је та-пла́чеш? Да́ли пла́чеш за-ме́не?“ О́н му-одгова́ра: „Пла́чу се́лото са́ка да-те-те́ра на-Пу́мпало. Ја́-те не-да́вам да-те-те́рав“. Штукна́ло се́ме, не́ма куде́ да-се-на́јде да-се-посе́е, па-тра́жи се́лото ста́рога чове́ка да-

-ка́же куде́ мо́же да-се-на́јде се́ме. И-о́н му-рекна́ја: „Ви́кај ко́и--са напредња́ци у-се́ло, ја́ ќе-ги-ка́жу куде́ да-на́јдев жи́то“. И--о́н викна́ја-ги ња́ја, сеља́ните, и-каза́ја-ги тако́ј: „Сеља́ни, ја́ и́мам једно́га та́тка ста́рога. О́н ќе-ка́же куде́ да-се-на́јде се́ме“. И-о́ни до́шле при-ово́га ста́рога чове́ка. „Ви́е жи́то не-мо́жете да-на́јдете ни́где, са́мо у-мрами́њак, куде́ са збира́ле мра́вке се́ме и-ту́ј да-ко́пате“. И-ту́ј са-копа́ле и-извади́ле три́ста о́ка се́ме. И-ко́лко и́ма семи́ња, от-сва́ко се́ме по-пе́т о́ке са-извади́ле. И--отту́ј се-је-поста́ло се́ме да-и́ма, па-се-запати́ло. И-да́ле у́редбу ота̏к ста́р чове́к да-се-не-уби́је, зашто́ о́н кажа́л се́миња́та.

Стојман Анѓелковски (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 289–290

Степанце

Несреќно дете

Една́ же́на има́ла мло́го де́ца. Сви́-ву сре́ќни, а-едно́ не́. Ма́јка-му тури́ла ле́бäªц у-торби́че на-то́ј што-не́ма сре́ќу: „Ѝди--си, си́нко, ти́ сре́ќу не́маш“. Оно́ си-по́шло. Па-има́ле ма́чики и-узе́ло едно́ ма́че. И-оно́ј ма́че (мачо́р би́ја) порасна́ло голе́мо. Под-бу́ку направи́ло ду́пку. Седе́ле-си ту́ј и-оно́ј де́те порасна́ло голе́мо. Настана́ло да-се-же́ни. И-она̏ј мачо́р ре́кäªл: „Ќе-те--же́ну ја́“. Претвори́ја-се оно́ј мачо́рче у-чове́ка, оти́шло куде́ не́кога кра́ља и-рекна́ло: „Кра́ље, ја́ и́мам си́на, да-ми-да́деш де-во́јку“. – „Ќе-ти-да́ду“ – ре́че кра́љ. – „Са́мо ка̏т да-до́јду?“ Кра́љ рекна́ја: „У-сре́ду да-до́ѓеш, у-ту́ј и-ту́ј сре́ду“. Треба́ло сре́да да-би́де. Покани́ја мачо́р љу́ди и-по́шле за-девојку. И--младоже́ња се-промени́ја у-ту́ѓе аљи́не. Оти́шја та́мо, седна́ле и--се-зasира́ја. И-кра́љ рекна́ја: „Што́-се ова̏ј мо́ј зе́т зasи́ра овде́ка?“ – „Што́ се зasи́ра – рекна́ја мачо́р – промени́ја-се и-падна́ у-ре́ку та-се-у́топи, зато́ј“. Ца́р рекна́ја: „Ја́ ќе-му-да́ду аљи́не да-се-проме́ни“. Да́ја-му-аљи́не, промени́ја-се, па́ се-зasрна́ја ова-ко́ј. И-кра́љ рекна́ја: „Што́-се зasи́ра ово́ј де́те?“ И мачо́р рекна́ја: „Зашто́ са-ту́ѓе аљи́не“. Да́ја-му ќе́рку и-рекна́ја: „Да-ви́ду са̏к куде́ ќе-гу-но́сите“. Мачо́р рекна́ја: „А́јте ви́ по-ме́не, ја́ ќе--тр̀чу на́прет“. И-о́н утрча́ја у-не́ку пла́нину. Та́мо ајду́ци има́ло, бога́ти би́ле то́лко би́ва. И на-они́ја ајду́ци рекна́ја: „Бе́ште и́де ту́рска во́јска, ќе-ве-испова́ќа“. – „Куде́ ќе́мо?“ – пи́тав ајду́ци. „Еве́ у-ову́ј згра́ѓу уле́гнете, ја́ ќе-ве-затво́ру“. Улегна́ле, затво-

ри́ја-гу ту́ј згра́ѓу и-гу-запали́ја. Мачо́рче во́ди неве́сту у-ајду́чке ку́ќе. И-ца́р рекна́ја: „Ја́ не́мам овакăв богатлăк“.

Кева Додевска 80 г. (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 286

КРИВОПАЛАНЕЧКИ ГОВОР

Кривопаланечко

С. Петралица

Што сăм направија да кажу

Ја́ кăд-бе́ше мале́чăᵃк поведе́-ме та́тко-ми да-ме-це́ни. И--прашу́је едно́га ста́рца: „Тре́бе-ли-ти мо́мăᵃк, да-ти-га-да́м де́тево да-о́ре“. И-о́н (ста́рăᵃцăᵃт) рече́: „Тре́бе-ми“. И-ја́ отидо́. Иста́рăᵃцăᵃт ми-рече́: „Кăт сви́ о́рат, и-ти́ ќе-о́реш, кăт-сви́ се́јат и-ти́ ќе-се́јеш, кăт-сви́ вла́чат и-ти́ ќе-вла́чиш; кăт-сви́ пу́штит од-ора́ње и-ти́ ќе-пу́штиш, ќе-пре́гнеш ко́ла, би́волите са́ми ќе--те-одве́дат пра́во до́ма. А́рно-ама, рече́-ми о́н, и́ма комши́ско ку́че цр̄но, па́зи да-те-не-уа́пе“. И-ја́ кăт-продјдо́ прока́ј ку́ќете се́лске, ку́чето искочи́ бе́з-да-ла́е, се-зăгна меѓу-ме́не и-ја́-га удри́. На-ме́сто ја́ да-сăᵃм-уте́пал ку́чето, оно́ би́волчето сăᵃм--га-утепа́л. Отидо́мо до́ма да-вече́рамо, и-ја́ се-разљути́, не́ќу да-вече́рам. Га́здата ми-ви́ка: „Вече́рај, не́-је то́ј голе́маште́та. Ако-ди́п приуми́ра, еве́-ти ла́мба и-но́ш да-га-зако́љеш“. Ја́ се--разбу́ду, а-не-пали́ ла́мба, и-по́чну да-ко́љам та́м. Саба́ле се--разбуду́ју и-погле́дну, закла́ја-сăᵃм ждре́бе. И-погле́дну, две́ште́те сăᵃм направи́л. Сăк ќе-си-и́ду. О́но се стăᵃмни́, са́мо едно ме́сто го́ри виде́ло и-отва́рам вра́та. Една́ же́на зароди́ла де́те. И-она́ ми-ви́ка: „Се́ди, се́ди, сре́ќăᵃн-си“. И-ми-ви́ка: „Ќ-и́деш из--ону́ј ку́ку да-дове́деш ба́бу једну́ Ќо́раву“. И-ми-рече́: „И́ма едăн буна́р напокри́ен, немо́ј да-гу-уда́виш ба́буту“. Ми́ и́демо сăᵃс-ба́буту и-она́ упадна́ и-удави́-се. Оти́ду ја, казу́ју на-же́нуту. Каза́ на-же́нуту: „Не́ма-гу ту́ј ба́бата“. И-она́ ми-рече́: „Се́ди - --рече́ - др̄ш де́те на-пости́лци да-се-напару́је по-ко́тле“. А́рно-ама ја́ умо́рăᵃн заспа́л-сăᵃм и-де́тето изгоре́ло-се. И доо́ди же́ната и--ви́ка-ми: „Удави́л-си ба́буту“. Кăт-гле́да и-де́тето изго́рено. Она́ ви́ка: „И-де́тето си-изгоре́л“. И-ја́ си-побе́гну.

Стамен Стојков (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 295

Одрено

Троица браќа сиромаси

Би́ле не́кои тро́ица бра́ќа сирома́си. Па-пошле́ да-се-цењава́т. И-нашле́ не́кога по́па у-чарши́ју. Па-запраша́л по́пä^а^т пр́вотога бра́та, погоди́л-га. Рекна́л: „ќе-ти-да́ду едни́ опанци и-што́ ќе-те-заповѐдам свѐ да-ме-услу́шаш; ако-се-уљу́ту ја́, ќе-ми-дѐреш од-гр́п једну́ ва́шу. Ако-се-разљу́тиш ти́, ја́-ќу тѐбе. И-така́ одвѐл-га о́н до́ма и-га-заповеда́л да-о́ре и-га-испрати́л на-ора́ње, да́л-му лѐп едну́ пога́чу цѐлу, едно́ ши́ше раки́ју и-едну́ ка́рту ви́но. И-испрати́л сä^а^с-њѐга једну́ ку́чку да-и́де на-ора́ње. И-рекна́л: „Ти́ ќе-о́раш додѐк ку́чката та́м да-лѐга, и-свѐ ќе-јѐдеш и--пи́јеш и-свѐ цѐло ќе-донѐсеш“. О́н рекна́л: „До́бро“. О́н тера́л, тера́л, ора́л, ора́л, стä^а^мни́ло-се, ку́чка не-стану́је из-бра́зду. Кät-се-стä^а^мни́ло, пушти́л-ги воло́вите, потера́л-ги до́ма и-му--однѐл свѐ цѐло. И-га-погледна́л по́пä^а^т, нѐшто нѐвесел. Би́ло дän, свѐ тако́ј. И-вѐќе мо́мä^а^кä^а^т се-разљути́л. Ва́не по́пä^а^т одѐре-му ва́шу од-гр́п. И́сто тако́ј и-дру́гä^а^т бра́т. И-њѐму му-одѐре ва́шу. Цѐни-се на́јмаљä^а^т бра́т. Да́л-му и-њѐму ши́ше раки́ја и-ка́рту ви́но и-цѐлу пога́чу. И-њѐму му-исправи́л ку́чкуту на--ора́ње. О́н оти́шä^а^л та́м на-ора́њето, пушти́л једну́ бра́зду сä^а^с-воло́вите, сипа́л-га сво́то сѐме по-еднуту бра́зду, гу-извртѐл пога́чуту у-срѐт, и-га-напласка́л сä^а^с-лепѐшке и-заклопи́л ко́рете. И-цѐла пога́ча стана́ла. Испи́л ка́ртуту ви́но, намоча́л-се во́лä^а^т. И́сто и-ши́шето раки́ја. Удари́л ку́чкуту сä^а^с-остäнä^а^т, ку́чката рипна́ла от-кама́рицу та-у-и́збу. О́н потера́л-ги воло́вите по-и́стијä^а^т пу́т, а́рно-ама не-мога́ле да-зами́нет и-о́н-ги иструпи́л сä^а^с--секи́ру и-ги-преврљи́л от-камари́цуту. И-оти́шä^а^л-си до́ма. По́пä^а^т га-прашу́је: „Зашто́ то́ко ра́но дојдѐ?“ О́н му-ви́ка: „Така́ ти́ речѐ“. Оти́де по́пä^а^т, погледна́, воло́вите зако́љани. „Ама-ти́ љу́тиш-ли-се, по́пе“, питу́је-га мо́мä^а^кä^а^т. По́пä^а^т му-вѐли: „Нѐ--се љу́ту; и́ди у-тр́ло и-пома́ми-гу калѐшуту о́вцу и-гу-зако́љи“. О́н оти́шä^а^л на-вра́та, помами́л-гу, о́не свѐте до́шле и-о́н-ги свѐ искла́л. И-гу-донѐл до́ма о́вцуту и-о́н-га (по́пäат) запраша́л: „Кој́у-гу о́вцу закла́?“ – „Свѐте“ – речѐ о́н. Оти́де по́пä^а^т, видѐ о́не свѐте иско́љане. Мо́мä^а^кä^а^т га-запраша́л: „Љу́тиш-ли-се, по́пе?“ – „Нѐ, како́ ќе-се-љу́ту“. По́сле закла́л-га и дѐтето. И-мо́мä^а^кä^а^т рекна́л: „Љу́тиш-ли-се, по́пе?“ И-по́пä^а^т рекна́л: „Нѐ, нѐ-се љу́ту“. И-по́пä^а^т на-попади́јуту ви́ка: „Нѐма спа́с, збѐри па́рете ќе-бѐгамо од-до́ма“. „Па́ чу́л мо́мä^а^кä^а^т и вана́л па́рете и-улегна́л у-сандäк. И-га-загрби́л-по́пä^а^т и-побегна́ле да-бѐгат. Но́си га-

-по́пäᵃт, па-те́шко-му, но́си-га попади́ја. Оди́ле и им-се-загна́ле едни́ ку́чики и-о́н викна́л: „Ди́зај, по́пе, ќе-ми-изе́дет ку́чикᴺте но́ге“. – „Па-ти́ – рече́ по́пäᵃт – ту́ј-ли-си?“ – „Па-ја́ с-те́бе ќ-и́ду, с-те́бе смо-се-цени́ле“. Попади́јата и-по́пäᵃт па́ се-разговара́ле: „Дру́го не́ма, попади́јо, спа́с, ти́ки да-и́демо на-онӑј мо́с и да-га-вр̆љимо под-мо́сäᵃт“. Легна́ле, легна́л мо́мäᵃкäᵃт, па-попади́јата, па-по́пäᵃт. Попади́јата и-по́пäᵃт заспа́ле, а-момäᵃкäᵃт би́л бу́дӑᵃн. Стана́л мо́мäᵃкäᵃт от-кра́ј и-легна́л у-сре́т. И-по́пäᵃт се-разбуди́л и-почна́л да-ви́ка: „По́там бу́тај, попади́јо“. Бута́л, бута́л и-пу́п! попади́јата од-мо́с па-до́ле. И-тӑк рекна́л по́пäᵃт: „Отиде́ мо́мäᵃкäᵃт“. Мо́мäᵃкäᵃт рекна́л: „Свр̆ши попади́јата“. По́пäᵃт рекна́л: „Па-ти-ту́ј-ли-си, бре́?!“ – Па-ти́ си-ме-цени́л с-те́бе да-и́ду“. Љу́тиш-ли-се? „Како́ не́ќу да-се-љу́ту: воло́ви ми-закла́, о́вце ми-закла́, де́те ми-закла́, и-попади́јуту ми-удави́“. И-мо́мäᵃкäᵃт вана́л и-одра́л-му ва́шу.

Евросима Трајкоска 40 г. (Божидар Видоески)
Вид 1962 : 291–292

Добровница

Лошата маќеа

Една-маќе́а ѓувала едно-дево́јче, а има́ла-си и њо́ња ќе́рка. И то́ј сира́чето што-не-било́ њо́њо не-сака́ла да-го-чу́ва и си-мисли́ла како́ да-го-уни́шти. А њо́њото си-го-чува́ла. И што́-ќе-го-пра́ј, ќе-го-пра́ќа та́м у-една-водени́ца, а та́м но́ќ доо́ди́ле ѓа́воли и коца́ чове́ци уништува́ле. И та́м ќе-го-пра́ќа. Омеси́ла-му от-пе́пел пога́ча, напуњи́ла-му ка́рта во́да и го-испрати́ла у-водени́цата, та́м да-ноќе́ва, та ти́ја ѓа́воли да-го-изе́дат. Оно́ по́јде и си-пове́де куче́нце, маче́нце, петле́нце. Кӑт-се-стӑмни́ло, седна́ло да-вече́ра. Петле́нцето запоја́ло, оно́ му-дало́, куче́нцето полаја́ло, дало́ и на-ње́го; маче́нцето замњаука́ло, и на-ње́го дало́. Сви́те за́едно вечера́ле. И поби́де не́кое вре́ме, о́коло-срет-но́ќ, дошле́ ѓа́волите. „О́п, тро́п, ма́лка мо́ме, отво́ри!“ И оно́ ги-праша́ло: „Ша куче́нце, ша ма́ченце, ша петле́нце, што́ да-рече́м?“ Они́ рекле́: „Ре́чи да-доне́сат обле́ка што-е-на́јубава насве́т, сви́ла, ср̆ма, конду́ри што-са-на́јубави“. И оно́ така́ рекло́. Ѓа́волите донӗле све́ то́ј и-па́ чука́ле: „О́п, тро́п, ма́лка мо́ме, отво́ри“. Оно́ па́ ги-праша́ло ку́чето, ма́чето и петле́нцето „што́

да-ка́жам?“ И они́ рекле́: „Са̑к ре́чи да-ти-доне́сат на́кит, зла́то, на́јубаво што-е́ на-све́т, па по́сле ќе-отво́риш“. Дево́јчето па́ така́ рекло́. Ѓа́волите доне́ле и то́ј и па́ чука́ле и вика́ле да-отво́ри. И та̑к петле́нцето запоја́ло, куче́нцето залаја́ло, маче́нцето замауча́ло, ѓа́воли се-испла́шат, побе́гнат, а дево́јче си-оста́не. И саба́ле кӓт-сӓмна́ло, промењи́ло-се, накити́ло-се и си-ошло́ до́ма. Кӓт-го-виде́ла маќе́ата све́ у сви́ла и ср̑ма обле́чено, обу́ено, наки́тено, вика́ла: „А да-те-посе́че го́спот, откуде́-ти така́?“ Дево́јчето све́ раскажа́ло. И маќе́ата рекла́: „Па ја́ и мо́јата ќе́рка ќе-си-пра́тим“. И она́ на-ње́ната ќе́рка о́месила бе́ла пога́ча, наточи́ла-ву ка́рта ви́но, и́сто и-она́ си-пове́де куче́нце, маче́нце, петле́нце, и-оти́де да-ноќе́ва у-водени́цата. Седна́ла да-вече́ра, ма́чето замњау́чи, она́ го-у́дри по-гла́ва „ја́ за-то́ј ми-е-ма́јка бе́ла пога́ча омеси́ла, за-те́бе?“ Ку́чето зала́е, она́ и ње́го го-у́дри „за-то́ј ми-гу-е-ма́јка бе́ла пога́ча омеси́ла?“ Пе́тлето запо́е, и на-ње́го не-дала́. Сама́ си-ручи́ла, вечера́ла, што би́ло, не-дава́ла на-ни́кому. И по-не́кое вре́ме дошле́ ѓа́волите о́коло срет-но́ќ. „О́п, тро́п, ма́лка мо́ме, отво́ри!“ И она́ вели: „Ша́ ку́че, ша́ ма́че, ша́ пе́тле, што́ да-рече́м?“ А они́ рекле́: „Сама́ ја́ла, сама́ одговара́ла!“ И она́ отво́ри, уле́гнат ѓа́волите, уда́ват-гу, намо́тат-ву цре́ва о́коло водени́чко ко́ло. Саба́лето ма́јката че́ка, че́ка, не́ма-гу ќе́рката да-до́јде. И по́јде на-до́ле и ги-сре́тње петле́нцето, маче́нцето и куче́нцето и ги-прашу́е. Они́ ву-кажа́ле дека ќе́рка-ву е-уда́вена и цре́вата са-ву-намо́тани о́коло водени́чкото ко́ло. Она́ не-верува́ла. Оти́шла и виде́ла дека е-ства́рно. И виде́ла дека на-дру́к кӓт-пра́виш зло́, оно́ те́бе те-сна́јде.

Станојка Додевска 1918 (Еленка Стоевска 1985)

Добровница

Стари обичаи

Од-напре́т и́маше обича́и мло́го поентере́сни. На-Вели́гден пома̑стат-се ја́јца, ве́чер и саба́ле се-и́де у-цр̑ква. Напра́ват-се и ма́ли лепчи́ња и-у-ње́м се-ста́ви по-едно́ ја́јце и се-испе́чат сос-пога́чката ти́а ја́јца. И саба́ле кӓт-по́јдеш у-цр̑ква си-поне́сеш за-до́ручок. И та́мо у-цр̑ква се-че́ка да-се-пече́стиш и та̑к се-вр̑неш до́ма. И кӓт се-вр̑неш от-то́ј зајáдеш от-ти́ја ја́јца што са-

-ма̏стени и то́ј што е-ста́вено у-пога́чката што-е испе́чено. Ка̏т-се-вр̏неш до́ма, та̏к се-напра́ѝ ручо́к и та̏к се-ру́ча. А́ма, та̏к е-било́ мло́го ентере́сно и по́-е нема́ло. На-Вели́гден, на-пр̏виот, ако не́ на-сре́дњиот, ќ-и́дат копри́ви да-тра́жат. И́дат копри́ви тра́жат за-зе́лник да-се-ме́си. А ти́ја да̏нове ни́што се-дру́го не-рабо́ти. По-це́ли да̏нове и́грат, по́јат, весе́љат-се, збе́рат-се дру́ги па напра́ват врте́шки од-др̏во. Напра́ват еда̏н-дире́к и зако́ват гре́да. И по-двои́ца се-вр̏тат на-та́ј гре́да. Збе́рат-се по́веќе на́рот, па и́маше гу́сли та̏га, не́кој сви́ри, а они́ја ко́ј му-се-и́гра, и́гра-си, весе́љат-се на-сви́те три́ да̏на. Па и́маше собо́ри мло́го. И́маше на-Спа́совден, на-Или́нден, на-Све́та тро́вица, на-Богоро́дица. Ќе-по́јдеш на-собо́р, ќе-се-проме́њиш, што ќе-обла́чиш: ќе-обле́чеш паму́чна кошу́ља ве́зена, чора́пи шаре́ни, сви́нски опи́нци, вр̏ци бе́ли от-коза́, напре́дено, напра́ени вр̏ци. И това́ не́маше до́волно. Не́кој но́си по́нови опи́нци, не́кој ице́пени па-кр̏пени сос-опу́ти; чора́пи шаре́ни, а́лови сос-цр̏но ша́рки напра́вени. То́ј бе́ше мло́го ентере́сно, скута́чи шаре́ни. А́ма то́ј све́ се-е-работи́ло. Тре́бе паму́кот да-се-испре́де, па-да-се-осно́ве, да-се-нави́е, па да-се-иза̏тка. А на-про́лет се-бе́љи, но́си-се та́м по-ре́ка па се-бе́љи. И на-ру́ки се-ши́еше. Кошу́ља соши́еш, наве́зеш и по́сле за-собо́р, се-гле́да ко́ј на́јубава кошу́ља но́си, најшаре́на. Скута́чи и́сто така́ од-ву́нено. Испре́де-се ву́ната, пома̏сти-се па се-ша́ри и то́ј у-ткае́њето. Иза̏тка-се шаре́на скута́ча, па шаре́ни по́еси се но́сеше, па подгу́шник се-но́сеше, рукави́ци шаре́ни, па́ри на-гу́ша, ти́ја не́кои ста́ри па́ри, сре́бро, дина́ри, на-полови́на кола́ни, ќусте́ци пле́тени. Та̏к бе́ше мло́го поентере́сно. То́ј-е све́ ру́чно изработу́вано. А са̏га сва́к са́ка да-ку́пи не́што гото́во, да-е по́-на-ра́ат; а та̏г мо́раш све́ да-го-зарабо́тиш, па та̏г да-се-обле́чеш. Па и пр̏тено се-тка́еше. Посе́јат коно́пје па-е́сен она́м се-обе́ре, па се-но́си у-топи́ло, у-во́да, у-ви́р, стои́ по-една́ неде́ља, па се-изва́ди, су́ши-се; по́сле се-чу́ка, па се-вла́чи, па се-пре́де, едно́ за-осно́ва, едно́ за-у́та̏к; а́ко-е за-кошу́љи по́та̏нко се-пре́де, а́ко-е за-че́рги пр̏тени по́дебе́ло се-пре́де. Па се-испре́де, па се-осно́ве, нави́е-се, па се-на-ра́збој иза̏тка-се. И то́ј све́ се-е-ру́чно работи́ло. А са̏га на́род однема́ то́ку ни-сто́ка, ни-такво́ се-не-зна́е, коно́пје ни́кој не-са́ди. И на́родот са̏га по́-е-сло́боден у-се́ло. Напре́т е-поима́ло ра́бота и понема́ње е-било́. Не-мо́же од-ни́каде да-се-сна́јде. Па́ри не́ма од-ни́каде, и то́ј ако-не-са-работи́ле, коно́пје, паму́к да-се-сна́јде да-ку́пи, ако не-са-чува́ле о́вци, ко́зи, гове́да, та̏г е-нема́ло од-ни́каде ни-да-се-прерању́е, ни да-зе́ме не́што за-обле́ка. Све-се-е от-то́ј живеа́ло.

У-напре́дњо вре́ме и́маше и сировска́ри. И та́ј обича́ј е--мло́го ентере́сен. Та́м около Води́ци сировска́ри се-збе́рат, гру́па мушка́рци по́мла́ди и и́дат на-си́рово. Збе́рат-се, догово́рат--се оде́к до-де́к ќ-и́дат, ко́ко ку́ќи тре́бе да-изо́дат за-та́ј но́ќ. И́дат но́ќ. И догова́рат-се доде́к ќ-и́дат, како́ ќ-и́дат, што́ ќе--пра́ват, све́ то́ј и по́јдат ве́черот по-си́рово. Зе́мат гу́сли, тропота́ло од-о́вци одвр̥нат, навр̥жат на-њи́м зво́нци. То́ј бе́ше мло́го сме́шно. Зе́мат то́рби сва́к поне́се по-една́-то́рба и от-ку́ќа на--ку́ќа и́дат. И оти́дат кај-га́зда та́мо и му-благоси́љат: те ко́ко има́л о́вчици то́ко да-има́л дечи́ца, благоси́љат-му та́мо. И о́н--ни от-све́ даде́. Даде́-ни бра́шно, даде́-ни ле́п, даде́-ни слани́на, даде́-ни пипе́рки, ја́јца, ко́ј што-и́ма, от-све́ ни-даде́. От-та́а ку́ќа по́чнат да-се-весе́љат, да-ви́кат: „Си́рово, си́рово!“, па оти́дат на--дру́го ме́сто, у-дру́га ку́ќа. Па та́м благоси́љат, па ги-та́м дару́јат от-све́. Како у-пре́дња ку́ќа што са-ги-дарува́ле и та́мо ги--дару́јат, бра́шно било́, слани́на, ко́ј што-има́л, све́ ни-да́јат. И они́ за-та́ј но́ќ мло́го ку́ќи про́јдат. По́сле и́дат и-дӑн. Еден-но́ќ и еден-дӑн се -и́де това́. Дӑнот кат-се-расту́рат, догово́рат-се каде́ да-се-расту́рат, та́м кај-не́кого. То́ј што-збра́ле све́ та́м одне́сат. Одне́сат та́мо и за-вече́ра от-то́ј пра́ват. Слани́на збе́рат, сушени́ци збе́рат, бра́шно ца́ревишно збе́рат. Тӑк се-е--прави́ло качама́к, качама́к со-слани́ната напра́ват за-вече́ра. Весе́љат-се, и́грат, по́јат, и то́ј све́ што-збе́рат по́сле изразде́љат, на-сва́к да-и́ма и́сто. И тӑк саба́лето оти́дат-си до́ма и сва́к си--одне́се до́ма.

А и́сто тӑк цӑлама́ри са -ишле́ за-и́стиот та́ј дӑн. Ама то́ј по́стари му́жи. Збе́рат-се гру́пи и се-обле́чат, напра́ват е́дӑн ба́бица, е́дӑн де́дица и по-де́сет ду́ши, по-двана́есе са-ишле́. И та́ј што-е ба́бица обле́чат-го све́ у-же́нски дре́и: кошу́ља, ша́јак, скута́ча, чора́пи же́нски, шами́ја, гру́дник, по́ес, све́ же́нско обле́че. И и́дат по-се́ло и не́кој не-мо́же да-го-препозна́е, не́кој го-препозна́е. А и́сто и́дат и ти́ја како сировска́рите, от-ку́ќа до--ку́ќа, зби́рат и они́, весе́љат-се, пра́ват сме́шки по-ма́ла. Тӑк не--е-има́ло како сӑга што-и́ма игра́нки за-пра́зници држа́вни, а тӑк така́ се-е-на́родот збира́л, на-такви́ на́чини. Пра́ват-се седе́љки, па на-седе́љки при́каски се-кажу́јат. И ту́ј коца́ вре́ме е-прооди́ло зи́ме, онака́ не-прооди. Тӑк мора́ле да-се-зби́рат на-седе́љка. Ако не́-се-зби́рат, не -мо́ж же́ни да-испре́дат. Тӑк е-има́ло ву́на мло́го. Пр̥тено, коно́пје е-има́ло мно́го. Збе́рат-се же́ни по-коца́ на-едно ме́сто, па и-му́жи до́јдат, па-се́днат, па-ко́ј зна́е при́каски по́веќе да-ка́же, ко́ј пе́сни кажу́е, кои́ и́грат, кои́ по́јат,

по́млади така́, кои́ си-пре́дат, ко́ј плете́. И све́ така́ са́ но́ќ работи́ле, а за-да̄н не́-е-има́ло вре́ме. Да̄н па-дру́ги ра́боти рабо́тат. Зи́ме ко́ј и́де шу́ма да-доне́се, сто́ка да-си-ра́њи, ко́ј и́де сла́ма да-доне́се. И та̄к е-има́ло ра́бота коџа́ у-се́ло, а са̄к то́ко сто́ка не́-се-чу́ва, не́ма каде́ да-се чу́ва.

Ратка Стоевска 1928 (Еленка Стоевска 1985)

КРАТОВСКИ ГОВОР

Кратово

Правина и кривина

Би́ле двои́ца бра́ќа. О́ни се меѓусо́бно мно́го дечка́ле. И еда̄нјо вика́д: „Прави́ната е у́бава“, а дру́гијо вика́д: „Криви́ната е у́бава. Са̄с-криви́на све́ ќе-доби́еш, ќе-би́деш бога́т, ќе-ста́неш све́, а са̄с-прави́на ни́шчо, бра́те“. И чина́ле-се на-ба̄с: ако-доби́е криви́ната, на-дру́гијо бра́т да-му-ги-изв̥рте о́чите, ако-доби́е прави́ната, па-о́н да-му-ги-изв̥рте о́чите на-бра́та-си. И искочи́ле на-сока́к и сретна́ле еда̄н калу́ѓер. „Чичко-калу́ѓере, ќе-ни-ка́еш пра́во, ко́је-е по́у́баво: прави́ната или криви́ната?“ „Криви́ната е-по́у́баво“ река̄д калу́ѓеро. А то́ј би́л ѓа́воло претво́рен у-калу́ѓер. „Ви́диш-ли, бра́те, дека-криви́ната е-по́у́бава!“ По́тамо и́шле и-сретна́ле еда̄н влади́ка. „Дедо-влади́ка, шчо́-е по́а́рно: криви́на или прави́на?“ А то́ј, ѓа́воло па́ претвори́д-се у-влади́ка и ви́ка „криви́ната е по́а́рно“. И оту́ј по́шле. До-три́ ќе-прашу́ет. Сретна́ле еда̄н по́п, праша́ле-га. Па́ ѓа́воло претвори́д-се по́п, и па́ река̄л „криви́ната е по́а́рно, она ќе-доби́е“. И извр̥те́д-му-ги-о́чите на-бра́то и остави́д-га. И чове́ко, та̄ј без-о́чите шчо́-е, та̄ј бра́т греба́д тако́ј и доша̄д до-едно́ др̥во. И качи́д-се на-др̥вото. И о́коле сре́т но́ќ до́шле ѓа́волите. И почна́д та̄ј ѓа́вол да-се-фа́ле шчо́ направи́д. „Ја́ направи́-се на-калу́ѓер – ве́ли, па на-по́п, па на-влади́ка, па све́ кажува́ дека криви́ната е у́бава“. И о́ни смеја́ле-се. И па́ се-обрна́д и река̄д: „А́ма да-зна́е та̄ј чове́к шчо о́чите му-се-изв̥ртени, да-зна́е от-ово́ј и́зворче да-си-изми́е о́чите, веднА́га ќе-прогле́дне. Ако у́шче еднА́шка ако-се-изми́е, ќе-на́јде па́ри, ќе-збогате́е мно́го“. Ова̄ј го́ре све́ слу́ша. И оти́шле-си ѓа́волите, не́-га-виде́ле. И о́н спа́дне на-саба̄лето, чове́ко, на́јде-га и́зворчето, изми́д-си о́чите. Изми́д-се и прогле́дне. У́шче

еднѐшке се-измѝе, и глéда тáмо нéшчо лѐска. Отѝде да-вѝде, глéда – пáри мнóго, едѐн кýп злáто. Збéре, збéре у-тóрба и по крóтко дóјде-си дóма. Почнáд да-си-живéе богáто, да-ги-облáча дéцата, да-ги-ýче у-чкóла, да-си-живéе ýбаво. Брáт-му завидéд-му, и прашáд-га: „Брáте бе, о'дéка-тѝ тóј имање стекнá? И óчи, éве прогледнá, и свé тóј?“ „É-е-е, нéли ти-вѝкам јá правѝната е ýбава, правѝната ќе-побéди“. – „É па, дóбро, извр̀ти-ми-ги сѐга тѝ óчите и јá да-бѝду како-тéбе богáт“. И брáто извр̀тéд-му-ги óчите. И óн качѝд-се на-др̀вото, и дóшле ѓáволите пà и почнáле да-се-кáрат: кóј му-кажá на-тѐј ќóрав човéк, кóј му-кажá дека-ќе-проглéдне, дека пáри ќе-добѝе, кóј му-кажá? И едно мáло ѓáволче рéкло: „Áми, гóре едѐн човéк ѝма, тѐј нѐ е-слушáд и тѐј е-кажáд“. И óни звикáле „спáѓај дóле тѝ бе!“ Симнáле-га дóле и еднó тепáње му-дáле, едѐн ќутéк му-дáле и отѝшле-си. И пóсле човéко по-крóтко отѝде-си дóма охкáјќе, плачéјќе. Отѝшад-си дóма и му-рéче на-брáто: „É-е-е брáте – рéче – ни-ѝзворче најдó, ни-пáри најдó, и натепáа-ме ѓáволите и éве-ме кáко шчо-ме-глéдаш, ќе-си-ýмру скóро“.

Стефан Чепишевски 1900 (Стојан Трајковски)

Кратово

Свадбен обичај у Кратово

Сефтé кăт-се-пóчне свáдбата, се-пóчне у-срéда. У-срéда дóјде ашчѝка, тáј жéна шо-кáне. Покáнет-се роднѝни. Ѝма ашчѝка и-у-девóјчето. У-дѝскозо стáвет сапýн, тéд, бамбóни, пáри за-амáм, шѝше вѝно, лéп, га-спрáвет дѝскозо, се-испрáте тáмо, снáата целѝва-гу рýка, прѝма бакшѝжо, и-кăт-се-испрáте ашчѝката, млáдата целѝва-гу рýка и-гу-дарýје чорáпи, а-родѝтелите гу-дáдет пáри. У-четвр̀тăᵃк девóјката си-покáне њóјни другáрк'и и-жéни пóстари и-си-ѝдет у-амáм. У-амáмо бóја ву-стáвет на-девóјката – адéт-е или-сéдăᵃм или-дéвет, свé на-тéк. Вéчер у-четвр̀тăᵃк ќе-пойграт. У-пéтăᵃк дóјде ашчѝката, стáве-се сенѝја. Кăт-се-сéје брáшно, свѝ гóсти нáоколо глéдав и еднá девóјка у-тáтко и-мáјка сăᵃс-чéвре на-глáва мéсе лéп; погáча се-бр̀зо испéче, испéчет-гу пот-вршнѝк желéзăᵃн. Дóјде младожéња, дéвер и-еднó мýшко дéте: младожéњата застáне спрема-слѐнце, шафéрката и дéверо ск'ѝнет-гу погáчата, сѝте трáжет у-њýма пáрата. Пóсле дајрé, гáјда, тупáни. Натýрет у-дѝскозо младожéнски

фăстáн, вéнăᵃц, рýба и-бакши́ши шо-и́ма на-родни́ните, фăстăнлăк (три́ мéтра штóф), тóј се-зéме на-глáва, ашчи́ката нóсе сáмо рýбата, свирáчите пред-ни́ја. У-пéтăᵃк и-мумурýска се-вáре, бес--мумурýска свáдба не-мóже. И-замéсăк се-прáве. У-субóта вéчер у-мóмата се-кáнет сви́ бли́ск'и родни́ни и-девóјк'и, а-у-младожéњата и́ма вечéра, ама сáмо девóјк'и. У-субóта и-младожéњата га-вóдет у-амáм да-се-бáња. Вéчерто и́ма вечéра, облáчет-се у--шалвáри и-нарéдет-се с-алтăни до-пýпăᵃк. Тóј га-ви́кат мóмина вечéра и-мóмино óро. Мóмчето га-одвéдет на-шарéно óро у-млáдата невéста. Тáм би́дет пречéкани. Младожéњата сéдне у-ќóше, едăн гу-вóде млáдата невéста, напýне еднá чáша пýна вóда шербетли́ја и-се-лăжет – излăжена-е млáдата невéста, до-три́ пýти се-лăже, пóсле стáнет, и́грат óро, се-нафáнет мýжи, жéни, ерг'éни, девóјк'и, и-се-рази́дет. У-недéла сабăле и́дет сăс-тáјфа. За--да-облéче младожéњата дрéите ги-мéрет на-кантáр три́ пýти. Младожéњата сăᵃс-нéколко другáри довéдет кýмо сăᵃс-пýно гóсти, а-пóсле старéјковата тáјфа. Дéверо е-свé сăᵃс-младожéњата. Па-тргнет за-млáдата невéста да-гу-зéмет за-у-црква. Се-нóси ди́скус сăᵃс-тéд, кондýри бéли, и-авли́ја, вéнăᵃц. Свáтовите испóјет еднá пéсна. Младата невéста е-затвóрена и-га-преглéда прéку си́тото и-прстењ младожéњата. Искáчет свáтовите и-и́дет за-црква, застáнет у-при́прата, чéка пóпо да-зéме пáри; етмá-шиќéр се--принéсе у-чини́че, сви́ гóсти улéгнет, а-млáдата невéста остáне на-врáтата, искáчат свéкăро и-свекрвата сăᵃс-ибри́к, самýн лéп, свéкаро фрла, префрла ечмéн три́ пýти, а-невéстата дарýʲе-га свекăро; и-донéсет еднó дéте мýшко, дарýʲе-га и-дéтето сăᵃс-кошýлче. На-огни́штето фрлет сóд и-сóло пýка. Óколо порýчак зéмет свирáчите и-двá кóња, оти́дет по-дáровите на-млáдата невéста, натовáрет-и сăс-сви́рк'и, донáсат-г'и. Вéчерто се-мркне, óколо óсăᵃм сáат ќ-и́дет да-довéдет алáд нóсет на тепси́ја, а--старéјкото дáде вршни́к бакши́ш, пи́јет, пóјет, весéлет-се, вечéрат. Пóсле ашчи́ката донáса двé глáвици кроми́т, па-дáвет бакши́ш кóј кóлко милýʲе. Кăт се-навéчерат, ми́јат-си рýк'ите, ќе--стáнет, и́грајат óро у-двóришчето, и́грат-си и-се-растýрет. За--у-понедéдника останýʲе старéјковицата, ашчи́ката постéле, довéдет-гу невéстата; óна бацýе рýка на-си́те. Дéверовата мáјка гу--соблéче. Сабăлето у-понедéдника веднáга тупáните и́дет на--чéшма. Млáдата невéста се-облéче у-свóјте дрéи, зéме ибри́ци, пáлет вéфти дрéи, керемúди трóшет, сăᵃс-тигáници сви́те дóјдет.

Сандра Василова (Трајко Стаматоски)

Железница

Лисица и еж

Лесѝцата и ʲе́жо се-облага́ле да-ѝдет да-кра́дет гро́јзе. Доа́ѓа она́ј га́зда у-ло́јзето и-гле́да не́што бе́ре-му гро́јзето. Она́ј га́зда шо́ ќе-напра́ви, ва́не иско́па длибо́к ша́нӑ^{а}ц, зе́ме нату́ра шу́ма озго́р. До́јде ʲе́жо на́прет а-лесѝцата по-ње́га да-бе́рет гро́јзе. Је́жо пропа́дне и-лесѝцата пропа́дне у-ње́га. По́сле се-пи́тат је́жо и-лесѝцата како́ да-напра́вет да-иско́чет. Пита́ је́жо лесѝцата, рече́: „Ти́ мло́го лӑ́жи зна́јеш; Сӑ́га како́ да-се-спа́семо, га́здата ќе-нѐ-ва́не жи́ви“. Лесѝцата ре́кла: „Мло́го лӑ́жи зна́м, ама́ не-зна́м како́ да-се-спа́семо“. А-је́жо рече́: „Ја́ до-две́-три́ зна́м. На́шата сврши́, да́ј да-се-здраву́јемо“ (да-се-здраву́јет, деме́к ќе-погина́ле, ќе-до́шӑ^{а}л га́здата). Је́жо убодна́л-гу лесѝцата, а-она́ га-исфр̑ли сӑ^{а}с-ӑ́р̑ната. По́сле о́н си-побегна́л, а-лесѝцата остана́ла. По́сле кӑт-га-исфрли́ла, викна́ла: „А-ја́ како́ да-се-спа́су?“ Је́жо одгова́ра: „Ти́ ќе-се-напра́веш у́мрена, кӑт-ќе-до́јде ују́тро га́здата, ќе-погле́дне и-ќе-те-изне́се и-ќе-те-оста́ве, а-ти́ по́сле ис-шу́ма“. И-ују́тро доа́ѓа га́здата, гле́да лесѝцата умре́на. Изне́л-гу и-оставѝл-гу, а-она́ вана́ла шу́ма.

Вид 1999 : 179

Лесново

Мливар и воденичар

Оше́ѓ не́кој млива́р на-воденѝца. Кӑт отѝшоѓ пречека́ѓ-го воденича́ро, растоварѝле та́му, ставѝле да-се-ме́ле жи́тото. Млива́ро бѝѓ гла́ден и-ре́кол на-воденича́ро: „Ја́-сум гла́ден“. И-му-ре́коѓ воденича́ро: „Ле́сна ра́бота, ќе-се-ја́деш, от-те́бе бра́шното, од-ме́не по́сољоко. И замесѝле це́лата стра́на од-мага́рето и кӑт-гу-испе́кле пога́чата, оставѝле да-стѝне. Ре́коѓ воденича́ро ќе-се-надлӑ́жу́јат; ко́ј на́јвише ќе-лӑ́же, на-того́ва пога́чата ќе-оста́не. Падна́ло ре́т та́ј млива́ро да-лӑ́же. Ре́коѓ: „Кӑ́т бе́ше та́те жи́в, оре́ме сӑ^{а}с една́ тр̑мка и сӑ^{а}с-еде́н бѝвоѓ; та́те дӑна́ске ора́ѓ и оставѝѓ тр̑мката и бѝволо на-нѝвата. Ју́тре отѝде та́те па́ да-о́ре. Не́кој укра́ѓ и тр̑мката и бѝволо. Те́-го та́те па́ си-дојде́ нању́тен, зема́ пете́ло и качѝ-му се́длото, јана́ пете́ло и тр̑гна да-тра́жи тр̑мката и бѝволо. Ише́ѓ, ише́ѓ, и на́шоѓ тр̑мката, бѝволо нема́ло-го. Ју́трето та́те докара́ тр̑мката и дојáа-си пете́ло. И

кăт-да-си́мнеме от-пете́ло се́длото, отвори́л са́дно. Пита́ме едни́ чове́ци што́ е ле́к. Да-се-искӑца еде́н ора́ и да-се-насо́ле ра́ната". И ни́је то́ј направи́ме. Кăт по́сле два́-три́ де́на на-пете́ло изникна́ ора́. Надојдо́а вра́пци, на-ора́о направи́ја гне́зда. От-ти́ја гне́зда се-направи́ зе́мња на-ора́о врс-пете́ло. Та́те качи́-се озго́ре и го--изора́. Насеја́ме-го ове́с и ста́лно дова́ѓа еде́н за́ец, па́се-го ове́со. Та́те зема́ бри́чо и ојде́ да-го-че́ка. Доше́л за́ецо да-па́се, мана́ та́те со-бри́чо и го-закла́. За́ецо искара́ едно́ тефте́рче и у--тефте́рчето пишува́ло: на-млива́ро пога́чата, а воденича́ро ни́што".

Злетово

Лисицата и вуко

Би́ло зи́мно вре́ме, кăт-има́ло но́го сне́к. У-по́лето лиси́цата би́ла но́гу гла́дна. Одеднӑш осети́ла мири́зба на-ри́ба, отрча́ла на-пу́то и-виде́ла еде́н чове́к дека-и́де сӑс-ко́ла ри́би. Лиси́цата легна́ла на-пу́то и преправи́ла-се боже́ е-умре́на. Кӑт-гу-виде́л чове́ко, помисли́л-си: „Те́ де́ка би́ла скре́ѓата, ѓе-си-напра́ам на--же́на-ми по́лка". Вана́л-гу за-опа́шката и врли́л-гу у-ко́лата врз-ри́бите. Кола́ро би́л свр̆тен сӑас-гр̆п на-каде́ лиси́цата и ова́а ги-исфрли́ла си́те ри́би на-пу́то. По-едно́ вре́ме 'те ти-го-ву́ко оздо́ле. О́н гу-праша́л лиси́цата: „Оде́ка, мори-лиси́цо, ги-улови́ ри́бите? А́ј нау́чи-ме и-ме́не да-си-ва́нам не́кое ри́пче". Лиси́цата му-ре́кла: „Лӑсна ра́бота, са́л ако-са́каш. Вр̆зи-си едно́ ко́тле за--опа́шката и-кле́кни у-ја́зо пот-ко́лото у-водени́цата, до-ју́трето ри́би ко́лку са́каш". Ву́ко направи́л како што-му-ре́кла лиси́цата, а́ма ју́трето сабӑ́ле кӑт сака́л да-ста́не, опа́шката му-би́ла замрзна́на. За-то́ј вре́ме лиси́цата почна́ла да-ви́ка: „Воденича́ре, ву́к пот-ко́ло". Воденича́ро искочи́л да-ви́де, а лиси́цата улегна́ла у-не́тре и намачка́ла-се по-гла́вата сӑс-ка́шата што-воденича́ро си-гу-направи́л за-једе́ње. Воденича́ро сӑас-ло́сто испокӑца́л--го ву́ко и ву́ко рипа́јк'и скина́л-си-гу опа́шката. Лиси́цата го--залитна́ла, застана́л на-пу́то и почна́ла да-сте́нка боже́ е-бо́лна. Ву́ко се-сожали́л, зема́л-гу лиси́цата на-гр̆п да-гу-но́се. Лиси́цата почна́ла да-ви́ка: „Бо́лен здра́в но́се, бо́лен здра́в но́се". И кăт-гу-запраша́л ву́ко: „Што́ збо́реш, мори-лиси́цо", о́на му ре́кла „Ба́јам-си на-гла́вата да-ми-оздраве́е".

Злетово

Кумо и ајдуците

Би́ло не́кое мо́мче сирома́шко, па-се-ожени́ло. Има́ло едно́ дево́јче сирома́шко. Викна́ло ку́м да-му-би́де еде́н чове́к, па-зема́ло полови́н а́спра за-венча́нката. Ку́мо гу-плати́д венча́нката на-по́по. Замина́ло три́ годи́ни вре́ме. Ре́кла неве́стата: „Ймаме ку́м, са́кам да-и́дам на-го́сти, ни́-е о́н до́шад у-на́с, ни-ни́а у-не́го. И-мо́мчето ре́кло: „Ја́-сам-му на-не́го борчли́ја, сра́м-ме-е да-и́дам". А́ма до́шад ку́мо у-ни́ на-го́сти. Виде́ле-го од-дале́ко. „Те́-го ку́мо у-на́с на-го́сти, како́ ќе-го-пречека́ме". О́н ре́кад: „Да́ј-ми но́вите али́шта, ќе-се-обле́чам, ти́ запа́ли-ми све́ќа". До́шад ку́мо, погледна́д, сети́д-се де́ка не́-е-умре́д, заседна́д, замркна́д и не́-си-и́де. Мркна́ло, ку́мо ре́кад на-куми́цата: „А́ј да-го-но́семе у-цр́ква". Зема́ле, одне́ле-го у-цр́квата, а-о́н не-мрдна́д и́ч от-сра́м. Ре́кад ку́мо на-неве́стата: „Ти́ с-и́ди до́ма, ја́ ќе-го-чу́вам". И о́на си-о́шла до́ма, о́н седна́д да-го-чу́ва. Има́ло ајду́ци, плењава́ле по-на́родо, собира́ле па́ри по-све́то. Укра́ле са́бја а-од-не́где и-носи́ле, и-но́ќта да-зами́нат покрај-цр́квата си-ре́кле да-запа́л'ат ка́ндило да-си-де́л'ат па́рите. Улегна́ле, запали́ле ка́ндилото, разделе́ле-си па́рите и за-са́бјата се-заспогаѓа́ле. Ре́кад не́кој: „Че́кај да-ма́анам ова́ј мрто́вец да́ли ќе-се-пресе́че". Ова́ј рипна́д и ре́кад: „Стану́јте мр́тви да-ва́ќаме жи́ви". А-ку́мо од-гро́биштата ре́кад: „Си́те-сме на-но́ги". Ајду́ците от-стра́ си́те умре́ле и-ова́ј (ку́мо) и-кумаши́но зема́ле па́рите и разделе́ле-си-ги и-кумаши́но врна́д полови́ната а́спра на-ку́мо. Како́ до́шле така́ про́шле.

Долни Стубол

Девојка змија

Би́д еде́н чове́к беќа́р. Нема́д сво́и о́вци, па се-оцењава́д да-па́се ту́ѓи о́вци. Еде́н пу́т тргна́л од-едно́ се́ло у-дру́го. Оде́еќи залута́д низ-една́ пла́нина и се-загуби́д. Лута́еќи така́ почна́ло да-мркну́ва. О́н се-уплаши́д дека-не́ма де́ка да-ноќе́ва. И на́ј-после виде́д една́ коли́ба. И си-помисли́д: „Ќе-и́ду у-та́а коли́ба; ако-и́ма чове́ци, ќе-преноќе́вам кај-ни́, а ако-не́ма, ќе-накла́ду о́гин и ќе-ноќе́вам са́м". Оти́шед прет-коли́бата и виде́д чове́ци. Потражи́д да-преноќе́ва и о́ни го-прими́ле. У-коли́бата има́ло

мнозѝна човéци. Имáло еден стáрец сос-длѫ̆га бéла брáда, имáло и еднá ýбава девóјка. Сéвда се-викáла. Вечерáле и легнáле да-спѝјат. Кăт се-разбудѝд човéко сабáлето, чýд дека-стáрецо ги-распоредýва човéците на-рáбота. На-девóјката ѝ-рéкăд: "Тѝ, Сéвдо, ќе-ѝдеш у-тóј сéло. Дăнѫ̆ска е-недéла. Тáмо ѝма трѝ човéка што-ќе-собѝрат аргáти да-им-жнéат. Двоѝцата се-сиромáси, а éденио е-богáт. Нóгу е-скрѫ̆жав и собѝра аргáти бес-пáри. Пóшто-е óн богáт, дáва пóдобра рáна и пѝење, аргáтите ќе-отѝдат тáм. Тѝ ќе-отѝдеш на-негóвата жéтва, ќе-се-ствóреш змѝја, ќе-се-скрѝеш пот-првио пóлок што-ќе-бѝде пресéчен. Дóма нéкои ќе-дóјде да-го-зéме пóлого, тѝ ќе-го-уáпеш и óн ќе-ýмре". Овчáро какó го-чýд тóј, протегнáд-се, накашлáд-се, станáд, зéмад-си тóрбата и стáпо и си-тргнáд да-си-óде. Отáмо излéгод от-плáнината, прашувáеќи отѝшед у-тóј сéло. Нашóд-гу кýќата на-богáтио човéк и прет-кýќата видéд какó се-насобрáле нóгу аргáти. И óн рéкăд на-домáќино: „Дáј-ми срп и јá ќе-ти-жнéју". – Срп ќе-ти-нáјду, áма не-дáвам пáри". – Дóбро, јá ќе-ти-жнéју бес-пáри". – И такá, земáд срп и отѝшед на-жéтва. Кăт-почнáле да-жнéјат, за-да-нé-го-погрéше првио пóлок, оставѝд стáпо до-нéго. Кăт-почнáле да-ги-врзýват аргáтите пóлозите, домáќино се-пружѝд да-го-зéме тáј пóлок. Овчáро му-рéкăд: „Јá ќе-го-зéму", и обрнáд-го пóлого со-стáпо и видéд змѝја. „Áјде, рéкăд, Сéвдо, стáни како сѝноќа што-бéше". Кăт ѝ-повторѝд нéколку пýти, óн дигнáд стáпо и рéкăд: „Станýвај или ќе-ýмреш". И удрѝд сос-стáпо покрај нýма. Змѝјата се-створѝла девóјка и станáла какó што-бѝла вéчерта. И óн фрлѝд српо и стáпо, фанáд-си девóјката и одвéд-гу дóма. Óткако гу-земáд за-жéна, óна му-рéкла: „Јá ќе-ти-бѝду жéна, áма ќе-живéемо длѫ̆го врéме. У-живóто се-случýва сé нéшто. Áко ми-се-нéкојпут налýтеш и да-ме-удáреш, немóј да-ме-ýдареш сос-јýже и да-ме-рéчеш „змѝјо", заштó ќе-се-ствóру пá змѝја. И на-тóј ѝма сáмо едéн лéк, што-не-мóже да-бѝде: да-ме-целѝва човéк у-чéлото да-се-ствóру пá жéна". Áма тóј бѝло судéно тáка, живеáле нóгу врéме, оженѝле сѝнове, дáле и ќéрка, и еденпýт, óна вéќе бáба, седнáла да-ткáе. Мýжо ѝ-се-нéшто налутѝд, удрѝд-гу сос-јýжето и рéкăд „змѝјо". Óна се-створѝла змѝја и се-свѝла кóло под-рáзбојо. Собрáле-се óколе нýма сѝнове, ќéрки, унýци, и нѝкој не-смејáд да-гу-целѝва у-чéлото. Кăт-дóшед зéто (от-ќéрката) рéкăд: „Бáбата ме-и-такá милýеше, нéќе да-ме-уáпе". Наведнáд-се, целивáд-гу у-чéлото и óна се-створѝла жéна. Бáбата го-пригрнáла и го-исцелувáла. И затóј сѫ̆га бáбите ги-милýват нáјвише зéтовето.

ОВЧЕПОЛСКИ ГОВОР

Овчеполско

Преоѿ

Мечката и лесицата

На́шле-се е́дăªн дăн у-го́рата ме́чката и-лесѝцата. Вѝка ме́чката на-лесѝцата: „Ѝма-ли од-не́што, кумо-лѝјо, да-те-стра́?“ Вѝка лесѝцата: „Од-нѝшто не́-ме-е стра́, са́мо ме-е-стра́ од-чо́векăªт“. Вѝка ме́чката: „Што́-е то́а чо̆век?“ Вѝка лесѝцата: „Се́-ди ма́ḏку, ќе-вѝдеш што́-е чо́век“. Спадна́ле до-е́дăªн пу́т. Ѝде едно-де́те и-ѝгра-си по-пу́тăªт. Виде́-га ме́чката и-вѝкна: „То́а-ли-е чо́век?“ Лесѝцата вѝка: „То́а не́-е чо́век, то́а ќе-бѝде чо́век, ама-по́сле“. И-па́ се́дев. Ѝде едăªн-ста́рец, и-па́ вѝка ме́чката: „Ово́а-ли-е чо́век?“ Вѝка лесѝцата: „И-то́а не́-е чо́век?“ „То́а бѝḏ чо́век, ама-про́шăªḏ“. „Епа-де́ка-е чо́векăªт?“ – вѝка ме́чката. „Се́ди оште-ма́ḏку, ќе-до́јде чо́векăªт“. Седе́ле ма́ḏку и до́шăªḏ ловцѝјата. Вѝка лесѝцата: „Бе́гај да-бе́гаме“. Вѝка ме́чката: „Па зăр-от-то́а се-пла́шеш?“ Бăш ќ-ѝдем да-га-вѝду што́-е чо́век. Отѝде и-му-се́дна на-пу́тăт. Виде́-гу ловцѝјата, сѝмна пу́шката и-гу-у́би. Вѝка ме́чката: „Проклѐта да́-си, лесѝцо, зашто́ не́-ми-кажа́ дека-чо́векăªт но́сеḏ гро́мови“.

Дане Донев (Јордан Поповски 1960)

Соѿоѿ

Настрадин-оца

Настрадѝн-о́ца ѝмал е́дăªн сѝн. И-о́цата и-сѝнăªт се-пра́вев ко́ј от-ко́га по́вечко да-зна́е и-ко́ј ѝма по́вечко прија́тели. Сѝн-му вѝка: „Ја́ ѝмам по́вечко прија́тели“. Настрадѝн вѝка: „Ја́ ѝмам по́вечко“. До́бро – ре́кăªл Настрадѝн-о́ца – чѝм ѝмаш тѝ по́вечко, вѝкни-ги да-ги-вѝду ко́ји-сӑ и-да́ли ќе-до́јдев“. Сѝн-му чѝнал а́бар по-прија́телите да-до́јдев, а́рно-ама не-до́шăªл нѝко̆ј. Настрадѝн-о́ца ре́кăªл: „Ја́ ќе-ги-вѝкам мо́јите, ќе-вѝдеш да́ли нема да-до́јдев“. Сто́рил а́бер по-не́говите прија́тели и-до́шле свѝте. И-му-ре́коа: „Што́ нѐ-вѝкаш, Настрадѝн-о́ца?“ А-о́н ре́че: „Па-да-се-вѝдеме и да-не́-се-забра́вемо“. По-то́а направѝл вече́-ра, ја́ле, пѝле и-си-отѝшле. Сѝн-му на-то́а не-прѝзнал и-па́ се-

-в "
ди́н-оца вика: „Ке-те-излäжев те́бе и ќе-ти-гу-зе́мев ца́бе". Ова́ј не́-се-преда́ваше и-ре́че: „Ќе-гу-те́рам на-па́зар". Отера́л-гу на-па́зар. Прашува́ле-га си́те: ко́дку па́ри ѝ-са́ка, а-о́н ре́кä[а]л: „иља́до гро́ша". Си́те му-вика́ле: „Уба́ва-е биволи́цата, са́мо да-не́-ѝ-сä у́шите и ро́говите", и-му-вика́ле да-г'и-пресе́че. Та́кој ова́ј г'и-исе́кал у́шите, ро́говите, но́г'ите, и-по́сле му-гу-зема́ле ца́бе.

Коле Јанев (Јордан Поповски 1960)
Вид 1999 : 179

Сопот

Ки́плук и двана́ес ловци́ји

Тргна́ле двана́ес ду́ши на ло́в у не́која пла́нина. А́ма оди́ле да̏лго вре́ме и не-сретна́ле ни́што. Оди́ле, оди́ле и кома́ј се-заморѝле реши́ле да-се-одмо́рат. А́рно-ама у после́дän моме́нт виде́ле една-ду́пка и реши́ле да-о́дат си́те. Кäд-оти́шле та́мо, виде́ле де́ка има́ло ѓубри́ште од-о́вци. И во́ѓата на-ови́је ловци́ји нареди́л да-уле́зат уну́тра да-ви́дев што́ и́ма. Кäд-уле́гле си́те, ду́пката се-затвори́ла са̏с-еда̏н голе́м ка́мен што-га-дотера́ле двана́ес ко́ли биволе́шки. И кät-ки́плукät ги дотера́л о́вците, затвори́л-ги и ги-измузи́л о́вците и напуни́л пе́десе ко́тла мле́ко. Ки́плукät би́л голе́м чо́век и си́лän. Ка́менät што-би́ла затворе́на ду́пката га-тргна́л ла̏сно, уле́гäл у-ну́ма и седна́л да-вече́ра, а́ма ловци́јите не́-ги-виде́л де́ка са-уну́тра. Ка̏да га-испи́л мле́кото што-би́ло у-ко́тлите, легна́л да-се-одма́ра. А́ма ови́е што-би́ле уну́тра и-би́ло стра́ и е́дниät од-ловци́јите оти́шäл и се-јави́л на-ки́плукät. А кäд-га-виде́л ки́плукät се-зачуди́л и праша́л од-де́ка о́н о́вде. И праша́л ка́ко му-е-и́мето. Ловци́јата му-ре́кäл дека се-ви́ка Ни́кој. Ки́плукät рипна́л да-га-да́ве за-ши́ја. И ловци́јата му-ре́кäл дека и́ма о́ше. И ки́плукät вати́л двои́ца од-ни́м и ги-стави́л на-о́гин, ги-испе́кäл и ги-изе́л. Дру́гиät да̏н ки́плукät па́ ги-пушти́л о́вците на-па́сење, а остана́тите ловци́ји остана́ле у-ду́пката да-ми́слев ка́ко ќе-се-спа́сев. Ве́черта кät-ги-дотера́л ки́плукät о́вците, и́стото га-направи́л ка́ко ичера́шниät да̏н. И́стото га-направи́л и тре́тиät да̏н. Остана́ле у́ште ше́с ловци́ји и почна́ле о́ште по́веќе да-кро́ев пла́нови да-избе́гат, за́што и ни́м и-иде́ло ре́дät. Мно́гу се-чуди́ле како ќе-отво́рев

ду́пката. Ловцѝјата Нѝкој ре́кăл да-на́јдев двана́есе о́ка ви́но. Претражѝле-гу ду́пката и на́шле ви́но. И ве́черта кăд-до́шăл кѝплукăт до́бро се-наја́л и ова́ј Нѝкој му-прѝшăл и му-га-да́л ви́ното да-се-напѝје. Кѝплукăт га-зема́л ви́ното и га-испѝл це́лото и се-опѝл. А ловцѝјите зема́ле-га ра́женăт, ужешта́ле-га и му-га-забо́ле у-о́кото. Кѝплукăт почна́л да-ви́ка за-да-му-до́јдат на-по́мош дру́гите кѝплуци, за́што има́ло у пла́нината пу́но кѝплуци. Кăт-чу́ле дру́гите кѝплуци, о́ни дотрча́ле пред-ду́пката и праша́ле ко́ј ви́ка. А ловцѝјата одговорѝл: „Нѝкој". И тѝе па́ праша́ле ко́ј ви́ка, а ова́ј па́ ре́кăл Нѝкој. И помислѝле кѝплуците дека ова́ј кѝплук ги-лăже и си-отѝшле, а ловцѝјите га-натера́ле кѝплукăт да-отво́ре. И кăд-отворѝл кѝплукăт, ови́ја, ловцѝјите, наметна́ле по-една́ ко́жа от-ќеса́мите и за́едно сăс-о́вците отѝшле до-една́ ре́ка. И тăга́ј о́вците ги-оставѝле, а о́ни пре́шле преку-ре́ката. Кѝплукăт ѝшăл по-нѝм до-ре́ката и та́мо по́што бѝл сле́п рипна́л у-во́дата и се-удавѝл. И тако́ј шестѝната ловцѝји се-спасѝле и си-отѝшле до́ма.

Сопот

Троица браќа

Си-живеја́ле троѝца бра́ќа у-не́која дале́чна и непозна́та пла́нина. Си́те живеја́ле у-сло́га. А́рно-ама едăн дăн решѝле да-ѝдев си́те у-гра́т. Кăда до́шăл та́ј дăн, си́те тргна́ле на-пу́т. Дăнăт и-се-погодѝл ло́ш, за́што врна́ло дăш, дува́ло ве́тăр. И та́ко ј на-пу́т ги-ватѝл но́ќăт. И решѝле да-одмо́рат. А́ма нема́ле о́гин да-запа́лев. А не́куде у-пла́нината виде́ле дека-горе́л о́гин. И на́ј-старијат решѝл о́н да-ѝде да-доне́се о́гин. Кăд отѝшăл та́мо, виде́л едăн ста́р чо́век сăс-бе́ла бра́да. Се-поздравѝл и ве́днăш му-потражѝл о́гин. А ста́рăцăт му-ре́кăл да-се́дне ма́лку да-се-одмо́ре. И у-та́ј моме́нт запоја́ле пе́тли, а ста́рăцăт га-праша́л заштó по́јев пе́тли. А ова́ј ре́кăл дека ќе-се-ме́не вре́мето. И ста́рăцăт га-претворѝл у-мага́ре и га-врза́л за-едно́ дрво. Двоѝцата бра́ка чека́ле-га да-се-вра́те на́јстариăт бра́т, а́ма кăд-виде́ле дека га-не́ма, решѝле да-ѝде сре́дниăт бра́т. И о́н отѝшăл. Ѝстото му-се-случѝло и на-не́га. На́јмалиăт бра́т чека́л, чека́л и о́н решѝл да-ѝде. Кăд-отѝшăл та́мо, поздравѝл-се сăс-ста́рăцăт, сăс-го́спода (ста́рăцăт бѝл го́под) и о́н праша́л за-бра́ќа-му, пита́л да́ли са-дова́ѓа́ле о́ни. А ста́рăцăт му-ре́кăл дека не́-са-дова́ѓа́ле

и му-ре́кăл да-се́дне и да-ги-поче́ка да-до́јдев о́ни, бра́ќа-му. И ова́ј се-сложи́л и остана́л да-че́ка. И па́ почна́ле да-по́јев пе́тли. И ста́рăцăт га-праша́л да́ли зна́је зашто́ по́јев пе́тлите. А на́ј-ма́лиăт бра́т ре́кăл дека то́а го́спод зна́је и стана́л да-си-о́де. Ста́рăцăт стана́л и му-ги-да́л две́те магари́ња и му-ре́кăл да-се--слу́жи сăс-ни́м догоди́н, а па́рите што-ќе-ги-спеча́ле да-ги-чу́ва и догоди́на у-и́стото вре́ме да-ги-доте́ра магари́њата на-и́стото ме́сто. И о́н, на́јма́лиăт бра́т поступи́л как што-му-ре́кăл ста́-рăцăт. И кăт-до́шло вре́ме, зема́л-ги па́рите и магари́њата и ги--отера́л на-и́стото ме́сто от-ку́де што-ги-зема́л. Та́мо па́ га-чека́л белобра́дестиăт чо́век. Па́ се-поздрави́ле и седна́ле. И ста́рăцăт зема́л-ги па́рите и почна́л да-ги-де́ле на-три́ ку́па. Ма́лиăт се-за-чуди́л за́што ги-де́ле та́кој па́рите. И ста́рăцăт му-ре́кăл да-се--обр́не на-стра́на. И о́н, де́тето, га-стори́л то́а, обрна́л-се, и по́сле ко́га се-сврте́л има́ло што́ да-ви́де – до-не́га седе́ле бра́ќа-му. Ста́рăцăт па́ ги-претвори́л у-чове́ци. И та́кој па́рите ги-подели́л на-си́те и и-ре́кăл да-си-се-вра́тат до́ма. И та́кој по́ново бра́ќата сре́ќни и весе́ли што-се-па́ си́те за́едно врати́ле у-ни́ната ку́ќа.

Мечкуевци

Бего и момоко

Бе́ е́дна годи́на мо́мок, офча́р. Па́сеамо е́дно дватри́ста о́фци ни́ʲа тру́јца. А́ма си́те бе́емо ко́ј от-ко́ј по́ѡанабе́ти. Бе́ше ба̃ш кăт-се-ја́гнеа о́фцᴵᴴте. Се́кој ру́чăк и вече́ра и́деамо по-еда̃н од--на́с за-јаде́ње и га-дона́саамо на-тр̃ло. А́ма то́ј пу́сто јаде́ње и́ч не́-га-би́ваше, се́кој да̃н са̃ѯ ле́п и со̃ѯ. А́рно-ама е́дăн пу́т ја́ оти-до́ на-ру́чăк о́ти на-ме́не бе́ше ре́до. Дова́ѓам ја́ у-бе́го до́ма и затечу́ју-га ба̃ш на-ру́чăк. Он испе́кăѯ ја́гне, ка́рта-му ви́но и седна́л да-ру́ча, а за-на́с нареди́ да-ни-ту́рет леп и со̃ѯ. И ни́што. Ја́ зема́-си то́рбичката на́-рамо, ојдо́ кăде-о́фцᴵᴴте. Ви́кам и на--ни́м: „Дăна̃ске бе́го и́маше за-ру́чăк ја́гне пече́но, о́ти и ни́ʲа па да-не-испе́чемо едно́ и така́ ги-чу́вамо пусти́њите“. Така́-а-ли-ʲе? Така́ је! Реши́мо и направи́мо. Закла́мо, завали́мо о́г'ин, испе-ко́мо га, па како-шо бе́мо гла́дни, кăт удри́мо едно́ јаде́ње, тру́ј-цата смота́мо-га. И отту́ј се́кој дру́г'и да̃н си-пе́чеамо по-едно́, а на-бе́го му-ви́каамо дека-уми́рав и му-ги-покажу́еамо кожи́н-кᴵᴴте. А́рно-ама е́дăн-да̃н ба̃ш кăт-га-пе́чеамо ја́гнето, дојде́ бе́го. „Шо́-е ово́ј, бре-офча́ри! И ово́ј да-не́-е-приумира́ло?“ – ви́ка

бе́го. „А бре-га́зда, и ово́ј га-вана́ло небѝтниц^{а}та, па вана́мо закла́мо-га“. „А́рно, а́рно, ти́к'и а́ј да-ѝдемо у-колѝб^{а}та да-ја́демо си́те, оти и ја́ не́-су ја́д̑“. Улега́мо уна́тре у-колѝб^{а}та бо́же да-ру́чамо. О́н кӓт-земá едӓн-ста́п па кӓт-почна́ да-те́па... а́ма ќоте́к бе́ше! Искуба́-се ја́ не́како и кӓт-почна́ да-бе́гам та́ до́ма си-дојдо́. И ве́ќе то́д̑ку му-отидо́ на-тр̑лото. Не́-се врна́ ви́ше.

Мечкуевци

Муш и жена

Не́кој но́гу пу́ти кара́л-се сӓс-же́ну-си. И едӓн-да̑н реши́л да-ѝде у-гра́т, к^{а}ко-у-Штѝп да-ре́чемо, у-су́до да-гу-оста́ве. Ре́кӓл-си: „Ќ-ѝду у-та́ј су́т, оти а́рно се-зна́емо сӓс-судѝјата“. Одѝл-си по-пу́то и по-не́кое вре́ме стаса́л-га не́кој чорбаџѝја, јаана́т на-ко́њ, шо-ѝшал на-па́зар. „Добӓрде́н“ – ре́кӓл чорбаџѝјата. „Добӓрде́н“ – одврна́л-му ова́ј. Ла́в, муабе́т, ова́ј му-раскажа́л на-чорбаџѝјата се́ к^{а}ко-шо-бѝла ра́бот^{а}та сӓс-же́ну-си. „А́јде-бе – ре́кӓл чорбаџѝјата – зӓр-то́ку му́к'и да-ти-зада́ва една-же́на, та-си-се-насикира́л, па-ча̑к и на-су́т ќ-ѝдеш. А́-а да-ми-е-на-ме́не... „Е, море-чо́рбаџи, бо́г да-чу́ва од-зла́ сре́ќа“. У́скоро отиду̑^{ј}ет у-гра́до. Чорбаџѝјата има́л коњ и зато́ј се-врна́л у-а́но да-га-вр̑зе, а́ма и ова́ј сӓс-не́га се-врна́л. Чорбаџѝјата растова́ра-га ко́њо од-една́та стра́на, ова́ј од-дру́гата. Чорбаџѝјата поручу̑^{ј}е да-му-ту́ре зо́б^{п} анџѝјата на-ко́њо и ова́ј поручу̑^{ј}е. Ѝшле у-гра́до се́кој по-сво́ја ра́бота и кӓт-до́шло вре́ме да-с-ѝдет, па́ се-на́шле у-а́но. Чорбаџѝјата пла́ќа за-ко́њо шо-лежа́л и ова́ј пла́ќа. Анџѝјата одврза́л-га ко́њо и са̑га не-зна́е на-ко́га да-га-да́де, дву́јцата га-растовара́а кӓд-дојдо́а, дву́јцата зо́б^{п} му-купѝја, платѝја шо-лежа́ у-а́но, а па са̑га и дву́јцата ви́кат дека-ко́њо е-не́гов. Скара́ле-се. Бре́ овака́, бре́ онака́ и не-бѝва. Така́ ра́ботата до́шла до-су́до. Отѝшле и дву́јцата, а сӓс-нѝм га-одве́ле и анџѝјата к^{а}ко-сведо́к. Прашу́јет-га анџѝјата, о́н стѝска ра́мења, не-зна́е и о́н чѝ-^{ј}е. На-кра́јо судѝјата пресудѝл ко́њо да-бѝде не́ на-сајбѝјата, тѝки на-ова́ј дру́гјо. Чорбаџѝјата а-овака́, а-онака́, не-бѝва и помирѝл-се. Кӓд^{т}-изле́гӓл от-су́до ре́кӓл-му на-ове́га: „Пра́во си-има́л кӓт-рече́: бо́г да-те-чу́ва од-зла́ сре́ќа“.

Горобинце

Троица браќа

Би́ле-си тро́ица бра́ќа. Има́ле-си една́ се́стра и ожени́ле-гу се́страта. Пр̀виа̄т бра́т по́ша̄л, трeба́ло да-и́де на-го́сти та́м. До́шло вре́ме за-вече́ра. Рекна́ла се́страта: „Што́ ќе-вече́рамо?“ Свекр̀вата рече́ла: „Да-вече́рамо, а́ма ми́е вечера́мо. Све́кара̄т вечера́ ка̄т-дојде́ од-ора́ње, а ми́е пе́решемо и вечера́мо, и сва́та̄т ка̄т е-по́ша̄л од-до́ма и он си-е-вечера́л, и ќе-си-леги́њамо да-спи́емо“. И легна́ле-си да-спи́јат. И о́н, бра́тат, гла́дан си-легна́л и саба́јлето си-оти́ша̄л. И отиде́ до́ма и кажа́ на-ма́јку-му и на-си́те та́мо. „Бе́ше-ли куде́ се́стру-ти? – праша́ле-га. „Бе́ше“ – кажа́л-им о́н“. А вечера́те-ли? праша́ле-га. „Не́, они си-си́те вечера́ле, са́мо ја́ не́, гла́дан си-легна́ и си-дојде́ без-еде́ње“. Дру́гиат бра́т рече́л: „Ја́ ќе-и́ду куде́ се́стру на-го́сти, ка́ко она́ те́бе те-остави́ла без-вече́ра“. Оти́ша̄л фто́риат бра́т, и на-ње́га му-и́сто направи́ле и не́-му-да́ле вече́ра. О́н си-до́ша̄л сабајлето до́ма гла́дан. И све́ им-кажа́л. Е тре́тиат бра́т речел: „Ја ќе-и́ду куде́ се́стру на-го́сти и ќе-вече́рам, не-мо́жат да-ме-испу́дат без-вече́ра“. И оти́ша̄л. Они́ па́к и́стото си-го-ре́кле – те-све́кар до́ша̄л од-ора́ње и вечера́л, те́ како́ они вечера́ле. И легна́ле-си да-спи́јат, а́ма о́н, бра́тат, и́тар, и рече́л: „Ја́ ќе-спи́ју ту́ј до-но́ќвето, не-и́ду у-дру́га̄ со́ба да-спи́ју“. И они́ га-остави́ле ту́ј да-спи́е, а ста́рци си-оти́шле у-дру́га со́ба и се́стра та́мо. Ама ста́рци гла́дни, је́ло-им-се ле́п. Не-да́ле на-го́са̄т, а́ма и о́ни не-је́ле. Би́ла но́ќ. И о́ни накла́ле о́гањ та́мо и стави́ле ко́тле на-вери́ги, ќе-пра́ват еде́ње. Ста́рци мо́ра да-је́дат, не-мо́жат но́ќ да-прека́рат. Го́сто слушна́л дека о́ни ќе-пра́ват еде́ње и рече́л: „Што́ пра́вите, сва̄ко?“ А она́ ре́кла: „Па́ ќе-пе́ру на-ста́рац кошу́љу, мно́го му-е-пр̀љава, па да-ста́ву у-ко́тле и да-гу-испе́ру“. А о́н рече́л: „Сва́ко, и мо́јата кошу́ља е-пр̀љава, мо́ра да-се-пе́ре“, и фу́кне кошу́љата у-ко́тлето. Саба́јлето ка̄т-са̄мна́ло, направи́ле коко́шка, усука́ле ба́ница, направи́ле еде́ње, и је́ле и испрати́ле-га го́сто до́ма наеден. И он отиде́ до́ма и кажа́ на-ма́јку-му и на-си́те та́мо што-направи́л и како́ ги-изла̄жа́л ста́рците. Кажува́л како́ саба́јлето мора́ле да-му-напра́ват еде́ње оти и о́ни би́ле гла́дни, це́ла но́ќ не-може́ле о́ко да-скло́пат. Сите се-смеја́ле за-оно́ што-га-направи́л тре́тиат бра́т куде́ се́стру-му.

(Лилјана Лазарова 1984)

Цидимирци

За пулето

Стана́ло пу́лето, оти́шло на дедо-го́спода да-му-тра́жи жи́вот. Му-ви́ка: „Дедо-го́споде, е́дан жи́вот за-ме́не“. Е, му-да́л е́дан и́нат што-не-посто́и, го́лем и́нат. Му-да́л и́натат, и о́но, пу́лето, оди́ло, оди́ло како на-желе́зни мо́с у-Ско́пје. Запре́ло на-мо́стат на-сре́де, ни́ ќе-на́тамо, ни́ ќе-на́вамо од-и́натат. И са̏га врте́ло-се, врте́ло-се, и се-врна́ло на́sад, оти́шло куде́ дедо--го́спода и му-ви́ка: „Ја́ не-мо́жу ова́ко да-жи́ву“. Му-ви́ка дедо--го́спот: „За́што не-мо́жеш?“ – „Од-и́нат не-мо́жу, си-ми-да́л и́нат“, ве́ли мага́рето. И му-ви́ка дедо-го́спот: „Оста́ви од-и́натат полови́на. И оставѝло мага́рето полови́на од-и́натат. И тргна́ло, по́шло-си, о́ди-си.

Са̏га зми́јата оти́шла куде́ дедо-го́спода да-тра́жи жи́вот да-жи́ви. Ѝ-да́л дедо-го́спот љу́тини голе́ми. И оди́ла зми́јата два́ да̏на, три́, се-вра́ќа на́зат па́ куде́ дедо-го́спода и му-ви́ка: „Дедо-го́спот, ја́ не-мо́жу да-жи́ву ова́кој“. „За́што?“ – гу-пи́та дедо-го́спот. „Си-ми-да́л љу́тини што-не-посто́ев ни́где“. И са̏га ѝ-ви́ка дедо-го́спот: „Оста́ви полови́на од-љу́тините“. И о́на оставѝла поло́вина од-љу́тините куде́ мага́рето што-оставѝло, и о́на си-оти́шла.

Е стана́ло ку́трето, и о́но му-и́де на-дедо-го́спот. И не́му му-да́л го́спот е́дан жи́вот и да̏н и но́ќ да-кља́нка, да-ла́е. Оди́ло, оди́ло два́ да̏на, три́, и се-вра́ќа и о́но куде́ дедо-го́спода: „Ја́ не-мо́жу да-жи́ву ова́кој“. „За́што, бре-ку́тре?“ „Па не-мо́жу, и да̏њу и но́ку кља́нкам, не-мо́жу ве́ќе“. „Оста́ви полови́на от--кљанка́њето“. И о́но оставѝло полови́ната от-кљанка́њето.

Ста́нал чо́векат и о́н оти́шал куде́ дедо-го́спода и му-ве́ли: “Дедо-го́спот, е́дан жи́вот и ме́не“. И му-ви́ка дедо-го́спот: “Ка́кав жи́вот са́каш ти́ ?“ „Без-же́на не-мо́жу“. И го́спот зе́мал от--пу́лето, от-ку́трето и от-зми́јата полови́ните, ги-ста́вил и напра́вил е́дна же́на и му-да́л на-чо́векат да-жи́ви.

Џидимирци

Двуица браќа

Би́ле двуи́ца бра́ќа. Се-ска́рале о́ни, бра́ќата, по́малијат и по́старијат. Има́ле о́ни две́ ку́ќи, е́дна ста́ра и е́дна но́ва. По́старијат бра́т би́л же́нет а ма́лјат не́женет. Ста́рјат оста́нал у-ста́рата ку́ќа, а ма́лјат оти́шал у-но́вата ку́ќа. Има́ле е́дан sе́вгар воло́ви, дели́ле-ги по-е́дан во́л. И сӑга ма́лјат оти́шал, вр̆зал во́лат до-огни́штето и о́н се́днал да-вече́ра, а во́лат прежи́вал. О́н вече́ра и погле́дне, во́лат прежи́ва. И сӑга му-ви́ка о́н на-во́лат: „А ти́, ма́лко бра́т-ми ме-оде́ли, па и ти́ да-ми-се-кри́виш, во́лат си-прежи́вал, а о́н ми́слил во́лат да-не́-му-се-кри́ви. И ри́пнал, гра́бнал секи́рата, гу-зе́мал секи́рата, уте́пал-га во́лат и зе́мал на-па́рчиња га-исе́кал. Ги-со́брал у-е́дна вре́ќа парчи́њата и оти́шал у-до́лно мӑло у-е́дна ку́ќа. Та́мо има́ло е́дно ку́че и на-ку́чето му-га-да́ва ме́сото: „Ти-да́вам ме́со до-гу́мно вересија, на-гу́мно ќе-ми-да́деш жи́то“. И́де на́горе у-се́лото и на-дру́го ку́че му-да́ва ме́со и му-ве́ли: „До-гу́мно вересија!“ Е, до́шло гу́мно да-вр̆шив, зе́л вре́ќите ќе-и́де да-зби́ра жи́то от-кучи́њата, вересијата за-ме́сото. Кӑда-оти́шал на-пр̆вото ку́че да-му-са́ка вересијата, о́но акна́ло да-га-изе́де, о́н се-ма́вал сӑс-вре́ќата ду́ри се-отка́чил од-не́га. Оти́шал на-дру́го, и о́но та́ко му-се-акна́ло. Е сӑга наче́кал не́кое ста́ро ку́че. Зе́мал е́дно др̆во и ва́нал да-га-те́па ку́чето. Тепа́јќе ку́чето, о́но рипа́ло по-síдат и од-síдат се-откро́ила не́која пло́ча (ка́мен) и ту́је му-падна́ле е́дан чу́пар ли́ри. О́н му-ви́ка на-ку́чето: „За-сви́те пла́ти ти́, а́ма кӑт-се-поруга́мо“.

Џидимирци

Стрижена и косена

Би́ле ба́ба и де́до. Управи́ле наку́де Ма́џари по-пу́т. Сретна́ле е́дна лива́да та́мо. Сӑга му́жат ви́ка: „Лива́дата е-уба́во ко́сена!“ Ба́бата, же́ната ви́ка: „И-и-и, ко́сена. Не́-е-ко́сена, о́на е-стри́жена“. И не-мо́гав да-се-пого́див. У-лива́дата има́ло бу́нар осумна́есе ме́тра длӑбок и сӑга му́жат га-зна́јал бу́нарат, а же́ната не́-га-зна́ела. Око́ло бу́нарат има́ло тра́ва ура́сната. И сӑга му-ви́ка му́жат на-же́ната: „Же́но, ни́а не-мо́жемо да-се-пого́димо, ќе-тр̆чимо, и она́а тра́ва ко́ј ќе-гу-надри́па на-та́јга ќе-би́де

ла́ват“. И сӑга му́жат наср̆на-се ма́лко да-тр̆чи, а же́ната преварѝла-га му́жат, потрча́ла та-падна́ла у-бу́нарат. Му́жат сӑга си-ѝде, се-вра́ќа до́ма. Ле́жи но́ќта до́ма. Саба́јлето стану́е, зѝма орто́ма, ќ-ѝде да-гу-ва́ди од-бу́нарат же́ната. А́ма у-бу́нарат има́ло не́кој ѓа́вол, трѝ го́дини се́дел у-бу́нарат, не-мо́гал да-иско́чи. И ова́ј саба́јлето кӑт-отѝшал да-гу-ва́ди же́ната од-бу́нарат, гу-пу́штил о́ртомата, ѓа́волат гу- вѝдел по́напрет о́ртомата и се-ва́тил за-о́ртомата, и му́жат сӑга тр̆га-гу о́ртомата на́горе. Кӑда ѝде до-сре́де, гле́да – не́-е же́на-му, дру́к чо́век. И му-вѝка на-чо́векат (на ѓа́волат): „Ко́ј-си тѝ?“ А му вѝка ѓа́волат: „Мо́ре, изва́ди-ме, ќе-ти-ка́жу ко́ј-сам ја́“. А на-ѓа́волат е́дната стра́на бе́ла, е́дната цр̆на. Му-обеле́ла гла́вата од-же́ната от-што-бѝла ло́ша. По́сле га-изва́дил и му-вѝка ѓа́волат на-му́жат: „Што́ да-те-ча́сту што-ме-изва́ди?“ Чо́векат му-вѝка: „Ја́ не́-знам, што ќе-ме-пода́риш тѝ!“ Му-вѝка ѓа́волат: „Ја́ ќе-те-пода́ру на-ца́рат да-гу-зе́маш ќе́рката и половѝна ца́рство да-га-зе́маш“. И му-вѝка ѓа́волат на-му́жат: „Ќ-ѝду ја́, ќе-уле́зу у-ќе́рка-му на-ца́рат, ќе-гу-разбо́лу, нѝко́ј не-мо́же да-гу-излеку́е, доде́ка не-до́јдеш тѝ“. И о́н сӑга, ѓа́волат, му-ве́ли: „Тѝ ќе-се-напра́виш како-про́сјак, и ќе-до́јдеш на-ца́рските по́рти, ја́ ќе-га-нате́рам да-иско́чи ца́рат на-ба́лканат да-те-пу́шти“. И чо́векат претво́рил-се у-про́сјак. И про́сјакат чу́ка на-по́ртите, во́јникат га-не́-пушта, му-вѝка: ко́ј-си тѝ ? И о́н одгова́ра: „Ја́-сам чу́л на-ца́рат бѝла ќе́рката бо́лна, са́кам да-гу-излеку́ју“. Во́јникат не́-га пу́шта. И тӑгај ца́рат иско́чил на-та́ја гала́ма на-ба́лкан. И во́јникат му-кажу́је на-ца́рат. И о́н га-пу́шта про́сјакат. Ула́га про́сјакат, ѝде куде-ќе́рку-му, и о́на се-дѝга, стану́је здра́ва, ѓа́волат изле́за од-ну́ма. И сӑга га-пра́ви ца́рат зе́т. Е сӑга му-вѝка ѓа́волат на-про́сјакат (зе́тат): „Слу́шај, нѝе стана́мо побра́тими сӑс те́бе; ја́ сӑга ќ-ѝду на-ту́рскиат ца́р, ќе-уле́зу у-ќе́рку-му. Не́мој да до́јдеш тѝ!“. И ѓа́волат отѝшал, гу-разбо́лел ќе́рку-му на-ца́рат. И се прочу́ло дека-зе́тат на-та́ј ца́р гу-изле́чил ќе́рку-му. И ту́рскиат ца́р му испра́ќа пѝсмо: пу́шти-гу зе́тат како тво́ата ќе́рка што-гу-излеку́вал и мо́ата да-гу-излеку́је“. А́ма де́до-му не-зна́е и му-вѝка: „О́ди, бре сѝнко, та́ј е-сѝлан ца́р, ќе-до́јде, ќе-ни-исте́па“. Ова́ј, зе́тат, не-ѝде. Ца́рат не-зна́е ка́ква далаве́ра-е-то́ј. Нѝкое вре́ме дру́гиат ца́р па́ му-поручу́е: е́ли ќе-до́јдеш, е́ли ќе-те-ма́ф напра́ву. И сӑга га-мо́ли де́до-му: „О́ди, бре-сѝнко“. И зе́тат ре́шил да-о́ди. О́ди и по-пу́т мѝсли како да-га-излӑже ѓа́волат. И отѝшал та́мо и ѓа́волат му-изла́за на-ова́јга и му-вѝка: „А бре́, побра́тиме, што́ до́јде тѝ, е́ли сам-ти-каза́л да-не-до-

ваѓаш. О́н му-ви́ка сӑга: „Ја́-сам до́шал од-зо́рт. „Ка́кав зо́рт, бре?“ А́ма изле́гла она́а же́на од-бу́нарат и не-тра́жи обо́ицата“. И му-ви́ка ѓа́волат: „Зӑр искочи́ла, бре́?“ „Искочи́ла и ни-тра́жи обо́ицата“. Има́ло не́кое мо́ре и ѓа́волат у-мо́рето се-со́крил, а зе́тат па́к се-вр̆нал у-де́да-му. Излӑжал-га, зар ќе́л да-га-уте́па. И та́кој оздраве́ла ќе́рка-му на-ца́рат.

СПИСОК НА СКРАТЕНИЦИ

Ан 1947	=	АНГЕЛОВА-ДОНЕВА Невена, *Етнографско иследване на с. Гърмен*, (ракопис, 1947)
Бел	=	БЕЛЕВА Екатерина, *Етнографско иследване на с. Горно Броди, Серско*, (ракопис)
Бој 1988	=	БОЈКОВСКА Стојка, *Текстови од Мегленско*, Македонистика 5, с. 185–207, Скопје 1988
Вид 1950	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Поречкиот говор*, Скопје 1950
Вид 1958	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Говорот и топонимијата на кичевските села во Тајмишката група*, Македонски јазик, IX, кн. 1–2, с. 17–65, Скопје 1958
Вид 1962	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Кумановскиот говор*, Институт за македонски јазик, Посебни изданија, кн. 3, Скопје 1962
Вид 1968	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Дебарските говори*, Македонски јазик, XIX, с. 59–96, Скопје 1968
Вид 1989а	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Говорот на селото Нестрам (Коструско)*, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XIV–2, с. 47–78, Скопје 1989
Вид 1989б	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Петричкиот говор*, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XIV–1, с. 5–42, Скопје 1989
Вид 1992	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско*, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVII–2, с. 5–89, Скопје 1992
Вид 1995а	=	ВИДОЕСКИ Божидар, *Белешки за говорот на селото Балевец (Лагадинско)*, Зборник на трудови посветени на академик Блаже Конески, МАНУ, с. 9–27, Скопје 1995

Вид 1995б = ВИДОЕСКИ Божидар, *Централните говори*, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XX 1–2, МАНУ, с. 5–69, Скопје 1995

Вид 1998 = ВИДОЕСКИ Божидар, *Дијалектите на македонскиот јазик*, т. 1, Скопје 1998

Вид 1999 = ВИДОЕСКИ Божидар, *Дијалектите на македонскиот јазик*, т. 2, Скопје 1999

Гр 1907 = ГРИГОРОВ Марко, *Говорътъ на Малорекаанците (мияците) въ Дебърско*, Известия на семинара по славянска филология при Университета въ София, II, с. 201–304, София 1907

Дас – Доб – Коц – Миц 1985 = ДАСКАЛОВА Л. – ДОБРЕВА Д. – КОЦЕВА Й. – МИЦЕВА Е., *Народна проза от Благоевградски окръг (нови записи)*, Сборникъ за народни умотворения, и народопис LVIII, БАН, София 1985

Дрв 1993 = ДРВОШАНОВ Васил, *Кајларскиот говор*, Скопје 1993

Дум 1943 = ДУМЕВ В., *Воденският говоръ*, Македонски преглед XIII, кн. 3, с. 8–41, София 1943

Ив 1909 = ИВАНОВЪ Йордан, *Северозападните македонски говори – Тетовско, Скопско и Кратовско*, Минало I, кн. 1, с. 61–78, София 1909

Ив 1931 = ИВАНОВЪ Йордан, *Български старини из Македония*, София 1931

Ив Д 1932 = ИВАНОВЪ Димитъръ, *Гевгелийскиятъ говор*, Македонски научен институтъ, София 1932

Кон 1949 = КОНЕСКИ Блаже, *Прилепскиот говор*, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 2, с. 247–301, Скопје 1949а

Кон 1957 = КОНЕСКИ Блаже, *Материјали за преспанскиот говор од збирката на С. Н. Томиќ*, Македонски јазик, VIII, кн. 2, с. 173–219, Скопје 1957

Кон М 1951 = КОНЕСКА Милица, *Мариовскиот говор*, Скопје 1951

Куз 1925 = КУЗОВ А., *Две приказки и една пѣсенъ по костурския говор*, Македонски преглед, I, кн. 3, София 1925

Куш 1958 = КУШЕВСКИ Методи, *Делчевски градски говор*, Македонски јазик, IX, кн. 1–2, с. 67–108, Скопје 1958

Мил 1920 = МИЛЕТИЧ Л., *Два български ракописи с гръцко писмо: II. Търлиско евангелие от 1861 год.*, Български старини, кн. VI, с. 71–176, София 1920

Мир 1932 = МИРЧЕВЪ Кирилъ, *Принос къмъ словаря на неврокопското наречие*, Македонски преглед VIII, кн. 2, с. 113–134, София 1932

Мир 1936 = МИРЧЕВЪ Кирилъ, *Неврокопскиятъ говоръ*, Годишник на Софийския Университетъ, Историско-филологически факултетъ, XXXII, бр. 1, София 1936

Мол 1954 = МОЛЕРОВИ Д. и К., *Народописни материали от Разложко*, Сборникъ за народни умотворениъ и народопис, XLVIII, БАН, София 1954

Пеев 1979 = ПЕЕВ Коста, *Дојранскиот говор*, Македонистика 2, с. 3–190, Скопје 1979

Пеев 1988 = ПЕЕВ Коста, *Кукушкиот говор*, кн. 2, Скопје 1988

Поп 1959 = ПОПОВСКИ Аритон, *Реканскиот говор*, Македонски јазик, X, кн. 1–2, с. 107–154, Скопје 1959

Поп 1970 = ПОПОВСКИ Аритон, *Македонскиот говор во гостиварскиот крај*, Гостивар 1970

СбНУ 1890 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина II, БАН, София 1890

СбНУ 1891а = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина IV, БАН, София 1891

СбНУ 1891б = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина V, БАН, София 1891

СбНУ 1892 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина VIII, БАН, София 1892

СбНУ 1900 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина XVI–XVII, БАН, София 1900

СбНУ 1901 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина XVI–XVII, София 1901

СбНУ 1918 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина XX, БАН, София 1918

СбНУ 1926 = Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина XXXVI, БАН, София 1926

Фил 1952 = ФИЛИПОСКИ Илија, *Неготинскиот говор*, Скопје 1952

Шап 1976 = ШАПКАРЕВ Кузман, *Избрани дела* V, Скопје 1976

Шкл 1973 = ШКЛИФОВ Благой, *Костурският говор*, София 1973

Шкл 1979 = ШКЛИФОВ Благой, *Долнопреспанският говор*, София 1979

Gia 1958 = GIANNELLI Ciro – VAILLANT André, *Un lexique macédonien du XVIe siécle*, Paris 1958

Gr 1977 = GROEN B.M., *A Structural Description of the Macedonian Dialect of Dihovo*, Lisse 1977

Lav-Pol 1932= LAVROV P.A. – POLÍVKA J., *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových*, Praha 1932

Mał 1934 = MAŁECKI Mieczysław, *Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem I: Teksty*, Kraków 1934

Mał 1936 = MAŁECKI Mieczysław, *O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd.-wschodniej Macedonji*, Lud Słowiański, III, 1, Kraków 1936

Maz 1923 = MAZON André, *Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale*, Paris 1923

Maz 1936 = MAZON André, *Documents, contes et chansons slaves de l' Albanie du Sud*, Paris 1936

Rei 1964 = REITER Norbert, *Der Dialekt von Titov-Veles*, Berlin 1964

Vuk 1901 = VUKČEVIĆ M., *Jezik u Kirečkom s udiljnim obzirom na opće maćedonizme*, Rad Jugoslovenske akademije znanosti i umjetnosti, knj. 145, s. 105–157, Zagreb 1901

Техничко уредување и коректура:
Весна Катарџиева–Момировска

Компјутерска обработка на текстот:
Валентино Трајковски

Печати:
Боро Графика

Тираж:
500 примероци